Четвртиот дел (***Идеолошко каро и прозорци на јавно мислење***) од трудот се однесува на политичко-идеолошкиот спектар, наречен *идеолошко каро*, како и концептите на *прозорци на јавно мислење*. Даден е посебен фокус на *улогата на државата во општеството*, како и *идеолошките преференци* на поединците. Карото е спектар составен од повеќе видови на идеологии, како и концептуални видови на држава, кои соодвествуваат на првите. Целта на карото, покрај систематизирање и графичко претставување на идеологиите и државите, е и позиционирање на поединците во истото, во зависност од нивните идеолошки преференци. Позиционирањето на поединците во карото се изведува со помош на анкетен прашалник. Прозорците на јавното мислење (за улогата на државата во општеството и идеолошките преференци) претставуваат концептуални модели, кои се креирани со цел да го лоцираат јавното мислење во однос на идеите. Истите се составени од 3, односно 5 прозорци, и тоа *Овертонов прозорец*, два *чувствителни* и два *незамисливи прозорци на јавно мислење*. Овертоновиот прозорец е составен од идеи кои се популарни во јавниот дискурс, додека пак чувствителните и незамисливите прозорци од идеи кои се чувствителни и незамисливи во истиот. Процесот на емпириско претставување на прозорците за улогата на држава и идеолошките преференци, започнува со изработка на анкетен прашалник, составен од 28 тврдења, кои испитаниците имаат можност да ги оценат од 1 до 5, каде што 1 е воопшто не се согласувам, додека пак 5 е целосно се согласувам со тврдењето. Покрај тврдењата, во

прашалникот има и дел посветен на лични податоци за испитаникот, односно старосна група, степен на образование, работа, етничка припадност, извор на плата, место на живеење и слично.

Петтиот дел (***Анализа на идеолошко каро и прозорци на јавно мислење***) од трудот се однесува на анализата на резултатите, претставување по однос на категории, како и развивање на идеолошко каро за сите испитаници и прозорци на јавно мислење за улогата на државата во македонското општество и идеолошките преференци во јавното мислење. Истите се проследени со коментари, заклучни согледување и препораки.

**Проблем на истражување**

Во поширока смисла, главниот проблем на овој труд претставуваат процесите на *идеолошка* и *општествена промена*. Истите се манифестираат во политичкиот систем и јавните политики и се охрабрени од алатките на идеологиите.

Конкретниот проблем на истражување е поврзан со идеолошката традиција на слободарството. Истата е претставена низ трите основни компоненти на *идеологија*, и тоа *еидологија*, *идеелогијата* и *идеотелијата*, сите актуелизирани во процесите на идеолошка и мирољубива општествена промена кон (по)слободно општество.

Поедноставно, проблемот на истражување се однесува на тоа како (политичките) идеи, адаптирани во јавното мнение, посебно кај *интелктуалците*, имаат моќ да ја обликуваат општествено-политичката реалност.

**Предмет на истражување**

Основен предмет на ова истражување е *идеолошката свест*, односно гледиштата, ставовите и верувањата на поединеците за улогата на државата, како специфична организација, во општеството. Овие гледишта, ставови и верувања, и тоа конкретно во однос на улогата на државата, се во сржта на концептот наречен идеолошка (пот)свест. Истиот дополнително се разгледува во текстот и се однесува на афинитетите и идентификациите на поединците со конкретна (политичка) идеологија од (политичко) идеолошкиот спектар, наречен *идеолошко каро*.

Главниот мотив, позади предметот на истражување е Хаековата (хипо)теза дека доминантните идеи во едно општество, на среден и долг рок ги одредуваат општествените

институциите како и јавните политики. Истото означува дека адаптирањето на идеите кај поединците, несомнено влијае врз градењето и моделирањето на политичкиот систем.

Во таа насока, предметот на ова истражување е поврзан со јавното мислење, посебно на интелектуалната јавност, за она што претставува држава, кои функции треба да ги има, и секако кои се границите на нејзината надлежност.

**Фокус на истражување**

Примарна фокус група во ова истражување, претставува *целата популација*, претставена од сите испитаници кои го одговориле идеолошкото каро и добиле соодветна позиција во истото. Тоа е затоа што јавното мислење и прозорците на јавното мислење, се одредени од целата популација, со посебно влијание на различните категории.

Како секундарни фокус групи, се младите на *возраст од 18 - 35 години*, оние кои *завршиле високо образование, магистерски и докторски студии*, како и категоријата на испитаници кои *не земаат плата од буџетот на РСМ*.

Како терцијарни фокус групи се издвојуваат *духовно-идентитетската функција* на држава (од страна на функциите) и „Слободниот пазар не е идеален, но нема подобра алтернатива" (од страна на тврдењата).

**Методологија на истражување**

Истражувањето се базира врз квалитативен и квантитативен методолошки пристап, во чиј склоп се користат три научни методи. Истите се анализа на содржина, компаративен метод и собирање и анализа на податоци врз основа на анкетен прашалник. Методи се користат на следниов начин:

- Анализа на содржина на текстови со кои ќе се анализира слободарството како широка идејна (идеолошка) традиција, низ историска призма,
- Анализа на содржина на текстови со кои ќе се анализира слободарството како широка идејна (идеолошка) традиција, низ суштинска призма,
- Анализа на содржина на текстови со кои ќе се анализира поимот на држава, во историска смисла,
- Анализа на содржина на текстови со кои ќе се анализира поимот на држава, во суштинска смисла,

- Анализа на правно-политички документи со кои ќе се изврши анализа на државата, во три смисли, како јавна, државна и извршна власт,
- Компаративен пристап на осознавање на сличности и разликувања помеѓу повеќето философии, идеологии, теории и школи во рамки на слободарството како широка идејна (идеолошка) традиција,
- Компаративен пристап на теориите, односно стратегииите за слободарска идеолошка и општествена промена, дополнати со нивните субјекти,
- Собирање на податоци, врз основа на анкетен прашалник, во кои испитаниците оценуваат 28 тврдења од 1 до 5, со цел лоцирање на нивната поединечна идеолошка (пот)свест, како и создавање на *прозорци на јавно мислење* за улогата на држава во македонското општество, врз основа на заедничко (просечно) лоцирање на поединечните.

**Цели на трудот**

Овој труд има неколку цели, од кои може да се издвојат четири основни и две посебни.

***а.) Основни цели***

1. Да се направи историска и суштинска анализа на широката идеолошка традиција на слободарството, со посебен фокус на идеологијата на *либертаријанизам*,
2. Да се направи суштинска анализа на општествениот феномен на држава, изразен преку повеќе групи на показатели, во кои е изразена нејзината суштина,
3. Да го објасни феноменот на општествена и идеолошка промена, со посебен фокус на субјектите и стратегиите на мирна општествена промена,
4. Да подготви емпириски модел на концепот на *Овертонов прозорец на политички можности*, со посебен фокус на прашањето на *улогата на државата во (македонското) општеството*.

***б.) Посебни цели***

а.) Да поттикне проникнување на слободарските научни поставки во македонската академска средина, изразени низ *филисофски индивидуализам*, *природно-правната*

*теорија на правото*, *Австриската економска школа*, *теоријата на јавен избор*, *перпективи за алтернативно владеење*, *хаековата теорија на општествена промена*, *праксеологијата на Мисес*, *прозорци на јавно мислење, Овертонов прозорец на политички можности, стратегии за слободарска промена, философијата на објективизмот* и други релеватни традиции, во слоп на поширокота слободарска.

б.) Да поттикне идеолошка, а следствено општествена промена кон (по)слободно општество.

**Оправданост на трудот**

Оправданоста за создавањето на овој труд може да се гледа од две перспективи, и тоа академска (научна) и општествена.

Академската оправданост на овој труд се поистоветува со потребата од воведување на слободарски, или либертаријански дискурс во општествените науки, како начин за преиспитување на доминантните научни премиси, а со тоа и збогатување на македонската академска сцена.

Општествената оправданост на овој труд, или активистичката перспектива, се поврзува со потребата за проширување на слободарските, односно либертаријанските идеи, како и стратегиите кон (по)слободно општество, посебно помеѓу младите лица, кои имаат порив за постигнување на праведно и просперитетно општество.

**Рамка на истражувачки прашања**

Со цел спроведување на квалитативниот дел од истражувањето, на почеток од истото се поставени 5 основни и 30 посебни прашања истражувачки прашања, во рамките на основните.

***а.) Основни истражувачки прашања:***

1. Што претставува слободарство?
2. Што претставува држава?
3. Како идеите го менуваат општеството?
4. Што претставува идеолошко каро?

5. Што претставуваат прозорци на јавно мислење?

***б.) Посебни истражувачки прашања:***

- Што претставува слобода?
- Кои се најзначајните историски претставници на слободарството и кои се нивните поставки?
- Што претставува слободарство?
- Кои се основните теории (философии, школи, идеологии или ставови) врз кои се темели или се манифестира слободарството?
- Кои се основните оправдувања за слободарството?
- Што претставува слободарски спектар?
- Кои се теориите за настанок на државата?
- Кои се основните показатели за емипириско претставување на државата?
- Кои се функциите на државата во општеството?
- Кои се активностите на државата?
- Кои се (слободарските) критики на државата?
- Кои се концептуални видови на држави?
- Што претставува идеологија и дали слободарството е идеологија?
- Што претставува идеолошка, а што општествена промена?
- Што претставува идеолошка (пот)свест?
- Кои се стратегии за општествена промена?
- Кои се активности и субјекти за идеолошка и општествена промена?
- Кои се политичките процеси на општествена промена?
- Кои идеологии и држави се дел од идеолошкото каро?
- Што претставува Овертонов прозорец на политички можности?
- Како може емпириски да се претстави моделот на прозорци на јавно мислење?
- Кои се тврдења од анектниот прашалник?
- Која е целта на моделот на Овертонов прозорец?
- Кои се примери за слободарска промена?
- Кои категориски групи имаат нај-слободарска и најврховистичка позиција?

- Кои тврдења имаат нај-слободарска и нај-врховистичка позиција?
- Кои функции имаат нај-слободарска и нај-врховистичка позиција?
- Кои идеологии ги опфаќаат прозорците на јавното мислење за улогата на државата?
- Како изгледа Овертонов прозорец за улогата на државата во македонското општество?
- Кои се препораки за идеолошка и општествена промена?

**Хипотетска рамка**

Во доменот на квантитавното истражување и со цел спроведување на истото, создадена е хипотетска рамка, составена од една основна, две посебни, пет поединечни, една алтернативна основа, две алтернативни посебни и пет алтернативни поединечни хипотези.

***а.) Основна хипотеза:***

- Централна позиција на Овертоновиот прозорец на улогата на државата во македонското општество и идеолошките преференци на испитаниците, се лоцира во идеолошкото поле на *модерен либерализам* или концептуалниот вид на *модерна либерална држава*.

***б.) Посебни хипотези:***

- Централна позиција на Овертоновиот прозорец на улогата на државата во македонското општество и идеолошките преференци на испитаниците се лоцира во идеолошкото поле на *социјален либерализам* или концептуалниот вид на *социјална либерална држава*.
- Централна позиција на Овертоновиот прозорец на улогата на државата во македонското општество и идеолошките преференци на испитаниците се лоцира во идеолошкото поле на *национален либерализам* или концептуалниот вид на *национална либерална држава*.

***в.) Поединечни хипотези:***

- Во однос на категоријата возраст, категориската група *од 18 до 35 години* има нај-слободарска позиција.

- Во однос на категоријата завршено образование, категориската група *докторски студии* има нај-слободарска позиција.

- Во однос на категоријата плата, категориската група *не од буџет на РСМ* има нај-слободарска позиција.

- Во однос на категоријата место на живеење, категориската група *урбана средина* има нај-слободарска позиција.

- Во однос на функциите на државата, категориската група *економско-финансиска функција* има нај-слободарска позиција.

***г.) Основна алтернативна хипотеза:***

- Централна позиција на Овертоновиот прозорец на улогата на државата во македонското општество се лоцира во идеолошкото поле на *етатизам* или во концептуалниот вид на *модерна држава*.

***д.) Посебни алтернативни хипотези:***

- Централна позиција на Овертоновиот прозорец на улогата на државата во македонското општество и идеолошките преференци на испитаниците се лоцира во идеолошкото поле на *социјален (лев) етатизам - велферизам* или концептуалниот вид на *социјална или држава на благосостојба*.

- Централна позиција на Овертоновиот прозорец на улогата на државата во македонското општество и идеолошките преференци на испитаниците се лоцира во идеолошкото поле на *национален (десен) етатизам - национализам* или концептуалниот вид на *национална (нација) држава*.

***ѓ.) Поединечни алтернативни хипотези:***

- Во однос на категоријата возраст, категориската група *од 36 до 55 години* има нај-слободарска позиција.

- Во однос на категоријата завршено образование, категориската група *магистерски студии* има нај-слободарска позиција.

- Во однос на категоријата плата, категориската група *примам плата (пензија) од буџет на РСМ* има нај-слободарска позиција.

- Во однос на категоријата место на живеење, категориската група *рурална средина* има нај-слободарска позиција.

- Во однос на функциите на државата, категориската група *социјално-здравствена функција* има нај-слободарска позиција.




**Слика 1:** Графички приказ на спектар на пошироки идеологии




**Слика 2:** Графички приказ на спектар на потесни идеологии




**Слика 3:** Графички приказ на спектар на пошироки видови на држави




**Слика 4:** Графички приказ на спектар на потесни видови на држави




**Слика 5:** Графички приказ на спектар на јавно мислење




**Слика 6:** Графички приказ на прозорци на јавно мислење

# ДЕЛ 1:

# С Л О Б О Д А Р С Т В О, Л И Б Е Р А Л И З А М И Л И Б Е Р Т А Р И Ј А Н И З А М

# ГЛАВА 1:
# ВОВЕДНИ ПОСТАВКИ ЗА СЛОБОДА И СЛОБОДАРСТВО

Слободата е феномен кој е присутен низ целата историја на човековото постоење, творење и општествено организирање. Нужно е поврзана со животот на човекот, неговото делување и изборите кои ги прави, како и учеството во одлуките кои имаат некаков ефект врз него.

Секоја револуција, секој чин за некаква општествена промена, или секое барање во рамките на политичкото устројство наоѓа огромно и темелно оправдување позади *флоскулата* на слобода. Од тука, слободата е поврзана со различни идеи, теории, философии, идеологии, општествени активизми и слични општествено-политички творечки и активистички тенденции, кои во голем дел ја користеле како средство, а ретко ја гледале и се држеле до истата како врховна цел и вредност сама за себе.[1]

Слободата може да се разледува низ повеќе призми, и да се однесува на повеќе аспекти од доменот на човековото делување и заедничкото општествено живеење. Аналогно на тоа, се издвојуваат неколку базични разбирања и типологии на слободата.

## 1. Ама-ги

Го претставува првото пишано сведоштво за феноменот на слободата, кое влечи корен од сумерската цивилизација, конкретно во пишаниот израз □□ или □□□ - *ама-ги*[2], што буквално значи *„врати се кај мајка ти“*.

Со изразот се означува состојбата на ослободување или пуштање на слобода, и тоа може да се однесува на ослободување од затвор, од ропство, од долг и слично. *Враќањето кон мајката* претставувало симбол на тоа да се биде пуштен или оставен на слобода.

## 2. Внатрешна и надворешна слобода

Поделбата на внатрешна и надворешна слобода претставува базичната типологија на слобода. Првата слобода е онаа *слобода од внатре*, односно внатрешна, емотивната состојба или чувство кај поединецот дека е слободен, или пак состојбата на умот (духот)

[1] Свежи се сеќавањата на ѕверствата во 20-ти век под параванот на слободата. Нацистите делувале под параванот на национална слобода, а комунистите, под она на еманципација.
[2] Amagi Symbol: Liberty Fund’s Logo (libertyfund.org)

која може да се поистовети со слобода. Оваа слобода е психолошка[3] или внатрешна категорија, а нејзиното изучување е предмет на философијата, психологијата и други соодветни науки. Секако, оваа смисла на слободата не е исклучиво поврзана со науката во класична или западна смисла на зборот, туку и со определени источни философии, толкувања и пракси.

Втората слобода, односно слободата во контекстот на текстот е онаа *слобода од надвор*. Истата е слобода на поединецот наспротив останатите поединци, во рамки на нивното постење и делување. Истата е предмет на проучување на општествените науки, имено философијата, антропологијата, политичките науки, правото, економијата, социологијата и сл. За подобро објаснување и разбирање на поимите на надворешна и внатрешна слобода, може истите да се претставаат преку нивните антоними.

Ако надворешната слобода може да се сфати како отсуство од *принуда*, односно отсуство на *пречки* во процесите на размислување и делување на поединецот, внатрешната слобода би можело да се определи како отсуство на *страв*. Секако, иако се две општи разбирања за слободата, истите се меѓусебно поврзани и зависни. Обично, поединци со истакната потреба за внатрешна слобода, подржуваат и надворешна.

## 3. Природна и граѓанска слобода

Природната и граѓанската слобода претставуваат слободи на кои се повикуваат теоретичарите кои го восприемаат општеството и/или државата како институција на *општествен договор*.[4]

Природната слобода[5] соодветствува на слободата која ја имал поединецот условно и хипотетички, пред појавата на државата или организираната политичка заедница. Истата е ограничена само со природните закони, вклучувајќи го и законот на посилниот, додека е апсолутна во однос на другите членови на заедницата, племето и слично. Исто така, оваа слобода е апсолутна, во смисла што истата не е компромитирана од норми за ненасилство

[3] Повеќе за внатрешната смисла на слободата може да се прочита во добро познатата *Бегство од слободата*, од Ерик Фром. Erich Fromm - *Bekstvo Od Slobode* (1986, Izdavacko trgovacka radna organizacija NAPRIJED)
[4] Повеќе: John Locke - *Two Treatises of Government* (1689, McMaster University Archive of the History of Economic Thought); Thomas Hobbes - *Leviathan* (1651, McMaster University Archive of the History of Economic Thought); Jean-Jacques Rousseau - *On the Social Contract* (2017, earlymoderntexts.com)
[5] Mark Haugaard - Two types of freedom and four dimensions of power (2016, *Revue Internationale de Philosophie*, N° 275)

и почитување на останатите слободи, а единствени нејзини органичувања претставуваат условите наметнати од самата природа.

Граѓанската слобода, за разлика од природната, е карактеристична за политичките заедници и творбите на општествените договори. Истите ја врамуваат првобитната природна слобода, но со дополнителни гаранции, односно ограничувања, кои го засегаат животот, слободата и сопственоста на поединците. Од друга страна, поединците делегираат дел од својот *природен суверенитет*, на таа политичка заедница, со цел заштита и гаранција на претходно споменатите атрибути на човекот и неговото делување во општеството. Преминот од природна во граѓанска состојба, со препознавањето на вредностите на човековиот живот, неговата слобода, сопственост, како и гаранцијата за учество во донесувањето на политичките одлуки, го означува и преминот од неорганизирано во организирано општество.

## 4. Национална слобода и материјална слобода (еманципација)

Националната и материјалната слобода претставуваат два концепти за слобода кои се појавуваат во Просветителството, со Француската и Американската револуција.

Националната слобода го означува стремежот на секој народ (нација, етникум или јазична група) за само-управување и немешање од страна на други народи. Националната слобода е колективна слобода, која кога веќе постигната, треба или се очекува да ја препознае вредноста на поединечната слобода (во либерален контекст). Дополнително, националната слобода непосредно се поврзува со појавата на нациите-држави во Европа и САД, но со фундаментална разлика - нацијата во Европа се надоврзува на етникумот[6], додека во САД на граѓанинот.[7] Секако, националната слобода не е гаранција за поединечна слобода, затоа што е колективна и лесно се поставува над поединечната, давајќи и простор за злоупотреби и ограничувања на втората во име на првата.

Материјалната слобода[8] или уште позната и како *еманципација*, од друга страна, се поврзува со социјалистички и марксистичките учења, кои ја отфрлаат граѓанската или

---

[6] Bojan Kovacevic - *Hidden Federalism: The Federal Experience in the processes of European Integrations* (2013, Albatros Plus)
[7] Benedict Anderson - *Imagined Communities: Reflections on the Origin and Spread of Nationalism* (2006, Verso)
[8] Frederick Engels - *Socialism: Utopian and Scientific* (marxist.org)

поединечната слобода како *формална*[9], *површна* или *вулгарна.* Слободата, ја одредуваат како право на материјални добра и *праведна* распределба на богатството, како и право на достоинствена положба во рамките на општеството. Материјалната слобода е поврзана со работничките движења, правото на работниците на поседување на средствата на производството и нивно учество во производните, но и политичките процеси. Истата, начелно е актуелизирана по Октомвриската револуција од 1917 година, со создавањето на првата социјалистичка држава во светот, но не успева да ги исполни нејзините суштествени претпоставки кои ја одредуваат како таква.

## 5. Позитивна и негативна слобода

Поделбата на *позитивна* и *негативна* слобода[10] претставува современа типологија на слободата и нејзиното разбирање.

Анализирана од страна на Исаја Берлин, негативната слобода означува слобода од принуда, од насилство и се поврзува со приватниот простор на делување[11] на поединецот, и императивот за отсуство на државата или било кој механизам на принуда, од него. На македонски јазик би била преведена како *ослободеност* или *слобода од*, а на англиски јазик како *liberty*. Овој концепт на слобода е клучен за слободарството како широка идејна традиција, а дотолку повеќе за англо-саксонската либерална мисла.

Позитивната слобода, од друга страна е онаа која асоцира на *слобода за*[12], односно слобода да се учествува во донесувањето на заеднички (политички) одлуки, или на нешто што на англиски јазик може да се определи како (*political*) *freedom*. Таа се надоврзува на демократијата, како механизам, кој гарантира учество на поединецот во донесувањето на политичките одлуки кои имаат некаков ефект врз него. Позитивната слобода е еманација на борбата на човекот да учествува, како во изборот на политичките елити, така и во одлучувањето за најбитните прашања во општеството. Истата е тесно поврзана со француската либерална мисла.

---

[9] Jake Sweet - *An Explanation of the Formal-Substantive Freedom Distinction (and Why it Matters)* (2022, Philosophy theses, Georgia State University)
[10] Isaiah Berlin - Four Essays On Liberty (1969, Oxford University Press)
[11] Peter Levine - Six types of freedom (2013, A Blog for Civic Renewal)
[12] Three Types of Freedom (2014, warriorsway.com)

## 6. Политичка, економска и социјална слобода

Претставуваат три концепти тесно поврзани со личната слобода и либерализмот, кои привлекуваат големо влијание, но и се тема на различни дебати е несогласувања.

Политичката слобода може да се надоврзе на *позитивната слобода*[13], односно правото на поединецот учествува во процесите на политичко одлучување, преку механизмите на демократија - избори, референдуми и граѓански иницијативи. Но, политичката слобода не е исклучиво *позитивна слобода*, туку истата е збогатена со дополнителни општествено-политички прерогативи, како што се слободата на изразување, владеење на право, презумпција на невиност, итн.

Од друга страна, економската слобода[14] е слободата на економска иницијатива, на непречено фукнционирање на економските субјекти, како и правото на располагање со плодовите од економските активности (производство, услуги и размени).

Социјалната слобода е можеби посложен феномен, затоа што не се уредува со помош на институционални поставки. Истата ја изразува слободата од општествено постоечките норми на однесување, кои не се нужно дел од правниот систем. Социјалната слобода е на линија со *внатрешната слобода*, поради фактот што не е непосредно одредена од политичко-институционалната клика во општеството.

Политичката, економската, но и социјалната слобода се непосредно поврзани, и обично се надополнуваат и зацврстуваат.  Ограничувањето врз еден вид од овие слободи, често означува и ограничување на другите две.[15]

## 7. Слобода како ослободеност и делување[16]

Се однесува токму на она што во англискиот јазик е означено како *Liberty* и како *Freedom*.

Слободата како ослободеност е централната парадигма на либертаријанизмот, либерализмот и слободарството. Оваа слобода се поистоветува со *негативната слобода*, објасната претходно во текстот. Слобода како ослободеност го означува неутралниот просторот во кој поединецот делува, ненарушен од трети лица со дејствија на принуда.

---

[13] Isaiah Berlin - Four Essays On Liberty (1969, Oxford University Press)
[14] 2020 Index of Economic Freedom (2020, Heritage Foundation)
[15] Patrick Barron - There's No Political Freedom Without Economic Freedom (2015, mises.org)
[16] Nikola Lj. Ilievski & Goran Ilik - The Freedom as a Fruit of Individual Liberty: Operationalization of Liberty and Demystification of Freedom (2016, *Journal of Liberty and International Affairs*, Vol. 2, No. 1)

Слободата на делување е динамично одредена како моќ да се размислува, изразува и делува[17], ненарушена од трети лица со помош на дејствија на принуда. Оваа перспектива за слободата во себе ја содржи и слободата сфатена како *позитивна слобода*, затоа што моќта да се учествува во политичкото одлучување е една нијанса *моќта да се делува*. Двете перспективи меѓусебно се надополнуваат и го претставуваат самото значење на феноменот на слобода.

## 8. „Изми” за слобода

Теориите, философиите, идеологиите, школите, пристапите, како и другите систематски или поединечни обиди за објаснување, анализа и оправдување на феноменот на слобода може да се наречат *изми* за слобода. Во склоп на овој текст, постојат најмалку три основни изми за слобода, и тоа *слободарство*, *либерализам* и *либертаријанизам*.

***Слободарството*** е најширока интерпретација на теориите, философиите и идеологиите за слобода, затоа што во себе ги вклучува сите аспекти кои го сместуваат поединецот во фокусот на општествено-политичкиот живот и оние кои го препознаваат општествено-политичкиот феномен на лична или поединечна слобода.[18] Кога се пишува за слободарството, а посебно кога се прави историска анализа[19], вредни да се напоменат се и определени дејци од антиката и ренесансата, кои ја инспирираат појавата на либерализмот. Дополнително, како слободарски идеи и теории, може да се класифицираат и определени левичарски анти-авторитарни и анархистички теории и дејци, кои не влегуваат во опусот на либерализмот, ниту пак во оној на либертаријанизмот.[20]

За разлика од слободарството, ***либерализмот*** дава поконкретно толкување, објаснување во модерна и просветителска смисла на феноменот на слобода, како и неговата непосредна поврзаност со човекот, неговата природа, и неговото постоење во рамки на општеството. Либерализмот се појавува на крајот на 18-ти век, полн оправдувачки потенцијал добива за време на 19-тиот век, а во 20-ти век е надополнет со нови толкувања. Затоа, кога се зборува либерализам од стариот вид пред 20-ти век, често

---

[17] Ludwig von Mises - *Human Action* (1998, mises.org)
[18] Tom G. Palmer - *Why Liberty* (2013, Atlas Network & Students for Liberty)
[19] Matt Zwolinski and John Tomasi - *The Individualists: Radicals, Reactionaries, and the Struggle for the Soul of Libertarianism* (2023, Princeton University Press)
[20] Tom G. Palmer - *Realizing Freedom: Libertarian Theory, History, and Practice* (2009, Cato Institute)

се реферира како *класичен либерализам.*[21] Покрај класичниот либерализам, постои и *мејнстрим, модерен* и/или *социјален либерализам*, кој се разликува од класичниот во самата цел, која освен личната слобода ја вклучува и личната благосостојба, а воедно остава простор за политичките власти во економскиот, здравствениот, образовниот и поширокиот општествен живот.

***Либертаријанизмот***, претставува современо толкување и оправдување на слободата, со потекло во САД. За разлика од претходните, либертаријанизмот е најтесен во своето поимање и се однесува на повеќе теоретски, философски и идејни традиции, кои ја сместуваат личната слобода во центарот на општествено-политичкото внимание.[22] Либертаријанизмот се надоврзува на класичниот либерализам, кој повторно заживува во 20-тиот век, како *изам* што е тесно поврзан со либертаријанското движење, делото на Мареј Ротбард и појавата на Либертаријанската партија, во САД. Истиот е познат како *десен либертаријанизам*, но постои и *лев либертаријанизам*[23], кој е поврзан со тенденциите на левиот анархизам и различни анти-авторитарни социјалистички теории.

Во 21-виот век, либертаријанизмот станува повторно популарен со појавата на движењето Студенти за слобода (Students for Liberty) и Атлас мрежата (Atlas Network) и нивното толкување на либертаријанизмот како отворено слободарство.

Во склоп на текстот, акцентот ќе биде ставен врз слободарството, како поширок феномен, и на либертаријанизмот (оној, десниот), како потесен.

---

[21] Tom G. Palmer - *Why Liberty* (2013, Atlas Network & Students for Liberty)
[22] David Boaz - Key Concepts of Libertarianism (2019, cato.org)
[23] Gary Chartier & Charles Johnson - *Markets Not Capitalism Individualist Anarchism Against Bosses, Inequality, Corporate Power, and Structural Poverty* (2011, Autonomedia)

## ГЛАВА 2:
## ИСТОРИСКА АНАЛИЗА НА СЛОБОДАРСТВОТО

Со цел да се претстави слободарството како идејна традиција, и тоа во некоја најширока смисла, ќе се постави историска анализа на истото и ќе се споменат дејци, теории и гледишта врз слободата од нивната точка на гледање. Сите овие дејци, теории и активизми имаат свој посебен придонес во она што може да се аспектира како слободарство, секако, сфатено во најширока смисла.

Историската анализа е структуирана во 3 групи, и тоа:

- Слободарство пред 19-ти век,
- Слободарство во 19-ти век,
- Слободарство во 20-ти и 21-ви век.

Дополнително, истата се врши според најпознатите дејци, школи, теории и философии, кои имаат допирна точка со слободата и за неа врзаните општествени феномени.

### ПОДГЛАВА 1:
### Слободарство пред 19-ти век

Иако ја нема современата форма која ја добива во 19-ти и 20-ти век, слободарството се провлекува во делата на многу дејци, но и формални документи - преседани, иснпирирани од истите. Несомнено, од денешна перспектива, дел од тие автори содржат доза на контроверзност и спротивност со денешните потесни слободарски или либертаријански гледишта. Некои дополнително служеле и како инспирација за појавата на *илиберални, врховистички, колективистички* и *етатистички идеи*. Сепак, истите се вредни да се напоменат, како и моментите кои на посреден или непосреден начин се поврзани со феномените на личната слобода, индивидуализам и слободно општество.

Пред 19-ти век, се издвојуваат неколку ери, во кои може да се забележат слободарските идеи кај конкретни дејци. Најпрво, слободарската идеа се забележува во *античката кинеска* и *грчка* мисловна традиција, потоа повторно заживува во периодот на *ренесансата* и излезот од мрачните векови, за својата модерна форма да ја добие во *просветителството*, и да продолжи кон усовршување во 19-ти и 20-ти век.

## 9. Кинеска античка слободарска традиција

Слободарството се појавува уште во написите на ***Лао Цу***[24] (Lao‑tzu) од 6-ти век пред нашата ера. Лао Цу бил антички кинески философ и писател, познат по неговата изрека „Управувај со голема држава како да готвиш мала риба“ (“*Govern a great country as you would cook a small fish*”). Во истата е потенцирана потребата од минимална интервенција на државата, за сметка на поголем простор за приватната иницијатива. Своевремено, Лао Цу ги осознавал законитостите во општествените науки, а изјавувал и анти-етатистички ставови, како „Без (државно) право и принуда, луѓето би живееле во хармонија“. Тој е меѓу првите философи кои изјавиле критика[25] кон централните (државни) мешања во животите на луѓето, а служел и како инспирација за понатамошната појава на концептот на *невидливата рака на пазарот* и *спонтан поредок*.

Во рамките на античката кинеска слободарска традиција, неминовно е да се спомене и ***Менсиус***[26] (Mencius), кој живеел во 4-ти век пред нашата ера. Менсиус[27] бил противник на војната, не се согласувал со централизираниот пристап во управувањето, и бил апологет на тоа дека луѓето не можат да бидат принудени на развој. Од друга страна, ја потенцирал средината, односно општествениот контекст, како фактор кој може да го стимулира, но и да го успори развојот на поединците. Тоа се надоврзува на потребата од стабилни институции, како вид на политички минимум, во чии рамки би се развивале ефикасна економија и спонтан поредок. Исто така Менсиус заговарал политичко не-мешање во приватните и економските односи, што за неговото време било вистинска реткост и со тоа се позиционира како еден од зачетниците на слободарската традиција.

## 10. Старо-хеленска слободарска традиција

***Сократ*** (Socrates, 470–399 пне) е еден од родоначалниците на античката философија. Иако не оставил свои напишани дела, може да се смета за еден од вдахнувачите на она што подоцна во развојот на историјата на идеи ќе се нарече слободарство, или либерализам. Сократ е во оваа категорија на *слободари* токму поради

[24] David Boaz - Govern a Great Country as You Would Cook a Small Fish (2015, cato.org)
[25] Ryan Ferries - *Lao Tzu: The First Libertarian Intellectual* (2021, eurasiareview.com)
[26] Paul Meany - Mencius: The Predecessor to Classical Liberalism (2020, libertarianism.org)
[27] Lawrence W. Reed - Mencius: The Ancient Chinese Philosopher Who Made a Powerful Case for Limited Government (2022, fee.org)

неговата најпозната изрека „*сега знам дека ништо незнам*“[28]. Истата е темел на скептицизмот како правец во светската философија, но исто така и за слободарството. Самото слободарство, се темели на хипотезата, дека луѓето не знаат што е најдобро за останатите поединци, а со тоа не можат да ги решаваат проблемите на истите, а дотолку помалку да ги *изнудуваат* нивното поведение.[29]

Врвот на анти-сократизмот може да се забележе во појавата на силно централизираната држава и планираната економија, засновани врз претпоставката дека мал круг на луѓе, политички или бирократски елити, знаат што е најдобро за останатите поединци, од каде произлегува нивното право да го организираат општествениот живот. Од друга страна, следејќи ја логиката на Сократ, поединците треба да признаат дека не знаат што е најдобро за останатите поединци, а осознавањето да го насочат кон себе преку своите размислувања и делувања.

Дополнително, покрај Сократ, од античка Грција, се издвојува и ***Аристотел*** (Aristotle, 384-322 пне) кој живеел во 4-ти век пред нашата ера. Наспроти традицијата на својот учител Платон, која, според Карл Попер, може да се определи како колективистичка[30], па дури и тоталитарна[31], Аристотел бил многу поблизок до она што претставува слободарска традиција. Во неговата *Политика*[32] (*Politics*[33], 4 век пне., оригинално *Πολιτικά*), заложбите за приватна сопственост и владеење на правото[34] се на таа слободарска линија. Целта на аристотеловиот *полис* претставува морално усовршување[35] на поединецот, а од таму произлегува и индивидуализмот во неговата философија. Секако, најголемиот придонес на Аристотел за либерализмот како идеа, може да се забележи во самото поставување на политичките науки и давањето на типологија на политички режими и нивни амалгами, заедно со осврт кон истите. Покрај влијанието за

[28] Viktoriya Sus - "All I Know Is That I Know Nothing": What Did Socrates Mean? (2023, thecollector.com)
[29] Friedrich A. Hayek - The Use of Knowledge in Society (1945, econlib.org)
[30] Murray N. Rothbard - *Economic Thought Before Adam Smith: An Austrian Perspective on the History of Economic Thought Volume I* (1995, mises.org)
[31] Karl Popper - *The Open Society and its Enemies* (1945, Princeton University Press)
[32] Аристотел - *Политика* (2006, Скопје:Слово)
[33] Aristotle - *Politics* (1999, Batoche Books Kitchener)
[34] Geoffrey Allan Plauche - *Aristotelian liberalism: an inquiry into the foundations of a free and flourishing society* (2009, Louisiana State University and Agricultural and Mechanical College)
[35] Eleni Leontsini - *The Appropriation of Aristotle in the Liberal-Communitarian Debate* (2009, ProQuest LLC)

појавата на политичките науки и либерализмот[36], неспорно е неговото влијание врз писателката Ејн Ренд и поставувањето на нејзината философија - *објективизам*.

Своевиден претходник на појавата на либерализмот може да се воочи во философијата[37] наречена *епикурејанизам*[38], по ***Епикур*** (Epicurus, 341–270 пне) од Атина. Неговата философија се смета за влијателна и тоа поради потенцирањето на човековата среќа, како цел на животот и *задоволството*[39]. Дури и Лудвиг вон Мисес[40] пишува за епикурејанизмот, олицетворен преку неговиот стремеж за *духовна*, *морална* и *интелектуална* еманципација на човештвото[41], што соодветствува со слободарството. Дополнително, истиот е индивидуалистички поставен во поглед на методологијата, бидејќи ја препознава и заговара среќата на *поединецот*. Епикурејската етика е *консеквенцијалистичка*, односно *утилитарна*, во согласност со либерализмот, сфатен во утилитарна смисла. И самиот Томас Џеферсон, еден од основачите на американската нација и политички систем, бил инспириран од философијата на епикурејанизам.

## 11. Средновековно природно право (Школата на Тома Аквински)

Средниот век е познат како мрачен период во поглед на науката, философијата и секако напредокот на човештвото. Европкиот континент, во тоа време, бил под тотална световна и света власт, поделена помеѓу црквата и политичките заедници. Но, и во такви неповолни услови, се појавиле поединци, кои ја носеле меморијата на античкиот философски процвет, но и зародишот на она што подоцна ќе биде наречено ренесанса и просветителство.

***Тома Аквински*** (Thomas Aquinas, 1225 – 1274) е еден од тие поединци чиј придонес и ден денес се забележува. Аквински бил италијански свештеник, теолог и философ чии етички теории му овозможуваат да биде вметнат во оваа група на слободари пред 19-ти век. Аквински, секако, не бил, либерал или либертаријанец, во современата смисла на зборот, но неговите теории на природно право, и извршиле влијание врз развојот на ренесансата, подоцнежната појава на либерализмот, и моралното толкување на

[36] Roy L. Brooks - Aristotle and Western Liberalism: The Fundamental Tenets of Judge A. Leon Higginbotham's Scholarship (1991, *Minnesota Journal of Law & Inequality*, Vol 9, Iss. 3)
[37] Milan M. Ćirković - Zašto je epikurejstvo bolji model za današnji svet od stoicizma? (2019, talas.rs)
[38] Martin Masse - The Epicurean Roots of Some Classical Liberal and Misesian Concepts (2015, quebecoislibre.org)
[39] Joshua D. Hawley - America's Epicurean Liberalism (2010, nationalaffairs.com)
[40] Никола Љ. Илиевски - Лудвиг вон Мисес, Тесла на општествените науки (2020, libertania.org)
[41] Ludwig von Mises - *Human Action* (1998, mises.org),

либертаријанизмот. Основите на доктрината на природно право се содржани во неговата *Treatise on Law*[42].

## 12. Шпанска ренесанса (Економската школа од Саламанка и квантитативната теорија на парите)

Средновековната сколацистичка академска традиција има своевидно значење за понатамошната појава на либерализмот и развојот на слободарството како широка идеолошка традиција.

Меѓу најзначајните е и економската школа на Саламанка[43], најактивна од 16-ти век до 17-ти век, во периодот на *доцниот сколастицизам*. Школата се поврзува со универзитетот од Саламанка, со почеток во 13-ти век, но врската со слободарството е од подоцнежниот развој. Школата е одредена како збир од правни, економски и политички коментари, претставена преку нејзините дејци-свештеници ***Франциско де Виториа*** (Francisco de Vitoria, 1483 – 1546), ***Доминго де Сото*** (Domingo de Soto, 1494 – 1560) и ***Мартин де Азпилкуета*** (***Наварус***) (Martin de Azpilcueta (Navarrus), 1493-1586).

Де Виориа и де Сото се сметаат за едни од основачите на меѓународното право, и тоа де Сото, со посебен осврт на правото на трговија преку морињата или *слобода на трговија*, како основа на меѓународниот поредок. Големиот придонес на школата за економската наука, но и за принципите на слободен пазар е воведувањето на концептот на *правична цена*[44], која не е ништо повеќе, ниту помалку од *природната цена*, настаната под дејство на понудата и побарувачката (размената). Исто така, од големо значење е поставувањето на *квантитативната теорија на парите* (*Quantity Theory of Money*) со чија помош е објасната инфлацијата во 16-ти век.

*Шпанските сколастици*[45], своевремено знаеле дека и купувачот и продавачот делуваат со определена цел и двата имаат некаква добивка од размената. Го застапувале ставот дека за правдата е непходна доблест, а не централна регулација. Исто така, биле

---

[42] Thomas Aquinas - *Treatise on Law* (fs2.american.edu)
[43] Scholastics/School of Salamanca (2008, libertarianism.org)
[44] The School of Salamanca (hetwebsite.net)
[45] Maryann Keating - Adam Smith, Classical Liberalism, and the Legacy of Hispanic Scholasticism (2021, adamsmithworks.org)

свесни и за значењето на институцијата на приватна сопственост[46], како во морален поглед, така и во економски, односно поширок општествен.

## 13. Францускa ренесанса (доброволно ропство и анти-етатизам)

***Етјен де Ла Боети*** (Étienne de La Boétie, 1530-1563) француски магистрат, поет и политички теоретичар, во 16-тиот век, својот анти-државен став, го изразува во неговото, своевремено *утописко* дело *Discourse on Voluntary Servitude* (1576) (Француски: *Discours de la servitude volontaire*).[47] Тој истакнувал дека тиранијата е резултат на доброволно потчинување, и може да се укини ако луѓето одбијат да им се покорат на авторитетите. Боети истакнувал дека луѓето, односно робовите, кои не даваат отпор и ја прифаќаат позицијата, се наоѓаат во состојба на *доброволно ропство*.

Неговото слободарство е од анти-етатистички карактер, а природата на оправдувањето е од *морален*, односно *етички*. Погледите на Боети ја аспектираат слободата, како природна состојба на човекот, и во истата не постои нешто како *неправда*. Неправдата стапува на сцена со повреда на слободата, и аналогно на тоа, правдата е слобода, а слободата е правда.

## 14. Холандски хуманизам (природно право и религиска толеранција)

Периодот помеѓу 14-ти и 15-ти век во Холандија е битен за развојот на либерализмот, преку своето влијание во развојот на *рационалистичката философија* и преминот од ренесанса во просветителство.

***Хуго Гроциус*** (Hugo Grotius, 1583 – 1645) бил холандски философ, правник и деец, кој често е именуван како татко на меѓународното право,[48] има неоспорен придонес во развојот на теоријата на природно право. Според Гроциус, природните права служат како основа за позитивните правила, па дури и на меѓудржавно ниво. Неговата заложба за *универзална етика* соодветствува со етиката на либерализмот, која исто така е универзална и важи за сите поединци. Од тука се провлекува одредувањето на правата како

[46] Marjorie Grice-Hutchinson - *The School of Salamanca* (1952, mises.org)
[47] Etienne de la Boétie - *Discourse on Voluntary Servitude* (1576, oll.libertyfund.org),
[48] Karen Diane Csajko - *Hugo Grotius and the liberal tradition* (1987, Portland State University),

*универзални*, *неотуѓиви* и *неделиви*. Дела од најголемо значење се *On the Law of War and Peace* (1625)[49] и *The Free Seas*[50] (1609).

***Барух Спиноза*** (Baruch Spinoza, 1632 – 1677) бил познат холандски философ со еврејско потекло и еден од родоначалниците на философијата на рационализмот. Спиноза истапува во одбрана на религиозната толеранција[51], која своевремено претставувала ултра-прогресивен и радикален концепт, како и интелектуалната слобода и слобода на израз[52], кои се надоврзуваат на толеранцијата. Поради своите ставови, Спиноза бил изолиран од страна на еврејската заедница. Негово најпознато дел, во контекст на политичката философија и либерализмот е *Theologico-Political Treatise* (1670)[53], објавена анонимно. Во *трактатите*, Спиноза наведува дека целта на државата, во реалноста е слободата на луѓето и на тој начин охрабрување на нивната природа како разумни, односно рационални битија.[54]

## 15. Англиска ренесанса (Магна карта либертатум и Хабеас корпус, методолошки индивидуализам и оптествен договор)

***Магна карта либертатум*** (Magna Carta Libertatum, 1215)[55] ***и Хабеас корпус*** (Habeas Corpus Act, 1679)[56] се од огромно значење за либерализмот, бидејќи истите се правни документи кои за прв пат препознаваат, признаваат и втемелуваат *човекови права* како формално-правна категорија**.** Магна карта е првиот документ со кој се дефинира принципот - *кралот и неговата власт не се позиционирани над правото*. Целта на овој акт е превенција на злоупотреба на моќта на англискиот монарх, а секако и ограничување на поширокатa кралска моќ, преку воспоставување на правото, како *моќ само за себе*, или *владеење на право*. Истата гарантира слобода и забрана за лишување од слобода без претходно фер судење[57] (презумпција на невиност). Иако првично издејствувана повеќе за благородништвото наспроти кралската власт, отколку за обичниот народ, нејзиното

[49] Hugo Grotius - *On the Law of War and Peace* (2001, Kitchener),
[50] Hugo Grotius - *The Free Seas* (1609, oll.libertyfund.org),
[51] Steven Smith - Spinoza, Liberalism and the Question of Jewish Identity (1998, Yale University)
[52] Henri Krop & Pooyan Tamimi Arab - *Spinoza's Theological-Political Treatise (1670–2020). Commemorating A Long-Forgotten Masterpiece* (2021, mdpi.com)
[53] Baruch Spinoza - *Theologico-Political Treatise* (1670, earlymoderntexts.com)
[54] Baruch Spinoza - *Theologico-Political Treatise* (1670, earlymoderntexts.com)
[55] Magna Carta Libertatum (1215, British Library)
[56] Habeas Corpus Act (1679, legislation.gov.uk)
[57] Teaching Democracy: The Magna Carta and Habeas Corpus (2018, speakeasy-news.com)

значење е огромно. Лорд Денинг ја објаснува како[58] „најголемиот уставен документ на сите времиња - основата за слободата на поединецот против арбитрерната волја на деспотот.“ *Хабеас корпус документот* е правен акт донесен од Парламентот во Англија, со цел да ги зајакне правата загарантирани со Магна карта документот.[59]

Од англиската ренесанса, секако е важно да се напомене Томас Хобс. ***Томас Хобс*** (Thomas Hobbes, 1588 - 1679) е контроверзен философ во слободарските кругови, најмногу поради неговиот концепт за држава и истоимената книга во која е објаснет истиот - *Левијатан*[60] (*Leviathan*, 1651)[61]. Левијатанот е метафора за оправдувањата за зајакнување на безбедност за сметка на слобода. Хобс е првиот теоретичар на општествен договор, истакнувајќи го истиот како основа за настанување на државата. Иако контроверзен, неговиот придонес кон развојот на политичките науки е неоспорен. Хобс е еден од ретките философи во средниот век, кој го адаптирал научниот пристап на *методолошки индивидуализам*. Тоа значи дека во градењето на неговата политичката философија тргнува од поединецот во природната состојба, каде што *човек на човек е волк*, но и по пренесување на овластувањата на Левиатанот или суверенот, како гаранција за неговата безбедност. Понатаму, Хобс служи како инспирација за останати дејци да ја прифатат неговата теза за општествен договор, како и дополнително да ја изградат и надополнат.

## 16. Англиско-ирско просветителство (природни права и само-поседување, Като писмата, револуционерен и конзервативен либерализам, утилитаризам и романтичарски анархизам)

Во Европа, експлицитно како таков, либерализмот го добива својот морално-правен зачеток во философскиот израз на ***Џон Лок*** (John Locke, 1632 - 1704) кој живеел и творел[62] во 17-ти век. Негови најпознати дела во полето на политичката философија се *Essays on*

58 Magna Carta (Clarke Kiernan)
59 Magna Carta Libertatum (1215, British Library)
60 Томас Хобс - *Левијатан или Граѓата, Обликот и Моќта на Црковната и Граѓанската Држава* (2010, Скопје: Азбуки)
61 Thomas Hobbes - *Leviathan* (1651, McMaster University Archive of the History of Economic Thought)
62 Locke, John (libertarianism.org)

*the Law of Nature* (1664)[63], *Two Treatises of Government* (1689)[64] и *Letter Concerning Toleration* (1689)[65] (*Писмо за Толеранцијата; Две расправи за Владата*)[66].

Лок се смета за основоположник на принципот на *самопоседување*, односно правото на секој човек да се поседува себеси, односно да го поседува своето *тело* (живот), своите *делувања* (слобода) и секако, *плодот* на своето тело и делувања (сопственост или имот).[67] Подоцна, во градењето и надополнувањето на либералната мисла, ова Локово одредување на суштинските вредности за човекот, неговото делување и организирањето на општество, ќе биде инспирација за голем број на дејци во слободарската или либертаријанската мисла, како Ротбард, Нозик, Ренд, итн. Темелењето на либерализмот врз принципот на само-поседување и природните права соодветствува со морално-философското оправдување за лична слобода.

Во неговата ***Две расправи за владата***, меѓу другото, пишува и за човековото право на *потрага по својата среќа*, а самата потрага се гарантира со правото на самопоседување и поседување на животот, слободата и сопственоста. Потрагата по среќа како израз подоцна служи како главна инспирација за татковците-основачи на Американската нација и е втемелена во *Декларацијата за независност*.

Лок се смета и за пионер во концептот на *држава ноќен-чувар*, чија задача е заштита на трите права од принципот на само-поседување. Според него, државата е свесен резултат на *општествен договор* или *консензус*, израз на човековата потреба за премин од природна во граѓанска состојба.

***Като писмата*** (Cato's Letters, or Essays on Liberty, Civil and Religious, and Other Important Subjects, 1720-1723)[68], напишани од ***Џон Тренчард*** (John Trenchard, 1662 – 1723) и ***Томас Гордон*** (Thomas Gordon, 1691 – 1750) се исто така битни текстови, објавувани во весникот *London Journal* (*British Journal*). Нивната цел била осудување на тиранијата која Британската империја ја воспоставила на нејзината територија и нејзините колонии, како и

---

[63] John Locke - *Essays on the Law of Nature* (1664, Oxford)
[64] John Locke - *Two Treatises of Government* (1689, McMaster University Archive of the History of Economic Thought)
[65] John Locke - *Letter Concerning Toleration* (1689, McMaster University Archive of the History of Economic Thought)
[66] Џон Лок - *Писмо за Толеранцијата; Две расправи за Владата* (2006, Аз-буки: Скопје), 175
[67] Со оваа негова позиција, може да се смета за основоположник на либерализамот, како теорија и политичка идеологија.
[68] John Trenchard & Thomas Gordon - Cato's Letters, or Essays on Liberty, Civil and Religious, and Other Important Subjects, (1720-1723, oll.libertyfund.org)

унапредување на принципите на слободата. Инспириран од овие писма, еден од најголемите либертаријански институти го носи нивното име - Като институтот во Вашингтон (*Cato Institute*)[69].

***Томас Пејн*** (Thomas Paine, 1737 - 1809) можеби помалку контроверзен во неговите идеи и ставови, своевремено, неговиот придонес за либерализмот и некои слободарски ставови се забележителни. Пејн бил политички активист, филозоф и радикал, кој иако роден во Англија, својот живот го поминал во Франција и Америка. Силно ја подржувал и бил активно вклучен во Француската револуција од 1789 (посебно со Жирондистите), а соработувал и со американските таковци-основачи во однос на Американската револуција од 1791 година. Бил аболиционист, стоел позади укинување на ропството и бил жесток противник на смртната казна.

Од либерална гледна точка, спорни се неговите заложби за држава која го организира образованието, која врши прераспределба и има големи ингеренции во рамки на општеството - или заложбите за социјална држава. Негови најпознати дела се *The Rights of Man* (1791)[70] и *The Age of Reason* (1794)[71].

***Едмунд Бурк*** (Edmund Burke, 1729 – 1797) бил ирски државник, економист и филозоф, кој има своја улога во појавата на она што може да се нарече *конзервативен либерализам.* Бурк бил жесток противник на Француската револуција, како изразито насилна промена на власта, а негувал „доверба во традиционалните морални и религиозни институции во општеството. Неговото спротивставување на големите оданочувања на Британската империја во нејзините американски колонии, како и вреднувањето на институцијата на приватна сопственост, го сместуваат заедно со другите претставници на либерализмот од овој период. Томас Пејн и Едмунд Бурк, биле во антагонистички однос, и ја користеле секоја шанса жестоко да дебатираат преку своите дела. Најпознато дела на Бурк е *Reflections on the Revolution in France* (1790)[72].

***Џереми Бентам*** (Jeremy Bentham, 1748 – 1832) бил англиски филозоф, и еден од најзначајните фигури во појавата на *утилитаризмот*. Истата е многу битна за подоцнежниот развој на утилитарното оправдување на поединечната слобода, посебно за

[69] Cato Institute (cato.org)
[70] Thomas Paine - *The Rights of Man* (1791, oll.libertyfund.org)
[71] Thomas Paine - *The Age of Reason* (1794, klymkowskylab.colorado.edu)
[72] Edmund Burke - *Reflections on the Revolution in France* (McMaster University Archive of the History of Economic Thought, 1790)

слободарите економисти, претставници на Австриската економска школа. Неговата философија имала голема улога во развојот на утилитарната[73] перспектива на либерализмот. Секако, Бентам се залагал за слобода на изразување, одделување на црквата и државата, како и за еднакви права на жените со мажите. Џон Стјуарт Мил, еден од родоначалниците на утилитарниот либерализам во 19-ти век, црпел инспирација од учењата на Бентам. Негово најпознато дело е *Introduction to the Principles of Morals and Legislation* (1789)[74], во кое е објасната неговата утилитарна философија и *принципот на најголема можна среќа за најголем број поединци*.

***Вилијам Годвин*** (William Godwin, 1756 – 1836), англиски философ, новинар и писател, може да се смета за еден од основоположниците на традицијата на *философскиот анархизам*, како дел од поширокото слободарство. Најпознато дело на Годвин е *Enquiry Concerning Political Justice* (1793)[75]. Тој ја истакнува клучната измама, одржувана со векови од властите, а тоа е дека *државната контрола* е неопходна за да функционира човековото општество.[76] Философскиот индивидуализам се воочува во констатацијата дека „општеството не е ништо повеќе од збир на поединци“, и дополнително „власта е злобна, узурпација на поединечните судови и свест за човештвото“.

Во неговата *Политичка правда* изјавува дека поединците, а не државата, можат најдобро да им служат на своите потреби и интереси. Исто така сметал дека општествено-политичката промена може најдобро да настапи постепено или *градуелно*[77], како резултат на слободни комуникации во мали заедници, што значи дека иако бил романтик, радикал и можеби утопист, не бил револуционер, а за овој негов став, голема улога играле и самите хорори на Француската револуција. Неговиот пристап кон општествената промена во голема мера се совпаѓа со оној на современите слободари кои го имаат адаптирано *градуелистичкиот пристап*, како што се Том Палмер, Дејвид Боз, Дидиер МекКлоски и сл.

---

[73] James Stacey Taylor - Was Jeremy Bentham a Classical Liberal at heart? (2017, learnliberty.org)
[74] Jeremy Bentham - *Introduction to the Principles of Morals and Legislation* (2000, Batoche Books Kitchener)
[75] William Godwin - *Enquiry Concerning Political Justice* (1793, theanarchistlibrary.org)
[76] Simon Court - William Godwin: Political Justice, anarchism, and the Romantics (2015, wordsworth.org.uk)
[77] William Godwin - *Enquiry Concerning Political Justice* (1793, theanarchistlibrary.org)

## 17. Француско просветителство (поделба на власт, слобода на израз, општествен договор и Декларација за правата на човекот и граѓанинот)

Еден од основоположниците на либерализмот и претставници на француското просветителство е ***Шарл Монтескје*** (Charles-Louis de Secondat, Baron de La Brède et de Montesquieu, 1689 - 1755). Монтескје бил правен и општествен философ, а најдобро е познат, и од најголемо значење за либерализмот[78] е неговата *теоријата за поделба на власта*, која претставува една од клучните во современата политичка философија. Политичко-правниот концептот за поделба на власта на три автономни, но меѓусебно зависни власти, и тоа законодавна, извршна и судска, би обезбедило поголема меѓусебна контрола. Целта на поделбата на власта е самата гаранција за *владеењето на правото*, и по дефиниција или претпоставка, намалување на корупцијата и злоупотреба на политичката моќ од страна на политичките елити. Оваа теорија ја изложува во своето дело *The Spirit of Law* (1750).[79] Истата наоѓа на практична примена во создавањето на американската држава, преку влијанието врз нејзините основачи, посебно Џејмс Медисон. Теоријата за поделба на власта ја претставува концептуалната основа за *уставниот* (*конститутивниот*) *либерализам*.

Во истото дело ја изразува својата типологија и издвојува три видови на владеење, и тоа *републиканско, монархиско и деспотско*.

Многу битна поставка[80] од *Душата на законите* е и самата идеа дека правото треба да се оценува според *ефектите* кои ги предизвикува, а не според *намерите* на законодавецот, или пак бруталноста на постапките кои треба да ги оневозможи. Аналогно на тоа, Монтескје, дополнително служел и како инспирација за појавата и развојот на *консеквенцијалистичкиот* или *утилитарниот либерализам*. Исто така, изразил силна критика кон тенденцијата на државата за зголемена регулација, и тоа преку донесување голем број на закони, заклучувајќи дека истата доведува до правна несигурност, тиранија и безредие.

Кога Монтескје е во центарот на внимание, неопходно е да се споменат неговите *Персиски писма* (*Persian Letters*, 1721)[81]. Истите претставуваат замислени писма, помеѓу

---

[78] Baron de Montesquieu, Charles-Louis de Secondat (2003, plato.stanford.edu)
[79] Charles Louis de Secondat, Baron de Montesquieu - *The Spirit of Law* (1750, oll.libertyfund.org)
[80] Montesquieu, Charles de Secondat de (libertarianism.org)
[81] Charles Louis de Secondat, Baron de Montesquieu - *Persian Letters* (1721, revolution.chnm.org)

Персијци кои патуваат низ Европа. Во нив се воочува критиката на Монтескје кон деспотските власти, репресивните закони, религиската нетоleranција итн, но и неговата иронија, прикажана преку Персијците, кои имаат повеќе жени и истите ги третираат како робинки, а воедно ги критикуваат европските деспотски политички системи.

***Волтер*** (François-Marie Arouet Volter, 1694 – 1778) е еден од најпознатите француски писатели, од фундаментално значење за просветителството, но секако и за идеите на слободата.[82] Неговото значење е воочено во неговата заложба за *слобода на говор и изразување*, овековечена во неговата позната фраза: „Можеби не се согласувам со она што имаш да го кажеш, но до смрт ќе го бранам твоето право да го кажеш тоа“. Оваа негова фраза служи како инспирација за одредување на првиот амандман од американскиот Устав, кој се однесува на слободата на говор,[83] верување и здружување. Волтер, во духот на просветителството промовирал рационализам, религиозна толеранција, слобода на религија, намалување на моќта на црквата, разделување на државата и црквата (секуларизација), а исто така го критикувал и класниот систем и структуираност на општеството.

***Жан Жак Русо*** (Jean-Jacques Rousseau, 1712 – 1778) бил филозоф и писател, кој многу често се смета за основоположник на *колективизмот*[84], во својата современа форма, но исто така има свој придонес и за либерализмот како теорија и идеологија. Неговиот придонес може да се воочи во инспирацијата која ја дава за правната поставеност на Француската револуција, конкретно за Декларацијата за правата. Покрај контроверзните елементи, како што се осудата на институтот на приватна сопственост, во неговата мисла проникнуваат и либерални моменти, кои најчесто се поврзани со *позитивната слобода*[85], односно учество на поединците во изборот на политичките елити, како и создавањето и спроведувањето на јавните политики. Дополнително проблематичен може да биде и концептот на општа или општествена волја, која објективно постои, независна од поединечните.

Русо, заедно со Хобс и Лок е еден од теоретичарите на општествениот договор, со кој се означува преминот од природната состојба на човекот, во граѓанска, во која постои

[82] Wendy McElroy - Voltaire (1694–1778) (2008, libertarianism.org)
[83] Madsen Pirie - Voltaire, Champion of Freedom (2019, adamsmith.org)
[84] Karl Popper - *The Open Society and its Enemies* (1945, Princeton University Press)
[85] Isaiah Berlin - Four Essays On Liberty (1969, Oxford University Press)

некаква гаранција за човековиот живот и слобода, манифестирано во појавата на модерната држава. Сите тројца имаат несомнено значење за *политичкиот модернизам*. Најпознати дела на Русо се: *Општествен договор*[86] (*On the Social Contract*, 1762)[87] и *Discourse on Inequality* (1755).[88]

***Декларација за правата на човекот и граѓанинот*** (Declaration of the Rights of Man and of the Citizen, 1789)[89] е инспирирана од дејците на Француското просветителство како Монтескје и Русо, и претставува најбитен документ кој произлегол од Француската револуција. Во истата е стипулирано дека сите луѓе се раѓаат и остануваат слободни и еднакви во правата, а целта на политичките здружувања е зачувување на тие права. Како права се наведени *слобода*, *сопственост*, *безбедност* и *отпор кон угнетување*. Исто така од фундаментално значење за декларацијата, е истата што ја дефинира слободата или ослободеноста (*liberty*) како слобода (*freedom*) да се прави што се сака, се додека истите делувања не повредуваат никој. Декларацијата се појавува како преамбула на Уставот од 1791 година. И покрај теророт спроведен во Француската Револуција и понатамошниот изразито деспотски развој на француската држава, Декларацијата за правата на човекот и граѓанинот е од суштинско значење за развојот и ширењето на *либералниот конституционализам*.

## 18. Шкотско просветителство (личен интерес, општествен поредок и невидлива рака на пазарот)

***Дејвид Хјум*** (David Hume, 1711 – 1776) бил шкотски филозоф чие влијание за појавата либерализмот и денес е неоспорно. Голем број од ставовите и оправдувањата кои слободарите ги имаат, ги темелат врз неговите увиди и поставки.[90] Хјум станува популарен во слободарските кругови под влијание на Фридрих Хаек, кој го препознава[91] неговото творештво, и му го посветува текстот *The Legal and Political Philosophy of David Hume* (1963).[92] Негови најпознати дела од интерес на либерализмот се *A Treatise of Human Nature*

---

[86] Жан-Жак Русо - *Општествен Договор* (2013, Ѓурѓа: Скопје)
[87] Jean-Jacques Rousseau - *On the Social Contract* (2017, earlymoderntexts.com)
[88] Jean-Jacques Rousseau - *Discourse on Inequality* (1755, aub.edu.lb)
[89] Declaration of the Rights of Man and of the Citizen (1789, law.yale.edu)
[90] Daniel Gete Garrido - *The Ideal of Liberty in the Political Philosophy of David Hume* (2008, University of Glasgow)
[91] George H. Smith - Self-Interest and Social Order in Classical Liberalism: David Hume (2014, libertarianism.org)
[92] Friedrich von Hayek - The Legal and Political Philosophy of David Hume (1963, philpapers.org)

(1740),[93] *Essays, Moral, Political, and Literary* (1741)[94] и *An Enquiry Concerning Human Understanding* (1748).[95]

Личниот интерес, општествената хармонија или поредок, поделбата на трудот и правдата, се концептите на кои Хјум им посветил големо внимание, а воедно се и од интерес на слободарството или либерализмот. Хјум потенцирал дека поединечниот личен интерес, најдобро и/или најлесно се остварува во рамки на општество. Поединците со помош на општествена соработка, дополнително поттикната од поделбата на трудот и професионална специјализација, го остваруваат својот интерес, институционализиран во права на приватна сопственост и манифестиран во општествена хармонија или поредок. Поделбата на трудот[96] го зголемува производствениот капацитет на општеството, а професионалната специјализацијата го овозможува унапредување на човековите вештини. Како емпирист, Хјум ја определува *правдата*[97] како збир од конвенции, кои што се откриваат со текот на времето, преку обиди и грешки, а искуството ќе ја покаже корисноста на делувањата. Од таму, според него, правдата не може да биде изведена аксиоматски, само со помош на разумот. Правдата зависи од искуството, а нашите анализи на искуството, не учат на клучната улога која ја има истата во одржувањето на општествениот поредок.

***Адам Смит*** (Adam Smith, 1723 - 1790) е еден од првите и најзначајни економисти, а со тоа и општествени философи, претставник на шкотското просветителство и родоначалник на *класичната економска теорија*. Неговото пишано дело е од огромно значење за појавата на либерализмот, а неговите економски увиди се клучни во процесите на оправдување на концептот и политиките кон слободен пазар. Најпознати дела, во кои се содржат неговите гледишта и ставови, релевантни за овој текст се капиталната *Богатството на народите*[98] (*An Inquiry into the Nature and Causes of the Wealth of Nations*, 1776)[99] и *The Theory of Moral Sentiments* (1759).[100]

---

[93] David Hume - *A Treatise of Human Nature* (2017, earlymoderntexts.com)
[94] David Hume - *Essays, Moral, Political, and Literary* (2004, oll.libertyfund.org)
[95] David Hume - *An Enquiry Concerning Human Understanding* (1748, socialsciences.mcmaster.ca)
[96] George H. Smith - Self-Interest and Social Order in Classical Liberalism: David Hume (2014, libertarianism.org)
[97] IBID
[98] Адам Смит - *Богатството на народите* (1997, Скопје: Штрк)
[99] Adam Smith - *An Inquiry into the Nature and Causes of The Wealth of Nations* (2007, ΜεταLibri)
[100] Adam Smith - *The Theory of Moral Sentiments* (2007, ΜεταLibri)

Доста битен е и ставот на Смит за природа на човекот - човекот како рационално битие кое ги следи своите лични интереси и делува во согласност со нив; кој подоцна Џон Стјуарт Мил ќе го именува во концептот на *хомо-економикус* или *економски човек*. Тие интереси, во услови на слободна конкуренција доведуваат до зголемена економска ефикасност или просперитет, иако на прв поглед изгледаат како несовпадливи, па дури и спротивставени. Поединците, во потрага по својата среќа, следејќи ги своите интереси, делуваат и влеуваат во голем број општествени (економски) односи, кои пошироко и на долг рок резултираат во определена општествена хармонија, како и промоција и унапредување на *општо добро*.[101]

***Невидливата рака на пазарот***, е израз асоцијација со делото на Адам Смит. Невидливата рака на пазарот[102] ја симболизира моќта на балансирање која е содржана во економските процеси на побарувачка и понуда, во услови на слободна конкуренција. Фразата означува дека не е потребна државна (централна) регулација на економските (општествените) односи, со цел воведување и одржување на поредокот, а пазарот е позициониран како општествен механизам кој е најефикасен во регулирањето на односите и во одржувањето на поредокот. Адам Смит подоцна ќе служи како инспирација за економисти како Фридрих Хаек, Мохамед Бамје, Ханс Херман Хопе и други, кои дополнително се занимаваат со феноменот на *спонтан поредок*.

Смит своевремено бил противник на државната интервенција во економските процеси, како и протививник на тогаш, доминантната економска теорија на *меркантилизам*[103] или *економски национализам*.[104] Со меркантилизам се означува тенденција на фаворизирање на домашното производство и услуги и ползување на различни политички алатки, како царини, квоти, акцизи наменети за ограничување на производи и услуги од странство. Смит, бил свесен дека меркантилизмот ги позиционира во повластена позиција домашните произведувачи, но истото е на сметка на домашните потрошувачи.

Адам Смит се смета за основач на *трудовата теорија на вредноста*, што од денешна слободарска перспектива, гледано преку доминантната Австриска економска

[101] Paul Mueler - Was Adam Smith a Libertarian? Part I (2015, libertarianism.org)
[102] Paul Mueler - The Orthodox Classical Liberal Interpretation of Smith. Part II (2015, libertarianism.org)
[103] George H. Smith - The Other Adam Smith. Part II (2013, libertarianism.org)
[104] Sam Pryke - Economic Nationalism: Theory, History and Prospects (2012, globalpolicyjournal.com)

школа, е надмината. Но сепак, заклучоците на Смит за организирањето на општеството, во голем дел кореспондираат со оние на слободарите, класичните либерали и современите либертаријанци.

Политичките стојалишта на Адам Смит извонредно се согледуваат во цитатот од *Богатството на народите*, кој дополнително е од интерес за либерализмот и неговите погледи кон општественото организирање:

> „Малку е потребно за да ја донесе државата од најниско варварство до највисок степен на раскош, и тоа мир, лесни даноци и толерантно спроведување на правдата, се останато е предизвикано од природниот тек на нештата“[105]

Од цитатот е јасно дека Смит е на идеолошка линија со денешните класични либерали[106], или минархисти, кои подржуваат и оправдуваат минимална или држава ноќен-чувар, која ќе биде гаранција за мирот и спроведувањето на правдата во општеството. За разлика од Лок и поширокaта природно-правна традиција, Смит го оправдувал слободниот пазар од утилитарна перспектива, затоа што истиот вродува со природен поредок, карактеризиран со благосостојба за поголемиот број поединци, кои учествуваат во него. Аналогно, Смитовите дела служат како поттик за појавата на утилитарно оправдување и толкување за поединечната слобода.

## 19. Германско просветителство (лична автономија, категорички императив и спонтана општествена еволуција)

***Имануаел Кант*** (Immanuel Kant, 1724–1804) е еден од најпознатите германски философи за време на просветителството. Неговата философија е позната под името *трансцедентален идеализам*. Покрај главните философски прашања, Кант, во својата мисла опфаќа и определена политичка философија, како и ставови кон општествени и политички прашања. Од аспект на либерализмот и поширокото слободарство, Кант е битен во неколку погледи, и тоа во неговиот индивидуализам, етика, но и експлицитните политички заложби. Негови најпознати дела се: *Groundwork of the Metaphysics of Morals* (1785)[107], *Критика на чистиот ум* (*Critique of Pure Reason*, 1787)[108], *Критика на*

---

[105] Адам Смит - *Богатството на народите* (1997, Скопје: Штрк)
[106] Paul Mueler - The Orthodox Classical Liberal Interpretation of Smith, Part II (2015, libertarianism.org)
[107] Immanuel Kant - *Groundwork of the Metaphysics of Morals* (1997, Cambridge University Press)
[108] Immanuel Kant - *Critique of Practical Reason* (1998, Cambridge University Press)

*практичниот ум* (*Critique of Practical Reason*, 1788)[109] и *Вечен мир* (*Perpetual Peace: A Philosophical Sketch,* 1795)[110]

Според Кант, поединецот не треба да биде третиран како средство за постигнување на определена цел, туку како цел сам за себе, со максимална почит кон неговото *достоинство*.[111] Голема е сличноста со начелото на *ненасилност*, односно *поединечна согласност*, кое е примарно кај слободарите. Дополнително, Кантовата етика е од онтолошки карактер, дадена преку *категоричкиот императив*. *Добро дело е она дело*, кое во самата срж' е добро, а не нужно она кое има добри последици (морално наспроти утилитарно). Кант ја потенцира *автономијата на поединецот*,[112] со цел неговите делувања да бидат слободни, од каде би произлегол и моралниот суд. Неговата етика и идеализам понатаму ќе служат како посредна инспирација за развојот и оправдувањето на *моралното и идеалистичкото слободарство*[113], кое секогаш ја потенцира улогата на идеите во општествената промена и развојот на општеството. Исто така, препознатливи се неговите обиди за теоретско поставување на основите за *глобален мир*, преку создавање на светска федерација, составена од демократски републики во светот. Од огромно значење е и неговата концепција за државата, која може да се толкува како минимална,[114] и чија задача е заштита на поединците од агресија.

Покрај либералните гледишта, Кант имал и определени расистички, и често го вметнуваат како еден од основачите на *научниот расизам*. Дополнително, има и определени илиберални ставови и толкувања[115] во неговата философија. Овие поставки, претставува дамка во неговите про-слободарски гледишта и ставови, но секако треба да се има во предвид и контекстот во кој живеел и делувал.

***Вилхелм вон Хумболт*** (Wilhelm von Humboldt, 1767 – 1835) бил германски, односно пруски философ, лингвист, дипломат, кој дал особен придонес во развојот на либерализмот. Во *The Limits of State Action* (1792)[116] е содржана неговата политичка

[109] Immanuel Kant - *Critique of Practical Reason* (1788, Bobbs Merrill)
[110] Immanuel Kant - *Perpetual Peace: A Philosophical Sketch* (1795, gutenberg.org)
[111] Stephen R. C. Hicks - Does Kant Have a Place in Classical Liberalism? (2017, cato.org)
[112] Roderick T. Long - Kant: Liberal, Illiberal, or Both? (2018, cato.org)
[113] И покрај Кантовата морално заснована теорија, Ејн Ренд ја критикува истата, поради *нерационалниот* и *алтруистичкиот* пристап, забележан во истата. Види повеќе: Ayn Rand - Philosophy: Who Needs It (1974, stephenhicks.org)
[114] Mark D. White - Defending Kant's Classical Liberalism (2016, cato.org)
[115] Stephen R. C. Hicks - Does Kant Have a Place in Classical Liberalism? (2017, cato.org)
[116] Wilhelm von Humboldt - *The Limits of State Action* (1792. oll.libertyfund.org)

философија и ставови, а своевремено поради контроверзноста на истите, книгата била постхумно издадена дури во 1852 година.

Хумболт бил сведок на Француската револуција од 1789 година, и врз основа на тоа го позиционирал својот став на линија на Бурк, иако не го знаел. Сметал дека насилната општествена промена[117] не носи добро и ја успорува *општествената еволуција.* Хумболт се смета за класичен либерал, поради неговите цврсти ставови и недвосмислени заложби за поединечна слобода, потрага по поединечна среќа по пат на себе-развивање, како и целосна верба во ненасилни методи за решавање на општествените проблеми.

Во *Границите*, ја опишува улогата која државата треба да ја има, а таа е нужно поврзана со заштита на поединците и превенција на повреда на нивната слобода. Истакнува дека секоја дополнителна надлежност на државата, игра улога во ограничувањето на поединечната слобода. Аналогно, Хумболт бил противник на *државата на благосостојба*, констатирајќи дека истата создава граници помеѓу поединците и општеството во кое живеат.

Не се од помало значење ниту неговите гледишта и ставови во однос на образованието, сфаќајќи дека целта на образованието не е подготовка на младината да ги игра *традиционалните општествени улоги*, туку напротив, да создава можности за индивидуален развој и исполнување на нови улоги. Овие гледишта се непосредно поврзани со неговиот либерализам, затоа што сметал дека образованието е клучно за воспоставување на слободно општество.

Исто така, се смета дека Хумболт имал големо влијание во развојот на мислата и делото на Џон Стјуарт Мил.

## 20. Американско просветителство (Декларација за независност, федералистички списи, Анти-федералистички списи и Повелба за правата)

Кога станува збор за слободарството пред 19-ти век, неминовно е да се споменат американските татковци-основачи, дел од американското просветителство, како и документите од фундаментално значење, како што се *Декларацијата за независност* (Declaration of Independence, 1776)[118], *Федералистичките списи* (Federalist Papers, 1788)[119],

[117] Richard Miniter - Wilhelm von Humboldt: German Classical Liberal (1991, fee.org)
[118] Declaration of Independence (1776, archives.gov)
[119] Federalist Papers (1788, guides.loc.gov)

*Анти-федералистичките списи* (Anti-Federalist Papers, 1787-1790)[120], *Уставот на САД* (The Constitution of the United States, 1791)[121] и *Повелбата за правата* (United States Bill of Rights, 1791)[122], во рамки на Уставот.

Како најбитни помеѓу татковците-основачи често се напоменуваат седумина, и тоа ***Џорџ Вашингтон*** (George Washington, 1732 – 1799), ***Томас Џеферсон*** (Thomas Jefferson, 1743 – 1826), ***Џон Адамс*** (John Adams, 1735 – 1826), ***Бенџамин Френклин*** (Benjamin Franklin, 1706 – 1790), ***Александер Хамилтон*** (Alexander Hamilton, 1755 – 1804), ***Џон Џеј*** (John Jay, 1745 – 1829) и ***Џејмс Медисон*** (James Madison, 1751 – 1836).

***Декларацијата за независност*** (1776), како што и претходно е наведено, претставува документ од суштинско значење за развојот и промоцијата на либерализмот, затоа што во истата е стипулирано дека природните-права претставуваат општествено-политичка аксиома, која не треба да се докажува, па продолжува дека сите луѓе се создадени еднакви, и се надарени од *Создавателот* со неотуѓувачки права, меѓу кои најбитни се правото на *живот*, *слобода* и *потрага по среќа*.[123] Создавачите на декларацијата, биле видно инспирирани од Локовата природно-правна традиција, како и неговиот принцип на само-поседување, тесно врзан со правото на сопственост врз своето тело, слобода и имот.

***Федералистичките списи*** (1788) претставуват збирка од 85 есеи[124], во врска со предложениот Устав на САД, со цел да ја го промовираат неговото ратификување во државата Њу Јорк. Списите се однесуваат на природата на републиканското владеење и власт, федералната и државните власти, идеите на правда, правата на поединците, како и системот на кочници и рамнотежа. Истите служат како оправдување за создавање на силна централна или федерална власт, која ќе соодветствува со слободите на поединците, а воедно служеле и за надминување на оправдувањата на *Договорот за Конфедерацијата* (Articles of Confederation, 1777)[125], кој служел како прв устав на конфедерацијата. Списите се пишувани од татковците-основачи Александар Хамилтон, Џејмс Медисон и Џон Џеј, под псеводнимот *Публиус*.

---

120 Anti-Federalist Papers (1787-1790, resources.utulsa.edu)
121 The Constitution of the United States (1791, archives.gov)
122 United States Bill of Rights (1791, archives.gov)
123 Declaration of Independence (1776, archives.gov)
124 Federalist papers (britannica.com)
125 Articles of Confederation (1777, archives.gov)

***Анти-федералистичките списи*** (1787-1790) претставуваат есеи кои се појавиле како реакција на федералистичките, во насока да го промовираат отфрлањето, односно не-ратификувањето на Уставот на САД. Биле пишувани од татковци-основачи, но не биле организирани во пишувањето и уредувањето како федералистичките, туку излегувале под псевдоними, и тоа *Брут*, *Като*, *Центинел* итн. Некои од авторите на овие списи биле ***Патрик Хенри*** (Patrick Henry, 1736 – 1799), ***Мелантон Смит*** (Melancton Smith, 1744 – 1798), итн. Главната грижа на авторите на овие списи била се поголемата моќ[126] која му се става на располагање на централната власт со Уставот на САД, како и големата веројатност за потиснување на човековите слободи, од страна на истата власт.

Од поширока слободарска перспектива, се поставува прашањето кои списи, федералистичките или анти-федералистичките имаа поголемо значење за слободата. На ова прашање е постои унифициран одговор. Дел од слободарите (посебно анархо-капиталистите) сметаат дека анти-федералистичките списи имаат поголемо значење за личната слобода поради заложбите за децентрализацијата на политичката моќ. Но од друга страна, постојат слободари (класични либерали и објективисти[127]) кои ги уважуваат федералистичките повеќе, баш поради повикот за силна и стабилна централна власт, која ефикасно ќе ги штити уставно загарантираните права.

***Повелбата за правата*** (1791) е доста битен документ, како за развојот на либералните идеи, така и во создавањето на своевремено преседани на либерално уставотворство (конституционализам), кое ги потенцира правата на поединецот, наспроти федералната и државната власт. Повелбата е составена од 10 поставки (амандмани)[128], кои се однесуваат на определено човеково право наспроти јавната власт, вклучувајќи слобода на израз, собир, вероисповед, поседување на оружје, како и гаранции за фер судење, забрана за драконски и физички казни, забрана за двојно судење, презумпција на невиност и слично. Од аспект на поширокиот општествено-политички систем, несомнено битен е 10-тиот амандман, кој предвидува дека федералната власт има надлежност само за работи предвидени со уставот, односно оние кои експлицитно се наведени, а за се останато, надлежност имаат *државните власти* и *народот*.

---

126 Mitzi Ramos - Anti-Federalists (2009, mtsu.edu)
127 Richard M. Salsman - America at Her Best Is Hamiltonian (2022, atlassociety.org)
128 The Bill of Rights: A Transcription (1791, archives.gov)

## ПОДГЛАВА 2:
## Слободарство во 19-ти век

Слободарството во 19-ти век, се чини дека ја добива својата современа форма, иако значително ќе биде надополнето со школи и дејци во 20-ти век. Инспирирано од претходниците, либерализмот, како израз на слободарството во 19-тиот век, извршил огромно влијание, како во општествените науки, така и во општествено-политичката реалност. Голем број на земји од светот ги прифатиле и делумно ги актуелизирале овие слободарски премиси во изградбата на своите политички системи и спроведувањето на своите јавни политики.

Од евроцентрична, или западно-центрична гледна точка, слободарството во 19-ти век се појавува паралелно, но и поврзано, во три земји - Франција, Велика Британија и САД.

### 21. Француска либерална школа

Француската либерална школа, или како ја нарекувал Карл Маркс, школата на *вулгарните економисти*[129], е економска и општествено-политичка школа од крајот на 18-ти и 19-ти век во Франција, која ги изучува, оправдува и заговара принципите на лична слобода, слобод на говор, слободна трговија, слободна економија, мир, и други поврзани.

Една од базичните инспирации за појавата на француската либерална школа се увидите и теориите на економистот и претприемач ***Жан Баптист Сеј*** (Jean-Baptiste Say, 1767–1832). Придонесот на Сеј за истата, но и за класичниот либерализам, е дефинитивно неоспорен, оставајќи зад себе традиција на заговарање на слобода на израз, слобода на трговија, па се до познатите економски *Сеј-ови закони* за пазарите и теориите на спонтан или природен поредок.[130] Негово најпознато дело е *A Treatise on Political Economy* (1804)[131].

***Фредерик Бастиат*** или ***Бастија*** (Claude-Frédéric Bastiat, 1801 – 1850) или како го нарекува Калеб Фулер ***Џонатан Свифт на економијата***[132], е француски писател и

[129] The French Liberal School (hetwebsite.net)
[130] Evelyn L. Forget - Jean-Baptiste Say and Spontaneous Order (2001,  Duke University Press)
[131] Jean-Baptiste Say - *A Treatise on Political Economy* (2001, Batoche Books Kitchener)
[132] Caleb Fuller - Frédéric Bastiat: The Jonathan Swift of Economics (2022, econlib.org)

економист, со можеби најголемо значење за француската либерална школа, но и подоцнежното повторно заживување на либерализмот. Неговото едукативно значење се воочува во инспирацијата која ја дал за подоцнежната појава на Австриската економска школа, која се смета за современото економско и пошироко општествено оправдување на слободарството, либерализмот и либертаријанизмот. Она што е карактеристично за Бастиат, а воедно и еден од факторите за неговата популарност, е неговиот стил на пишување, неговите метафори, досетки, или уникатниот израз со кој успеал да ја долови суштината на општествените и економските процеси, на еден мошне интересен и духовит начин.[133] Бастиат бил недвосмислен протагонист на принципите на *лична слобода* наспротив *централно планирање*, *слободна трговија*, наспротив *протекционизам* или *економски национализам*, како и *можности* наспротив *привилегии*.

Најпознати дела во доменот на економијата се *Economic Sophisms* (1847)[134] и *That Which Is Seen, and That Which Is Not Seen* (1850)[135]. Од посебно значење е неговиот есеј, напишан во хумуристичен тон, *Она што се гледа и тоа што не се гледа*.[136] И самиот невообичаен наслов на есејот, одлично ја доловува суштината, сугерирајќи на работите кои се гледаат, но често заборавајќи ги работите кои не се гледаат, а реално постојат, или би се предизвикале. Истите се однесуваат на мешањата на централните власти во економските и општествените процеси. Бастиат е творец на фундаменталниот економски концепт на *опортунитетен трошок*, иако не го именувал како таков, но истиот произлегува од неговото резонирање, провлечено низ неговите дела. И ден денес, често е истакнувана симболиката на *теоријата на скршениот прозорец* (*broken window theory*)[137], како што е насловен и воведниот дел од есејот. Меинстрим економското мислење, како во времето на Бастиат, па така и сега, ја толкува оваа теорија, баш преку симболиката на скршениот прозорец. Истата гласи дека и покрај тоа што скршениот прозорец означува некаква штета, истиот ја поттикнува и ја стимулира економијата да се мобилизира во производство и услуги на заменување на скршениот со нов прозорец. Но Бастиат, оди чекор понатаму, и ова мислење го вметнува во делот *што се гледа*, додека делот кој не се гледа, а е пред очите на субјектот е настанатата штета, и опортунитетниот трошок на истата, кој секогаш

[133] John Tamny - Bastiat, Common Sense Personified (2017, lawliberty.org)
[134] Frédéric Bastiat - *Economic Sophisms* (1996, fee.org)
[135] Frédéric Bastiat - *That Which Is Seen, and That Which Is Not Seen* (1850, bastiat.org)
[136] Фредерик Бастиат - *Она што се гледа и тоа што не се гледа* (2021, libertania.org)
[137] Фредерик Бастиат - *Она што се гледа и тоа што не се гледа* (2021, libertania.org)

е поголем, од алтернативното сценарио, доколку истиот не е скршен. Тоа го тврди и Бастиат, дека секоја штета, но и секое дејствие во економијата има свои последици, но и нивен опортунитетен трошок, во однос на алтернативни сценарија. Понатаму во есејот, е посветено внимание на даноците, јавните работи, задолжителната воена служба, како и голем број на други општествени проблематики, во кои традиционално, политичките власти го имаат главниот збор, проследено со критика на истите.

Во однос на правно-политичката философија, мора да се спомене неговиот есеј *The Law* (1850)[138]. Во *Правото*, тој пишува за човековите права, државата, правото како и за *законскиот грабеж*. Во духот на природно-правната традиција, Бастиат истакнува дека *животот*, *слободата* и *сопственоста* се основните права, кои не потекнуваат од државното право, туку истото постои со цел нивна заштита и унапредување. Го дефинира правото како *колективна организација на поединечните права за нивна законска заштита*. Но истата претставува чистата визија за правото. Извртоперената го искористува правото, и тоа не за заштита на природните права, туку го инструментализира во механизам за *кражба*. Наместо за остварување на правда, правото станува алатка за легализирање на неправда.[139] Во продолжение, државата е идентификувана како инструмент на *законска кражба*, додека пак нејзината оригинерна функција се поврзува со заштитата на природните права и превенција на нивна повреда, што соодветствува со она што претставува *минимална* или *држава ноќен чувар*.

Бастиат сеуште служи како инспирација за современите слободари, како и оние кои се барем малку скептични во семоќните решенија промовирани од политичките елити. Од особено значење е неговото влијание врз Хенри Хазлит, еден од родоначалниците на либертаријанизмот во 20-ти век, кој инспириран од *Она што се гледа и она што не се гледа*, ја пишува својата *Economics in One Lesson* (1946)[140].

***Алексис де Токвил*** (Alexis Charles Henri Clérel, comte de Tocqueville, 1805 – 1859), роден во француско аристократско семејство, философ и политичар, е еден од највлијателните претставници на класичниот либерализам[141] во Франција, но и пошироко

---

138 Frédéric Bastiat - *The Law* (1850, Foundation for Economic Education)
139 Paul Meany - An Introduction to Frédéric Bastiat's The Law (2021, libertarianism.org)
140 Henry Hazlitt - *Economics in One Lesson* (2008, Ludwig von Mises Institute)
141 Funda Gencoglu - Why Alexis de Tocqueville is not a republican, but a liberal (2018, dergipark.org.tr)

во западната хемисфера. Неговиот либерализам може да се воочи во неговата позната изјава, првично наведена во писмо[142] кој го пишувал, а тоа е: „Имам само една страст, љубовта кон слободата и достоинството“.

Најпознато негово дело е *Democracy in America* (1835)[143] или оригинално *De la de ́mocratie en Ame ́rique*, напишано по повод неговото патување и истражување на САД. Во него де Токвил ги објаснува посебностите за Америка и нејзината демократија, во споредба со неговата родна Франција и тамошните случувања. Подоцна и неколку години пред неговата смрт ја пишува и неговата *The Old Regime and the French Revolution* (1856)[144], во која критички се осврнува на Француската револуција од 1789 година, заклучувајќи дека режимот кој револуцијата го уништува скоро секогаш е подобар од оној новиот, револуционерниот.

Од друга страна, контроверзни се неговите ставови кои подржуваат колонизирање на Алжир од страна на Франција, а неговите идеи често се нарекувани со оксиморонот *империјалистички либерализам*.[145] Но сепак, потребно е да се земе во предвид, времето и местото, односно општествениот контекст, во кој честа била појавата на подршка на промоцијата на либерализмот, со помош на насилни средства.

***Густав де Молинари*** (Gustave de Molinari, 1819 – 1912), белгиски економист, кој делувал во француски јазичен контекст, може да се смета за основач на она што се нарекува ***пазарен анархизам***, ***индивидуалистчки анархизам***, или своевиден *прототип* на ***анархо-капитализам***,[146] иако самиот не се идентификувал со никакви анархистички префикси.

Молинари во средината на 19-ти век го уредувал списанието *Journal des Economistes*, во кое ги објавувал своите не толку популарни ставови, па дури и помеѓу тогашните заговорници на слободен пазар и капитализам, како што бил и Бастиат. Молинари дава увид и оправдување на возможноста за постоење на општество во кое нема држава и во кое сите услуги кои ги дава државата - државниот сервис, со посебен осврт на

---

[142] John A. Hall - Trust in Tocqueville (1992, Routledge Taylor and Francis Group)
[143] Alexis de Tocqueville - *Democracy in America* (2010, libertyfund.org)
[144] Alexis de Tocqueville - *The Old Regime and the French Revolution* (1856, oll.libertyfund.org)
[145] Peter Speetjens - Alexis de Tocqueville: The father of Western liberalism was also an advocate for colonising Algeria (2016, middleeasteye.net)
[146] Никола Љ. Илиевски - Анархизам индивидуалистички (2022, libertania.org)

услугата на безбедност и заштита од агресија, се обезбедени од приватни субјекти - компании, функционирајќи врз доброволна основа и во пазарни услови.[147]

На тој начин, Молинари направил чекор напред во склоп на либералната мисла, и го ставил под прашање легитимитетот на секоја држава, па и онаа најмалата, чија цел е заштита на човекот, неговиот интегритет неговата сопственост.

Визијата на Молинари за бездржавно општество е слична со онаа на современите анархо-капиталисти, од каде произлегува дека недвосмислено влијаел врз појавата на анархо-капитализмот во 20-ти век, посебно оној утилитарниот на Дејвид Фридман. Негови најпознати текстови се: *Protection and Restrictions on Free Trade* (1853)[148], *За производството на безбедност*[149] или *The Production of Security* (1849)[150], *Of the Liberty of Government* (1849)[151], *The Society of Tomorrow* (1889)[152] и други.

## 22. Француски анархизам

Кога станува збор за поширокото слободарство во Франција, но и слободарскиот анархизам, неминовно е да се посвети внимание на ***Пјер Жозеф Прудон*** (Pierre-Joseph Proudhon, 1809 – 1865), и неговата философија - ***мутуализам***.[153] Мутуализмот, своевремено претставува силна инспирација[154] за развој на теориите на анархизам, како и за појавата на *индивидуалистичкиот* или *аналитичкиот анархизам* во Америка. Прудон е еден од првите активисти, кој се декларирал како *анархист* (покрај останатите определби - *социјалист* и *федералист*), страсно творел и ги промовирал овие гледишта за алтернативна реалност и патот кон неа.

Меѓу најпознатите дела на Прудон се *What is property?* (1840)[155], *The Federative Principle* (1863)[156], *What is Government? What is God?* (1849)[157] и *System of Economical*

---

[147] Густав де Молинари - *За производството на безбедност* (2022, libertania.org)
[148] Gustave de Molinari - *Protection and Restrictions on Free Trade* (1853, oll.libertyfund.org)
[149] Густав де Молинари - *За производството на безбедност* (2022, libertania.org)
[150] Gustave de Molinari - The Production of Security (1977, praxeology.net)
[151] Gustave de Molinari - *Of the Liberty of Government* (1849, oll.libertyfund.org)
[152] Gustave de Molinari - *The Society of Tomorrow* (1889, oll.libertyfund.org)
[153] David S. D'Amato - What is mutualism (2020, libertarianism.org)
[154] Никола Љ. Илиевски - Прудон и слободарскиот социјализам – Оксиморон или доследност? (2021, libertania.org)
[155] Pierre-Joseph Proudhon - *What is property?* (1840, marxists.org)
[156] Pierre-Joseph Proudhon - *The Federative Principle* (1863, theanarchistlibrary.org)
[157] Pierre-Joseph Proudhon - *What is Government? What is God?* (1849, theanarchistlibrary.org)

*Contradictions: or, The Philosophy of Poverty* (1846)[158]. За разлика од доминантните социјалистички традиции, Прудон бил протагонист на замена на политиката со економија[159], централизацијата со децентрализација, колективноста со индивидуалност, и власта со слобода. Прудон имал доста контроверзен став кон приватната сопственост, поврзувајќи ја со експлоатација и нерамномерна распределба на ресурсите во општеството. Најголемиот дел од конфликтот бил насочен кон каматите и рентите, како цени на кредитите и земјата, сметани за незаслужен приход на капиталистите. Позната е неговата фраза, која ја овековечува во неговото најпознато дело *Што е сопственоста? – сопственоста е кражба*. Но сепак, тој не бил тотален непријател на сопственоста (за разлика од комунистите и колективистичките анархисти), и промовирал таканаречената *лична сопственост*, производ на човековиот труд, неопходна за независност и достоинствен живот на секој поединец, поистоветувајќи ја со слобода (сопственоста е слобода). Прудон инспирирал плеада на мислители и активисти, кои дополнително го градат анархизмот и анти-етатизмот како широка идеолошка тенденција.

Интересен факт од периодот во кој живеел и бил активен Прудон, е тоа што тој и Фредерик Бастиат комуницирале, односно, дебатирале преку писма - *The Bastiat-Proudhon Debate on Interest* (1849-1850)[160].

Пјер Жозеф Прудон, иако социјалистички слободар, има голем придонес кон развојот на слободарската мисла, и секако унапредување на интелектуалната вредност на слободата. Позната е неговата максима „Слободата е мајка на поредокот, а не обратно,“ со која се дава предност на слободата како темелен принцип во општественото уредување, а секако се опфаќа и општествениот поредок, резултат на слободните поединци и нивните делувања, на линија со она што подоцна Хаек и другите современи слободари ќе го наречат спонтан, природен или полицентричен поредок.

## 23. Британски либерализам

Британските школи на либерализмот се едни од основните и помеѓу највлијателните во поглед на проучувањето и заложувањето за лична слобода. Секако,

---

[158] Pierre-Joseph Proudhon - *System of Economical Contradictions: or, The Philosophy of Poverty* (1846, marxists.org)
[159] Никола Љ. Илиевски - Прудон и слободарскиот социјализам – Оксиморон или доследност? (2021, libertania.org)
[160] The Bastiat-Proudhon Debate on Interest (1849-1850, praxeology.net)

традицијата која Џон Лок, Адам Смит, Дејвид Хјум и други дејци ја втемелиле, служи како основа за појавата на дејците од 19-ти век.

Во периодот на премин од 18-ти во 19-ти век, од особено значење за економијата, а со тоа и за либерализмот е ***Дејвид Рикардо*** (David Ricardo, 1772 – 1823) и неговото интелектуално делување. Неговиот придонес најмногу се воочува во *теоријата на надници и профит*, *трудовата теорија на вредноста*, *теоријата на компаративни предности*, како и *тоеријата на ренти*. Иако, голем дел од неговите теории се надминати со оние на Австриската економска школа, неговиот удел, како во градењето на економијата, па така и за либерализмот како идеа со економско оправдување, е огромен. Најзначајна е *теоријата на компаративни предности*, во која е забележан потенцијалот за прогрес во едно општество, и тоа со помош на се поголема поделба и специјализација на трудот. На линија на теоријата за компаративни предности е и подршката на слободна трговија, наспротив тенденциите на протекционизам и економски национализам. Рикардо сметал дека сите земји во светот би имале корист доколку се специјализираат во онаа работа која ја прават најдобро, додека останатите производи и услуги би ги добивале со размена, односно слободна трговија. Своевремено Рикардо застанал против воведените *закони за пченката* (*Corn Laws*)[161] кои претставувале тарифи и други трговски ограничувања за увезена храна и пченка во Обединетото кралство (1815 - 1846). Негово најпознато дела е *On the Principles of Political Economy and Taxation* (1817)[162].

***Манчестерската економска школа*** се однесува на движењето за слободна трговија[163] од 19-ти век во Велика Британија. Најзначајни дејци на оваа школа биле Ричард Кобден и Џон Брајт. Движењето го влечело своето потекло во петицијата од 1820 година, покрената од Лондонските трговци, како реакција на *законите за пченка*, тарифите и ограничувањата кои се воспоставувале со истите.

***Ричард Кобден*** (Richard Cobden, 1804 – 1865) бил еден од најпознатите англиски политичари и активисти за слободна трговија и економија. Негова заслуга е

[161] Corn Law (britannica.com)
[162] David Ricardo - *On the Principles of Political Economy and Taxation* (1999, econlib.org)
[163] Manchester School (hetwebsite.net)

*Кобден-Чевалиер договорот* (Cobden-Chevalier Treaty)[164], од 1860, со кој се воспоставила слободна трговија помеѓу Британија и Франција. Кобден бил истакнат противник на злогласните закони за пченка, но и дополнително играл огромна улога во нивното укинување, промоција и зацврстување на слободниот пазар во Британија[165]. Од денешна перспектива, Ричард Кобден има особено големо значење во однос на пристапите и стратегиите за општествена промена кон (по)слободно општество. За истото ќе стане збор во третиот дел од трудот.

***Џон Брајт*** (John Bright, 1811 – 1889) бил уште еден истакнат политичар, државник и промотер на принципите на слободна трговија и слободна економија, а заедно со Кобден ја основаат *Лигата против законите за пченка* (Anti-Corn Law League[166]), под чие силно влијание бил потпишан *Кобден-Чевалиер договорот*[167].

***Џон Стјуарт Мил*** (John Stuart Mill, 1806 – 1873) бил британски филозоф и една од највлијателните фигури за надоградувањето и ширењето на идеите на либерализмот во 19-ти век. Мил, во својот, светски познат и преведуван есеј *За слобода* (*On Liberty*, 1859)[168], ги воведува читателите во концептите[169] на *слобода* (*liberty*) и *авторитет* (*authority*), од фундаментално значење за слободарството. Во продолжение истакнува дека за да се постигне лична слобода, потребно е да се постават ограничување на државните власти, што би резултирало во тоа моќта да е поблиску го граѓаните, отколку до властите. Познат е и по *принципот на повреда* (*harm principle*[170]), што означува дека личната слобода не е неограничена, туку е ограничена со овој принцип, односно императивот за неповредување на останатите лични слободи.

И покрај тоа што во времето на Мил, старите монархиски режими се повеќе и повеќе биле заменувани со демократски републики, тој истакнал дека во последните доаѓа до израз проблемот на *тиранија на мнозинството*. Многу амбициозно за своето време,

---

164 Cobden-Chevalier Treaty (britannica.com)
165 Stephen Davies - Richard Cobden: Ideas and Strategies in Organizing the Free-Trade Movement in Britain (2015, oll.libertyfund.org)
166 Anti-Corn Law League (britannica.com)
167 Cobden-Chevalier Treaty (britannica.com)
168 John Stuart Mill - *On Liberty* (2001, Batoche Books Kitchener)
169 Paul Meany - An Introduction to John Stuart Mill's On Liberty (2020, libertarianism.org)
170 Ted Honderich - John Stuart Mill's On Liberty and a Question about Liberalism (ucl.ac.uk)

посочил на опасноста, или потенцијалното зло од непотребното зголемување на моќта, односно надлежноста на државата. Се плашел дека со зголемувањето на држава, во кое се се одвива со посредство на бирократијата, критика на истата не би поминала. Верувал дека бирократијата води кон стагнација, па дури и пад во интересот, но и креативноста на поединците, а индивидуалноста и спонтноста водат кон прогрес. Од тука произлегува дека доброволните институции се носителите на прогресот во општеството.

Мил бил и неприкосновен заговорник на слободата на израз, или слободата на говор, но и слободната трговија и *laissez-faire* економијата. Под силно влијание на неговиот татко Џејмс Мил и Џереми Бентам, го имал адаптирано утилитаризмот како философска поставка за своите гледишта. За истиот повеќе пишува во неговата *Utilitarianism* (1861)[171].

Интересен факт за Мил, е тоа што не сакал јавна функција[172], а најмалку да биде дел од Парламентот. Неговите пријатели, кои верувале во неговите способности, но и неговиот морален суд, инсистирале да се кандира за претставник, а тој мислејќи дека нема да добие гласови, одлучил да биде искрен, и да зборува за неговите либерални гледишта. Како резултат на својата искреност, но и секако ставовите за слобода, бил избран и реизбран за претставник во Парламентот.

Џон Стјуарт Мил е еден од најзначајните претставници, како за британскиот либерализам, така и за слободарството како идеа која дополнително ќе инспирира и други дејци и идеи во 20-тиот и 21-виот век. Неговите увиди за личната слобода, тиранијата на власта и индивидуалноста и доброволноста како основни принципи на слободното и прогресивно општество се од огромно значење и денес.

***Херберт Спенсер*** (Herbert Spencer, 1820 – 1903) бил англиски философ, биолог, антрополог и социолог, познат по својата теоретска поставка на *општествен* или *социјален дарвинизам*. Општествениот дарвинизам ја објаснува идеата на пресликување на дарвинизмот, односно еволуционизмот, од биологијата (помеѓу живите организми) во општеството (меѓучовечките односи).

[171] John Stuart Mill - Utilitarianism (2001, Batoche Books Kitchener)
[172] Leonard E Read - Pattern for Revolt (2018, fee.org)

Неговото значење за либерализмот и современиот либертаријанизам е големо. Од тој аспект, најпознато дело е *The Man Versus the State* (1884)[173] или шест есеи за власта, општеството и слободата. Во него Спенсер го воочува и поставува вечниот антагонистички однос во општеството, од суштинско значење за либерализмот, поистоветен со дуализмите: поединец - држава, слобода - принуда[174], доброволна размена или пазар - наметнато нормирање или државна регулација.

Во либертаријански или минархистички дух, Спенсер ја истакнува вистинската, односно посакуваната улогата на државата. Истата се поистоветува со улогата да го штити она што Лок го определи како право на само-поседување, а не да го промовира и постигнува таканареченото *општественото добро* (нешто значајно во традицијата на Жан-Жак Русо и колективистичките дејци). Спенсер верувал дека пазарно регулираните односи, здружувања и размени се супериорни, како во поглед на почитувањето на природните права на човекот, така и во овозможувањето на напредок на општеството. Неговите погледи за улогата на политичките власти и конкретно *државата ноќен-чувар* подетално се опишани во неговата збирка на писма (есеи) *Proper Sphere of Government* (1843)[175].

Подоцна, во 20-тиот век, Алберт Џеј Нок, Мареј Ротбард и Хенри Хазлит, тројца *гиганти* на современиот либертаријанизам, го истакнуваат и слават Спенсер како еден од најзначајните општествени философи и социолози на 19-ти век.

***Лорд Актон*** (Lord Acton John Emerich Edward Dalberg-Acton, 1st Baron Acton, 1834 – 1902) бил познат англиски аристократ, историчар, политичар и писател. Неговата мисла „Моќта корумпира, а апсолутната моќ, апсолутно корумпира“[176] и ден денес служи како една од основните максими во либерализмот, како и громогласен повик за ограничување на моќта на политичките власти. Дополнително, неговиот либерализм се воочува и во тоа дека слободата ја поставил како крајна цел[177], а не како средство за постигнување на цел, од каде имплицитно се насетува неговата морално-правна основа и оправдување за

---

[173] Herbert Spencer - *The Man Versus the State* (1884, oll.libertyfund.org)
[174] Spencer, Herbert (1820-1903) (libertarianism.org)
[175] Herbert Spencer - *Proper Sphere of Government* (1843, oll.libertyfund.org)
[176] Lord Acton (acton.org)
[177] Christopher Lazarski - Enemies or allies: Liberalism and catholicism in Lord Acton's Thought (2011, repozytorium.ka.edu.pl)

слободата. Исто така, бил свесен за опасностите кои со себе ги носи утилитаризмот, оставајќи простор за општествен инжињеринг и централно планирање, а со тоа и намалени слободи. Негово најпознато, но незавршено дело[178] е *The History of Freedom and Other Essays* (1907)[179], во кое Лорд Актон ја истражува историјата на слободата во различни епохи од човековата еволуција.

**24. Индивидуалистички анархизам**

Меѓу највлијателните дејци на ***индивидуалистичкиот анархизам*** во Европа, во 19-ти век бил германскиот философ ***Макс Штирнер*** (Max Stirner, 1806 – 1856). Тој во неговата *The Ego and its Own* (1844)[180], ја објаснува теоријата на ***егоизам***[181] - радикална и контроверзна теорија, дотолку повеќе со нејзината цел, претставена како *унии на ега* (*union of egos*), во рамки на алтернативно бездржавно општество.

На американско тло, во 19-ти век, посебно се битни пазарните или индивидуалистичките анархисти, заедно со нивните промислувања и делувања. Напроти европските анархисти, чиј анархизам е романтичен, но помалку реален, тие се татковци основачи на *аналитичкиот анархизам*, кој за речиси прв пат ја популаризира идеата за општество без држава, кое е возможно, и посакувано, од морално-философско[182], но и од економско-утилитарно гледиште.

Кај ***американските анархисти***, заговорници на ***философски***, ***индивидуалистички*** и/или ***пазарен*** **анархизам**, исто така и ***пазарен социјализам***, од крајот на 19-ти век, секако вредни да се напоменат се ***Џошуа Ворен*** (Josiah Warren, 1798 – 1874) и ***Хенри Девид Торо***[183] (Henry David Thoreau, 1817 – 1862). Анархизмот и аболиционизмот на Торо е од морална природа и се манифестира со непослушност, отфрлање и заобиколување на политичките авторитети, а дополнително неговите анархистички ставови можат да се согледаат во неговата *За должноста на граѓанинот да*

[178] IBID
[179] John Emerich Edward Dalberg - The History of Freedom and Other Essays (1907, oll.libertyfund.org)
[180] Max Stirner - *The Ego and its Own* (1844, marxist.org)
[181] Kristian Pr'Out - *Egoism and the Post-Anarchic: Max Stimer's New Individualism* (2019, calstate.edu)
[182] Murray N. Rothbard - *Do You Hate the State?* (20121, mises.org)
[183] Бошко Караџов - Индивидуализам и трансцендентализам: Хенри Дејвид Торо и уметноста на непослушноста (2020, libertania.org)

*биде непослушен*[184] превод на *Civil Disobedience* (1849)[185]. Ворен, од друга страна бил инспириран од мутуализмот на Прудон. Исто така и ***Френсис Дешвуд Тенди*** (Francis Dashwood Tandy - 1867–1913) бил ***индивидуалистички анархист***, ***волунтарист*** и ***мутуалист***. Негово најпознато е дело е *Voluntary Socialism* (1896)[186].

***Уберон Херберт*** (Auberon Herbert, 1838 – 1906) бил англиски писател и истакнат индивидуалист кој делувал во втората половина на 19-тиот и почетокот на 20-тиот век, член на групата наречена *Voluntaryists* која стоела позади принципите на доброволност и отсуство на секаква принуда[187] во општествените односи. Херберт може да се смета за родоначалник на философијата на ***волунтаризам***, која се темели на принципот на само-поседување[188], *доброволна влада*[189] и недвосмислено спротивставување[190] на секаков вид на насилство. За неговите принципи, може да се прочита повеќе во неговите *A Plea for Voluntaryism* (1906) и *The Right and Wrong of Compulsion by the State and Other Essays* (1885).

Списанието ***Liberty***, кое се издавало во Америка кон крајот на 19-тиот и почетокот на 20-тиот век било познато по својата *пазарно социјалистичка* и *анархистичка* содржина, а активисти, теоретичари и претприемачи како ***Лисандер Спунер***[191] (Lysander Spooner, 1808 – 1887), ***Бенџамин Такер*** (Benjamin Tucker, 1854 – 1939) и други, биле помеѓу неговите уредници и редовни автори. Истите послужиле како силна инспирација за слободарското или либертаријанското и дотолку повеќе анархо-капиталистичкото движење, кое ќе се појави во втората половина на 20-тиот век. Нивните дела, кои ставиле печат во аналитичката анархистичка мисла, се *The Law of Intellectual Property* (1855)[192], *No Treason: The Constitution of No Authority* (1867)[193], *Natural Law, The Science Of Justice* (1882)[194] на

---

[184] Хенри Девид Торо - За должноста на граѓанинот да биде непослушен (2011, okno.mk)
[185] Henry David Thoreau - *Civil Disobedience* (1849, virginia.edu)
[186] Francis Dashwood Tandy - *Voluntary Socialism* (1896, theanarchistlibrary.org)
[187] Auberon Herbert - *A Plea for Voluntaryism* (1906, oll.libertyfund.org)
[188] Auberon Herbert - *The Right and Wrong of Compulsion by the State and Other Essays* (1885, oll.libertyfund.org)
[189] Walter E. Block and Thomas J. DiLorenzo - Is Voluntary Government Possible? A Critique of Constitutional Economics (2000, *Journal of Institutional and Theoretical Economics (JITE)*, Vol. 156, No. 4)
[190] Auberon Herbert - *A Plea for Voluntaryism* (1906, oll.libertyfund.org)
[191] Симон Саревски - Лисандер Спунер, доајен на американскиот анархизам (2021, libertania.org)
[192] Lysander Spooner - *The Law of Intellectual Property* (1855, oll.libertyfund.org)
[193] Lysander Spooner - *No Treason: The Constitution of No Authority* (1867, oll.libertyfund.org)
[194] Lysander Spooner - Natural Law, The Science Of Justice (1882, mises.org)

Спунер и *State Socialism and Anarchism* (1888)[195] на Такер. Битно е да се напомене кај Такер и Спунер, е тоа дека иако двата биле анархисти, Спунер бил *природно-правен*[196], односно морален анархист и тргнувал од философските поставки за слободата и анархизмот, додека Такер бил утилитарист.

Лисандер Спунер бил законат анархист и непријател на државата. Исто така бил и аболиционист, претприемач и правник. Ја започнал првата приватна пошта во САД (*American Letter Mail Company*), која зацврршила неуспешно, токму поради неговите несогласувања и спротивставувања со власта. Најпозната е неговата критика на американскиот Устав, како своевиден репрезент на американската држава и неговото потенцирање на недостаток на *поединечна согласност* на граѓаните во Америка, во процесот на негово создавање и потпишување. Спунер изјавил дека уставот не може да ги обврзи оние кои не го потпишале, а секој акт е обврзувачки само за оние поединци кои ја дале својата согласност за негово стапување во сила, и никако поинаку. Интересно е тоа што и Такер и Спунер, како и мутуалистите, се декларирале како социјалисти и левичари, но секогаш цврсто се дистанцирале од доминантниот тип на *државен социјализам*, како и други видови на *социјалистички етатизам*. Такер и Спунер биле членови на *Првата интернационала*.[197]

## 25. Маргиналистичка економска револуција и Австриска економска школа

Иако својот современ израз, Австриската економска школа го добила со делата на Лудвиг вон Мисес и Фридрих Хаек во 20-ти век, нејзиниот зародиш може да се лоцира во *маргиналистичката економска револуција* од 19-ти век. Концептот на *маргинална корисност* е во фокусот на оваа економска револуција, како резонирањето за тоа како се создаваат цените. До 19-ти век, *трудовата теорија на вредност*, била неприкосновена, одредувајќи ја цената на добрата и услугите, првично од количината, односно квантитетот на труд, вложен во производството на конкретно добро или услуга. Но, секако, голем број на дилеми се појавувиле во врска со оваа теорија, на која одговор дале економските поставки на *маргиналистите* од 19-тиот век. *Објективната* вредност на добрата и услугите била заменета со *субјективна*. Трошоците повеќе не биле објективни, не зависеле

[195] Benjamin R. Tucker - State Socialism and Anarchism: How Far They Agree, and Wherein They Differ (1888, theanarchistlibrary.org)
[196] Lysander Spooner - Natural Law, The Science Of Justice (1882, mises.org)
[197] Никола Љ. Илиевски - Анархизам левичарски (2022, libertania.org)

од количеството на труд потрошено да се дојде до крајниот производ, туку од *маргиналната корисност*.[198]

Маргиналистичката револуција била иницирана независно од тројца економисти, имено ***Вилијам Џевонс*** (William Stanley Jevons, 1835 – 1882) од Англија, ***Леон Валрас*** (Marie-Esprit-Léon Walras, 1834 – 1910) од Франција и ***Карл Менгер*** (Carl Menger von Wolfensgrün, 1840 – 1921).

Карл Менгер, заедно со ***Еуген Бом вон Баверк*** (Eugen Böhm von Bawerk, 1851 – 1914) и ***Фридрих Висер*** (Friedrich von Wieser, 1851 – 1926) се родоначалници на Австриската економска школа (или *првиот бран на австријци*), која се развива под влијание на сознанијата од маргиналистичката економска револуција. Најзначајно дело на Менгер било *Principles of Economics* (1871)[199], во кое ги дал своите увиди и тези. За разлика од тогашната, но и денешната мејнстрим економија, која користела различни математички или егзактни методи, австриската школа се осврнува на алатки на анализа, логика и методолошки индивидуализам, поаѓајќи од премисата дека поединецот, првенствено размислува и делува (избира и влегува во акција).

## ПОДГЛАВА 3:
## Слободарство во 20-ти и 21-ви век

Може да се претпостави дека слободарството својот најширок дијапазон на толкување, оправдување и промовирање го доживува во 20-тиот и 21-виот век.

Истото, опфаќа мал куп на философии, идеологии и ставови, сите со заеднички деноминатор во концептот на лична слобода. Она што истите ги разликува, е прашањето *како и зошто до слобода*?, а она што ги спојува е *критиката кон насилството, принудата* и *врховизмот*. Сите овие философии даваат свои одговори, и тоа од различни перспективи. Иако класичниот либерализам и либертаријанизам се доминантни струи во слободарството од 20-ти век, постојат и други оправдувања за слободата, кои се надвор од овие две идеи, но се на линија на личната слобода.

[198] Симон Саревски - Маргиналистичка револуција – 150 подоцна (2021, libertania.org)
[199] Carl Menger - *Principles of Economics* (2007, mises.org)

Од друга страна, 20-тиот век може да се анализира како историски период во општествено-историскиот развој на човештвото, во кој *етатизмот, врховизмот и/или тоталитаризмот* како философии, идеологии и конкретни политики го доживуваат својот зенит во општествената реалност, во Европа и во светот.

## 26. Освојувачка теорија (conquest theory) за настанување на државата

Во првата половина на 20-тиот век се појавуваат двајца теоретичари, кои даваат особен придонес во процесот на воспоставување на релативно нова теорија за настанувањето на државата, различна од претходните органицистички, теории на општествен договор, како и марксистичките, а тоа е *освојувачката теорија за настанок на државата*. Оваа теорија за настанување на државата, не е битна исклучиво по тоа што ја лоцира генезата на државата, туку исто така поради униканите увиди кои истата ги дава во поглед на природата на држава, која е недвосмислено поврзана со нејзиното настанување.

***Франц Опенхајмер*** (Franz Oppenheimer, 1864-1943) беше германски социолог на државата, кој во слободарските кругови е познат по неговото дело *Државата*, оригинално *Der Staat*, а преводот на англиски јазик е *The State: Its History and Development Viewed Sociologically* (1908).[200] Во неа ја лоцира генезата на државата[201], и дополнително го следи нејзиниот историски развој. За разлика од неговите претходници, Опенхајмер ги отфрли доминантните теории за настанување на државата, и е еден од основачите на освојувачката теорија. Во истоименото дело, државата е одредена како организација за класна доминација на една класа врз останатите класи, а општеството како унија или сојуз на поединци кои преку различни комбинации на делување се во потрага по задоволување на личните потреби. Како социолошки концепт, ја поистоветува со општествена институција воспоставена од *победничка група* на луѓе, на сметка на *поразена група*, со единствена цел - ***одржување на владеењето над поразената и безбедност од внатрешен бунт и надворешен напад***. Економската логика позади функционирањето на државата е експлоатација на поразените од страна на победените. Аналогно, потеклото на државата е во *освојувањето и покорувањето*.

---

[200] Franz Oppenheimer - *The State: Its History and Development Viewed Sociologically* (1914, mises.org)
[201] Никола Љ. Илиевски - Франц Опенхајмер и генеза на државата (2021, libertania.org)

Позната е базичната типологија на Опенхајмер, која се однесува на начините на задоволување на човековите или личните потреби, каде издвојува два основни општи начина: *работа* и *кражба*. Првиот начин го поистоветува со *економски начин*, додека вториот го ословува како *политички*, од каде понатаму произлегува дефиницијата на државата како *организација на политички начини*, а *општеството - мрежа од економски*. Од тука дополнително произлегува дистинкцијата држава - општество, принуда - соработка, и политичка - општествена моќ.

Опенхајмер се декларирал себеси како *либерален социјалист* и го сметал капитализмот за експлоататорско општествено уредување[202], но и покрај тоа бил про-пазарно ориентиран, и бил свесен за улогата на пазарите и лошите ефекти на државната интервенција. Неговото дело *Државата* е од големо значење, затоа што ја втемелува освојувачката теорија за настанок на државата, но и затоа што понатаму инспирира слободари како Алфред Џеј Нок и Мареј Ротбард.

***Алберт Џеј Нок*** (Albert Jay Nock, 1870 – 1945) бил американски слободар, кој бил инспириран од *Државата* на Опенхајмер, неговата теорија за настанување на државата, како и начините за задоволување на човековите потреби. Исто така, тој бил меѓу првите во Америка кој се декларирал како либертаријанец. Неговата провиниенција може да се поистовети со *философски анархизам*, бидејќи ја сметал државата за ***неморален општествен субјект***.

Негово најпознато дело е *Our Enemy, the State* (1935)[203]. Во истото, пишува за распределбата на моќ помеѓу државата и општеството, и двете сфатени во смисла на Опенхајмер. Тој истакнува дека распределбата на моќ помеѓу двете е *игра со сума нула* (*zero sum game*), што значи, колку повеќе моќ има државата, толку помалку општеството, и обратно. Во продолжение, прави фундаментална разлика помеѓу она што претставува *општествена моќ*, и она што претставува *политичка*. Политичката е одредена како *моќ на човекот над човекот*, додека пак општествена е *моќ на човекот над природата*.

[202] Една перспектива за капитализмот е онаа на уредување, во кое државата и крупниот бизнис ја сочинуваат неправдата и ја изведуваат експлоатацијата во општеството, што исто либертаријанците би го нарекле *крони-капитализам*. Голем дел од *левичарската критика* за своевременото статус кво ја има оваа перспектива за капитализмот, но од друга страна, негова алтернатива би било слободно општество, во кое е отсутна оваа врска меѓу државата и капиталот би ја немало, и сите односи би биле слободни и пазарно регулирани.
[203] Albert Jay Nock - *Our Enemy, the State* (1935, famguardian.org)

Политичката моќ е заснована на принуда, изнуда, или насилство, додека општествената врз создавање на добра, услуги и нивна слободна размена. Џеј Нок, и неговата типологизација на моќта во општеството, ќе изврши големо влијание врз подоцнежната појава на анархо-капитализмот на Ротбард, како своевиден израз на слободарската мисла и неговата тотална критика на државата.

## 27. Мисес, Хаек и Австриска економска школа

Својот современ израз, Австриската економска школа го добива во 20-ти век, а нејзиниот зародиш може да се лоцира во *маргиналистичката економска револуција* од 19-ти. Концептот на *маргинална корисност* е во фокусот на оваа економска револуција, како резонирањето за тоа како се создаваат цените. До 19-ти век, *трудовата теорија на вредност*, е неприкосновена во економската мисла, одредувајќи ја цената на добрата и услугите, првенствено од количината на труд вложена во производството на конкретното добро или услуга.

Питер Бетки, еден од најголемите современи познавачи, толкувачи и претставници на Австриската економска школа и класичниот либерализам/либертаријанизам, во својот текст *Austrian School of Economics* (2019)[204], накратко, во 10 најбитни ставки, скоро брилијатно ја анализира оваа економска традиција.

Првата ставка гласи *само поединците избираат*, и се однесува на тоа дека истите се (или треба да бидат) основата на сите економски анализи, или нешто познато како методолошки индивидуализам. Втората ставка вели дека *изучувањето на пазарниот поредок се однесува на делувањата на размена и институциите во кои размената зазема место*. Од големо значење за школата, но и пошироко за општествените науки е третата ставка, која истакнува дека *фактите во општествените науки се она во што луѓето веруваат и она што го мислат*, за разлика од природните науки, кои се егзактни, и надвор од човеково размислување и делување.

Во однос на микроекономијата на Австриската економска школа, Бетки дава дополнителни четири ставки. Така, четвртата ставка се однесува на тоа дека *корисноста и трошоците се субјективни*, наспротив дотогаш доминантните економски тврдења дека истите се објективни. Петтата ставка гласи *системот на цени ги економизира*

[204] Peter J. Boettke - Austrian School of Economics (2019, econlib.org)

*информациите кои им се потребни на луѓето во процесот на донесување на одлуки*. Цените претставуваат сигнали за учесниците во пазарните процеси за релевантни информации, кои им помагаат да постигнат заемна добивка од размената. Шестата ставка од низата на Бетки се однесува тоа дека *приватната сопственост на начините на производство претставува неопходен услов за рационална економска пресметка*. Приватната сопственост обезбедува мотивација, но и одговорност кај учесниците, за ефикасно алоцирање на ретките ресури. Седмата ставка гласи дека *конкурентниот пазар е процес на претприемничко откривање*.

Наредните две ставки се од макроекономски карактер. Осмата ставка е *парите не се неутрални*, со која се навестува дека секоја промена во понудата на пари во оптек и дисторзија на монетарната политики има *реални ефекти* во општеството. Деветтата ставка се однесува на тоа дека *структурата на капиталот се содржи од различни хетерогени добра кои се манифестираат во голем број на различни користења*.

Последната, десетта ставка има поширок општествен или социолошки карактер, со која се алудира на тоа дека *општествените институции најчесто се резултат на човековите делувања (акции), а не на човеков дизајн*, што е во духот на замислата за децентрализиран и спонтан општествен поредок.

Австриската економска школа дава утилитарна перспектива или оправдување на принципите на слобода, слободен пазар и државно-немешање, затоа што не тргнува од природните права на поединецот, туку од супериорните резултатите на слободата на поединците, ефектуирана во рамки на општеството, или едноставно - ефикасната алокација на ресурси.

Најпознати дејци на австриската економска школа во 20-тиот век, несомнено се Лудвиг вон Мисес и Фридрих вон Хаек. Секако, скоро целата современа слободарска традиција, а посебно класично либералната и либертаријанската, ја има прифатено оваа школа како современо толкување на економската оправданост на принципите на слобода, ненасилност и немешање со посегнување по принуда, контрола и централизирано одлучување, но Мисес и Хаек имаат најголемо значење во процесот на проучувањето, надоградувањето и популаризирањето на истата.

***Лудвиг вон Мисес*** (Ludwig Heinrich Edler von Mises, 1881 - 1973) беше еден од најголемите економисти и општествени философи на 20-тиот век, *Тесла на општествените науки*[205], од темелно значење за слободарството и класичниот либерализам. Може да се смета за родоначалник на *ренесансата*[206] или повторното заживување на либерализам во 20-тиот век, чие значење и ден денес е недвосмислено.

Мисес истакнуваше дека економистите мора да препознаат дека предметот на економските науки е вкоренет во вредностите и делувањата на поединците. Од друга страна, истакнувапе дека е погрешно економистите, да го следат примерот на природните науки и да бараат механички врски (како агрегатна побарувачка и агрегатна понуда), бидејќи тие се статични и не даваат простор на различноста на луѓето, како и за вредноситите кои ги мотивираат нивните економски животи.[207] Мисес ја постави тезата дека економијата е дедуктивна наука, а нејзините принципи мора логички да потекнуваат од самото постоење и природата на човековите цели и делувања. Науката чиј основоположник е Мисес, и треба да се бави со човековите избори и делувања (акции), се нарекува *праксеологија*.[208] Според него, економијата е една од гранките на праксеологијата, како поширока наука.

Најпознато е неговото капитално дело *Human Action* (1949)[209], споредено[210] во огромното значење кое го има за економската и либералната мисла, со *Богатството на народите* на Адам Смит. Со него Мисес ги поставува основите на современата економска наука, според Австриската економска традиција, како дел од поширокатa праксеологија. Во него систематски се преточени сите економски законитости, започнувајќи со методолошки индивидуализам и фокус врз поединецот, неговите избори и делувања, секако последиците на тие делувања, како и обидите на политичките власти за ограничување на истите. ***Роберт Марфи*** (Robert P. Murphy) и ***Амадеус Габриел*** (Amadeus Gabriel) пишуваат извонреден водич за изучување на *Човеково делување* на Мисес - *Study Guide to Human Action* (2008)[211]. Исто така, и еден од најблескавите ученици на Мисес, Мареј Ротбард ги резимира ставовите и увидите на Мисес во неговата *The Essential von*

[205] Никола Љ. Илиевски - Лудвиг вон Мисес, Тесла на општествените науки (2020, libertania.org)
[206] Michael Schearer - Ludwig von Mises and Classical Liberalism (2021, Liberty University)
[207] Ludwig von Mises - *Human Action* (1998, mises.org)
[208] Ludwig von Mises - Praxeology (1981, fee.org)
[209] Ludwig von Mises - *Human Action* (1998, mises.org)
[210] Hans F. Sennholz - Human Action: Mises Greatly Enlarged the Field of Economics (1996, mises.org)
[211] Robert P. Murphy & Amadeus Gabriel - *Study Guide to Human Action* (2008, mises.org)

*Mises* (1973)[212]. ***Јорг Гвидо Хулсман*** (Jörg Guido Hülsmann) пишува биографија за Мисес, но исто така прави и сумирање на неговите ставови и увиди, во неговата *Mises: The Last Knight of Liberalism* (2007)[213].

Мисес истакнуваше дека непречениот слободен пазар е единствениот функционален и продуктивен економски систем. Социјализмот не може да биде успешен, затоа што без цени, не може да се пресмета трошокот на секое поединечно делување. Во продолжение, сметаше дека секој владин или државен обид да го подобри функционирањето на пазарната економија е поразителен. Со своето убедливо отфрлање на царините и субвенциите, контролата на плати и цени, ограничувањата на слобода на движење на добра и луѓе, и државниот упад во приватната сфера, Мисес постави стандарди за слободарски радикализам, *laissez-faire* политики и генерално, за возобновување на стариот либерализам.

Мисес бил доста плоден во однос на делата кои произлегувале од спојот на неговата макотрпна работа и неговите ставови и увиди. Покрај *Човеково делување*, тој исто така е автор на *The Theory of Money and Credit* (1912)[214], *Nation, State, and Economy* (1919)[215], *Liberalism In The Classical Tradition* (1927)[216], *A Critique of Interventionism* (1929)[217], *Bureaucracy* (1944)[218], *Omnipotent Government: The Rise of the Total State and Total War* (1944)[219], *Socialism: An Economic and Sociological Analysis* (1951)[220], *The Anti-Capitalistic Mentality* (1956)[221], *Planning for Freedom; and Twelve other Essays and Addresses* (1952)[222], *The Ultimate Foundation of Economic Science* (1962)[223], *Historical Setting of the Austrian School of Economics* (1969)[224], *Economic Policy: Thoughts for Today and Tomorrow* (1979)[225].

---

[212] Murray N. Rothbard - *The Essential von Mises* (1973, mises.org)
[213] Jörg Guido Hülsmann - *Mises: The Last Knight of Liberalism* (2007, mises.org)
[214] Ludwig von Mises - *The Theory of Money and Credit* (2009, mises.org)
[215] Ludwig von Mises - *Nation, State, and Economy* (1919, mises.org)
[216] Ludwig von Mises - *Liberalism In The Classical Tradition* (2002, mises.org)
[217] Ludwig von Mises - *A Critique of Interventionism* (1929, mises.org)
[218] Ludwig von Mises - *Bureaucracy* (1944, mises.org)
[219] Ludwig von Mises - *Omnipotent Government: The Rise of the Total State and Total War* (1944, mises.org)
[220] Ludwig von Mises - *Socialism: An Economic and Sociological Analysis* (1959, mises.org)
[221] Ludwig von Mises - *The Anti-Capitalistic Mentality* (2008, mises.org)
[222] Ludwig von Mises - *Planning for Freedom; and Twelve other Essays and Addresses* (1952, mises.org)
[223] Ludwig von Mises - *The Ultimate Foundation of Economic Science* (1962, mises.org)
[224] Ludwig von Mises - *Historical Setting of the Austrian School of Economics* (2003, mises.org)
[225] Ludwig von Mises - *Economic Policy: Thoughts for Today and Tomorrow* (2006, mises.org)

Во 1947 година е еден од основачите на *Mont Pelerin Society*[226], своевремено едно од најголемите друштва или организации, промотор на политички и економски либерализам. Умира во 1973 година, во Њу Јорк, а зад него остава огромно научно наследство кое ќе служи како темел и инспирација за идните слободарски генерации.

И покрај тоа што претставувал еден од најголемите економски умови кои постоеле, неговото значење било и сеуште е занемарено од страна на мејнстрим економските школи. Но, од друга страна, Мисес е поставен на пиадестал во слободарството и општествените науки, аспектирани низ слободарска призма. ***Мисес институтот*** (*Mises Institute*)[227], формиран во 1982-ра година, во Аубурн, Алабама, го носи неговото име, и претставува интелектуално прибежиште на голем број на дејци за слобода и алтернативно (бездржавно) управување со општеството.

***Фридрих вон Хаек*** (Friedrich August von Hayek, 1899 - 1992) беше уште еден гигант на слободарската и либералната мисла. Беше еден од учениците на Лудвиг вон Мисес, и достоен следбеник на Австриската економска школа. Ја добива Нобеловата награда во областа на економските науки од 1974, заедно со ***Гунар Мирдал*** (Gunnar Myrdal). ***Доналд Бодро*** (Donald J. Boudreaux), во својата книга *The Essential Hayek* (2014)[228], накратко, во 70-тина страни ги воведува читателите во најбитните моменти од целокупното делување на Хаек.

Од фундаментално значење за мислата и делото на Хаек се неговите увиди во улогата на *знаењето* и *цените*. Хаек истакнува дека знаењето[229] нема исклучително научен карактер, туку она знаење кое е релевантно во животот на поединците е од локален карактер и има времено значење - ***локално знаење*** (*local knowledge*). Од тука потекнува и фактот дека централните политички авторитети немаат капацитет, а често и немаат волја

226 Друштвото Монт Пелерин беше составено од врвни интелектуалци, академци и лица со своевремено големо влијание во општествените науки. Заедничко за сите нив е тоа што сите ги увиделе лошите ефекти од социјализмот, но сепак истите не биле класични либерали, во некоја потесна смисла. За слободарскиот радикализам на Мисес говори и фактот што на еден од првите собири во 1947 година, на кои се дискутирало за уредувањето во повоениот свет, како и супериорноста на слободната економја, но и потребата за определени видови на даноци, Лудвиг вон Мисес, станал, и со зборовите: „сите вие сте банда социјалисти“ го напуштил собирот. Повеќе: Richard M. Ebeling - In the Beginning: The Mont Pelerin Society, 1947 (2022, aier.org)
227 Mises Institute (mises.org)
228 Donald J. Boudreaux - *The Essential Hayek* (2014, fraserinstitute.org)
229 Илија Васиљески - Економијата и знаењето (2020, libertania.org)

да располагаат и да делуваат во согласност со тоа знаење. Аналогно на тоа, тука паѓаат во вода сите обиди за централно уредување и планирање на економијата, затоа што централните власти не може да го земат во предвид цело тоа локално знаење. Истото знаење доаѓа до израз во сложената мрежа составена од огромен број на човекови делувања и општествени односи, кои имаат строго децентрализиран и доброволен карактер. Цените, од друга страна се показатели, односно сигнали на тоа знаење. Без цени не е можна ефикасна алокација на ресурсите, затоа што тие се единствениот *метод на комуникација* на тоа знаење меѓу субјеките. Овие Хаекови увиди може да се пронајдат во неговата *The Use of Knowledge in Society* (1945)[230], или преведено на македонски јазик *Употреба на знаењето во општеството*.[231]

Исто така од огромно значење за делото на Хаек се неговите увиди во она што го нарекува *спонтан* или *природен поредок*. Спонтаниот општествен поредок не е последица на централно-политички уредувања и регулации, туку истиот произлегува од поединечните делувања во рамки на општеството. Спонтаниот поредок е резултат на човековите делувања во слободно општество, во кое поединците слободно влегуваат во односи, без потреба од централен арбитер на принуда (држава, влада, власт). Повеќе околу овој концепт Хаек има пишувано и може да се прочита во неговото дело *Individualism and Economic Order* (1948)[232].

Не само што беше економист, Хаек во подоцнежните години од својата академска кариера, особено внимание посветуваше на правно-политичките и социолошките аспекти на феномените на држава, општество, идеи и промена. Во својата маестрална *The Constitution of Liberty* (1960)[233] разграничува што претставува слобода и принуда и ги поставува како антоними, т.е. помалку принуда - повеќе слобода и обратно. Исто така пишува за концептот на владеење на правото, и нуди критика на доминантниот модел на држава во Европа, и тоа *држава на благосостојба*. Во *Law Legislation and Liberty* (1973)[234] пишува повеќе околу нормите и правото, и констатира дека нормите му претходат на правото, и истите се дело на спонтаниот поредок, додека правото е резултат на процесот на *озаконување*, во кое државата го има главниот збор. Дава и историски аспекти, како

[230] Friedrich A. Hayek - The Use of Knowledge in Society (1945, econlib.org)
[231] Фридрих Хаек - Употреба на знаењето во општеството (2022, libertania.org)
[232] Friedrich A. Hayek - *Individualism and Economic Order* (1958, mises.org)
[233] Friedrich A. Hayek - *The Constitution of Liberty* (2010, iea.org.uk)
[234] Friedrich A. Hayek - *Law Legislation and Liberty* (1998, Routledge)

постоеле и постојат норми или право, без да постои централизирана политичка, или принудна гаранција за исполнување на истото.

Есеј од огромно значење за заживувањето на класичниот либерализам и секако огромната улога која идеите ја имаат во обликувањето на општествено-политичката реалност е *Intellectuals and Socialism* (1949).[235] Во есејот, Хаек ги анализира причините за успешноста на идеата на социјализмот во 19-тиот и 20-тиот век, како во Европа, така и во САД, и улогата на оние најгласните кои го подготвуваат теренот за актуелизација на идеите во општествените институции и јавните политики – интелектуалците.[236] Понатаму наведува дека во секоја земја со силни социјалистичките тенденции во јавните политики, претходела фаза во која идеите го освоиле интелектуалниот простор, а интелектуалците ги застапувале пред јавноста и власта. Борбата на идеи, со која се формира доминантната *идеолошката клима* (*climate of opinion*) во едно општество, во која интелектуалците ја играат најголемата улога, секогаш претходи на процесите на политичкото одлучување и донесување на јавни политики. Хаек ја поставува тезата за општествена, политичка или институционална промена, поттикната од промена во начинот на размислување на поголемиот дел од населението, кое несомнено влијае врз делувањето на политичките елите, како и тоа дека истите елити се движат во рамки определени од јавноста, или барем најактивниот и најгласниот дел од јавноста. Упростено, доминантното размислување за идеите ги одредува јавните политики, или идеолошката промена, ја навигира општествената.

Може да се заклучи дека најпознато дело на Хаек е неговата книга *The Road to Serfdom* (1944)[237] на македонски јазик преведена како *Пат кон ропство*[238]*,* за прв пат издадена непосредно пред завршувањето на Втората светска војна. Во истата на аналитичен начин претставува како се поголемото мешање на државата во економијата и пошироките општествени процеси водат кон се поголемо узурпирање на слободата, и тоа во сите сфери на човековото живеење, не само во економските. Исто така, оваа книга, во пророчки дух, ги предвиде катастрофалните ефекти на социјализмот или комунизмот во Источна Европа и СССР.

---

235 Friedrich A. Hayek - The Intellectuals and Socialism (1949, mises.org)
236 Никола Љ. Илиевски - Фридрих Хајек: Храброст да се биде утопист (2021, libertania.org)
237 Friedrich A. Hayek - *The Road to Serfdom* (2001, mises.org)
238 Фридрих Хаек - Пат кон ропство (2011)

Покрај споменатите дела, Хаек е исто така и автор на голем број други дела како што се: *The Sensory Order and Other Writings on the Foundations of Theoretical Psychology* (1952)[239], *The Denationalization of Money* (1976)[240], *The Counter-Revolution of Science* (1952)[241], *The Fatal Conceit : the Errors of Socialism* (1988)[242], *Why I Am Not a Conservative* (1992)[243].

Фридрих Хаек е несомнено една од најзначајните личности на слободарството, не само во 20-тиот век, туку и за целокупното негово историско и современо постоење. Неговата посветеност, храброст и трудољубивост и ден денес служат како пример за секој кој што сака да ги унапреди принципите на поединечна слобода.

Фридрих Хаек, заедно со Лудвиг вон Мисес, како и други дејци на Австриската економска школа, се можеби најзначајните фигури во она што денес се подразбира под слободарство, класичен либерализам, или современ либертаријанизам.

### 28. Анти-тоталитаризам и дистопизам

По завршувањето на Втората светска војна, во Европа и во светот, се поголем замав заземаат анти-тоталитарни и про-слободарски автори и нивни движења. Постојат неколку автори кои оставиле печат во овој период и се од големо значење за слободарството. Иако дел од нив не биле експлицитно класични либерали или либертаријанци, она што ги вметнува во оваа слободарска идеолошка традиција е нивната анти-тоталитарна поставеност и критиката кон тоталитаризмот, кој беше актуелен во десна форма како фашизам и агресивен национализам и лева форма, како социјализам, комунизам и централно планирање на економијата и општеството.

***Карл Попер*** (Karl Raimund Popper, 1902 – 1994) беше еден од авторите, кои ја промовираат скептичноста кон семоќни политички авторитетите. Попер беше општ и филозоф на знаење, но сепак понуди силни увиди за политичката филозофија, од значење за либерализмот и слободата. Она што го вметнува во *слободарскиот клуб*[244] на дејци на

[239] Friedrich A. Hayek - *The Sensory Order and Other Writings on the Foundations of Theoretical Psychology* (2010, mises.at)
[240] Friedrich A. Hayek - *The Denationalization of Money* (1976, iea.org.uk)
[241] Friedrich A. Hayek - *The Counter-Revolution of Science* (1979, mises.at)
[242] Friedrich A. Hayek - *The Fatal Conceit : the Errors of Socialism* (1988, mises.at)
[243] Friedrich A. Hayek - Why I Am Not a Conservative (1992, cato.org)
[244] Karl Popper: Political Philosophy (iep.utm.edu)

20-тиот век, се неговите творби и залагања за *разум*, *толеранција*, *ненасилство* и *лична слобода*.

Негово најзначајно дело во доменот на политичката философија е *Open Society and its Enemies* (1945)[245]. Книгата претставува заокружена академска критика на тоталитаризмот како широка и флуктуирачка идеолошка традиција, која се појавува во различни форми низ историјата, а исто така истата претставува и промоција на моделот на либерална демократија и идеите на либерализмот[246], сфатени во поширока смисла. Клучен концепт е оној на *отворено општество* (*open society*). Концептот на отворено општество соодветствува со оној на слободно општество. Отворено општество е она во кое поединците имаат слобода или простор да донесуваат одлуки слободно, без принуда, во кое насилството е сведено на нужен минимум (од страна на државата) и во кое владее толеранција и разбирање за различноста на луѓето и нивните одлуки. Наспроти отвореното општество, Попер го позиционира *затвореното*, или она кое е колективистичко, племенско (трибалистичко), во кое поединците не се препознати како цел сами за себе, туку како средство за постигнување на определени над-поединечни, племенски, колективни, или општествени цели. Во овие општества, колективот, авторитетот, принудата, табуата и традицијата имаат предност во однос на слободата, отвореноста и толерантноста.

Книгата е фокусирана на историските поставки на тоталитаризмот, започнувајќи во времето на Платон, кого Попер го смета за философски татко на тоталитаризмот и колективизмот. Подоцна во историјата, концептот на затворени општества, го поврзува со тенденциите на марксизмот, историцизмот, утопизмот, фашизмот како и различните академските оправдувања за општествен инжињеринг. Повеќе околу критиката кон историцизмот и сличните Хегелови и Марксистички школи, Попер пишува во неговата *The Poverty of Historicism* (1956)[247].

Од друга страна, не може да се заклучи дека Попер бил либертаријанец или слободар во некоја потесна смила. Тоа е поради неговите заложби за определени социјални и едукативни функции, за кои сметал дека треба да бидат во доменот на државата, и

---

245 Karl Popper - Open Society and its Enemies, and its Enemies (1945)

246 Dag Einar Thorsen - The Politics of Freedom: A Study of the Political Thought of Isaiah Berlin and Karl Popper, and of the Challenge of Neoliberalism (2011, University of Oslo)

247 Karl Popper - The Poverty of Historicism (1956, archive.org)

подршката за еден вид на економски интервенционизам. Иако, не е *догматски либертаријанец*, неговите придонеси кон академското толкување на слободата и дотолку повеќе, неговото учество во организации и движења кои ја промовираат слободата, се недвосмислени.

***Џорџ Орвел*** (George Orwell (Eric Arthur Blair), 1903 – 1950) беше англиски писател, кој постигна светска слава со својот дистописки роман *1984* (1949)[248] и алегорискиот роман *Animal Farm* (1945)[249].

Во 1984, иако пишува за замислена земја Океанија, во која *Големиот брат* е симбол на тотална контрола, истата е метафора за Советска Русија, во која своевремено, тоталитаризмот добива се почиста форма. Контекстот е *мрачен*, постои масовна контрола на приватните животи на поединците, постои надворешен непријател, кој што треба да го оправда теророт на власта кон граѓаните, и секако таа власт е сеприсутна, и ги има пуштено своите *пипци* длабоко во приватните домени од човеково живеење и делување. Уште една силна метафора е *новоговорот*, со кој власта во Океанија воведува нов задолжителен јазик, симбол за тоталитаризам во највисока форма. Тоталитарните владетели, имаат тенденција да го наметнуваат ставот дека историјата и иднината започнуваат со нив, а тоа, најдобро се прави со создавање и наметнување на нов јазик. Контролата врз вербалниот и пишаниот израз е највисокиот вид на контрола, која една тоталитарна власт може да го постигни.

*Животинската фарма* е кратка алегорија, во која Орвел пишува за *животинско општество* во рамките на една фарма, во која животните се обидуваат да се организираат и да го отфрлат владеењето на фармерот, како и да воспостават општество во кое сите животни ќе бидат еднакви. Новото општество, во кое сите се или се претпоставува дека се *еднакви*, е полошо и од старото, а во него се наметнува диктатурата на свињата Наполеон. Фармата, претставува метафора на сите обиди со насилство да се промени определен режим, и секако, резултатите, кои скоро во сите случаи, се полоши, од она што било претходно. Дополнително, укажува на апсурдноста и невозможноста на целта на егалитаријанизмот. *Ослободената* фарма, ја симболизира Советска Русија, по

248 George Orwell - *1984* (1949, rauterberg.employee.id.tue.nl)
249 George Orwell - *Animal Farm* (1945, glossopdale.derbyshire.sch.uk)

Октомвриската револуција, а *свињата* Наполеон - Јосеф Висарионович Сталин. Орвел, на многу уникатен и примамлив начин, задира во сржта на тоталитаризмот, и успева да ја прикаже преку многу едноставна, но моќна и дотолку повеќе инспиративна приказна.

Иако самиот не се декларирал како слободар, либерал или либертаријанец, а често се поистоветувал како *демократски социјалист* или *социјал-демократ*, неговата громогласна критика и тоа најмногу кон *црвениот тоталитаризам*, дава за право да биде сместен помеѓу слободарите во 20-ти век.

***Хана Арент*** (Hannah Arendt, 1906 – 1975) беше политички теоретичар, една од највлијателните фигури[250] во политичката философија и меѓу најпознатите критичари на тоталитаризмот во 20-тиот век. Книга со која доживува светска слава е *The Origins of Totalitarianism* (1951)[251], преведена на македонски јазик како *Изворите на тоталитаризмот* (2013)[252], во која ги анализира најбитните елементи и заедничките содржатели на нацизмот и советскиот комунизам, како школски примери на тоталитаризам во 20-ти век. Го лоцира потеклото на тоталитаризмот, во развојот на империјализмот, растечкиот анти-семитизам, како и појавата на (квази) научниот расизам во претходниот - 19-ти век. Арент истакнува дека главниот адут кај тоталитарните идеологии е нивната способност да прикажат идеа која што ветува заштита од некаква надворешна и внатрешна опасност. *Замена на вистината со комфорна лага*[253], целосната контрола на медиумите, како и фундаменталното загрозување на слободата на говор, се инструменти со кои тоталитарните власти ја одржуваат, а во исто време и ја легитимираат својата власт и владеење. Главната состојка на секој тоталитаризам е насилството и стравот од насилство, означено со кованицата *владеење на терор*[254].

Од друга страна според Арент, секој тоталитаризам подразбира и погодни општествени услови или *плодна почва*, во која може да се развива, манифестирани во контексти исполнети со политичка нестабилност, тензија, и финансиска несигурност. На почетокот и во првата половина на 20-ти век во Европа и светот, постојат скоро совршени општествени услови за развој на тоталитарните идеологии.

---

[250] Lawrence W. Reed - Hannah Arendt’s Chilling Thesis on Evil (2022, fee.org)
[251] Hannah Arendt - *The Origins of Totalitarianism* (1951)
[252] Хана Арент - *Изворите на тоталитаризмот* (2013, Фондација Отворено општество)
[253] James Reynolds - The Origins of Totalitarianism by Hannah Arendt (2022, philosophynow.org)
[254] Cali Slair - Hannah Arendt’s The Origins of Totalitarianism (2015, notevenpast.org)

Други нејзини дела од доменот на политичката философија се *On Revolution* (1963)[255] и *On Violence* (1970)[256] во кои генерално е критички настроена кон насилството, обидите за општествено-политичка промена, како и владеење со помош на насилство.

Арент, не се декларирала во политичко-идеолошка конотација (не била изричито либерал), но она што е сигурно и остава простор да биде сместена помеѓу слободарите во 20-тиот век е тоа дека била жесток противник и критичар на тоталитаризмот, како и сите режими кои ја потпираат својата власт на насилство, страв, контрола и манипулација. И самата била со еврејско потекло и жртва на Холокаустот, од каде и доаѓа нејзиниот порив за анти-тоталитаризам.

***Исаја Берлин*** (Isaiah Berlin, 1909 – 1997) беше руско-британски политички теоретичар, философ и историчар на идеи, широко познат и со големо влијание во 20-тиот век. Во поглед на политичките теории и философија, најзначајно негово дело е текстот *Two Concepts of Liberty*, дел од поголемиот есеј *Four Essays On Liberty* (1969)[257]. Во него Берлин пишува за два концепта на слобода.

Првиот концепт на слобода го нарекува *негативна слобода*, или она што на македонски јазик би било *ослободеност*, или *liberty*, на англиски јазик. Негативната слобода означува слобода од принуда, од насилство и се поврзува со приватниот простор на делување на поединецот, и императивот за отсуство на државата или било кој механизам на принуда, од него. Овој концепт на слобода ја следи англо-саксонската либерална традиција. Тоа е онаа слобода која ја потенцираат слободарите, односно либертаријанците и соодветствува со *слобода од*.

Позитивната слобода, од друга страна е она значење кое асоцира на *слобода за*, односно слобода да се учествува во донесувањето на колективни одлуки, или на англиски јазик *freedom*. Таа се надоврзува на демократијата, како механизам, кој гарантира учество на поединецот во донесувањето на политичките одлуки кои имаат ефект врз него. Позитивната слобода е еманација на борбата на човекот да учествува, како во изборот на политичките елити, така и во одлучувањето по повод најбитните прашања во општеството. Таа се надоврзува на француската либерална традиција.

---

[255] Hannah Arendt - *On Revolution* (1963, Penguin Books)
[256] Hannah Arendt - *On Violence* (1970, A Harvest/HBJ Book)
[257] Isaiah Berlin - Four Essays On Liberty (1969, Oxford University Press)

Може да се залучи дка Берлин бил либерал[258], и тоа во некоја поширока конотација, а главно сведоштво за тоа е неговата силна критика на марксизмот и тоталитаризмот.

***Монт Пелерин Друштво*** (Mont Pelerin Society[259], 1947) претставува меѓународна организација составена од експерти во општествени науки - економисти, историчари и философи, создадена непосредно по завршувањето на Втората светска војна.

По војната, во која голем број од вредностите на Западната цивилизација беа поткопани, 36 академци беа поканети од страна на Фридрих Хаек, да се состанат во Монт Пелерин, Швајцарија, за да ги дискутираат состојбите и вербата во либерализмот преку различни размислувања и пракси.

Главната цел на друштвото, била, и денес е, со помош на размена на гледишта помеѓу умови инспирирани од заеднички идеали и широки концепции, да придонеси кон зачувувањето и унапредувањето на слободното општество.[260]

Вредности врз кои се потпира друштвото се слобода на израз, слободен пазар и отворено општество. Помеѓу најистакнатите членови друштвото биле Фридрих Хаек, Милтон Фридман, Џејмс Бјукенен, Карл Попер, Лудвиг вон Мисес, Бруно Леони, Питер Бетки, Вилхелм Ропке, Џорџ Стиглер и други.

## 29. Американски либертаријанизам

Американскиот либертаријанизам претставува идеолошка, политичка и философска традиција, која претставува компромис помеѓу либерализмот, од лева страна, и конзервативизмот, од десна, гледани низ призмата на американската политика. Од левицата, т.е. од либерализмот ги презема заложбите за граѓански, политички или социјални слободи и права[261], додека пак од десницата, или од конзервативизмот ја адаптира наклонетоста кон економска слобода, приватна сопственост и слободен пазар (фискален конзервативизам[262])[263].

---

[258] Isaiah Berlin (plato.stanford.edu)
[259] Mont Pelerin Society (montpelerin.org)
[260] Mont Pelerin Society (montpelerin.org)
[261] David Boaz - Key Concepts of Libertarianism (2019, cato.org)
[262] Samuel R. Pierce Jr. - Fiscal Conservatism: Managing Federal Spending (1988, heritage.org)
[263] Том Г. Палмер - *Зошто слобода?* (2017, libertania.org)

Истиот опфаќа повеќе школи, традиции и активизми, како што се класичниот либерализам, анархо-капитализмот, објективизмот, философскиот анархизам, американскиот (либертаријански) конзервативизам, леви либертаријанизми, како и други *слободарски* и *фри-маркет* идеолошки традиции.[264]

Секако, американскиот либертаријанизам, делумно е инспириран од школата на индивидуалистички анархизам, посебно активна во 19-тиот век, движењата за граѓански права, надополнета со увидите на Австриската економска школа и ставовите на Лудвиг вон Мисес и Фридрих Хаек за функционирањето на општеството. Алфред Џеј Нок, е помеѓу првите кои се декларираат како *либертаријанец*, од каде започнува и оваа традиција во Америка.

Негова централна аксиома е принципот на *не-насилство*, односно не поттикнување на насилство, за разлика од насилство во само-одбрана или крајна нужда, кое е оправдано и легитимно. На овој принцип, се надоврзува и принципот на човеково само-поседување и утилитарниот аспект за ефикасна економија, просперитет и благосостојба, поврзани со првиот принцип.

## 30. Хезлит, Рид и класичен либерализам

***Хенри Хезлит*** (Henry Hazlitt, 1894 – 1993) беше една од најинспиративните слободарски фигури во Америка, новинар и неприкосновен пропонент на класичниот либерализам. Во слободарските кругови, познат е неговиот *бестселер Economics in One Lesson* (1946)[265], во коа, инспириран од Бастиат и неговата *Она што се гледа и она што не се гледа*, суштински ја објаснува економијата како наука во три дела и дваесет и три глави, на нешто помалку од 200 страни. Книгата започнува со дилемата околу *скршениот прозорец* и *благословот на уништувањето*, алудирајќи на концептот на опортунитетен трошок. Понатаму продолжува со јавните работи, даноците, кредитите, *фетишот* на потполна вработеност, тарифите, царините, контролите врз цените, субвенциите, мимималните плати, синдикатите, профитите и инфлацијата. Во истата, на многу едноставен начин е прикажано функционирањето на економијата, како и демаскирани се некои *меинстрим* увиди  и ставови за економијата.

[264] David Boaz - What Libertarianism Is and Isn’t (2023, cato.org)
[265] Henry Hazlitt - *Economics in One Lesson* (2008, Ludwig von Mises Institute)

Хезлит, во своето творештво, на голема врата ги прифаќа и промовира принципите на лична слобода и избор, слободен пазар и минимално мешање на државата, пред се во економските, но и пошироко, во општествените процеси. Тој, исто така беше еден од основачите на *Foundation for Economic Education*[266], една од првите слободарски *фри-маркет* организации во Америка, основана во 1948, а и еден од основачите на *Друштвото Монт Пелерин*.

Покрај, неговата најпозната *Економија во една лекција*, Хезлит е автор и на неколку книги, и тоа *The Great Idea*[267] (1951), *Failure of the 'New Economics'*[268] (1959), *What you should know about inflation*[269] (1960), *The Foundations of Morality*[270] (1964), *Man vs. the welfare state*[271] (1969), *The conquest of poverty*[272] (1973), *The inflation crisis, and how to resolve it*[273] (1978) и други.

***Леонард Рид*** (Leonard Edward Read, 1898 – 1983) беше исто така доста битна фигура во американскиот либератаријанизам, чиј придонес кон идеите на лична слобода и слободен пазар се недвосмислени, навремено, но и ден денес. Заедно со Хенри Хезлит, се едни од основачите на *Foundation for Economic Education*[274].

Најпознат е по неговиот есеј *I pencil* (1958)[275], напишан во прво лице, од перспектива на моливот, низ неговото *фамилијарно дрво.* Во него се поставува прашањето дали постои поединец во светот кој знае и може да го создаде (моливот). Секако, одговорот на прашањето е не, од каде се провлекува ново прашање. Како тогаш, моливи има во изобилство, и тоа по многу ефтини цени? За да се произведе молив и истиот да биде достапен до крајниот потрошувач, потребен е ангажман на мал куп на луѓе, од целиот свет, кои меѓусебно соработуваат. Истиот не може да биде наметнат или создаден од еден човек, а моќта на слободниот пазар, односите на доброволна размена и соработка е во тоа што

266 Foundations for Economic Education (fee.org)
267 Henry Hazlitt - *The Great Idea* (1951)
268 Henry Hazlitt - *Failure of the 'New Economics'* (1959, mises.org)
269 Henry Hazlitt - *What you should know about inflation* (1960, mises.org)
270 Henry Hazlitt - *The Foundations of Morality* (1964, fee.org)
271 Henry Hazlitt - *Man vs. the welfare state* (1969, mises.org)
272 Henry Hazlitt - *The conquest of poverty* (1973, mises.org)
273 Henry Hazlitt - *The inflation crisis, and how to resolve it* (1978, mises.org)
274 Foundations for Economic Education (fee.org)
275 Leonard E Read - I, pencil (1958, fee.org)

истите не се диктирани од еден централен политички авторитет[276], туку од потребата на крајните потрошувачи, канализирана низ институциите и механизмите на слободниот пазар.

Метафората на моливот е скоро на исто рамниште со врвните научни оправдувања за слободниот пазар и поделбата на трудот, обезбедени од пресметковните дебати на Мисес и Хаек. Рид. Истата, на многу шармантен и едноставен начин, успеа, на обичниот читател, без некои големи предзнаења за економија, општествени науки, или праксеологија, да му ја долови магијата на хармонијата поттикната и загарантирана од слободниот пазар и неговите институции. Достапноста на моливот за сите луѓе во светот, како и останатите производи и услуги, е симбол на спонтаниот поредок и моќта на слободниот пазар и само-регулацијата на човековите делувања, чиј исход е заемна добивка.

Исто така, од големо значење за Рид, но и за понатамошниот дел од текстов, е неговиот есеј *I'd Push the Button* (1946)[277]. Рид, заговарајќи укинување на државните контроли и регулации во економијата и општеството, или конкретно контролите врз цените, платите и слично, изјави дека доколку постои *копче* и со негово притиснување би се укинале сите ценовни и контроли на плати, тој без размислување *би го притиснал*[278] истото. Копчето е симбол за *решителноста* и *детерминираноста* на слободарите (либертаријанците), или потребата од истите квалификации, во процесот на промовирање и актулизирање на принципите врзани на личната слобода. Дополнително, во есејот се воочува радикализмот на Рид за слобода и слободен пазар. Радикализмот е една од струите во слободарството (наспроти градуализмот), која константно ја има крајната цел не прави компромиси со истата, а ниту во еден момент на заговарање не се откажува од истата. Понатаму во поглед на развојот на слободарството, оваа изјава ќе служи како силна инспирација и мотивација за Мареј Ротбард и неговиот пристап кон општествена (политичка) промена, како и за слободарските организации и движења во Америка и ширум светот.

Лео Рид е автор и на голем број на дела, во кој се провејуваат неговите размисли, заложби, ставови и увиди, доминантно за слободата, либерализмот и слично, како што се

[276] Симон Саревски - Чудесниот молив (2021, libertania.org)
[277] Leonard E Read - I'd Push the Button (2018, fee.org)
[278] Никола Љ. Илиевски - Дали би го притиснал копчето? (2022, libertania.org)

*Pattern for Revolt* (1948)[279], *Students of Liberty* (1950)[280], *Outlook for Freedom* (1951)[281], *Government—An Ideal Concept* (1954)[282], *Why Not Try Freedom?* (1958)[283], *Elements of Libertarian Leadership* (1962)[284], *Anything That's Peaceful* (1964)[285], *The Free Market and Its Enemy* (1965)[286], *Let Freedom Reign* (1969)[287], *Instead of Violence* (1973)[288], *Vision* (1978)[289], *Liberty: Legacy of Truth* (1978)[290], *Thoughts Rule the World* (1981)[291], итн.

***Изабел Патерсон*** (Isabel Paterson, 1886 – 1961), философ, писател и литературен критичар[292], претставуваше една од главните женски фигури (*мајки основачки*), која во голема мера, ги популаризира идеите на класичниот либерализам во 20-тиот век. Своевремено, Изабел Патерсон ја истакнуваше опасноста[293] која доаѓа од фашистичките, комунистичките и другите тоталитарни или авторитарни идеи и режими, како и од се поголемата експанзија на на државата и нејзината улога, актуелизирани низ политиките на *Њу дил* (*New Deal*, 1933 - 1939) во Америка. Дополнително, во нејзиното најзначајно дело *The God of the Machine* (1943)[294] истакнуваше дека општествениот прогрес е секогаш резултат на слободата и креативноста на поединците, а не на државното мешање во функционирањето на општеството. Исто така, битно е да се напомене нејзиниот близок однос[295], но и нејзиното разидување со Ејн Ренд.

---

[279] Leonard E Read - *Pattern for Revolt* (2018, fee.org)
[280] Leonard E Read - *Students of Liberty* (2018, fee.org)
[281] Leonard E Read - *Outlook for Freedom* (2018, fee.org)
[282] Leonard E Read - *Government—An Ideal Concept* (2018, fee.org)
[283] Leonard E Read - *Why Not Try Freedom?* (2018, fee.org)
[284] Leonard E Read - *Elements of Libertarian Leadership* (2018, fee.org)
[285] Leonard E Read - *Anything That's Peaceful* (2015, fee.org)
[286] Leonard E Read - *The Free Market and Its Enemy* (2018, fee.org)
[287] Leonard E Read - *Let Freedom Reign* (2018, fee.org)
[288] Leonard E Read -*Instead of Violence* (2018, fee.org)
[289] Leonard E Read - *Vision* (2018, fee.org)
[290] Leonard E Read -*Liberty: Legacy of Truth* (2018, fee.org)
[291] Leonard E Read - *Thoughts Rule the World* (2018, fee.org)
[292] Isabel Paterson (2015, acton.org)
[293] Saving Classical Liberalism: Isabel Paterson (2021, libertarianism.org)
[294] Isabel Paterson - *The God of the Machine* (1943, fee.org)
[295] Rachel Davison Humphries - Isabel Paterson (1886–1961) (essentialscholars.org)

## 31. Ротбард, Фридман и анархо-капитализам[296]

***Мареј Ротбард*** (Murray Newton Rothbard, 1926 – 1995) беше еден од најплодните ученици на Лудвиг вон Мисес и првенец на слободарската мисла во втората половина на 20-тиот век во Америка. Ротбард даде огромен (ако не и најголем) придонес, како за либертаријанската теорија и ставови, така и за активизмот за исполнување на таа либертаријанската визија. Од особено значење е и неговата стратегија за слободарска победа и иднина, подржана со агилност и непоколебливост, која го вдахна и поттикна современото либертаријанско движење.

Помеѓу најпознатите негови дела се *Anatomy of the State* (1974)[297] или преведена на македонски јазик како *Анатомија на државата* (2021)[298], *A New History of Leviathan* (1972)[299], *Egalitarianism as a Revolt against Nature* (1974)[300], *For a New Liberty: The Libertarian Manifesto* (1973)[301], *Man, Economy & the State* (1962)[302], *Ethics of Liberty* (1982)[303], како и голем број на текстови во кои спаѓаат *Why Be Libertarian?*[304] или на македонски јазик *Зошто да се биде слободар* (2022)[305], *Strategies for a Libertarian Victory*[306], *Lysander Spooner: Libertarian Pietist*[307], *The Spooner-Tucker Doctrine: An Economist's View*[308], *The Case for Radical Idealism*[309] или на македонски јазик *Аргумент за либерален идеализам* (2022)[310], *Do You Hate the State?*[311], итн.

Писателката Венди Мекелрој (Wendy McElroy ), во својот текст *Мареј Н. Ротбард: Господин слободар*[312] (Murray N. Rothbard: Mr. Libertarian[313]), посветен токму на Ротбард,

---

[296] Никола Љ. Илиевски - Анархизам капиталистички (2022, libertania.org)
[297] Murray N. Rothbard - *Anatomy of the State* (2009, mises.org)
[298] Мареј Ротбард - *Анатомија на државата* (2021, libertania.org)
[299] Murray N. Rothbard - *A New History of Leviathan* (1972, mises.org)
[300] Murray N. Rothbard - *Egalitarianism as a Revolt against Nature* (2000, mises.org)
[301] Murray N. Rothbard - *For a New Liberty: The Libertarian Manifesto* (2006, mises.org)
[302] Murray N. Rothbard - *Man, Economy & the State* (2009, mises.org)
[303] Murray N. Rothbard - *Ethics of Liberty* (1998, mises.org)
[304] Murray N. Rothbard - Why Be Libertarian? (2013, mises.org)
[305] Мареј Ротбард - Зошто да се биде слободар (2022, libertania.org)
[306] Murray N. Rothbard - Strategies for a Libertarian Victory (2010, mises.org)
[307] Murray N. Rothbard - Lysander Spooner: Libertarian Pietist (2019, mises.org)
[308] Murray N. Rothbard - The Spooner-Tucker Doctrine: An Economist's View (2014, mises.org)
[309] Murray N. Rothbard - The Case for Radical Idealism (2022, mises.org)
[310] Мареј Ротбард - Аргумент за либерален идеализам (2022, libertania.org)
[311] Murray N. Rothbard - Do You Hate the State? (2012, mises.org)
[312] Венди Мекелрој - Мареј Н. Ротбард: Господин слободар (2022, libertania.org)
[313] Wendy McElroy - Murray N. Rothbard: Mr. Libertarian (rothbard.it)

наведува четири основни теоретски и активистички традиции, од суштинско значење за неговата теорија и идеологија, и тоа:

- Теоријата на природното право, користејќи ги основните пристапи на Аристотел и Ејн Ренд;
- Радикалниот граѓански либертаријанизам на анархистите индивидуалисти од 19-ти век, посебно Лисандер Спунер и Бенџамин Такер;
- Философијата на слободен пазар на австриските економисти, посебно Лудвиг вон Мисес, кој ја поткрепи со студии од историја на економијата;
- Надворешната политика на *Старата американска десница* (*Old Right*) – *изолационизам*.[314]

Ротбардовиот анархо-капитализам е морално поставен, поаѓа од самата природа на човекот која е разнолика, а единствена вредност која соодветствува со истата е онаа на *поединечната слобода* и принципот на човеково *самопоседување*. Од тука, државата ја ограничува слободата на поединецот, а со тоа е спротивно поставена и ја загрозува неговата природа.

Визијата на Ротбард за *бездржавна рамнотежа*[315] или општество без држава, е онаа во кое не постои држава, а сите нејзини функции, потенцијално се изведуваат од фирми, агенции, компании или друг вид на приватни субјекти или доброволни здружувања, во услови на слободна пазарна економија. Она што делумно ја разликува анархо-капиталистичката, од можеби останатите анархистички визии, е самата перцепција на сопственоста како темелен општествен институт. Во анархо-капиталистичко (слободно) општество, не постои јавна, државна и/или општествена сопственост, во чие име и сметка настапува држава, а сета сопственост е *приватна*. Нормално, приватната сопственост не означува нужно сопственост на еден поединец, туку истата означува и сопственост на голем број поединци, кои подеднакво или не, учествуваат со идеален дел или не, и полагаат право на сопственост врз истата.

Во неговата *For a New Liberty: The Libertarian Manifesto* издвојува три клучни области од јавните услуги кои ги дава државата, или јавниот сектор, и тоа *во бизнисот*, *патната инфраструктура* и *полиција, право и судови*, и предлага приватни, односно

---

[314] Murray N. Rothbard - *For A New Isolationism* (rothbard.it)
[315] Предраг Рајшиќ - Бездржавна рамнотежа (2022, libertania.org)

пазарни или доброволни решенија за сите овие услуги. Целокупната идеологија, односно теорија или философија на Ротбард е сумирана во неговата *Man, Economy & the State*, во која може да се пронајдат моралната и утилитарната оправданост на неговиот анархизам, целокупна критика на државата и нејзиното мешање во човековите животи и општествените односи, како и проблемите кои се резултат на постоењето на државата.

Во однос на борбата за актуелизација на слободата како основен организационен принцип во уредувањето на општеството или стратегијата за победа на слободата и слободна иднина, Ротбард е *радикал*, во смисла на тоа дека не ја испушта од вид крајната цел, која е тотално укинување на државата, но исто така го следи и Хаековиот пристап на општествена промена, која започнува со *идеолошка промена*[316] во главите на мнозинството од луѓето (всадување и популаризирање на идеите[317]) и резултира како промена во клучните институциите на општеството. Дополнително од големо значење е дека Ротбард е симболички *аболиционист*[318] што покажува дека е бескомпромисен во своите барања[319] за укинување на државното мешање во човековите животи и делувања.

Придонесот на Ротбард, како за либертаријанската, така и за анархо-капиталистичката идеа[320] е дефинитивно огромен. Истиот се мери во голем број бесплатно пристапни текстови, книги, предавања, иницијативи, и учеството во основањето на ***Мисес институтот*** (Mises Institute[321]) во 1982 година, но секако и во огромната инспирацијата која ја дал за развој на либертаријанското движење во Америка, и пошироко во светот.

***Дејвид Фридман*** (David Director Friedman, 1945 - ) е професор по физика, економија, право и писател, но и значаен деец во анархо-капиталистичките и пошироките слободарски кругови. Фридман е претставник на утилитарното толкување за анархо-капитализмот и предлага *инкременталистичка приватизација* и *обездржавување* на државата. Аналогно на тоа, Фридмановиот аргумент за анархизам, или тој како го нарекува *радикален капитализам*, не се поистоветува со поединечната правда, принципот на самопоседување

[316] Никола Љ. Илиевски - Идеолошка и општествена промена (2022, libertania.org)
[317] Никола Љ. Илиевски - Дали идеите го менуваат општеството? (2021, libertania.org)
[318] Nathan Goodman - From Rothbard To Landauer: The Practice Of Anarchism (2017, pressingthebutton.com)
[319] Никола Љ. Илиевски - Дали би го притиснал копчето? (2022, libertania.org)
[320] Никола Љ. Илиевски - Дали идеите го менуваат општеството? (2021, libertania.org)
[321] Mises Institute (mises.org)

или природните права, туку, едноставно - поголемата исплатливост или супериорната ефикасност на алтернативното бездржавно уредување. Опортунитетните трошоци на ова уредување на односите се најмали во споредба на оние во кое државата го обезбедува основниот ред и поредок, како и другите услуги во доменот на јавниот сервис. Резултатите на слободниот пазар се скоро секогаш подобри во однос на резултати добиени со помош на државна интервенција во одреден сектор, гледано на среден и долг рок. Тоа потекнува од фактот дека државата е секогаш помалку ефикасна од слободниот пазар во процесот на алокација на ресурсите, потекнувајќи од нејзината монополска и недоброволна природа. Иако слободниот пазар не е совршен метод за регулација на односите во општеството, тој е најдобриот избор помеѓу возможните методи.

Негово најпознато дело, поврзано со анархо-капитализмот е неговата книга *The Machinery of Freedom: Guide to a Radical Capitalism* (1973)[322]. Исто така, несекојдневна е поемата *Анархија не е хаос* (*Anarchy is not chaos*[323]), која е дел од *Машинеријата на слободата*.

Фридман, зборува за *приватно или слободно право* (*free market law*[324]), кое е создадено, се однесува и се спроведува од страна на приватни субјекти[325]. Приватните субјекти се однесуваат на субјектите кои го креираат правото, и тоа на доброволен начин, налик на договор, но и дополнително се однесува на приватни судови, приватни агенции за осигурување, и приватна полиција за потенцијални проблеми кои би настанале во спроведувањето на правото.

***Ханс Херман Хопе*** (Hans-Hermann Hoppe, 1949 -) е еден од најистакнатите гласноговорници на анархо-капитализмот или *пропертарианизмот* (*propertarianism*[326]). Негови најзначајни дела во анархистички дискурс се *Democracy: The God That Failed: The Economics and Politics of Monarchy, Democracy and Natural Order* (2001)[327], *Economy,*

---

[322] David D. Friedman - *The Machinery of Freedom: Guide to a Radical Capitalism* (2014, ancapchan.info)
[323] David Osterfeld - Anarchism and the Public Goods Issue: Law, Courts, and the Police (1989, mises.org)
[324] David D. Friedman - *The Machinery of Freedom: Guide to a Radical Capitalism* (2014, ancapchan.info)
[325] David Osterfeld - Anarchism and the Public Goods Issue: Law, Courts, and the Police (1989, mises.org)
[326] Критичарите на либертаријанизмот, истот често го нарекуваат *пропертарианизам*, алудирајќи на централната позиција на институтот на приватна сопственост. Види повеќе: Iain McKay - Propertarianism and Fascism (2018, theanarchistlibrary.org)
[327] Hans-Hermann Hoppe - *Democracy: The God That Failed: The Economics and Politics of Monarchy, Democracy and Natural Order* (2007, Transaction Publishers)

*Society, and History* (2021)[328], *The Idea of a Private Law Society: The Case of Karl Ludwig von Haller* (2021)[329], State or Private Law Society (2011)[330] или на македонски јазик *Држава или општество на приватно право?* (2021)[331], како и *Of Common, Public, and Private Property and the Rationale for Total Privatization* (2021)[332].

Визијата на Хопе за идеално слободно општество е она во кое не постои држава[333] како легитимен монопол на физичка принуда, а клучните услуги која таа ги нуди на граѓаните, или услугата на *безбедност*, би биле обезбедена во пазарни услови, од страна на приватни субјекти. Ова општество може да се нарече *општество на приватно право*, или *приватен поредок*. Основен и фундаментален организациски принцип во оваа визија за *приватно општество* или анархија претставува *сопственоста*[334], како општествен институт. Сопственоста е клучна, започнувајќи со сопственоста на поединецот врз своето тело и делувања - *самопоседување*, и секако со плодовите на неговиот труд и односите на доброволна размена во кои влегува или *имот*.

Како и Ротбард, така и Хопе беше еден од основачите на Мисес институтот, кој до ден денес ја продолжува академската традиција на Австриската економска школа, и ставот на скептичност кон секаков вид на политичка власт, па дури и она најмалата манифестирана како *држава-ноќен чувар*.[335]

---

328 Hans-Hermann Hoppe - *Economy, Society, and History* (2021, mises.org)

329 Hans-Hermann Hoppe - The Idea of a Private Law Society: The Case of Karl Ludwig von Haller (2021, mises.org)

330 Hans-Hermann Hoppe - State or Private Law Society (2011, mises.org)

331 Ханс Херман Хопе - Држава или општество на приватно право? (2021, libertania.org)

332 Hans-Hermann Hoppe - *Of Common, Public, and Private Property and the Rationale for Total Privatization* (2021, mises.org)

333 Интересен и контроверзен е ставот на Хопе во однос на демократијата, како вид на држава, доминантен во новиот век. Хопе истакнува дека, иако не е монархист, во услови кога би морало да има држава како монопол на физичка принуда, порадо би избрал монархија, отколку демократија, затоа што истата, морално е подобра и економски е поефикасна, од демократијата. Повеќе: Hans-Hermann Hoppe - *Democracy: The God That Failed: The Economics and Politics of Monarchy, Democracy and Natural Order* (2007, Transaction Publishers).

334 Некои леви слободари, Хопе го нарекуваат *пропертаријанец*, и тврдат дека во неговиот систем, и во поширокиот десен либертаријански, сопственоста, а не слободата, е вредноста со централна позиција.Iain McKay - Propertarianism and Fascism (2018, theanarchistlibrary.org)

335 David S. D’Amato - *Minarchists and anarchists—i.e. champions of the night‑watchman state and opponents of any state—aren’t as clearly distinguishable as one might think* (2018, libertarianism.org)

## 32. Ејн Ренд и објективизам

***Ејн Ренд*** (Ayn Rand - Alisa Zinovyevna Rosenbaum, 1905 – 1982) беше една од најзначајните женски писатели и философи, која, имплицитно ги промовираше принципите на класичниот либерализам, но под банерот на нејзината философија на *објективизам* и политичката и економска последица на нејзината философија - *laissez-faire економија* и *радикален капитализам*.[336]

Ренд беше руска Еврејка, која успеа да избега во Америка, од хорорите на комунизмот по Октомвриската револуција од 1917 година, и реши да го посвети својот живот на пишување дела и промовирање философија, која ќе го воспева индивидуализмот, разумот, личниот интерес, капитализмот, претприемништвото и *човекот како херојско битие.*[337]

Автор е на голем број на книги, претежно романи, но и стручни дела во кои ги анализира своите философски поставки и светогледи. Нејзини најпознати литературани дела се: *We the Living* (1936)[338], *Anthem* (1938)[339], *Fountainhead* (1943)[340] и *Atlas Shrugged* (1957)[341]. Дела од пошироко философско значење се *For the New Intellectual* (1961)[342], *The Virtue of Selfishness* (1964)[343], *Capitalism: The Unknown Ideal* (1967)[344], *The Romantic Manifesto* (1969)[345], *The New Left: The Anti-Industrial Revolution* (1971)[346], како и други текстови.

Нејзината философија на објективизам, може да се анализира преку пет кумулативни философски поставки, кои соодветствуваат на гранките на философијата, и тоа:

- *метафизика* - реалност,
- *епистемологија* - разум,

---

336 Ayn Rand - *Capitalism: The Unknown Ideal* (1967, aynrand.org)
337 Robert James Bidinotto - The Hero with a Singular Face (2011, atlassociety.org)
338 Ayn Rand - *We the Living* (2009, New American Library)
339 Ayn Rand - *Anthem* (1938, wheelersburg.net)
340 Ayn Rand - *The Fountainhead* (1971, Bobbs-Merrill Company)
341 Ayn Rand - *Atlas Shrugged* (1957, antilogicalism.com)
342 Ayn Rand - *For the New Intellectual* (1968, Penguin Group)
343 Ayn Rand - *The Virtue of Selfishness* (1964, Penguin Group)
344 Ayn Rand - *Capitalism: The Unknown Ideal* (1967, aynrand.org)
345 Ayn Rand - *The Romantic Manifesto* (1969, aynrand.org)
346 Ayn Rand - *The New Left: The Anti-Industrial Revolution* (1971, aynrand.org)

- *етика* - личен интерес,
- *политика* - радикален капитализам и
- *естетика* - романтичен реализам.

За разлика од своевремено доминантните одбрани на капитализмот и слободната економија, кои доаѓаат од утилитарна перспектива (Австриската економска школа), Ренд, своите заложби за слобода ги темели врз морални поставки (врз нејзината теорија на човекови права[347], на линија на природните права од Локовата традиција). Аналогно, Ренд застапуваше капитализам, првенствено, заради тоа што тој систем на општествено уредување соодветствува со поединецот и неговиот личен интерес, а не затоа што истиот е најефикасен и тоа што потенцијално би вродил со најголемо добро за најголемиот број поединци.

На оваа линија, Ренд беше дел од различни несогласувања[348] и конфликти[349], внатре во поширокото *фри-маркет* движење. Либертаријанците и анархо-капиталистите, своевремено ги нарекуваше *хипици-десничари*[350], и тоа во пејоративна смисла.[351] За разлика од анархо-капиталистите, и другите струења во рамките на либертаријанската мисла, кои веруваа и се залагаа за општество без држава, таа беше цврст застапник на минархизмот и поборник за постоењето на држава, како објективен монопол на физичка принуда, со надлежности[352] во однос на заштитата на поединците и нивната сопственост, или држава конкретизирана во војска (заштита од надворешен непријател), полиција (заштита од домашен криминал) и судови (решавање на спорови и казнување на криминалци). Но спорен момент во нејзиниот минархизам е тоа што државата би функционирала врз основа на *доброволни даноци*. Ова е причина, во понатамошните анализи во рамките на текстов, да биде Ренд и нејзината перспектива за државата, да биде вметната помеѓу *волунтаристите*.

За време на 50-тите и 60-тите години од претходниот век, со своите истомисленици, го формираа кружокот познат како *The Collective*, а потоа и *Objectivist movement*, во кои ги

---

[347] Ејн Ренд - Човекови права (2022, libertania.org)
[348] Barry L. Ritholtz - Ayn Rand Was NOT a Libertarian (2012, ritholtz.com)
[349] Ејн Ренд изричито одбивала да се декларира како класичен либерал, или уште помалку либертаријанец, и тврдела дека либертаријанците се обични *крадци* на нејзините идеи. Повеќе: What was Ayn Rand’s view of the libertarian movement? (aynrandlexicon.com)
[350] Никола Љ. Илиевски - Хипици десничари (2022, libertania.org)
[351] What was Ayn Rand’s view of the libertarian movement? (aynrandlexicon.com)
[352] Никола Љ. Илиевски - Анархизам капиталистички (2022, libertania.org)

дискутирале и унапредувале идеите. Исто така, во 1958 година, е формиран *Nathaniel Branden Institute*, од нејзиниот следбеник, и во одреден дел од нејзиниот живот и љубовник, ***Натаниел Бранден*** (Nathaniel Branden), со цел изучување и промоција на нејзината философија, активен, се до нивното разидување во 1968 година. Подоцна, во 1985 година, три години по смрта на Ејн Ренд е формиран *Ayn Rand Institute*[353], кој и денес продолжува со тесното толкување на објективизмот.

Ренд беше доста контраверзна философка, најмногу поради воспевањето на концептот на рационална себичност, кој го позиционира интересот на поединецот во центарот на општественото живеење. Дополнително, кон нејзината контроверзност[354], а често и одбивност, придонесувале и нејзината *суровост*, *тврдоглавост* и на изглед *бесчувствителност*, како и затвореноста на нејзиниот кружок на следбеници, налик на култ[355] или секта[356].

Ренд, експлицитно одбивала да се етикетира како класичен либерал или либертаријанец, повикувајќи се на нејзината философија - објективизам, но нејзиното дело е од огромно значење за слободарството и повторното заживување на класичниот либерализам во 20-тиот, но и 21-виот век (со делувањето на *Prometheus Foundation*[357]). Прометеус фондацијата, за разлика од Ејн Ренд институтот, дава едно пошироко толкување на објективизмот, обидувајќи се да го етаблира како философска основа на денешното либертаријанско движење.

## 33. Милтон Фридман, Чикашка школа и неолиберализам

Во втората половина на 20-тиот век се појавува *Чикашката монетарна школа*[358], со Милтон Фридман и Џорџ Стиглер, кои преку своите увиди во економијата и монетарната политика, повторно ги заживуваат идеите на класичниот либерализам, под банерот на *неолиберализам*.

---

[353] Ayn Rand Institute (aynrand.org)
[354] Контроверзноста на Ејн Ренд, делумно е причинета и од нејзиното оправдување на масакрот над Индијанците, што се одвивал за време на колонијализацијата на Америка, како и за тврдењата на моралното право на повеќе слободна држава, да изврши агресија, на помалку слободна, со цел да ја подобри слободата на поединците. Повеќе: Simon Moya-Smith - Conservative Icon Ayn Rand Said 'Savages' Had No Right to Land (2018, indiancountrytoday.com)
[355] Murray N. Rothbard - The Sociology of the Ayn Rand Cult (rothbard.altervista.org)
[356] Walter E Block - Libertarianism vs Objectivism; A Response to Peter Schwartz (2000, Reason Papers 26)
[357] Prometheus Foundation (prometheusfdn.org)
[358] The Chicago School (hetwebsite.net)

***Милтон Фридман*** (Milton Friedman, 1912 – 2006) беше една од најбитните слободарските фигури[359], кои преку своите академски, но и реално-политички постигнувања, претставуваше надеж за се поголемо адаптирање на либералните принципи во јавни политики. Фридман беше американски економист и статистичар, кој ја доби Нобеловата награда за економски науки во 1976 година.

Едно од најпознатите негови дела е *Capitalism and Freedom* (1962)[360] во кој ги поставува како заемно одредувачки феномените на капитализмот, како економски систем и слободата, како вредност. Книгата започнува со опис на односот помеѓу *економската* и *политичката слобода*, во која е наведено дека иако економската слобода не е гарант за политичката, истата претставува значаен предуслов за втората. Слободните и просперитетни општества се одликуваат, како со висока политичка, така и висока економска слобода. Ограничување на економската слобода, преку концентрација на преголема моќ во рацете на политичките елити, на среден и долг рок, несомнено означува намалување и на политичката слобода. Оваа констатација соодветствува со она што го пишуваше Хаек во неговата *Пат кон ропство*, каде што, земјите од источниот блок беа земени како пример, во кој ограничувањето на економската слобода, недвосмислено води кон загрозување и на политичката. Понатаму, Фридман, во *Капитализам и слобода*, пошироко ја одредува улогата на идеалната држава, во услови на слободно општество, што се поистоветува со минимална држава, зајакната со функции на социјални трансфери, функции на одржување на патишта и сл. Од перспектива на радикалниот либертаријанизам, анархо-капитализам или догматскиот либертаријанизам, можеби Фридман и дава малку поголема улога на државата[361], од онаа[362] од нив предвидената. И тука, Фридман е на линија на Хаек. Во своите заложби, тој беше *консеквенцијалист*[363], односно пристапуваше од утилитарни перспективи во оправдувањата за слободата, слободниот пазар и државното немешање. Неговата максима*[364]* изразена во *Капитализам и слобода* која гласи: „Најголемиот дел од аргументите против слободниот пазар се

[359] Lawrence W. Reed - Putting Milton Friedman to Work at 110 (2022, fee.org)
[360] Milton Friedman - *Capitalism and Freedom* (2002, The University of Chicago Press)
[361] Walter E Block - Was Milton Friedman a Socialist? Yes (2003)
[362] Симон Саревски - Фридман, Хајек и Мизес (2021, libertania.org)
[363] Michael Munger - Milton Friedman as a Liberal Philosopher (2015, Symposium, "Revisiting Milton Friedman's Main Intellectual Contributions,")
[364] Milton Friedman: Old School Liberalism (2017, hoover.org)

недостаток на верба во во самата слобода“, е една од најцитираните помеѓу слободарските автори и активисти во светот.

Според Фридман, слободната трговија[365] е една од најбитните институционални поставки кога се разботи за економската благосостојба, а протекционизмот, царините и тарифите ја намалуваат истата. Дополнително, пишуваше и се заложуваше за либерални политики во однос на дрогите, забранетите супстанции и кривичните дела без жртви (*victimless crimes*), ваучерски образовен систем, намалување на стандардизации и лиценцирања, како и доброволно служење на војска. Голем дел од неговите увиди, беа претворени во реални политики, за време на мандатите на Роналд Реган во Америка, и Маргарет Тачер, во Велика Британија.

Од големо значење за мислата на Фридман е неговата методологија за оценување на јавните политики, според кои истите не треба да се оценуваат според *намерите* на политичките елити, кои во поголемиот дел се добри, туку треба да се оценуваат според *резултатите*. Во оваа секвенца се воочува утилитаризмот во неговото оправдување за слобода. Исто така истакнува дека не се сомнева во добрите намери на *колективистите*[366] и *левичарите*, но се сомнева во самите начини преку кои сакаат да ги исполнат намерите, како и некомпатибилноста на начините со намерите.[367]

Експертизата на Фридман беше во доменот на монетарна историја, политика и стабилизациони политики, Во својата книга, напишана со Ана Шварц (Anna Schwartz), *A Monetary History of the United States, 1867–1960* (1963)[368] констатираат дека промените во паричната маса дефинитивно влијае врз економијата и економските флуктуации[369]. Од тука произлегува дека парите не се неутрални, односно манипулирањата со паричната маса предизвикуваат несакани последици и деифинитивно имаат реален ефект врз економскиот живот во општеството. Во *Монтерната историја*, авторите пишуваа дека *Големата депресија*, не беше предизвикана од неуспехот на пазарниот систем, туку поради монетарната политика која беше екстремно тесна и која водеше до остар пад во економската активност[370].

---

365 Симон Саревски - Милтон Фридман: Виртуозот на слободата (2020, libertania.org)
366 Milton Friedman - Neo-Liberalism and its Prospects (1951, hoover.org)
367 Steve Denning - Milton Friedman And The Fallacy Of Good Intentions (2013, forbes.com)
368 Milton Friedman & Anna Schwartz - *A Monetary History of the United States, 1867–1960* (1963, Princeton University Press)
369 Симон Саревски - Милтон Фридман: Виртуозот на слободата (2020, libertania.org)
370 Friedman, Milton (1912–2006) (libertarianism.org)

Покрај тоа што беше научник, Фридман беше и економски советник во различни држави, а до одреден степен е контроверзен, затоа што беше советник и во режимот на диктаторот Аугусто Пиноче.[371]

Резимирано, улогата на Фридман е огромна, како за економијата како наука, но секако и за популаризирањето и претворањето во политика, на идеите на економскиот либерализам.

***Томас Совел*** (Thomas Sowell, 1930 - ) е уште еден претставник со несомнено големо значење за Чикашката школа. Она што е карактеристично за Совел е тоа што бил привлечен во економијата и пошироките општествени науки, првенствено од *марксизмот*[372]. Понатаму во неговиот академски развој, и продолжувањето на магистерските и докторските студии на Универзитетот во Чикаго, ги променува тогашните ставови и адаптира либерални, согледувајќи ги негативните ефекти на мешањето на државата во економските процеси. Академското делување на Совел е доста богато, со напишани над 30 книги[373], како и голем број научни трудови и статии.

Во Хаеков економски дискурс ја пишува неговата позната *Knowledge and Decisions* (1980)[374], во која детално објаснува како знаењето е споделено и раширено во модерното општество, но исто така потенцира дека постои *празнина*[375] помеѓу знаењето од прва рака и донесувањето на одлуки. Истата празнина претставува непосредна закана, не само за економската и политичката ефикасност, туку и за човековата слобода, затоа што знаењето е заменето со претпоставки врз основа на апстрактните елитистички визии за она како треба да биде (наместо како всушност е).

Меѓу најпознатите книги на Совел се: *A Conflict of Visions: Ideological Origins of Political Struggles* (2007)[376], *The Quest for Cosmic Justice* (1996)[377], *Basic Economics* (2004)[378], *Black Rednecks and White Liberals* (2005)[379], *Discrimination and Disparities* (2018)[380], *The*

---

[371] Daniel Matamala - The Complicated Legacy of the “Chicago Boys” in Chile (2021, promarket.org)
[372] Black History Month Profile: Thomas Sowell (2021, hoover.org)
[373] Thomas Sowell (libertarianism.org)
[374] Thomas Sowell - *Knowledge and Decisions* (1980, Basic Books)
[375] IBID
[376] Thomas Sowell - *A Conflict of Visions: Ideological Origins of Political Struggles* (2007, Basic Books)
[377] Thomas Sowell - *The Quest for Cosmic Justice* (1996, New Zealand Business Roundtable)
[378] Thomas Sowell - *Basic Economics* (2004, Basic Books)
[379] Thomas Sowell - *Black Rednecks and White Liberals* (2005, Encounter Books)
[380] Thomas Sowell - *Discrimination and Disparities* (2018, Basic Books)

*Vision of the Anointed: Self-Congratulation as a Basis for Social Policy* (1995)[381], *Race And Culture: A World View* (1994)[382], *Economic Facts and Fallacies* (2008)[383], *Dismantling America: and other Controversial Essays* (2010)[384].

## 34. Либертаријанска партија во САД

Либертаријанската партија (на САД) е политичка партија, чија официјална идеологија е слободарството или либертаријанизмот. Истата е формирана во декември 1971 година, во Колорадо, САД.[385] Еден од најпознатите активисти на оваа партија беше ***Рон Пол*** (Ronald Ernest Paul, 1935 - ), се до 1996 година, кога настана разотидување со партијата. Рон Пол, беше претстедателски кандидат на изборите за Претседател на САД, и тоа во три наврати, и тоа во 1988 година, како дел од Либертаријанската партија, и во 2008 и 2012 година, како дел од Републиканската партија на САД.[386]

Како што е наведено на официјлната страна, верувањата, кои служат како основа на партијата се:

- Намалување на големината и наметливоста на владата, како и намалување и укинување на даноци, при секоја можност,
- Мирољубивите, искрени и чесни луѓе треба да можат да ги понудат своите добра и услуги на заинтересираните купување, без несоодветно мешање на владата,
- Мирољубивите, искрени и чесни луѓе треба да одлучуваат за себе, како да ги живеат нивните животи, без страв од кривични и граѓански казнувања,
- Единствената одговорност на владата, доколку има некакви, треба да биде заштита на луѓето од насилство и измама.

Денес, оваа партија претставуваа најголема *трета политичка опција* во САД.[387]

---

381 Thomas Sowell - *The Vision of the Anointed: Self-Congratulation as a Basis for Social Policy* (1995)
382 Thomas Sowell - *Race And Culture: A World View* (1994, Basic Books)
383 Thomas Sowell - *Economic Facts and Fallacies* (2008, Basic Books)
384 Thomas Sowell - *Dismantling America: and other Controversial Essays* (2010, Basic Books)
385 Libertarian Party (lp.org)
386 Ron Paul (libertarianism.org)
387 Andy Craig - The Libertarian Movement and Libertarian Party (2021, libertarianism.org)

## 35. Современ анархо-капитализам

Од современиците на *анархо-капитализмот*[388], секако треба да се споменат и ***Лу Роквел*** (Llewellyn Harrison Rockwell Jr, 1944- ), ***Волтер Блок*** (Walter Edward Block, 1941 - ), ***Роберт Хигс*** (Robert Higgs, 1944 - ), ***Џефри Такер*** (Jeffrey Albert Tucker, 1963 - ), ***Боб Марфи*** (Robert Patrick Murphy, 1976 - ), како и други. Истите ја промовираат идеата на анархо-капитализам, општество во кое не постои држава и сите односи се доброволни, а регулацијата на истите, е оставена на пазарните механизми и институции. Логиката на анархо-капитализмот е дека само во бездржавно општество, човекот може да биде маскимално и вистински слободен, а во исто време, таквото општество, би имало супериорен перформанс во поглед на алокација на ретките ресурси, или ефикасна економија.

Како најзначајни дела од овие современици може да се наведат: Llewellyn H. Rockwell Jr. - *Against the State: An Anarcho-Capitalist Manifesto* (2014)[389], Walter Block - *Defending the Undefendable* (1976)[390], Walter Block - *Toward a Libertarian Society* (2014)[391]; Walter Block - *Deaths by Government: Another Missing Chapter* (2006)[392], Walter Block - *Murray Rothbard, Anarchist* (2021)[393], Robert Higgs - *Against Leviathan: Government Power and a Free Society* (2016)[394], Jeffrey Tucker - *A Beautiful Anarchy: How to Create Your Own Civilization in the Digital Age* (2012)[395], Jeffrey Tucker - *Liberty. Me: Freedom Is a Do-It-Yourself Project* (2014)[396], Robert Murphy - *Choice: Cooperation, Enterprise, and Human Action* (2015)[397], Robert Murphy - *Chaos Theory: Two Essays on Market Anarchy* (2010)[398] како и многу други.

Современиот анархо-капитализам, најчесто се држи на идеолошката традиција на Мареј Ротбард, односно онтолошкиот или моралниот анархизам, но повеќе од јасно е дека се адаптирани и утилитарни аргументи во прилог на анархизмот и анархијата.

---

[388] Никола Љ. Илиевски - Анархизам капиталистички (2022, libertania.org)
[389] Llewellyn H. Rockwell Jr. - *Against the State: An Anarcho-Capitalist Manifesto* (2014, LewRockwell.com)
[390] Walter E Block - *Defending the Undefendable* (2018, mises.org)
[391] Walter Block - *Toward a Libertarian Society* (2014, mises.org)
[392] Walter Block - *Deaths by Government: Another Missing Chapter* (2006, lewrockwell.com)
[393] Walter E Block - *Murray Rothbard, Anarchist* (2021, Uniwersytet Mikołaja Kopernika w Toruniu)
[394] Robert Higgs - *Against Leviathan: Government Power and a Free Society* (2016, mises.org)
[395] Jeffrey Tucker - *A Beautiful Anarchy: How to Create Your Own Civilization in the Digital Age* (2012)
[396] Jeffrey Tucker - *Liberty. Me: Freedom Is a Do-It-Yourself Project* (2014)
[397] Robert Murphy - *Choice: Cooperation, Enterprise, and Human Action* (2015)
[398] Robert Murphy - *Chaos Theory: Two Essays on Market Anarchy* (2010)

## 36. Крипто-анархизам

Крипто-анархизам е термин со кој се определува филозофија и активизам која заговара надминување на државата, како посебен општествен субјекти, со помош на дигиталната технологија, непреченото комуницирање и надминување на потребата од трет или надворешен субјект во односите меѓу субјектите. Во својот текст *The Crypto Anarchist Manifesto*[399] (1988), објавен уште во 1988 година, ***Тимоти Меј*** (Timothy C. May, 1951 – 2018) пишува дека со појавата на технологиите за комуникации и интеракции, потребата од државата како надворешен субект е надмината, а со тоа е и нејзината надлежност и капацитет да ги оданочува и регулира овие комуникации и интеракции. Со самото тоа, посебно поради невозможноста за оданочување на овие интеракции, очигледно е нејзиното *одумирање*.

Водечка организација која го заговара и практикува овој вид на анархизам е ***Паралелни Полис*** (*Paralelní Polis*[400]), со седиште во Чешка, која ја аспектира *крипто-анархијата* како разумна варијанта за општествен поредок. Крипто-анархија означува *бездржавно општество*, како во општествената, така и во виртуелната реалност, кое се карактеризира со децентрализација, непосредна дигитална комуникација и трансакции обезбедени со крипто-валути. Ова толкување на слободарството, посебно дојде до израз со појавата на крипто-валутите и блок-чеин системите.

Според крипто-анархизмот, доколку повеќето од луѓето во светот ги прифатат крипто-валутите и ги вршат своите трансакции со нив, државата е немоќна за нивна регулација и оданочување, а нејзиното одумирање е неизбежна последица на оваа технолошка алтернатива во меѓу-човечките односи. Крипто-анархизмот е многу сличен со агоризмот на Конкин, токму во делот на контра-економијата, и онеспособувањето на државата за било каква контрола, регулација и оданочување на односи кои свесно и доброволно настапуваат помеѓу поединците. Истиот нагласува дека игнорирањето на државата, и независноста на поединците и нивните односи, би довело до нејзино непостоење, односно *одумирање*.

[399] Timothy C. May - The Crypto Anarchist Manifesto (1988, csail.mit.edu)
[400] Paralelní Polis (paralelnipolis.cz)

## 37. Современ академски анархизам

Академскиот анархизам[401] е оној анархизам, кој ги користи феномените на анархија и анархизам во научно-академски контекст и цели. Значајно за овие теории, е тоа што ја надминуваат догматската поставеност на државата во општествените науки, и даваат простор за академско промовирање на феномените, и тоа во анализите, истражувањата и објаснувањата на општествените процеси и појави. Од големо значење е нивниот научен пристап кон феномените на анархија и анархизам, оправдувањата кои стојат позади истите, како и понуда на визија и законитости во функционирањето на тоа алтернативно општество.

Академскиот анархизам најчесто не ги користи експлицитно клучните феномени во својот дискурс, но вклучува дополнителни феномени и концепти со различни имиња од клучните, но кои може да се поистоветат, надоградат или да објаснат определен аспект од истите.

Академскиот анархизам, во голема мера се совпаѓа со анархо-капитализмот на Ротбард и Фридман, со таа разлика што повеќе или помалку отсуствува таа активистичка и можеби радикална нота. Најчесто вниманието е доделено на приватизирање на безбедносниот и правосудниот систем на државата, и понуда на конкретните улсуги од страна на приватни субјекти во услови на слободен пазар и конкуренција. Исто така, и концептите поврзани со демократијата, сфатена во нејзината најчиста или поединечна, даваат и дополнителна тежина за проблематиките за кои е неопходна *колективна акција*.

Иако не е активистички анархизам и не ги повикува луѓето да излезат на улица и да се побунат против политичката власт како една *голема општествена измама*, истиот служи, или може да служи како дополнително оправдување и инспирација за активистичките анархизми, а во конкретниот случај - анархо-капитализмот.

[401] Никола Љ. Илиевски - Академски анархизам (2022, libertania.org)

## 38. Анархизам и наука

Академскиот анархизам во најголем број на случаи не е ескплицитен и/или активистички настроен[402]. Често дејците кои ги користеле феномените анархизам и бездржавно општество во своите академски промислувања и истражување, не биле или не се декларирале како анархисти. Но, од големо значење е нивниот сериозен пристап кон феномените на анархија и анархизам, оправдувањата кои ги приложуваат позади истите, како и самата понуда на визија за функционирањето на тоа алтернативно општество. Исто така, од клучно значење за академскиот анархизам е ползувањето на концептот на анархија[403] во самото градење на истражувачките методологии.

Кај академските анархизми, постои тенденција да се заобиколат самите термини на анархија и/или анархизам, често поврзани со негативни или во најмала рака контроверзни чувства и гледишта кај јавноста. Истите често се заменуваат со кованици како што се *алтернативно владеење (управување)*, *радикално само-управување*, *приватно управување, децентрализирано или пазарно општество*, *природен поредок*, *радикална демократија, власт без монопол, власт со право на излез, двојна демократија*, *квадратно гласање*, *полицентрично општество*, *корективна демократија* како и други поими.

Академскиот анархизам, дефинитивно ја поместува догматската поставеност на државата во општеството, која е дел од меинстрим наративот на политичката философија, и ја надминува потребата за нејзина постојана предметност и присутност, во својство на дежурен или најчесто повикан решавач на општествени проблеми. За разлика од *активистичкиот анархизам*, академскиот нема за цел експлицитно да го промовира бездржавието и општествениот пат кон негово постигнување, туку истиот има тенденција да ја открие вистината која се крие, поврзана со самата држава и нејзината природа, како и со потенцијално алтернативно општество без нејзино присуство.

Дополнително, не е толку лесно да се повлече цврста линија помеѓу активистичките и академските анархизми, затоа што истите се преплетуваат, а аргументите на академските, се користат од страна на активистичките.

---

[402] Не е активистички настроен како оној на Мареј Ротбард, и не тврдат дека само општество во кое нема држава е праведно општество.

[403] Анархија означува безвластие, наспротив погрешното толкување како безредие. Неговото име доаѓа од грчкиот јазик, имено, поимот *Αρχή* кој означува владеење и префиксот *Αν*, што означува негација. Во буквален превод значи не-владеење.

Но, со цел подобро објаснување, изучување и разбирање на самите феномени на анархизам и анархија, во нивното најшироко одредување, добродојдена е дистинкцијата помеѓу активистички и академски. Секако, академскиот или аналитичниот анархизам, е релативно нова или современа појава во пошироките општествени науки, и затоа истиот накратко ќе биде претставен преку издвојување на неколку теоретичари - философи, економисти, правници, политиколози, социолози и други видови на дејци, нивните дела поврзани со феномените на анархизам и анархија, како и поставеноста на нивните гледишта кон истите.

## 39. Нозик и философски анархизам[404]

***Роберт Нозик*** (Robert Nozick, 1938 – 2002) беше американски философ, на кој политичката философија не му беше во самиот фокус на академски интерес. Но, сепак, негово најзначајно дело е во рамките на оваа философска дисциплина.

Нозик ја пишува *Anarchy, State and Utopia* (1974)[405], делумно како реакција на *Ролсовата теорија на правда*[406], поткопувајќи ги неговите аргументите за распределба на богатството во општеството, и тоа во надлежност на државната власт, со цел обезбедување на некаков минимум на благосостојба. Нозик тргнува од принципот на човеково *само-поседување* или концептуализацијата на Локовите природни права, и го испитува нивното совпаѓање со постоењето и функционирањет на институцијата *држава*, во рамки на општеството. Во делото, Нозик дава одговор на прашањето дали државата како концепт или општествена институција соодветствува со принципот на само-поседување, а тоа е, дефинитивно *не*. Дополнително, ја истражува и потенцира не-оправданоста[407] на државата, затоа што нејзината природа не соодветствува со горенаведениот принцип на само-поседување. Но суштината на неговиот *анархизам* воочена во неговото неоправдување или претставување на државата како неморална, може да биде доловена преку неговата *Приказна за еден роб*[408].

Нозик, уште во самиот почеток на делото (*Анархија, држава, утопија*), дава и своја визија за една од алтернативите на општество без држава, во кое сите услуги се добиваат

[404] Никола Љ. Илиевски - Академски анархизам (2022, libertania.org)
[405] Robert Nozick - *Anarchy, State and Utopia* (1974, Basic Books Inc.)
[406] Robert Nozick: Political Philosophy (iep.utm.edu)
[407] Роберт Нозик - Приказна за еден роб (2021, libertania.org)
[408] IBID

во пазарни услови, обезбедени од приватни субјекти (фирми, организации, агенции итн). Истата е скоро идентична на онаа на Молинари од 19-ти век, како и онаа на Робард, Фридман и останатите анархо-капиталисти. Во таа визија, најделикатните или тврдо-етатистичките услуги - оние на безбедност и остварување на правда би ги давале *Доминантно Протективни Асоцијации (Dominant Protection Association (DPA))*[409], или приватни субјекти, кои би функционирале во пазарни услови (наспроти повластените, мнополски услови на државата).

Но, Нозик, не е анархист (или е само философски), и аналогно на тоа, истакнува дека и тие асоцијации или форми на приватни здружувања и фирми, со цел да остварат економија од обем, едноставно би прераснале во монопол кој потенцијално би обезбедувал услуги за конкретна територија. Во продолжение, монополот би преминал во *ултра минимална држава*[410], или *држава ноќен-чувар*[411], задолжена и ограничена исклучиво на услугите на заштита, кривична правда и почитување на договореното помеѓу субјектите на пазарот.

Неговата *Анархија, Држава и Утопија*, направи *бум*, како во пошироките философски кругови, така и во потесните слободарски, нудејќи дополнителни аргументи за одбрана и промоција на слободата и слободниот пазар, и тоа од философско-морален карактер.

## 40. Бјукенен и теорија на јавен избор

Оваа теорија повикува и поставува реална академска или економска перспектива за функционирањето на државата и она што се смета за јавно. Исто така, адаптира економски методолошки алатки во процесот на анализа на проблеми од доменот на политичките науки, односно во процесите на *колективно донесување на одлуки*.[412]

***Џејмс Бјукенен*** (James McGill Buchanan Jr., 1919 – 2013) беше еден од најистакнатите теоретичари и економисти во втората половина на 20-ти век, еден од творците на *теоријата на јавен избор*, кој во 1986 година ја добива Новеловата награда за економска наука. Најпознат е по неговата - во коавторство со ***Гордон Тулок*** (Gordon

[409] Robert Nozick - *Anarchy, State and Utopia* (1974, Basic Books Inc.)
[410] Симон Саревски - Ренд, Нозик и минимална држава (2021, libertania.org)
[411] Едвард Јункинс - Нозиковата слободарска рамка за утопија (2022, libertania.org)
[412] Никола Љ. Илиевски - Академски анархизам (2022, libertania.org)

Tullock, 1922 – 2014), *теорија на јавен избор* (*public choice theory*)[413], детално разработена во делото *The Calculus of Consent: Logical Foundations of Constitutional Democracy* (1962)[414].

Оваа теорија нуди нова економска перспектива и логика за државата, како посебен субјект, со посебен акцент на изборите на оние кои управуваат со истата - *политичката елита*. Бјукенен и Тулок во нивната теорија за јавен избор тврдат дека владите се евалуирани или оценувани на погрешен начин, поаѓајќи од тезата дека политичарите не се само *безлични јавни службеници*.[415] Истите се субјекти - поединци, кои имаат свои интереси и кои делуваат со цел задоволување на своите потреби и интереси, и тоа во најголем можен обем, што практично би значело *победа на следните избори*, или *зголемување на буџетот во рамките на својата институција*. Поаѓајќи од оваа претпоставка, сите оправдувања за решавање на општествени проблеми и градење на општествен поредок, со помош на семоќни политички власти, во голем дел паѓаат во вода.

Неговите теории поврзани со државата, но и со феномените на анархија и анархизам може подетално да се прочитаат во *The Limits of Liberty: Between Anarchy and Leviathan* (1975)[416], а накратко, истите се добро образложени во *The Essential James Buchanan* (2021)[417], напишана од *Доналд Бодро* (Donald Joseph Boudreaux, 1958 - ) и *Рандал Холком* (Randall Gregory Holcombe, 1950 - ).

Бјукенен и покрај увидите за функционирањето на државата и она што е јавно, не бил изричито анархист. Можеби бил минархист или класичен либерал[418] и верувал во *политички минимум* за обезбедување на некаква објективност[419] во перспективите за правда и права, но дефинитивно се идентификувал со философски анархизам[420] (слично на Нозик). Бјукенен ја согледал празнината и недоследноста во доминантно етатистичкиот академски дискурс и догматската поставеност на државата во рамките на истиот. Ги

[413] William F. Shughart II - Public Choice (econlib.org)
[414] James M. Buchanan & Gordon Tullock - *The Calculus of Consent: Logical Foundations of Constitutional Democracy* (1962, oll.libertyfund.org)
[415] Sam Tanenhaus - The Architect of the Radical Right (2017, theatlantic.com)
[416] James M. Buchanan - *The Limits of Liberty: Between Anarchy and Leviathan* (2018, econlib.org)
[417] Donald J. Boudreaux & Randall G. Holcombe - *The Essential James Buchanan* (2021, fraserinstitute.org)
[418] James M. Buchanan - Saving the Soul of Classical Liberalism (2000, cato.org)
[419] David Gordon - Buchanan and Anarchism (2020, mises.org)
[420] Alexander William Salter - James Buchanan and Contractarian Anarchy (2013, George Mason University)

користел феномените на анархизам и анархија како нормативна рамка во неговите истражувања од областа на политичка економија[421].

Многу битен факт за Бјукенен и неговата теорија е што истите се базираат на *поединец* (индивидуализам), *договор* (контрактуализам), *согласност* (консензуализам) и *радикално само-управување*[422] (анархизам). Во продолжение, според Бјукенен, ниту едно *колективно* или *заедничко делување* (акција) не е легитимно, доколку во истото отсуствува поединечната согласност на оние кои се засегнати од истото, а наброените, дословно манифестирани во општествената реалност, имплицитно подразбираат анархија или бездржавно општество. Доколку *колективната акција* е неминовна, најдобро е истата да биде спроведена, во колку што може помали групи[423], се со цел поголемо задоволување на потребите и желбите на поединците, кои се засегнати со истата (или почитување на принципот на децентрализација и супсидијарност).

### 41. Барнет, уставен и кривично-правен анархизам

***Ренди Барнет*** (Randy Evan Barnett, 1952 - ) е познат американски правник, експерт во проблематиката на уставно право, кој нуди едно поинакво толкување на американскиот Устав, и тоа во полза на *личната слобода* и *поединечниот (индивидуален) суверенитет*.[424] Како и претходните академци, и Барнет не е ескплицитен анархист, но во неговиот истражувачки делокруг силно е истакната идеата за бездржавно општество, секако заедно со неговото функционирање, како и потенцијална појава на проблеми и решенија на истите, во рамките на тоа општество.

Барнет е правен експерт кој концептот на бездржавно општество го гледа низ призмата на правото, правдата, и институциите кои ги спроведуваат, традиционално во надлежност на државата. Поаѓајќи од спонтаната појава на правото, а посебно трговското право[425], Барнет заклучува дека постоењето и спроведувањето на правото, не е нужно поврзано со постоењето на државата или друга форма на политичка (принудна) власт. Правото, најпрво се развива од самата динамика на човековите делувања, каде често трети

[421] Peter J. Boettke - Anarchism as a progressive research program in political economy
[422] Alexander William Salter - James Buchanan and Contractarian Anarchy (2013, George Mason University)
[423] Fred E. Foldvary - Small-Group, Multi-Level Democracy: Implications of Austrian Public Choice for Governance Structure (2002, Kluwer Academic Publishers)
[424] Nikola Lj. Ilievski - The Individual Sovereignty: Conceptualization and Manifestation (2015, *Journal of Liberty and International Affairs*, Vol.1, Num.2)
[425] Bruce L. Benson - The Spontaneous Evolution of Commercial Law (vcu.edu)

приватни и независни лица или институции се надлежни за решавање на спорови кои произлегуваат од истите, и секако за целосно и доследно спроведување на правото, или конкретно, на договореното.

Од посебно значење за анархизмот и анархијата се неговите трудови *Pursuing Justice in a Free Society: Part One - Power vs. Liberty*[426] (1985) и *Pursuing Justice in a Free Society: Part Two - Crime Prevention and the Legal Order*[427] (1986), како и книгата *The Structure of Liberty: Justice and the Rule of Law*[428] (1998).

Во трудот од 1986 година, посветен на спречување на криминал и градење на правен поредок во услови на анархија, Барнет на многу умешен начин дава своја визија за пост-државно, алтернативно, без-државно општество, во кое сите услуги во рамки на општеството се обезбедени од не-државни, односно приватни субјекти. Дополнително, поставува и проблеми кои што потенцијално би можеле да се појават во услови на *бездржавие*, како што е доминирање на една агенција за заштита и нејзин премин во монопол на физичка принуда или држава. Но, од друга страна образложува дека ова сценарио не би било можно (спротивно на претпоставките на Нозик), токму поради фактот што пазарот, односно потрошувачите ќе ја исфрлат таа конкретна агенција од игра (доколку стане монопол, а услугите за клиентите не се задоволителни).

## 42. Бетки и Австриска економска школа

***Питер Бетки*** (Peter Joseph Boettke, 1960 - ) е еден од најпознатите научници, економисти и можеби социолози, кои денес творат во тој либертаријански дискурс. Неговиот фокус на академски интерес е политичката економија на СССР, како и причините за нејзината нефункционалност, од перспектива на *Австриската економска школа*. Но дополнително, Питер Бетки се занимава и пошироко со економија, а анархизмот го користи како методолошка алатка во своите истражувања. Најмалку четири негови дела се поврзани со анархизмот и неговата употреба во општествените науки, и тоа *Anarchism as a Progressive Research Program in Political Economy*[429], *An Anarchist's reflection on the political*

[426] Randy E. Barnett - Pursuing Justice in a Free Society: Part One - Power vs. Liberty (1985, Criminal Justice Ethics)
[427] Randy E. Barnett - Pursuing Justice in a Free Society: Part Two - Crime Prevention and the Legal Order (1986, Criminal Justice Ethics)
[428] Randy E. Barnett - *The Structure of Liberty: Justice and the Rule of Law* (2014, Oxford University Press)
[429] Peter J. Boettke - Anarchism as a progressive research program in political economy (2010, *Anarchy, State and Public Choice*, Edward Elgar Publishing)

*economy of everyday life*[430] (2011), *Anarchism and Austrian Economics*[431] (2011) и *The Positive Political Economy of Analytical Anarchism*[432] (2020).

Во академските слободарски кругови, позната е неговата поделба на три основни видови на анархизам[433], и тоа *утописки*, *револуционерен* и *аналитички анархизам.*

Бетки, се занимава и со социологија, или поопширно, општествени науки, и тоа е посветен токму на феномените на идеолошка (битка на идеи) и општествена промена. Тоа може подетално да се провери во неговиот текст *The Battle of Ideas: Economics and the Struggle for a Better World*[434] (2006).

Но во смисла на анархизам како социолошки феномен, од најголемо значење е *Context Matters: Institutions and Entrepreneurship*[435] (2009), во која на елементарно ниво одредува што претставува (општествен) контекст, какви видови на институции има во општеството, каков е нивниот однос кон феноменот на претприемништво (како процес на приватно или децентрализирано решавање на проблеми во општеството), и секако, како општествениот контекст, односно констелацијата на општествени институции, влијае врз поттикнувањето и развојот на претприемништвото, а со тоа и понудата на приватни решенија на приватните и општествените проблеми.

Иако Питер Бетки не е експлицитен анархист, тој е академски. Тоа значи дека во своите истражувања ја користи состојбата на бездржавие како основен пристап и аксиома во пошироките општествени науки, спротивно на доминантниот мејнстрим научен дискурс со аксиоматска поставеност на државата (владата, власта) и нејзината алатка - политиката.

---

430 Peter J. Boettke - An Anarchist's reflection on the political economy of everyday life (2011, MPRA Paper No. 32374)

431 Peter J. Boettke - Anarchism and Austrian Economics (2011, New Perspectives on Political Economy, Vol. 7, No. 1)

432 Peter J. Boettke - The Positive Political Economy of Analytical Anarchism (2020, GMU Working Paper in Economics No. 2020-08)

433 Peter J. Boettke - Anarchism as a progressive research program in political economy (2010, *Anarchy, State and Public Choice*, Edward Elgar Publishing)

434 Peter J. Boettke - The Battle of Ideas: Economics and the Struggle for a Better World (2007, New Zealand Business Roundtable)

435 Peter J. Boettke and Christopher J. Coyne - *Context Matters: Institutions and Entrepreneurship* (2009, Foundations and Trends in Entrepreneurship Vol. 5, No. 3 )

## 43. Стрингам и приватно управување

***Едвард Стрингам*** (Edward Peter Stringham, 1975 - ) е исто така американски економист и истакнат деец во академските либертаријански кругови. Во неговиот фокус на истражување се наоѓа феноменот на *приватното управување* (*private governance*[436]). Феноменот на *приватно управување* се однесува на сет од *приватни решенија*, односно решенија кои произлегуваат од слободниот пазар и слободните делувања на поединците, за определени општествени проблеми, кои традиционално се во надлежност на државата и нејзината политичка и/или јавна власт.

Стрингам, во неговото најпознато дело *Private Governance: Creating Order in Economic and Social Life*[437] (2015), се осврнува на различните форми на приватно управување кои претставувале општествена реалност во определени периоди од историјата. Меѓу оние области кои се најделикатни во однос на приватно управување се вбројува и создавањето и спроведувањето на правото, без посредство на државата, ниту на било каква организирана принуда, а подетално може да се прочита во неговиот труд *Anarchy and the Law* (2011)[438]. Како класичен пример за приватно управување, Стрингам го посочува примерот со создавањето и спроведувањето на трговското право, појавата на берзите во Британија, како и слични ситуации од историјата. Приватното управување, својот зенит потенцијално би го доживеало во услови на анархија, во која услугите кои поединците ги добиваат или може да ги добијат, заедно со пристапите за решавање на општествени проблеми, би се обезбедиле со помош на приватни субјекти, кои функционираат во пазарни услови на конкуренција.

Од големо значење за неговото академско делување е публикацијата *Anarchy, State and Public Choice*[439] (2005), каде што тој се појавува како уредник, а истата претставува збирка на текстови - научни трудови, на познати автори кои својот академски фокус го ставаат врз феномените на анархија и анархизам.

Дополнително, трудот *Hayekian Anarchism*[440] (2011), кој што Стрингам го пишува со ***Тод Зивички*** (Todd Joseph Zywicki, 1966 - ), е посветен на *скриениот анархизам* на Хаек,

[436] Max Gulker - Private Governance, Not State Capacity (2020, aier.org)
[437] Edward Stringham - *Private Governance Creating Order in Economic and Social Life* (2015, Oxford University Press)
[438] Edward Stringham - *Anarchy and the Law: The Political Economy of Choice* (2007, independent.org)
[439] Edward Stringham - *Anarchy, State and Public Choice* (2005, mercatus.org)
[440] Edward Stringham & Todd J. Zywicki - Hayekian Anarchism (2011, gmu.edu)

кој е неизбежна логичка последица на неговите ставови и увиди во улогата на знаењето и функционирањето на општеството.

## 44. Остерфелд и аналитички анархизам

***Дејвид Остерфелд*** (David Osterfeld) е политиколог, кој својата академска кариера ја посветил токму на феномените на анархизам и анархија, и тоа во слободарска или либертаријанска смисла. Негово најзначајно академско дело е книгата *Freedom, Society, and the State*[441] (1986) во кое прави севкупна анализа, систематизација и споредба на различните видови на анархизми кои се појавуваат во историјата, протегајќи се од лев или комунистички анархизам, па се до индивидуалистички, пазарен и анархо-капитализам. Исто така Остерфелд, дополнително во ова дело прави и анализа, систематизација и споредба на различните видови на теории и идеологии во склоп на слободарската (либертаријанската) мисла и активизам, од минархистичките позиции на класичен либерализам, објективизам, па се до опциите на индивидуалистички анархизам, волунтаризам, пазарен анархизам и анархо-капитализам.

Во неговиот труд *Anarchism and the Public Goods Issue: Law, Courts, and the Police*[442] (1989), објавен во *The Journal of Libertarian Studies*, Остерфилд дава визија за бездржавно општество, но и што би се случило, односно кој би ги обезбедувал услугите поврзани со функционирањето и одржувањето на *јавни добра* или *услуги*, како право, судови и полиција. Во продолжение, Остерфелд, на линија на анархо-капиталистите и Австриската економска школа, истакнува дека овие услуги, како најбитни услуги за поединците, непосредно поврзани со нивниот физички интегритет, слобода и сопственост, би било неопходно да бидат обезбедени од приватни субјекти во пазарни услови на конкуренција, наместо од државата или јавната власт.

Дополнително во истиот труд, Остерфелд дава примери од историјата, во која создавањето и развојот на англо-саксонското, но и континенталното право, не се толкувани како производ на легализацијата, односно нивно одредување од страна на законодавната власт, туку истите произлегуваат и се надоврзуваат на човековите делувања, и потребата

---

[441] David Osterfeld - *Freedom, Society and State: An Investigation into the Possibility of Society without Government* (1986, Cobden Press: San Francisco)
[442] David Osterfeld - Anarchism and the Public Goods Issue: Law, Courts, and the Police (1989, The Journal of Libertarian Studies, Vol. IX, No. 1

за решавање на споровите од приватни арбитри, на најефикасен возможен начин. Сличен е и примерот со постоењето судството и полицијата, за кои може да се најдат примери за обезбедување на нивните функции или услуги, од страна на приватни (не-државни) и пазарни субјекти.

Помеѓу останатите негови текстови кои се на линијата на промоција на анархизам, капитализам и општо слободарство, се и *Social Utility" and Government Transfers of Wealth: An Austrian Perspective*[443] (2005), *Marxism, Capitalism and Mercantilism*[444] (1991) и *The Natural Rights Debate: A Comment on a Reply*[445] (1983).

## 45. Фолдвари и радикална демократија

***Фред Фолдвари*** (Fred Emanuel Foldvary, 1946 – 2021) беше американски економист, кој голем дел од своето творештво го посвети на градење на основи, оправдувања и можности за алтернативно (бездржавно општество).

Фолдвари беше познат по кованицата *радикална демократија*[446] која означува и предвидува за секој учесник доброволно учество во структурата на управување, но и излез од истата, по негова волја. Оваа концептуална поставка на радикална демократија, не може да заземе масивни облици, со оглед на потребата за едногласност на поединците за одредена заедничка или колективна акција.

Фолвадри беше пропонент и на концептот *демократија во мали размери* (*small-scale democracy*). Како антагонист на масовната демократија, изразена и сфатена како тиранија на мнозинството над малцинството, радикалната демократија е сфатена како дословна манифестација на принципот на поединечен суверенитет[447] и човеково само-поседување. Концептот на радикална демократија, со сигурност може да се каже дека е на линија на концептот на анархија, во кој не постои држава, како израз на масовна демократија, а истата и нејзината улога е замената од различни заедници и здружувања, од профитен или непрофитен карактер, преку кои се изразува овој концепт на *радикална*

[443] David Osterfeld - "Social Utility" and Government Transfers of Wealth: An Austrian Perspective (2005, The Review of Austrian Economics)
[444] David Osterfeld - Marxism, Capitalism and Mercantilism (1991, The Review of Austrian Economics, Vol. 5, No. 1)
[445] David Osterfeld - The Natural Rights Debate: A Comment on a Reply (1983, Journal of Libertarian Studies Vol. VII, Num. 1)
[446] Fred Foldvary - Radical Democracy (2015, progress.org)
[447] Fred Foldvary - Individual Sovereignty (2014, notesonliberty.com)

*демократија* и учество (и се разбира излез) на учесниците во секој однос кој има ефект врз нив.

Негова најпозната книга е *The soul of liberty*[448] (1980), а од големо значење за академскиот анархизам се неговите текстови *Small-Group, Multi-Level Democracy: Implications of Austrian Public Choice for Governance Structure*[449] (2002), *Radical Democracy*[450] (2015), *What is a Governmental Intervention?*[451] (2014), *Individual Sovereignty*[452] (2014), како и *Fiscal principles for self-organizing cities*[453] (2019).

### 46. Лисон и само-управување

***Питер Лисон*** (Peter T. Leeson, 1979 - ) е американски економист кој голем дел од својата академска кариера ја посветил на *економијата на пиратите*, проширување на доменот на рационален избор, како и капацитетот за само-организирање и одржување на поредок во различни и несекојдневни контексти. Тоа може да се прочита подетално во неговата *The Invisible Hook: The Hidden Economics of Pirates*[454] (2011). Исто така, Лисон е посветен на процесот на пронаоѓање емпириски докази низ историјата, за функционирањето на определени аспекти од области во кои отсуствува државната регулација и управување.

Во неговиот труд *The Laws of Lawlessness*[455] (2009) истакнува дека општествен поредок може да се изгради и одржува помеѓу членови на различни општествени групи, во отсуство на заеднички и централен политички авторитет, и тоа врз основа на *само-регулирање* и *само-управување*. Овој заклучок е изведен врз основа на историски емпириски докази од 16-тиот век, од Англо-шкотските гранични краишта, каде поредокот е производ на децентрализиран систем на преку-гранично кривично право, наречено *Leges Marchiarum*.

---

[448] Fred Foldvary - *The Soul of Liberty: The Universal Ethic of Freedom and Human Rights* (1980)
[449] Fred Foldvary - Small-Group, Multi-Level Democracy: Implications of Austrian Public Choice for Governance Structure (2002, The Review of Austrian Economics, 15:2/3)
[450] Fred Foldvary - Radical Democracy (2015, progress.org)
[451] Fred Foldvary - What is a Governmental Intervention? (2014, notesonliberty.com)
[452] Fred Foldvary - Individual Sovereignty (2014, notesonliberty.com)
[453] Fred Foldvary & Luca Minola - Fiscal principles for self-organizing cities (2019, mercatus.org)
[454] Peter T. Leeson - *The Invisible Hook: The Hidden Economics of Pirates* (2011, New York University Journal of Law & Liberty)
[455] Peter T. Leeson - The Laws of Lawlessness (2009, University of Chicago Press, vol. 38(2))

Во продолжение, неговиот труд насловен како *Government, clubs, and constitutions*[456] (2011) е посветен на анализата на *уставната ефикасност*, односно до кој степен уставот може да биде спроведен (или почитуван). Таа ефективност е споредена во услови на систем на политичка власт и во систем на неформални клубови, кои секако функционираат во различни општествени контексти (додека политичката власт е легитимизиран монопол на физичка принуда, клубовите функционираат во пазарни услови на слободна конкуренција). И баш поради тие разлики, Лисон заклучува дека уставот (или статутот) е полесно спроведлив кај клубовите, како недржавни или приватни субјекти, од каде се надоврзува и поголемата ефикасност на субјекти кои функционираат во пазарни услови на конкуренција, наспроти политичките власт, која ја уживаат удобноста да не бидат *пазарно исфрлена од игра*.

И двата случаи, на кои Лисон потенцира, претставуваат едни од аргументите за алтернативно, пазарно и бездржавно општество, кое би кореспондирало со принципот на само-поседување, но и општеството би функционирало со супериорна ефикасност во однос на општественото статус-кво, во кое државата не само што е присутна, туку е и главен општествен субјект. Останат текст на Лисон, битен за академскиот анархизам е *Anarchy and Development: An Application of the Theory of Second Best*[457] (2009), во коавторство со Клаудиа Вилиамсон (Claudia R. Williamson).

## 47. Бел и полицентризам

***Том Бел*** (Tom W. Bell) е американски правник, со академски фокус врз права на интелектуална сопственост, интернет права, подетално обработени во *Intellectual Privilege: Copyright, Common Law, and the Common Good*[458] (2014).

Но, од друга страна, Том Бел, се посветил и на академскиот анархизам, проучувајќи примери, можности, но и оправдувања за надминување на (нација) државата во 21-виот век, со помош на сите технолошки придобивки кои ги носи истиот. Според Бел, се повеќе и повеќе, нацијата-држава станува непотребна, бидејќи е помалку ефикасна од другите здружувања од помали размери, кои функционираат во пазарни услови на слободна

[456] Peter T. Leeson - Government, clubs, and constitutions (2011, Journal of Economic Behavior & Organization 80)
[457] Peter T. Leeson & Claudia R. Williamson - Anarchy and Development: An Application of the Theory of Second Best (2009, The Law and Development Review, Volume 2, Issue 1)
[458] Tom W. Bell -Intellectual Privilege: Copyright, Common Law, and the Common Good (2014, mercatus.org)

конкуренција. Повеќе за неговите ставови околу потенцијалното надминување на нацијата-држава во неговата книга *Your Next Government? From the Nation State to Stateless Nations*[459] (2018).

Том Бел, исто така во својот устражувачки делокруг го користи поимот на *полицентризам*[460], како и полицентрични правни и политички системи. Во самата суштина на поимот, детално објасната во *What Is Polycentric Law*?[461] (2014), тој ја внесува потребата за конкуренција помеѓу различни правни системи, поаѓајќи од пазарната логика, дека секој од нив ќе се стреми да даде поповолни услуги за своите клиенти. Доколку во производството и размената на стандардните комерцијални добра е присутна оваа економска логика на конкуренција и притисок за ефикасност во делувањето, зошто истото не би се применило и во сфери како создавање, одржување и спроведување на правни системи.

Во неговиот труд *Polycentric Law in the New Millennium*[462] (1998) е истакната идеата дека стотици години, обичајни и приватни (не-државни) правни системи ги регулирале човековите делувања, и аналогно, овие видови на регулирање и управување се постари од државата, како и самиот поим за право. Дополнително, во трудот, Бел истакнува три области, најбитни за развој на полицентрично (приватно) право, и тоа *алтернативно решавање на спорови*, *приватни заедници* и *интернетот*. Во сите три области, државата поткленала на предизвикот за ефикасна регулација, а незадоволните потрошувачи се свртиле кон приватни решенија, изразени преку полицентрични правни услуги, понудени на пазарот.

Исто така од големо значење е концептот на *корективна демократија*, која им овозможува на гласачите да отфрлат или да гласаат негативно за определено правило, регулација и сл. Овој концепт може да служи како силна алатка во борбата за ограничување на моќта на држава, и нејзиното овластување да определува правни системи, регулации и други видови на мешање во човековите животи. Повеќе информации

---

459 Tom W. Bell - *Your Next Government? From the Nation State to Stateless Nations* (2018, Cambridge Univ. Press)
460 Goran Ilik & Nikola Lj. Ilievski - Polycentrism: Operationalization and its Significance (2008, International Scientific Conference *Towards a Better Future: Rule of Law, Democracy, and Polycentric Development*, Faculty of Law Bitola)
461 Tom W. Bell - What Is Polycentric Law? (2014, fee.org)
462 Tom W. Bell - Polycentric Law in the New Millennium (1998, tomwbell.com)

околу овој концепт може да се пронајдат во неговиот труд *Can We Correct Democracy?*[463] (2013).

## 48. Хиршман и право на излез

Потребата за дополнително проникнување во суштината и различните изрази на академскиот анархизам, му дава посебно место на ***Алберт Хиршман*** (Albert Otto Hirschman, 1915 – 2012), и неговото дело *Exit, Voice, and Loyalty*[464] (1970). Во истото пишува и дава историски и функционален осврт на *правото на излез* (*exit*) од секакви видови на организации и колективи, како фундаментално право поврзано со принципот на само-поседување. Правото на излез, во конкретниот случај, од државата, не се однесува на правото на физичко напуштање на територијата над која државата изразува власт, туку право на излез од односот на поединецот со политичката власт. Едноставно, тоа би значело, *отпретплатување* од нејзините услуги и регулации.

Доколку е предвидено правото на излез од колективот на држава, истиот субјект повеќе не претставува држава, туку само доброволно здружение од профитна или непрофитна природа, поради фактот што бескомпромисноста во задолжителноста е од суштинско значење за државата.

## 49. Фреј и власт без територијален монопол

***Бруно Фреј*** (Bruno S. Frey, 1941 - ) е уште едно име на економист кое се поврзува со академскиот анархизам. Неговиот труд *A Utopia? Government without Territorial Monopoly*[465] (2001) е поврзан со можноста и оправданоста за влада без териториjателен монопол, односно влада или држава која нема да изразува ексклузивен суверенитет врз определена територија. Аналогно, на истата територија, на која една власт не изразува тотален суверенитет, има потенцијал за ангажирање на повеќе *влади*, кон кои поединците доброволно би се претплатувале. Оваа алтернативна ситуација, дефинитивно може да се поистовети со анархија, затоа што власт без територијален монопол не е власт, а доброволното вклучување, исклучување и функционирање во пазарни услови на

---

[463] Tom W. Bell - Can We Correct Democracy? (2013, fee.org)
[464] Albert O. Hirschman - Exit, Voice and the State (2011, Cambridge University Press)
[465] Bruno S. Frey - A Utopia? Government without Territorial Monopoly (2001, The Independent Review, v.VI, n.1)

конкуренција е карактеристично само за доброволните здружувања, а не политичките власти.

## 50. Поснер, Вејл и квадратно гласање

Концептот на *двојна демократија* или *квадратно гласање* (*quadratic voting*) е дојден до израз во заедничкото авторство на ***Ерик Поснер*** (Eric Andrew Posner, 1965 - ) и ***Глен Вејл*** (Eric Glen Weyl, 1985 - ) - книгата *Radical Markets: Uprooting Capitalism and Democracy for a Just Society*[466] (2018) и трудот *Quadratic Voting and the Public Good: Introduction*[467] (2017). Концептот квадратно гласање претставува концепт на демократија, односно учество на поединците во процесите на донесување на заеднички одлуки, во кое гласањето се одвива на две нивоа.

Првото ниво, или она стандардното од масовната демократија, е она во кое секој поединец има *само еден глас*. Овој вид на гласање би се применувал за битни прашања, кои имаат непосредно значење за поединците и нивните поединечни права во рамките на заедницата.

Од друга страна, второто ниво на гласање, не се темели на принципот - еден поединец, еден глас, туку во истото, секој поединец може да гласа со онолку гласови, колку што има капацитет и волја да вложи капитал во проблемот, која е тема на гласање. Тоа е слично како во акционерските друштва, каде што бројот на гласови зависи од уделот, односно акциите кои поединците или правните лица ги имаат во конкретното трговско друштво. Ова ниво на гласање, е познато и како *гласање со својот џеб*[468], и би се употребувало за општествени прашања кои имаат големи фискални импликации. Дополнително, на второто ниво од квадратното гласање, секој учесник може да избере степен до кој сака да учествува со својот глас и капитал.

Со концептот на двојна демократија или квадратно гласање би се зајакнал механизмот на демократија, но исто така би се унапредила поединечната слобода, но и

[466] Eric Posner and Glen Weyl - *Radical Markets: Uprooting Capitalism and Democracy for a Just Society* (2019, Princeton University Press)

[467] Eric Posner and Glen Weyl - Quadratic Voting and the Public Good: Introduction (2017, columbia.edu)

[468] Критичарите на овој концепт, веднаш би се спротивставиле на истиот, тврдејќи дека учеството во донесување на заеднички одлуки не може да се темели врз финансиската состојба на поединците, и дека со истиот концепт, се нарушува *еднаквоста*, како вредност во едно општество.

поединечната одговорност за конкретни прашања, што потполно соодветствува со феномените на анархија и анархизам.

### 51. Конзервативен либертаријанизам

Конзервативизмот, како идејна традиција во американски контекст е во голем обем поразличен од оној во европскиот. Истиот, во Америка се однесува на враќање кон политичките основи, и идеите на татковците-основачи на идеите. Конзервативците се ориентирани кон големи економски слободи, додека со сомнеж гледаат на социјалните, односно на различните стилови на живот. Во надворешната политика, се пропоненти на реал-политиката и нужноста од одбрана на државните интереси (*raison d'etat*) надворешна интервенција, а оние кои се декларираат како *конзервативни либертаријанци*, се залагаат за изолационизам, односно, немешање во работите на другите земји. Оваа пракса на изолационизам и немешање, е наследена од *старата десница* (*Old Right*)[469] во Америка, додека новата десница, односно нео-конзервативците, согледуваат и нужност за надворешна (насилна) интервенција[470], во одбрана на тие државни интереси. Старата десница зазеде се поголем простор во американското политичко-идеолошкото милје за време на *Њу дил* (*New Deal*) политиките.

Во Америка, и денес постојат повеќе организации, или *тинк-тенкови*, кои ги имаат адаптирано овие конзервативни и *про-фри-маркет* (либертаријански) ставови, а некои од нив се следните: *Hoover Institution*[471] (1919), *American Enterprise Institute*[472] (1938), *The Heritage Foundation*[473] (1973), *Claremont Institute*[474] (1979), *Heartland Institute*[475] (1984), *Acton Institute*[476] (1990), како и други.

***Џона Голдберг*** (Jonah Goldberg, 1969 - ) е еден од преставниците на овој вид на конзервативизам во Америка. Од особено значење е неговиот бестселер *Liberal Fascism: The Secret History of the American Left, From Mussolini to the Politics of Change* (2008)[477].

---

[469] Joseph R. Stromberg - Mere "Isolationism": The Foreign Policy of the "Old Right" (2000, independent.org)
[470] Andy Dunn - The Rise of Neoconservative Foreign Policy (2015, english.umd.edu)
[471] Hoover Institution (hoover.org)
[472] American Enterprise Institute (aei.org)
[473] The Heritage Foundation (heritage.org)
[474] Claremont Institute (claremont.org)
[475] Heartland Institute (heartland.org)
[476] Acton Institute (acton.org)
[477] Jonah Goldberg - *Liberal Fascism: The Secret History of the American Left, From Mussolini to the Politics of Change* (2008, Crown Publishing Group)

Либералниот фашизам, за кој пишува Голдберг, е според него првиот вид на фашизам, кој е постар од оригиналниот во Италија, и зазема се поголемо место во Америка, посебно со претседателствувањето на Вудро Вилсон. Иако овој фашизам, не соодветствува со првата асоцијација на фашизам, како оние во Италија, во Германија и во голем дел на Европски држави, истиот воведува нова пракса во американскиот политички живот, а тоа е се поголема и поприсутна држава, која се ополномоштува да решава различни општествени проблеми, дури и оние, кои претходно било незамисливо да бидат во нејзина надлежност. Во воведот на книгата, Голдберг дава едноставен одговор на прашањето што е фашизам, и тоа „кога корпорациите станувaат власт“.

**52. Палеолибертаријанизам**

Претставува верзија на либертаријанизмот во Америка, во 90-тите години на претходниот век, кога Мареј Ротбард и Лу Роквел истапуваат од либертаријанското движење и формираат ново - *палеолибертаријанско*. Тоа го прават со цел за да се дистанцираат од, како ги нарекуваат *нихилистите либертаријанци*[478] или *либертинци*[479], кои според нив, своевремено претставуваат доминантен дел во либертаријанското движење. Со самото тоа, тие стапуваат во таканаречено сојузништво со *Старата американска десница* (*Old right*), која е изолационистички и анти-милитаристички настроена кон надворешни инвазии[480], за разлика од новата десница, која ја оправдува улогата на САД, на *светски полицаец*, во меѓународните односи. Дополнително, прифаќаат стратегија на *десничарски популизам*.[481]

Палеолибертаријанизмот, се поврзува со конзервативниот морал[482] на Јудео-христијанската етика или западната традиција, или како Ротбард вели „посветување на *буржуаските вредности* и спротивставување на нихилистичката *контракултура*“[483]. Она што ги прави посебна фракција, односно толкување е верувањето дека слободата не е доволна сама по себе за воспоставување на добро општество, туку се потребни, како што

---

[478] Murray N. Rothbard - Why Paleo? (1990, RRR - *Rothbard Rockwell Report*)
[479] Llewellyn H. Rockwell Jr. - The Case for Paleo-Libertarianism (1990, *Liberty Volume 3, Number 3*)
[480] Joseph R. Stromberg - Mere “Isolationism”: The Foreign Policy of the “Old Right” (2000, independent.org)
[481] Andy Craig - The Libertarian Movement and Libertarian Party (2021, libertarianism.org)
[482] Marcin Chmielowski - Murray N. Rothbard’s Paleolibertarianism: In Search for a Political Success during the Republican Party Presidential Primaries 1992 (2016, *Res Publica. Revista de Historia de las Ideas Políticas Vol. 19 Núm. 2*)
[483] Murray N. Rothbard - Why Paleo? (1990, RRR - Rothbard Rockwell Report)

вели Лу Роквел во неговиот текст *The Case for Paleo-Libertarianism* (1990), „општествени институции и стандарди кои ги охрабруваат јавните доблести.“[484]

Палеолибертаријанците експлицитно се залагаат за слобода во политичка смисла (слобода од принудата на државата), но со сомнеж гледаат кон останатите слободи, како слобода од културни, општествени и религиозни морални авторитети и норми. Тие ги преиспитуваат политичките авторитети, но ги подржуваат општествените или пак традиционалните – оние на таткото, фамилијата, црквата, заедницата итн. Нивната етика е доминантно патријахална.[485]

## 53. Лев либертаријанизам

Левиот либертаријанизам[486], е идеолошка струја во слободарството, која е анти-капиталистичка, но исто така е за слободен пазар, поврзувајќи го капитализмот со разните привилегии кои власта им дава на определени субјекти од бизнис секторот - или *крони капиталистите*[487]. Исто така се надоврзува на учењето на индивидуалистичкиот анархизам од 19-ти век и *трудовата теорија на вредноста*.

Во 20-ти и 21-ви век продолжува традицијата на овој анархизам, во голема мера поради активноста на *Center for a Stateless Society (C4SS)*[488]. Центарот претставува американски тинк тенк и медиум со мисија „да ја објасни и одбрани идеата за општествена соработка без агресија, репресија и централна власт.“ Исто така активен во изучување и промоција на анархизмот е и *Molinari Institute*[489], кој го носи своето име во чест на Густав де Молинари.

Од левите слободарски дејци, помеѓу другите, може да се издвојат Карл Хес, Гери Чартиер, како и Дејвид С. Дамато.

***Карл Хес*** (Karl Hess, 1923 – 1994) претставуваше доста контроверзна фигура во Америка, која идеолошки лутала, за на крај да го прифати анархизмот и слободарството како идеологија со која конечно може да се поистовети. Познат е неговиот есеј *The Death of Politics* (1969)[490], кој може да послужи како еден од основните текстови за запознавање

[484] Llewellyn H. Rockwell Jr. - The Case for PaleoLibertarianism (1990, *Liberty Volume 3, Number 3*)
[485] Никола Љ. Илиевски - Хипици десничари (2022, libertania.org)
[486] Никола Љ. Илиевски - Анархизам индивидуалистички (2022, libertania.org)
[487] Jonathan Macey - The Rise Of Crony Capitalism (2016, hoover.org)
[488] Center for a Stateless Society (C4SS) (c4ss.org)
[489] Molinari Institute (praxeology.net)
[490] Karl Hess - *The Death of Politics* (2009, mises.org)

со слободарството и анархизмот. Хес исто така може да се смета за анархо-капиталист, поради истакнувањето на овој термин во своите подоцнежни текстови, но и поради неговата инспирираност од Ротбард, Ејн Ренд, како и други анархисти, радикални капиталисти и поборници за слободен пазар.

***Гери Чартиер*** (Gary Chartier, 1966 - ) е познат по неговото дело *Anarchy and Legal Order: Law and Politics for a Stateless Society* (2013)[491]. Вистинско четиво за современиот лев пазарен анархизам претставува *Markets Not Capitalism Individualist Anarchism Against Bosses, Inequality, Corporate Power, and Structural Poverty* (2011)[492], кое е збирка на есеи, уредени од Гери Чартиер и Чарлс Џонсон, кои ја објаснуваат и претставуваат теоријата на овој анархизам, во современо издание. Длабок увид во разбирањето и типологијата на анархизмот, прави и Дејвид Остерфелд, со неговата *Freedom, Society, and the State: An Investigation into the Possibility of Society without Government* (1986)[493].

***Роберт Лефевре*** (Robert LeFevre, 1911 – 1986) беше слободар и имплицитен анархист, кој дал свој придонос кон слободарството, или поконкретно кон индивидуалистичкиот анархизам. Може да се смета за основач на *автархизмот*, кој претставува политичка философија, основана врз принципите на поединечна слобода, отфрлање на политичката власт и елиминација на владата во корист на *само-владеењето*, од каде што и потекнува името. Негови дела се *This Bread is Mine* (1960)[494], *The Nature of Man and His Government* (1959)[495], *The Fundamentals of Liberty* (1988)[496] и *The Philosophy of Ownership* (1966)[497].

***Семјуел Едвард Конкин 3-ти*** (Samuel Edward Konkin III, 1947 – 2004) беше основоположник на *агоризмот*, како вид на анархистичка политичка философија. Според Конкин, „целта на агоризмот е агората[498] (плоштад). Тоа претставува општество на отворен пазар, скоро неизвалкано од кражби, напади и измами, колку што може поблиску до слободно општество. Слободно општество е она во кое секој од поединците може да ги

---

491 Gary Chartier - Anarchy and Legal Order: Law and Politics for a Stateless Society (2013)
492 Gary Chartier & Charles Johnson - Markets Not Capitalism Individualist Anarchism Against Bosses, Inequality, Corporate Power, and Structural Poverty (2011, Autonomedia)
493 David Osterfeld - Freedom, Society, and the State: An Investigation into the Possibility of Society without Government (1986, mises.org)
494 Robert LeFevre - This Bread is Mine (1960, fee.org)
495 Robert LeFevre - The Nature of Man and His Government (1959, mises.org)
496 Robert LeFevre - The Fundamentals of Liberty (1988, Rampart Institute)
497 Robert LeFevre - The Philosophy of Ownership (1966, mises.org)
498 Samuel Edward Konkin III - An Agorist Primer (2008, KoPubCo)

задоволи своите субјективни вредности без насилен судир со останатите.” Дополнително Конкин предлага заобиколување на државните институции, неизлегување на избори и префрлање на целата економија во сива, па дури и во црна зона[499], која не може да биде предмет на оданочување или регулација. Оваа негова стратегија за слободарска промена се нарекува *контра-економија* (*counter-economics*). Најпознато негово дело е *An Agorist Primer* (2008)[500].

## 54. Блидинг харт либертаријанизам

Претставува влијателна струја во слободарската идеолошка традиција, која покрај фокусот на личната слобода и слободните пазар, големо внимание посветува на феномените на *социјална правда*, *егалитаријализам*, *еднаквост на можности*, *феминизам* и сл, традиционално поврзани со леви идеолошки традиции.

Секако, во самата срж, истиот е дефинитивно слободарски и *про-пазарен*, но и дополнително цели кон исполнување и на овие општествени вредности, како и посветува внимание врз определени општестствени проблеми, за кој *догматскиот либертаријанизам*, можеби е рамнодушен.

Овие либертаријанци ја сметаат за легитимна онаа минимална држава, која дополнително е зајакната и со социјални или трансфери на прераспределба, исто така наречена *минимална социјална држава* (чии апологети биле Фридрих Хаек и Милтон Фридман).

## 55. Идеалистички и реалистички либерализам

***Франсис Фукујама*** (Yoshihiro Francis Fukuyama, 1952 - ) е еден од најголемите и највлијателните теоретичари на политичките науки и либерализмот, кон крајот на 20-тиот и почетокот на 21-виот век, сфатен како *идеалистички*, во широка и меѓународна смисла. Неговата теза за *крајот на историјата*, извлечена од неговата *The End of History and the Last Man* (1992)[501] се однесува на тоа дека со крајот на *Студената војна*, и падот на *Источниот блок*, човештвото е сведок на крајот на неговата политичко-идеолошката

---

[499] Мареј Ротбард ја критикува оваа стратегија на Конкин за слободарска победа, означувајќи ја како несериозна и дополнително потенцирајќи ја потребата од *политичко делување* (*political action*). Повеќе: Murray N. Rothbard - Konkin on Libertarian Strategy (2009, mises.org)

[500] IBID

[501] Francis Fukuyama - *The End of History and the Last Man* (1992, Macmillan, Inc)

еволуција, а либералната-демократија, ја претставува формата на политичка власт, резултат на тој крај. Од истата констатација следува дека не постои подобра форма на владеење од либералната демократија и подобра идеологија од либерализмот, а крајот на комунизмот го подразбира конечниот триумф на претходните две. Фукујама го адаптира *историцизмот*, како на Хегел, така и на Маркс, а фразата крај на историјата ја презема од Александар Кожев (*Alexandre Kojève*)[502].

***Роберт Каган*** (Robert Kagan, 1958 - ) е еден од претставниците на *реалистичкиот* или *интервенционистичкиот либерализам*.[503] Тој ја пишува неговата *The Return of History and the End of Dreams* (2008)[504] како одговор на идеализмот на Френцис Фукујама за крајот на историјата, и потребата од зачувување на либералните режими, ако има потреба и со употреба на сила. Во книгата пишува за две оски на светскиот поредок, кои се истакнуваат по завршувањето на Студената војна, и тоа *оската на демократијата*, предводена од САД, Европската унија и други либерални демократии, и *оската на автократија*, предводена од Русија, Кина и други авторитарни режими. Истакнува дека борбата за либерализмот не е завршена, и дека победата не се случува сама од себе, поради самата супериорност на аргументите, туку истата треба да се добие, па ако е неопходно и со воена интервенција.

Кога станува збор за интервенционистичкиот либерализам, треба да се напомене и Ејн Ренд и нејзините ставови во доменот на надворешно-политичките работи, како и легитимноста на надворешна воена интервенција, на една (слободна) држава. Ренд, цврсто стоеше на ставот дека секоја слободна држава, има *морално право*[505] (но не морална одговорност) да изврши агресија и инвазија врз држава која е помалку слободна или тиранска, и тоа се со цел подобрување на состојбата на слободата во втората, објект на агресијата.

## 56. Социјален (модерен) либерализам

Социјален или модерен либерализам, претставува современа варијанта на либерализмот, кој покрај поединечната слобода и човекови права, ја аспектира и

[502] Riccardo Paparusso - Kojève's idea of the end of history: a philosophical key to the European economic crisis (2014, opendemocracy.net)
[503] Katja Lindskov Jacobsen - Liberal Interventionism: The Crisis Within (2017, cips-cepi.ca)
[504] Robert Kagan - *The Return of History and the End of Dreams* (2008)
[505] Ayn Rand - *Capitalism: The Unknown Ideal* (1967, aynrand.org)

поединечната благосостојба. Истиот, на ниво на држава, се манифестира во социјална либерална држава, која освен загарантираните, но и ограничените надлежности за заштита на поединците, додава и надлежности за зајакнување на поединечната благосостојба. Гарантирање на минимална поединечна благосостојба се обезбедува преку различни политики на прераспределба на богатство во општеството, гарантирање на социјален минимум, организација на здравствен, социјален, културен систем и слично.

***Џон Ролс*** (John Bordley Rawls, 1921 – 2002) беше можеби најпознатиот политички теоретичар и философ на 20-тиот век. Пропонент на либерализмот, но сфатен во поширока смисла, во неговиот вредносен спектар во центарот ја ставаше благосостојбата на поединецот, а слободата, како еден од нејзините конституенти. Негово најпознато дело е *A Theory of Justice* (1971)[506] и во него ја одредува правдата како *правичност*, а идеалното општество како општество во кое слободните граѓани имаат исти права и соработуваат во *егалитарен економски систем*.[507] Правдата, есенцијално ја поврзува со два принципа, и тоа: *принципот на еднаква слобода* и *принципот на различност и еднаквост на можности.* Од тука произлегува дека политичката власт има поширок делокруг од онаа во услови на *држава ноќен чувар*, и тоа со интерференција во областите на материјална прераспределба, со цел одржување на некој егзистенцијален минимум, а со тоа и *социјална правда*, и тоа во корист на оние, *најмалку среќните* во општеството. Тука се надоврзува и академскиот конфликт, кој го имале со Роберт Нозик, кој правдата непосредно ја поврзува со личната слобода, а секаква државна интервенција, освен онаа нужната е нелегитимна и неправедна. Од друга страна, Ролс, следејќи ја Кантовата етичко-философска позиција е *моралист*, и не го оправдува неговиот егалитарен или социјален либерализам, од утилитарна, туку од философско-морална[508] позиција.

### 57. Ордолиберализам

Ордолиберализмот претставува варијанта на либерализмот во Европа, која се појавува во повоениот развој на Германија. Истиот е тесно поврзан со Универзитетот во Фрајбург. За разлика од либерализмот во класична смисла, неговото толкување како ордолиберализам восприема слободни пазари, кои функционираат во цврста политичка

---

[506] John Rawls - *A Theory of Justice* (1971, Harvard University Press)
[507] John Rawls (plato.stanford.edu)
[508] J Jerusha Melanie - John Rawls' Theory of Justice (2022, blog.ipleaders.in)

рамка. Тоа значи дека државата има улога на активен субјект во еконмските процеси, која презема мерки со цел да овозможи одржување на слободната конкуренција, да спречи акумулирање на преголема економска и општествена моќ кај определени субјекти кои можат да ги нарушат принципите на слободна конкуренција. Едни основоположниците на ордолиберализмот се ***Волтер Еукен*** (Walter Eucken), ***Франц Бом*** (Franz Böhm), ***Александар Рустов*** (Alexander Rüstow), ***Вилхелм Ропке*** (Wilhelm Röpke) и ***Алфред Мулер*** (Alfred Müller). [509]

### 58. Отворено слободарство (Big tent approach libertarianism)

Претставува современ пристап во слободарската мисла и движење, кој цели кон обединување, но платформа за дијалог, помеѓу сите (слободарски) теории, дејци и општествени активизми, кои даваат различни гледишта, оправдувања и толкувања за поединечна слобода. Слободарството со широк пристап е популаризирано со појавата и активноста на Студенти за слобода, како и делувањето на Том Г. Палмер.

***Студенти за слобода*** (Students for Liberty[510]) е непрофитна организација формирана во Вашингтон 2008 година, а денес претставува мрежа на студентски групи и поединци кои функционираат и живеат во целиот свет, а слободата е централната вредност која ги поврзува. Она што ја прави карактеристична оваа организација или движење, е тоа што истата не ја дефинира основата врз која поединците (треба да) веруваат во слободата, туку опфаќа различни оправдувања и охрабрува дебати на тематики поврзани со философиите, теориите и идеологиите кои ја тангираат слободата. Студенти за слобода имаат строго децентрализирана поставеност, односно студентските групи и поединци се слободни во своите толкувања и стратегии за промовирање на слободата во нивните заедници. Принципите на мрежата се дефинирани во неколку темели, и тоа: *Мир, љубов, слобода*; слобода на израз; намалување на владини интервенција; слободно општество; слободни пазари; крај на војната против дрогата; како и слободата и технологијата.[511] Основна мисија е образование, развој и зајакнување на младите слободарски лидери и нивните заедници.

---

[509] Werner Bonefeld - Freedom and the Strong State: On German Ordoliberalism (2012, *New Political Economy*)
[510] Students for Liberty (studentsforliberty.org)
[511] IBID

Слободарството со широк пристап во себе вклучува, како е напоменато различни теории и дејци, кои во процесот на оправдување на слободата, тргнуваат од различни позиции на гледишта. Така, истото вклучува, класични либерали, моралисти, утилитаристи, анархисти, минархисти, објективисти, морални релативисти, социјални либерали, блидинг харт либертаријанци, крипто-анархисти, верници, атеисти, догматски либертаријанци, широки слободари, итн.

***Том Г. Палмер*** (Tom Gordon Palmer, 1956 - ) е еден од најистакнатите слободари кон крајот на 20-ти и почетокот на 21-ви век, непосредно поврзан со започнувањето на Студенти за слобода, како и функционирањето на *Atlas Network* и *Cato Institute*. Неговата улога, во промоцијата на слободата и слободниот пазар, во источна Европа, кон крајот на 80-тите и почетокот на 90-тите години од претходниот век, е недвосмислено значајна.

Палмер е *светски патник* и слободарски активист и говорник, присутен на различни настани за промовирање на слободата. Неговата експертиза се поистоветува со различните оправдувања, историјата и темелните принципи на слободарството. Неговите книги, може да служат како одлични учебници, како за запознавање, но така и за продлабочување на знаењата во слободарството или либертаријанизмот. Најпознати се неговите: *Realizing Freedom: Libertarian Theory, History, and Practice*[512] (2009), *The Morality of Capitalism: What Your Professors Won't Tell You*[513] (2011) (преведена на македонски јазик како *Моралоста на Капнитализамот*[514]), *After the Welfare State: Politicians Stole Your Future, You Can Get It Back*[515] (2012) (преведена на македонски јазик како *Државата на благосостојба и по неа*[516]), *Why Liberty: Your Life - Your Choices - Your Future*[517] (2013) (преведена на македонски јазик како Зошто Слобода?[518]), *Peace, Love & Liberty: War is Not Inevitable*[519] (2014) (преведена на македонски јазик како *Мир, Љубов и Слобода*[520]), *Self-Control Or State Control? You Decide*[521] (2021) како и голем број на научни трудови.

---

512 Tom G. Palmer - *Realizing Freedom: Libertarian Theory, History, and Practice* (2009, Cato Institute)
513 Tom G. Palmer - *The Morality of Capitalism: What Your Professors Won't Tell You* (2011, Jameson Books, Inc)
514 Том Г. Палмер - *Моралноста на капитализмот* (2018, libertania.org)
515 Tom G. Palmer - *After the Welfare State* (2012, Atlas Network & Students for Liberty)
516 Том Г. Палмер - *Државата на благосостојба и по неа* (2021, libertania.org)
517 Tom G. Palmer - *Why Liberty* (2013, Atlas Network & Students for Liberty)
518 Том Г. Палмер - *Зошто слобода?* (2017, libertania.org)
519 Tom G. Palmer - *Peace, Love & Liberty: War is Not Inevitable* (2014, Atlas Network & Students for Liberty)
520 Том Г. Палмер - *Мир, Љубов и Слобода* (2018, libertania.org)
521 Tom G. Palmer - *Self-Control Or State Control? You Decide* (2016, Jameson Books, Inc)

*Зошто слобода* е збир на есеи, уреден од Том Палмер, кој во мал фонд на зборови ја има доловено скоро целата суштина на тоа што претставува слобода, и дава одговор на прашањето зошто да се избере и да се делува кон слобода, оправдано со доминантните морално и утилитарно толкување на слободата.

***Имон Батлер*** (Eamonn Butler, 1953 - ) е британски економист, еден од основачите на *Adam Smith Institute*[522]. Значењето на Батлер за слободарството кон крајот на 20-ти и почетокот на 21-ви век е исто така огромно. Помеѓу најбитните текстови на Батлер се оние во кои ги раскажува животите на најголемите економисти-либерали, но исто така ги поедноставува и ги прави лесно преносливи нивните теории и увиди. Може да се наведат неговите: *Hayek: His Contribution to the Political and Economic Thought of Our Time*[523] (1985), *Adam Smith - A Primer*[524] (2007), *Austrian Economics: A Primer*[525] (2010), *Ludwig Von Mises: A Primer*[526] (2010) *Milton Friedman: A Concise Guide to the Ideas and Influence of the Free-Market Economist*[527] (2011), *Ayn Rand: An Introduction*[528] (2018), *Foundations of a Free Society*[529] (2013), итн.

*Основи на слободно општество* е книга, со која Батлер успева да даде еден *краток учебник* за слободарство и либерализам, толкувано во негова најширока смисла. Во продолжение, Батлер ги сумира основните поставки на слободарството, неговото оправдување, од морална и утилитарна страна, и основни институции на слободно општество, како што се сопственоста, слободата на делување, владеење на правото, и некои увиди во она што значи *спонтано општество*[530].

***Мери Руарт*** (Mary J. Ruwart, 1949 - ) е американска професорка, био-медицински истражувач и уште еден претставник на современото слободарство или либертаријанизам. Нејзиниот либертаријанизам може да се етикетира како етички или емпатичен, па дури и духовен. Руарт, ја поврзува љубовта, непосредно со слободата и со идеата за не-поттикнување на насилство. Нејзини најпознати дела се *Short Answers to the Tough*

[522] Adam Smith Institute (adamsmith.org)
[523] Eamonn Butler - *Hayek: His Contribution to the Political and Economic Thought of Our Time* (2010)
[524] Eamonn Butler - *Adam Smith – a Primer* (2007, iea.org.uk)
[525] Eamonn Butler - *Austrian Economics: A Primer* (2010, Adam Smith Research Trust)
[526] Eamonn Butler - *Ludwig Von Mises: A Primer* (2010, iea.org.uk)
[527] Eamonn Butler - *Milton Friedman: A Concise Guide to the Ideas and Influence of the Free-Market Economist* (2011, Institute of Economic Affairs)
[528] Eamonn Butler - *Ayn Rand: An Introduction* (2018, iea.org.uk)
[529] Eamonn Butler - *Foundations of a Free Society* (2013, iea.org.uk)
[530] Eamonn Butler - *Foundations of a Free Society* (2013, iea.org.uk)

*Questions: How to Answer the Questions Libertarians Are Often Asked*[531] (2012), *Healing Our World: The Compassion of Libertarianism*[532] (2015), *Death by Regulation: How We Were Robbed of a Golden Age of Health and How We Can Reclaim It*[533] (2018).

---

531 Mary J. Ruwart - *Short Answers to the Tough Questions: How to Answer the Questions Libertarians Are Often Asked* (2012)
532 Mary J. Ruwart - *Healing Our World: The Compassion of Libertarianism* (2015)
533 Mary J. Ruwart - *Death by Regulation: How We Were Robbed of a Golden Age of Health and How We Can Reclaim It* (2018)

## ГЛАВА 3:
## АНАЛИЗА НА СЛОБОДАРСТВОТО

Слободарството е широка традиција, која претставува збир на општествени (политички, економски, правни и социолошки) теории и идеологии кои нудат анализа, оправдување, толкување и промовирање на централниот феномен на човекова слобода.

По направената историската анализа, се појавува потреба од анализа на суштинските одредници, или она што ги прави истите идеи слободарски. Во оваа анализа потребно е да се објаснат основните поставки[534], но и да се увидат посебностите на различните слободарски идеи и оправдувањата за слобода.

### 59. Природа на човекот (human nature)

Пред да се започне со гледиштата за природата на човекот, потребно е да се напомене, дека истите се од *социолошка* или *општествена* перспектива, наспротив *психолошка* или *спиритуална*. Слободата гледана од страна на *општественаците* го сфаќа човекот како битие кое функционира во низа на заедници во рамки на општеството.

Човекот се раѓа сам и умира сам, но во меѓувреме *размислува*, *делува*[535] и *стапува во односи* со други луѓе. Постојат мал куп концепции за човековата природа, а во склоп на слободарството како идејна традиција, би биле издвоени неколку.

Човековото битие, кое во принцип е разумно - ***homo rationalis*** (*рационално животно*[536]), размислува и делува, пред се е определено како ***homo agens***. Основата на неговата природа е размислувањето и делувањето, се со цел да преживее, да го унапреди својот живот и да делува кон постигнување на својата среќа. Ваквата определба за човекот како ***активно суштество***[537] или суштество кое делува е онаа на Лудвиг вон Мисес, која е темел, како за Австриската економска школа, за праксеологијата како посебна наука[538], па така и за слободарството како идејна традиција, во современа смисла. Човековото делување е *свесно делување*, мотивирано од остварување на конкретна цел.

---

[534] David Boaz - Key Concepts of Libertarianism (2019, cato.org)
[535] Делува или дејствува, или се активира, е активен. Ludwig von Mises - *Human Action: A Treatise of Economics* (1998, mises.org)
[536] Jason Kuznicki - Natural Law and Human Nature in the Ethics of Liberty (2012, libertarianism.org)
[537] IBID
[538] George H. Smith - Praxeology (2008, libertarianism.org)

Свесно е, затоа што човекот е битие кое го користи својот разум, а неговото делување е насочено кон надминување на определена *потешкотија* (*uneasiness*)[539] или исполнување на определена цел. Човекот *мисли* и *делува* во севкупните процеси на преживување, унапредување и потрага по среќа.

Како надоврзување на неговата природа како битие кое *делува* е и неговата определба како ***homo economicus***. Истата е деадена, затоа што човекот во принцип е *рационално битие*, со стремеж за зачувување и унапредување на својот живот и потрага по својата среќа.[540] Адам Смит го забележал истото и во *Богатството на народите* и феноментално констатирал: „Не заради добродетелноста на месарот, пиварот или пекарот ја очекуваме нашата вечера, тука од нивниот однос кон својот интерес."[541]

Аналогно, човек тргнува од себе и за себе, кога *делува* и влегува во однос со други. Но, од самиот факт што тој влегува во односи, се *организира*, гради заедници, и не е доволен сам за себе, Арисотел го определил како ***zoon politikon***, затоа што „не е ниту волк, ниту Бог за сам да живее,"[542] од каде и потребата *општествено да постои.*

Човечкиот живот не е даден со гаранција, туку истиот се чува и унапредува, со цел да преживување и култивирање *среќен (исполнет) живот*. Чувањето и унапредувањето подразбира задоволување на конкретни потреби и решавање или надминување на конкретни проблеми. *Општествени проблеми* се оние проблеми кои се споделувани од значителен број на поединци во рамки на општество.

Човекот, скоро секогаш, а дотолку повеќе во последните два века, своите потреби ги задоволува, а проблеми решава во рамки на повеќе заедници во кои делува - живее, разменува, работи, развива, комуницира, и слично.

Во целиот тој сплет на односи, се јавува потреба од *конкретно уредување*, односно поставување и функционирање на *правила на игра*, кои ќе го ***мотивираат*** и ***ограничат*** човечкото делување, а воедно ќе служат како институционална рамка за задоволување на човековите потреби и решавање на проблеми.

Аналогно на тоа, човекот како *homo agens* или битие кое делува и *homo economicus/homo rationalis*, односно битие кое е рационално, има суштинска потреба да

---

539 Jason Kuznicki - Natural Law and Human Nature in the Ethics of Liberty (2012, libertarianism.org)
540 Ayn Rand - *The Virtue of Selfishness* (1964, Penguin Group)
541 Адам Смит - Богатството на народите (1997, Скопје: Штрк)
542 Аристотел - Никомахова Етика (2003, Скопје: Три)

биде *zoon politikon*, односно да биде дел или да функционира во заедница; и тоа се со цел да го одржи и унапреди својот живот преку неговите најосновни карактеристики, недвосмислено прикачени за него, а тоа се ***размислување*** и ***делување***.

### 60. Пристап на индивидуализам (approach of individualism)

Индувидуализмот е философски и општествен пристап, кој се користи во истражувањето и анализирање на општествените феномени, појави и процеси. Овој пристап го зема поединецот или единката, неговото постоење, размислување и делување како основна единица во сите општествени истражувања и анализи. Тоа практично значи дека со набљудување на поединецот може да се научи и за општеството, но не и обратно, со анализа на општеството, не може да се научи за поединците.

Дополнително, индивидуализмот го признава човекот, како единствен субјект кој размислува и делува во општеството, и врз кој треба да бидат фокусирани, како политичките, така и научните елити. Секој општествен однос, не е ништо друго освен човекот и неговите делувања во рамки на општеството. Општествените односи претставуваат аспектирање на различните човекови делувања, како и резултатите на тие човекови делување. Со цел да се создаде општествен однос, има потреба од делување на поединец, или група на поединци. Човековото делување му претходи на општествениот однос, а вториот е резултат на првото.

Општество (*society*) е широк и апстрактен поим, околу кој има бројни дилеми во неговото одредување, од каде почнуваат сите поделби во општествено-политичките и идеолошките традиции.

Во поширока конотација, општеството може да се одреди како севкупност на човекови делувања или односи помеѓу луѓето кои го сочинуваат. Ервин Ласло, во својата *Individualism, Collectivism & Political Power* (1963) ја определува *онтолошката концепција* на општеството како *множество од конкретни субјекти* (човекот како субјект во сите општествени настани) и *каузалниот фактор на односи*[543] (севкупност од економски, општествени, културни и други односи). На почетокот е определен концептот на човекот како *конретно битие* и севкупност од односи во кои влегува - *општествено постоење*.

[543] Ervin Laszlo - *Individualism, Collectivism & Political Power* (1963, Springer-Science+Business Media, B.V.:Hague)

Конкретното битие се однесува на поединецот како разумно битие, кое *размислува* и *делува* во општеството, со цел одржување и унапредување на својот живот. Од друга страна, неговото општествено постоење се однесува на *општествените односи* кои ги зачнува и во кои влегува.

Во зависност од каузлитетот и вреднувањето на релацијата *конкретно битие - општествено постоење*, или, *човеково делување - општествен однос*, Ласло издвојува две општи комбинации, кои се основата на разграничувањето на две, заемно спротивставени политичко-философски идеи и пристапи, кои имаат огромна улога во понатамошното дефинирањето на пристапите кон општествено-политичкото уредување.

Во *првата комбинација*, конкретното битие е *примарно*, а општественото постоење е *секундарно*; поединечното битие има тенденција да го одредува и развива (своето) општественото постоење, а општеството е сума на општествените постоења на конкретните битија[544]. Оваа поставка е темел на идеата на ***индивидуализмот.***[545]

*Втората* е она во која општественото постоење е примарно, конкретното битие е секундарно, а општеството дефинитивно го одредува битието. Оваа е темел на ***колективизмот***.[546]

Станува збор за теоретски поставки, се подразбира и дека моделирањето и одредувањето е реципрочен или заемен процес, но самото постоење на општеството, е резултат од делувањата на поединците.[547] Од тука произлегува дека колективизмот[548] е *затворена идеа*[549], затоа што не остава простор за излез од *општествена детерминираност* - „општеството го прави човекот,” или „човекот е разултат на општествените односи“, за разлика од индивидуализмот, кој е *отворен*[550] и остава простор за само-дефинирање, поединечно вреднување, иницијатива и развивање на „нови општества.”

---

[544] Ludwig von Mises - *Human Action: A Treatise of Economics* (1998, mises.org)
[545] Ibid
[546] Lawrence W. Reed - F.A. Hayek on ‘the Supreme Rule’ That Separates Collectivism From Individualism (2021, fee.org
[547] На слична линија може да се гледа и дебата *nature vs. nurture*, која може да се протолкува како *in order to nurture, you need nature*, или јајце-кокошка дебатата.
[548] Одличен пример за колективизам актуелизиран во општествено-политичко уредување, претставува Светската држава, во *Прекрасен нов свет*, која започнува со мотото на истата, а тоа е: ОПШТЕСТВО, ЕДНАКВОСТ, СТАБИЛНОСТ. Повеќе: Олдус Хаксли - *Прекрасен нов свет* (ТРИ, 2023)
[549] Jorge C. Carrasco - The Trap of Collectivism (2018, fee.org)
[550] Karl Popper - *The Open Society and its Enemies* (1945, Princeton University Press)

Индивидуализмот и колективизмот се генерални философски идеи за односот поединец-општество, вградени во сите политичко-економски идеи. Индивидуализмот се пронаоѓа во либерализмот, индивидуалистичкиот анархизмот[551], либертаријанизмот и сите други -изми кои во овој процес го истакнуваат поединецот и го поставуваат како цел; а колективизмот во врховизмот, социјализмот, колективистичкиот анархизам, национализмот, етатизмот, еднообразниот утопизам, авторитаризмот, тоталитаризмот и -измите кои поединецот го ангажираат како средство, кон остварување на „повисока”, „над-поединечна“ (општествена, јавна, племенска или друга) цел.

## 61. Аксиома на ненасилство и права на сопственост (non-aggression and private property)

Од современа перспектива, слободарството или либертаријанизмот, ги сочинуваат сите идеи, теории и ставови кои се експлицитни или имплицитно се согласуваат околу основната негова аксиома, а тоа е - ***непоттикнување на насилство*** и ***право на поседување***.[552]

Истата означува дека поединецот е слободен во своите делувања, се до оној момент додека не ја загрозува слободата на друг човек. Загрозувањето на слободата, ислучително се поврзува со *употреба на насилство*, *закана со употреба на насилство*, *измама*, или *нанесување на штета*. Исто така, тука се и правата на поседување или сопственост, како фундаментален институт, кој се поистоветува со правото на човекот на посед на своето тело, слобода, како и *располагање*, *непречено користење*, *уживање* и *ставање во промет*, на плодовите на човековите дејства и труд, неиздвоив дел од човековата слобода на делување.

За да се почитува аксиомата на ненасилност, потребно е сите делувања на поединците да бидат слободни, а односите во рамките на едно општество - ***доброволни***. Тоа значи, за вклучување на поединец во некој однос, потребна е негова согласност за истиот. Загрозувачите на слободата и аксиомата на ненасилство се претставени од државата (како монопол на физичка принуда) и определени криминални поединци или групации, кои свесно или несвесно ја ограничуваат слободата, непочитувајќи ја аксиомата.

---

[551] Bosko Karadzov - Demonopolization of the State: The Problem of Security and Freedom in Minarchist Society (2019, karadzovbosko.wordpress.com)
[552] Walter Block - Libertarianism vs Objectivism: A Response to Peter Schwartz (2000, Reason Papers 26)

Секако, според некои слободарски школи и традиции, државата, покрај тоа се што се појавува како моќен узурпатор и повредувач на аксиомата на ненасилност, во исто време претставува и гарант на заштитата на слободата на поединци. Според други школи, дури и оваа држава, чија единствена надлежност е да ги штити поединците и нивната слобода, не е легитимна, а во согласност со аксиомата не треба да постои.

Поедноставено, слободарството како широка идеолошка традиција се заложува за општество, во кое луѓето слободно делуваат кон задоволување на своите потреби и решавање на проблеми, тие делувања се исклучително не-насилни, односно доброволни, а споровите се решаваат исклучиво на мирен начин.

Постојат две правила, кои општо, според слободарството, треба да ги почитуваат луѓето, и тоа: ***не повредувај*** и ***не одземај***.[553] Првото е поврзано со аксиомата на не-насилност, а втората со правото на поседување.

### 62. Принцип на само-поседување (self-ownership)

Принципот е од клучно значење за слободарството како идејна традиција, и често се поврзува со природните права, слободарската етика, Локовата[554], Нозиковата[555], Ротбардовата[556] и Рендовата[557] традиција на човекови права. Само-поседувањето, како што и самиот збор навестува, означува дека секој човек има ***право на поседување*** (сопственост), првично врз неговиот живот и тело, што се однесува на правото на неповредливост на физичкиот интегритет, потоа посед на неговите делувања, односно слобода да делува и влегува во доброволни (ненасилни) односи, и посед врз плодовите на неговите делувања или труд, односно имотот или сопственоста, која легитимно ја стекнува.[558] Аналогно, принципот на самопоседување, ги обединува трите најтемелни и негативно одредени права на човекот, а тоа се право на *живот*, *слобода* и *сопственост*.[559]

Мареј Ротбард, еден од најголемите и најбитните протагонисти на овој принцип го определува како: „Апсолутно право на секој човек, кое потекнува од неговото конкретно

---

553 Matt Kibbe - *Don't Hurt People and Don't Take Their Stuff: A Libertarian Manifesto* (2014, William Morrow; 2nd edition)
554 Џон Лок - *Писмо за Толеранцијата; Две расправи за Владата* (2006, Аз-буки: Скопје), 175
555 Robert Nozick - *Anarchy, State and Utopia* (1974, Basic Books Inc.)
556 Murray N. Rothbard - *Ethics of Liberty* (1998, mises.org);
557 Ејн Ренд - Човекови права (2022, libertania.org)
558 Murray Rothbard - *For a New Liberty: The Libertarian Manifesto* (1973, Ludwig von Mises Institute)
559 Jason Kuznicki - Self-ownership in the Ethics of Liberty (2012, libertarianism.org)

битие, да го поседува своето тело, што значи, да го чува ослободено од секаква принуда."[560]

Следствено, се поставува и прашањето кои дејствија го загрозуваат принципот на само-поседување. Одговорот ги опфаќа сите дејствија кои го загрозуваат животот на човекот и неговиот физички интегритет, неговата слобода и сопственост, а тоа се дејствијата на непосредна и нелегитимна[561] употреба на физичко насилство, или закана со употреба на насилство. Постојат два вида на субјекти, кои имаат тенденција да употребуваат насилство, или се темелат врз инстументот на насилство. Првиот субјет опфаќа секакви криминални поединци или банди, кои ги користат алатките на насилство во своето делување. Вториот субјект се односува на оној кој има загарантиран монопол на *легитимна* употреба на насилство, а тоа е *државата*.

Како гарант на принципот на *само-поседување*, се издвојуваат дополнителни три клучни права, кои исто така произлегуваат од принципот.

**- Право на делување** се однесува на слободата на поединецот да размислува и да делува кон преживување и потрага по својата среќа. Делувањето се однесува на преземање на најразлични активности, како кон себе и своето тело, така и кон останатите поединци. Фразата *човекот е слободен да делува*, означува дека може да ги преземе сите активности кои ќе ги посака, освен оние кои го повредуваат принципот на само-поседување на останатите поединци. Аналогно на тоа, оваа слобода е негативно одредена.[562]

**- Право на излез** се однесува на правото на поединецот на излез[563] од секаков вид на заедница во општеството. Ниедна заедница која не ја бара согласноста за поединецот вклучен во неа и дополнително не го нуди правото на излез од истата, не е легитимна. Ова право се однесува најчесто на политичките заедници, затоа што истите го имаат компромитирано ова право. Правото на излез, не е целосно исцрпено со потенцијално напуштање на поединецот на територијата на политичката заедница или државата. Истото е суштински почитувано доколку поединецот има право на излез од структурите на државата, односно правото да не биде субјект во односите кои истата ги наметнува врз него, како на пример оданочување, регулација, забрани и сл.

---

560 Murray N. Rothbard - *For a New Liberty: The Libertarian Manifesto* (2006, mises.org)
561 Насилството е легитимно ако се употребува како само-одбрана или во услови на крајна нужда.
562 Isaiah Berlin - Four Essays On Liberty (1969, Oxford University Press)
563 Albert O. Hirschman - Exit, Voice and the State (2011, Cambridge University Press)

**- Право на само-одбрана и поседување на оружје** претставува клучно право, затоа што истото е непосредно поврзано со највисоката вредност на човекот, а тоа е неговиот живот, слобода и плодовите на неговиот труд. Правото на самоодбрана[564] претставува императив за доследно почитување на принципот на самопоседување. Правото на поседување на оружје е исто така непосредно поврзано со принципот на само-поседување, затоа што истото е темел за остварување на правото на само-одбрана. Низ историјата, ова право се покажало како гаранција на поединците против различни видови на диктатури, изричито репресивни власти, но и надворешни агресии.

### 63. Поединечен суверенитет (individual sovereignty)

Суверенитетот претставува феномен со кој со опишува врховна, апсолутна[565], ултимативна и неприкосновена власт[566], изразена врз определена територија. Етимологијата на терминот доаѓа од латинскиот збор *superanus*, *supremus*, со кој се означува *највисоко*, *супериорно*, *ултимативно* или *апсолутно*. Како таков, истиот е непосредно поврзан со различни видови на политички заедници. Аналогно на тоа постојат повеќе концепции за суверенитет, диференцирани според изворот на легитимирање на истиот.

Првата од концепциите е онаа на *божествен суверенитет*, односно суверенитет делегиран од Бог (Господ) за владетелот во политичката заедница. Ова оправдување на политичкото владеење, како дар од Бог за владетелот, е присутно кај автократските монархии, карактеристични за средниот век, како и почетокот на модерниот. Симбол на овој суверенитет е ополномоштувањето на политичката власт од страна на религиозната власт. За време на преодот од ренесанса во просветителство, се појавуваат првите концепции за *народен*[567] *или граѓански суверенитет*, како суверенитет кој произлегува и се оправдува од оние кои се негови објекти - народите. Аналогно на тоа, владетелот владее во име и за сметка на неговите поданици, односно народот, кој својата довереност ја изразува со учество во (изборот на) политичката власт. Концепцијата за народен или граѓански

[564] Murray N. Rothbard - The Right to Self-Defense (2022, mises.org)
[565] Jean Bodin - *Six Books of a Commonwealth* (1576, Liberty Library of Constitutional Classics, Oxford)
[566] Carl Schmitt - *Political Theology: Four Chapters on the Concept of Sovereignty* (2005, University of Chicago Press)
[567] За основоположник на овој вид на суверенитет и преминот од Бог кон народот или граѓаните, како смисла на политичкото владеење се поврзува со Жан Жак Русо. Повеќе: Жан-Жак Русо - *Општествен Договор* (2013, Ѓурѓа: Скопје)

суверенитет е од клучно значење за демократските републики, односно политичките уредувања, во кои граѓаните имаат право да одлучуваат за избор на нивни претставници, а понекогаш и да учествуваат во самото одлучување, преку низа на механизми, кои го овозможуваат истото. Во 20-тиот век, се појавува нов вид, односно ново толкување на суверенитетот, а тоа *суверенитет на работниот народ*, како нова концепција за оправдувањето на владеењето во комунистичките или социјалистичките земји (или пак земји кои ја користеа социјалистичката или комунистичката реторика за оправдување и смисла на нивното владеење).[568]

Концепцијата за *поединечен*[569] или *индивидуален суверенитет* произлегува од слободарските теории и мислители. Идеата е дека секој човек има (и треба да му се признае) апсолутна власт врз својот живот, тело, слобода и сопственост (што соодветствува со принципот на само-поседување)[570]. Принципот на самопоседување ја претставува сржта' на оваа концепција за суверенитет. Тоа едноставно би значело да се биде *цар* или *суверен* или неприкосновен во свое *царство*. А своето царство е составено од животот, телото, делувањата и имотот на секој поединец. Од концепцијата за поединечен суверенитет се извлекува и онаа на *конзумеристички суверенитет* (*consumer sovereignty*[571]) и го означува неприкосновеното право на избор на поединецот.

Дословното актуелизирање на концепцијата на поединечен суверенитет означува апсолутна слобода на поединците во своите делувања и поседувања, доброволни општествени односи и бездржавие. Секако, и постоењето на минимална или држава ноќен-чувар соодветствува со концепцијата, затоа што нејзината улога е ограничена на заштита на принципот на само-поседување на човекот.

## 64. Начини на делување на поединецот

Слободата на делување, како есенцијална за природата на човекот како и за принципот на самопоседување, има дополнителна потреба да се анализира, преку алатки или начини на човеково делување.

---

568 Владимир Илич Ленин - *Држава и Револуција* (1974, Скопје: Култура)
569 Nikola Lj. Ilievski - The Individual Sovereignty: Conceptualization and Manifestation (2015, *Journal of Liberty and International Affairs*, Vol.1, Num.2)
570 Fred Foldvary - Individual Sovereignty (2014, notesonliberty.com)
571 Pierre Lemieux - Consumer Sovereignty or Producer Sovereignty? (2022, econlib.org)

Според Франц Опенхајмер, може да се издвојат два основни и општи начина за задоволување на личните потреби и желби[572], односно делување на човекот. Тие се *работа* и *кражба*.

**- Работата** опфаќа труд, слободно поседување и уживање на плодовите од истиот, и доброволно (заемно согласно) разменување на истите.

**- Кражбата** опфаќа одземање на туѓ плод од труд или размена со употреба на *принуда*. Под *принуда* (*coercion*) се подразбира употреба на физичка сила или закана со употреба на физичка сила врз поединец и/или негов плод од работа[573], во смисла на Муреј Ротбард; или кога делувањата на поединец се ставени во служба на туѓа волја, и за туѓа сметка, во поширока смисла на Фридрих Хаек.[574] Начини, кои Опенхајмер ги именува како *економски* и *политички*, а врз нив понатаму ја гради дистинкцијата *економија-политика*, и *општество-држава*.[575]

Во слична насока резонирал и Бастиат, кој во својата *Она што се гледа и она што не се гледа*, ја прави суштинската разлика помеѓу *принудно* и *доброволно*, во иницијалното одредување на поимот општество.[576]

Врз основа на истите, се изградени општите пристапи за решавање на општествени проблеми, имено првиот е пристап на трудољубивоста и доброволноста во општествените односи (насилството може да биде оправдано само во случаи на само-одбрана, и крајна нужда); вториот е пристап во кој принудата (насилството) понекогаш, во повеќе наврати и/или доминантно е легитимна (прифатена).

## 65. Проблем на локално знаење и цени (local knowledge problem and prices)

Овој *проблем*[577] (*knowledge problem*)[578] е еден од централните феномени на слободарството, класичниот либерализам и Австриската економска школа. Истиот е поврзан со реакцијата на своевремено растечките оправдувања од страна на *меинстрим*

---

[572] Franz Oppenheimer - *The State: Its History and Development Viewed Sociologically* (1926, New York: Vanguard Press)

[573] Murray Rothbard - *The Ethics of Liberty* (1998, New York University Press)

[574] Nick Manley - Hayek vs. Rothbard on Coercion (2014, Center for Stateless Society)

[575] Wendy Mcelroy - Defining State and Society (1998, Independent Institute)

[576] Поимот општество го опишува како вкупната сума на принудни и доброволни услуги (или сервис), кои што луѓето ги прават еден за други. Види повеќе: Frederic Bastiat - *That Which is Seen, and That Which is Not Seen* (1850, bastiat.org)

[577] Фридрих Хаек - Употреба на знаењето во општеството (2022, libertania.org)

[578] Friedrich A. Hayek - The Use of Knowledge in Society (1945, econlib.org)

економијата за се поголемата примена на рационален конструктивизам во анализата на општествено-економските текови. *Рационалниот конструктивизам*[579] подржува се поголемо државно (политичко или јавно) учество во економските текови, проектирање и актуелизирање на општествен инжинеринг, како и централно регулирање и економско планирање.

Проблемот на знаење, не се однесува на проблемот на научно знаење, туку на она знаење што е *локално* во општеството. Дел од ова знаење го носи секој поединец кој делува и се вклучува во секојдневните економски и општествени односи. Ова знаење се однесува на потребите, желбите и карактеристиките на поединците во секојдневните економски делувања, од една страна, како и знаењето во однос на *релативниот недостиг* на одредените ресурси и можност за алтернативни, од друга страна.[580] Тоа знаење произлегува од севкупните човекови делувања и развојот на општествените односи.

Локалното знаење е *моментално* или времено ограничено, *локализирано*, или важи на определена територија, и *дисперзирано* помеѓу самите поединци во општеството. Ова знаење се занемарува со воведување на политички орган кој треба да ги претпостави желбите и можностите на поединците, со помош на централно економско планирање и навигација на економските текови, преку државно учество и регулација. Пазарната регулација на економските, и пошироко, општествените односи, дозволува создавање на таканаречена *општествена интелегенција* (*social intelligence*)[581], која е генерирана од страна на субјектите кои слободно делуваат преку механизмот на понуда и побарувачка.

Централно планираната економија, или *одгоре* планираното општество се соочува со овој проблемот што не може да го земе во предвид сето она знаење кое го поседуваат и употребуваат поединците, во секојдневните процеси на донесување на рационални одлуки. Додека централните политички и бирократски агенции може да собираат податоци (*data*), истите не можат да ги претворат во знаење, кое има *привремен* и *локален* карактер. Општествената интелегенција, не може да биде генерирана од еден центар, затоа што истата се содржи во моменталноста на севкупноста од општествени односи и нивната динамика. Истата се создава *од долу-нагоре*, а не *од горе-надолу*.[582]

[579] Friedrich A. Hayek - *Law Legislation and Liberty* (1998, Routledge)
[580] Фридрих Хаек - Употреба на знаењето во општеството (2022, libertania.org)
[581] Don Lavoie - *National Economic Planning: What's Left?* (2016, Mercatus Center at George Mason University)
[582] Randy E. Barnett - *The Structure of Liberty: Justice and the Rule of Law* (2014, Oxford University Press)

Општествената интелегенција е тесно поврзана со концептот на спонтан поредок, кој не е резултат на човеков дизјан[583], туку резултат на мноштво човекови делувања. Аналогно, државите кои се вклучуваат во мешања од големи размери во своите економии и практикуваат мерки на големи планирања, не би можеле да воспоставaт функционален и ефикасен економски систем, без наметнувања во желбите на поединците и посебно без недостиг на ресурси.

Цените, во услови на пазарна економија, не се само обична бројка, туку, истите претставуваат *показатели на релативен недостиг*[584] (*scarcity*) на определени добра или услуги, за чии квалитети или својства, често сме само делумно свесни. Цените претставуваат метод за комуникација помеѓу субјектите во општеството (економските односи), затоа што содржат информации, односно *знаење* за вредноста на добрата, која поединците ја одредуваат. Во истите се содржи локалното знаење и претставуваат основен метод за комуникација во економските односи.

Од тука произлегува дека планските економии немаат капацитет (а често и тие што се на врвот на бирократската структура, немаат ни волја), да го земат во предвид сето ова локално, времено и дисперзирано знаење, а со тоа не можат да ги земат во предивд ниту пак потребите и желбите на поединците. Без цени кои се слободно формирани во услови на слободен пазар и економија, мрежата на комуникација на знаењето е попречена во својата улога. Резултати кои произлегуваат од адаптирање на планирана економија, често се појава на дизбаланс помеѓу понудата и побарувачката, недостаток на добра, низок животен стандард, а опортунитетниот трошок на нивното функционирање е огромен.

Функцијата на арбитер[585] за тоа што е „добро“, искуствено се покажало дека подобро ја врши конкуренцијата преку механизмот на слободниот пазар, отколку политичките власти преку своите бирократски системи и *пазарна неодговорност*.

### 66. Концепт на моќ во општеството

Општеството може да се набљудува и како ***арена во која субјекти практикуваат моќ***, и тоа со цел задоволување на лични потреби и желби и решавање на споделени проблеми. Макс Вебер во неговата *Власт* најопшто ја определува моќта како можност за

[583] Friedrich A. Hayek - Individualism and Economic Order (1958, mises.org)
[584] Ludwig von Mises - Human Action: A Treatise of Economics (1998, mises.org)
[585] Don Lavoie - National Economic Planning: What’s Left? (2016, Mercatus Center at George Mason University)

*наметнување на волја*[586] во размислувањето и делувањето на трети лица. Оној кој ја практикува моќта се определува како *субјект* на моќ, додека, оној кон кого е насочена, *објект* на моќта. Џон Кенет Галбрајт, истакнат економист, државен советник и дипломат, во своето дело *Анатомија на моќта*, го анализира концептот на моќ, ги определува видовите и ги лоцира изворите. Според него, постојат три основни видови на моќ, имено *изнудена*, *наградувачка* и *условена моќ.*[587]

**- Изнудена моќ** е *моќта на стапот*, на насилството или заканата со насилство - принудата, кога наметнувањето на волјата е базирана на страв кај објектот на моќта.

**- Наградувачка**, е *моќта на морковот*, наметнувањето на волјата е базирано на (заемна) награда за објектот и субјектот.

**- Условена моќ** е *моќта на зборот*, односно наметнувањето е врз основа на убедувањето врз објектот објектот на моќта.

Наградувачката и условената моќ се видови кои не се засновани врз принуда, и заеднички можат да се наречат *неизнудена моќ.* Овие определби на моќта се теоретски, и скоро секоја конкретна манифестација на моќ е адаптација на барем две или три од наведените.

Постојат и други типологизации, кои се слични со Галбрајтовата, имено типологизацијата на Алфред Џеј Нок (и Ротбард), на Ејн Ренд и други мислители во поширокaта традиција слободарството. Алфред Џеј Нок во своето дело *Our Enemy, the State* прави дистинкција помеѓу она што претставува политичка и *општествена моќ* (*social power*).[588] Политичката е онаа која произлегува од принудата, и претставува *моќ над човештвото*, додека пак општествена моќ (*social power*) претставува *моќ над природата*.[589] И типологизацијата на Ејн Ренд во нејзината збирка на есеи *Капитализам: Непознат идеал*, како и во нејзиниот есеј *Philosophy: Who Needs It*[590] е во слична насока на онаа на Џеј Нок, само што таа наместо општествена моќ, го користи терминот *економска моќ* (*economic power*).[591] Заклучно, општествената моќ во смисла на Џеј Нок и

---

[586] Maks Veber - *Vlast: Sociologija Vlasti* (2014, Mediterran Publishing: Novi Sad)
[587] Џон Кенет Галбрајт - *Анатомија на Моќта* (1995, Култура: Скопје)
[588] Alfred Jay Nock - *Our Enemy, the State* (1935, barefootsworld.org)
[589] Murrey Rothbard - *Anatomy of the State* (2009, Ludwig von Mises Institute)
[590] Ayn Rand - Philosophy: Who Needs It (1974, stephenhicks.org)
[591] Ayn Rand - *Capitalism: The Unknown Ideal* (1967, Penguin Group: New York)

економската моќ, во смисла на Ранд се поистоветуваат со *неинудена моќ*, во смисла на Галтбрајт, а точката на врзување е ***отсуството на принуда*** во нив.

Спротивно, политичката моќ се определува како можност за *наметнување* на волја во општествените односи, која е втемелена врз *принуда*, а оправдана со *јазични конструкти* како *легитимитет* и *суверенитет*. Се базира на *изнудена моќ* или *моќта на стапот*, а секогаш е надоградена со *наградувачка* и *условена моќ* на субјектот на моќта - државата.

Едноставно определено, постојат две базични оправдувања за слободата, заедно со сите идеи, принципи и вредности, кои се тесно поврзани со истата. Тие се моралното, односно филозофското оправдување и утилитарното, односно економското оправдување за слободата. Истите, тргнуваат од различна точка кон одговорот на прашањето *зошто слобода*?

### 67. Морално оправдувања на слободата

Философското, моралното или основното оправдување за слобода, тргнува од поединецот[592] и ја зема во предвид неговата основна природа. Истото, својот зачеток го добива во првобитниот либерализам на Џон Лок, со самото утврдување на природните права на човекот (живот, слобода и сопственост), кои се универзални, неоттуѓиви и неделиви за секој поединец - принцип на *само-поседување*.

Моралното оправдување на слободата се надоврзува на традицијата на природните права на човекот, кои извираат од неговата природа, неговото постоење или Бог. Според тоа, државите, не ги даваат правата, односно слободата на поединците, туку постојат со основна задача да ги заштитат и унапредат овие права.

Аналогно на тоа, моралното оправдување на слободата ја воспирема слободата како врховна цел, без оглед на општествените последици кои ги предизвикува. Според истото, слободата е етички добра, не затоа што предизвикува посакувани резултати во рамки на општеството, туку, првенствено, затоа што истата потполно соодветствува со природата на човекот.[593] Моралисти слободари се оние кои и даваат етичка супериорност на слободата.

---

[592] Том Г. Палмер - *Зошто слобода?* (2017, libertania.org)
[593] Jason Kuznicki - Natural Law and Human Nature in the Ethics of Liberty (2012, libertarianism.org)

Како доминантни струи кои го сочинуваат *моралното слободарство*, се вбројуваат Спунервиот анархизам; Тореовиот пристап на граѓанска непослушност; Ротбардовиот анархо-капитализам Нозиковиот философски анархизам; Рендовата философија објективизам и политичко-економската последица на истата - радикален капитализам; Ролсовиот социјален либерализам; агоризмот на Едвард Конкин и сл. Во принцип, морализмот е најзастапен помеѓу философите, кои се бават или заговараат слободарството, затоа што етиката е нивната почетна позиција.

## 68. Утилитарно оправдување на слободата

Утилитаризмот укажува дека правилно дело е она кое дава најдобри резултати, односно *корисност*, како негов централен феномен. Делувањата, владеењето, или институциите се корисни (утилитарни), доколку не постојат други возможни и алтернативни, кои даваат поголемо добро - корист.[594] Пошироко може да се одреди како философска поставка која заговара *најголема можна среќа за најголем број на поединци*. Според оваа философија, добро е она што е добро за поголемиот број на поединци. Ова оправдување, својот зачеток го има во философијата на утилитаризмот, а како родоначалник на истата може да се смета Џереми Бентам.

Според утилитарното оправдување на слободата, истата не се аспектира како врховна цел, туку како средство кон постигнување на други општествени цели, како што се поголема ефикасност на економијата, поголема материјална благосостојба на поединците и сл. Може да се заклучи дека поголемиот дел од слободарите се утилитаристи, и ја заговараат слободата, затоа што истата е максимално корисна во поглед на општествените и економските процеси. Доминантни струи на утилитарното оправдување на слободата се класичните либерални традиции на Адам Смит, Дејвид Хјум[595], Џон Сјуарт Мил, индивидуалистичкиот анархизам на Бенџамин Такер, Австриската економска школа; пазарниот анархизам на Молинари, Чикашката монетарна школа, Теоријата на јавен избор, анархо-капитализмот на Дејвид Фридман; блидинг харт либертаријанизмот, конзервативниот либертаријанизам, итн.

[594] Chris Freiman - A Utilitarian Case for Libertarianism (20017, libertarianism.org)
[595] David S. D’Amato - The Utilitarians and Libertarianism (2014, libertarianism.org)

Утилитарното оправдување за слободата се надоврзува на економското оправдување[596] на истата. Истото гласи дека слободата има тенденција да предизвика општества на благосостојба, поради можноста за (нај)ефикасна алокација на ресурсите, тесно поврзана со проблемот на локалното знаење и улогата на цените. Утилитаризмот и слободата, претставуваат сојузници, баш поради фактот што доброволните односи не се *односи со сума нула*, или *негативна сума*, туку истите даваат плод за страните кои се инволвирани, односно се *игри со позитивна сума* (*positive sum game*[597]). Утилитарното оправдување е карактеристично за економистите, затоа што за истите ефикасната алокација на ресурсите и опортунитетниот трошок се централните прашања.

**69. Цел слободно општество (free society)**

Целта која е зацртана во слободарството како идејна традиција, и која се постигнува со темелно почитување на претходно наведените поставки може да се поистовети со ***слободно општество***. Слободно општество е она општество во кое поединечната слобода, во нејзината најширока форма е максимално почитувана од страна на политичките власти, како и од останатите чинители во општеството. Тоа е она во кое насилството е сведено на минимум, институцијата на приватна сопственост максимално се почитува, а владеењето на правото е на високо ниво.[598] Во истото, економијата е позиционирана над политиката, а економските односи се далеку поприсутни од политичките. Слободно општество е она во кое секој општествен проблем, порано или подоцна, предизвикува приватна и одржлива иницијатива за негово решавање.

Доколку, слободарството се аспектира како идеологија, тогаш алтернативното општество кое истата го цели е она на слободно општество. Еден од темелните показатели на феноменот на слободно општество е постоењето на *ограничена држава* (*политичка власт* или *влада*) или *доброволна алтернатива на држава во бездржавно општество*.

Постојат разлики во толкувањето и визијата на концептот на слободно општество, изразени од моралистите и утилитаристите. Моралистите би рекле дека слободно општество е она во кое принудата во човековите делувања и општествените односи е нивелирана, или во границите на некој неопходен минимум. По правило, не би требало да

[596] Том Г. Палмер - *Зошто слобода?* (2017, libertania.org)
[597] Chris Freiman - A Utilitarian Case for Libertarianism (20017, libertarianism.org)
[598] Eamonn Butler - *Foundations of a Free Society* (2013, iea.org.uk)

се впрегнат во понатамошна претпоставка за функционирањето и благосостојбата во истото. Од друга страна утилитаристите би го аспектирале како слободно, она општество со функционална слободна економија и остварени вредности како што се економска благосостојба, мир и владеење на право.

Но, секако, потребно е да се знае дека и моралистите и утилитаристите се свесни за другата страна на толкувањето, која ја прифаќаат за дополнителни аргументи. Ротбард, иако бил моралист, пушувал и за утилитарните придобивки на слободата, но им давал приоритет на морално-философските.

### 70. Држава ноќен чувар (night-watchman state)

Еден дел од струите во слободарството, или минархистите се залагаат за држава ноќен-чувар (*Rechtsstaat*), како единствен легитимен вид на држава. Истата означува строго ограничена[599] и претставува вид на држава, чија единствена и исклучителна задача е заштита на принципот на самопоседување на човекот и гаранција за исполнување на слободно договореното помеѓу поединците. Сите други надлежности што ги имаат современите држави поврзани со организирање на разни области од општествено живеење, се надвор од нејзиниот делокруг и се предмет на пазарна регулација и приватна иницијатива. Овој вид на држава, во општествената реалност се манифестира преку органи како што се полиција, судови и војска, каде што завршува нејзината надлежност.

Сепак, и овој модел претставува држава која има потреба од финансии за нејзиното функционирање, а истите се темелат на *даноци*. Данокот, од анархистичка слободарска позиција е *кражба*[600], затоа што е базиран на принуда или закана со употреба на насилство - „*доколку не платиш данок, ќе одиш во затвор*.“ Но, од минархистичка позиција, истиот е цената која луѓето ја плаќаат, за постигнување на безбедност, правна сигурност и минимален ред (поредок) во општеството. Некои минархистички позиции, односно објективистите, застапуваат држава (ноќен-чувар) на доброволни[601] даноци. Истите веруваат дека државата би била финансирана од поединците, врз основа на нивниот интерес за нејзино постоење и ограничено делување.

---

599 Tom G. Palmer - Limited Government and the Rule of Law (2017, *Cato Handbook for Policy Makers*, cato.org)
600 Michael Huemer - Is Taxation theft? (2017, libertarianism.org)
601 Ayn Rand - *The Virtue of Selfishness* (1964, Penguin Group)

Според минархистите, за услугите на гаранција на човековото само-поседување, човекова безбедност и негова заштита, потребен е легитимен монопол на физичка принуда. Истиот монопол е неопходен, затоа што институционално би го организирал и гарантирал системот на *laissez-faire* економија и заштита на човековите права. Истото го нарекуваат основен и *објективен правно-политички мимимум* во општествениот сообраќај[602]. Дури и некои академци, во слободарските кругови, кои го прифатиле философскиот анархизам во истражувањето и анализата на општествено-политичките текови, како што се Роберт Нозик и Џејмс Бјукенен, сепак ја потенцирале потребата или резултатот поврзан со постоење на ограничена држава (ноќен-чувар). Нозик, иако тргнува од цврста анархистичка позиција на морална нелигитимност на државата, потенцира дека и во услови на бездржавно општество, кога *Доминантно протитективни агенции (ДПА)* би претставувале пазарна алтернатива на државата, со текот на времето, истите би се организирале во монопол на определена територија во *ултра-минимална држава*.[603]

## 71. Уставен либерализам (constitutional liberalism)

Претставува поставка која се надоврзува на традицијата на минархизмот, односно онаа струја протагонист на минимална држава и/или либерална демократија. Уставниот либерализам во најголема мера се однесува на уставните ограничувања на моќта на државата и формално втемелување на поделбата - контрола и рамнотежа помеѓу извршната, законодавната и судската власт, како и осигурување на владеењето на правото.[604] Ова ограничување на политичката власт има *нормативен* карактер, и се манифестира во уставот на една држава, како акт со најголема правна сила.

Во уставите на либералните држави, покрај тоа што надлежностите на политичките власти (треба да) се (стриктно) наведени, исто така изричито се определени и основните човекови права и слободи, како правна гаранција за нивно почитување и санирање во случај на повреда.

Уставниот либерализам, претставува огромен чекор, како во развојот на либералната мисла, така и во процесите на ограничување на политичката моќ и

[602] James M. Buchanan - Saving the Soul of Classical Liberalism (2000, cato.org)
[603] Robert Nozick - *Anarchy, State & Utopia* (1974, Basic Books, Inc)
[604] Viktor J. Vanberg - Liberal Constitutionalism, Constitutional Liberalism and Democracy (2011, Constitutional Political Economy volume 22)

обезбедување на поединечна слобода и автономија на делување. Но, сепак, истиот е од нормативен карактер и за почитување на истиот, потребна е волја кај политичките елити, но и недвосмислена контрола и притисок од страна на граѓанскиот и бизнис секторот.

### 72. Бездржавие (stateless society)

Помалиот дел од слободарските традиции се анархизми[605] - индивидуалистички анархизам, анархо-капитализам или пазарен анархизам, и се залагаат за целосно укинување, приватизирање, обездржавување и/или одумирање на државата. Ова толкување стапува на сцена и станува популарно за време на активноста на Мареј Ротбард. Ротбард се повикува на старите американски индивидуалистички анархисти, како Спунер, економски надополнети со увидите на Австриската економска школа и морална заснованост на личната слобода, во согласност со објективистичката философија[606].

*Алтернативно доброволно владеење*[607] е концепт со кој се опишува бездржавно општество[608], или она во кое нема легитимен монопол на физичка принуда - држава и/или политичка власт. Во анархистички контекст, државните задачи би се исполнувале од различни организации, агенции или компании. Истите не би претставувале монопол, нивната позиција не би била *однапред* зададена, а нивното функционирање би било подлежно на пазарните законитости и механизми.

Логиката на моралните слободари анархисти е дека само бездржавното општество, во кое отсуствува легитимен монополски заштитен механизам за принуда, е во целосна согласност со принципот на човеково поседување. Секаква држава, па и онаа најмалата, ултра-минималната или државата ноќен чувар претставува соодветно прекршување на овој принцип.

Од друга страна, логиката на утилитаристите анархисти е следнава: „доколку сме сигурно дека пазарот ги алоцира ресурсите и ги решава проблемите на поефикасен начин од државата, тогаш зошто, најбитната услуга - онаа на *безбедност*[609] и остварување на

[605] Walter E Block - Libertarianism vs Objectivism; A Response to Peter Schwartz (2000, Reason Papers 26)
[606] Венди Мекелрој - Мареј Н. Ротбард: Господин слободар (2022, libertania.org)
[607] Повеќе за алтернативно владеење во услови на бездржавно општество може да се прочита: Никола Љ. Илиевски - Академски анархизам (2022, libertania.org)
[608] Предраг Рајшиќ - Бездржавна рамнотежа (2022, libertania.org)
[609] Густав де Молинари - *За производството на безбедност* (2022, libertania.org)

*кривична правда*, да ја оставеме во надлежност на *помалку ефикасниот* чинител - државата.“

Приватни судови, приватна полиција и приватни агенции за заштита на човекот и почитување на договореното, се суштината на бездржавието. Според анархистички школи, *бездржавието* најпринципиелно соодвествува со принципот на само-поседување и аксиомата на не-поттикнување насилство, но и во најголема мера ги штити поединците од потенцијална повреда.

Траекторијата кон бездржавие, според анархистите во слободарските кругови може да се одвива со *радикално укинување на државата*[610], нејзино *градуелно приватизирање*[611], *ваучеризација*[612], *намалување на нејзиниот делокруг*, воспоставување на *дигитално алтернативно управување*, (крипто-анархизам) и сл. Сите овие концепции аспектираат процес на *обездржавување* на државата.

Кон крајот на 20-ти и почетокот на 21-ви век, се појавуваат повеќе концепти кои се поврзани со оправдување и потенцијално функционирање на концептот на бездржавно општество, како *приватизирање*[613]*, алтернативно владеење, поединечен суверенитет*[614], *приватно управување*[615]*, радикална демократија*[616]*, само-управување*[617], *управување без територијален монопол*[618]*, двојна демократија*[619]*, полицентрично уредување*[620] и сл. Сите тие даваат свој академски придонес кон основните поставки на концептот на *бездржавие*.

## 73. Процес пoслободно општество (freer society)

Покрај како крајна цел или алтернативното општество кон кое се стреми, слободарството може да се восприема и како тековен процес за унапредување и заштита на личната слобода на поединците. Од претходно изведеното може да се заклучи дека

[610] Murray N. Rothbard - The Case for Radical Idealism (2022, mises.org)
[611] David D. Friedman - *The Machinery of Freedom - Guide to a Radical Capitalism* (1973, daviddfriedman.com)
[612] Admir Čavalić, Damir Bećirović, Amela Bešlagić - Student and Parental Attitudes Toward Voucherization of Education (2018, *Journal of Liberty and International Affairs*, Vol.4, Num.3)
[613] Max Gulker - Private Governance, Not State Capacity (2020, aier.org)
[614] Fred Foldvary - Individual Sovereignty (2014, notesonliberty.com)
[615] Edward Stringham - *Private Governance Creating Order in Economic and Social Life* (2015, Oxford University Press)
[616] Fred Foldvary - Radical Democracy (2015, progress.org)
[617] Peter T. Leeson - Government, clubs, and constitutions (2011, Journal of Economic Behavior & Organization 80)
[618] Bruno S. Frey - A Utopia? Government without Territorial Monopoly (2001, The Independent Review, v.VI, n.1)
[619] Eric Posner and Glen Weyl - Quadratic Voting and the Public Good: Introduction (2017, columbia.edu)
[620] Tom W. Bell - *Your Next Government? From the Nation State to Stateless Nations* (2018, Cambridge Univ. Press)

слободарите немаат унифицирана цел која се стремат да ја постигнат, односно крајната цел на слободно општество може да се разликува помеѓу различните струи кај истите. Некои од нив, како слободно општество го сметаат она во кое има ограничена држава, додека пак други, го сметаат она во кое воопшто не постои држава, односно монопол на физичка принуда.

Слободарството како процес, од друга страна опфаќа различни активности со кои се подобрува позицијата на личната слобода, заедно со пропратните принципи и вредноси. Тие активности, посебно се насочени кон намалување на улогата на државата во општеството, преку нејзиниот сервисен апарат, како и либерализирање на нејзиниот став за најголемиот број на човекови делувања и општествени прашања. Намалување на улогата на државата опфаќа намалување на нејзиното трошење, приходи, функции, нормативен делокруг, бирократија и сл. Едноставно, истото означува *квантитативно намалување* на државата. Додека либерализирање на нејзиниот став се однесува на опуштање (релаксирање) на принудниот апарат, и намалување на различни забрани, стандардизации, мешање во економските и општествените процеси, остварување на поголемо ниво на владеење на право, како и опуштање на меѓуграничен режим. Едноставно, тоа претставува *квалитиативно либерализирање* на државата.

Подобрувањето на положбата на лична слобода подразбира промена во политичкиот систем и јавните политики.[621]

Сите овие активности се во согласност со слободарството, насочени како е наведено претходно. И можеби истите се далеку или не го аспектираат воспоставувањето на крајната цел, сепак нивната тенденција на промена кон алтернативно *послободно општество* е од огромно значење, знаејќи дека општествената промена е сложен и долготраен процес.

[621] Примери за слободарска промена во јавни политики: организирање на фер и демократски избори во Русија, завршување на војната во Украина, намалување на бирократијата и бирократските процеси во Европската унија, легализирање на канабисот во Франција, унапредување на владеењето на право во Грција, легализирање на хомосексуални бракови во Србија, намалување на царините и регулациите во Македонија, легализирање на проституција во Турција, опуштање на граничниот режим во Унгарија, намалување на даноците во Норвешка, зацврстување на правото на поседување на оружје во Кипар, легализирање на полигамија и полиандрија во Шведска, враќање кон златниот стандард во САД, итн.

**74. Последица спонтан поредок (spontaneous order)**

Секое општество се манифестира во конкретен *ред* или *поредок*.[622] Тој е ***моменталниот пресек*** од сите општествени односи во истото. Тука спаѓаат сите човекови делувања, кои резултираат во остварување на општествени односи и од повисока перспектива се рефлектираат како општествен поредок.

Спонтаниот поредок, како слободарски концепт претставува последица на актуелизација на пристапот на индивидуализмот и другите пропратни слободарски поставки. Се темели на слободни и *суверени поединци,*[623] кои преку своето делување *мотивирани* и со *цел* влегуваат во општествени односи. Се остварува врз основа на заемно-согласни волји и отсуство на принуда во целокупниот општествен собраќај. Аналогно истиот не значи дека секој може да прави буквално се што сака, туку дека постојат определени правила и норми на однесување, односно извесна регулација, која ги дава нормативните контури на поредокот. Идеалниот спонтан поредок е формиран и втемелен врз доброволни односи, а постоењата на голем број *практични авторитети*[624] од времен караткер (наместо еден, постојан и ексклузивен *политички*) се носители на децентрализираните процеси на *регулација*.

Во поредокот легитимно е практикување на *неизнудена - општествена или економска моќ*, а гаранција на принципот на само-поседување е *правото на излез (exit)*[625] на поединецот од секој општествен однос кој не е резултат на неговото делување, а дотолку повеќе од односите кои ги наметнува државата.

Самата идеа на концептот на спонтан поредок е дека со примена на слободарските поставки, се постигнува хармонија во општеството, која произлегува од човековите (себични) делувања и доброволното градење на општествени односи. Иако, потребни се некои општо прифатени правила за човековото делување, кои минимално и негативно се изразени, општествената мрежа од голем број на доброволни човекови делувања го претставува феноменот на спонтан или не-наметнат општествен поредок.

---

[622] Eugene Heath - Spontaneous Social Order and Liberalism (2005, NYU Journal of Law and Liberty (inaugural issue))
[623] Nikola Lj. Ilievski - The Individual Sovereignty: Conceptualization and Manifestation (2015, Journal of Liberty and International Affairs, Vol.1, Num.2)
[624] Mohammed A. Bamyeh - *Anarchy as Order: The History and Future of Civic Humanity, World Social Change* (2009, Rowman & Littlefield Publishers, Inc.)
[625] Albert O. Hirschman - *Exit, Voice and the State* (2011, Cambridge University Press)

***Спонтаниот поредок***[626], имплицитно и екплицитно го опишувале голем број на дејци, именувајќи го со различни имиња. Но сите ја препознале неговата суштина: „*секој може да учествува во него, никој не може своеволно да го создава.*“[627]

Најзначајни дејци кои пишувале за овој феномен се Џон Лок, Адам Смит, Дејвид Хјум, Пјер Џозеф Прудон, Лудвиг вон Мисес, Фридрих вон Хаек, Дон Лавоие, Ханс Херман Хопе, Питер Бетки, Едвард Стрингам итн. Смит, е еден од првите дејци, кој скоро брилијантно го опишал функционирањето на пазарната економија, со *невидливата рака.* Во негова смисла, „...Ослободувањето на поединците да трагаат по своите интереси на пазарот, несвесно ќе вроди со економски поредок обележан со благосостојба и зголемување на придобивките на секој кој е доволно среќен да учествува во него…”[628]
И сето тоа вродува во *пазарен поредок*.

Прудон го има одлично формулирано во фразата „Слободата е мајка на поредокот, а не негова ќерка”[629], што означува дека поредокот се појавува како резултат на слободата на поединците, и дополнително, слободните поединци не делуваат во насока на општествен хаос и неред. Хаек го нарекува *каталаксија* (*catallaxy*)[630] и го одредува како производ или општествен резултат на човековите делувања, но не на еднostран човеков или политички дизајн. Исто така го нарекува и *полицентричен поредок,*[631] затоа што е воспоставен врз многубројни центри на моќ, наместо на еден екслузивен и *априори* зададен.[632] *Мохамед Бамје* го нарекува *ненаметнат поредок*, и го одредува како доброволен и слободен,

[626] Norman Barry - Spontaneous order (2008, libertarianism.org)
[627] Bernardo Vidigal - How a Reddit April Fools’ joke can explain spontaneous order (2022, studentsforliberty.org)
[628] Адам Смит - *Богатството на народите* (1997, Скопје: Штрк)
[629] Автор на познатата максима е Пјер Џозеф Прудон, првиот само-прогласен анархист. Максимата е популаризирана од страна на Бенџамин Такер. Прудон пишува исто така за поредокот кој произлегува од доброволните односи и размени. Види повеќе Pierre Joseph Proudhon - *The Principle of Federation and the Need to Reconstitute the Party of Revolution* (1863, E. Dentu: Paris)
[630] Од грчкиот збор καταλλαξία, што буквално значи *да се разменува*, но во исто време *да се биде посветен на заедницата* и *да се промени од непријател во пријател*. Исто така каталаксиа се однеува на теорија која дава одговор на тоа како пазарниот (слободен) систем ги регулира цените и размерите на размена во општество. Дополнително се однесува на *наука на размената*. Повеќе: Ludwig von Mises - *Human Action: A Treatise of Economics* (1998, The Ludwig von Mises Institute)
[631] Friedrich A. Hayek - *The Constitution of Liberty* (2010, iea.org.uk)
[632] Goran Ilik & Nikola Lj. Ilievski - Polycentrism: Operationalization and its Significance (2008, International Scientific Conference “Towards a Better Future: Rule of Law, Democracy, and Polycentric Development”, Faculty of Law Bitola)

втемелен врз *практични авторитети*[633] на поединците. *Ханс Херман Хопе* пишува за *природен поредок,*[634] кој произлегува од природните односи помеѓу поединците.

Сите овие концепции на поредоци всушност се поклопуваат и восприемаат општествена последица, инспирирана од индивидуалистички идеи, преку почитување на принципот на само-поседување, доброволно-договорно (само)уредување и постоење на голем број центри на (неизнудена) моќ, кои делуваат во насока на поредокот, но немаат капацитет своеволно да го создаваат.

## 75. Слободарска промена (change towards liberty)

За слободарската промена, ќе стане збор во понатамошниот дел од текстот. Тука може да се даде основната поделба на стратегии за актуелизацијата на слободата, и тоа едукационистички, културалистички, радикален, градуелен, популистички, пристап на лидерство и претприемништво, пристап на граѓанска непослушност и контра-економија, дигитални пристапи како и други. Сите овие стратегии и пристапи, не се исклучуваат помеѓу себе, и сериозна стратегија за промена кон слобода, треба да има адаптирано елементи од сите овие. Дополнително се појавуваат и конкретни активности, кои служат како алатки на пристапите кон посакуваната промена.

---

[633] Практичните наспротив политичките авторитети, претставуваат времена категорија која е поврзана со потребата од лидерство во сите општествени заедници. Како практичен авторитет може да се земе авторитетот на родителот, авторитетот на менторот, авторитетот на директорот, авторитетот на јога учителот и сл. Сите овие авторитети се *не-наметнати* авторитети, затоа што субјектот кој ги признава како такви сам ги бира.

[634] Hans-Hermann Hoppe - *Democracy: The God that Failed: The Economics, Politics of Monarchy, Democracy and Natural Order* (2001, Transactions Publishers)

# ДЕЛ 2:

# Д Р Ж А В А, В Л А С Т И

# К Р И Т И К А

## ГЛАВА 4:
## ВОВЕДНИ ПОСТАВКИ ЗА ДРЖАВА

### 76. Пристапи кон општествено уредување

Пристапите кон општествените уредувања, се област од големо значење за политичките и општествените науки. Пристапите ја одредуваат целата политичка, економска и институционална структура на едно општество. А структурата, дополнително влијае врз делувањата на поединците и односите кои ги воспоставуваат во рамки на општеството.[635] Од тука потекнува и значењето на пристапите.

***Слободарскиот пристап (liberty approach)*** и ***врховистичкиот пристап (power principle)***, претставуваат два основни пристапа[636] за уредување на едно општество, како и понатамошно конкретизирање на истите кон задоволување на личните потреби и решавање на споделените проблеми на поединците. *Примарниот проблем*, кој треба да биде основа за понатамошно решавање на останатите проблеми и кој го адресираат овие два пристапи е *практичното општественото уредување*[637], *поставеност на односите*, *легитимност на моќта* и *ингеренции на субјектите*.

### *а.) Слободарскиот пристап кон уредувањето*

Овој пристап има децентрализиран карактер, заговара ***хоризонтално општество,***[638] „*од горе на долу*" (*bottom-up*) и е воспоставен врз принципот на ***само-поседување***. Истиот се надоврзува на *еволуционизмот*[639] на Фридрих Хаек, според кој општествените институции се формираат еволутивно, преку спонтано делувањата на поединците во рамки на општеството, а ретко се резултат на централизиран политички дизајн. Институциите се воспоставени врз основа на *добрите* и *корисните практики* и обичаи во секојдневните делувања, како низ историјата, така и во сегашноста.

[635] Но од друга страна, секако и дека свеста и делувањата на поединците влијаат на институционализација на пристапите.
[636] Randy E. Barnett - Pursuing Justice in a Free Society: Part One - Power vs. Liberty (1985, Criminal Justice Ethics)
[637] Peter J. Boettke and Christopher J. Coyne - *Context Matters: Institutions and Entrepreneurship* (2009, Foundations and Trends in Entrepreneurship Vol. 5, No. 3 )
[638] Randy E. Barnett - The Structure of Liberty: Justice and the Rule of Law (2014, Oxford University Press)
[639] Friedrich A. Hayek - *Law Legislation and Liberty* (1998, Routledge)

Главни субјекти во слободарскиот пристап се ***поединците***. Овој пристап тргнува од иницијативата и мотивацијата на поединците за задоволување на своите потреби и решавање на свои лични и споделените проблеми. Правна основа е ***договорот***, преку кој секој кој влегува или има ефект од одреден однос, потребно е да ја даде својата согласност за истиот. Непосакуван ефект од слободарскиот пристап може да биде *рамнодушност*, па и отсуство на делување кон решавање или надминување на определени проблеми, но тоа е на краток рок.

Како последица на слободарскиот пристап во уредување на конкретно општество, втемелен врз човековото право на неповредливост на неговиот *физички интегритет*, *слобода* и *сопственост*[640] - принципот на *само-поседување* и поединечен суверенитет, врз основа на *неизнудена моќ*, се појавува *спонтаниот општествен поредок*.

### *б.) Врховистичкиот пристап кон општествено уредување*

Врховистичкиот е пристап на уредување, во кое истото е диктирано од еден центар, врз основа на (*политичка) моќ*, како и вербата во општествената одреденост (детерминираност) на поединците.**[641]** Истиот предизвикува како што вели Ренди Барнет, *вертикално општество*[642] или хиерархиско општество, поставено „*од горе на долу*" (*top-down*).

Врховистичкиот пристап кон општествено уредување ја следи логиката дека текот на општествените односи и *непосакуваните ефекти* од истите најдобро се регулираат и управуваат од еден центар. Аналогно на тоа, истиот почива врз *конструктивистички поставки*[643], според кои општествените институции може, но и треба рационално да се создаваат, од определена *избрана* група на луѓе.

Централна точка на врзување може да биде, а и најчесто е *општото добро*,[644] кое во традицијата на Платон и Русо не е само *волјата на мнозинството*, туку претставува нешто

---

[640] Џон Лок - Писмо за Толеранцијата; Две расправи за Владата (2006, Аз-буки: Скопје)

[641] Врховистичкиот пристап како таков не се поврзува само со уредувањето на едно општество во целина, туку истиот постои во повеќе заедници во рамките на општеството. Школски пример за врхивистички пристап е уредувањето на армијата, каде што се следи строга хиерархиска структура, во која што наредбите доаѓаат од центарот (од горе), а поединците (војниците) имаат една можност - да постапат по неа. Исто така врховистичкиот пристап е доминантен во *патријархалните фамилии*, некои корпорации и сл.
Повеќе: Randy E. Barnett - *The Structure of Liberty: Justice and the Rule of Law* (2014, Oxford University Press)

[642] Ibid

[643] Friedrich A. Hayek - *Law Legislation and Liberty* (1998, Routledge)

[644] Жан-Жак Русо - *Општествен Договор* (2013, Ѓурѓа: Скопје)

кое *објективно постои*[645] или во смисла на Сен Симон е она што тој го нарекува *општествена корисност* (*utility*).[646] Врховистичкиот пристап има тенденција *свесно* да (се обиде да) *создаде општествен ред*, преку субјектот на самиот пристап и ред, и самиот одредувач на она што претставува *општо добро* и *општа корисност* - а тоа е политичкиот центар, односно државата.

***Државата*** е носителот на уредувањето на општеството од еден центар, преку изразување на политичка моќ, оправдана со суверенитет и легитимитет, со цел градење или одржување на општествен ред.[647] Правната основа на овој пристап е ***наредбата*** со која се наметнува ограничување врз делувањето на поединците, или пак посакуваното поведение врз поединците. Изразувањето на моќта опфаќа централно уредување на општествените односи, и тоа преку поставување на правилата на игра (***нормирање***), планирање и извршување (***управување***) и казнување на оние кои не ги почитуваат (***санкционирање***). [648]

Дон Лавој нагласува два проблема со кои се соочува врховистичкиот пристап, и тоа ***проблемот на знаењето*** или утилитарниот проблем (*knowledge problem*) и ***тоталираниот*** или моралниот проблем (*totalitarian problem*)[649]. Проблемот на знаењето се поврзува со (недостаток на) функционирање, продуктивност на економијата и генерирање на *општествена интелегенција*[650], додека пак тоталитарниот проблем со повреди на принципот на само-поседување - *ограничување на слобода*, *узурпирање на сопственост*, *загрозување на физички интегритет* и *одземање на живот*. Поединците имаат мал простор за учество во уредувањето преку *вклучување* во структурите под центарот или во современи услови преку практикување на ***право на глас*** (за оние кои ќе бидат во центарот).

---

[645] David Osterfeld - Freedom, Society and State: An Investigation into the Possibility of Society without Government (1986, Cobden Press: San Francisco)

[646] Сен-Симон е еден од првите поборници за адаптација на врховистичкиот пристап, преку идеата за централно планирање на индустријата, колективно поседување на средствата на производство и *општествената корисност* (*social utility*) како цел на определено уредување. Теоретскиот систем кој го гради, а подоцна марксизмот се темели на истиот е наречен социјал-утопизам.
Don Lavoie - National Economic Planning: What's Left? (2016, Mercatus Center at George Mason University)

[647] Frédéric Bastiat - The State (1848, libertyfund.org)

[648] Мареј Ротбард - Анатомија на државата (2021, libertania.org)

[649] Ibid

[650] Општественото интелегенција како сумирано знаење од локални и времени знаења на учесниците, кое се генерира преу слободно делување на поединците и доброволно влегување во општествени односи.
Ibid

Научно-философските традиции кои го нагласуваат врховистичкиот пристап имаат зачеток во философската традиција на Платон, заживуваат за време на Просветителството, во делата на Русо и социјал-утопистот Сен Симон, како и самиот Карл Маркс, за да се актуелизираат и најмногу да дојдат до израз во 20-тиот век. Подемот на науката и технолошките иновации, претставувала подлога за идеата дека човекот може да ги контролира целокупните општествените процеси и текови, како и да ги анулира негативните ефекти од истите.

Манифестации на адаптирање на врхивистичкиот пристап, и тоа во поголем (или екстремен) интензитет, може да се пронајдат своевидно во постоењето и функционирањето на нацистичка Германија, советска Русија и ред други држави кои проблемите ексклузивно ги решавале (решаваат) *од горе надолу*.

Во современи услови, врховистичкиот пристап може да се пронајде во *помека (женска) форма*[651] и во *фискална рамка*, манифестиран во екстензивните држави на благосостојба (*welfare state*) и држави-дадилки (*nanny state*), со силна тенденција на контрола, планирање и распределување, а со тоа и (обид за) наметнување на општествените текови *од горе надолу*.

## 77. Ред и поредок

Помеѓу редот и поредокот не постои разлика како *моментални показатели на севкупните општествени односи*, но истите се разликуваат квалитативно. Може да се прикажат на ***вертикална оска***, на екстремите долу-ред, горе-поредок, а помеѓу нив е реалниот ред-поредок. Иницијатор на дистинкцијата ред-поредок претставува пристапот кон општествено уредување, кој може да биде слободарски и врховистички.

Конкретен показател може да бидат ***постоењето*** (*existence*) и ***улогата*** (*role*), односно ***големината*** (*size*) и ***ставот*** (*attitude*) на политичкиот центар[652] - државата. Кај

[651] Јонах Голдберг во неговата *Либерален Фашизам* пишува за „женска форма на тоталитарианизам" изразена во современите (либерални) режими, за разлика од *машката верзија*, запазени во фашистичките и комунистичките режими од 20-тиот век. Исто така, Нолберг оваа дистинкција ја прави и во однос на познатите дистописки дела, Орвеловата *1984* ја претставува машката визија за тоталитарианизмот, додека пак Хаксли преку својот *Храбар Нов Свет* ја претставува женската.
Jonah Golberg - *Liberal Fascism: The Secret History of the American Left, from Mussolini to the Politics of Meaning* (2008, Doubleday)

[652] *Постоење* - дали постои држава или не (бездржавно општество); *улога - функциите на државата* (дали се работи за *ноќен чувар држава* (night watchmen state), социјална држава, или сеприсутна тотална држава),

редот, уредувањето се базира на *општо добро* или *колективот*, додека пак кај поредокот, врз принципот на само-поседување.

***Тоталните држави*** со силно адаптиран врховистички пристап се стремат да воспостават тотален ред и контрола, додека пак идеален спонтан поредок би имало во состојба на ***бездржавие***[653], односно со потполна актуелизација на слободарскиот пристап.

Во 21-ви век, екстремите скоро и да се изоставени, но сепак, во општествата доминира еден од овие пристапи, кој вродува во поредок/ред.

## 78. Феномен на држава

Државата е централен општествен, институционален и/или организациски феномен, присутен како низ историјата, така и во денешницата, околу кој се развивале и сеуште развиваат различни теории за нејзиното потекло. Истата го следи развитокот на човештвото, но прашање е дали е присутна во појавата на човекот (дали првите луѓе живееле во определен вид на политичка заедница?). Низ призма на официјалната историја, државата не била присутна кај нашите претци *ловци-собирачи*, но самото нивно стационирање и развојот на земјоделството и сточарството[654], појавата на *општеството*, се поврзува и појавата на државата, односно предмодерниот тип на држава, или првобитна политичка заедница. Секако, настанокот на држава, ќе биде предмет на понатамошна анализа во рамки на текстов.

Кога се зборува за држава, треба да се напомене дека истата како современа (модерна) и со тоа име, е општествен феномен кој се појавува во периодот на Просветителството. Но секако, и покрај тоа, што се појавува во овој период, се надоврзува на политичките заедници кои и претходат на модерната од Просветителството. Станува збор за политичките заедници на кои може да им се дадат различни имиња, како империи, царства, градови-држава, калифати итн, опфаќајќи политички заедници како антички Египет, Месопотамија, античка Грција, македонската империја, Рим, децентрализирана феудална Европа, Царска Русија, Отоманска империја и ред други, па се до појавата на

*даночна оптовареност*, и *инволвираност на населението*; *став* - почитување на владеење на право, ефикасност, транспарентност, одговорност итн.

653 Анархија, безвластие, природна состојба, доброволно, бездржавно општество и други термини кои асоцираат на општество во кое не постои држава, а услугите кои таа ги дава(ла) се приватизирани, односно ги дава субјект на пазарот - фирма, организација, асоцијација, унија и сл.

654 Franz Oppenheimer - *The State: Its History and Development Viewed Sociologically* (1926, New York: Vanguard Press)

модерна Франција.[655] Во таа предмодерна[656] смисла, со држава би се постоветиле сите политичките заедници кои прокламирале волја и капацитет на повеќе или помалку упешен, централизиран и организиран начин да нормираат и извршуваат во општествените односи, базирани врз определено изразен легитимитет и неприкосновена моќ на принуда.

Појавата на државата, како во модерна смисла, така и во архаична и предмодерна како политичка заедница, полис, империја и сл., е еден од главните предмети на политичките науки. Покрај предмодерната, и модерната држава, на крајот на 20-тиот и почетокот на 21-виот век на политичката сцена во Европа се појавува и нов вид на држава, односно *пост-модерната држава*[657], како продолжение на модерната, со еродиран суверенитет во полза на супранационални интеграции. Но, сепак, генезата на државата е заеднички содржател за сите видови, од предмодерен, модерен, па и пост-модерен вид.

Во насока на настанувањето, постојат повеќе теории кои го аспектираат, од каде произлегува и оправдувањето и прашањето за потребата од држава. Постојат теории кои ја оценуваат појавата и нејзиното постоење како позитивно, негативно или нужно. Постојат теории кои ја сметаат за природен еволутивен феномен, кој го следи настанувањето на човекот, или пак општествен феномен - свесен или несвесен производ на човековите делувања и разум.

Теоретското испитување на државата вклучува повеќе теории, како од антиката, средниот век, просветителството, така и од 20-тиот век[658].

### 79. Етимологија на држава

Етимологијата на државата, како научна дисциплина во рамки на политичките науки, но секако и лингвистиката, се фокусира на јазичното потекло на феномените од големо значење за општеството. Интересен е фактот, дека голем дел од суштината на феномените се доловува во самото потекло и оригинерно значење на терминот. Терминот, односно јазичното означување кажува многу за самиот феномен.

---

[655] Хенри Кисинџер - *Светски Поредок* (2016, Скопје: Полица)
[656] Martin van Creveld - *The Rise and Decline of the State* (1999, Cambridge University Press)
[657] Robert Cooper - The Postmodern State and the World Order (1996, Demos)
[658] Марej Ротбард - *Анатомија на државата* (2021, libertania.org)

Во словенските јазици, зборот држава води потекло од глаголот *држи*[659] симболизирајќи го *држењето на моќта*, од нејзиниот држател, или носителот на моќта. На македонски и српски јазик е *држава*, на бугарски, *държава*, на украински *держава,* а на руски *государство*, што потекнува од господарство, господар и сл. Меѓу другото, *држењето* (карактеристично за повеќето словенски јазици)[660], фигуративно се поврзува со држење на копје, меч, како симбол на моќта (која извира од супериорната употреба на *насилсвото*) или знаме, вага и сл., како симбол на *прогласот* и легитимитетот врз моќта (прифаќање на моќта од нејзините објекти). Својствена за православните и словенските народи е иконата на која Исус Христос е прикажан како ***Вседржател*** (*Христос Вседържител*) која потекнува од грчки ***Христос Пантократор*** (*Χριστός Παντοκράτωρ*) и го означува единството меѓу човековата и Боженствената природа, во двојката „небо-земја." Во дополнение *вседржателството* е преведено како *семоќност* (од грчки пантократос или *παντός* - се и *κράτος* - сила или моќ) или можност за универзално и апсолутно владеење, кое му се дава како посебен адут на синот Божји. Грчкиот јазик, за означување на држава, го ползува изразот *κράτος*, или -*кратија*, што означува сила, моќ или владеење.

Во латинските јазици, држава е *stato* на Италијански, *estado* на Шпански и Португалски, *état* на Француски, *Staat* на Германски и *state* на Англиски јазик, сите со потекло од Латинскиот збор *status* кој означува *состојба*, *околност*. Поврзано е со римските идеи за *status rei publicae* или *состојба на јавните работи*, а со текот на времето станува симбол на правниот поредок во општеството и секако организацијата која ја овозможува неговата гаранција и имплементирање.[661]

Разликата помеѓу словенската, грчката и латинската терминологија за држава е во тоа што словенската (вклучително и руската) и грчката, се фокусираат на самиот момент на владеење или држење на моќта од центарот на моќ, додека пак латинската терминологија, на она што се однесува *на сите*, или она што е *јавно*, од каде и потекнува

[659] „Држава е кога некој те држи, како што овчарот ги држи овците" или држењето како симбол на ултимативната и моќта на контролата. Повеќе: Josip Pejakovic - Drzava (Youtube video); Josip Pejakovic - Drzava i papci (Youtube video monodrama)
[660] Евгеније В. Спекторски - *Држава и њен Живот* (1933, Београд:СКЗ)
[661] Ludwig von Mises - *Omnipotent Government: The Rise of Total State and Total War* (2010, mises.org & Liberty Fund)

*сеопфатноста* на државата, како и недостатокот на овластување, субјектите да излезат од односите кои таа ги воспоставува.

## 80. Држава и влада

Потребно е да се прави разлика,[662] но и да се утврдат сличностите и идентичностите помеѓу држава (*state*) и влада (*government*). Првенствено, држава е *апстрактна заедница* и претставува поширок поим од оној на влада.

Државата е носител на суверенитетот и легитимитетот, од каде потекнува и монополот на принуда, од есенцијално значење за истата. Временски е неограничена, додека владата е. Државата е историска и географска единица, додека владата, е оперативна. Владата претставува само дел од државата, но оној најбитниот дел, носител на *извршните овластувања* (монарх, совет, влада, шеф на држава итн.) Владата го црпи суверенитетот и легитимитетот од државата.

Од друга страна, владата настапува во име и за сметка на државата, и во општествената реалност, ***таа е државата***. Во најтесна смисла, државата се операционализира и манифестира во владата, односно извршниот орган на нејзината власт, или органот во кој е сконцентриран најголемиот дел од моќта, и тоа оној кој се однесува на самото поттикнување, извршување, спроведување и контрола на процесите во општеството.

## 81. Секуларна религија

Хегел го прогласил ***крајот на историјата***,[663] како таква,[664] после битката на Јена во 1806 година, односно поразот на пруската војска од страна на Наполеоновата. Во самиот пораз, ја препознал *универзалната идејна победа* и го прогласил крајот на историјата и последната точка во човековата општествено-политичка еволуција, а тоа во Хегелова смисла е појавата на ***модерната*** (бирократска, либерална, централизирана, неутрална, ефикасна) ***држава***[665], и манифестирана во Франција, своевремено. Во

[662] Edward Heath Robinson - The Distinction Between State and Government (2013, Wiley Online Library)
[663] Никола Љ. Илиевски - Крај на Политиката: Овертонов Прозорец за Улогата на Државата (2019: есеј, докторски студии УКИМ, политички науки).
[664] Историјата во смисла на Хегел претставува еволуција и тенденција на остварување на универзалниот дух. Види повеќе: Франсис Фукујама - *Крајот на Историјата и Последниот Човек* (1994, Култура: Скопје).
[665] Francis Fukuyama - *Political Order and Political Decay: From the Industrial Revolution to the Globalization of Democracy* (2014, New York: Farrar, Straus and Giroux).

продолжение, појавата на современата држава е крајната *актуелизација на духот и втемелување на концептот на граѓанска слобода*[666].

Проследено со научната револуција и техничко-технолошките откритија, Француската револуција од 1789 година, ја носи на историската и општествено-политичка сцена *модерната држава*. Разликата помеѓу модерна, во Хегелова (и Веберова) смисла и онаа кои и претходи на модерната - *предмодерната* (во смисла на Роберт Купер)[667], е определена со тенденцијата на модерната да воспостави ***централизирана контрола врз определена територија***, и тоа на рационален и организиран начин, со помош на *бирократија* и останатите органи или тела.[668]

Боженствениот суверенитет - според кој се верувало дека владетелот, легитимитетот, односно оправдувањето за своето владеење, го црпи од Бог, е променет со нов концепт, во кој *народот* или *нацијата* е носител на суверенитетот, а со самото тоа, владетелот го црпи легитимитетот и оправдувањето за владеењето, од самиот објект на истото, или народот. Моментот на промена на боженствениот со народниот или националниот суверенитет, ја позиционира државата, како ***Големиот Татко*** (или ***Брат***) во општествените односи, и вид на *земска замена за Бог*.[669] Философиите, идеологиите и ставовите кои и даваат сѐ поголем легитимитет и ја зацврстуваат вербата во државата, во некоја апстрактна и мистична смисла, или во овоземска,[670] како семоќен *решавач* на општествените проблеми, може генерички да се наречат *етатизам*.[671]

## 82. Модерна држава

Држава е воспоставена контролата на определена територија. Контролата се практикува со хиерархиски поставена организација, водена од *национални интереси*, спроведена преку бирократија и загарантирана со апарат на принуда, или војска и

[666] Georg Wilhelm Friedrich Hegel - *Philosophy of the right* (1942, Oxford).
[667] Robert Cooper - The Postmodern State and the World Order (2000, *Demos*)
[668] Евгеније В. Спекторски - *Држава и њен Живот* (1933, Београд:СКЗ)
[669] Арно Баруци истакнува дека тоталитарниот момент на државата се истакнува со тоа што државата себеси се прогласува за религија, за едно ново божество и крајно за Бог. Види повеќе: Арно Баруцо - *Вовед во нововековната политичка философија* (2006, Скопје: Аз-Буки), стр. 264
[670] Посебно кај социјалистичките диктатури и сеопфатните држави на благосостојба.
[671] Лудвиг вон Мисес го наведува Хегел како еден од идејните татковци на *етатизмот*, философија, која ја воспева и зацврстува улогата на државата во целокупниот општествен живот. Покрај Хегел, во *етатисти* ги вбројува и Сен Симон, Овен, Фурие, Пекиер, Сисмонди, Огист Конт и сл. Види повеќе: Ludwig von Mises - *Omnipotent Government: The Rise of Total State and Total War* (2010, mises.org & Liberty Fund)

полиција. *Сврзната материја* помеѓу народот, односно *субјектите* на државата, најчесто претставува кодификацијата на национален јазик, со кој еден, единствен јазик се прокламира како службен, и е обврзувачки на конкретната територија.[672] *Одржливоста и оправдувањето* на модерната или нацијата-држава (со веќе воспоставен единствен кодификуван, национален јазик) е организирање на универзално (државно или јавното) образование[673], кое го обезбедува, организира, финансира и ефектуира преку обврската за задолжително образование на младите. Државното организирање на образованието на децата и младите луѓе е пресудно во самото легитимизирање на постоењето на држава, како и дополнително, за оправдувањето на нејзиното владеење.

Уште една нишка на создавање на однос на зависност со *народот*, е организирање на здравствени услуги и воспоставување на универзален здравствен систем.[674] Гарант на нејзиното функционирање е монополот на физичка принуда, кој е од најголемо значење за истата, додека пак *горивото* за функционирањето е организираниот даночен или систем на јавни приходи.

Државата претставува територијална општествена организација, која е задолжителна за сите луѓе кои живеат, потекнуваат или имаат друг однос со конкретната територија, со помош на нејзиниот врховен авторитет.[675] Аналогно, државата е врховна моќ врз конкретната територија и по дефиниција авторитет на цела формална нормираност (втемелена и загарантирана со санкции од принуден карактер). Во исто време таа претставува и врховна моќ во процесите на извршување, надгледување и оценување на конкретни и поединечни случаи, врз основа на тие правила.[676]

Најпопуларната и најкористената дефиниција на државата е онаа на *Макс Вебер* во своите дела *Држава* и *Власт*, во која истата е одредена како: „Човекова заедница која што

[672] За негова сметка се истиснуваат локалните дијалекти и јазиците на помалите етнички заедници, а со тоа се униформира културната разночичност.
[673] Clifford Falk - Mass Education from the War of 1870 to the War of 2001 (2002, *New Prairie Press*, Kansas State University)
[674] Овој конкретен тип на држава е државата на благосостојба, односно држава која се грижи за благосостојбата на своите граѓани, односно нивното здравје, образование и минимум за преживување; историски започнува со воспоставувањето на Бизмаркова Германија. Види повеќе: Tom G. Palmer - *After the Welfare State* (2012, Atlas Network & Students for Liberty) и Том Г. Палмер - *Државата на благосостојба и по неа* (2021, libertania.org)
[675] Евгеније В. Спекторски - *Држава и њен Живот* (1933, Београд:СКЗ), стр.7
[676] Martin van Creveld - *The Rise and Decline of the State* (1999, Cambridge University Press)

успешно изјавува ***легитимен*** монопол на користење и закана со користење на физичка принуда."[677]

Во продолжение *Пјер Бурдие* ја дополнува и како монопол на физичко и *симболичко*[678] насилство. Веберовата дефиниција е успешен обид во една реченица да се одреди затскриената суштината на модерната држава, преку нејзиниот атрибут на ***легитимен монопол на физичко насилство***.

Тоа значи дека во рамките на едно општество само државата е единствена и ексклузивна организација која може и смее да употреби физичка сила (насилство)[679] и најчесто во форма на закана со употреба на сила, со цел исполнување на нормираното и планираното[680]. И секако, она што државата ја прави различна од една вооружена криминална банда[681] е легитимитетот, кој го претпоставува прифаќањето или *премолчната (несвесната)* и *свесната согласноста*, како и вербата на (барем мнозинството[682] или оние најактивните од) поединците кои живееат на дадената територија, за ваквата ексклузивност, посебната природа и улога на државата.

Со помош на политичката моќ, или моќта на *легитимното* насилство, модерната држава се впрегнува во активности на: заштита, регулирање, ограничување, оданочување, забранување, казнување, одземање, субвенционирање, планирање и тоа во областите на одржување на мир, ред и поредок, остварување на *правда*, заштита на права и *слободи*, функционирање на економија, воспитување, продуховување, здравствени, образовни, социјални, инфраструктурни и други услуги на грижа.

---

[677] Maks Veber - *Drzava: Racionalna Ustanova Drzave i Moderne Politicke Partije i Parlamenti* (2014, Mediteran publishing: Novi Sad); *Maks Veber - Vlast: Sociologija vlasti* (2014, Mediteran publishing: Novi Sad)

[678] Симболичкото насилство е различно од физичкото, и најчесто се однесува на *наметнатите* доминантни неформални норми на однесување, од страна владеачките класи. Види повеќе: Pierre Bourdieu - Rethinking the State: Genesis and Structure of the Bureaucratic Field (1994,Sociological Theory, Vol. 12, No. 1, American Sociological Association); Steven Loyal - Bourdieu's Theory of the State A Critical Introduction (2017, Palgrave Macmillan)

[679] Robert M. MacIver - Society and State (1911, *The Philosophical Review, Vol. 20, No. 1*)

[680] Hendrik Spruyt - The Origins, Development, and Possible Decline of the Modern State (2002, *Annual Review of Political Science, Vol. 5*)

[681] Мареј Ротбард - *Анатомија на државата* (2021, libertania.org)

[682] Мисес и Ротбард истакнуваат за една држава да опстојува, истата мора да обезбеди легитимитет, односно да ја има довербата или во најмала рака пасивната подршка на мнозинството од населението под нејзината власт. Мисес дополнително образложува дека тоа е причината поради која демократијата е прифатлива како најдобра алтернатива на насилното соборување на политичката власт. Повеќе: Ludwig von Mises - *Human Action: A Treatise of Economics* (1998, mises.org); Murrey Rothbard - *Anatomy of the State* (2009, mises.org).

# ГЛАВА 5:
# НАСТАНОК НА ДРЖАВА

## 83. Теории за настанување на држава

Самото формирање на политичките науки, како посебен вид на науки, во склоп на општествените науки, нужно го поттикнува прашањето на потеклото на државата, како уникатна политичка заедница, заедно со различните одговори на тоа прашање. Скоро и да отсуствуваат реални теории за настанокот на државата, се до 19-тиот и 20-тиот век. Дополнително, голем дел од теориите за настанување на државата, тргнуваат од замислена претпоставка (што понатаму се покажало дека е грешна) или имагинација и во голема мера ја следат потребата за легимизирање и оправдување на државата во очите на јавноста. Имајќи го тоа во предвид, истите се далеку од вистината за настанување на државата.

Потешкотиите во формирањето на реална теорија за настанокот на држава, се делумно поради фактот што политичките науки, не се начисто со она што претставува држава и кога може да се лоцира нејзиното потекло. Потеклото на *модерната држава* е лоцирано кон крајот на 18-ти и почеток на 19-ти век. Но секако, и претходно постоеле политички заедници, кои имале различни форми од онаа на модерната држава, врз кои втората прогласува легитимитет и секако, употребува корисни алатки, преземени од нивното владеење.

Потеклото на државата, секако, претставува клучно прашање за политичките науки[683] и општествените, а како такво станува актуелно во промислите на Аристотел, на еден генерален начин, па во записите на Хобс, Лок, Русо низ призма на *општествен договор*, дополнително Маркс и носителите на *конфликтната теорија за настанувањето*, и секако Опенхајмер, Ротбард, Нозик, Ван Кревелд и други слободарски погледи кон нејзиното настанување, воочено во *освојувањето* на нови територии и *поробувањето на нови народи*.

Од тука, може да се издвојат теории кои се трудат да се вовлечат во суштината на потеклото и да ја откријат вистината за настанувањето и создавањето на државата, како и други теории, кои, свесно или несвесно се користат од политичките и образовните елити,

---

[683] Martin van Creveld - The Rise and Decline of the State (1999, Cambridge University Press)

за оправдување, како на нивното конкретно владеење[684], така и на општиот начин на политичко владеење кои истите го следат - постоење на држава која го уредува општествениот живот.

### *а.) Натуралистичка теорија за појавата на државата*

Аристотел, еден од најголемите (политички) философи го дава натуралистичкиот (некаде се сретнува под името органицистички) пристап за настанување на државата (*полисот*). Во неговата, *Политика*, државата ја определува како заедница (политичка, државна заедница, град-држава) која ги надминува останатите општествени заедници, како што е фамилијата. Државата е „најбитната заедница," нејзиното потекло е врзано со „одржувањето на животот," а нејзината цел[685] е среќата на човекот.[686] Дотолку повеќе, Аристотел изјавува дека државата не е *вештачка* или *општествена* (свесна или спонтана) креација на човековите односи, туку, дека истата претставува природна заедница[687], која ја следи појавата на човековиот род:

> „Значи е јасно, дека градот-држава е меѓу природно-настанатите нешта и дека човекот природно е општествено суштество и дека оној што е без држава заради природата, а не заради судбината е - или ниско поставен, или пак повисок одошто човекот."[688]

Според оваа теорија, државата се појавува како природен или еволуциски феномен, потекнувајќи од природата и потребата на човекот *општествено да постои* во рамките на заедница, а примарна заедница е полисот или државата.

### *б.) Теории на општествен договор*

Со појавата на Просветителството се појавуваат нови *теории за настанокот на државата*[689] кои проникнуваат во делата на три битни философи, Томас Хобс, Џон Лок и Жан-Жак Русо. Станува збор за *теориите на општествен договор*, според кои поединците на определена територија, свесно и со определена цел ги ограничуваат своите слободи

[684] David S. D'Amato - The Birth of the State (2016, libertarianism.org)
[685] Political theory of Aristotle (britannica.com)
[686] Евгеније В. Спекторски - *Држава и њен Живот* (1933, Београд:СКЗ)
[687] Аристотел - *Политика* (2006, Скопје:Слово), 5-9
[688] Ibid, 8
[689] Или како ги нарекува истите Антонио де Јесеј - *теории за измислување на државата* или Бертранд Леминисиер, *метафори наместо теории*. Види повеќе Anthony de Jasay - *The State* (1985, Libertyfund) и Bertrand Lemennicier - Fallacies in the Theories of the Emergence of State (2006, *Journal of Libertarian Studies*, Vol.20, No.3).

(суверенитети[690]), во корист на новонастана политичка заедница. Теориите на општествен договор се едни од најпопуларните теории усвоени од современите политички науки, кога станува збор за настанокот на државата (и покрај тоа што не е пронајден ниту еден историски запис или друг вид на доказ кој би го потенцирал овој пристап за настанување на било која држава).[691][692][693]

Според ***Томас Хобс*** *природната состојба*[694] е исходот на општествените односи пред појавата на општествениот договор. Оваа состојба е препознатлива по *отсуството* на организиран политички авторитет, а проследена е со себично, деструктивно човеково поведение, резултирано во описот на Хобс како *војна на сите против сите*.[695] Решението за оваа неповолна и несигурна состојба на поединците е создавањето на *Левијатан*, кој ја симболизира државата како форма на политичка интеграција[696] и воспоставување и оправдување на политички авторитет. За настанувањето на државата, Хобс истакнува:

> „Единствен начин да создадат таква заедничка сила која ќе може да ги брани од странска инвазија и меѓусебни повреди и со тоа ќе ги обезбеди така што ќе се хранат себеси и ќе живеат задоволно благодарение на сопствената трудољубивост е да ја пренесат сета своја моќ и сила на еден човек или на собрание на луѓе кое со мнозинство гласови ќе ги сведе нивните посебни волји во една волја."[697]

Левијатанот претставува вештачко тело[698], кое произлегува од природното тело на човекот и претставува услов за истото. Без Левијатанот, човекот поседува апсолутна или природна слобода, но неговата сигурност и неговиот живот е загрозен. Со цел одржување на животот, поединците ги ограничуваат своите слободи и ги делегираат на Левијатанот, кој за сметка на слободата им нуди сигурност на нивниот живот.

---

690 Nikola Lj. Ilievski - The Individual Sovereignty: Conceptualization and Manifestation (2015, *Journal of Liberty and International Affairs, Vol.1, Num.2*)

691 Williamson M. Evers - Social Contract: A Critique (2014, mises.org)

692 Stephen Buckle & Dario Castiglione - Hume's Critique of Social Contract Theory (1991, *History of Political Thought (HPT), Vol. XXII, No. 3*)

693 Murray N. Rothbard - *Anatomy of the State* (2009, Ludwig von Mises Institute)

694 Томас Хобс - *Левијатан или Граѓата, Обликот и Моќта на Црковната и Граѓанската Држава* (2010, Скопје: Азбуки) Глава XIII

695 Ibid, Глава XXIII

696 Nikola Lj. Ilievski - The Concept of Political Integration: The Perspectives of Neofunctionalist Theory (2015, *Journal of Liberty and International Affairs, Vol.1, Num.1*)

697 Томас Хобс - Левијатан или Граѓата, Обликот и Моќта на Црковната и Граѓанската Држава (2010, Скопје: Азбуки) Глава XIII

698 Арно Баруцо - Вовед во нововековната политичка филозофија (2006, Скопје Аз-Буки), 228

***Џон Лок*** може да се смета за еден од татковците на либерализмот како идејна традиција и секако, протагонист на теорија на општествен договор како начин за создавање на државата. Според Лок, *состојба на совршена слобода*[699] или природна состојба и претходи на создавањето на државата. Во неа луѓето, по природа се слободни, еднакви и независни. Единствен начин, за ограничување на совршената или природната слобода, втемелување на *граѓанско општество (содружништво*[700]*)* и обезбедување на *граѓанската слобода* е ***договорот*** со останатите за обединување во заедница,[701] во која секој ќе се чувствува комфорно, безбедно, мирно, и ќе ужива во својата сопственост, и физичка сигурност. Тој договор, помеѓу сите членови во заедницата е општествен договор, од кој произлегува политичката заедница или државата, која има цел да ги обезбеди овие поставки за среќен живот, и тоа граѓанска слобода, физичка неповредливост и неповредливост на имот или сопственост. Од овие три вредности, произлегува принципот на само-поседување, од есенцијално значење за слободарството.

Хобс и Лок го предлагаат општествениот договор како легален и легитимен темел на државата, и го следат принципот на *методолошки индивидуализам*, според кој поединецот е главен субјект на општествените, односно политичките збиднување. И покрај заедничкиот содржател, втемелен врз различните перцепции за човековата природа - Хобс го смета човекот за *лош*, а Лок за *добар*. Дополнително, центарот на моќта е различен - кај Хобс, центарот е Левијатанот, додека кај Лок е поединецот (кој го пренесува на политичката заедница), од каде што потекнува фундаменталната разлика помеѓу истите и нивните теории за општествен договор.

***Жан Жак Русо*** е хронолошки третиот филозоф, протагонист на теориите на општествен договор за настанокот на државата. Како и неговите претходници, го одредува истиот како општествен консензус или *општествена (општа) волја*[702], со цел да воспостави и одржи заедничка благосостојба. Општата волја во себе го содржи императивот на слободата - ***да се биде принуден да се биде слободен*** во рамките на општата волја. На линија на теориите на општествен договор (договори), направена е дистинкција помеѓу претходната - природна, и посакуваната - граѓанска состојба.

---

[699] Џон Лок - *Писмо за Толеранцијата; Две расправи за Владата* (2006, Аз-буки: Скопје), 175
[700] Ило Трајковски - *Граѓанско Содружништво: Метасоциолошка Реконструкција на Македонското Приемање на Современиот Поим за Societas Civilis* (1997, Скопје: Гоцмар)
[701] Џон Лок - *Писмо за Толеранцијата; Две расправи за Владата* (2006, Аз-буки: Скопје)
[702] Жан-Жак Русо - *Општествен Договор* (2013, Ѓурѓа: Скопје), 47-53

Исцртувачот на линијата е политичката заедница, државата или актуелизацијата на општата волја. Русо истакнува: „...со нивното [на граѓаните] оттуѓување, тие постигнале корисна замена, наместо неизвесен и несигурен начин на живот - подобар и посигурен, наместо природна зависност - слобода, наместо моќ да им наштети на другите - сопствена сигурност, и наместо сила - право, кое поради заедницата е непобедливо."[703]

Во продолжение, Русо предлага државата да не се гледа како инструмент, апарат или средство за остварување на некакви (заеднички) цели, туку истата низ призмата на општата волја станува *органски израз*[704] на човековата општествена (социјална) природа[705] или ***Суверен***.[706]

Според *теориите на општествен договор* или *волунтаристичките теории* за потекло на државата, истата стапува на општествена сцена во определена фаза на човековиот развој, базирани на аргументот на (хипотетичка) согласност[707] и е создадена со определена цел или како израз на колективитет, односно заедницата, за обезбедување на човековата слобода, зачувување на човековиот живот, неповредливост на неговата сопственост и одржување на некаков општествен ред или поредок.

---

[703] Ibid, 43

[704] Џонах Голдберг во неговата *Либерален фашизам* го означува Русо, заедно со Робеспјер како таткото на либералниот фашизам, поради тенденцијата во неговите написи да ја претстави државата како замена за Бог, или како форма на политичка (секуларна религија).
Види повеќе: Jonah Goldberg - *Liberal Fascism: the Totalitarian Temptation from Mussolini to Hillary Clinton* (2007, Doubleday), 201

[705] Ферид Мухиќ - *Логос или Хиерархија: Историја и Теорија на Политичко-Филозофските Доктрини* (2001, Скопје: Круг), 193

[706] Сувереноста претставува владеење над слободата за слободата. Вистинскиот темелен закон и заповед на тоа општество гласи: Ти треба да станеш слободен. Поради тоа ова општество претставува едно морално и воедно колективно тело, имајќи предвид дека повикува на колективност. Ти треба да се прибереш, собереш пред општата волја... Сувереноста, моралноста и колективноста се чинови на тоа ново заедничко човеково тело. Види повеќе Арно Баруцо - Вовед во нововековната политичка филозофија (2006, Скопје Аз-Буки), 248

[707] Согласноста е одредена како хипотетичка затоа што не постои аргумент за поединечна согласност на вклучените во заедницата, ниту пак историски факт за нивно сеопфатно вклучување во создавањето на договорот, дотолку повеќе во периодот во кој живееле философите протагонисти на теориите. Согласноста, имплицитно и теоретски може некако да се подразбере во услови на современа демократија, но тешко во периодите на настанокот на државата. Види повеќе: Lysander Spooner - No Treason: The Constitution of No Authority (1870, Boston: Published by the author). Или, како наведува *Бертранд Лиминичиер*, „договор помеѓу луѓе кои што не се познаваат и кои не ја дале својата согласност, не е договор." Види повеќе: Bertrand Lemennicier - Fallacies in the Theories of the Emergence of State (2006, Journal of Libertarian Studies, Vol.20, No.3), стр.5. Исто така види: Nikola Lj. Ilievski & Goran Ilik - The End of Politics: Deconstruction, Decline & Alternative of the State (2018, Journal of Liberty and International Affairs, Vol.4, Num.1)

***в.) Марксистичка (конфликтна) теорија за настанокот на државата***

Марксистичкото толкување на државата, како и нејзиното потекло, доминантно произлегува од делата на Карл Маркс, Фридрих Енгелс, Владимир Илич Ленин, Антонио Грамши и други истакнати социјалистички дејци.

Според овој пристап државата е сметана за *класен инструмент* и во смисла на Антонио Грамши, алатка за *воспоставување и одржување на хегемонија* на богатите и моќните врз сиромашните и слабите.[708]

Фридрих Енгелс забележува дека државата претставува општествена сила, позиционирана над општеството, оттуѓена од истото, додека Карл Маркс заклучува дека државата е „орган кој ја легализира и консолидизира експлоатацијата,[709] а правото е нејзиниот инструмент.

Во продолжение државата е рефлексија на општествените процеси и извршен инструмент на општествените групи.[710] Нејзиното појавување на историско-општествената сцена е нужно поврзано со појавата на институцијата на приватна сопственост, доминантно инструментализирана како алатка за нејзина заштита и експлоатација на маргиналните класи во општеството. Аналогно, државата се појавува како општествен или *вештачки* феномен, наметнат и легитимизиран од моќните и богатите, за сметка на слабите и сиромашните.

Државата исто така претставува израз на економските односи во рамките на заедницата, и затоа со револуција, и со воспоставување на комунизам[711] преку социјализам, со *поопштествување на средствата на производство*, нејзината потреба ќе биде надмината и ќе „одумре и биде исфрлена на буништето на историјата,"[712] а бескласното општество[713] ќе стане и бездржавно општество.

---

[708] Antonio Gramši - *O državi* (1979, Beograd: Radnička štampa)
[709] Владимир Илич Ленин - *Држава и Револуција* (1974, Скопје: Култура),
[710] Евгеније В. Спекторски - *Држава и њен Живот* (1933, Београд:СКЗ),
[711] Во марксистичката теорија, комунизмот е претставен како последна фаза во развојот на општеството, или како крај на историјата во смисла на Хегел и Маркс. Комунистичкото општество е бескласно и бездржавно општество, а државата не е укината, туку истата би требало спонтано да одумре, нормално со одумирањето на институцијата заради кои е настаната истата, а тоа е приватната сопственост. Но, за разлика од анархистите, марксистите не се фокусираат на државата (политиката), туку на капиталот (економијата), а на комунизмот му претходи фазата на социјализам. Во ова фаза, која би требало да е последица на успешно спроведена револуција, се воведува таканаречена *диктатура на пролетаријатот*, која се карактеризира со апсолутна и тиранска држава, која го спроведување *поопштествувањето на средствата на производство*. Види повеќе: Владимир Илич Ленин - *Држава и Револуција* (1974, Скопје: Култура), 3
[712] Edgar Hardcastle - The Withering Away of the State – From Marx to Stalin (1946, marxists.org)
[713] Classless society (britannica.com)

Покрај овие теории, секако постојат и други теории за настанок на државата, но наведените се истакнати и анализирани, согледувајќи го нивното влијание врз развојот на политичките науки и политичката философија. Посебно, теориите на општествен договор имаат огромно влијание врз тоа како се аспектира државата и нејзиниот настанок.

Секако, овие теории се карактеризираат со определени недоследности поврзани со недостаток на емпириски податоци за нивна дополнителна валидизација. Од друга страна, марксистичките теории за настанок и природа на државата не само што влијаеле и влијаат врз општествените науки, туку и врз политичките реалности, во 20-тиот век, но и сега во 21-виот. Но кај современите марскисти, се чини дека е изоставена првобитната марксистичка определба на државата, воочливо во нивното повикување за државна, регулација, распределба и идентитетски политики.

## 84. Освојувачка теорија за настанокот на државата

Освојувачката теорија за настанокот на државата (*conquest theory*[714]) се појавила на почетокот и текот на 20тиот век, во делата на Франц Опенхајмер, Алфред Џеј Нок,[715] нивниот современик Мурej Ротбард, како и Ентони де Јесеј,[716].

Оваа теорија, исто така може да се аспектира низ призмата на меѓународното право и политика конкретно со настанување на држава во меѓународноправна смисла.

Во втората половина на 20тиот век, Роберт Нозик, дава соодветен удел во оваа теорија на настанувањето и природата, преку фасцинантниот мисловен (логички) експеримент насловен како *Приказна за еден роб* (*The Tale of a Slave*)[717].

### *а.) Опенхајмер за настанокот на државата*

***Франц Опенхајмер***, еден од основачите на *освојувачката теорија за настанокот на државата*, во неговото дело *The State: Its History and Development Viewed Sociologically* радикално ја определува државата на следниов начин:

---

[714] Anthony de Jasay - The State, notes

[715] Алфред Џеј Нок, ја истакнува анти-општествената (анти-социјалната) природа на државата. Види повеќе: Alfred J. Nock - Our Enemy, the State (1935, barefootsworld.org)

[716] Ентони де Јесеј наведува дека „државата започнува со нечиј пораз." Види повеќе: Anthony de Jasay - The State (1985, Libertyfund)

[717] Роберт Нозик - Приказна за еден роб (2020, libertania.org)

> „Државата, во својата е генеза фундаментално и скоро целосно за време на првите фази од нејзиното постоење е општествена институција, наметната од победничка група на луѓе, врз поразена, со единствена цел регулирање на доминионот [контрола, суверенитет] на победничката група и обезбедување на истиот од револт од внатре и напади од надвор. Телеолошки, овој доминион имал не друга цел, туку економска ‘експлоатација’ на победените од страна на победниците.”[718]

Аналогно, потеклото на државата, а со тоа и на сите држави или прототипи на политички заедници, Опенхајмер не ја лоцира во општествен договор или како дел од природата на човекот и неговата потреба *општествено да постои*, туку истата ја лоцира во човековиот нагон да *освојува* и да *покорува*.

***Државата е родена од освојувањата на територии и покорување на луѓето населени на истите територии***. Оппенхајмер продолжува:

> „Историјата која се учи во денешните училишта е доволна за да се докаже оваа генеричка доктрина. Насекаде низ историјата можеме да најдеме воинствени племиња на диви луѓе кои ги поминуваат границите на некои помалку воинствени, се населуваат и се поставуваат како благородништво, воспоставувајќи ја нивната држава.”[719]

Самиот факт дека историјата, скоро секаде во светот е историја на судири и војни, а мирот е само исклучок од правилото, посочува на потеклото на државата, како обид преку насилство или под закана од насилство, да се воспостави и одржи контрола врз населението, заедно со целукупните ресурси на одредена територија.

Потеклото на државата како општествена институција, Опенхајмер го поврзува со двата општи начини за задоволување на човековите потреби (аналогно и решавање на општествени проблеми во денешни услови), и тоа *работата* и *кражбата*, првиот *економски начин*, вториот *политички,*[720] а државата ја определува како организација на развиени политички начини.

На прашањето дали постоела држава од самото постоење на човекот, освојувачката теорија дава одговор дека не постоела, и дури покасно се појавила на општествената историска сцена. Зачеток на држава може да се лоцира во номадски племиња кои не

---

[718] Franz Oppenheimer - The State: Its History and Development Viewed Sociologically (1926, New York: Vanguard Press), 15
[719] Ibid, 16
[720] Ibid, 25

живееле на една територија, а своите потреби ги задоволувале со промена на средината и со ограбување на неномадски племиња, кои се занимавале со земјоделие, лов и риболов. Со текот на времето, воинствените номади се стационирале или *задомиле* на определена територија[721] и воспоставиле траен (политички) начин на задоволување на своите потреби. Во продолжение, престанале *целосно* да ги ограбуваат луѓето кои го користеле економскиот начин, туку им одземале само дел од заработеното, се со цел да обезбедат долгорочно задоволување на своите потреби, без потрага по нови територии и нови производни (економски) заедница. Освојувачите кои го користеле политичкиот начин започнале и да ја *морализираат* и *легитимизираат* својата положба, да имаат поблаг однос со нивните поданици, а со текот на времето, дури и да дозволуваат учество на поданиците во нивниот избор.[722]

Првите политички заедници биле подложни како на внатрешно системска промена (на владетелите и структурите околу нив), така и на надворешна промена (кога биле освојувани од други владетели). Териториите на кои што живеело продуктивното население (кое користело економски начин за задоволување на своите потреби и решавање на своите проблеми) биле под контрола на нечиј владетел (кој заедно со луѓето од неговите најблиски кругови - благородништвото и свитата го користеле политичкиот начин). Опенхајмер дава пример:

> „Во Месопотамија бранот го следи бран, а државата ја следи држава: Вавилонци, Аморитани, Асирци, Арапи, Меди, Персијци, Македонци, Партијани, Монголи, Селџуци, Татари, Турци; на Нил: Хиксоси, Нубијци, Персијци, Грци, Римјани, Арапи, Турци; во Грција Дорските држави се типични примери; во Италија: Римјани, Остроготи, Ломбарди, Гранкци, Германи; во Шпанија: Картагнци, Визиготи, Арапи…”[723]

Како надополнување, и за Македонија - сфатена како територија и населението кое живеело на истата, можат да се одредат политичко-владетелските структури кои ја остварувале својата власт и владееле: во антиката - антички Македонци, Илири, Тракијци, Римјани; во среднот век - Византијци, Бугари, Срби, Отоманци; во новиот век - Отоманци, Грци, Срби, Бугари, Албанци, Југословени; и во 21ви век, Македонци.

---

[721] Ibid
[722] Роберт Нозик - Приказна за еден роб (2020, libertania.org)
[723] Ibid, 16

Властите и изразувањето на власта со текот на времето се менува, од номадски воинствени племиња, антички царства, средновековни монархии, модерна уставна држава, диктатури, уставни монархии, републики, тоталитарни држави, демократии, федерации па и супранационални организации, но сепак, срјта на структура и односите - *ултимативноста*, *апсолутноста*, и *неприкосновеноста*, не се сменила. Логиката на функционирање на модерната држава е слична[724] како и онаа на државата во зародиш[725], започнува со *стационирање* - *задомување* на номадите, со цел одржување на власт и економска експлоатација на оние кои произведуваат, во денешно време во вид на даноци, забрани, ограничувања, цензура, казнување и различни начини на мешање на државата во човековиот живот и општественото функционирање.

***б.) Ротбард за настанокот на државата***

***Мареј Ротбард*** во неговата *Анатомија на државата*[726] (*Anatomy of the State*) ја објаснува природата, односно анатомијата на државата во седум кратки глави, дефинирајќи ја државата, нејзиниот систем за самозачувување, нејзините стравови, нејзиниот однос кон останатите држави и во последната глава ја опишува историјата како борба помеѓу она што тој (или претходно Алфред Цеј Нок[727]) го нарекува општествена и политичка моќ (општество-држава)[728].

Ротбард истакнува дека државата никогаш не била родена со општествен договор, како наведуваат тие теории. Ја наведува класичната парадигма за настанокот на државата, следејќи ја теоретската линија на Опенхајмер:

> „Освојувачко племе со својот метод на преживување - крадење и убивање, запира и сфаќа дека грабежот би бил поголем и ситуацијата попријатна, ако на освоеното племе му дозволи да живее и да произведува со освојувачите како владетели, и им обезбеди сигурен годишен данок."[729]

Во продолжение илустрира еден од начините за појава на државата:

---

[724] Кларенс Дероу, наведува дека природата на државата останува иста, дури и во демократиите, каде што граѓаните/поданиците ги бираат политичарите/владетелите. Види повеќе: Clarence Darrow - Resist Not Evil (2011, Ludwig von Mises Institute), Гл.1 - *The Nature of the State*

[725] Со самото стационирање на освојувачките племиња, кражбата и заканата со употреба на сила се воспоставиле како политички и добиле територијален предзнак.

[726] Мареј Ротбард - *Анатомија на државата* (2021, libertania.org)

[727] Alfred J. Nock - Our Enemy, the State (1935, barefootsworld.org)

[728] Murray N. Rothbard - *Anatomy of the State* (2009, Ludwig von Mises Institute)

[729] Ibid

„Во ридовите на јужна „Руританија," една банда успева да одржи физичка контрола (власт) врз територијата, и конечно главниот на бандата прогласува „Суверено кралство и независна власт на Јужна Руританија"; и нормално тој и неговите луѓе продолжуваат да користат насилство за да го одржат своето владеење, новата држава се приклучува во „фамилијата на нациите," а поранешните водичи на бандата се преобразуваат во благородништво на кралството."[730]

Ротбард во градењето на својата теорија за настанокот на државата, бил инспириран од Опенхајмер, но и од Бертранд де Џувенил. Де Џувенил во својата книга *За моќта* (On Power), државата ја одредува како „резултат на успесите постигнати на банда над малите и различни општества"[731] и со самото тоа ја дели логиката, со освојувачката теорија за настанок на државата.

### *в.) Настанување на државата од меѓународна перспектива*

Државата во меѓународна смисла претставува кумулативно исполнување на услови, и тоа на територија, население и власт[732], а според некои теории и меѓународно признавање од исти (слични) политички субјекти, како и капацитет за влегување во меѓународни односи. Клучно во појавата на држава е постоењето на политичка власт која изразува контрола над конкретна територија и населението кое живее, или е поврзано на некој начин со истата (територијална и персонална надлежност)[733]. Контролата или власта по дефиниција се изразуваат со волја и капацитет за спроведување, изјавени од центарот на политичка моќ, како и волја за признавање од останатите држави, субјекти на меѓународното право.

Одлучувачки момент за настанувањето на државата во меѓународна перспектива е преминот на *военото* во *политичко*. Секоја револуционерна (воена) организација има за цел воспоставување на контрола на конкретна територија со помош на насилни средства, а со воспоставувањето на власта следи и потребата за одржување на истата. Власта се одржува со воспоставување институции и градење на легитимитет, секако втемелен врз воена надмоќ над конкретната територија. Следејќи ја таа логика, секоја модерна држава, како од локална, така и од меѓународна смисла води генеза од милитаристичка

---

[730] Ibid
[731] Bertrand de Jouvenel - *On Power: The Natural History of its Growth* (1949, New York: Viking Press)
[732] Условите за постоење на држава се дефинирани на Конценвијата во Монтевидео 1933 година. Повеќе детали - States in International Law (Britannica Encyclopedia)
[733] Светомир Шкариќ и Гордана Силјановска-Давкова - *Уставно право* (2009, Култура),

(воинствена) организација[734], а аналогно на тоа, ***предвесник на политичкото, (скоро) секогаш е военото***.[735]

### *г.) Приказна за еден роб (The Tale of a Slave)*

***Роберт Нозик*** во својата маестрална *Anarchy, State & Utopia* со помош на мисловен експеримент наречен *Приказна за еден роб*, ја доловува природата, а преку тоа и потеклото на државата.

Пред да се продолжи со експериментот, мора се напомене дека роб е оној човек, кој претставува *сопственост*, на някој друг - господар, односно кој не се поседува сам (анулиран е принципот на само-поседување). Господарот има права врз робот кои потекнуваат од правото на сопственост над него, т.е. може да располага со него и неговиот живот, да го експлоатира, да го ограничува, да го малтретира, па и да го убие; а робот од друга страна има обврска недвосмислено да изразува послушност и покорност кон господарот.

Приказната е во 9 фази.[736] Првата фаза е онаа во која господарот е премногу суров кон својот роб, го камшикува, казнува и сурово се однесува кон него. Во втората фаза господарот е за нијанса помалку суров од првата, физички казнувајќи го робот само доколку не ги почитува правилата. Во следните фази, дотолку повеќе омекнува господарот, намалувајќи го физичкото насилство, што му дозволува на робот да задржи дел од плодовите на својот труд, па дури и да има слободни денови. Последната, односно деветтата фаза е онаа во која робот, заедно со другите робови имаат право на глас во целокупниот процес на избор на господарот (господарите). Нозик го поставува прашањето, дали во некоја од фазите, оваа приказна престанува да биде приказна за еден роб, и доколку е така, во која фаза се случува тоа.

Со помош на мисловниот експеримент, аналитички може да се одреди потеклото на државата преку одредување на нејзината природа, како робовска структура, или како ја

[734] За да биде една милитарна организација признаена за политичка, потребно е истата да ги почитува правилата на Меѓународното воено и хуманитарно право.

[735] Во слична насока, и Роберт Нисбет ја определува државата како ништо повеќе, туку „институционализација на воената моќ." Види повеќе: Leonard P. Liggio - Nisbet: The Twilight of Authority (1976, libertarianism.org)

[736] За целата приказна во 9 фази види повеќе: Бошко Караџов - Минархистичката слобода и (ре) дистрибутивната правда: кон етичките премиси на Нозиковиот анархизам (2017, karadzovbosko.wordpress.com); Роберт Нозик - Приказна за еден роб (2020, libertania.org) и Robert Nozick - Anarchy, State & Utopia (1974, Basic Books, Inc)

нарекува Фредерик Бастиат *организација на легален грабеж*.[737] Со држава се поистоветувале Римската, Византијската империја, Бизмарковата Германија, Советскиот сојуз, Нацистичка Германија, современа САД, Кина и таканатаму, а она што е заеднички содржател за сите нив, е нивниот настанок, и природата на нивната апсолутна непрекосновеност на конкретните територии над кои ја изразуваат својата власт.

Беневолентноста на владетелот или пак парцијалното учеството на робовите во изборот на владетелот не ја менува природата на односот господар-роб, и аналогно *приказна за еден роб*, дури и во деветтата фаза останува со истиот наслов.

[737] Frederic Bastiat - *The Law* (2007, mises.org)

## ГЛАВА 6:
## СЛОБОДАРСКИ ОПИСИ НА ДРЖАВА

Политичките науки, философија и социологија на држава како научни дисциплини, во принцип го поставуваат феноменот на држава[738] како ***општествена аксиома*** и зациментирана општествена реалност. Или како општествена јавна платформа, која е *од сите за сите*, низ која се (и треба да се) адресирани поголемиот број и посериозните општествени проблеми. Истите ја следат *колективистичката логика* за солидарен или колективен израз на потребата од централен авторитет, под закана од *опиштествен хаос*.[739]

Од друга страна, постои тенденција која е скептична за оваа сама по себе втемеленост и нераздвоивост на државата од општеството. Истата го поставува императивот за нејзина сериозна ограниченост и транспарентност, па и целосна доброволна (пазарна) алтернатива. По однос на прашањето на посакуваноста или неопходноста за постоење на држава во едно општество, како легитимен монопол на физичка принуда, слободарската мисла е поделено на две главни струи, и тоа *минархистичка* и *анархистичка*.

Минархистичката ја прифаќа државата како *нужно зло* или како неопходна за заштита на поединците и нивните имоти во општеството, и секако како некаква гаранција на *договорна правда* (исполнување на договореното).

Од друга страна, анархистите веруваат во *морално* и *утилитарно* оправдување на општество без држава, општество кое е целосно засновано на доброволни односи.[740] Академскиот интегритет го црпат од *философијата на природни права*,

---

[738] Со цел подобро и подетално проникнување во природата на државата, Алберто Мингарди, препорачува 10 книги за државата. Види повеќе: Alberto Mingardi - Ten Books on the State (2002, mises.org).

[739] Општествен хаос во смисла на недостаток на ред и поредок.

[740] Класичните либерали и Објективистите се во принцип минархисти и заговорници на минимална држава, држава-ноќен чувар, или ограничена политичка власт. Следбениците на Ејн Ренд ја аспектираат државата како *ставање на принудата под објективна контрола*. Анархистичката струја во слободарските идеи започнува во 19-ти век во Америка, познати како индивидуалисти или пазарни анархисти (под влијание на Мутуализмот на Прудон) како Лисандер Спунер, Бенџамин Такер, Макс Штирнер, Хенри Дејвид Торо итн. Повторно станува актуелна со активизмот на Ротбард и други анархо-капиталисти и волунтаристи, во втората половина на 20-тиот век, а дополнително зајакната и со отворањето на Лудвиг вон Мисес институтот (mises.org), во Алабама. Исто помеѓу анархистите треба да се спомене и Дејвид Фридман (син на нобеловецот Милтон Фридман), кој дава утилитарни оправдувања за општество без држава, од аспект на владеење на право и исполнување на правда. Види повеќе: C.Jay Engel - Anarchism, Minarchism, and the Libertarian Label (2017, *LewRcokwell.com*); David Friedman - *The Machinery of Freedom - Guide to a Radical Capitalism* (1973, daviddfriedman.com)

*консеквенцијализамот или утилитаризмот*, *праксеологијата*, дополнително пропратени со други науки кои и даваат високо значење на личната слобода, и скептичност кон политички авторитети.

Школите од доминантните струи, преку нивните најистакнати претставници, даваат свој осврт во дефинирањето на државата. Во таа насока, неколку дефиниции и други слични описни одредби на државата, како таква.

***а.) Фредерик Бастиат***

Уште во 19-ти век, во неговиот есеј *The State*, Бастиат ја одредува државата или оригинално на француски *L'État,* како: „големата општествена измислица преку која секој сака да живее на сметка на останатите."[741] Понатаму, ја објаснува како „механизам со кој мала привилегирана група на луѓе живее на сметка на сите останати,"[742] а во неговата *The Law*, како „организација на легален грабеж."[743]

Фредерик Бастиат, пред се ја аспектирал државата од економско-финансиска точка, потенцирајќи на (не)ефикасноста на истата, како општествена организација, со драстично различна природа од останатитите организации и субјекти. Таа нејзина проблематичност низ призмата на економијата поаѓа од тоа што истата е монопол, не подлежи на законитостите на слободниот пазар, и по автоматизам помалку ефикасен перформанс.

---

[741] Frédéric Bastiat - The State (1848, libertyfund.org) Бастиат и покрај своите тогаш актуелни преписки со Прудон, првиот самопрогласен анархист (федералист и социјалист), се согласуваат околу природата на државата.

[742] David Hart - Frédéric Bastiat on Legal Plunder (2012, Foundation for Economic Education)

[743] Од тука потекнува и познатата слободарска (либертаријанска) девиза ***Оданочувањето е кражба*** (Taxation is Theft), но и дилемата, дали со потенцијално *доброволно плаќање на данок* би одумрела или престанала да постои државата? Види повеќе: Frederic Bastiat - The Law (2007, mises.org)

***б.) Пјер Жозеф Прудон*[744]**

Во својата *The State, Its Nature, Object, and Destiny*[745], Прудон ја одредува државата како „надворешен склоп на општествена моќ (*external constitution of the social power*).” Понатаму, во ироничен и анти-системски дискурс ја опишува, и тоа преку нејзините институции: „државата е армијата..., полицијата..., целиот правосуден систем...., касата и буџетот..., царината..., паразит кој треба да биде убиен и механизам, уништен.”[746] Карактеризирањето на истата како *паразит*, слично на Бастиат, подоцна се провлекува во анализата на државата на Опенхајмер, како и во слободарските (либертаријанските) квалификации, во 20-тиот век.

За разлика од Бастиат, кој потенцира на утилитарна или економска перспектива врз државата, доминантно фокусирана врз феноменот на ефикасност, во делото на Прудон, доминира философската, или моралната критика на истата, како и внимание врз нејзината неправедност.

***в.) Франц Опенхајмер***

Кон крајот на 19ти и почетокот на 20ти век врз основа на своите историски и социолошки истражувања и конкретните наоди за задоволување на човековите потреби на економски и политички начин, ја заклучува суштината на државата која се провлекува од

[744] Прудон, во својата *Општа Идеа за Револуцијата во 19-тиот век* (General Idea of the Revolution in the Nineteenth Century), во слободен стил ја одредува природата на државата, преку нејзината улога во животот на обичниот граѓанин: „Да имаш Влада значи да бидеш: набљудуван, контролиран, шпијуниран, усмеруван, прогонуван по закон, броен, регулиран, впишан, индоктриниран, прикован, надгледуван, проверуван, проценуван, вреднуван, цензуриран и заповедан од страна на суштества кои немаат ни право, ни памет, ни доблест тоа да го прават. Да имаш Влада значи во секоја работа, во секоја купо-продажна трансакција да бидеш: воочен, регистриран, преброен, оданочен, обележан, одмерен, нумериран, проценет, одобрен, овластен, опоменат, спречен, забранет, реформиран, поправен и казнет. Да имаш Влада под изговор на јавната корист и во име на општиот интерес значи да поднесуваш наметнувања, обуки, стеги, искористувања, изнудувања, монополи, притискања, измами и грабежи. И при првиот крик на револт да бидеш: казнуван, глобуван, клеветен, калапен, прогонуван, злоставуван, тепан, разоружан, врзан, давен, затворен, суден, осуден, стрелан, депортиран, жртвуван, продаден и издаден. И како круна на се да бидеш изложен на ругање, потсмев, исмевање, навредување и обесчестување. Тоа значи власт, тоа значи Влада. Тоа е нејзината правда. Тоа е нејзиниот морал...”
Види повеќе: Pierre - Joseph Proudhon - *General Idea of the Revolution in the Nineteenth Century* (1851, theanarchistlibrary.org), превод Бошко Караџов

[745] Текстот е писмо на Прудон до Луис Бланк (Louis Blanc) и Пјер Леру (Pierre Leroux), своевремени промотири на вид на државен социјализам. И двајцата се со верба дека Државата-Господар може магично да се трансформира во Држава-Слуга, во полза на сите луѓе. Преведена е на англиски од Бенџамин Такер, доајен на американскиот пазарен анархизам, во 1849 година,

[746] Pierre - Joseph Proudhon - *The State, Its Nature, Object, and Destiny* (1849, panarchy.org)

нејзината историска појава, па се до денес, и ја определува истата како: „организација и регуларизација на политичките начини."[747]

*г.) Бертранд де Џувенил*

Во својата книга *On Power*, објавена во 1945 година, де Џуценил ја одредува државата како „резултат на успесите постигнати на една банда над малите и разнолични општества."[748] Аналогно на тоа, Бертранд де Џувенил, заедно со Франц Опенхајмер и Алфред Џеј Нок, се едни од родоначалниците на освојувачката теорија за потеклото на државата.

*д.) Ентони де Јесеј*

Во својата *The State*, напишана во 1985 година, а инспирирана од *Полската пролет*, де Јесеј дава широка, но истовремено и концизна одредба на државата, со нејзините најбитни карактеристики, и тоа како:

> „*Инструмент* создаден со цел да му служи на неговиот корисник. Генерално е аспектиран како *бениген* и од помош во исполнувањето на целите на другите. Формата на овој инструмент, работите кои ги изведува, и идентитетот на неговите *бенефициенти*[749] може да варираат, но инструменталниот карактер е прифатен од различните струења во модерната политичка мисла. За Хобс, го чува мирот, за Лок, го штити природното право на слобода и имот, за Русо, ја реализира *општата волја*, за Бентам и Мил е двигател за подобрување на општествените услови. За денешните либерали го надминува недостатокот на капацитет, приватните интереси, спонтано да соработуваат. Ги принудува да произведуваат колективно посакуваните единици на јавни добра како ред [поредок],[750] одбрана, чист воздух, асфалтирани улици и универзално образование. Во поширока смисла на јавни добра, *принудата* исто му овозможува да посегне и по *прераспределувачка правда* или *отворена еднаквост*.[751]

---

[747] Опенхајмер издвојува 2 општи начина за задоволување на личните потреби и желби. Тие се работа и кражба. Работата опфаќа труд, слободно поседување и уживање на плодовите од истиот, и доброволно (взаемно согласно) разменување на истите. Кражбата опфаќа одземање на туѓ плод од труд или размена со употреба на принуда. Овие начини, Опенхајмер ги именувал како *економски* и *политички* начин, а врз нив понатаму ја гради дистинкцијата економија-политика, и општество-држава. Види повеќе: Franz Oppenheimer - The State: Its History and Development Viewed Sociologically (1926, New York: Vanguard Press), стр. 27

[748] Bertrand de Jouvenel - On Power: The Natural History of its Growth (1949, New York: Viking Press)

[749] Оние кои ги имаат бенефитите или корист од инструментот.

[750] Види ја разликата во Никола Љ. Илиевски - Стап или? Пристапи кон ред и поредок (2020, *libertania.org)*

[751] Ludwig von Mises - *Liberty and Property* (1958, mises.org)

Де Јесеј е свесен за инструменталната природа на државата, која може да им донесе бенефити на корисниците, од каде и потекнува ***реалната перспектива на државата***, и тоа не како општествена организација кој се претпоставува дека ќе функционира на строго определен начин, туку со доминантен осврт на тоа како во суштина функционира - секако, различно од нормативниот, односно предивидениот начин, и покрај обидите за ограничување, канализирање, регулација и сл.

### ***ѓ.) Лудвиг вон Мисес***

Еден од најголемите општествени научници и економисти, родоначалник на класичниот либерализам во 20-тиот век, претставува Лудвиг вон Мисес.

Мисес, во својата *Omnipotent Governent* едноставно ја одредува како *апарат на принуда*.[752] Истакнува дека најкарактеристична особина на активностите на државата е *принудување на населението*, преку употреба и закана за употреба на сила, да се однесуваат поинаку, отколку што би сакале да се однесуваат.[753]

Во неговата *Human Action*,[754] Мисес разликува два типа на врска (на *акцијата* или делувањето) или односи, и тоа *договорни* и *хегемонски*. Државата како општествен субјект со природа втемелена врз ексклузивно право на употреба или закана со употреба на насилство, или просто *насилна природа* е претставена од вторите, или опишана како *хегемонска организација*.[755]

Во *Property and Liberty* Мисес ја позициниора власта (државата) како негација на слободата[756], и колку повеќе (власта) се проширува (со нови надлежности и одговорности), по автоматизам се проширува и употребата на принуда во општествените односи, и тоа, на сметка на слободата. Поединечната слобода и политичката власт имаат константен сооднос или *игра со сума нула* (*zero sum game*[757]), што практично значи: повеќе слобода - помалку власт, и обратно.

---

[752] Ludwig von Mises - Omnipotent Government: The Rise of Total State and Total War (2010, mises.org & Liberty Fund), стр. 46

[753] IBID

[754] Или акцијата на човекот, или човеко дејство, делувањето на поединецот, итн. Во недостаток на официјален превод на оваа книга, го избрав терминот *човечка акција*, затоа што е буквален превод, иако акција доследно би било да се преведи како делување, дејство и сл.

[755] Ludwig von Mises - Human Action: A Treatise of Economics (1998, mises.org), стр.196-198

[756] Ludwig von Mises - Liberty and Property (1958, mises.org)

[757] Zero-sum game (dictionary.com)

***е.) Мареј Ротбард***

Во својата *Анатомија на државата*, Ротбард ја дефинира државата како:

> „Организација во општеството која се стреми да го задржи монополот на користење на сила и насилство на дадена територија; посебно, таа е единствената организација во општеството која ги одржува своите приходи не со доброволна помош или плаќање на услуги, туку со принуда."[758]

Во продолжение, Ротбард истакнува 2 клучни моменти во дефинирањето на државата, а тоа се монополот на физичка принуда, и територијата врз кој монополот е ексклузивен (суверен). Двата моменти се од значење, затоа што е единствената организација која поседува монопол на насилството во општеството, а територијата, е гаранција за нејзиниот легитимитет и функционирање во општеството.

***ж.) Ханс Херман Хопе***

Во својата *Democracy: The God That Failed* ја дефинира државата како:

> „Територијален монопол на принуда - агенција која може [смее] да се впушти во континуирани, институционализирани повреди на права на сопственост и еклпоатација - во форма на на експропријација, одданочување и регулација - на носителите на сопственички права."[759]

Хопе ја аспектира власта како како повредувач на правото на приватна сопственост, преку нејзините активности на одданочување, експропријација и други активности на мешање во економските и општествени текови. Состојбата на отсуство на држава ја нарекува *природна состојба*, и претставува поборник за истата.

***з.) Џејмс Бјукенен***

Во своите дела[760] ја оредува државата како општествена институција, одговорна за надминување на падовите на општествената соработка, со минимален трошок.[761] Дополнително, државата е *алатка* за намалување на трансакциските трошоци на чисто

---

[758] Matt Palmer - Rothbard and the Nature of the State (2010, mises.org)

[759] Hans-Herman Hoppe - *Democracy: The God That Failed. The Economics and Politics of Monarchy, Democracy and Natural Order* (2001, Transaction Publishers), стр. 45

[760] James M. Buchanan - *The Calculus of Consent: Logical Foundations of Constitutional Democracy* (1961, libertyfund.org)

[761] James M. Buchanan - *The Limits of Liberty: Between Anarchy and Leviathan* (2018, econlib.org)

доброволните соработки во општеството.[762] Иако тргнува од позиција на философски анархизам во свои истражувања и дела, Бјукенен смета дека државата-ноќен чувар е присутна и неопходна за концептот на слободно општество.

Она што е битно за Бјукенен е тоа што тој е еден од творците на *теоријата за јавен избор*, која е од големо значење во понудата на *реална перспектива на државата*. Оваа теорија е битна затоа што потенцира на потребата за надминување на доминантната нормативна перспектива, и поглед кон тоа како државите функционираат во политичката пракса (тргнувајќи од фактот дека истите се водени од поединци, кои како и субјектите на пазарот, во доменот на економијата, имаат свои интереси и цели, кои често не се совпаѓаат со она што е одредено како *јавно добро*).

[762] Bertrand Lemennicier - Fallacies in the Theories of the Emergence of State (2006, *Journal of Libertarian Studies*, Vol.20, No.3)

## ГЛАВА 7:
## АНАЛИЗА НА ДРЖАВА

### 85. Општи аналитички поставки

Покрај описните одредувања и дефинирања на државата, поради нејзината комплексност и уникатност, како и различните манифестации во општествената реалност, се појавува академска, потреба, за подетална и различно поставена анализа. Дополнително, реалната перспектива на државата, за разлика од нормативната,[763] става акцент на тоа што навистина претставува држава, нејзино позиционирање во рамките на општеството, ставот кој го зазема кон субјектите, карактер на нејзините активности, нејзината големина, како и функциите кои ги врши, секако во рамките на општеството.

Слично, обидот за понуда на перспектива и анализа на некоја општествена организација (која не е дел од државата, како во поширока, така и во потесна смисла), подразбира постоење на параметри кои треба да се испитаат, како што нејзиниот *став* (цел, мисија, улога, начин на делување), нејзина *големина* (човечки и финансиски фактори), нејзина структура или организациона поставеност и сл.

Врз основа на претходно напишаното, и одреденоста на државата како посебна и врховна општествена организација, во чија срж е легитимитетот на ексклузивноста или монополот на употреба на сила и закана со употреба, можат да се извлечат 2 општи и основни параметри, кои би биле темел за понатамошна анализа, а тоа се:

- *големината* која ја има, во рамките на општеството, или *пасивна страна* на државата.
- *ставот* кој го има кон субјектите, претставени од физичките и правни лица, како и кон односите во кои влегуваат, или *активна страна* на државата,

Дополнително, овие параметри, се разложуваат на повеќе квантитативно и квалитативно мерливи *посебни показатели*, кои ја даваат сликата во секој од нив, додека пак двете

[763] Нормативна перспектива на држава е онаа перспектива која покажува како е замислено да функционира државата, поделбата на власта во нејзините рамки, правната хиерархија, начинот на избор на политичарите и функционерите, како и целисходноста на нејзината интервенција во општествените текови. Слаба страна на оваа перспектива е тоа што истата не нуди критика, и често служи како легитимација на политичката моќ, а со тоа и оправдување на оние кои ја поседуваат. Нормативаната перспектива на државата е доминантна во политичката философија, политичките науки и уставното право, во нашето поднебје, а за разлика од истата, реална перспектива и скептичност кон аксиоматското поставување на држава, скоро и да нема. Градењето на реална перспектива за државата доминантно е политиколошки и социолошки зафат, поткрепен со сознанија од философска (етичка) и економска (праксеолошка) природа.

општи заедно ја даваат генералната *реална перспектива на државата*. Но пред да се пристапи кон анализирање на параметрите, потребно е одредување на државата во повеќе смисли.

### 86. Држава во три организациони смисли

Кога станува збор за државата, како претходно опишана и одредена, се поставува прашањето до каде се нејзините граници, во некоја организациона смисла. Тоа би значело кои институции, тела, органи и сл. влегуваат во нејзините рамки. Наједноставно и конкретно гледано (за РСМ), можат да се издвојат три рамки во кои што може да се аспектира, а тоа се:

- државата како *јавна власт*, односно во најширока смисла,
- како *државна власт*, во потесна смисла и
- како *извршна власт*, во најтесна смисла на нејзиното поимање.

#### *а.) Држава како јавна власт*

Државата како јавна власт на една територија го претставува *најширокото толкување* на поимот на држава во организациона рамка. Државата, во најширока смисла, ги опфаќа *извршната*, *законодавната* и *судската власт*[764], кои заедно се определуваат како државна власт на определена територија, така и власта која се изразува од единиците на локалната самоуправа, кои номинално се автономни во однос на државната власт, како и други автономни органи кои се наоѓаат во јавната сфера, но вршат *јавни овластувања,* или едноставно се *буџетски корисници*. Секако оваа категоризација се однесува првично на унитарните држави (државите со едностепен облик на уредување). Но истата може да се примени и на државите со сложено политичко уредување[765] (различните форми на федерации, како и Европската унија како *sui generis* форма на политичка интеграција[766], помеѓу федерација и конфедерација).

---

[764] За поделбата на политичката власт види повеќе: Charles Louis de Secondat, Baron de Montesquieu - *Complete works, vol.1 The Spirit of Laws* (1748, Liberty Fund)
[765] Светомир Шкариќ и Гордана Силјановска-Давкова - *Уставно право, второ, дополнето и изменето издание* (2009, Култура), стр. 561-570
[766] Види повеќе: Nikola Lj. Ilievski - The Concept of Political Integration: The Perspectives of Neofunctionalist Theory (2015, *Journal of Liberty & International Affairs, Vol.1, No.1*)

Извршната власт е власта во чија надлежност е ставено управувањето со државата, иницијативата за донесување на закони и нормирање и исполнување и спроведување на нормираното. Законодавната власт е онаа власт која е одговорна за донесување на законите, работи околу контролата на извршната власт и други надлежности. Судската власт е онаа власт која одлучува во конкретни случаи во однос на почитувањето на нормираното.

***б.) <u>Држава како државна власт</u>***

Држава како државна власт претставува потесно поимање на државата, од она како јавна власт. Ова поимање во организациона сисла ги опфаќа органите на државната власт, односно сите органи кои влегуваат под *јавна власт*, со исклучок на локална самоуправа (општини), јавни служби, фондови, трговски друштва со јавни овластувања и невладини организации со јавни овластувања. Аналогно на тоа, тука влегуваат органите на државна власт: влада, собрание, судови и државна администрација.

***в.) <u>Држава како извршна власт</u>***

Држава како извршна власт претставува најтесното поимање на државата, односно Влада на РСМ, Претседател на РСМ и државна администрација, што значи дека тука не влегуваат законодавната и судската власт. Карактеристично за организацијата на држава во ова поимање е хиерархиската поставеност на органите, и концентрацијата на моќ, фактички во еден центар, формално во два (и Претседателот на РСМ, иако неговата моќ повеќе наликува на симболичка моќ). Карактеристично е дека извршната власт, односно државата во ова поимање е центар на моќта и во нејзиното поимање како јавна (и државна) власт.

**87. Пасивна перспектива (големина) на држава во општество**

Истата ја покажува нејзината големина во рамките на општеството (над кое го изразува суверенитетот) и претставува еден од двата параметри во процесот на анализа на државата. Истиот не го покажува функционирањето на државата, туку покажува колкава е нејзината големина во општеството, и пред се може да се анализира во квантитавна смисла, со споредување со националното општеството, (како збир на поединци и нивни

акции (делувања, во форма на организирање)), како и со меѓународната заедница; но и во квалитативна и графичка смисла. Нејзината големина може да се прикаже преку низа на показатели, кои со цел категоризирање и поголема систематичност, можат да се организираат во неколку групи. Пасивната перспектива на државата дава одговор на прашањето:

***Колкава е државата*** *[во споредба со националното општество (над кое ја практикува власта) и со меѓународната заедница (во некои показатели)]?*

***а.) Територијална перспектива***

Територијалната перспектива на големината на државата се однесува на територијата над која ексклузивно го изразува суверенитетот, која се поврзува со обликот на уредување на државата (унитарна или сложена држава). Унитарните држави имаат тенденција да бидат централизирани, додека пак сложените држави (федерациите) ја имаат децентрализирано државната (и јавната) власт во најмала рака на две нивоа. Секако, поголемите земји подразбираат и големи држави, споредено со останатите земји, но соодносот може да биде различен во однос на општеството над кои ја изразуваат политичката власт.

*Конкретени* показатели:

- Големина на територија (*а1*),
- Облик на уредување (*а2*).

***б.) Човечка перспектива***

Човечката перспектива за големината на државата се однесува на нејзината големина во човечка смисла, т.е. проекција на државата преку луѓето кои ја претставуваат истата, се дел од неа, и тоа на неколку нивоа. Човечката перспектива ја претставува големината на државата, односно бројот на луѓе кои ја сочинуваат, или работаат за неа. Смислата на човековата перспектива за големина на државата се состои во споредбата на државата, како број на луѓе со општеството, и бројот на луѓе над кои е изразена власта.

*Конкретни показатели можат да бидат*:

- Број на население (*б1*),

- Број на буџетари (вработени во рамките на државата како јавна власт кои примаат плата од буџетот) (*б2*),

- Број на вработени во држава како државна власт (кои примаат плата од буџетот) (*б3*),

- Број на вработени во држава како извршна власт (кои примаат плата од буџетот) (*б3*),

- Број на носители на раководни функции во државата како јавна власт (*б4*),

- Број на носители на раководни функции во државата како државна власт (*б5*),

- Број на носители на раководни функции во државата како извршна власт (*б6*),

- Број на полиција (*б7*),

- Број на војска (*б8*).

Во однос на големината на јавниот сектор, конкретно во РСМ, може да се консултираат и *Обем и структура на вработени во јавен сектор во Република Македонија по област*[767], извештај од 2015 година, од Министерство за информатичко општество и администрација; анализата *Колкав и каков јавен сектор имаме во Република Македонија?*[768] издадена од *Центар за управување со промени (ЦУП*) во 2017 година; како и *Форум за јавна администрација*,[769] издадена од *Фондација „Фридрих Еберт” - Канцеларија Скопје,* 2015 година.

***в.) Фискална перспектива***

Фискалната перспектива за големината на државата се осврнува на приходите, трошењата и задолжувањата на државата. Од друга страна, оваа перспектива треба да го покаже учеството на државата во севкупната економија во земјата, или претставена преку показателот Бруто-домашен производ (БДП). Оваа перспектива на големината може да се претстави низ неколку конкретни показатели, како и односот помеѓу нив.

- Брутодомашен производ (во единица време - година) (*в1*),

[767] Обем и структура на вработени во јавен сектор во Република Македонија по област (2015, Министерство за информатичко општество и администрација на РМ)
[768] Колкав и каков јавен сектор имаме во Република Македонија? (2017, Центар за управување со промени (ЦУП)
[769] Форум за јавна администрација (2015, Фондација „Фридрих Еберт” - Канцеларија Скопје)

- Државен буџет (во единица време - година) или буџет на државата сфатена како *државна власт* (*в2*),

- Видови ставки во државниот буџет (*в2/1*)

- Државен долг (*в3*),

- Субјекти кон кои е задолжена државата сфатена како *државна власт* (*в3/1*)

- Јавен буџет или буџет на државата сфатена како *јавна власт* (*в4*),

- Јавен долг (*в5*),

- Субјекти кон кои е задолжена државата сфатена како *јавна власт* (*в4/1*).

Постојат неколку методологии за мерење на државата, односно владата, низ економско-финансиска призма, но има потреба од дополнителни показатели за нејзино сеопфатно мерење, за чија цел во овој текст се изготвени останатите секции. Повеќе околу методологијата на мерење на современата држава, односно влада, низ фискална призма дава Ливио ди Матео, во неговата *Measuring Government in the Twenty-first Century: An International Overview of the Size and Efficiency of Public Spending*[770], издадена од *Fraser Institute*[771] во 2013 година.

Исто така, методологија за мерење на држава може да се пронајде во годишниот извештај *Veličina vlade širom FBiH*[772], издаден од *Centar za Poslovna Afirmacija* во 2016 година.

### *г.) Организациона перспектива*

Организационата перспектива на државата ја претставува истата како сет од институции, органи и тела со некаква меѓусебна поставеност, споредбена со останатите општествени чинители од не-државно потекло, како трговски друштва, приватни образовно-научни институции, здравствени установи, фондови, невладини организации-здруженија на граѓани и сл. Конкретни показатели за организационо мерење на државата се:

---

[770] Livio di Mateo - *Measuring Government in the Twenty-first Century: An International Overview of the Size and Efficiency of Public Spending* (2013, Fraser Institute)
[771] Fraser Institute (fraserinstitute.org)
[772] Edo Omerčević, Alma Bašić & Dženita Trako - *Veličina vlade širom FBiH: Godišnji izvještaj* (2016, Centar za Poslovna Afirmacija)

- Број на не-државни организации (трговски друштва, приватни образовно-научни институции, здравствени установи, фондови и невладини организации-здруженија на граѓани) *(г1)*,

  - Видови на не-државни организации (трговски друштва, приватни образовно-научни институции, здравствени установи, фондови и невладини организации-здруженија на граѓани) *(г1/1)*,

- Број на трговски друштва *(г2)*,
  - Видови на трговски друштва *(г2/1)*,
- Број на приватни образовно-научни институции *(г3)*,
  - Видови на приватни образовно-научни институции *(г3/1)*,
- Број на приватни здравствени установи *(г4)*,
  - Видови на приватни здравствени установи *(г4/1)*,
- Број на приватни фондови *(г5)*,
  - Видови на приватни фондови *(г5/1)*,
- Број на невладини организации-здруженија на граѓани *(г6)*,
  - Видови на невладини организации-здруженија на граѓани *(г6/1)*,
- Број на институции (тела, органи и сл.) во државата како *јавна власт (г7)*,
  - Видови на институции (тела, органи и сл.) *(г7/1)*,
- Број на институции (тела, органи и сл.) во државата како *државни власт (г8)*,
  - Видови на институции (тела, органи и сл.) *(г8/1)*.

***д.) Нормативна перспектива***

Нормативната перспектива на државата ја претставува истата како носител на целокупната правна нормативa и покажува кои акти ги донесува истата, секако споредени со актите помеѓу не-државните субјекти, односно договорите. Во оваа нормативна перспектива би влегле уставот на државата, законите, подзаконските акти, пресудите во конкретни случаи, како и сите оние акти каде барем еден од субјектите е државата, сфатена како јавна власт на определена територија. Како конкретни показатели за потребите на оваа перспектива можат да се јават:

- Број на договори помеѓу не-државни субјекти (физички и правни лица) *(д1)*

- Видови на договори помеѓу не-државни субјекти (физички и правни лица) *(д1/1)*

- Број на јавни акти (*д2*),

- Видови на јавни акти *(д2/1)*.

***ѓ.) Услужна перспектива***

Големината на државата низ услужната перспектива ја претставува истата како носител на процесот на обезбедување на некакви услуги кон поединците на конкретната територија. Улсугите кои истата ги дава можат да се поделат во две групи, и тоа услуги кои таа ексклузивно ги дава на својата територија, како што се спроведување на правосудна правда во општество и сл., и втора група, односно услуги кои таа ги дава, но не е екслузивна во нивната понуда, туку и како понудувачи можат да се јават и други недржавни субјекти, како на пример заштита, образование, здравство и сл. Услугите кои ги обезбедува можат да се поистоветат со надлежностите на државата во општеството, а аналогно на поделбата, можат да бидат ексклузивни и инклузивни.

- Видови на услуги кои државата како јавна власт ексклузивно ги обезбедува или ексклузивни надлежности кои ги има во општеството (*ѓ1*)

- Видови на услуги кои државата како јавна власт инклузивно ги обезбедува или инклузивни надлежности кои ги има во општеството (*ѓ2*)

- Видови на услуги кои државата како јавна власт инклузивно не ги обезбедува (*ѓ3*)

**88. Активна перспектива (став) на држава кон општество**

Активната перспектива врз државата го покажува нејзиниот став кон поединците и општеството, сфатено како севкупност од поединечни акции или општествени односи, и претставува еден од двата параметри во процесот на анализа на државата. Овој фактор, не ја покажува пасивната страна на државата, односно големината, туку нејзиното функционирање, во рамки на националното општество, а и надвор од него. Пред се може да се анализира во квалитативна и квантитавна смисла, со споредување со останатите држави, и нивниот став кон конкретните прашања. Ставот на државата треба да одговори на прашањето како истата делува во општеството, кои активности ги презема, како реагира на активностите на нејзините субјекти, или едноставно печатот кој го остава врз

општеството. Истиот може да се прикаже преку низа на показатели, кои како и кај пасивната перспектива и со цел поголема систематичност и организираност, можат да се поврзат во неколку групи.

***а.) Принудна перспектива***

Ставот на државата, аспектиран низ принудна перспектива го покажува нивото на насилство која таа го користи на својата (и надвор од својата) територија. Насилниот апарат на државата е манифестиран преку две институции, на војска и полиција, од каде произлегува и насилството кое државата го изразува. Ставот на државата, како и целокупната активна страна на државата може да се прикаже со квалитативни и квантитативни показаели, кои ќе ги земат во предвид воените конфликти на нејзината територија, како и надвор од нејзината територија во кои е вклучена, како и полициските насилни пречекорувања на овластувањата дадена со нормативната рамка.

- Вклученост во воени конфликти, надвор од нејзината територија *(е1)*
- Воени конфликти на нејзината територија *(е2)*
- Полициски пречекорувања на овластувањата *(е3)*.

***б.) Перспектива на отвореност и транспарентност***

Ставот на државата, аспектиран низ перспектива на отвореност и транспарентност го претставува нивото на транспарентност на државата за процесите кои се одвиваат во неа, нејзиното функционирање, трошењето на јавните пари, како отвореност во однос на режимот на граници кон соседни и други држави.

- Отвореност во однос на режим на граници *(ж1)*
- Транспарентност во однос на јавни трошења *(ж2)*
- Транспарентност во однос на податоци за нејзино функционирање *(ж3)*.

***в.) Прохибициона перспектива***

Прохибиоционата или забранувачката перспектива од ставот на државата, ги посочува различните забрани, изричито поставени, кои државата ги поставува преку нормирање (предвидување) и ги гарантира со казнувања, на сметка на принципот на само-поседување и поединечен (индивидуален) суверенитет. Тоа го опфаќа ставот на

државата кон криминалот без жртви, режимите на забрани и ограничувања на droги и други слични супстанции, како и останатите забрани кои ги изразува во рамки на општеството.

- Утврдување на видови на *криминал без жртви (в1)*
- Утврдување на режим на дроги и психотропни супстанции *(в2)*
- Утврдување на останати забрани *(в3)*.

***г.) Кривична перспектива***

Кривичната перспектива за активната страна на државата го опфаќа самото предвидување на определени дела (човечки акции) како кривични (забранети), го определува нивниот број со увид во Кривичниот законик, како и бројот на затвореници, постоење на смртна казна и определување на кривични дела за кои се пропишани најстроги санкции.

- Број на инкриминирани (кривични) дела *(ѕ1)*
- Број на затвореници *(ѕ2)*
- Утврдување на постоење на смртна казна *(ѕ3)*
- Утврдување на кривични дела со најстроги санкции *(ѕ4)*.

***д.) Економска перспектива***

Економската перспектива на државата ја претставува нејзината улога и ставот кој го зазема кон економските текови во едно општество, посебно разгледано преку повеќе показатели. Тоа опфаќа увид во даночниот систем на државата, видови и големина на даноци и други давачки, слобода на движење на капитал, монетарна слобода, слобода на тргување, инвестирање и финансиска слобода. Овие показатели кои се квантитативно одредливи, можат да се преземат од Индексот за економска слобода (2020), подготвен и издаден од Херитиџ фондацијата (*2020 Index of Economic Freedom*, Heritage Foundation), конкретно од деловите на *регулаторна ефикасност* (*regulatory efficiency*) и *отворени пазари* (*open markets*).

- Утврдување на видови на даноци и давачки *(и1)*
- Ниво на слобода на капитал *(и2)*
- Ниво на монетарна слобода *(и3)*

- Ниво на слобода на тргување *(и4)*

- Ниво на слобода на инвестирање *(и5)*

- Ниво на финансиска слобода *(и6)*.

Во однос на економските, или поконкретно, фискалните перформанси од и на државата, можат да се консултираат *International Tax Competitiveness Index*[773] и *Sources of Government Revenue in the OECD*[774] и двата издадени од *Tax Foundation* за 2020 година.

***ѓ.) Перспектива на владеење на право***

Владеењето на право го покажува степенот до кој државата го почитува нормираното и договореното, како и од друга страна капацитетот за злоупотреба на политичката моќ. Оваа перспектива, односно нејзина квантифицирана верзија може да се преземе од *Индексот за економска слобода*, од 2020 година, издаден од *Херитиџ фондацијата*,[775] конкретно од делот *владеење на право* (*rule of law*). Индексот посочува два конкретни квантитативни показател на владеење на правото, и тоа:

- Ниво на почитување на права на приватна сопственост,

- Ниво на корупција.

Исто така постојат индекси посветени конкретно на мерењето на категоријата на владеење на право, но од поширок аспекти, за разлика од Херитиџ, која нуди поедноставна методологија за мерење. Таков пример е *Индексот на владеење на право*[776] (*Rule of Law Index*), издаден од е *World Justice Project* во 2010 година, кој ја мери категоријата на *владеење на право*.

***е.) Перспектива на демократија***

Демократската перспектива на државата, го покажува нивото на правни механизми кои овозможуваат учество на граѓаните, како и самото учество на граѓаните во процесите на донесување на политички одлуки. Учеството може да заземе повеќе форми, и тоа како различни избори за политички претставници, референдуми за конкретни прашања, различни граѓански иницијативи со политички предзнак и сл. Оваа перспектива го

[773] International Tax Competitiveness Index (2020, Tax Foundation)
[774] Sources of Government Revenue in the OECD (2020, Tax Foundation)
[775] Index of Economic Freedom (2020, Heritage Foundation)
[776] Rule of Law Index (2010, World Justice Project)

покажува капацитетот и војлата на политичкиот центар за споделување на политичката власт со поединечните носители - граѓаните, но и волјата и капацитетот на граѓаните за учество во политичката власт. Истата може да се прикажи преку неколку показатели, како што се:

- Облици за учество во практикување на политичка власт *(к1)*

- Искористени поединечни облици за учество во политичката власт, во единица време *(к2)*.

Во смисла на оваа методологија, демократската перспектива е ограничена на институционалните можности како и нивното искористување од страна на граѓаните, и не се поистоветува со пошироко мерење на нивото на демократија во определена земја, кое би опфаќало и почитување на човекови права и слободи, владеење на право и други показатели (кои во овој текст се сместени во други групи). За пошироко толкување на демократијата во определена земја може да се провери *Индекс на демократија*[777] *(Democracy Index)* на *The Economist Intelligence Unit*, за 2019 година, како и *Светски наоди за демократија*[778] *(Global Findings of Democracy)* на *The Bertelsmann Stiftung*.

***ж.) Перспектива на локална власт***

Локалната перспектива врз активната страна на државата го покажува нивото на (де)централизираност, како на државната власт, така и на нивото на локална (фактичка и номинална) автономија од централната политичка власт. Составен е од неколку показатели, со кое се утврдува нивото на степенитост на локалната самоуправа, ниво на централизираност на државната власт, како и нивото на суштинска или фискална децентрализација на локалните самоуправи.

- Утврдување на степенитост на локална самоуправа *(л1)*,

- Степен на централизираност *(л2)*,

- Степен на фактичка (фискална) децентрализација *(л3)*.

---

[777] Democracy Index (2019, The Economist Intelligence Unit)
[778] Global Findings of Democracy (2020, The Bertelsmann Stiftung)

*з.) Меѓународна перспектива*

Меѓународната перспектива на активната страна на држава го покажува нивото на интеракција на државата со останатите држави, и делот во кој таа го има пренесено, или го пренесува суверенитетот на меѓународни организации. Оваа перспектива е составена од неколку показатели кои ја означуваат државната вклученост, односно изолираност од меѓународните текови:

- Број на учества во меѓународни организации *(љ1)*,
- Утврдување на потенцијална неутралност и учество во воени сојузи *(љ2)*,
- Утврдување на тип на учество во меѓународни организации и делегирање на суверенитет (економски, воено-политички и сл. интеграции) *(љ2)*,
- Број на учества во меѓународни договори *(љ3)*,
- Утврдување на области на делегиран суверенитет *(љ4)*.

**89. Можности за мерење на држава**

Со оглед на нејзината сложеност и уникатна природа на општествена организација, и самиот процес на нејзино потенцијално мерење, како на нејзината големина, така и на нејзиниот перформанс во општеството, претставува сложен процес, кој претпоставува сеопфатна методологија. Со оглед на фактот дека државите, кои денес се позиционирани на меѓународната сцена, се разликуваат во многу свои атрибути и перформанси, и покрај уникатната срж, која што ги прави држави, потребна е потенцијална адаптација на серија од конкретните показатели. Од друга страна, самата методологија на мерење на големина и перформанс, или став на држава, поаѓајќи од сложената и уникатната природа, не е ултимативно зададена, и секако дека трпи промени, како и дополнување со останати показатели, кои треба да доловат нов момент во самиот процес на мерење.

Заклучно, самиот процес на мерење подразбира сериозен научно-истражувачки потфат од мулти-дисциплинарна природа, за кој е потребен тим составен од политиколози, правници, економисти, социолози, експерти по методологија (научници за податоци) и философи, кои би посветиле време и енергија, и тоа со цел, како заокружување на методологијата, така и нејзино актуелизирање, квантитативно и квалитативно претставување на конкретна држава (во однос на општество и останатите држави).

## ГЛАВА 8:
## ТИПОЛОГИЈА НА ДРЖАВИ

### 90. Класични типологии на држави

И покрај нејзината суштина и концептуалното поимање кое е заедничко за сите држави кои постоеле, постојат (и веројатно ќе постојат), истите се разликуваат во однос на многу други карактеристики. Под *чадорот* на држава се сите оние *„кратии"* за кои пишувале античките философи, држави со економски предзнаци определени од страна на марксистичките теоретичари, но и оние со суштински разлики во големината и ставот кон населението, потенцирано од слободарските, или класичните либерали и либертаријански теоретичари.

#### *а.) Антички типологии на држава*

*Платон*, еден од највлијателните антички философи ја дава една од првите типологии на државата. Класифицира 5 типови на владеење, односно 5 типови на држава, и тоа: *Монархија* или *Аристократија*, *Тимократија*, *Олигархија*, *Демократија* или *Анархија* и *Тиранија*.[779] Монархија или Аристократија, претставува владеење на право, поредок, или мудрост, или како Платон истакнува, владеење на мудрите, или идеално, традиционални „беневолентни" кралства кои не се тирански. Тимократијата е владеење со чест и должност, или владеење на чесните, „беневолентна" милитарна држава, како Спарта во негово време. Олигархијата е владеење на богатите, и земјопоседнците, налик на капиталистичка држава. Демократијата или Анархијата е претствена како владеење на чистата слобода и еднаквост, каде што луѓето гласаат, или земаат учество во процесите на создавање на законите. Тиранија е владеење со помош на страв, без праведни закони, или како владеење на деспот. За разлика од првите четири видови на владеење кои се праведни, тиранијата е нивна девијантна појава, и неправедна. Додека пак идеалната држава би претставувала идеална мешавина од првите четири, освен тиранијата.[780]

*Аристотел*, меѓу првите од античките философи, но и теоретичари на држава, инспириран од Платон ја дава една од најпопуларните типологии на државата, наведувајќи

---

[779] Thomas DeMichele - Plato's Five Regimes (2017, factmyth.com)
[780] Plato - *Republic, Book 8* (classics.mit.edu)

три основни (идеални) форми на држава, и тоа: *монархија*, *аристократија* и *полис*[781]. Разликата помеѓу овие три основни типови се гради врз основа на оној кој владее. Така, во монархијата, владее монархот, во аристократијата владееат паметните, додека во полисот, народот (мнозинството) е носител на правото на владеење. Покрај трите основни или идеални форми на држава или владеење, Аристотел дава дополнителни три извртоперени форми, изведени од основните. Тоа се: *тиранија*, *олигархија* и *демократија*. Во тиранијата неприкосновено (и тирански) владее монархот, во олигархијата владеат богатите (не мудрите), додека пак во демократијата владеат сиромашните.

| ***Идеални форми на владеење*** | ***Извртоперени форми на владеење*** | ***Субјекти на владеење*** |
|---|---|---|
| Монархија | Тиранија | Монарх |
| Аристократија | Олигархија | Паметните/богатите |
| Полис | Демократија | Народот/сиромашните |

**Табела 1:** Табеларен приказ на Аристотеловата типологија на држава[782]

***б.) Марксистичка типологија на држава***

Марксистичката типологија на држава е изградена врз делата на *Карл Маркс*, *Фридрих Енгелс*, *Владимир Илич Ленин* и *Антонио Грамши*. Таа е актуеална при крајот на 19ти и особено 20ти век, но секако нејзиното философско влијание се чувствува и денес во голем број на академски кругови. Оваа типологија на државата е и еволутивна, следејќи ја историјата на организираното човештво. Според *Енгелс*, човековото постоење може да се подели во 3 големи периоди, и тоа: дивјаштво, варваризам и цивилизација.[783] А во периодот на развој на цивилизацијата, државата[784] може да се класифицира како *робовладетелска*, *феудална*, *буржоаска*, *социјалистичка* и *бескласно* или *бездржавно општество*. Последното или Хегеловски наречено *крајот на историјата*, досега не се остварило во политичката пракса. Клучно за оваа класификација дадена од марксизмот претставуваат категориите на производствените сили, производствените односи,

[781] Аристотел - Политика (2006, Скопје:Слово)
[782] Аристотел - Политика (2006, Скопје:Слово)
[783] Frederick Engels - Origins of the Family, Private Property, and the State (marxists.org)
[784] Marxist Theory of State: Definition, Origin and 2 Models (politicalsciencenote.com)

поседувањето на средствата на производство, нивните меѓусебни односи, сето одредено во историцистичка смисла. Кај марксистичката типологија, потребно е да се напемене видот на *диктатура на пролетаријатот*, што теоретски претставува фаза на премин од буржоаска држава, во бескласно и бездржавно општество.

***в.) Куперова типологија на држава***

Една од современите и актуелни типологии на држави, посебно од меѓународен аспект, претставува типологијата на *Роберт Купер*, кој ја изложува во својот есеј The Postmodern State and the World Order.[785] Роберт Купер, слично на марксистичките еволутивни и историцистички тенденции за типологија на државата, разликува три основни типови на држава, кои се провлекуваат низ историјата, имено *предмодерна, модерна* и *постмодерна држава*.

Во предмодерната држава, нејзините функции се слаби и авторитарни, контролата често е кршлива, а државните активности се претежно воени. Предмодерната држава ги опфаќа феудалните системи и воените империи.

Купер исто така прави разлика помеѓу рана и доцна модерна држава. Раната модерна држава е карактеризирана како повеќе организирана и централизирана (во споредба со предмодерната). Воените и дипломатските функции остануваат централни за државата, но се појавуваат функции поврзани со трговијата. Доцната модерна држава е централизирана и бирократизирана, за прв пат е идеолошка и авторитарна и демократска. Но исто така, воспоставува надлежност и врз образованието, здравството, благосостојбата на граѓаните, а секако ги има и традиционалните воени функции.

Постмодерната држава, претставува држава во 21ви век, во ера на информатичко општество, која за разлика од модерната е „плуралистичка, посложена, помалку централизирана, но не хаотична, за разлика и од предмодерната."[786] Моќта е распределена како национално, така и интернационално, подложна на влијание на медиуми и широки емоции.[787] Првите примери за пост-модерна држава, Купер ги поистоветува со државите членки на Европската унија, во кои нацијата-држава го дели суверенитетот со

[785] Robert Cooper - The Postmodern State and the World Order (Demos)
[786] IBID
[787] Dominique Moïsi - *Geopolitics of emotion: How Cultures of Fear, Humiliation, and Hope are Reshaping the World* (2009, Penguin Random House)

супранационални структури и е вовлечена во различни процедури на соработка во процесот на донесување на политички одлуки. Постмодерни држави се оние држави кои имаат засилено членство во меѓународни политички структури, и кои делумно ја напуштаат националната централизација во полза на супранационална децентрализација и координација.

### 91. Историска типологија на држава

Историската, или искуствената типологија на држави опфаќа различни видови на држави, групирани во три општи групи и тоа *монархија*, *демократија* и *автократија,* кои се појавувале низ политичката историја, а некои од нив се и денес присутни во политичката реалност. Некои од видовите се разликуваат само по името, но некои и суштински се разликуваат една од друга. Со цел категоризација и опфаќање на поголем број на видови на држави, направена е оваа типологија на држава.

***а.) Монархија***

Претставува вид на држава, во која носител на власта и суверенитетот е монархот[788] (поединец), доживотно, или додека абдицира. Власта најчесто се пренесува наследно од татко на син, или пак со преврат во земјата.[789] Во зависност од културата во која се појавува монархијата, истата може да биде именувана како Кралство, Царство, Империја, Калифат, Султанат итн. Кралствата биле карактеристични за западна Европа[790], Царствата за словенските народи, Бугарите, Русите и Србите[791], Калифатите за блискиот исток, односно за муслиманските монархии[792]. Разликите помеѓу овие видови на монархии, покрај оние во номенклатурата, може да се воочат во културата и традицијата во која

[788] Monarchy (britannica.com)
[789] Пример за преврат е доаѓањето на власт во Србија на династијата Караѓорѓевиќ, на чело со кралот Петар Караѓорѓевиќ, по Мајскиот преврат, од 1903 година, кога династијата на Обреновиќ е насилно заменета со онаа на Караѓорѓевиќ, а убиени се кралот Александар Обреновиќ и неговата сопруга Драга Обреновиќ. Повеќе: Мајски преврат (srpskaenciklopedija.org)
[790] Дел од кралствата кои денес постојат во светот се: Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, Кралството Шпанија, Кралството Данска, Кралството Норвешка, и други. Наведените земји се уставни монархии и демократии, во кои кралот има симболичка улога поврзана со одржување на традицијата и националното единство, или строго ограничена извршна власт.
[791] Царства кои се појавиле низ политичката историја се: Првото Бугарското царство (681-1018 година), Второто Бугарско царство (1185–1396 година) и Модерното Бугарство царство (1908–1946 година); Српското царство (1346 - 1371 година); и Царството Русија (1547 - 1721 година). Повеќе: Tsar (britannica.com).
[792] Најпознат калифат е Отоманскиот калифат, кој бил на политичката сцена во периодот од 1517–1924 година. Повеќе: Caliphate (britannica.com)

монархот е прогласен. Империја претставува вид на држава, односно монархија, во која што еден центар (метропола) изразува власт кон голем број на територии, различни народи кои живеат на нив, но и различни помали политички системи и видови на владеење, кои го признаваат императорот како апсолут.[793]

Суштинска разлика во однос на монархиите, е нивната поставеност во однос на политичкиот систем, како и нивниот однос кон нивните поданици или граѓани. Според истата, монархиите може да бидат *апсолутни* и *уставно ограниечни*.[794] Апсолутни монархии се оние во кои монархот има апсолутна власт, и тоа најчесто во сите видови на власт, имено извршната, законодавната и судската. Уставно-ограничените монархии или *конституционални монархии*, се оние, во кои власта на монархост е ограничена со устав, во кој се стипулирани правата и обврските на монахот, во чии рамки би требало да се држи неговото владеење.

***б.) Демократија***

Претставува вид на држава, во која носител на власта и суверенитетот е народот, кој посредно и непосредно учествува во изборот и вршењето на јавната власт, на непосредни избори, референдуми, иницијативи и слично. Името доаѓа од грчки, и тоа од *δημοκρατία*, или *демос*, што означува народ и *кратос*, што означува владеење. Концептот на демократија потекнува од Античка Грција[795], но повторно заживува и својата современа манифестација ја добива кон крајот на 18-то, 19-ти век и 20-ти век, со признавањето на право на глас на поединците, кои ги исполнуваат основните услови за истото (деловно способни поединци, над 18 годишна возраст). Кога станува збор за демократија, потребно е да се напомене дека истата може да постои во формални рамки, но и во суштински. Формални се оние во кои основните демократски премиси се процедурално исполнети, но изостануваат суштински.

Демократијата, како вид на држава, може да се јави во повеќе форми, а најбитни поделби се оние на *унитарна* и *федерална*, и на *парламентарна, претседателска* и

---

[793] Empire (britannica.com)
[794] Monarchy (britannica.com)
[795] What is democracy? (britannica.com)

*полу-претседателска*. Дополнително, современите демократиите може да се поделат и на *либерални* (*Rechtsstaat*) и *социјални* (*Sozialstaat*)[796] демократии.

Унитарните демократии, се оние демократии, во кои политичката власт е централизирана и постои само едно ниво на власт.[797] За ралика од унитарните, федералните се оние во кои власта е поделена на (најмаллку) две нивоа на власт, и тоа централната власт на федерацијата, но и национални (кантонални) власти на федералните единици.[798] Секако, федералните држави, иако склони кон поголема децентрализираност и деконцентрација на политичките власт, федерализмот како принцип не е краен арбитер за тоа колку власта суштински ќе биде деконцентрирана и подлежна на кочници и рамнотежа. Во таа насока, може да се напомене дека и Швајцарија, но и Русија се федерации, но разликите помеѓу истите се суштински. Дополнително, не мора да значи дека федерациите се исклучиво демократии, напротив примерот со Обединетото Кралство, покажува дека и една монархија може да биде федерација и функционално децентрализирана. И, постоеле и држави кои биле автократии, но биле федерации, како што е примерот со СФР Југославија. Поделбата на унитарни и федерални држави, не се однесува исклучиво за демократиите, но најчесто федералните држави, може да се вметнат во групата на демократии.

Следна поделба на демократиите е она на *парламентарни*, *претседателски* и *демократии од полу-претседателски вид*. Разликата помеѓу овие видови на демократии се однесува, прво по носителот на извршната власт, како и поврзаноста на извршната со законодавната власт. Во парламентарните системи[799], владата, како колективен орган, која произлегува од парламентот е носител на извршната власт, додека пак во претседателските системи, претседателот, како индивидуален орган, е носите на извршната власт, независно од законодавната власт.[800] Секако, и во парламентарните системи постојат орган *претседател*, но истиот најчесто е избиран во парламентот или собранието и обично има симболична улога и ограничена моќ.

---

[796] Peter Derleder - Rechtsstaat – Sozialstaat – Kulturstaat: Überlegungen zur Fortentwicklung alter Theorien (2007, *Kritische Justiz, Vol. 40, No. 2*, Nomos Verlagsgesellschaft*)*
[797] Unitary state (britannica.com)
[798] Unitary and federal systems (britannica.com)
[799] Примери за парламентарни системи се: Велика Британија, Канада, Германија, Канада, Грција, Хрватска, Бугарија, Македонија, итн. Повеќе: List of countries by system of government (runestone.academy)
[800] M. Dee Dubroff - What Is the Difference between a Parliamentary and Presidential System of Government? (2023, historicalindex.org)

Во претседателските демократски системи[801], претседателот е ексклузивен носителот на извршната власт[802] и не постои премиер како индивидуален орган. Мешани системи или полу-претседателски[803] се оние во кои се комбинираат елементи од двата системи.

***в.) Автократија (Авторитарна држава)***

Претставува вид на држава во која скоро целата политичка моќ е сконцентрирана во еден поединец (или мала група на луѓе), не подлежи на принципот на *кочници и рамнотежа*, и во поголем број случаи има остварено значителна контрола над човековото делување, во рамки на општественото постоење. Автократијата е можеби најзастапениот вид на држава низ политичката историја[804], а со тоа претставува правило на политичкото уредување во земјите. Автократите, како водичи на автократските држави, не се предмет на промена на избори и не се одговорни[805] пред никого во своењето владееење. Името доаѓа од грчите зборови *αὐτός* што значи *јас*, *себе* и слично и *κράτος*, што означува *владеење*, *моќ*, и означува владеење на едно лице.

Во 20-тиот и 21-виот век, со подемот на демократијата, овој систем на уредување се истиснува, но и понатаму постојат вакви видови на држави, на глобалната политичка сцена. Автократијата може да биде и монархија - апсолутна монархија, но и може формално да биде претставена како демократија, а суштински да биде автократија. Од тука, како подвидови на автократијата може да се наведат: тоталитарните држави, диктатурите, апсолутните монархии и сл.

***Тоталитарните држави*** претставуваат држави кои изразуваат целосна (тотална) контрола врз општеството и најчесто присегнуваат кон насилство и страв од насилство во решавањето на општествените проблеми. Истите, имаат силна тенденција, да го контролираат економскиот живот, а категоријата на поединечни права и слободи е целосно страна за овие системи. Од политичката историја на човештвото, како најпознати

---

[801] Примери за претседателски системи се: САД, Бразил, Аргентина, Мексико, Индонезија, итн. Повеќе: List of countries by system of government (runestone.academy)
[802] Shreya Gaddipati - The Parliamentary System Versus the Presidential System (2019, borgenproject.org)
[803] Примери за полу-претседателски системи се: Русија, Франција, Египет, Босна и Херцеговина, итн. Повеќе: List of countries by system of government (runestone.academy)
[804] Autocracy (nationalgeographic.org)
[805] Marie-Eve Reny - Autocracies and the Control of Societal Organizations (2019, Cambridge University Press)

тоталитарни држави може да се издвојат Советскиот сојуз и Нацистичка Германија. Од современите примери за тоталитарни држави, може да се издвои Северна Кореја.

***Диктатурите*** претставува вид на држава во која едно лице или мал круг на луѓе се носители на апсолутна политичка власт, без никакви (уставни) ограничувања. Диктатурите може да бидат цивилни и воени. Во воените диктатурите, врхушката на политичката власт е претставена од воен офицер или совет на офицери (воена хунта)[806]. Исто така, диктатурите може да имаат лев[807] или десен карактер.

***Апсолутни монархии***, како што е наведено, се оние држави, во кои монархот има апсолутна и неограничена политичка власт.

## 92. Реална типологија на држава

Иако претходните типологии на држави, се уште се доминантни во мејнстрим наративот на политичките и пошироко, општествените науки, се појавува потреба од нова типологија на државата, или реална. Истата се базира врз основа на активната и пасивната перспектива на државата, во процесите не нејзината анализа, преку широка лепеза на показатели.

За разлика од класичните и историската типологија на државата, кои повеќе се осврнуваат на некои формални моменти, реалната всушност дава можности за анализирање на државите преку спектар, базиран на реални показатели, поврзани со нејзината улога.

Од клучно значење за оваа типологија се перформансот, или ставот, односно како државата делува кон поединците, нивните делувања и општествени постоења, како и големината или обемот на државата, во рамките на општеството.

---

806 Во прилог неколку воени диктатури од европската историја: Грција (1967-1974), Полска (1981-1983), Португалија (1926-1933), Романија (1941-1944), Шпанија (1923-1930; 1939-1975), Турција (1960-1961; 1980-1983). Повеќе: Military dictatorship (mcgill.ca)

807 Кај диктатурите со лев каракактер, интересно е да се напомене концептот на држава наречен *диктатура на пролетаријатот*, која претставува држава која потенцијално се воспоставувува во втора фаза од социјалистичка револуција, или преминот од укинување на капитализмот кон воведување на комунизам. Диктатурата на пролетаријатот, претставува држава - диктатура, во која пролетаријатот преку неговите избрани претставници ја има целата власт. Истата е од клучно значење во процесот на *поопштествување на средствата на производство*. Според марксизмот, следна фаза, после диктатурата на пролетаријатот, би требало да биде настапување на *комунизам*, или бескласно и бездржавно општество, во кое државата нема повеќе смисла да постои, одумира и е оставена на *буништето на историјата*. Повеќе: Владимир Илич Ленин - *Држава и Револуција* (1974, Скопје: Култура); Dictatorship of the proletariat (britannica.com)

***а.) Либерална и тиранска држава***

Типологија врз основа на активната страна на државата се базира врз нејзиниот перформанс, односно ставот кој таа го зазема кон нејзините граѓани (луѓето кои живеат или престојуваат на територијата над која изразува суверенитет), како и разноличните односи во кои влегуваат тие, на организирано или неорганизирано ниво. Оваа типологија, односно градирање на државите во однос на ставот кон поединците, може да се прикаже на вертикална оска, каде што најдолу би биле сместени оние држави со (условно кажано) најлош или најтирански став, додека, во погорниот дел од оската би биле оние со либерален став, отворен режим и слично.

Според оваа типологија, влегуваат во игра сите оние показатели на активната страна на државата, како што се *принудната*, *перспективата на отвореност и транспарентност*, *прохибиционата*, *кривичната*, *економската*, *перспективата на владеење на правото*, *демократската*, *локалната* и *меѓународната перспектива*.

Тоа практично значи дека државите со изразена принудна перспектива, односно високо ниво на изразување на насилство во општестово, оние кои се нетранспарентни во однос на своите трошења, со високо ниво на контрола на границите, оние кои изразуваат широк дијапазон на забрани и стандардизации во општестово, оние со високи санкции и голем број на инкриминирани дела, како и оние со голем број на даноци, арбитрерна економската политика, оние во кои извршната власт е нагласено доминантна и може да го заобиколи законот, онив во кои демократијата е само форма, а изборите или отсуствуваат или не се фер и слободни, со значително ниво на концентрирана политичка власт во центарот на сметка на локалните заедници би се лоцирале во долниот дел од оската, односно би тежнееле кон архетипот на тирански држави.

***б.) Минимална и тотална држава***

Типологија врз основа на пасивната страна на државата се однесува на нејзината големина во однос на општеството. Исто како и претходната типологија, и оваа може да се прикаже на вертикална оска, каде што најдолу би биле сместени тоталните, односно оние држави кои се најголеми во однос на општеството кои го регулираат, имаат широк дијапазон на надлежности, и организираат големи јавни трошења и контрола на економските процеси, додека, во погорниот дел од оската би биле оние со најмала

големина, односно теоретскиот екстрем - минимална држава, или држава ноќен-чувар, чии ингеренции се изричито ограничени на заштита на поединечните права и слободи, или заштита на принципот на само-поседување.

Како и претходно, така и оваа типологија се базира врз основа на показателите на пасивната страна на државата, како што се *територијалната, човечката, фискалната, организационата, нормативната и услужната перспектива*.

## ГЛАВА 9:
## СПЕКТАР НА РЕАЛНА ТИПОЛОГИЈА НА МОДЕРНА ДРЖАВА

### 93. Бездржавие и анархизам

Бездржавно општество[808], или анархија е концепт со кој се доловува општествениот феномен на бездржавно општество, или она во кое нема легитимен монопол на физичка принуда, или држава или политичка власт, а нејзината задача ја исполнуваат различни организации, агенции и/или компании. Овие субјекти, кои ја претставуваат *алтернативата на државата*, во потенцијално пост-државно општество, не претставуваат монопол, и нивната позиција не е *а приори* зададена, туку нивното функционирање целосно подлежи на пазарните законитости и механизми (профит и загуба).

Идеологијата, или идејната традиција која ја заговара оваа состојба на бездржавно општество е онаа на анархизмот. Анархизам, во негова најширока смисла, е генерички поим кој опфаќа голем број на школи, теории, истакнати поединции, движења и активности, во чиј центар на интерес е оправдување и промоција на концептот на анархија или бездржавно општество, како и поттикнување на самиот процес или чин на укинување, одумирање, отфрлање, кратење, приватизација или елиминирање на државата, како посебен општествен ентитет.[809] Во контекст на слободарството, анархизмот се појавува како *аналитички*[810], или како анархо-капитализам, индивидуалитички анархизам или пазарен анархизам. Дополнително, оправдувањето и толкувањето на овие анархизми, може да биде од морална и од утилитарна природа.

Логиката на моралните слободари анархисти е дека само бездржавното општество, во кое отсуствува легитимен монополски заштитен механизам за принуда, е во целосна согласност со принципот на *човеково само-поседување*, и со самото тоа, императивот за бездржавие е од морална или етичка природа (затоа што е добро и праведно). Секаква

---

[808] Предраг Рајшиќ - Бездржавна рамнотежа (2022, libertania.org)
[809] Никола Љ. Илиевски - Општо за анархизам (2021, libertania.org)
[810] За разлика од аналитичкиот, постојат и револуционерен и утописки анахризам. Аналитичкиот анархизам, е оној анархизам кој е научно поткован, и има сериозно излгледи и оправдувања за неговата возможност, а според анархистите и посакуваност. Повеќе: Peter J. Boettke - Anarchism as a progressive research program in political economy (2010, *Anarchy, State and Public Choice*, Edward Elgar Publishing)

држава, па и онаа најмалата, ултра-минималната или државата ноќен чувар претставува соодветно прекршување на овој принцип.

Од друга страна, логиката на утилитаристите анархисти е следнава: доколку сме сигурни дека пазарот ги алоцира ресурсите и ги решава проблемите на далеку поефикасен начин од државата, тогаш зошто, најбитната услуга или функција - онаа на безбедност, заштита[811] и остварување на кривична правда, да биде оставена во надлежност на најмалку ефикасниот чинител во општеството - државата. Утилитаристите посочуваат дека бездржавието претставува *поефтина состојба*, споредбено со онаа на држава присутна во било која форма.

Бездржавно општество[812] е општество во кое нема држава како и останати јавни власти, со својата специфичност, а функциите кои истите ги исполнуваат во услови на постоење на држава, во алтернативното бездржавно би биле исполнети од различни приватни, профитни и непрофитни субјекти на пазарот. Секако, и во бездржавие има потреба за определен поредок, но истиот не би бил диктиран од еден политички центар, туку од голем број на приватни, профитни и непрофитни. Приватни судови, приватна полиција и приватни агенции за заштита на човекот и почитување на договореното, се суштината на бездржавието. Според анархистички школи, *бездржавието* најпринципиелно би соодветствувале со принципот на само-поседување и аксиомата на не-поттикнување насилство, но и дополнително, во најголема мера и најефтино би ги заштитило истите од потенцијална повреда. Како дејци со големо значење на овој вид на анархизам можеме да ги издвоеме: Гистав де Молинари, Лисандер Спунер, Пјер Жозеф Прудон, Мареј Ротбард, Дејвид Фридман, Ханс Херман Хопе и други.

Кон крајот на 20-ти и почетокот на 21-ви век, се појавуваат повеќе концепти кои се поврзани со оправдување и потенцијално функционирање на концептот на бездржавно општество, како *приватизирање*[813]*, алтернативно владеење, поединечен суверенитет*[814], *приватно управување*[815]*, радикална демократија*[816]*, само-управување*[817], *управување без*

[811] Густав де Молинари - *За производството на безбедност* (2022, libertania.org)
[812] Предраг Рајшиќ - Бездржавна рамнотежа (2022, libertania.org)
[813] Max Gulker - Private Governance, Not State Capacity (2020, aier.org)
[814] Fred Foldvary - Individual Sovereignty (2014, notesonliberty.com)
[815] Edward Stringham - *Private Governance Creating Order in Economic and Social Life* (2015, Oxford University Press)
[816] Fred Foldvary - Radical Democracy (2015, progress.org)
[817] Peter T. Leeson - Government, clubs, and constitutions (2011, Journal of Economic Behavior & Organization 80)

*територијален монопол*[818], *двојна демократија*[819], *полицентрично уредување*[820] и сл. Сите тие даваат свој академски придонес кон основните поставки на концептот на *бездржавие* или анархија.

Бездржавието, и следствено анархизмот, се сместени најгоре на вертикалната оска, а во средината на хоризонталната.




**Слика 7:** Графички приказ на бездржавието и анархизмот на слободарскиот триаголник на идеолошкото каро

### 94. Ултра-минимална држава и волунтаризам

Дури и некои академци, во слободарските кругови, кои го прифатиле философскиот анархизам во истражувањето и анализата на општествено-политичките текови, како Роберт Нозик и Џејмс Бјукенен, сепак ја потенцирале неизбежноста или корисноста од постоење на држава.

Концептот за ултра-минимална држава произлегува од делото на Роберт Нозик. Нозик, иако тргнува од цврста *а приори* анархистичка позиција на морална нелигитимност на државата како монопол на физичка принуда, потенцира дека и во услови на постоење на бездржавно општество, кога *Доминантно протитективни агенции*[821] би претставувале пазарната алтернатива на државата, сепак истите би се организирале во монопол на

---

[818] Bruno S. Frey - A Utopia? Government without Territorial Monopoly (2001, The Independent Review, v.VI, n.1)
[819] Eric Posner and Glen Weyl - Quadratic Voting and the Public Good: Introduction (2017, columbia.edu)
[820] Tom W. Bell - *Your Next Government? From the Nation State to Stateless Nations* (2018, Cambridge Univ. Press)
[821] Robert Nozick - *Anarchy, State & Utopia* (1974, Basic Books, Inc)

определена територија и би формирале ултра-минимална држава.[822] Логиката која Нозик ја дава, позади ова формирање на ултра-минимална држава, е поврзано со остварување на економија од обем, и потребата или неопходноста од монопол во определени области на општественото функционирање. Но, секако постои голема разлика од намалување на делокругот и либерализирање на ставот на една држава во држава ноќен-чувар (или ултра-минимална држава), и формирање на ултра-минимална, како спонтана појава, од субјектите на пазарот.

Покрај Нозик, и Ејн Ренд, иако била цврст етатист, во својата определба за постоење на држава, нејзиниот идеален тип на држава, може да се поистовети како ултра-минимална држава (иако никогаш експлицитно не го употребила терминот). Тоа е така, затоа што идеалната држава според философијата на објективизмот во својот делокруг ги има и е стриктно ограничена на есенцијалните надлежности на државата, како судство, полиција и војска, но даноците врз кои почива оваа држава, се од доброволен[823] карактер.[824] Самата доброволност на плаќањето на даноци, отвора и други прашања[825], од типот, каква е таа држава, доколку своите даноци ги собира на доброволен начин и сл. Баш поради тоа својство на објективистичката идеална држава, истата може да се идентификува како ултра-минимална, со оглед на тоа што нејзините даноци се доброволни, а поединците може да одберат дали да плаќаат данок или не.

Ултра-минималната држава, е најлибералниот и најмалиот вид на држава, од претходната типлогија, и истиот според Роберт Нозик е морално-легитимен. Оваа држава во својот делокруг ја има само заштитата на поединците и нивните животи, слободи и имоти. Овој вид на држава овозможува и дополнително приватизирање, односно обездржавување на своите ограничени надлежности и функции, а во случајот на Ејн Ренд, остава простор за доброволно собирање на даноци. Затоа ултра-минималната држава, како концепт не претставува типична држава, затоа што во определени сегменти има *доброволен карактер*.

Философијата или идеологијата, која претставува идејна основа на ултра-минималната држава, може да се нарече (или веќе се нарекува) *волунтаризам*.

---

[822] Robert Paul Wolff - Robert Nozick's Derivation of the Minimal State (1977, Arizona Law Review, Vol 19)
[823] Ayn Rand - *The Virtue of Selfishness* (1964, Penguin Group)
[824] Ayn Rand - *Capitalism: The Unknown Ideal* (1967, aynrand.org)
[825] Walter E Block and Thomas J. DiLorenzo - Is Voluntary Government Possible? A Critique of Constitutional Economics (2000, *Journal of Institutional and Theoretical Economics (JITE)*, Vol. 156, No. 4)

Волунтаризмот[826], слично како анархизмот, дава целосна слобода на поединците за одбирање на политичкиот систем, се додека истиот е резултат на нивните поединечни согласности[827] (слободи). За разлика од анархизмот, кој е стриктно анти-државен и не трпи држава, па дури и доколку истата е резултат на волјата на поединците, волунтаризмот го остава тој простор, а најчест резултат на истиот би бил некој вид на ултра-минимална држава, со стриткно минимални државни надлежности, но и со простор за нивно дополнително намалување.

Концептуалниот вид на *ултра-минимална држава* и идеологијата на *волунтаризам*, може да се лоцираат подолу од анархизмот на вертикалната оска, и на средина на хоризонталната.




**Слика 8:** Графички приказ на ултра-минималната држава и волунтаризмот на идеолошкото каро

**95. Држава ноќен-чувар и либертаријанизам**

Минархизмот, е доминатна струја помеѓу слободарите или либертаријанците[828], и истиот се повикува на неопходноста од постоење на држава, но држава која е изричито ограничена и контролирана во своите надлежности и делувања.

---

[826] Alan John Simmons - Voluntarism and Political Associations (1981, *Virginia Law Review, Vol. 67, No. 1,* The Symposium in Honor of A. D. Woozley: Law and Obedience)
[827] Jonathan Parry - The Truth in Political Voluntarism (2020, Department of Philosophy, Logic & Scientific Method, The London School of Economics and Political Science)
[828] David S. D'Amato - *Minarchists and anarchists—i.e. champions of the night‑watchman state and opponents of any state—aren't as clearly distinguishable as one might think* (2018, libertarianism.org)

Според минархистите, за услугите на гаранција на човековото само-поседување, човекова безбедност и негова заштита, потребен е легитимен монопол на физичка принуда. Истиот монопол е неопходен, затоа што институционално би го организирал системот на *laissez-faire* економија и заштита на човековите права. Истото го нарекуваат основен и објективен правно-политички мимимум во оптштествениот сообраќај[829].

Постоењето на мала држава, како дел од идеологијата, односно идеотелијата на либертаријанизмот, се поистоветува со постоење на *држава-ноќен чувар*. Држава ноќен чувар е онаа држава, чија единствена и исклучителна задача е заштита на принципот на човеково само-поседување и аналогно на тоа, строго ограничена на постоењето на полиција, судови и војска, сите поврзани со утврдување, превенирање и казнување на повреди на човековото самопоседување. Во оваа смисла, единствена морална функција на државата е онаа на заштита на човекот, неговата слобода и секако неговиот имот кој е стекнат на легитимен начин. Тука завршува нејзината улога, и тоа значи дека државата не може да се впушта во распределба на богатството во општеството, не може да се впушта во контрола на економските текови, не може да го организира здравствениот или социјалниот систем, не може да ја организира културата и сл. Нејзин делокруг е заштита на поединците на нејзина територија, нивните слободи и нивните легитимно стекнати имоти, како од надворешна, така и од внатрешна агресија.

Либертаријанизмот[830] е современа нијанса на слободарството, а она што е негова основна нишка е *аксиомата за не-иницирање на насилство* и *права на приватна сопственост*.[831]

Во неговиот морален фокус е принципот на *само-поседување* - или право на секој поединец на посед врз сопствениот живот, сопствените делувања и плодовите на делувањата или имотот. Правото на само-поседување, кое потекннува од Локовата мисла, претставува императив за секој морално-правен *либертаријанец*.

[829] James M. Buchanan - Saving the Soul of Classical Liberalism (2000, cato.org)
[830] Границите помеѓу она што претставува либертаријанизам и волунтаризам не се изричито поставени, и често се замаглено, затоа што постои тенденција волунтаризмот да се толкува како вид на либертаријанизам, што воопшто не е погрешно. Но со цел поголема систематичност и јасност во однос на различните идеи на слободарството, тие се издвоени како посебна идеологија, иако имаат повеќе елементи во кои се поистоветуваат, отколку што се разликуваат.
[831] Walter E Block - Libertarianism vs Objectivism; A Response to Peter Schwartz (2000, Reason Papers 26)

Утилитарната оправданост е извлечена од пазарната супериорност и ефикасност во процесите на алокација на ретките ресурси, а со тоа и императивот за државно-немешање во економските односи.

Државата ноќен-чувар и идеологијата на либертаријанизмот може да се лоцираат подолу од полето на ултра-минималната држава и волунтаризмот, на вертикалната оска, и на средина на хоризонталната оска.




**Слика 9:** Графички приказ на државата ноќен-чувар и либертаријанизмот на слободарскиот триаголник во идеолошкото каро

## 96. Минимална држава и класичен либерализам

Еден дел од струите во слободарството, или минархистите се залагаат за минимална држава како единствен легитимен вид на држава. Истата означува ограничена[832] и претставува вид на држава, чија основна задача е заштита на принципот на самопоседување на човекот и гаранција за исполнување на слободно договореното помеѓу поединците. Но според оваа дефиниција, може да се заклучи дека државата ноќен чувар и минималната држава се ист вид на држава, и неминовно се поставува прашањето дали постои разлика помеѓу истите. Минималната држава е основниот вид на држава, проектиран од идеологијата на класичен либерализам.

Класичниот либерализам е вид на либерализам од првата половина 20-тиот век, кој се повикува на основните поставки на стариот либерализам (оној на Адам Смит, Фредерик

[832] Tom G. Palmer - Limited Government and the Rule of Law (2017, *Cato Handbook for Policy Makers*, cato.org)

Бастиат, Татковците основачи на американската држава и сл.), а тоа се ненасилство, индивидуализам, слободен пазар и граѓански права и слободи. Оваа идеологија претставува плод на повеќевековната борба за препознавање на поединецот како центар на сите општествени, политички и економски збиднувања. Либерализмот, претставува идејна традиција која е основата за поширокатa традиција на слободарството.

Минималната држава претставува држава која е ограничена со устав, и е воспоставена на таков начин да обезбеди рамнотежа на моќта помеѓу трите основни видови на власт: извршна, законодавна и судска. Секако, ограничени се и нејзините надлежности наспрема поединците и нивните делувања, манифестирани како општествени односи. Поголемиот број од надлежностите кои ги имаат современите држави, се надвор од нејзиниот делокруг, и се предмет на пазарна регулација. Минималната држава, тесно толкувана како држава ноќен-чувар, се актуелизира во општеството со постоење на полиција, судови и војска. Но нејзиното пошироко толкување, остава простор за дополнителни ингеренции во однос на човековите делувања и општествените односи.[833] Аналогно на тоа, минималната држава претставува држава ноќен-чувар со дополнителни надлежности, кои може да варираат, од минимална прераспределба на богатство во рамки на општеството и гарантирање на основен минимум потребен за живот за секој поединец, надлежности во поглед на инфраструктурата, енергетскиот сектор, регулација, односно забрана или инкриминирање на *дела без жртви* (victimless crimes), како што се посредување на проституција, трговија со наркотични средства и сл. Во однос на слободарските дејци, Фридрих Хаек и Милтон Фридман, подржувале ваков вид на социјална минимална држава, зајакнати со надлежности за ограничена прераспределба и обезбедување на некаков социјален минимум.[834][835]

Секако, и овој вид претставува држава која има потреба од финансии за некакво функционирање, а истите се темелат на даноци. Данокот, од анархистичка слободарска позиција е кражба, затоа што е базиран на принуда - доколку не платиш данок, ќе одиш во затвор. Но, од минархистичка позиција, истиот е цената која луѓето ја плаќаат, за безбедност, правна сигурност, минимален ред (поредок) во општеството, а можеби и за воспоставување на некаков социјален минимум за секој поединец.

---

[833] Nigel Ashford - The Role of Government: schools of thought in classical liberalism (2020, studentsforliberty.org)
[834] Walter E Block - Was Milton Friedman a Socialist? Yes (2003)
[835] Matthew Yglesias - Friedrich Hayek on the Welfare State (2012, slate.com)

Концептот на минимална држава, може да се појави како социјална минимална или конзервативна минимална држава. Оваа поделба се однесува варијациите кои може да се појават кај минималната држава, и нејзиното позиционирање во лево, или во десно. Ако кај овој вид на држава, се доминантни левите, односно социјалните тенденции, таа претставува социјална, и обратно, ако се поизразени конзервативните, истата е конзервативна. Минималната социјална држава е поврзана со социјалниот класичен либерализам, уште познат како *блидинг харт либертаријанизам*, кој заговара државно вклучување во минимална прераспределба во општеството и обезбедување на минимум за потребите на секој поединец. Конзервативната минимална држава, од друга страна е поврзана со *конзервативниот класичен либерализам*, кој опфаќа нагласена улога во десната димензија, поврзана повеќе или помалку со идентитетската, безбедносната и воспитувачката функција на државата.

Концептот на минимална држава и идеологијата на класичен либерализам, може да се лоцираат во полето под *либертаријанизам* и *држава ноќен-чувар*, нејзина лева манифестација е *социјална минимална држава* и *блидинг харт либертаријанизмот*, а десна е *конзервативна минимална држава* и *конзервативен либертаријанизам*.




**Слика 10:** Графички приказ на минималната држава, класичниот либерализам, социјалната минимална држава, блидинг харт либертаријанизмот, конзервативната минимална држава и конзервативниот либерализам, на слободарскиот триаголник во идеолошкото каро

## 97. Либерална држава и модерен либерализам

Либералната држава, или либералната демократија претставува концепт на држава, кој е можеби најпопуларен, кога станува збор за негова актуелизација во општествената реалност, манифестирана во државите од западна Европа, САД, Канада, Австралија, можеби Јапонија, итн.

Концептот се однесува на држава која е демократија, но која е ограничена со основните постулати на либерализмот, како човекови права, поделба на власта, владеење на право и слично. Она во што се разликува либерална држава од минималната, или онаа на држава ноќен-чувар, е нејзиниот делокруг. Либералната држава, има поширок делокруг, и аналогно, поширока функционална поставеност. Аналогно на тоа, истата има тенденција да ги остварува сите функции на државата, како што се *духовно - идентитетска*, *безбедносно - правосудна*, *воспитувачко - етичка*, *економско - финансиска*, *социјално - здравствена*, *образовно - културна* и *еколошка функција*. Секако, во зависност од тоа кои функции се понагласени, односно, во кои области либералната државата се впушта во поинтензивни мешања, се издвојуваат два нејзините подвидови. Истите функции, односно мешања на држава, се ограничени со основните либерални постулати. Државите од овој вид, може слободно да ги исполнуваат своите функции, преку нивните делувања, се додека ги почитуваат основните либерални постулати кои се наведени погоре.

Либералната држава, како концептуален вид на држава, е протагонист на современиот либерализам, кој своето потекло го води од стариот или класичниот либерализам, но со текот на времето, се видоизменува. За разлика од класичниот либерализам, кој наголема закана гледа во политичката власт, манифестирана во држава, современиот либерализам, заканата ја проширува и со економски субјекти, кои исто така може да ја загрозат човековата слобода.[836] Затоа овој вид на држава, се впушта во различни економски, но и социјални мешања, во човековите животи, преку прераспределба на богатство, инкриминирање на неповредувачки делувања и слично.

Во идеолошкото каро, либералната држава и современиот либерализам се лоцирани во полето под минималната држава и класичниот либерализам, на вертикалната оска, додека во центарот на хоризонталната. Основни манифестации на либералната држава се националната либерална држава и социјалната либерална држава.

---

[836] How does classical liberalism differ from modern liberalism? (britannica.com)

Националната и димензионирана десно од *y* оската, додека пак социјалната, лево од истата. Националната либерална држава е предмет на *националниот либерализам*, додека социјалната, на *социјалниот либерализам*.




**Слика 11:** Графички приказ на либерална држава, модерниот либерализам, социјалната либерална држава, социјалниот либерализам, националната либерална држава и националниот либерализам, на слободарскиот триаголник во идеолошкото каро

**98. Модерна држава и етатизам**

Модерната држава и нејзиниот идеолошки пропонент - етатизмот, претставува оргинерната форма во која се појавува државата, кон крајот на 18-ти и 19-ти век. Истата има тенденција да воспостави централизирана контрола врз определена територија, и тоа на рационален и организиран начин, со помош на *бирократија* и останатите нејзини органи или тела.

Она што ги поврзува *субјектите* на државата, претставува кодификацијата на национален јазик, со кој еден, единствен јазик се прокламира како службен, и е обврзувачки на конкретната територија.[837] *Одржливоста* и *оправдувањето* на модерната или нацијата-држава (со веќе воспоставен единствен кодификуван, национален јазик) е организирање на образованието, кое го обезбедува, организира, финансира и ефектуира преку обврската за задолжително образование на младите. Дополнителна нишка на

[837] За негова сметка се истиснуваат локалните дијалекти и јазиците на помалите етнички заедници, а со тоа се униворнира културната разночичност.

создавање на однос на зависност со *народот*,[838] е (често екслузивното) организирање на здравствени услуги и воспоставување на државен (јавен) здравствен систем.[839] Гарант на нејзиното функционирање е монополот на физичка принуда, кој е од пресудно значење за истата, додека пак *горивото* за функционирањето е организираниот даночен или систем на јавни приходи, во вид на разни даноци, придонеси и други давачки.

Типичен историски пример за социјална или држава на благосостојба и идеата на етатизмот или велферизмот, може да биде преставен во Прусија, а подоцна и Германија од времето на Бизмарк, за која е карактеристичен проектот на градење на *државен социјализам*.[840] Овој тип на држава има широки овластувања, како во процесите на прераспределба на богатствата, но дополнително и во финансирањето и организирањето на јавно здравство, школство и социјални работи.

Од друга страна, историски пример и дополнителна инспирација за развој и понатамошно адаптирање на концептот нација-држава е Франција[841], своевремено. Во времето на владеењето на Наполеон, француската држави воспостави кохезивна и централизирана структура, со официјален, кодифициран француски јазик, и тоа на сметка на бројните јазици и дијалекти на помалите ентички заедници и групи.

Концептуално гледано, оваа држава ги изведува сите функции кои може да и бидат предвидени на државата во општеството. Модерната држава и идеологијата на етатизам е лоцирана најгоре на врховистичкиот триаголник, и ја опфаќа цела хоризонтална оска од идеолошкото каро.

Националната или нација-државата и социјалната или државата на благосостојба, се основите два подвида, во кои може да се појави модерната држава. Нацијата-држава и димензионирана десно од *у* оската, додека пак социјалната, лево од истата. Нацијата-држава е предмет на *националниот етатизам*, додека социјалната, на *социјалниот етатизам*, или *велферизам*.

---

[838] Во смисла на севкупност или мнозинство на граѓани, државјани или поданици на Државата.

[839] Овој конкретен тип на држава е државата на благосостојба, односно држава која се грижи за благосостојбата на своите граѓани, односно нивното здравје, образование и поседување на минимум за преживување; историски започнува со воспоставувањето на Бизмаркова Германија. Види повеќе: Tom G. Palmer - *After the Welfare State* (2012, Atlas Network & Students for Liberty) и Том Г. Палмер - *Државата на благосостојба и по неа* (2021, libertania.org)

[840] Lorraine Boissoneault - Bismarck Tried to End Socialism's Grip—By Offering Government Healthcare (2017, smithsonianmag.com)

[841] William Safran - State, Nation, National Identity, and Citizenship: France as a Test Case (1991, *International Political Science Review / Revue internationale de science politique*, Vol. 12, No. 3, Sage Publications, Ltd.)




**Слика 12:** Графички приказ на модерната држава, етатизмот, социјалната држава, велферизмот, нацијата-држава и национализмот, на врховистичкиот триаголник во идеолошкото каро

## 99. Авторитарна држава (автократија) и авторитаризам

Овој вид на држава е уште еден концептуален, но и реален вид на држава. Истиот, не е присутен само во теориите за видови на држава, туку бил, но и сеуште е манифестиран во општествената реалност, во определени земји. Она што е карактеристично за овој вид на држава, е тоа што истата не е демократија, односно политичките елити не се избрани од поединците, односно граѓаните. Секако, постојат определени држави, кои номинално се демократии, односно организираат избори за политички елити, во кои учествуваат граѓаните. Но, од друга страна, тие избори не се фер и правични, а авторитарните власти прават се што е во нивна моќ, за да обезбедат за себе и своето владеење што повеќе гласови, а на тој начин, и формален, или површен легитимитет.

Авторитарната држава има тенденција да употребува насилство[842] и закана со насилство, како во уредувањето, така и во човековите делувања и општествените односи, во рамките на нејзините граници. Дополнително, авторитарните држави, се стремат кон

[842] Marie-Eve Reny - Autocracies and the Control of Societal Organizations (2019, Cambridge University Press)

извршување на сите наведени функции од државниот делокруг, и на тој начин, обезбедуваат свое присуство и мешање во голем број од човековите делувања и општествените односи кои истите ги градат.

Во авторитарните држави, јавната, односно, политичката власт е пирамидално или хиерархиски структуирана, каде што на врвот се наоѓа извршната власт, со посед на доминантен дел од политичката моќ. Затоа, владеењето на правото, претставува постулат кој е мета на повреди од страна на носителите на политичката моќ.

Генеричката идеологија, која што обезбедува оправдување и толкување за авторитарните држава, е авторитаризмот. Авторитаризмот претставува идеолошка подлога со која се оправдува и обезбедува владеење со помош на челична тупаница, и непосредно наметнување на ред од страна на политичките власти, под закана од употреба на сила. Исто така, оваа идеолошка поставка е непосредно поврзана и со популизмот, како стратегија и реторика за доаѓање, но дополнително и за одржување на политичката власт, во авторитарните држави. Концептот на авторитарна држава и идеата на авторитаризмот, може да се лоцираат во полето подолу од етатизмот и модерната држава, во врховистичкиот триаголник од идеолошкото каро.

Авторитаризмот опфаќа најмалку две толкувања, односно лев и десен авторитаризам.[843] Левиот авторитаризам, проектира леви авторитарни режими, или социјалистички држави, додека пак десниот авторитаризам, проектира десни авторитарни режими, односно националистички авторитарни или фашистички држави. Историјата на политички реалности опфаќа голем број на држави кои може да се сместат во овие две подгрупи. Така на пример, државите од источниот блок, пред 90-тите години, како и Куба, Венецуела, спаѓаат во концептуалниот вид на леви авторитарни држави, или едноставно, социјалистички држави. Од друга страна, како десни авторитарни држави, може да се напоменат фашистичка Италија, Шпанија, како и голем број на режими и воени хунти, пред и непосредно по завршувањето на Втората светска војна. Во денешни услови, Путинова Русија, може да се вметне помеѓу десните авторитарни држави.

[843] Joseph H. Manson - Right-wing Authoritarianism, Left-wing Authoritarianism, and pandemic-mitigation authoritarianism (2020, The Official Journal of the International Society for the Study of Individual Differences (ISSID), Volume 167)

Левиот авторитаризам (социјализам) и левите авторитарни држави, се лоцираат лево од *у* оската, во полето на авторитаризмот, додека десните видови на авторитаризан (фашизам) и десните авторитарни држави, десно од оската.




**Слика 13:** Графички приказ на авторитарната држава, авторитаризмот, левиот авторитаризам (социјализам), левата авторитарна (социјалистичка) држава, десниот авторитаризам (фашизам) и десната авторитарна (фашистичка) држава, на врховистичкиот триаголник во идеолошкото каро

## 100. Тоталитарна држава и тоталитаризам

Тоталитарната држава претставува концептуален вид на држава, за која е карактеристична големата употребата на насилство и закана со употреба на насилство, во општествените односи, широките надлежности на државата, и изразувањето на силна контрола врз човековите животи, делувања и односи.[844]

Тоталитаризмот претставува идеа, која може да биде манифеситиран во две доминантни форми, и тоа лева и десна. Во политичката реалност, овој вид на држава, го постигнува својот зенит, своевидно во Нацистичка Германија и Советска Русија. Тоталитарната држава, своето постоење и владеење го темели врз насилство и страв од насилство, како и длабокиот упад во животите на поединците и нивните делувања. Првата одлика за тоталитарните држави е тоа што тие недвосмислено го повредуваат човековиот живот, слобода и имот, истото манифестирано во политички хајки и убиства, постоење на логори и одржување на принудна работна сила, национализација на имот и тн. Во

[844] Хана Арент - *Изворите на тоталитаризмот* (2013, Фондација Отворено општество)

денешницата, постои барем една тоталитарна држава, а истата може да се поистовети со Северна Кореја, во која политичките елити владеат арбитрерно и неодговорно, поседуваат огромна политичка моќ, споредено со моќта која ја поседуваат поединците или нивни групирања.

Концептуалните видови на лева и десна тоталитарна држава, се всушност многу слични[845], а она во кое што најмногу се разликуваат можеби е реториката на политичките елите за оправдувањето на нивното владеење, која може да биде цврсто националистичка, расистичка и шовинистичка, и исто така може да користи комунистичка реторика, повикувајќи на сеопшта револуција на работните маси и воспоставувајќи *диктатура на пролетаријатот*. Теоријата за сличноста помеѓу *екстремната левица* и *екстремната десница*, претставени од левиот и десниот тоталитаризам е наречена *теорија на потковица* (*horseshoe theory*).[846]




**Слика 14:** Графички приказ на *теорија на потковица* (*horseshoe theory*).[847]

Она што е заедничко за истите е насилството и стравот од насилство[848], како и тенденцијата за целосна контрола од страна на политичките елити, а оправдувањата

---

[845] Michael Rieger - Were the Nazis Really Socialists? It Depends on How You Define Socialism (2019, fee.org)
[846] LT Wright - Horseshoe Theory (and Why the Radical Left and Right Wing Are the Same) (2022, soapboxie.com)
[847] LT Wright - Horseshoe Theory (and Why the Radical Left and Right Wing Are the Same) (2022, soapboxie.com)
[848] Herbert McClosky and Dennis Chong - Similarities and Differences between Left-Wing and Right-Wing Radicals (1985, *British Journal of Political Science, Vol. 15, No. 3*, Cambridge University Press)

произлегува од официјалната идеологија, изградена позади режимот. Секако, поради таа своја сличност, тие осцилираат блиску вертикалната оска на идеолошко каро, и се спојуваат во концептот на тотална држава, на средина на хоризонталната оска.

Тоталитарната држава, тоталитаризмот, и нивната лева (комунистичка) и десна (нацистичка) манифестација се лоцирани под авторитарната држава и авторитаризмот, на вертикалната оска, и на средина, на хоризонталната оска.




**Слика 15:** Графички приказ на тоталитарната држава, тоталитаризмот, левиот тоталитаризам (комунизам), левата тоталитарна (комунистичка) држава, десниот тоталитаризам (нацизам) и десната тоталитарна (нацистичка) држава, на врховистичкиот триаголник во идеолошкото каро

## 101. Тотална држава и тотализам

Тоталната држава е долниот концепутален екстрем, во кој може да се појави државата, сфатена во најширока смисла. Тотална држава би била онаа држава, која што изразува најтирански став кон поединците кои живеат на нејзина територија, насилството и стравот од насилство се клучни и застапени скоро во сите општествените односи, а нејзината надлежност ги опфаќа сите сфери на човеково делување или општествено живеење, па дури и оние најприватните. Постоењето на ваква држава во општествената реалност, би претставувала вистинска дистопија, односно владеење на терор. Доколку тоталитарната држава изразува волја за контрола на скоро сите сфери од приватното

живеење, тоталната, под претпоставка има тенденции да го контролира она што поединците го мислат и чувствуваат, или пак државата ги обезбедува сите сервиси, кои во нормално општество се длабоко во доменот на приватниот живот на поединецот. Извонреден пример за тотална држава дава Орвел во дистописката *1984*-та[849], Хаксли во својата *Прекрасен нов свет*[850] и Ренд, во *Химна*.[851]

Поширокатa идеологија позади овој вид на држава или тотализмот, а може да се поистовети и со национал-болшевизмот[852], како и други идеологии, кои комбинираат најекстремни поставки од левицата и десницата. Национал-болшевизмот, како што и самото име кажува, претставува амалгам на она што е познато како екстремна, или тоталитарна левица, своевремено претставена од Болшевиците во Русија, и екстремен национализам, расизам, ксенофобија, и слично, кои се провлекуваат од таканаречената екстремна десница. Поедноставено, национал-болшевизмот ја проектира тоталната држава, кој пристапува со насилство и закана со насилство кон речиси сите општествени проблеми, изразува контрола врз секој аспект од приватното живеење и општествено функционирање, и која се труди да ги диригира човековите делувања и општествениот поредок. Од политичката реалност, може да се наведат неколку режими кои се стремеле да ја постигнат оваа тотална држава, а најблиску до неа стигнале советска Русија и нацистичка Германија. Сепак, станува збор за концептуален вид на држава, за чие остварување во политичката пракса, потребно е исполнување на голем број предуслови.

Тоталната држава и тотализмот, и следствено национал-болшевизмот, се сместени најдолу на вертикалната оска, а во средината на хоризонталната.

[849] Во Орвеловата 1984-та, тоталните држави се претставени преку: Океанија (Oceania), Евроазија (Eurasia) и Источна азија (Eastasia). Повеќе: George Orwell - *1984* (1949, rauterberg.employee.id.tue.nl)
[850] Во Хакслиевата дистопија, светската држава е одговорна за создавање на луѓе, и тоа во повеќе касти, со цел нивно вклупување во широките производствени процеси. Повеќе: Олдус Хаксли - *Прекрасен нов свет* (ТРИ, 2023)
[851] Во Рендовата дистопија, не постои концептот за индивидуалност и не постои зборот јас, туку ние. Повеќе: Ayn Rand - *Anthem* (1938, wheelersburg.net)
[852] David Brandenberger - National Bolshevism (2005, socialhistoryportal.org)




**Слика 16:** Графички приказ на тоталната држава, тотализмот и национал болшевизмот, на врховистичкиот триаголник во идеолошкото каро




**Слика 17:** Графички приказ на реална типологија на држава и идеологии на идеолошкото каро

## 102. Држава-мајка и матернализам

Држава-мајка претставува концептуален вид на држава, која има определени карактеристики, својствени за повеќе видови на држави. Истата, на идеолошкото каро е позиционирана во левиот триаголник означен и во истиот влегуваат следните видови на

држави: социјална минимална, социјална либерална, социјална, социјалистичка и комунистичка држава.

Матернализмот, од друга страна, претставува идеолошка подлога за оправдување и анализа на концептуалниот вид на држава-мајка, а во себе ги вклучува следниве идеи и/или идеологии: блидинг харт либертаријанизам, социјален либерализам, велферизам, лев авторитаризам и лев тоталитаризам.

Држава-мајка се однесува на оние држави кои со своите мешања, пред се во економијата, но и општеството во целина, играат улога на родител - *мајка*, односно се грижат за своите граѓани, преку најразличните социјални трансфери и прераспределби, преку организирање на образовниот и здравствениот систем, како и стимулирање и субвенционирање на културни дејности. Аналогно, овој вид на држава може симболички да се поистовети со улогата на *мајка*, затоа што неговата грижа е *поблага*. Екстремниот вид е претставен од левата тоталитарна држава, лоцирана најдолу на вертикална оска.

## 103. Држава-татко и патернализам

Држава-татко, исто така претставува концептуален вид на држава, со определени карактеристики, својствени за повеќе видови на држави. Во однос на идеолошкото каро, истата е позиционирана во десниот триаголник и во истиот влегуваат следните видови на држави: конзервативна минимална, национална либерална, национална, фашистичка и нацистичка држава.

Идеологијата позади концетуалниот модел на држава-татко е патернализмот, а во себе ги вклучува идеите или идеологиите на конзервативен либертаријанизам, национален либерализам, национализам, десен авторитаризам и десен тоталитаризам.

Држава-татко се однесува на оние држави кои со своите мешања во општеството во целина ја играат улогата на татко, односно ги поттикнуваат граѓаните да се идентификуваат со заедништвото, ја воспеваат улогата на заедницата (државата, нацијата и фамилијата), а од друга страна покажуваат помала *непосредна грижа за истите*, што не е случај со државата-мајка. Аналогно, овој вид на држава може симболички да се поистовети со улогата на *татко*, затоа што неговата грижа е *посурова* и очекува некаква жртва за заедницата/фамилијата. И тука, екстремниот вид е претставен од десната тоталитарна држава, лоцирана најдолу на вертикална оска.




**Слика 18:** Графички приказ на држава-мајка и држава-татко

### 104. Слободарски триаголник и слободарство

Слободарскиот триаголник претставува концептуален модел кој е основан врз идеолошката тенденција на слободарството, и тоа сфатен во негова најширока смисла. Во себе ги опфаќа идеите или идеологиите на анархизам, либертаријанизам, класичен либерализам и модерен либерализам. За истиот е карактеристично дека во аксиолошкиот фокус е поединецот и неговата слобода, наспроти политичките власти. Во него се содржани концептуалните видови на држави: бездржавие, ултра-минимална држава, социјална и конзервативна минимална држава, социјална и национална либерална држава.

### 105. Врховистички триаголник и врховизам

Врховистичкиот триаголник претставува концептуален модел кој е основан врз идеолошката тенденција на врховизмот, и тоа сфатен во негова најширока смисла. Во себе ги опфаќа идеите или идеологиите на национал-болшевизмот, тоталитаризмот, авторитаризмот и етатизмот. За истиот е карактеристично дека во аксиолошкиот фокус е државата, општественото добро и слични колективни вредност. Во него се содржани концептуалните видови на држави: тотална држава, лева и десна тоталитарна држава, лева и десна авторитарна држава, како и нацијата и државата на благосостојба.




**Слика 19:** Графички приказ на слободарство и врховизам




**Слика 20:** Детален графички приказ на идеолошкото каро и спектарот на реална типологија на државата и идеологии

| | *Точка/Фигура* | *Држава* | *Идеологија* |
|---|---|---|---|
| 1 | A | Анархија, бездржавие | Анархизам |
| 2 | ABN | Ултра-минимална држава | Волунтаризам |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3 | NBCM | Држава ноќен-чувар | Либертаријанизам |
| 4 | MCDK | Минимална држава | Класичен либерализам |
| 5 | MA2A3K | Социјална-минимална држава | Блидинг харт либертаријанизам |
| 6 | A2CDA3 | Конзервативна-минимална држава | конзервативен либертаријанизам |
| 7 | KDRL | Либерална држава | Современ либерализам |
| 8 | KA3OL | Социјална-либерална држава | Социјален либерализам |
| 9 | A3DRO | Национална-либерална држава | Национален либерализам |
| 10 | LREJ | Модерна држава | Етатизам |
| 11 | LOT3J | Социјална држава | Велферизам |
| 12 | ORET3 | Национална/нација држава | Национализам |
| 13 | JEFI | Авторитарна држава | Авторитаризам |
| 14 | JT3T2I | Социјалистичка држава | Социјализам |
| 15 | T3EFT2 | Фашистичка држава | Фашизам |
| 16 | IFGH | Тоталитарна држава | Тоталитаризам |
| 17 | IT2T1H | Комунистичка држава | Комунизам |
| 18 | T2FGT1 | Нацистичка држава | Нацизам |
| 19 | HGT | Тотална држава | Тотализам |
| 20 | LAR | Слободарски триаголник | Слободарство |
| 21 | LRT | Врховистички триаголник | Врховизам |
| 22 | ATL | Држава мајка | Матернализам |
| 23 | ART | Држава татко | Патернализам |

**Табела 2:** Битни точки и полиња и нивното кореспондирање со видовите на држави

## ГЛАВА 10:
## ФУНКЦИИ НА МОДЕРНА ДРЖАВАТА

Модерната држава, како општествен субјект со посебна природа, може да биде предмет и на функционален осврт. Истиот се фокусира на функциите кои државата ги има, ги исполнува, или треба да ги исполнува во рамките на општеството, поединците и територијата на која ја протега својата власт. Функциите, поедноставно може да се одредат како *услугите*, или *сервисот*, *опслужувањето*, кои што државата ги врши или нормативно треба да ги врши. Во таа смисла, може да се издвојат неколку генерализирани *функции*[853] на државата во општеството, а тоа се: *Духовно-идентитетската*, *Безбедносно-правосудната, Воспитувачко-етичката функција*, *Економско-финансиска*, *Социјално-здравствена*, *Образовно-културна* и *Еколошка функција*.

### 106. Лева и десна димензија на функциите

Функциите кои државата ги изразува кон поединците и општеството, може да имаат лева и десна димензија. Десната димензија е претставена од поставките кои се својствени за *левите идеологии* кои ги адаптираат државите, како и обратно. Десничарството во политиката и идеологијата, обично се поврзува со *традиција*, *национален идентитет*, *духовно поврзување*, *заштита на идентитетот* итн. Од друга страна левичарството, се поврзува со *централизирана распределба*, *грижа за здравјето на граѓаните*, *образованието*, *културата*, *социјалните случаи*, и сл.[854]

Аналогно на тоа, како функции со десна димензија на државите може да се сметаат: *духовно-идентитетската функција*, *безбедносно-правосудна функција*, *воспитувачко-етичка функција*, а како функции со лева димензија на државите може да се сметаат: *економско-финансиска функција*, *социјално-здравствена функција*, *образовно-културна функција* и *еколошка функција*.

Функциите, исто така може да се претстават преку два концепти на држава, одредени од нејзината улога во општеството. Тоа се ***држава-татко*** и ***држава-мајка***. За

[853] Randolph Bourne - *The State* (1998, SeeSharp Press)
[854] Don Lavoie - *National Economic Planning: What's Left?* (2016, Mercatus Center at George Mason University)

државата-татко карактеристична се функциите од десната димензија, додека за држава-мајка, од левата.

## 107. Духовно-идентитетска функција

Според Хегел, државата, е *божественa манифестација*[855] на земјата, морална или етичка актуелизација на *Идеата*[856], и крајната фаза во развојот на Духот (the Geist). Аналогно на оваа Хегелова констатација, државата не е само мрежа или хиерархиска структура на општествени институции, туку истата е подигната на едно повисоко, апстрактно, или духовно ниво.

Хегеловото одредување на држава најдобро ја доловува оваа нејзина функција. Истата има цел да поттикне чувство на идентитет или поистоветување, обединување и некаков заеднички успех и единственост или солидарност помеѓу поединци кои живеат на определена територија, зборуваат определен јазик, веруваат во ист Бог и/или одржуваат слична културна традиција. Државата е таа која ја исцртува таа делбена линија, која не одвојува од останатите, и му дава смисла на тоа што *ние сме*, останатите *не се*, а на тој начин го гради нашиот *колективен идентитет*.

Колективизмот, како нота на перцепција, може да се појави во повеќе теоретски или идеолошки поставки, а во себе ја содржи *Ласловата дилема*[857] - општественото постоење на човекот е првенствено во однос на неговото индивидуално или биолошко постоење. Од тука се провлекува и дека заедницата, составена од сите членови, норми и структури, е секогаш побитна од поединецот. Поединецот не е цел сам за себе, туку средство за постигнување на целите на заедницата или колективот. Вака поставено, луѓето најчесто не би се поистоветувале со ваквата позиција, но истата сервирана во идеолошка обланда има голема привлечна сила. Етатизмот, социјализмот, национализмот, фашизмот и нацизмот (како комбинација на сите три) претставуваат манифестација на таа колективистичка аксиома, според која класата, нацијата, државата и/или расата се побитни од поединците. Поединците, без кокретната припадност во една од овие колективни категории, немаат

---

855 Puja Mondal - Hegel Conception of the State (yourarticlelibrary.com)
856 Hegel's Philosophy of Right (marxists.org)
857 Ervin Laszlo - *Individualism, Collectivism & Political Power* (1963, Springer - Science + Business Media, B.V.:Hague)

смисла, затоа што не може да се вложат како средство за унапредување на колективната категорија.

Државата, како таков посебен субјект, за да ја задржи својата позиција, или уште подобро да ја оправда истата, има насушна потреба да обезбеди *духовно-идентитетска функција* за своите поединци. Потребно е истите да се поистоветуваат и да чувствуваат припадност кон неа, не само затоа што истата им го *прави животот подобар*, туку едноставно затоа што тоа е нивната должност, да бидат употребени како средство во нејзиното унапредување. Унапредувањето на колективот[858], секогаш е воден од држава, или општествено-политички субјект налик на неа. Човекот како *zoon politikon* има потреба да биде дел од заедница и да припаѓа во една или повеќе од нив. Државата е првата и најспецифична заедница во која човекот припаѓа.

Духовно-идентитетската функција на држава се манифестира во државните симболи, како што се знамето, химната, грбот, уставот па дури и спортските репрезентации, како и сите останати симболи кои ја истакнуваат таа посебна заедничност. Истата функција се прикажува во обврската за зачувување и пазење на знамето во услови на војна. Својот зенит го доживува во решителноста на поединците да ги положат животите доколку од нив тоа го бара државата.

Оваа функција, покрај државата, во рамки на општеството може да ја задоволуваат и други природни или доброволни, приватни субјекти, од недржавно потекло, започнувајќи од семесјтво, како најмала човекова заедница, различни здруженија, клубови или пак фирми и компании, но со појавата на државата, истата наметнува тенденција да ги замени истите.

### 108. Безбедносно-правосудна функција

Оваа функција е исто така суштествена функција, односно темелна услуга кој државата им ја дава на поединците. Цел на е истата е да го заштити животот, слободата и сопственоста на поединецот, како и да ги санкционира сите оние кои што ги повредуваат овие вредности. Оваа функција е поврзана со самото јадро на државата, и основната услуга која им ја дава на поединците, а тоа е да ги заштити нив и нивниот имот од различни повреди. Тоа подразбира и да организира правен систем во кој ќе се пронајдат и

[858] William Henry Chamberlin - A False Utopia: Collectivism in Theory an Practice (1937, mises.org)

санкционираат повредувачите, а штетата ќе биде санирана. Во обезбедувањето на безбедносни и правосудни услуги на своите граѓани, политичката власт го користи монополот на физичка принуда кој е легитимизиран со помош на категоријата на суверенитет.[859] Оваа функција се манифестира во три основни институции кои ја спроведуваат, и тоа *војска*, *полиција* и *судство.*

*Војската* е значајна институција која го обезбедува одржувањето и опстанокот на државата, под закана од надворешни агресори или непријатели. Војската има цел, со помош на насилство да го брани првенствено државниот суверенитет на конкретната територија, како и поедниците, нивната слобода и сопственост, и тоа од потенцијално насилство кое доаѓа надвор од нејзините граници. Секако, низ политичката историја, војската не само што била користена за заштита од напад, туку за агресија врз народи и територии.

*Полицијата* е задолжена за обезбедување на државата во смила на луѓето кои ја претставуваат (премиер, претседател, пратеници итн) и државниот имот како таков, и тоа од внатрешен непријател (наспроти војската, која ја штити државата од надворешен непријател). Во однос на граѓаните, полицијата претставува орган до кого истите се обраќаат кога нивните живот, слобода или сопственост се непосредно загрозени, и орган кој реагира или треба да реагира во такви услови, со цел превенирање или санирање на повредата или опасноста за повреда. Полицијата го обезбедува или треба да го обезбедува правниот поредок на државната територија. Секако, стои напомената дека изнесеното е од нормативна перспектива, односно, што според устав и закон треба да услужува полицијата. Но релната перспектива, која е далеку посложена, во секој случај може да прикаже различно ниво на ефикасност во самата услуга. Реалната перспектива за полицијата треба да земе во обзир дали во принцип граѓаните се задоволни од телото како такво, секако надополнето со економска анализа на ефикасноста, т.е. колку се троши и како се троши, земајќи го во предвид нивото на корупција, но и тенденцијата и интензитетот на злоупотреба на дадената моќ.

*Судството* претставува систем составен од правосудни органи, вклучувајќи го и јавното обвинителство и казнено-поправните установи, како и други, чија основна задача е

---

[859] Nikola Lj. Ilievski - The Individual Sovereignty: Conceptualization and Manifestation (2015, *Journal of Liberty and International Affairs*, Vol.1, Num.2)

примена на правото во конкретни реални ситуации, ретрибуции или санации на повредите, како и санкционирање на *сторителите на повреда*, и на тој начин остварување на правдата во општеството и државата.

Безбедносно-правосудната функција е *јадрена* државна функција[860]. Околу неа е легитимирана и единствениот либертаријански концептуален вид на држава - државата ноќен чувар. Таа е непосредно поврзана со, и својата моќ ја црпи од легитимизираниот монополот на физичка принуда.

### 109. Економско-финансиска функција

Оваа функција, е исто така од суштинско знаење за постоењето и развојот на државата. Таа се однесува на функционирањето на економските текови во општеството. Задача на истата би била овозможување и управување на тие економски текови, изразување на контрола, како и пренасочување (корегирање) со активно учество во истите. Во економски текови влегуваат сите општествени односи во кои постои размена на парични средства или побарувања, за определен производ или услуга. Основната економска функција на државата е воспоставување и градење на институции кои ефективно ќе го почитуваат правото на поседување и размена на сопственост, правото на непречена размена на производи и услуги, како и гаранција за почитување на договореното меѓу субјектите. Дополнително, економско-финансиската функција на државата во општеството може да се изрази како два генерални вида на нејзино мешање во економијата, и тоа непосредно и посредно мешање.[861]

*Непосредното мешање* во националната економија, државата го актуелизира преку повеќе видови на делувања. Првиот вид на непосредно мешање се однесува на ***оддаavочувањето и јавните финансии***, преку кое државата наметнува обврска за одделување од заработеното, или обврска за плаќање на дополнителна сума за определен производ или добро, кое оди во нејзината каса. Тоа се двата основни типа на даноци, и тоа оние на заработувачка и оние на потрошувачка. Исто така, во овој вид на мешање, може да се вклучат и разните видови на давачки, како што се даноци на имот, придонеси, акцизи, царини, такси и сл. Сите тие имаат одреден ефект врз алокација на ресурсите во

[860] Nigel Ashford - The Role of Government: schools of thought in classical liberalism (2020, studentsforliberty.org)
[861] Friedrich A. Hayek - *The Road to Serfdom* (2001, mises.org)

економијата. Втор вид на непосредно мешање е она преку различни ***забрани за извршување на определени деловни активности***, како што се производство и пуштање во промет на опојни droги, забрана за организирање на активности на проституција и сл. Дополнително, овие забрани можат да се однесуваат и за вршење на различни дејности, кои се сметаат за ексклузивитет на државата (како на пример издавање на валута и сл.). Трет вид на непосредно мешање, е во оние ситуации, во кои државата претставува ***активен субјект во економските односи***, преку јавните претпријатија и фирмите со јавни деловни овластувања. Во земјите каде државата спроведува опсежни планирања на економијата, истите активности спаѓаат во овој вид на мешање. Четврт вид, претставува мешањето, со воспоставување на ***непосредна контрола врз цените*** на определени добра и услуги[862], како што се на пример горивата, алкохолот, пластичните ќеси и сл. Како петти вид на мешање, може да се наведе ***експропријацијата*** на сопственост, или ***национализицијата***, или ***конфискацијата,*** што во основа претставува озаконето (легално) одземање на имот на приватен субјект, од страна на државата.

*Посредното мешање* на државата во економијата, од друга страна, се остварува преку неколку активности, со кои државата на посреден или директен начин влијае врз економските текови. Првата активност се поистоветува со водење на ***монетарна политика***. Истата е изразена преку ексклузивната надлежност на државата да печати официјални валути и истите да ги пушта во оптек.[863] Преку оваа активност, државата изразува легитимираност и способност за контрола и манипулација со националната валута, преку кои може суштински да влијае врз економските текови во општеството. Посредното мешање во економијата, може да се појави во вид на ***субвенционирање*** на определени добра или услуги, или пак субвенционирање на определени субјекти на пазарот. Тука спаѓаат и ***социјалните издатоци***[864] за определена погодена категорија на поединци. Субвенционирањето претставува издвојување на средства од буџетот, и насочување на истите кон продавачите или купувачите на определени добра и услуги. Ова мешање има ефекти врз побарувачката и понудата за конкретните добра или услуги на пазарот. Понатаму, посредното мешање на државата може да биде во форма на различни ***регулации и стандардизации***, со кои им се наметнуваат определени услови за

[862] Leonard E Read - I'd Push the Button (2018, fee.org)
[863] Friedrich A. Hayek - *The Denationalization of Money* (1976, iea.org.uk)
[864] Tom G. Palmer - *After the Welfare State* (2012, Atlas Network & Students for Liberty)

функционирање на деловните субјекти. Истите мора да бидат исполнети, доколку субјектите сакаат да ја вршат конкретната економска дејност. Во спротивно, со заобиколување на конкретните регулации и стандардизации, субјектите би биле казнети, а нивната дејност би била спречена. Секако и ова активност има ефект врз економските текови, на начин што го ограничува влезот на одредени субјекти на пазарот, а со тоа го ограничува самиот пазар и ја привилегира позицијата на субјектите кои што веќе функционираат на пазарот.

Може да се заклучи дека секоја активност на државата во рамки на општеството, дефинитивно има свои економско-финансиски последици.

### 110. Воспитувачко-етичка функција

Како една главните функции на концепот на ***држава-татко***, може да се наведе воспитувачко-етичката функција на државата. Овој концептуален вид на држава и конкретно оваа функција цели да ги зајакне моралните вредности кај населението, а на тој начин се грижи за *здравјето на нацијата*.[865] Оваа функција е често проследена како инкриминирање на дела кои не соодветствуваат со определен морален код, за кој властите се заложуваат.

Воспитувачко-етичката функција опфаќа активности како што се забрани и казни, односно сурова грижа, претставена преку *државата-татко*[866][867]. Дополнително, во рамките на оваа функција може да се наведат активности поврзани со инкриминирање на дела кои немаат жртва (*victimless crimes*), посебниот статус на забрана на дрогите (*war on drugs*), забраните поврзани со посредување при вршење проституција, забрана на различни коцкарски и обложувачки дејности, забрана на полигамија, полиандрија, геј-бракови, нефлексибилен преку-граничен режим, посебен статус на дојденци и сл.

Оваа функција на државата обично е најсилно изразена кај државите со кои владеат десничарски, односно конзервативни политички елити. Тоа е така затоа што почитувањето

[865] Концептот на *здрава нација* е еден од основните на десничарските агенди, особено популарен за време на нацизмот и фашизмот. Позади концептот се крие засилено ангажирање на политичките власти во екипирање на млади луѓе, организирање на физичко воспитување и образование, и секако индоктринирање за основите на владеачката идеологија. Но, овој концепт не е користен само од екстремно десните власти низ историјата, туку истиот го ползувале и политичките елити на екстремната левица. Повеќе: Jonah Goldberg - *Liberal Fascism: the Totalitarian Temptation from Mussolini to Hillary Clinton* (2007, Doubleday)
[866] Christopher Snowdon - *Killjoys: A Critique of Paternalism* (2017, iea.org.uk)
[867] Eunseong Oh - Mill on Paternalism (2016, Journal of Political Inquiry)

на моралот, одржувањето на *здрава нација*, како и зачувувањето и продолжувањето на традицијата претставуваат концепти кои се присутни, во најмала рака во десничарските реторики, а дополнително и во нивните политики.

### 111. Социјално-здравствена функција

Оваа функција е една од основните функции на концептуалниот модел на држава-мајка. Концептот на ***држава-мајка*** се однесува на оние држави, односно на оние аспекти на државата, кои со своите мешања, пред се во економијата, но и општеството во целина, играат *грижлива улога* на родител - *мајка*.[868] Тие се грижат или треба да се грижат за своите граѓани, посебно за оние чија што грижа е најпотребна. Грижата е манифестирана првенствено во социјално-здравствената функција на државата[869]. Доколку кај *државата-татко* грижата е првенствено изразена преку различни забрани и казнување на забранети активности, *државата-мајка* ја изразува истата со помош на *мека моќ*. Меката моќ е манифестирана како субвенции, трансфери, пропаганда, и други активности на државно чинење, а со самото тоа, и мешање во човековите делувања и општествените односи.

Социјалната функција се однесува на доминантна улога на државата во организирањето и спроведувањето на социјалниот систем, во форма на најразлични политики на социјални прераспределби, стимулации и субвенции, преку кој се очекува дека државата ќе се грижи за поединците, на кои грижата им е потребна. Тука влегуваат конкретните политики на социјална помош, субвенционирање на многу-детни семејства, најразлична помош на маргинални групи, жени, деца, хендикепирани, регулација за негативна дискриминација, посебна заштита на ЛГБТ населението и сл. Исто така тука влегуваат и надлежностите на државата во организирањето на пензискиот систем.

Здравствената функција е претставена од услугите кои државата ги дава во врска со здравјето на населението. Државата го организира и финансира здравствениот систем во рамките на нејзините граници. Истата финансира болници и други здравствени установи, исплаќа плати на доктори, но и секако го организира здравствениот систем со помош на нејзините тела.

[868] Jonah Goldberg - *Liberal Fascism: the Totalitarian Temptation from Mussolini to Hillary Clinton* (2007, Doubleday)
[869] Tom G. Palmer - *After the Welfare State* (2012, Atlas Network & Students for Liberty)

## 112. Образовно-културна функција

Оваа функција е во делокругот на *државата-мајка* и преку истата, државата има тенденција да ги организира и финансира образовните и културните дејности.

Образовната функција е поврзана со организирање, финансирање и одржување на градинки, основни школи, средни училишта, но и финансирање на (јавни) високо-образовни установи. Преку оваа функција, државата се труди да го има доминантниот збор во образувањето на младите лица на нејзината територија, а дополнително и да го продолжува и академски стимулира оправдувањето за нејзиното постоење, како и постоење на целата јавна власт.

Културната функција на државата, во тесна врска со образовната, е поврзана организирањето, финансирање и одржување на културниот сектор на нејзината територија. Културниот сектор е претставен од најразлични културни установи и настани, како домови на култура, театри, филхармонии, опери и сл. Нормативната цел на оваа функција е да ја стимулира културна дејност на нејзината територија, но и да го оправда нејзиното постоење и активности преку најразлични изрази на културно творештво.

Како и претходната социјално-здравствена функција, културно-образовната е својствена за концептот на *држава-мајка*[870], која има за цел да се грижи за своите граѓани, како за нивното здравје, така и за нивното образование и културно оплеменување.

## 113. Еколошка функција

Еколошката функција на државата е поврзана со нејзините активности за заштита и унапредување на животната средина. Овие активности може да имаат карактер на субвенционирање, финансиски трансфери, како и разни кампањи во доменот на екологијата и животната средина. Од аспект на концептот на држава-татко, тука би се набројале активностите на забрана на определени дејности, кои се сметаат за штетни за животната средина, како и казнувања за потенцијално загадување, или друг вид на еколошка деградација на средината.

---

[870] Jonah Goldberg - *Liberal Fascism: the Totalitarian Temptation from Mussolini to Hillary Clinton* (2007, Doubleday)

# ГЛАВА 11:
# АКТИВНОСТИ НА МОДЕРНА ДРЖАВА

Што прави државата во општеството е прашање кое се однесува на нејзините дејствија или активности, кои таа ги презема кон своите граѓани, нивните форми на здружувања, како и односите кои произлегуваат од нив. Активностите кои државата ги презема се многу на број, а нивната разноликост определува анализа преку неколку групи на активности, во кои истите ќе бидат дополнително анализирани.

## 114. Практикување на власт

Првата и примарна активност која државата како *легитимен монопол на физичка принуда* ја презема во општеството, претставува изразувањето на суверенитетот врз територијата и граѓаните, на кој/кои се однесува нејзиниот монопол. Изразувањето на суверенитетот е теоретски концепт кој ја легитимира или оправдува самата активност на практикување на власт од *суверенот*. Практикувањето на власт едноставно го означува делувањето на државата во општеството, со својата *sui generis природа*, на легитимен монопол на принуда. Истата, како најопшта и севклучувачка активност се анализира преку повеќе видови на активности, систематизирани во неколку групи.

## 115. Нормирање, извршување и пресудување

Модерната држава својата власт ја практикува преку три генерални активности, и тоа нормирање, извршување и пресудување. Модерните политички теории, ја поставуваат тезата за ограничување на власта преку *нејзина поделба* на три видови на власт, кои треба да ја гарантираат или стимулираат независноста на сите три.[871] Секако, постои неконзистентност во однос на нивната меѓусебна независност. Независноста е компромитирана, првенствено со изборот, а секако и со финансирањето на сите власти, кое е пак во надлежност на една власт - извршната.[872] Овие три активности на власта се *нормирање*, *извршување* и *пресудување*, кои се надоворзуваат, на трите видови на власт, и тоа законодавна, извршна и судска власт.

---

[871] Charles Louis de Secondat, Baron de Montesquieu - *Complete works, vol.1 The Spirit of Laws* (2011, Liberty Fund)
[872] Мареј Ротбард - *Анатомија на државата* (2021, libertania.org)

Нормирањето, како фундаментална активност се состои во создавање и поставување на правила кои важат да го ограничат или насочат човековото делување во општеството, со цел да се обезбеди некаков правен и поширок општествен поредок во земјата. Нормите, или правилата, утврдуваат дали што не смее да се прави, што мора да се прави, како и дозвола за правење на определени активности. Носител на нормативните активности претставуваат законодавните органи, кои може да се појават како Собрание, Парламент, Совет и сл.

Извршувањето го означува процесот и активностите на спроведување на нормите и изведување на механизми за гаранција на тоа спроведување. Доколку нормирањето, претставува статичниот дел од поимот на практикување на власт, извршувањето го означува токму динамичниот дел, односно ставање на нормираното во пракса. Баш поради овој динамичен дел, кој остава голема слобода на политичките власти, како во толкувањето на нормираното, но така и во самото спроведување на истото, активноста на извршување е клучна во процесите на практикување на власт. Впрочем, нормираното е празно слово, без ефектот кој го има извршувањето. Главен чинител во извршувањето, а со самото тоа и во практикување на политичката власт претставува извршниот орган или поединец, кој може да биде Влада, Претседател, Монарх, бирократија, и слично.

Пресудувањето е третата генеричка активност на практикувањето на власт. Пресудувањето ја означува активноста на примена на нормите (правото) во конкретни поединечни случаи, во услови на некаква повреда на определено право и/или однос. Носители на активностите на пресудување претставуваат јавните судови, од сите инстанца.

## 116. Оданочување, задолжување и трошење

Модерната држава финансиски функционира, претежно, врз основа на даноци, кои им ги наметнува на населението под нејзина јурисдикција. Данокот е обврска или форма на паричен или непаричен издаток, наплатен од страна на државата.[873] Истиот е еднострано наметнат од страна на државата, во најширока смисла, или како јавна власт, врз даночните обврзници, односно поединците и нивни правни лица. Оданочувањето може да се јави во различни форми, но основни видови на даноци се данок на заработувачка и

[873] What Is a Tax? (taxfoundation.org)

данок на потрошувачка. Во слободарските кругови, данокот често се смета за *кражба*[874], посебно кај анархистите, додека минархистите го гледаат како цена за услугата на заштита која државата (треба да) ја овозможува, или како цена за живеење во организирано и цивилизирано општество.

Задолжувањето е процес на земање на кредити, со идно или одложено плаќање. Истото претставува скриено оданочување, со кое даночниот терет се префрла врз идните генерации. Многу често, задолжувањето може да биде загрижувачко за функционирањето на економијата, заради леснотијата на чинот на земање на средства со одложено плаќање. Посебно е проблем во демократиите, затоа што моменталните политички елити, не се многу загрижени за долговите кои треба да ги подмират идните елити, секако со помош на алатката на оданочување или зголемување на парите во оптек преку печатење на нови единици. Оданочувањето и задолжувањето ги претставуваат јавни приходи.

Трошењето, од друга страна ги претставува јавните расходи, односно активност на трошење на средства од страна на јавната власт. Истото е подетално испланирано со буџетот на државата, кој обично се донесува секоја година. Преку државното трошење, може да се виде системот[875], големината[876] и фокусот на државното мешање во поединечното делување и општественото функционирање.

## 117. Печатење валута, субвенционирање, продавање и купување

Водењето на монетарна политика, печатењето и одржувањето на национална валута е уште една од основните активности на државата[877], со која се остварува суштинска контрола врз економските текови и процеси во рамки на општеството. Дотолку повеќе, во прилог на контролата е и забраната на издавање на *приватни валути*[878], која во поголемиот број на држави е предвидено како кривично дело. Печатењето на валута претставува

[874] Michael Huemer - Is Taxation Theft? (2017. libertarianism.org)
[875] General government spending (2020, data.oecd.org)
[876] Livio di Mateo - *Measuring Government in the Twenty-first Century: An International Overview of the Size and Efficiency of Public Spending* (2013, Fraser Institute),
[877] Секако пост-модерните држави, кои се дел од процесите на над-национална интеграција и делегирање на дел од својот суверенитет на супранационално ниво, на прв поглед се исклучок од ова правило. Но, од друга страна, сепак монетарната политика и понатаму е во *јавната* (читај *политичката* или *државната*) *сфера на одлучување*, манифестирана во над-националната интеграција. Ова се однесува на Европската унија, како специфичен субјект на меѓународното право и специфичен вид на држава, сфатена во најширока смисла.
[878] Friedrich A. Hayek - *The Denationalization of Money* (1976, iea.org.uk)

главен инструмент за поттикнување на инфлација[879], која е алатка за наметнување на *скриено оданочување*[880], преку општо покачување на цените во економијата.

Субвенционирање се однесува на активноста на финансиско помагање од страна на државата, кон определени учесници и приватни субјекти кои функционираат на пазарот. Исто така, активноста може да ги субвенционира продавачите или купувачите на пазарот, со цел да стимулира или анулира определени поведенија и определени пазарни активности. Со самото практикување на активности на субвенционирање, политичките власти предизвикуваат пазарен дисбаланс и фаворизирање, и на долг рок го носат теретот на помалку ефикасно функционална економија.

Покрај улогата на главен контролор на економските текови во општеството, државата може да се појави и како пазарен субјект во општествените односи. Истата може да нуди свои услуги, да продава и да купува на пазарот. Во пост-социјалистичките држави, овие активности се највидно изразени преку јавните претпријатија, кои обавуваат определена дејност. Но нивната ефикасност е ставена под знак прашалник, баш поради нивниот јавен карактер и поради фактот што истите и во случаи на загуби, би биле намирени од буџетот на државата.

## 118. Забранување, цензурирање, воспитување, прогонување и санкционирање

Една од најакарактеристичните активности на државата е забранувањето. Државата, преку нормативната моќ која ја изразува, има предвидено како забранети голем број на поведенија. Започнувајќи со поведениа кои го нарушуваат принципот на само-поседување, но и други поведениа кои се во согласност со истиот, државата се поставува во улога на арбитер за поведенијата на поединците. Убиствата, физичките насилства и крадењето или уништувањето на имот се поведениа кои го повредуваат принципот на само-поседување а со самото тоа, нивната забрана може да се смета за легитимна. Но забранување[881] на активности како посредување на проституција, пуштање во употреба и овозможување на користење на наркотини супстанци, поседување на оружје како и други поведениа со кои

[879] What Is Inflation? (taxfoundation.org)
[880] Hans F. Sennholz & Steven Horwitz - Inflation Is Theft (1995, fee.org)
[881] Mark Thornton - *The Economics of Prohibition* (1991, mises.org)

субјектите не повредуваат само-поседувања на останатите поединци, не е легитимно да бидат забранети затоа што се дела (активности) без жртва (*victimless crimes*).[882]

Цензурирање се однесува на активноста која е поврзана со спречување на слобода на изразување или слобода на мирен собир и организирање. Цензурирањето, првично се надоврзува на активноста на гушење на слободата на изразување на медиумите и поединците, со најразлични оправдувања, како што се *лажни вести*, *екстремни идеи*, *поттикнување на насилство* и сл. Дополнително цензурирањето може да се однесува на недозволување, односно нерегистрирање на правни субјекти - политички партии или невладини организации и здруженија, кои имаат сомнителни или екстремени гледишта и пристапи.[883]

Воспитувањето е активност која практикувана од страна на државата, посебно во услови на постоење на нација-држава или држава на благосостојба. Воспитувањето е поврзано со учење на вистински вредности, како и апстинирање од лоши поведенија и оддолевање на супстанци (храна[884], алкохол, цигари, дрога). Државата тоа го прави во улога на родител[885] или дадилка (*nanny state*[886]) поставајќи се во таква позиција, дури и кон возрасните поединци. Тука може да се наведат најразлични мерки и политики, првично поврзани со забрани, како што се забрана на продавање алкохол во одредени саати, задолжителни налепници на пакети цигари, но и стимулирачки активности како што се финансирање на медиумски објави, истражувања и слично. Воспитувањето, како активност се совпаѓа со концептот на градење на *здрава нација*.

Прогонување и санкционирање се активности од кривично-правна природа, со која државата ги прогонува и казнува (санкционира) обвинетите и правосилно-осудените лица. Прогонувањето се однесува на активноста на барање и обезбедување на определен поединец под сомнеж за сторено кривично дели. Санкционирање се однесува на активноста на казнување на правосилно осудени поединци за извршување на кривично

---

[882] Walter E Block - *Defending the Undefendable* (2018, mises.org)

[883] Свеж пример за цензурирање е забраната за регистрирање на здружение на граѓани со име *Ванчо Михајлов*. Повеќе: Министерството за правда забрани Иван Михајлов да биде име на здружение (2023, slobodnaevropa.mk)

[884] Alannis Jáquez - The Nanny State: A Conservative Concern or a Misogynistic Myth? (2022, cpreview.org)

[885] Christopher Snowdon - *Killjoys: A Critique of Paternalism* (2017, iea.org.uk)

[886] Околу активноста на воспитување, односно оневозможување на користење на супстанци, како е наведено, droги, цигари, алкохол, храна и сл. може да се консултира The Nanny State Index (2021, Epicenter Network)

дело или дела. Казнувањето може да се состои од казна затвор, парична казна, забрана за врешење на определена дејност, како и други со закон определени санкции.

### 119. Регистрирање, собирање и анализа на податоци

Регистрирањето претставува активност на државата со која запишува, односно води регистри, како на најразлични видови на здружување (трговски регистар, регистар на невладини организации и сл), така и на определени настани, случувања и слично. Регистрирањето како такво, е активност на државата со која се овозможува нејзина контрола, односно истото е првиот чекор кон воспоставување на контрола. Од друга страна, регистрирањето овозможува увид на политичките власти во економските и пошироките општествени текови.

Собирањето и анализа на податоци се врши, преку најразлични органи и заводи кои имаат задача за исполнување на овие активности. Истите активности имаат цел да прикажат поширока и вистинска слика на некои појави и феномени во општеството. Но дополнително, со овие активности, се зголемување моќта на државата, и аналогно на тоа капацитетот за нејзина злоупотреба.

### 120. Контрола, ограничување, стандардизирање и дозволување

Контролата претставува активност на државата со која истата има тенденција да воспостави контрола врз поединечните и групните, организирани или не, делувања во рамки на општеството.[887] Контролата претставува постоење на државен увид во поединечните, економските и општествените процеси, и аналогно на тоа, мешање во истите.

Ограничувањето се однесува на различни ограничувања на поведението на поединците, како и делување на правни лица, со различни оправдувања за истите. Истите се манифесираат преку различни акти за деликти, како што се прекршочни и кривично правни акти, кои ги стипулираат ограничувањата.

Стандардизирање е активност на државата со која истата има цел да ги униформира делувањата, најчесто на правните лица во општестовото, од профитна или непрофитна

[887] Tom G. Palmer - *Self-Control Or State Control? You Decide* (2016, Jameson Books, Inc)

природа. Истото означува држење до определен стандард, и се наоѓа на истата линија со активноста на ограничување.

Дозволување е исто така активност, која се однесува на определени поведениа, односно на определени економски или пошироки општествени потфати, кои не се сметаат за легални или немаат правна сила (се ништовни), без самиот акт на дозволување кој се изведува од страна на државата. За вршење на определени дејности, потребна е *активноста на дозволување* на државата, и тоа по иницијатива на субјектот, на кого му е потребна дозволата. Аналогно на ова, слободата на делување, а со тоа и личната слобода, е предмет[888] на дозволување на државните органи[889].

### 121. Национализирање, експропријација и конфискација

Национализирање, експропријација и конфискација претставуваат активности на државата кои се поврзани со одземање на имот, без или со надомест.

Национализирањето е одземање на приватна сопственост без обезбедување на надомест, и најчесто е практикувано врз субјекти на правни лица, или деловни компании. Со национализирањето, приватната сопственост врз определена компанија станува државна, општествена или јавна. Оваа активност е карактеристична за државите кои биле комунистички, но исто така е карактеристична и за други западни земји (Велика Британија[890]), каде биле национализирани клучни индустрии.

Експропријација е одземање на приватна сопственост, со обезбедување на правичен (пазарен) надомест на истата. Најчесто се практикува кога сопственоста е од јавно или општо добро, или е потребна за изградба на објект и слично од пошироко значење (како патишта, мостови и сл.)

Конфискација, е исто така одземање на приватна сопственост, без обезбедување на надомест, и најчесто се практикува врз сторители на кривични дела, а сопственоста е стекната како резултат на кривичното дело кое го направиле.

---

[888] Тука може да се надоврзе дебатата за потеклото, односно изворот на оправдувањето на слободата, односно човековите прави и дебатата природно-право против позитивно право. Природното право ја аспектира слободата како дар од природата, Господ или резултат на човековиот разум и одреденост за делување, додека пак позитивното право ја означува истата како резуѕлтат на политичката заедница, или државата.
[889] Eamonn Butler - *Foundations of a Free Society* (2013, iea.org.uk)
[890] Mario Einaudi - Nationalization of Industry in Western Europe: Recent Literature and Debates (1950, *The American Political Science Review Vol. 44, No. 1*)

## 122. Образување, лекување, култивирање и грижа за лица на маргините

Образувањето претставува активност на државата, со која истата има цел да го регулира, организира и финансира образованието на нејзината територија, во вид на ниско, средно и високо образование.

Лекувањето, исто така претставува активност, со која државата има цел да го регулира, организира и финансира лекувањето на нејзината територија, преку клинички центри, болници, амбуланти и сл.

Култивирањето, е на истата линија како образувањето и лекувањето, само се однесува на процесите поврзани со култура, како регулирање, организирање и финансирање на културни активности, преку театри, домови на култура, музеи и слични други институции.

## 123. Организирање, администрирање, избирање, отпуштање и комуницирање

Државата, аспектирана како општествена организација, има потреба од активности кои се насочени кон одржување и подобрување на нејзиното функционирање во општеството, во форма на *организирање*, *администрирање*, *комуницирање*, *избор* и *оптпуштање на кадри*. Овие активности на државата, може да се сметаат за внатрешни, затоа што истите не се насочени кон граѓаните и останатите чинители на општествените текови, туку се насочени кон органите, телата, институциите кои спаѓаат во нејзиниот (јавниот) делокруг.

# ГЛАВА 12:
# МОРАЛНА КРИТИКА НА ДРЖАВАТА

## 124. Државата како аксиома во општествените науки

Во *мејнстрим* академскиот наратив, и тоа во оној што се однесува на општествените науки, како философијата, политичките, правните, економските и социолошките, државата има *аксиоматска поставеност*. Првенствено претставува главен субјект во академскиот и научно-истражувачкиот дискурс, но дотолку повеќе, таа е и главен субјект во општественото функционирање и различните процеси во кои доаѓаат до израз и се решаваат општествени проблеми. Државата е поставена нормативно, како дежурен и сеприсутен, сфатен *а приори* и однапред зададен, субјект во општествените процеси. Нејзина основна задача е да обезбеди определен општествен ред и функционирање, и секако да се грижи за граѓаните (државјаните, корисниците), и тоа не само за нивните слободи и имоти, туку и за нивната благосостојба, која може да биде економска, здравствена, образовна, културна итн.

Овие теории, ја ползуваат ваквата поставеност на државата и ја потенцираат посакуваноста истата да продолжи да решава општествени проблеми или да изразува грижа за определени аспекти од животот на поединците. Некои од овие теории, можеби се насочени кон некаква кртитика на власта, но ниедна не потенцира на неправедноста или неефикасноста, која потенцијално се содржи во суштината на државата, поаѓајќи од тоа дека е единствена организација во општеството, која поседува ексклузивно право на употреба и закана со употреба на сила, а секако и нејзината задолжителност за сите поединци. Со самата супериорна зададеност, сеприсутност и поставеност низ мноштво на идентитети како држава, политичко, власт, јавно, колективно, заедничко, и сл, претставува тежок зафат за политиколозите, економистите, социолозите, истата да ја исцртаат и издвојат од севкупните општествени процеси, т.е. од општеството. Дали ако е јавно е исто како и државно, дали општествено е државно? - Веројатно не, но обете се застапени, или непосредно поврзани со државата.

## 125. Слободарството и ставот кон државата

Се разбира, постоеле и постојат школи или академски правци, кои се скептици кон ваквата поставеност на државата, како застапник и делувач во име на сите во општеството. Овој доминантниот нормативен аспект, или *како треба да функционира државата*, од овие школи и правци е надополнет со реален аспект, или *како државата функционира* во општествената стварност и кои се последиците од нејзиното постоење и делување. Овие школи се во основа од философска или морална и економска или утилитарна природа.

Слободарството претставува широка идеолошка традиција, која се одразува со скептичност кон политички или секаков вид на наметнатни (принудни) авторитети, и верување во моралната исправноста и ефикасноста на принципите на поединечна или лична слобода, лично самопоседување и пазарна регулација на економските, и пошироките општествени односи. Дел од овие философии, теории, идеологии, школи и традиции се оние на *филисофски индивидуализам*, *природно-правната теорија на правото*, *Австриската економска школа*, *теоријата на јавен избор*, *перпективи за алтернативно владеење*, *хаековата теорија на општествена промена*, *праксеологијата на Мисес*, *Овертонов прозорец на политички можности, философијата на објективизмот* и други, во слоп на пошироката слободарска.

## 126. Обврзувачка и принудна заедница

Моралната или философската критика на државата тргнува од ниво на најмалото малцинство во политичко-општественото функционирање, како што вели Ејн Ренд, поединецот или човекот.[891] Оваа критика ја аспектира и ја критикува државата, првенствено како *неправеден* или морално проблематичен[892] општествен субјект или организација.

Критиката на државата е базирана врз гледиштето дека таа претставува најголем, а воедно и *легитимен* повредувач на човековите права, што е непосредно поврзано со нејзината природа на субјект кој ексклузивно може да се вклучи во општествените односи, и тоа со употреба или закана со употреба на насилство. Таа е единствениот субјект во општеството, на кој и е овозможено да употреби сила и она што најмногу го употребува -

[891] Ayn Rand - *The Virtue of Selfishness* (1964, Penguin Group)
[892] Thomas J. DiLorenzo - The Rothbardian Analysis of the State (2012, mises.org)

изнуда, или закана со употреба на сила. Дотолку повеќе, државата е мета на оваа критика и поради нејзината поставеност која не предвидува право на излез[893] од истата, и тоа не физички, туку правен излез. Таа е обврзувачка заедница, која не нуди излез од нејзината надлежност. Поединците не ја имаат изразено својата согласност за учество во државата, односно за авторитетот кој државата го изразува врз нив. Аналогно, таа се базира на *наредба*, а не на *договор*, во кој согласноста на страните е клучна и апсолутно неопходна.

Моралната критика на државата се надоврзува на моралното оправдување на слободата, поаѓајќи од универзалното, неповредливото, неотуѓивото и постојаното право на слобода, кое е императив[894] и се однесува на секој поединец. Истата, имплицитно се провлекува кај првите слободарски мислители, уште од антиката, но својата современа форма ја добива со појавата на либерализмот за време на просветителството и теоријата на природни права, и со повторното заживување на индивидуалистичкиот анархизам[895] во 19-ти век и либералната традиција во 20-тиот век, како и кај кај современите онтолошки либертаријанци и класични либерали.

## 127. Природни и позитивистички правни теории

Природно-правната теорија за потеклото на правата на човекот е во насока на моралната критика на државата, и наспротив меинстрим теориите, правата на човекот ги аспектира како аксиома, или почетна положба во понатамошна анализа и вреднување на општествените односи и уредувања. Тргнува од самата природа на човекот и постулатите за слобода во потрагата по среќа, целовитост на физички интегритет и право на работа, заработка и поседување сопственост, кои имаат улога на аксиома во поставувањето на темелите за организирање на едно општество. Овие постулати за прв пат се втемелени во *Федералистичките списи* (*the Federalist papers*[896]), напишани од основоположниците на САД, за промоција на ратификувањето на уставот, кој ги артикулира истите. Клучниот момент кај *природните права* на човекот е загарантираното право на отфрлање на секоја власт која е тиранска, потенцирано со правото на поседување на оружје, кое потенцира на поголемата вредност на поединецот, од секакви видови на колективни организирања.

---

[893] Albert O. Hirschman - Exit, Voice and the State (2011, Cambridge University Press)
[894] Immanuel Kant - *Groundwork of the Metaphysics of Morals* (1997, Cambridge University Press)
[895] Lysander Spooner - Natural Law, The Science Of Justice (1882, mises.org)
[896] Federalist Papers (1788, guides.loc.gov)

Природно-правната теорија за потеклото и поставеноста на правата на човекот соодветствува со онтолошките и епистемолошките поставки на философијата на индивидуализмот, затоа што во нејзиниот центар го истакнува поединецот, а не постоечките општествени односи.

Позивистичките перспективи, наспротив природно-правните, правата на човекот ги гледаат низ призмата на нивната заштита или гаранцијата за нивната заштита, односно оној кој ги заштитува и гарантира е и нивен претходник, а тоа е политичката заедница или во современи услови - државата. Според логиката на природно-правната морална традиција, правото и претходи на државата, додека позитивистите се ослонуваат на обратното, дека правото е резултат на државата, односно наградба на субјектот кој го озаконува, спроведува и гарантира. Позитивистичките теории за правата на човекот, нивното признавање и постоење го втемелува како второстепено прашање, додека државата, која по дефиниција треба да ги обезбедува, ја поставуваат како првостепена. Истите изјавуваат дека нема права без држава и се повикуваат на поголемата вредност на државата во однос на поединецот.

Оттука потекнуваат и разликите и неконзистентностите помеѓу слободарството како целокупна теорија, активизам и тенденција со позитивно-правната школа за правата на човекот.

## 128. Непосредна и посредна повреда на слободата на човекот

Како и напоменато во самата дефиниција на слободата како простор за делување на човекот во кој отстуствува насилство, или закана со употреба на насилство, како кон него самиот, така и кон неговиот имот; насилството се позиционира како концептуален и реален антоним на слободата. Не е слободен оној човек кој е принудуван, врз кого се врши контрола, мета е на ограничување и слични други загрозувачки дејствија, засновани врз принуда - употреба и закана со употреба на физичка сила.

Повредата на човековата слобода опфаќа нарушување на неговиот физички интегритет, нарушување на слободата на движење, изразување и делување, нанесување на штета и оттуѓување на неговиот имот, како и други дејствија зад кои стои принудата, како што е претходно определена.

Оттука се провлекуваат 2 основни категории на повреда на човековата слобода, кои генерички ги опфаќаат сите видови на повреди, а тоа се ***непосредната*** и ***посредната*** повреда на слободата.

Непосредната повреда на човековата слобода се однесува на експлицитно посегнување по насилство или употреба на физичка сила во општествените односи, кон конкретен поединец и/или група поединци. Овој вид на односи, врз кои државата, и како концепт и како реалност е базирана, претставува правило во нејзините односи низ историјата. Овој  вид на повреди се појавуваат во форма на убивање (смртна казна), физичко малтретирање, лишување од слобода (затворање), ограничување на слобода, шпионирање и повреда на приватност, одземање и уништување на имот, како и нанесување на штета.

За разлика, посредната повреда на слободата се однесува, не на употреба на физичка сила, туку само на закана со употреба на физичка сила, доколку не се пристапи кон посакуваното поведение. Тука може да се вметни (скоро) целата регулатива на државата, која се темели врз заканата за употреба на физичка сила и насилство, за поведенија, различни од предвидените. Секако, како и претходниот вид, така и овој, не се однесува исклучиво само на човековиот физички интегритет и слобода на движење, туку и на неговиот имот.

Во современите држави, посредните повреди на човековата слобода се доминантни, за разлика од непосредните, кои се во релативно помал обем, и имаат тенденција на намалување. Овие посредни повреди можат да се појават во најразлични форми, како одданочување, поставување на услови за најразлични видови на активности, инкриминирање на различни поведенија кои не претставуваат повреда на личната слобода, различни условени ограничувања под притисок на употреба на сила и сл. Посредните повреди на човековата слобода претставуваат правило во постоењето и одржувањето на државата и најчесто се насочени кон имотот на поединците. Во денешницата, и тоа во западните развиени држави, повредите во поголема мера се изразени преку оданочување, задолжување и непосредно мешање во економските процеси, отколку во други *неимотни* изрази на повреда. Заканата со употреба на сила непосредно се манифестира во лишување од слобода и одземање на имот.

Но, од друга страна се поставува прашањето дали постојат повреди на слободата кои се легитимни и оправдани? Да, но тоа се случаи по исклучок, и тоа во услови на крајна нужда, самоодбрана и санкција за нарушена слобода или настаната штета.

## 129. Етика и држава

Философијата, како *мајка на знаењето* ја поставува моралната критика на државата, и потенцира дека државата е неморална[897], затоа што се базира на принуда - употреба и закана со употреба на насилство, што е во спротивност со човековата слобода, како концепт и како барање за нејзино тотално воспоставување и почитување во општествената реалност.

Според овој вид на критика, општество во кое постои сеприсутна држава не е морално општество. Морално општество е она општество во кое односите се базирани и доследно ги почитуваат природните права на човекот, во кое отсуствува политички авторитет кој арбитрерно се вклучува во повреда на истите без никакви реперкусии, и во кое поединците се слободни да трагаат по својата среќа, во секоја и во потполна смисла, освен со принуда и измама.

Моралното или слободното опшетство се одликува со загарантирана лична слобода за секој поединец подеднакво, доброволни или заемно согласни општествени односи, силно заштитени сопственички права, точно ограничени и вјармени политички авторитети или алтернативни приватни носители на општествени организирање, владеење на правото и она што е договорено меѓу субјектите, слободна економија, доминантно пазарно регулирање на економските и општествените односи и миротубива и неутрална политика кон надвор, со фокус на непречена размена и комуникација.

---

[897] За односот политика - етика, пишува и еден од основачите на политичките науки, во ренесансата, имено Николо Макијавели. Како што е познато, Макијавели повикува на а-моралност во однос на бавењето со политика, и тоа дека темелењето на политиката врз етиката може да биде погубно. Тој го вметнува феноменот на интерес, од кој треба да се води политиката, и политичарите, во бавењето со политика. Повеќе: Niccolo Machiavelli - *The Prince* (2009, Penguin Random House UK)

# ГЛАВА 13:
# ЕКОНОМСКА КРИТИКА НА ДРЖАВА

## 130. Слободарски утилитаризам

Покрај моралната критика на државата, чии основи се во етиката и философијата, а во фокусот на внимание е поединецот, постои и утилитарна критика на истата. Утилитарната критика на државата е базирана врз економијата како наука, и пошироко, врз општествените науки, а најзиното внимание е насочено кон општеството во целина, и последиците од потенцијално воспоставување на поединечната слобода како основен принцип во организирањето на економијата и општеството.

Во продолжение треба да се истакне дека *утилитаризмот* е философска поставка чие внимание е насочено кон последиците на определени делувања, и на општествено ниво ги оправдува оние делувања кои вродуваат со најголемо добро за најголемиот дел на поединците во општеството. Економскиот утилитаризам е насочен кон нивото на благосостојба кое може да го обезбеди определно општествено уредување. Поедноставено, од утилитана гледна точка, добро е она општество кое е богато, и каде поеднците уживаат определена благосостојба.

Економската критика на државата се задржува на функционалноста на економијата, и капацитетот за рационална алокација на ресурси, споредбено во услови на слободна конкуренција и во услови на различен тип на мешана економија и интервенција од страна на државата. Освен економски, утилитарната критика може да има и правен, културен, образовен и здравствен карактер.

Гистав де Молинари во својот есеј *За производство на безбедност* (*De la production de la sécurité*), го истакнува аргументот за целосна *пазаризација* на општеството, односно целосно уредување на општествените и економските односите со помош на пазарна регулација, и заменување на монополот на физичка принуда со слободна конкуренција. За разлика од останатите либерали економисти, во негово време, како Фредерик Бастиат, Жан Батист Сеј, Шарло Конт и Шарло Денер, тој е радикален, оди чекор понапред и посредно предлага укинување на државата, како монопол, а услугите кои таа ги дава, меѓу кои најбитна, услугата на безбедност[898], да бидат преземени од приватни агенции или

[898] Густав де Молинари - За производството на безбедност (2022, libertania.org)

компании, кои не се монополи, и подлежат на пазарните механизми. Ова свое тврдење, Молинари го темели врз супериорноста на слободната конкуренција и пазарите како механизам во алокација на ресурсите, а со тоа и во регулирањето на односите. Со самото тоа, Молинари може да се постави како родоначалник на економската критика и алтернатива на државата.

Фредерик Бастиат во својата *Она што се гледа и она што не се гледа* констатира дека економијата претставува наука, која не треба исклучиво да се фокусира на оние краткорочни или видливи ефекти, како врз економските односи, така и врз благосостојбата на определена група или општеството во целина, туку, таа треба да ги земи во предвид и оние ефекти кои се предизвикани од државното мешање на долг рок, и оние кои не се непосредно видливи.[899] Тоа е она што тој го нарекува, *она што се гледа*, и *она што се гледа*. Додека денешната *мејнстрим* економија, дава оправдување за определени мешања на државата во економијата и ограничување на слободниот пазар, потребно е истата да ги предвиди и пошироките и далекусежните ефекти предизвикани од истите. Аналогно, секое мешање и секое планирање на економијата, има своја цена, односно опортунитетен трошок.

Водечка современа економска школа која нуди научна економска критика на државата, како специфичен субјект во општеството, претставува *Австриската економска школа*. Економската критика на државата, може да се изведе од, или да се надоврзе на критиката на социјализмот, како тип на општествено уредување кое недвосмислено воспоставува планирана економија и го проширува монополот на државата во голем број на области во општественото и економското функционирање.

Планираната економија претставува централна точка на социјализмот и манифестација на обидот за воспоставување на *врховистички пристап* во функционирање на економијата, и пошироко во општеството. Истата е суштински обид за *општествен инжинеринг*, и до одреден степен претставува рефлексија на *конструктивниот рационализам*[900], од природните науки во општествените науки. Ја следи логиката - *доколку можеме да ја контролираме природата, со помош на современата технологија, зошто не би можеле да ги контролираме и општествените процеси и да извлечеме максимум од*

[899] Фредерик Бастиат - Она што се гледа и она што не се гледа (2021, libertania.org)
[900] Friedrich A. Hayek - Law Legislation and Liberty (1998, Routledge

*нив, секако со помош на технологија и бирократија*. Но, очигледно дека рефлексијата е во најмала рака контроверзна (ако не и погрешна), и општествените односи, претставени преку севкупност на човечки акции или делувања, е тешко да се контролираат, насочат, и сето тоа да биде пропратено со ефикасност, да резултира со зголемена благосостојба и низок опортунитетен трошок. Дополнително, планираната економија, како концепт, но и како општествена реалност практикувана во речиси половина свет, не само што ја контролира економијата, туку има стремеж да ја прошири контролата во целокупнот општествен живот. Хајек пишува токму за овој феномен во неговата *Пат кон ропство*[901], во која е објаснато како планската економија има тенденција да развие политички режим кој дефинитивно ги загрозува и човековите права и слободи[902] (граѓанските или политичките). Автократијата во економските односи има силна тенденција да се пренеси во целокупните општествени. Оној кој ја контролира економската слобода, како суштинска, се стреми да ги контролира и останатите слободи од не-економски карактер. Од друга страна, ограничувањата на економската слобода, по автоматизам повлекуваат ограничувања на останатите.[903]

## 131. Социјалистичка пресметковна дебата

Централна точка во целокупната економска критика на државата зазема *Социјалистичката пресметковна дебата* (*Socialist Calculation Debate*[904]). Таа претставува дебата во однос на прашањето дали можат да се носат рационални одлуки во економијата, со планирање на истата, без улогата на цените и пазарот.[905] Оваа дебата е водена помеѓу претставници на Австриската економска школа, имено Лудвиг вон Мисес, подоцна Фридрих Хаек, и економистите неокласичари и марксисти како Оскар Ланж и Фред Тејлор.

Претставниците на Австриската економска школа се на ставот дека нема подобар алокатор на ресурсите[906] од слободниот пазар, и аналогно, поефикасен регулатор на економските и пошироките општествени односи, додека пак нивните противници тврдат

---

[901] Фридрих Хаек - Пат кон ропство (2011)
[902] Friedrich A. Hayek - *The Road to Serfdom* (2001, mises.org)
[903] Patrick Barron - There’s No Political Freedom Without Economic Freedom (2015, mises.org)
[904] Israel Kirzner - *Socialist Calculation Debate* (2008, libertarianism.org)
[905] Daniel Shapiro - Reviving the Socialist Calculation Debate: A Defense of Hayek Against Lange (2009, Cambridge University Press)
[906] Art Carden - Why I am Not a Socialist (2019, aier.org)

дека планирањето на економијата преку централна агенција (дел од политичката власт) вродува со поголема ефикасност, и автоматски со поголема благосостојба во општеството. Таква агенција, би се стремела да ги санира нерегуларностите кои се предизвикани од неограничениот слободниот пазар, подоцна популарно наречен и *див капитализам*.[907]

Во 1920 година, Мисес констатира[908]:

> „За да се постигне економска ефикасност со сите економски одлуки, потребно е субјектот кој ги донесува, за истите да ги пресмета придобивките и трошоците на алтернативните насоки на делување. Во пазарна економија, претприемачите се способни да направат такви одлуки основани врз пресметки (и на тој начин да трагаат по ефикасност во нивните делувања), преку користење на пазарните цени за вреднување на *инпутот* и *аутпутот*. Но централните авторитети во социјализмот, немаат капацитет да направат такви пресметки базирани на пазарни цени или инпути, затоа што не постојат пазари (и пазарни цени) за ресурсите. Без пазар и цени, не постојат показатели на вредноста на ресурсите. Затоа во исто време не може да има донесувањето на одлуки од централен планер и да се цели кон ефикасност.“[909]

Пресметковната дебата продолжува и по втората светска војна, кога Дон Лавој, продолжува да го носи интелектуалниот *факел на слободата*, да дава оправдувања и да заговара за слобода, слободен пазар и држење на државата што подалеку од економските процеси. Во својата *National Economic Planning: What is Left?*, Лавој истакнува дека централизираните држави, односно планираните економии се соочуваат со два основни типа на проблеми. Првиот проблем е *тоталитарниот проблем*, кој е од морално и философско значење и соодветствува со моралната критика на државата, поради нејзините тенденции да ја повредува слободата на поединците, а вториот е *проблемот на знаењето*, кој го претставува економскиот проблем на централизираните и планираните економии.[910] Проблемот на знаењето е од централно значење за утилитарната или економската критика на државата.

---

[907] Krista Harper - *Wild Capitalism: Environmental Activists and Post-Socialist Ecology in Hungary* (2006, East European Monographs)
[908] Israel Kirzner - *Socialist Calculation Debate* (2008, libertarianism.org)
[909] Ludwig von Mises - *Human Action: A Treatise of Economics* (1998, mises.org)
[910] Don Lavoie - *National Economic Planning: What's Left?* (2016, Mercatus Center at George Mason University)

## 132. Проблемот на знаењето и цените

Главен проблем од утилитарна и економска перспектива, во однос на централното планирање, и аналогно на тоа, проблем за улогата на државата во економскиот и пошироко, општествениот живот, е *проблемот на знаење*[911] (*knowledge problem*)[912] и проблемот на *цените* (*prices*), како показатели на тоа знаење.

Централно планираната економија, или *од-горе* планираното општество се соочува со овој проблем на знаење, затоа што не може да го земе во предвид сето она знаење кое го поседуваат поединците во сложените процеси на донесување на рационални економски одлуки. Додека централните политички и бирократски агенции може да собираат *податоци* (*data*), истите , скоро и да не можат да ги претворат во знаење, кое има привремен и локален карактер, и во услови на слободна конкуренција е дисперзирано помеѓу поединците во општеството. *Општествената интелегенција*[913], не може да биде генерирана од еден центар, а дотолку повеќе ако истиот е политички, затоа што истата се содржи во севкупноста од општествени односи и нивната динамика, во кои субјектите свесно и доброволно учествуваат. Истата се создава спонтано - *од долу нагоре*, а не планирано - *од горе надолу*.

Аналогно, државите кои се вклучуваат во мешања од големи размери во своите економии и практикуваат мерки на големи планирања, не би можеле да воспостават функционален и ефикасен економски систем, без наметнувања во преференците на поединците, или без недостиг на ресурси.[914]

Цените, во услови на пазарна економија, не се само обична и незначајна бројка, туку истите претставуваат показатели[915] на релативен недостиг (*scarcity*) на определени добра или услуги, за чии квалитети или својства, често сме само делумно свесни. ***Цените се метод за комуникација помеѓу субјектите во општеството***, затоа што тие содржат информации односно знаење за вредноста на добрата, која поединците ја одредуваат. Аналогно на тоа, планските економии немаат капацитет (а често и тие што се на врвот на бирократската структура, немаат ни волја), да ги земат во предвид сите потреби и желби на поединците. Резултати на планираната економија, често се дизбаланс помеѓу понудата и

[911] Фридрих Хаек - Употреба на знаењето во општеството (2022, libertania.org)
[912] Friedrich A. Hayek - The Use of Knowledge in Society (1945, econlib.org)
[913] Don Lavoie - *National Economic Planning: What's Left?* (2016, Mercatus Center at George Mason University)
[914] Thomas Sowell - *Knowledge and Decisions* (1980, Basic Books)
[915] Ludwig von Mises - *Human Action: A Treatise of Economics* (1998, mises.org)

побарувачката на определени добра, а опортунитетниот трошок на нивното функционирање е огромен. Функцијата на арбитер[916] за тоа што е „добро“, многу подобро ја врши конкуренцијата на слободниот пазар, отколку политичките власти преку своите бирократски механизми.

Но, тука се поставува уште едно прашање, битно за широкото слободарство, односно, дали државата е неефикасна ако се меша само во економските процеси и текови, или истото се однесува и на пошироките општествени.

## 133. Минархисти и анархисти

Секако, за да функционира определена пазарна економија, без мешање на државата, потребен е таканаречен, *институционално-правен минимум*, т.е. правна сигурност, владеење на право, и строго заштитени сопственички права, со што би се мотивирале претприемачите и инвеститорите, да се впрегнат во задоволување на потреби и решавање на проблеми, секако за награда, која се нарекува *профит*. После оваа констатација, започнува поделбата кај слободарските теоретичари и активисти, и тоа поделба на оние кои подржуваат некаква (минимална) политичка власт и оние кои не подржуваат никаква, и секоја ја сметаат за неморална, нелигитимна и неефикасна - *минархисти* и *анархисти*.

Минархисти се оние слободари, кои сметаат дека постоењето на државата, како посебен субјект во општеството е оправдано и потребно, со нејзиниот карактеристичен монопол на физичка принуда, но во нејзина најограничена и најтранспарентна форма - *мминимална* или *држава ноќен чувар*. Нејзината задача во рамки на општеството, е поврзана со заштита на физичкиот интегритет на поединците, нивната слобода, нивниот имот, како и гарантор за исполнување на договореното помеѓу субјектите, и казнување на оние кои ги преминале границите на нивната слобода или сопственост. Минархистите тврдат дека, државата е неопходна за исполнување на *минимумот*. Од таму, произлегува, дека економската критика, не се однесува на државата, во минимална форма или *ноќен чувар*, туку на држава која се вклучува во економските процеси и текови, не неутрално, туку активно. Како посредни или имплицитни минархисти можеме да ги поистоветиме Мисес и Хаек. Фридрих Хаек и Милтон Фридман подржувале и минимална социјална

[916] Don Lavoie - National Economic Planning: What’s Left? (2016, Mercatus Center at George Mason University)

држава, која би имала надлежност да воспостави некаков социјален минимум преку социјални трансфери[917].

Од друга страна, постојат слободари, кои заговараат потполно укинување, исчезнување, приватизирање и/или заменување на државата, со нејзини пазарни алтернативи. Според нив, вистински слободно општество, е она во кое не постои држава, како легитимен монопол на принуда, туку нејзините функции, односно услугите кои ги дава, се преземени од приватни субјекти - фирми, кои се подлежни на пазарните механизми. Анархистите сметаат, дека економската критика не важи само за планираните економии, туку истата треба да се примени кон целосното функционирање на државата, па дури и ако станува збор за држава ноќен чувар. Доколку државата, не успева на ефикасен начин да ја планира и организира економијата, зошто тогаш се претпоставува дека истата ќе ја гарантира безбедноста и ќе го заштити физичкиот интегритет на поединецот, неговата слобода и неговиот имот, како и односите во кои влегува. Аналогно, ако овие вредности се сметаат за врховни, тогаш грижата за истите не треба да биде оставена во надлежност на државата. Како родоначалник, не само на критиката на државата туку и на теоријата за нејзино целосно заменување со пазарни субјекти[918], како е споменато е Густав де Молинари. Кон крајот на 20-тиот век, Дејвид Фридман (син на познатиот Милтон Фридман), дава радикална економска критика на државата, и заговара *радикален капитализам*[919], кој проектира бездржавно општество или анархија, втемелено врз истите економски или утилитарни оправдувања.

### 134. Непосредно и посредно државно мешање во економијата

Државното мешање во економијата се случува на два основни начина, и тоа непосредно или директно мешање и посредно или индиректно.

*Непосредното мешање* во националната економија, државата го актуелизира преку неколку видови на делувања. Првиот вид на непосредно мешање се однесува на активностите на ***оданочувањето и јавните финансии***, преку кое државата наметнува обврска за одделување од заработеното, или обврска за плаќање на дополнителна сума за определен производ или добро, кое оди во нејзината каса. Тоа се двата основни типа на

[917] Matthew Yglesias - Friedrich Hayek on the Welfare State (2012, slate.com)
[918] Густав де Молинари - *За производството на безбедност* (2022, libertania.org)
[919] David D. Friedman - *The Machinery of Freedom - Guide to a Radical Capitalism* (1973, daviddfriedman.com)

даноци, и тоа оние на заработувачка и оние на потрошувачка.[920] Исто така, во овој вид на мешање, можат да се вклучат и разните видови на давачки, како што се придонеси и сл. Сите тие, и тоа како имаат ефект врз алокација на ресурсите и економијата, генерално.

Втор вид на непосредно мешање е она преку различни ***забрани за извршување на определени деловни активности***, како што се производство и пуштање во промет на опојни droги, забрана за организирање на активности на проституција, забрана за обложувачки и слични дејности. Дополнително, овие забрани можат да се однесуваат и за вршење на различни дејности, кои се сметаат за ексклузивитет на државата.

Трет вид на непосредно мешање, е во оние ситуации, во кои државата претставува ***активен субјект во деловните односи***, преку јавните претпријатија и фирмите со јавни деловни овластувања. Во земјите каде државата спроведува опсежни планирања на економијата, истите активности спаѓаат во овој вид на мешање.

Четврт вид, претставува мешањето, со воспоставување на ***непосредна контрола на цени***, на определени добра и услуги, како што се на пример горивата, алкохолот, пластичните ќеси и сл.

Како петти вид на мешање, може да се наведе ***експропријацијата*** на сопственост, или ***национализицијата***, или ***конфискацијата,*** што во основа претставува озаконето (легално) одземање на имот на приватен субјект, од страна на државата.

*Посредното мешање* на државата во економијата, од друга страна, се остварува преку неколку активности, и тоа преку водење на ***монетарна политика***, односно преку ексклузивната надлежност на државата да печати официјални валути и да ги пушта во оптек. Преку оваа активност, државата има голема улога, изразено како големо мешање во националната економија.

Исто така, посредното мешање, може да се појави во вид на ***субвенционирање*** на определени добра или услуги, или пак субвенционирање на определени субјекти на пазарот.

Тука спаѓаат и ***социјалните издатоци*** за определена погодена категорија на поединци. Субвенционирањето претставува издвојување на средства од буџетот, и насочување на истите кон продавачите или купувачите на определени добра и услуги.

---

[920] Жан Жак Бјенвену и Тјери Ламбер - *Даночно право* (2011, Арс ЛАМИНА)

Понатаму, посредното мешање на државата може да биде во форма на различни ***регулации и стандардизации***, со кои им се наметнуваат услови на деловните субјекти, кои мора да ги исполнат, доколку сакаат да вршат определена економска дејност, а во спротивно би биле казнети, а нивната дејност, спречена.

### 135. Економија и држава

Постои анегдота од крајот на 17-ти век, кога претставници од финансискиот сектор на француската држава, се сретнале со група на бизнисмени, предводена од М. ле Џендр (M. Le Gendre). Претставниците на државата, им поставиле прашање на бизнисмените, за тоа што може да стори француската држава, да им излезе во пресрет и да им помогне да ја промовираат својата трговија. Ле Џендр, на тоа прашање, едноставно им одговорил, "**Laissez-nous faire**,"[921] (*Laissez-faire*) што на француски значи *оставете не (на мир)* (да работиме).

Од тогаш, терминот се користи и денес за да означи иземање на државата од економијата, и секако од човековиот живот. Тоа што политичките власти можат да го направат, за да ја зајакнат националната економија е да го остават бизнисот да функционира, сам по себе, склон на пазарните регулаторни механизми. Во оваа фраза, се содржи целата економска критика на државното мешање во економските процеси, и дополнително, на државата во пошироките општествени.

[921] Jeffrey A. Tucker - What Is Laissez-Faire? (2017, fee.org)

# ГЛАВА 14:
# ПРАВНА КРИТИКА НА ДРЖАВА

## 136. Јадро на државната надлежност

Правната критика на државата има двојна природа, и тоа морална и утилитарна. Критиката е тесно поврзана со принципот на (кривична правда), но секако и со утилитарноста, односно функционалноста на правниот систем во рамките на општеството. Истата е упатена кон државата, како ексклузивен носител на овластувања за организирање на процесот на нормирање и на самиот правосудниот систем. Тргнувајќи од државата и нејзината униткатна природа на монопол на физичка принуда, критиката тврди дека кај државно организираниот правосуден систем има морално спорни моменти, но секако и утилитарни, т.е. проблеми во функционирањето, кои потенцијално можат да се решат со негово поставување врз основа на пазарните механизми, а приватни субјекти да станат негови главни чинители.

Државата претставува скоро ексклузивен носител на надлежности кои се непосредно во врска со организирањето и спроведувањето на правосудниот систем. Правната критика се однесува на неколку гледишта врз прашања како што се *кривичните дела без жртви*, *правото на поседување на оружје* и *правото на самоодбрана, организирањето на правосудниот систем*, *санкциите* кои се изрекуваат на правосилно осудените извршители на кривични дела, *ефикасноста и способноста* на полицијата *за превенција на кривични дела*, *трошоците* кои се потребни за постигнување на правдата и сл.

Правната критика на државата, и од морален и од утилитарен карактер потенцира дека кривичната правда во поголема мера би била постигната, а нормативниот и правосудниот систем побрзо и поефтино организиран, доколку нормативната (законодавната и извршната) и правосудната (судксата) функција, би се обезбедувале од приватни чинители, кои подлежат на механизмите на пазарот, а не на изборот на некој повисок државен или јавен орган.

## 137. Кривично правна критика на државата

Кривично правната критика на државата е од морален карактер. Таа ја спори државата, како субјект кој го повредува принципот на само-поседување, од централно значење за слободарските погледи кон поединецот и општеството. Истата, условно кажано не се интересира за последиците на тие политики кои го повредуваат принципот, туку вниманието е врз самата повреда на принципот. Повредата, помеѓу многуте форми во кои може да се појави, односно дојде до израз, се појавува во таканаречените *кривични дела без жртва*. Со инкриминирање на овие конкретни дела, во кои изостанува жртва, државата практично игра улога на *родител* или *дадилка* (*nanny state*[922]) и потенцијално го штити поединецот од самиот себе. Исто така, државата како монопол на нормирање и спроведување на нормираното, поставува и дополнителни потешкотии во процесот на реализирање и потврдување на правото на самоодбрана, и аналогно правото на поседување на оружје, со што ги повредува правата и го ограничува принципот на самопоседување. Трета страна се санкциите, и нејзините функции, како кон жртвата, така и кон општеството во целина. Се чини, дека државата е повеќе фокусирана кон казната како вид на одмазда врз сторителот на делото, а помалку кон рехабилитација и обештетување на жртвата на делото.

### *а.) Кривични дела без жртви (victimless crimes)*

Овој аспект на критиката на државата, има морална природа, затоа што овие кривични дела узурпираат дел од слободата на поединците, и го повредуваат принципот на само-поседување. Дотолку повеќе, истиот има конкретна правна природа, затоа што се работи за делувања кои се предвидени како кривични дела и за кои е определена санкција, а државата е одговорна за нејзиното спроведување.

Кривични дела, се оние дејствија или поведениа кои се одредени како кривични дела со кривичен закон, и за кој се определени кривични санкции. Дополнително, кривични дела без жртви се однесува на оние дејствија во кое не може да се поистовети[923] „жртвата“ на дејствувањето, или пак од друга страна, дејствието не претставува непосредна опасност за страните. Овие дејствија вклучуваат доброволни односи помеѓу

[922] Adam Young - *The Nanny State* (2001, mises.org)
[923] John Devendorf - What Are Some Examples of Victimless Crimes? (2021, lawinfo.com)

страните, чие дејство е предвидено како кривично дело. Како кривични дела без жртви можат да се наведат одредување како кривични за различни дејствија што можат да бидат од *критицизам на властите*, *различни видови на здружување и собири на поединци*, *исто полови бракови*, *продавање, ставање во употреба и во промет на алкохол, дроги, цигари*, па се до *криминализација на посредување при вршење на проституција*. За сите овие дејствија, заедничко е тоа што страните на односот доброволно се во односот, а во случаите во кои не се, дејствието не претставува никаква непосредна опасност за втората страна, а за првата, е резултат на неприкосновената слобода на делување.

Со криминализирањето на дејствија кои по самата природа претставуваат доброволни односи[924], или претставуваат израз на слобода, која нема штетни дејствија врз трети страни, државата суштински го повредува *принципот на само-поседување* на поединците.

### *б.) Право на поседување на оружје и право на самоодбрана*

Правото на самоодбрана, заедно со правото на поседување на оружје претставуваат едни од најбитните права за доследно почитување на принципот на *само-поседување* и *поединечен суверенитет*. Аналогно, доколку животот, слободата и имотот на поединците претставуваат највисоки вредности, потребно е истите да може да се одбранат, со пропорционални сретства насочени кон субјектот, извор на опасноста.

Правото на самоодбрана претставува клучно право, затоа што истото е непосредно во врска со највисоката вредност на човекот, а тоа е неговиот живот и дополнително плодовите на неговиот труд - имотот или сопственоста. Правото на самоодбрана претставува императив за доследно почитување на принципот на самопоседување.

Правото на поседување на оружје е исто така непосредно поврзано со принципот на само-поседување, затоа што истото е темелот и крајната инстанца за зајакнување на правото на само-одбрана и зачувување на принципот на самопоседување.[925] Исто така, ова право низ историјата се покажало како некаков вид на гаранција на поединците против различни видови на диктатури, изричито репресивни власти, но и надворешни агресии.

[924] Walter E Block - *Defending the Undefendable* (2018, mises.org)
[925] David Gornoski - Gun Laws Create Gun Violence (2019, mises.org)

Современите држави имаат се поизразена тенденција да ги кршат или ограничуваат овие две темелни права кои непосредно извираат од принципот на самопоседување, првенствено преку редефинирање и стеснување на правото на самоодбрана, и секундарно, преку отежнување на процесот за остварување на правото на поседување на оружје. Правото на самоодбрана е редифинирано во смисла на тоа што имотот е заобиколен од предмет на одбрана и заштита од против-правен напад. Од друга страна правото на поседување на оружје се повеќе и повеќе преминува во привилегија, која е предмет на одобрување на властите.

Во европскиот контекст, се чини како државите намерно да имаат ставено одределен ограночувања врз правото на секој поединец да поседува на оружје и дополнителни ограничувања на правото на самоодбрана. Тоа го оправдуваат со максимата „помалку оружје, помалку насилство," од каде потекнуваат потешкотиите во процесот на остварување на правото на поседување на оружје. Но емпиријата покажува друга состојба, и тоа дека во земјите каде правото на поседување на оружје е цврсто етаблирано и почитувано, насилството е во помал обем, аналогно на тоа и криминогените поведенија поврзани со насилство.[926][927]

### *в.) Санкции за сторителите на кривични дела*

Санкциите кои се изрекуваат од страна на судовите, во кривичните постапки, на правосилно осудените сторители на кривични дела имаат 5 функции[928]. Првата функција е *казнување* на сторителот на делата во смисла на негова одмазда, заради извршеното кривично дело. Оваа функција произлегува од старото правило „око за око, заб за заб"и цели кон тоа да го казни сторителот на кривичното дело, а казната е цел сама по себе.

Втората функција е *застрашување* на сторителот, за да се спречи негово идно делување. Поаѓа од констатацијата дека сторителите кои се пронајдени и казнети, во иднина би се плашеле да извршат кривично дело, секако поради закана од санкцијата, и на тој начин се врши некаква превенција на идни кривични дела.

---

[926] Ryan McMaken - There's No Correlation Between Gun Ownership, Mass Shootings, and Murder Rates (2015, mises.org)
[927] Ryan McMaken - Why Gun Control Doesn't Explain Australia's Low Homicide Rates (2018, mises.org)
[928] Владо Камбовски - *Казнено право: Општ дел* (2011, УКИМ, Правен факултет)

Третата е *лишување од право*, односно лишување од слобода, со цел сторителот да се чува подалеку од општеството и да се спречи негово продолжено криминогено делување. За разлика од застрашувањето, оваа функција е насочена кон заштита на општеството, со помош на алатката - лишување од слобода.

Четвртата функција е *рехабилитација*, што означува убедување и сфаќање на погрешноста на неговото криминогено делување. Оваа функција цели кон ресоцијализација, на таков начин спречување на идни кривични дела и интеграција на сторителот во општеството.

Петтата функција е *обештетување* на жртвата на конкретното кривично дело, односно враќање во поранешна состојба, која била пред сторувањето на кривичното дело. Оваа функција најчесто се исполнува со материјално обештетување на жртвата на кривичното дело, од страна на сторителот на делото.

Слободарските ставови, иако со варијации кон ова прашање за целите на санкциите врз сторителите на кривичните дела, се согласуваат дека во фокусот на внимание на санкциите треба да биде *обештетување* на жртвата на делото и *рехабилитација* на сторителот, па дури и лушување од право, доколку сторителот е навистина опасен за околината во која живее и делува, а постојат основани сомневања дека истиот ќе продолжи да извршува кривични дела. Останатите функции, како негово одмаздничко казнување и лишување од слобода, би биле второстепени, односно би добиле израз доколку првите три функции се соочуваат со потешкотии во практикувањето. Фокусот на слободарството е ставен врз обештетување на жртвата, рехабилитација на сторителот на делото и секако спречување на идни идентични и слични дела, окарактеризирани како кривични.

### 138. Утилитарно-правна критика на државата

Правната критика на државата може да има и утилитарен карактер, затоа што може да се однесува на последиците во општеството, конкретно врз функционирањето на правосудниот систем, предизвикани од државата, како монопол на нормирање и спроведување на правото. Утилитарно-правната критика, во согласност и со економската критика, потенцира дека државата го нема *локалното знаење*, кое е дисперзирано, децентрализирано и времено ограничено, за да воспостави и води функционален

правосуден систем.[929] Опортунитетниот трошок е цената на таа доминација на државата во правосудниот систем, која може да се изрази како поголем број на кривични дела, зголемени трошоци за исолнување на правдата, па дури и заобиколување и манипулација со кривичната правда.

Државата во општеството е клучна во два аспекти, и тоа во организацијата и спроведување на нормативниот систем, преку нејзината законодавна и извршна улога, и секако спроведување на правосудниот систем, преку судската улога која ја врши во рамките на општеството.

***а.) Организација и спроведување на нормативен систем***

Државата е ентитет кој е ексклузивен во организирањето на нормативниот систем во општеството кое се наоѓа под нејзина власт. Државниот нормативен систем ги опфаќа сите правни акти кои ги донесува државата преку нејзините власти, тела и органи. Тие се хиеарархиски поставени, на врвот уставот, под него законите, подзаконските акти, итн. Сите овие акти, уредуваат определени проблематики и определени човекови делувања. Она што е карактеристично и уникатно за нормативниот или правниот систем кој го воспоставува државата, е тоа што истиот е базиран на *наредба - од горе надолу*, и санкција за неисполнување на истата.

Субјектите во општествениот живот, немаат друг избор освен да го почитуваат правниот систем воспоставен од страна на државата, а често пати, определени нормативни решенија не соодветствуваат со реалната состојба и потребите на поединците. Секако, и тука, како и кај економската утилитарна критика се појавува проблемот на знаење, од каде произлегува дека централните авторитети не ги познаваат доследно приликите за да можат истите централизирано да ги нормираат и регулираат.

Алтернативен систем на оној на *наредба*, кој го олицетворува државата, е системот кој се базира на *согласност - од долу нагоре*[930], што значи, субјектите кои што се засегнати од проблематиката, и имаат волја, го нормираат своето однесување, а истото го прават со нормативната алатка - *договор*. Тие свесно и волево, ја ограничуваат својата слобода на

---

[929] Edward P. Stringham & Todd J. Zywicki - *Hayekian Anarchism* (2011, gmu.edu)
[930] Randy E. Barnett - Pursuing Justice in a Free Society: Part One - Power vs. Liberty (1985, Criminal Justice Ethics)

делување, односно тргуваат со права и обврски, се со цел непрекинато течење на општествениот *живот*, и секако исполнување на своите цели.

*Наредбата* и *договорот* претставуваат правни и нормативни решенија на конкретни проблеми со кои се соочуваат луѓето во општественото функционирање, а се од човечка природа. И двата даваат определени насоки на делување, и вршат промет на права и обврски помеѓу субјектите. Но она што е клучна разлика помеѓу двата вида на нормативни акти, е тоа што *договорот* се основа на *согласноста* на субјектите кои се во односот кој го регулира договорот, додека *наредбата* се основа врз *монополот на физичка принуда* кој го поседуваат политичките власти.

Од друга страна, историјата, а посебно историјата на англо-саксонската правна традиција покажува дека правото, односно нормативниот систем во рамките на општеството постоел независно од државата[931], и се создавал со активно учество на приватните субјекти.[932] Истиот бил претставен започнувајќи од договори помеѓу засегнати страни, па се до обичајни правни практики кои ги нормирале односите во определена област.[933] Како и јазиците, и правото претставува плод на општествениот спонтан поредок, или резултат од севкупните односи во кои влегуваат поединците, и нивниот обид да ги нормираат, т.е. правно да ги регулираат односите. Аналогно на тоа, правото и претходи на државата, и може да биде обезбедено без учество на државата во било која фаза од тој процес.

### *б.) Организација и спроведување на правосудниот систем*

Државата претставува скоро ексклузивен организатор на правосудниот систем во една земја. Државата, не само што го определува и спроведува нормирањето во едно општество, туку истата е главен субјект кој ги гарантира и заштитува правата на човекот во конкретни случаи. Иако, со современата либерална политичка теорија, која ја предвидува поделбата на власта како основен принцип, се поставува судската власт како противтежа на извршната и законодавната власт, сепак истата е дел од државната власт[934], и непосредните односи и влијание со останатите власти не се спорни. Се додека судиите,

---

[931] David D. Friedman - Law as a Private Good (daviddfriedman.com)
[932] Bruce L. Benson - The Spontaneous Evolution of Commercial Law
[933] Peter T. Leeson - Government, clubs, and constitutions (2011, Journal of Economic Behavior & Organization 80)
[934] Max Gulker - Private Governance, Not State Capacity (2020, aier.org)

јавните обвинители, народните правобранители и останати релевантни субјекти чинители од правосудниот систем се под капата на државата, примаат буџетска плата, посредно или непосредно се избрани и одговараат пред политички, државни или јавни тела, судската власт е фактички дел од државната власт, и со тоа правосудниот систем е дефинитивно во надлежност на државата.[935] Дополнително, се додека крајната судска инстанца е во надлежност на јавните судови, кои според наведените критириуми претставуваат дел од власта, државата го има главниот удел во организирањето и спроведувањето на правосудниот систем во едно општество[936].

Оваа поставеност на државата во правосудните односи во едно општество, има висок опортунитетен трошок[937], затоа што истите би биле поефикасно обезбедени во алтернативно бездржавно[938] или општество во кое државата би го немала главниот збор во организацијата и спроведување на правосудниот систем. Во овој алтернативен или бездржавен систем, чинителите во правосудниот систем (обвинители, судии, полиција, затвори, застапници) би биле приватни субјекти[939], т.е. ниеден од нив, не би се темелел на монополот на физичка принуда на државата, туку на побарувачката и понудата на пазарот[940], и секако капацитетот на чинителите за вршење на работата. Главниот адут на овој алтернативен пристап, е што истиот го прави пристапот кон правдата и решавањето на спорните прашања, полесен и побрз[941], а на тој начин и правдата е во поголем обем задоволена.[942] Истиот се темели врз експертизата и искуството на чинителите, затоа што тие треба да бидат избрани[943] од клиентите во секој конкретен случај, за разлика од државно-организираниот правосуден систем, каде што клиентите не можат да ги изберат чинителите, а истите се избираат од некој државен или јавен орган[944].

---

[935] Мареј Ротбард - *Анатомија на државата* (2021, libertania.org)
[936] Edward Stringham - *Anarchy and the Law: The Political Economy of Choice* (2007, independent.org
[937] Tom W. Bell - *Polycentric Law in the New Millennium* (1998, tomwbell.com)
[938] David D. Friedman - Law as a Private Good (daviddfriedman.com)
[939] David D. Friedman - *The Machinery of Freedom - Guide to a Radical Capitalism* (1973, daviddfriedman.com)
[940] Randy E. Barnett - *The Structure of Liberty: Justice and the Rule of Law* (2014, Oxford University Press)
[941] David D. Friedman - Law as a Private Good (daviddfriedman.com)
[942] Edward P. Stringham & Todd J. Zywicki - *Hayekian Anarchism* (2011, gmu.edu)
[943] Ханс Херман Хопе - Држава или општество на приватно право? (2021, libertania.org)
[944] Густав де Молинари - *За производството на безбедност* (2022, libertania.org)

## 139. Право и држава

Правната критика на државата, како посебна е втемелена врз моралната и утилитарната критика. Кривично правната критика на државата има морален карактер, и се однесува на различните повреди кои државата ги прави врз принципот на самопоседување, во вид на криминализирање на дела или дејствувања кои се без жртви (кривични дела без жртви), ограничување на правото на самоодбрана и правото на поседување на оружје, и секако тука можат да се набројат и функциите на кривично-правните санкции, и фокусот на државата на функцијата на казнување како одмазда, наместо на обештетување на жртвата и рехабилитација на сторителот.[945]

Утилитарно-правната критика на државата, има утилитарен карактер, и посочува на проблематичноста и неефикасноста на државната екслузивна поставеност во организирањето и спроведувањето на процесот на нормирање и секако процесот на постигнување на кривична правда. Државното чинителство во овие два процеса се соочува со проблемот на ефикасност, што произлегува од *недостатокот на локално знаење* во самите процеси, поголеми трошоци за исполнување на правдата, и помала исполнетост на принципот на кривична правда.

[945] Randy E. Barnett - Pursuing Justice in a Free Society: Part Two - Crime Prevention and the Legal Order (1986, Criminal Justice Ethics)

## ГЛАВА 15:
## ДРЖАВАТА КАКО ИГРА

Покрај[946] сите поимални определувања на државата како организација, институција или општествен ентитет, истата може да се сфати како сеопфатна и континуирана општествена игра. Како и секоја игра, така и оваа *најголема* и *највремена*, вклучува правила, субјекти носители, односи помеѓу истите во рамки на играта, или инспирирани од неа, како и карактер на истите односи. Секоја игра, од најобична детска на микро ниво, до постоење на држава (водење на политика), на макро, има свои особености, но заедничко е претходното одреденото.

Она што е карактеристично за државата, конкретно како *општествена игра* на субјекти, е тоа што субјектите немаат друг избор освен да ја играат истата, односно не можат да излезат од истата. Доколку некого прашате кој е неговиот став околу определена игра, која е задолжителна за сите, и од која никој нема право на излез, а самите обиди за *излез* се казнуваат со *насилие*; се очекува дека би се согласил дека не би сакал да биде дел од таква игра. Втора забелешка за играта е тоа што субјектите *сами по себе*, се во *играта*, односно не постои субјект, изземен од истата. *Томас Кнап* симболички наведува експеримент, според кој, доколку жаба е поставена во врела вода, истата инстинктивно реагира да излезе од водата, но со промена на методот, односно, жабата е поставена во млака вода, а водата се загрева, жабата е комфорна во неа, се додека на крајот не се свари во истата.[947] Во таа насока, и во општествените односи доколку поединците би се соочиле со чист и експлицитен избор за влез во игра од која нема излегување, веројатно би реагирале инстинктивно како жабата.

На прашањето дали е легитимно и посакувано, да постои една (општествена) игра која се однесува на сите, одговорот може да биде и да и не. Гледано од морално-философска страна, посакувано би било да постои универзална општествена игра, во која правилата се негативно одредено (слободарски - неповредливост на принципот на самопоседување, односно човекот да може да прави што сака со своето тело и производите на својот труд, се додека не нарушува останати поединечни

---

[946] Главата е предговор на македонскиот превод на Марej Ротбард - *Анатомија на државата* (2021, libertania.org)
[947] Thomas L. Knapp - Go Ahead and Jump (2009, c4ss.org)

самопоседувања). Но од друга, поконкретна, политичко-економска страна, ваквата игра која се однесува на сите и не го предвидува основното право на излез е во спротивност со принципот на самопоседување.

Од таму, една игра да биде сеопфатна и континуирана, потребно е да биде во согласност со принципот на само-поседување на субјектите, што секако го предвидува и правилото за излез од играта, како гаранција на истиот принцип (или морално оправдување на играта), и дополнително да дава резултати кои се поволни за субјектите кои учествуваат во играта - субјектите да се позиционираат како цел, а не средство за целите на играта (економско-утилитаристичко оправдување на играта). Правото на излез од играта, не само што има морално-философско значење, туку истото има и економско-утилитарно, поради фактот што оневозможува, нефер и неефикасни игри.

Како и претходно наведено, државата е игра во која не е предвидено правото на излез, а конкретни субјекти се овластени за создавање на правилата, нивното спроведување и санкционирањето на поведенија надвор од предвидените. Со самата констелација во играта, едни да ги прават и спроведуваат правилата, а втори да им се потчинуваат и да бидат казнувани (а меѓу другото и да ја финансираат), постои можност или опасност, првите да ја злоупотребата играта, односно да ги злоупотребат оние вторите субјекти на истата.

Нормално, во природата на човекот, како *хомо луденс*[948], или *битие кое игра*, е да игра и да се вклучува игри, од кои може да има корист, загуба, ука, забава и слично, но, секогаш е или во најмала рака треба да биде неприкосновено: прво играта да е во согласност со принципот на само-поседување - да има право на излез од истата, и секундарно да цели кон подобрување на благосостојбата на субјектите во играта.

[948] Johan Huizinga - *Homo Ludens: A Study of the Play-Element in Culture* (1944, Beacon Press: Boston)

# ДЕЛ 3:
# И Д Е О Л О Ш К А И О П Ш Т Е С Т В Е Н А П Р О М Е Н А

# ГЛАВА 16:
# ИДЕИ

## 140. Реалност или имагинарност

Пред да се навлезе во подетална дискусијата во однос на идеите со политички предзнак, од големо значење е прашањето, што е *идеа*, дали е спротивно на материја, дали има реално постоење, или е само производ на човековата имагинација.

Самата по себе, секоја идеа не е ништо повеќе од плод на човековиот капацитет да мисли и размислува, но во исто време, таа е потенцијална реалност во зародиш. Секоја креација, секоја промена, како и (скоро) секое делување на поединецот започнува со идеа. Голем дел од она што човекот направил, го прави, и ќе прави во иднина, започнува со идеа. Од тука, прашањето за идеите, реалниот свет и нивниот меѓусебен однос е прашање од големо значење, како за слободарството, но така и за поширокните општествените науки.

Идеите, во овој општествено-политички дискурс може да се дефинираат како размислувања и верувања присутни кај поединците и/или адаптирани кај институциите, кои влијаат врз делувањата на поединците.[949] Доколку идеите несомнено влијаат на делувањата на поединците, се подразбира дека истите може да го менуваат, а всушност и го менуваат општеството, се додека истото е сфатено како резулат на сите човекови делувања.

Паралелно со поималното одредување на идеите, се поставува и прашањето каков е односот помеѓу идеите и нивните претставници, односно луѓето кои ги мислат, размислуваат и изразуваат, заедно со прашањето дали идеите се нешто што е различно и со засебно постоење во однос на нивните претставници, или пак се недвосмислено врзани за нив.

На ова прашање, општо гледано, но и под претпоставка, може да има два одговора, и тоа *да* и *не*.[950]

Идеите, како такви, дефинитивно може да се гледаат одвоено и различно од нивните претставници, бидејќи имаат одвоено и засебно постоење и логика. Во некоја поконкретна и општествена смисла, претставуваат перспективи за реалноста, или пак визии за алтернативна реалност или иднина, и во нивната чиста форма немаат никаква

---

[949] Marij Swinkels - How ideas matter in public policy: a review of concepts, mechanisms, and methods (2020, *International Review of Public Policy (IRPP) 2:3*, INSHS-Institut des Sciences Humaines et Sociales- CNRS)
[950] Никола Љ. Илиевски - Идеи и претсавници (2022, libertania.org)

врска со нивните претставници, или оние кои *ги одржуваат во живот*. Тие се одвоени и различни бидејќи се насочени кон објаснување на определена објективност, која постои надвор од човекот и неговиот ум. Аналогно на тоа, идеите може да бидат реални и супериорни, независно од нивните носители или изразители. Дополнително, патерните, законитостите и каузалитетите кои важат во реалноста се манифестираат како идеи, независни од луѓето, а луѓето само ги потврдуваат со својата мисловна и/или сетилна активност. ***Вистината е вистина***, и како таква постои без оглед на оние кои веруваат или не веруваат во неа. Исто така идеите може да бидат супериорни или вистинити самите по себе, но нивните претставници може да потфрлаат во нивното изразување и масовна промоција.

Од друга страна, идеите се и тоа како зависни од нивните претставници, бидејќи тие се создаваат во нивните умови[951], или во човековите умови и се дел од различните видови на изрази (кажано, напишано, нацртано, пренесено) на човекот. На пример, идеа која се наоѓа во човековиот ум, и не е изразена, скоро и како да не постои, односно нема своја егзистенција, и според тоа, нема идеи без нивни носители - претставници. Идеите, се манифестираат во реалноста со нивно изразување од страна на нивните носители. Тие се недвосмислено прикачени за истите, а ***вистината е само општествен консензус*** околу конкретно прашање и ништо повеќе од тоа. Секако дека идеите може да поседуваат внатрешни противречности и контроверзии, но од друга страна, нивните носители може да покажат силен капацитет и волја во процесите на нивно изразување и промовирање помеѓу јавноста.

Секако се поставува прашањето кој одговор е точен, првиот или вториот. Може да се заклучи и дека двата одговори се точни, но и погрешни. Идеите, во исто време имаат и објективно постоење како рефлексија на определени законитости кои важат во реалноста, како и визија за иднината, но секако дека нивното постоење е непосредно врзано со нивните носители. Доколку нема носители, дефинивно нема ни изразување на идеи, но и од друга страна, не постојат носители без мисловни активности и манифестирање на идеи во истите.

[951] Во неговиот бестселер роман, Мураками пишува и за идеите, и тоа идеите како феномени неиздвоиви од човековата свест. Повеќе: Харуки Мураками - *Убиството на командантот* (2020, ТРИ), стр. 425

Она што може да се заклучи е тоа дека и покрај моралната оправданост на идеите, како и нивната супериорна утилитарност, истите немаат никакво постоење ниту пак значење, без соодветен израз од страна на оние кои ги претставуваат. Секако дека не треба да се суди за идеата по нејзиниот претставник, но со оглед на тоа дека истата е израз на претставникот и тој е оној кој ја актуелизира, идеите многу кажуваат за самите претставници, но и тие самите се рефлектираат во самите идеи. Од тоа произлегува, дека идеите, покрај нивната засебна оправданост и значење, овие атрибути ги црпат и од нивните претставници.

***а.) Слободарски идеи и претставници***

Во поглед на претставниците на идеите, кај слободарството, но и кај другите идеологии и идеолошки традиции, можат да се издвојат неколку видови на носители на идеите (во процесите на идеолошка и општествена промена). Тие можат графички да се претстават како *идеолошки*[952] *триаголник*.[953] За триаголникот на промена, ќе стане збор, понатаму во текстот.

***б.) Социјалистички идеи и претставници***

Како доказ за поврзаноста на идеите и нивните носители може да се наведе реалтивниот успех, но и падот на социјализмот во 20-тиот век. Самата по себе, идеата на социјализмот е утописка, нереална, контроверзна, економски неоправдана[954] и реално неизведлива во општествениот контекст[955][956]. Претставниците на идеата, заедно со кредибилитетот кој го имаат (имале) во општеството (најчесто интелектуалци и јавни личности) работеа вредно на зголемување на привлечноста на идеите во рамки на јавното мислење, односно работеа на идеолошка промена кај поголемиот број од населението. Како резултат на нивната работи се надоврза и самото актуелизирање на идеите во општествено-политичкиот систем во општеството, во вид на јавни политики.[957] Успехот не се однесуваше само на Октомвриската револуција во Русија и паѓањето на Источна Европа

[952] Murray N. Rothbard - Strategies for a Libertarian Victory (2010, mises.org)
[953] David Hart - Entrepreneurs, Investors, and Scribblers: An Austrian Analysis of the Structure of Production and Distribution of Ideas (2015, davidmhart.com)
[954] Ludwig von Mises - *Socialism: An Economic and Sociological Analysis* (1959, mises.org)
[955] Mark J. Perry - Why Socialism Always Fails (2016, aei.org)
[956] Nathan J. Robinson - 3 Arguments Against Socialism And Why They Fail (2018, currentaffairs.org)
[957] Thomas Johnson - Hayek's Theory of Social Change (2014, waitingforbarbarians.com)

под социјалистички режими, туку и продорот на социјализмот, како социјал-демократија[958], велферизам, егалитаријанизам и други видови на етатизам, во земјите од Западна Европа и западната хемисфера. Голем успех на социјализмот е воведувањето на државата на благосостојба, од страна на Бизмарк.[959] Бизмарк сметал, дека е неопходно да воведе социјализам во вид на социјал-демократија, со цел своевиден компромис со социјалистите. Државата на благосостојба, како држава која се впушта во централизирана прераспределба на богатство во општеството, која го организира целокупниот социјален, здравствен и образовен систем, е под силно влијание на социјалистичките идеи. Иако истата не претставува експлицитна манифестација и актуелизација на социјалистичките идеи, ниту пак ја следи нивната форма и јавен израз, дефинитивно е нивно имплицитно толкување и адаптација во јавните политики.

Актуелизација на социјалистичките идеи во политичките системи, не го донесе она што беше ветено и експлицитно инкорпорирано во идеологијата, како еднаквост, социјална правда, еманципација и благосостојба, туку напротив, економијата беше во пад, зголемена сиромаштијата, а човековите слободи и права силно угнетени и загрозени од страна на сеприсутната држава.[960]

Од тука се провлекува значењето, како на носителите на идеите, за нивно промовирање и крајна артикулација во системот, но секако и конзистентноста на идеите, која најдобро се покажува со нивно актуелизирање во општествената реалност.

## 141. Идеологија

Идеологијата генерално може да се објасни како *збир од верувања за светот*[961] *и неговото функционирање*. Таа претставува обид да се аспектира светот, со сите негови законитости и причинско-последични врски. Славој Жижек, кој со голем ентузијазам твори на оваа тематика, идеологијата ја определува како „очилата преку кои го гледаме светот“[962]. Од таму, таа е перспектива за општествената реалност, како и нејзина критика. Дотолку повеќе, идеологијата не е врзана исклучиво со разбирањето на светот и понуда на

[958] Social democracy (britannica.com)
[959] Lorraine Boissoneault - Bismarck Tried to End Socialism’s Grip—By Offering Government Healthcare (2017, smithsonianmag.com)
[960] Фридрих Хаек - *Пат кон ропство* (2011)
[961] Ryan Bercaw - What are the limits of ideology? (2023, learnliberty.org)
[962] Down with ideology? (Youtube video)

некаква критика, туку нејзината срж е, како што вели Мареј Ротбард *транформирање на идеата во реалност*.[963]

Разликата помеѓу идеологија и *политичка* идеологија е што последната е специфична категорија и се однесува на сет од идеи кои го обликуваат политичкиот светоглед, ја разобличуваат политичката реалност и даваат насоки за дејствување кон политичко-институционални промени во општествениот контекст. Исто така идеологијата може да биде сфатена како „огромен обид за темелна промена на општествената реалност“[964] преку понуда или изнуда на нов светоглед и/или алтернативна реалност, различна од *статус-квото*.

Идеологијата претставува сет од идеи за функционирањето на општествените текови и процеси, заедно со критика на општественото статус кво, и секако алтернатива на истото. Дополнително, секоја политичка идеологија, имплицитно или експлицитно содржи и стратегија за поттикнување, канализирање и изведување на промена, односно постигнување на алтернативата на статус-квото, што е зацртана во самата цел на идеологијата.

Во рамките на текстот, ***идеологијата се манифестира како збир од верувања и ставови за конкретната и посакуваната улога на државата во едно општество, и тоа низ нејзината активна и пасивна димензија***.

## 142. Крај на идеологиите

Дали слободарството е идеологија е прашање кое се поставува првенствено во слободарските кругови, но и помеѓу сите оние кои се заинтересирани за идеологија, начинот на функционирање на општеството, и посебно за контурите на неговото функционирање или она што е познато како *општествено уредување*.

Некои слободари избегнуваат да му дадат однос со идеологија, поради проста причина, што поимот идеологија најчесто е поистоветен со смртните -изми на 20-тиот век, како што се фашизмот, национал-социјализмот, комунизмот, национализмот и слично. Од таму, поимот доаѓа со огромен товар, и неговата употреба во дискурсот често знае да поттикне не толку пријатни чувства, но од друга страна, може да предизвика и страст

963 Murray N. Rothbard - Strategies for a Libertarian Victory (2010, mises.org)
964 Горан Илиќ - *ЕУтопија: Надворешно-политичката моќ на Европската унија во идеелогизацијата на пост-американскиот светски поредок* (2012, Графопром)

насочена кон одреден сет на идеи. Посебно во Македонија, зборот идеологија е поврзан со левите или десните политички струи - идеологијата на *ВМРО*, патриотизам, национализам, или на социјализам, комунизам, *левичарство* и слично. Дотолку повеќе, поимот често е дел од популистичките наративи, кои *харизматичните лидери* им ги овозможуваат на незадоволните маси. Прагматичарите, обично избегнуваат да го користат овој поим, посебно не во нивни јавни или академски настани и настапи.

Во насока на *историскиот детерминизам*, развиен од Хегел, а популаризиран од Маркс[965], и Фукујама прогласи *крај на идеологијата*, заедно со *крајот на историјата*[966], констатирајќи дека либералната демократија е доминантна и ултимативно привлечна по падот на Берлинскиот ѕид, а (останатите) идеологиите и -изми се излезени од мода. Со негодувањето на идеолошкиот карактер на слободарството, конкретните слободари сакаат да го позиционираат истиот некаде помеѓу екстремите, и да го прикажат во прагматичен, прифатлив, а помалку радикален стил.

Од друга страна постојат и слободари, кои што добро го разбираат ***неутралниот феномен** на идеологија*, исчистен од левичарски и десничарски флоскули, научно го аспектираат, и недвосмислено го етикетираат слободарството како идеологија[967], или нешто слично на идеологија (идеолошка традиција). Впрочем, заедно со другите -изми или идеологии и слободарството е либертаријани-зам, либерали-зам, објективи-зам, капитал-изам, или анархи-зам.

Самото отфрлање на идеолошкиот предзнак, по автоматизам не го прави сетот од идеи за општествено уредување ниту добар, ниту пак лош. На идеологијата, пред се треба да и се пристапи од научен аспект, а дополнително и од активистички. И Карл Маркс, го отфрлил идеолошкиот карактер на неговиот *научен социјализам* или *дијалектички материјализам*, но тоа воопшто не игра улога врз фактот дека социјализмот или комунизмот е и тоа како идеологија, и можеби највлијателната во 20-тиот век. Друго прашање е колку е, условно кажано, добра, или лоша идеологија, и кои се аксиомите од каде ќе се брани нејзината *моралност* или *корисност*.

---

[965] History as a process of dialectical change: Hegel and Marx (britannica.com)
[966] Francis Fukuyama - *The End of History and the Last Man* (1992, Macmillan, Inc)
[967] Никола Љ. Илиевски - Дали слободарството е идеологија? (2021, libertania.org)

Пред да се увиди потенцијалниот идеолошки карактер и основните идеолошки премиси на слободарството, најпрво треба да се определи поимот на идеологија и да се издвојат неговите составни делови или форми во кои се појавува.

### 143. Анализа на идеологија

Бранислав Саркањац[968] во својата *Идеологијата и поединецот* (2009) прави исклучително проникива анализа на идеологијата, аспектирај ја истата преку трите форми во кои може да се појави или трите нејзини конститутивни делови, имено:

- ***еидологија***,
- ***идеелогија*** и
- ***идеотелија***.[969]

Дополнително и професорот Горан Илиќ од Правниот факултет во Битола, во својата *ЕУтопија* (2012), пишува за *идеологиска схема*[970], инспириран од анализата на Саркањац, и му дава контекстуализација во надворешно-политичкиот идентитет на Европската унија, сфатена како *идеолошка сила* или *моќ*.

***Еидологијата*** претставува првиот, односно *пасивниот дел*, кој се однесува на идеологијата и може да се поистовети со *израз*, *слика* или *рефлексија* на општествените односи, институции и контексти. Аналогна, идеологијата како еидологија пасивно ја аспектира, или ја проучува општествената реалност, поставеноста на институциите, и посебно државата, во смисла на слободарството. Таа е одраз на првото својство на идеологијата, а тоа е ***забележување на општествено-политичката стварност*** и поставеностите во општеството. Во еидологијата, може да бидат вметнати сите теории и ставови кои служат како оправдување или толкување на идеологијата.

***Идеелогијата***, од друга страна е активниот дел на идеологијата, кој е претставен како ред на идеи кои влијаат на општествената стварност, и со самото тоа на општествените односи, институции и контексти. Од тука, идеелогијата е активната страна

[968] Бранислав Саркањац е еден од најдосетливите македонски философи, а неговата книга посветена на идеологијата и нејзината анализа, е пишувана во еден длабок, тенденциозен, помалку интелектуално елитистички и марксистички дискурс. Истата е резултат на неговиот магистерски престој во Источна Германија во периодот пред рушењето на ѕидот, поради кој е одбранета на Философскиот факултет во Скопје.
[969] Бранислав Саркањац - *Поединецот и Идеологијата* (2009, Макавеј)
[970] Горан Илиќ - *ЕУтопија: Надворешно-политичката моќ на Европската унија во идеелогизацијата на пост-американскиот светски поредок* (2012, Графопром)

која е насочена кон ***актуелизација на идеите***, со помош на стипулирање, промоција и креација. Како е напоменато, секоја промена започнува со идеа, и секоја идеа е стварност во зародиш. Најочигледен пример за активната страна на идеологијата е социјализмот, односно марксизмот, кој започна како идеа кај определена група на луѓе, која дополнително успеа да го мобилизира и трансформира, скоро половина свет во 20-тиот век. Идеелогијата, имплицитно (или експлицитно) ја опфаќа и стратегијата, односно методологијата кон посакуваната промена, односно кон идеотелијата. Истата, генерално може да се активира со употреба на сила и закана со употреба на сила, со мирољубиви средства, како и со комбинирање на двата пристапа.

***Идеотелијата*** ја претставува самата цел на идеологијата[971], односно ***алтернативното општество која таа го нуди***, на сметка на општествената сегашност, претставена преку статус-квото во општествената реалност. Таа го претставува општеството, или општествените контури, онака како што сакаат да го видат идеолозите, односно оние кои се поистоветуваат и ја пропагираат идеологијата.

Оваа типологија или анализа на идеологијата, ретко се наоѓа ескплицитно во конкретна идеологија. Така на пример, творците на социјализмот, во процесот на создавање на идеологијата на социјализмот, не тргнувале од тоа што е еидологија, идеелогија и идеотелија на социјализмот. Исто така, процесот на создавање на идеологија е широко дисперзиран и децентрализиран, а голем број на субјекти потенцијално учествуваат во нејзиното создавање, било преку академски или философски текстови, или пак преку активизам во форма на памфлети, или било која друга форма на активистичко делување.

Дефинитивно, секоја идеологија која цели кон општествена промена, може, или во најмала рака се очекува да биде анализирана преку трите нејзини основни форми или конститутивни делови, за да може да биде сметана како таква.

## 144. Идеолошка анализа на слободарство

Доколку го аспектираме слободарството како идеологија, тоа значи дека истото можеме да го анализираме, преку идеолошко-методолошката рамка на Саркањац, т.е. како еидологија, идеелогија и идеотелија.

[971] Бранислав Саркањац - Поединецот и Идеологијата (2009, Макавеј)

***Еидологијата***, како пасивен одраз на општествената реалност, односно општествените односи, поставеноста на институциите, улогата и делокругот на властите и сл., ги аспектира истите низ призма на слободарството. Тоа значи, дека еидологијата соодветствува со слика на повредите на слободарските поставки во конкретна земја, регион или пошироко, силна државна регулација и мешање во личниот и општествениот живот, даночно оптоварени граѓани, силни контроли на граници, преголема реулација, невладеење на право, злоупотреба на полиичка моќ, забранети дела кои немаат жртви (*victimless crimes*) итн. Еидологијата, како слика и критика на општествената реалност[972], го покажува статус квото, но и тоа што е не е во ред или го лоцира проблематичното. Слободарската еидологија, ги опфаќа сите теории и дејци кои твореле на теми поврзани со слободарството, како и нивниот слободарски пристап кон определените тематики. Тука би влегле сите -изам варијанти кои го тангираат слободарството, заедно со нивните творци и оплеменувачи на слободарските идеи. Во склоп на овој текст, еидологијата на слободарството е претавено од историската анализа на истото, неговите основни, но клучни поставки, како и проникнувањето во поимот и анализа на државата, како субјект од фундаментален интерес за слободарството.

***Идеелогијата*** е активната страна на идеологијата, која во себе ги содржи принципите на истата и се стреми истите да ги актуелизира во општествената реалност. Слободарската идеелогија опфаќа различни методологии, стратегии, активизми и делувања со цел актуелизација на слободарството во општествената реалност, како идеологија, и во потесна смисла, како крајна идеолошка цел - идеотелија. Задача на идеелогијата, е да ги промовира и на тој начин, да ги втемели клучните поставки на слободарството во општествените текови и процеси. Слободарската идеелогија е мирољубива, и аналогно опфаќа активности за идеолошка, политичка и општествена промена, како што се *образование*, *застапување*, *промовирање*, *градење на заедници* околу идеите, но и *политичко делување*. Овие активности им даваат практичност, односно ги реализираат идеите, до нивното конечно актуелизирање во општеството, разработено во идеотелијата. Мирољубивата методологија на слободарството, се однесува на контексти во кои има барем делумна демократија, и каде барем дел од народот може да се изрази за своите политички светогледи. Но се поставува прашањето, дали мирољубивата

---

[972] Бранислав Саркањац - *Поединецот и Идеологијата* (2009, Макавеј)

методологија може да се примени и во услови на диктатура, воена хунта и слични недемократски режими, цврсто засновани врз принуда?

Поимот на *слободарска идеелогија*, ќе биде предмет на дополнително внимание во текот на текстот.

***Идеотелијата*** на слободарството се поистоветува со концептот на слободно општество. Во зависност од струите во слободарството, проекцијата на слободно општество може да варира, општество во кое има мала држава, до бездржавно општество. Исто така, во зависност од идеелогијата, идеотелијата може да се појави како процес и како крајна цел. Државаноќен-чувар претставува концептуален вид на држава, чија единствена задача е заштита на принципот на самопоседување на човекот и гаранција за исполнување на договореното помеѓу поединците. Минималната држава претставува држава ноќен-чувар со малку проширени надлежности. Сите останати надлежности што ги имаат современите држави, се надвор од нивниот делокруг, и се предмет на пазарна регулација. Бездржавно општество е она во кое нема легитимен монопол на физичка принуда, или држава, а нејзините функции ги исполнуваат различни организации, агенции или компании, кои не претставуваат монопол, и нивната позиција не е *а приори* зададена, туку истите се подлежни на пазарните законитости и механизми.

Слободарството може да се третира како идеологија, затоа што ги содржи сите нејзини елементи, и се појавува во сите нејзини форми. Првично, тоа претставува одраз на општествената реалност, но и порив за измена на истата, со определен пристап и методологија, и стремеж кон целта манифестирана во *слободно општество*.

### 145. Слободарство како идеолошка тенденција

Слободарството, широко сфатено, може да се смета за идеолошка тенденција, за тоа што опфаќа повеќе идеологии, теории и ставови, кои на различен начин се толкувани во рамки на истото, кои нудат различни оправдувања за личната слобода, различен пристап кон постигнување на нивната цел, но имаат и различна идеотелија, односно крајна проекција за идеолошки совршено или морално добро и/или корисно општество.

Дихотомиите во слободарството го одредуваат истото како идеолошка тенденција. Некои од идеологиите и теориите на слободарството, се класичен либерализам, пазарен или индивидуален анархизам, лево слободарство, про-пазарен социјализам,

анархо-капитализам, објективизам, радикален капитализам, либертаријанизам, палеолибертаријанизам, па се до ордолиберализам, блидинг харт либертаријанизам и социјален либерализам.

Во однос на оправдувањата, постојат морално или философско оправдување и економско или утилитарно оправдување. Моралното оправдување тргнува од принципот на самопоседување на поединецот, додека пак утилитарното, тргнува од корисноста на принципите во општеството, предизвикан од доследното почитување на личната слобода во делувањето на поединците.

Радикални струи во слободарството се оние кои што имаат пристап *сега* и *веднаш*[973], и што даваат афирмативен одговор на прашањето дали би *притиснале копче*[974] со кое би го укинале секое мешање на државата во животот и делувањата на поединците[975]. За разлика од нив, градуалистите имаат инкременталистички или постепен *чекор по чекор* пристап во процесот на унапредување и етаблирање на поединечната слобода, како основен принцип за организирање на општеството.

Исто така, во однос на идеотелијата, струите во слободарството можат да се поделат во две групи, и тоа анархисти или минархисти. Идеотелијата кај анархистите се поистоветува со бездржавно општество, во кое не постои монопол на физичка принуда, додека кај минархистите, таа е ограничена држава ( држава ноќен-чувар (night-watchman state) или минимална држава).

Постои однос на заедништво или блискост, од една страна помеѓу моралното оправдување на слободата, радикализмот и анархизмот како идеотелија, и од друга страна помеѓу утилитарното оправдување, прагматизмот и минархизмот, но тој однос не е крут и цврсто заснован.

Од тука произлегува дека слободарството како такво не претставува унифицирана и еднострана идеологија, туку напротив, идеолошка тенденција, која е составена од различни идеологии, теории и ставови, кои за определени прашања често си противречат една на друга, но дефинитивно се согласни околу основните слободарски поставки, како и *аксиомата на не-поттикнување насилство*.[976]

---

[973] Murray N. Rothbard - What Libertarians Should Learn From the Abolitionists (2014, mises.org)
[974] Leonard E Read - I'd Push the Button (2018, fee.org)
[975] Никола Љ. Илиевски - Дали би го притиснал копчето? (2022, libertania.org)
[976] Walter E Block - Libertarianism vs Objectivism; A Response to Peter Schwartz (2000, Reason Papers 26)

# ГЛАВА 17:
# ИДЕЕЛОГИЈА НА СЛОБОДАРСТВО

Како, што е наведено, идеелогијата на слободарството се однесува на активниот дел од идеологијата или идеолошката тенденција на слободарството, односно начинот, методологијата и алатките или активностите за поттикнување и остварување на промена кон целта, пропишана со идеотелијата на слободарството, односно феноменот на (по)слободно општество.

Поимот на промена се однесува на преминот од една состојба или контекст или констелација во друга, различна, поинаква од првата. Секако, за промената да настапи, најчесто е потребен трет фактор кој ќе ја поттикне истата и кој може да биде од различна природа.

Кај идеолошката промена, или ***промената во главите на луѓето***, тоа може да биде некој настан и/или сознание, кој ќе ја предизвика. Додека пак општествената промена, или ***промената во институциите***, тоа може да биде некаква криза во општеството и/или движење кое ќе ја поттикне, секако под услов, голем дел од идеолошката промена претходно да биде настапена.

## 146. Идеолошка (пот)свест

Секој човек, сакал или не, експлицитно или имплицитно има свои разбирања, гледишта, осносно ставови за функционирањето на општеството, како и за определени општествени односи и процеси. Тоа што човекот го размислува, и врз основа на истото ги формира своите гледишта, но и гради ставови за конкретни општествено-политички прашања и јавни политики, може да се нарече ***идеолошка свест*** или ***идеолошка потсвест***.

Идеолошката (пот)свест, ги опфаќа разбирањата, гледиштата и ставовите за идеите, вредностите и основните принципи, според кој поединецот го аспектира општественото функционирање, основите институции во неговото функционирање, како и позицијата на поединецот, во однос на општеството.

***Идеолошка свест***, постои, кога поединецот е свесен, како за гледиштата и ставовите кои ги има за идеите, вредностите и основните принципи, како и дополнително

за сетот на идеи, односно идеологијата, од која произлегуваат истите. Поединецот е идеолошки свесен кога ги знае своите разбирања, гледишта и ставови кон конкретни општествени прашања, и истите може да ги врами во определен сет на идеи и идеологии. На пример, постои извесен број на луѓе кои сметаат дека луѓето треба да бидат слободни да прават се што сакаат, се до оној момент додека не повредуваат други луѓе и нивен имот, а се свесни дека ова гледиште е дел од слободарската, либералната или либертаријанската идеологија.

Од друга страна, ***идеолошка потсвест*** е присутна, кога поединецот е свесен, за своите размислувања, гледишта и ставови за идеите, вредносните и основните принципи, но не е свесен или пак е рамнодушен за идеологијата со кои истите може да се поистоветат. Исто така, постојат поголем број на луѓе, со истиот став дека луѓето треба да бидат слободни да прават се што сакаат, се до оној момент додека не повредуваат други луѓе и нивен имот, но истите не се класифицираат како слободари, либерали или либертаријанци.

Доколку овие претпоставки се точни, следува дека има поголем број на луѓе со ***слободарска идеолошка потсвест***, отколку со ***слободарска идеолошка свест***.

Луѓето кои имаат изградено и/или адаптирано некаква идеолошка (пот)свест, и имаат некакво гледиште и став кон феномените на општествено уредување, функционирање во рамките на општеството, како и основните принципи врз кои е или треба да биде поставено тоа општествено уредување, заради исполнување на определени цели; може, наједноставно и најопшто да се определат за две и тоа:

- ***слободарска*** идеолошка (пот)свест, и
- ***врховистичка*** идеолошка (пот)свест.

***Идеолошката свест или потсвест, како таква, скоро секогаш може да се манифестира во размислувања, гледишта и ставови во однос на улогата на државата, во едно општество, низ призма на нејзината активна и пасивна димензија.***

Бидејќи идеолошката (пот)свест е општо и широко определена, истата може да се појави во голем број на форми. Слободарски гледишта, односно *слободарска идеолошка (пот)свест* имаат оние поединци кои го ценат поединецот, како фундамент на општественото функционирање, и носат поголема или помала доза на скептичност кон *семоќноста* на политичките авторитети и повиканоста на политиката да ги задоволува

поединечните потреби и да ги решава општествените проблеми. Тука спаѓаат сите кои се декларираат како слободари, либерали, аналитички анархисти, либертаријанци, про-капиталисти како и сите индивидуалистички радикали, но и прагматичари кои експлицитно не се декларираат како претходните, а во голема мера се согласуваат со овие поставки.

На пример, оние кои имаат слободарски гледишта нема да оправдаат полициски упад во ноќен клуб, во потрага на малолетни лица, сертификат за примена вакцина, дрога и сл. Истите тие би се сомневале во таквиот начин на решавање на проблемите, со страв и под закана од насилство и лишување од слобода.

Од друга страна, врховистички ставови и гледишта, односно *врховистичка идеолошка (пот)свест* имаат оние поединци, кои повисоко го вреднуваат колективитетот, потребите на заедницата, општествените односи и/или општественото добро, не им пречи ограничување на слободата, само за да се намали поединечната одговорност, и сметаат дека политичките власти треба да решаваат најголем дел од општествените проблеми, па ако има потреба (најчесто би имало) и на сметка на личниот избор на поединците. Истите подржуваат поголеми државни интервенции, во секоја смисла на зборот, верувајќи дека посилните и поопсежните државни апарати имаат капацитет за воведување и одржување на поцврст општествен ред, за разлика од малите и либералните.

На пример, лица со адаптирани врховистички ставови и гледишта би го оправдале истиот полициски упад, како што е погоре наведен, под изговор дека полицијата, односно државата апсолутно треба да одржува или наметнува ред, да игра улога на родител и да ги воспитува нејзините граѓани, па ако треба и со употреба или под закана на *стап*.

### 147. Идеолошка промена

Идеолошка промена во *поширока смисла* се однесува на промена како и освестување на размислувањата, гледиштата и ставовите кои се однесуваат на конкретните идеи, вредностите и основните принципи. Идеолошка промена во *потесна* или некоја *општествено-политичка смисла*, и онаа што е во фокусот на текстот, се однесува на промената на *идеолошката (пот)свест* кај поединецот. Тоа означува, не само промена, туку и освестување на идеолошката потсвест, кај оние кои не се свесни за поврзаноста на своите гледишта и ставови, со определен сет на идеи.

Идеолошка промена настапува кога, на пример лице со *врховистичка (пот)свест* или лице кое бил повеќе или помалку рамнодушно кон конкретните прашања, ги променил истите, и усвоил нови, кои тежнееат кон слободарските, или едноставно, адаптирал *слободарска свест*. Идеолошката промена се однесува на промената на идеолошката (пот)свест, односно промена во гледиштата и ставовите на поединците[977], во потесна смисла, како е определено, за прашања кои го засегаат општественото уредување, функционирање и принципите врз кои е потребно истото да се темели.

Но самата промена во гледиштата и ставовите не е неопходно поврзана со самиот чин на осознавање на супериорните идејни поставки, туку многу често, трет настан ја поттикнува истата.

Од друга страна, свеста за општественото функционирање и увереноста во супериорноста на идеолошките принципи, не се единствените аргументи во процесот на идеолошка промена. Од огромно значење е културата во заедницата и дефинитивно нејзиното влијание врз поединецот.

Промената во идеолошката (пот)свест на поединците, односно нивната идеолошка промена, е клучен предуслов за постигнување на општествена, манифестирана како политичко-институционална промена во едно општество. Идеолошката свест кај поединците кои живеат во рамките на општеството, на среден и долг рок има тенденција да ги одредува јавните политики[978], заедно со политичко-институционалната поставеност во истото општество.

## 148. Општествена промена

Феноменот на општествена промена е еден од најсложените феномени во општествените науки. Сложеноста на истиот, пред се произлегува од бројните и различни фактори кои играат, или може да играат, поголема или помала улога во настапувањето, одржувањето и финализирањето на истиот.

Од друга страна, општествена промена е феномен кој е сеприсутен во човековата историја на делувања и општествени постоења на поединците. Ништо не е толку

[977] Peter Boettke - The Battle of Ideas: Economics and the Struggle for a Better World (2007, New Zealand Business Roundtable)
[978] John Blundell - Waging the War of Ideas (2015, iea.org.uk)

континуирано во политичките заедници, колку што е промената. Истата дефинитивно претставува правило, а не исклучок за човековиот и општествениот развој.

Општествена промена претставува генерички *општествен процес* или сет од голем број на *општествени процеси*, и се однесува на онаа промена во општеството, која е поврзана со функционирањето во рамките на истото, кое пак е делумно одредено од основните *правно-политички институции и поставености* во општеството. Аналогно, општествената промена, во овој конкретен случај, или низ призмата на политичките науки, може да се поистовети со ***политичко-институционална промена*** во рамките на општеството. Таа означува промена во општествените констелаци, природата на општествените односи и секако, промена во однос на третманот на поединецот, во услови на негово *општествено постоење*.

Конкретен пример за општествена промена е транзиција на поранешните комунистички држави во про-пазарни. Но секако, општествена промена која е насилна е онаа во царска Русија во 1917, и заменување на тогашниот царски, со нов болшевички (социјалистички или комунистички) режим. Окупацијата и воената агресија, исто така претставуваат едни од најзастапените видови на општествена промена низ човековата историја.

Од тука, на елементарно ниво, општествената промена може да биде предизвикана и одржувана со *насилство*, или пак со помош на *мирољубиви сретства*. Секако, овие два вида на промена се идеални типови. Реалните промени низ историјата, најчесто се одвивале со ползување на двата видови. Додека насилната промена, во себе дополнително вклучува и методологија на мирољубива промена, во мирољубивата, (треба да) отсуствува насилна.

***Насилната промена*** може да се нарече револуција, бунт, окупација, агресија и слично, а светската историја изобилува со примери за ваков вид на промени. Впрочем, тие се правило, а не исклучок во случувањата од светската историја. Она што е карактеристично за овој вид на промени, покрај наклонувањето и позлувањето на насилство, е тоа што промената неретко резултира со различна состојба од онаа планираната па дури и полоша, во однос на поединците. Многу често, по спроведување на успешна револуција, победничките кругови, односно револуционерните елити, низ историјата тежнееле кон воспоставување на авторитарна, па дури и тоталитарна власт.

Најеклатантни примери на револуција се Француската (буржоаска) револуција, од 1789, Американската револуција за независност, од 1771 и секако Октомвриската револуција од 1917. Револуциите често може да се поистоветат со *општествена промена*, без претходно постигната *идеолошка* промена кај поголемиот дел од поединците, а впрочем, од таму произлегува и потребата за употреба на насилство. Пред заканата на оружјето и насилството, принципите најчесто се занемаруваат и се оставени во втор или трет план.

***Ненасилната општествена промена***, е онаа во која голем број на субјекти на промената ја изведуваат промената, односно делуваат во процесот кон промена[979], со помош на ненасилни стратегии и активности.[980] Наместо насилство, ненасилната општествена промена користи методи како што се образование, создавање на лидерство, промовирање на идеата помеѓу интелектуалците и масите, застапување и мобилизацијата позади принципите во реални ситуации, градење на човечки заедници околу идеите кои ќе ги мотивираат и инспирираат масите да прават притисок врз политичките власти, кон саканата промена, политичко делување кон воспоставување на промената и секако, повторување на цисклусот. Ненасилната промена е процес кој започнува со идеолошка промена, односно враќање во живот на идеите, и промена на нивното аспектирање од страна на поединците, па се до општествена промена, олицетворена во политичко-институционална промена. Помеѓу најпопуларните примери за мирољубива општествена промена може да се сметаат, укинување на Британското владеење со Индија, кое го водеше Махатма Ганди преку метод на граѓанска мирољубива непослушност, и секако падот на социјализмот во земјите на Источна Европа.[981]

За ненасилната промена може да се заклучи дека е потемелна и посложена, а истовремено и самиот процес опфаќа поголем период за да биде издејствувана истата. Нејзината основна моќ е *убедувачката*, односно моќта на кажаното, реченото, напишаното, изразеното и слично, надополнета со *наградувачката моќ*, во смисла на ресурси за дејствување кон промена, а секако и купување на влијание и лобирање.[982]

Но, од друга страна се поставува прашањето дали во некои услови, насилната општествена промена може да биде оправдана? Да, дефинитивно, во контексти во кои

---

[979] 198 Methoods of Nonviolent Action (aeinstein.org)
[980] Nathan Goodman - From Rothbard To Landauer: The Practice Of Anarchism (2017, pressingthebutton.com)
[981] Edward Stringham & Jeffrey Rogers Hummel - First, Ideological Change; Second, Social Change (2010, mises.org)
[982] Џон Кенет Галбрајт - *Анатомија на Моќта* (1995, Култура: Скопје)

властите недвосмислено и масовно вршат повреди на физичкиот интегритет на поединците, нивната слобода и нивниот имот, нема услови за никакво нивно изразување во однос на авторитетите, како и нивна промена. Во овој случај употребата на насилство може да биде оправдана и легитимна.

Истото може да се надоврзе и на правото на поединците за легитимната употреба на насилство, во услови на *самоодбрана* или *крајна нужда*. Но секако, оваа промена, со помош на насилство, не е гаранција дека следните власти ќе бидат подобри од соборените, и многу често новите, се зајакнуваат со дополнителна моќ, за која имаат силни искушенија да ја злоупотребат.

### 149. Односот помеѓу идеолошка и општествена промена

Во насока на претходно изнесеното, се поставува прашањето каков е односот, односно, каузалитетот помеѓу идеолошката и општествената промена. Едноставно, идеолошката промена е еден од главните предуслов за мирољубива општествена промена. Идеолошката промена ја поттикнува, води и канализира општествената промена.[983] Општественото уредување, на некој начин претставува израз на разбирањето, гледиштата и ставовите на мнозинското население, или барем на оние најгласните и најактивните, а во спротивно, доколку не е, истото може да се одржи единствено на ограничен рок, за што сведочат падовите на славните империи, автократските и тоталитарните држави.

На долг рок, идеите кај поединците, нивната идеолошка (пот)свест, т.е. нивните разбирања, гледишта и ставови, и тоа на мнозинството и/или на оние најгласните, го определуваат пристапот кон општественото уредување и контурите во кои се одвива општествениот поредок, истите втемелени врз некакви идеолошки (или прагматични) поставки.

### 150. Политичко-институционална промена

Како е напоменато, општествената промена се однесува на промена во тековните институции во рамки на општеството, конкретно политичките и јавните институции, кои потенцијално би предизвикале серија промени во општеството, и секако промени во

[983] Edward Stringham & Jeffrey Rogers Hummel - First, Ideological Change; Second, Social Change (2010, mises.org)

делувањата на поединците, и останатите општествени субјекти. Слободарска општествена промена, се однесува на промена во поставеноста и функционирањето на политичките институции во општеството, и тоа промена насочена кон послободно општество, конкретизирано со унапредување и поголема поединечна слобода, поголем простор за слободните пазари и минимална, ограничена или пазарна и доброволна алтернатива на држава.

Методологијата кон овие промена, *по дифолт* е мироубив, и тоа со користење на алатки како што се *образование*, *застапување на идеи и политики*, *мобилизација*, *градење на заедници*, *вршење на притисок* врз политичките и партиските елити и секако *политичко делување* во рамките на формалните институции. Насилниот начин на промена во општеството, или револуциите, не соодветствува со идеата на слободарството, туку единствен начин кон (по)слободно општество е мироубивиот, кој ја користи *моќта на зборот*, наместо *моќта на стапот*.

За слободарите или скептиците кон политичките авторитети, својствено е да размислуваат дека политичките центри се семоќни во поставувањето на уредувањето и управувањето со општеството, дека немаат скоро никакви ограничувачки рамки за актуелизирање на своите политики и носењето на одлуки, но реалноста покажува дека ситуацијата не е таква.[984]

И политичките елите, имаат рамки во кои што делуваат со своите политики, а истите се поставени од *јавното мислење*, односно она што е прифатливо за мнозинството од граѓаните, или барем за оние *најгласните*. Преку механизмите на демократијата, но и непосреден активизам, граѓаните учествуваат во врамувањето на опции за сегашни и идни јавни политики, и секако потенцијално актуализирање на своите светогледи, интереси и ставови. Поедноставено, политичарите во процесите на *политикување*, не може да бидат апсолутно слободни и да *излегуваат надвор* од она што е сметано за *прифатливо*, *нормално*[985] и слично, а и да одлучат да го направат тоа, ја ризикуваат својата позиција на власт, која може да биде заменета, условно на *следните* (или некои идни) *избори*. Добро е

984 A Brief Explanation of the Overton Window (mackinac.org)

985 Никола Љ. Илиевски - Овертонов прозорец: Показател на капацитети за слободарска општествена промена (2021, libertania.org)

позната максимата, секој народ добива држава каква што сака и/или заслужува, што во принцип е точна.[986]

Промената на јавното мислење, и промената на светогледот на поголемиот дел од поединците во општеството за тоа функционирање, како и за значењето на принципот на само-поседување, феноменот на ефикасна економија и маргинализирање на принудата во општествените односи, или постигнување на *идеолошка промена* - е основен предуслов за *слободарска општествена промена*.

Според оваа методологија на промена, *јавното мислење* би ги притиснало тековните или би формирало про-слободарски (политичките) елити, кои би требало да пристапат кон актуелизација, во форма на институционализација на саканите промени како и нивна манифестација во формалните институции и јавните политики во општеството. На тој начин, би се воспоставило општество втемелено на претходно наведените (слободарски) поставки.

[986] Но секако не значи дека секој поединец добива држава каква што за служува.

# ГЛАВА 18:
# СТРАТЕГИИ ЗА ПРОМЕНА

Иако слободарството претставува идеологија со видно развиена еидологија и идеотелија, кога станува збор за неговата идеелогија, истата можеби и потфрлува во споредба со претходните.[987] Додека се среќаваат голем број на текстови, односно дела кои служат во процесите за оправдување, толкување, анализа и промоција на слободарството, недостасуваат дела и дејци кои би поставиле, објасниле и анализирале сериозна стратегија, или сет од стратегии за промена кон (по)слободно општество.[988][989]

Постојат ограничен број на дејци кои твореле на оваа тема, а помеѓу најистакнатите *стратези* на слободарството може да се наведат Фридрих Хаек, Мареј Ротбард, Дејвид Харт, Ханс Херман Хопе, Џефри Такер, но секако и современите глобални слободарски движења, како Студенти за слобода (*Students for Liberty*[990]) и Атлас Нетворк (*Atlas Network*[991]), кои голем дел од нивната стратегија ја базираат врз онаа на Фридрих Хаек.[992]

Постојат повеќе пристапи во стратегијата, односно повеќе стратегии кон (по)слободно општество, како што се едукационизам, културализам, радикализам, градуализам, лидерство и претприемништво, граѓанска непослушност и контра-економија, популизам и политичка акција и други. Истите не се исклучуваат помеѓу себе, туку се надополнуваат, од каде произлегуваат конкретни активности - алатки во процесот на поттикнување и делување кон идеолошка и општествена промена. Идеолошката и општествената промена не се случуваат сами по себе, од самата супериорност на аргументите, туку е потребно широко спектарно делување за истите да бидат поттикнати и да настапат.

---

[987] Повеќе за овој проблем на недостаток на кохерентна и функционална стратегија за слобода, пишува и Милтон Мулер, во 1979 година. Повеќе: Milton Mueler - Toward a Libertarian Theory of Revolution (1978, libertarianism.org)

[988] Токму оваа забелешка претставува една од слабостите на слободарството, затоа што чини дека слободарите очекуваат промената да настапи по автоматизам, поради супериорноста на идеите. Но, секако идеолошката и општествената промена не зависи само од идеите, туку огромна улога имаат и носителите, односно претставниците на истите.

[989] Alberto Mingardi - On libertarian strategies (2015, econlib.org)

[990] Students for Liberty (studentsforliberty.org)

[991] Atlas Network (atlasnetwork.org)

[992] Friedrich A. Hayek - The Intellectuals and Socialism (1949, mises.org)

## 151. Едукационизам (Educationism)

Претставува универзален пристап за сите слободарски стратегии за општествена промена. *Едукационизмот*[993], означува промена преку образование или едукација на се поголем број на поединци, за оправдувањата и толкувањата за слобода.[994] Овој пристап тргнува од праведноста, но и супериорниот перформанс, поврзани со идеите на слободата.

На прашањето како да го промениме општеството во кое живееме, едукационизмот одговара - со помош на понуда на образование на поединците во тоа општество. Доколку истите се образуваат, поттикната е *идеолошка промена*, која дополнително би стимулирала општествена, како и политичко-институционална промена. Од тука произлегува дека едукационизмот е тесно поврзан со идеолошката (пот)свест и промена, а самиот процес на *осознавање на вистината* и *идеолошко освестување*, во себе го содржи зародишот на идната општествена промена.

Исто така едукационизмот се потпира повеќе на еидологијата на слободарството, односно на нејзиниот пасивен дел и дел кој ќе го оправда истото како морално и утилитарно супериорна идеологија. Се претпоставува дека, кога луѓето, односно, мнозинството, ќе можат да ја препознаат оваа *супериорност*, би настапила промената, во канализирана во повеќе процеси.

Поради фактот што се работи за едукативни активности и аспектирање на идеологијата низ научно-образовни гледишта, носечката улога во овој пристап ја има *интелектуалецот*[995], како таков.

Едукационизмот, како фундаментален пристап кон општествена промена, најдобро може да се објасни и претстави преку концептуалниот модел, наречен Хаеков триаголник на општествена промена.

### *а.) Хаекова триаголник на општествена промена (Hayek's triangle of social change)*

Триаголникот претставува концептуален модел со чија помож може да се опише промената, односно делувањето кон промената, анализирано преку субјектите кои се

---

[993] Мареј Ротбард, одредува дека активностите на *конверзија на луѓето* (идеолошка промена) преку издавање на книги, памфлети и слични едукативни публикации може да се нарече *едукационизам.* Повеќе: Murray N. Rothbard - Strategies for a Libertarian Victory (2010, mises.org), Murray N. Rothbard - Concepts of the Role of Intellectuals In Social Change Toward Laissez Faire (2014, mises.org)

[994] Murray N. Rothbard - Sell Out and Die (2021, lpmisescaucus.com)

[995] Emily Chamlee-Wright - Paradigms of Social Change: Creating Better Intellectual Leader, Better Organizations, and a Better World (2018, mercatus.org)

носители на идеите и визуелизирано во форма на *триаголник на промена*. Дејвид Харт (*David Hart*) на многу концизен начин ја има анализирано во својот труд *Entrepreneurs, Investors, and Scribblers: An Austrian Analysis of the Structure of Production and Distribution of Ideas* (2015).

Фридрих Хаек, според кого овој приказ е именуван, ја адаптира и надоградува *австриската теорија на капитал и структурата на производство* (*на добра*)[996], и во однос на идеите. Од таму, ги перцепира идеите, како производствено добро[997], заедно со физичките добра (производите) и услугите (сервисот). Аналогно на тоа, поттикнувањето и водењето на процесите на идеолошка и општествена промена, често се нарекува *бизнис со идеи*.

Во теоријата производството како процес е анализиран, од каде потекнува и разликата помеѓу добра од неколку редови[998], во зависност од нивната *оригинерност*, односно *преработка*. Тоа се:

- *добра од прв ред* (или оние производи кое се претходно подготвени за користење или конзумирање[999]),
- *добра од втор ред* (оние добра кои придонеле за производство на добрата од прв ред, како што се фабриките, машините за произведување на добра од прв ред, мрежите на диструбиција итн),
- *добра од трет ред* (оние добра кои придонеле за производство на добрата од втор ред, односно фабрики и машини за производство на машините од втор ред),
- *добра од четврт ред* (добрата кои се од највисок ред, односно најдалеку од крајниот потрошувач, и се дел од природата; тука спаѓаат земја, природни ресурси, итн).[1000]

---

[996] Оваа теорија е дело на Лудвиг вон Мисес и Фридрих Хаек, со цел да ја опишат структурата на производството. Повеќе: David Hart - Entrepreneurs, Investors, and Scribblers: An Austrian Analysis of the Structure of Production and Distribution of Ideas (2015, davidmhart.com)

[997] Од друга страна Џефри Такер се спротивставува на оваа споредба и поистоветување на идеите со производствените добра, пред се поради фактот што идеите не се ретки (scarce) ресурси, како што се материјалните добра, и од тука потекнува несовпадливост на пресликување на истиот систем на анализа. Повеќе: Jeffrey A. Tucker - There Is No Structure of Production for Ideas (2017, fee.org), Alberto Mingardi - On libertarian strategies (2015, econlib.org).

[998] Ludwig von Mises - *Human Action* (1998, mises.org)

[999] Murray N. Rothbard - The Structure of Production (2010, mises.org)

[1000] David Hart - Entrepreneurs, Investors, and Scribblers: An Austrian Analysis of the Structure of Production and Distribution of Ideas (2015, davidmhart.com)




**Слика 21:** Графички приказ *австриската теорија на капитал и структурата на производство* (*на добра*)[1001]

Користејќи ги контурите на теоријата на капиталот, Хаек ја поставува и теоријата на идеите и структурата на производство на идеите:

- *идеи од прв ред* (идеите во медиумите, изборните кампањи и сл),
- *идеи од втор ред* (идеите во тинк-тенковите, организациите, законодавството, управните акти и сл),
- *идеи од трет ред* (идеи во универзитетитите, институтите, трудовите, учебниците и сл.),
- *идеи од четврт ред* (оригинални трудови за нови теории, универзитети, истражувачки центри и сл.)

[1001] David Hart - Entrepreneurs, Investors, and Scribblers: An Austrian Analysis of the Structure of Production and Distribution of Ideas (2015, davidmhart.com)




**Слика 22:** Графички приказ *австриската теорија на капитал и структурата на производство* (*на идеи*)[1002]

Во насока на *теорија на капитал и структурата на производство на идеи*, може да се издвои Хаековиот триаголник, претставувајќи го процесот на општествена промена, на прилично едноставен начин.

Графички прикажано, триаголникот се состои од 4 нивоа. На врвот, први се наоѓаат ***оригиналните креатори*** на идеите, односно носители на идеите, кои за прв пат проникнуваат во нивната суштина и ги изразуваат, или таканаречени ***сколари***. Во ова ниво, се создаваат идеите. Тука можеме да ги наведеме сите оние дејци, кои на своевидно оригинален начин придонеле во создавањето на слободарството како идеолошка традиција.

Потоа следат ***интелектуалците,*** на второто ниво, кои дополнително ги проучуваат и анализираат идеите, и обезбедуваат нивно оправдување и промоција. Исто така интелектуалците, Хаек ги нарекува *разменувачи на идеи од втора рака*[1003] (*second hand*

[1002] David Hart - Entrepreneurs, Investors, and Scribblers: An Austrian Analysis of the Structure of Production and Distribution of Ideas (2015, davidmhart.com)
[1003] Donald J. Boudreaux - *The Essential Hayek* (2014, fraserinstitute.org)

*dealers*[1004]), додека пак Ротбард ги нарекува *кадри* (*cadres*).[1005] Тие се оние кои ги популаризираат идеите во очите на јавноста (или ги *одржуваат идеите во живот*), и нивната улога е клучна. Најчесто овие интелектуалци се здружени во различни заедници, организации, тинк-тенкови и/или универзитети, но секако може да делуваат поединечно, и како претставници од бизнис секторот.

Трети во триаголникот следат ***обичните граѓани***, кои го претставуваат јавното мислење (мислењето на мнозинството, или барем на оние најактивните во општеството) за конкретните идеи. Во оваа фаза на општествената промена, настапува идеолошката промена, односно промена во гледиштата и ставовите што се однесуваат на идеите, вредностите и основните принципи.

Четврти, односно најдолу на триаголникот се ***политичарите*** и ***политичките елити,*** кои се последни во низата на промена, и под влијание или притисок на јавното мислење, идеите ги трансформираат во јавни политики и адаптираат во инситутициите со што е завршен циклусот на политичко-институционалната, а аналогно и општествената промена.[1006]

Секако, треба да се има во предвид, дека ова претставува само еден аспект од процесите на општествена промена, и делумно задоволување на барањата за врамување и структурирање на истите процеси. Со оглед на фактот дека истите претставуваат екстремно сложени феномени, скоро и да не е возможно, со оваа концепција на Хаеков триаголник, сеопфатно да се објаснат. Но од големо значење е истата концепција, затоа што обезбедува поедноставен увид, образовна и идејна логика, во сложените процеси на промена.

---

[1004] Friedrich A. Hayek - The Intellectuals and Socialism (1949, mises.org)
[1005] Murray N. Rothbard - Concepts of the Role of Intellectuals In Social Change Toward Laissez Faire (2014, mises.org)
[1006] Thomas Johnson - Hayek's Theory of Social Change (2014, waitingforbarbarians.com)




**Слика 23:** Графички приказ на Хаековиот триаголник на општествена промена[1007]

***б.) Улогата на интелектуалците во промената***

Мареј Ротбард пишува дека *идеите не делуваат во општествен вакум*,[1008] туку истите треба да бидат одржувани во живот преку низа на активности, кои вклучуваат како пренесување, образование и застапување или промоција, односно организирање и градење заедници околу истите, така и политичко делување за адаптација на истите, во формалните институции и јавни политики во општеството.

Според едукационизмот, клучната улога во процесот за воспоставување на слободарска општествена промена имаат *кадрите* (како што ги нарекува Ротбард - *cadre*)[1009], кои можат да се поистоветуваат со она што Фридрих Хаек го нарекува *интелектуалци*[1010][1011] (тие се наоѓаат подолу од оригиналните креатори на идеите, во Хаековиот триаголник на промена). Интелектуалците се оние кои се релевантни и најгласни за идеите, а секако имаат волја и капацитет да ги промовираат, да делуваат и да градат заедници околу нив. Тие може да функционираат во склоп на различни заедници,

[1007] Thomas Johnson - Hayek's Theory of Social Change (2014, waitingforbarbarians.com)
[1008] Murray N. Rothbard - Strategies for a Libertarian Victory (2010, mises.org)
[1009] Murray N. Rothbard - Strategies for a Libertarian Victory (2010, mises.org)
[1010] Friedrich A. Hayek - The Intellectuals and Socialism (1949, mises.org)
[1011] Murray N. Rothbard - The Case for Radical Idealism (2022, mises.org)

организации, движења, мрежи, политички партии, масовни медиуми, претприемачи, влијателни поединци, бизнис сектор и слично.

Но секако за поттикнување на промената кон слободно општество, потребно е организирање за проширување, застапување и *држење во живот* на идеите. Од тука, клучна улога во промената на насоката на *општествена динамика*, кон воспоставување на слободно општество, имаат движењата, организациите, образовните институции, масовните медиуми, влијателните поединци, како и сите видови на неформални образовни и промоторски активности. Во денешно време истите можат да се поиствеат со различни слободарски заедници, организации, студентски движења, иницијативи, академски институции и други форми на активизам. Сите тие играат огромна улога во самиот процес на промена, служејќи како платформи во кои би се одвивале активностите на образование, промовирање и градење на човечки заедници околу идеите.

Доколку во едно општество, во најмала рака поголемиот дел од *интелектуалците*, и поголемиот дел од јавноста веруваат и застанат позади праведноста и функционалноста на феноменот на слободно општество, заедно со постулатите на поединечна слобода и слободни пазари; неминовно е дека и политичарите ќе ги следат таквите тенденции, поаѓајќи од нивниот основен мотив - задржување на власта.

Главниот проблем со кој се соочуваат слободарските активисти е токму убедувањето на *интелектуалците*[1012], оние општествено најангажираните и поголемиот дел од јавноста, токму во праведноста и функционалноста на слободарските идеи. Убедувањето на јавноста во исправноста на идеите ја претставува идеолошката промена, која дополнително ја поттикнува и општествената промена, манифестирана како политичка или институционална.

### 152. Културализам (Culturalism)

Претставува пристап кон општествена промена, кој ја нагласува *културата*, и тоа сфатена во општа смисла, како основен предуслов кон таа промена. Културализмот истакнува дека *доминантната култура* во општеството, има тенденција изразува големо влијание врз политичките и економските процеси во истото. Сепак, феноменот култура, опфаќа голем број на сфаќања за истиот, а во овој контекст се поистоветува со значењето

[1012] Friedrich A. Hayek - The Intellectuals and Socialism (1949, mises.org)

кое го дава Ејн Ренд, и тоа како *култура на егоистичка етика* и Ротбард, Роквел, Хопе и други палеолибертаријанци, *култура* како Западна културна или Јудео-христијанска традиција, наспроти останатите.[1013]

Ејн Ренд, иако не пишувала експлицитно за општествената промена, туку повеќе за основните постулати на објективизмот, и та како би требало да изгледа едно слободно општество, низ призма на објективизмот (што може да се идентификува со *објективистичка еидологија и идеотелија*), истакнува дека за промена кон слободно општество, потребно е цврсто адаптирање на *култура на рационален егоизам*.[1014] Аналогно на тоа, потребно е доминантна култура во која поединците се рационални, ги идентификуваат своите лични интереси и одбиваат секаков вид на *жртвување*, како на себе си за туѓи интереси, така и на останатите за свои интереси. Ренд истакнува и цврсто стои на ставот, дека оваа културолошка промена е првиот и најбитен предуслов, како и чекор кон посакуваната општествена промена.

Мареј Ротбард и Лу Роквел, во 90-тите години од претходниот век, се откажуваат од терминот либертаријанизам, затоа што сакаат да се дистанцираат од тогашните случувања во либертаријанското движење и партија во Америка. Својата идеа, која е всушност либертаријанска, ја нарекуваат *палеолибертаријанизам*[1015], со која се враќаат на корените на самиот либертаријанизам. Она во што се разликува *палео* од обичниот либертаријанизам е настојувањето на моралниот код на *Јудео-христијанската етика* или *западниот морален светоглед*, кој палео-либертаријанизмот го наведува како клучен предуслов за слободарска победа.

Иако слободарството, за разлика од левицата и десницата, нема тенденција да ја промени човековата природа, и да создаде *нов човек*, кој најдобро би се вклопил во концепцијата за слободно општество, сепак постоењето или непостоењето на култура на одговорност, искреност, трудољубивост, истрајност, иницијативност и претприемачкиот дух се од големо значење во процесот на општествена промена. Во општество на мрзливи,

---

[1013] Murray N. Rothbard - Why Paleo? (1990, RRR - Rothbard Rockwell Report)
[1014] Edward W. Younkins - Atlas Shrugged and Social Change (2017, The Journal of Ayn Rand Studies 17/2)
[1015] Llewellyn H. Rockwell Jr. - The Case for Paleo-Libertarianism (1990, *Liberty Volume 3, Number 3*), Murray N. Rothbard - *Right-Wing Populism: A Strategy for the Paleo Movement* (1992), Marcin Chmielowski - Murray N. Rothbard's Paleolibertarianism: In Search for a Political Success during the Republican Party Presidential Primaries 1992 (2016, Res Publica. Revista de Historia de las Ideas Políticas Vol. 19 Núm. 2), Murray N. Rothbard - Why Paleo? (1990, RRR - Rothbard Rockwell Report), Hans-Hermann Hoppe - Libertarianism and the Alt-Right: In Search of a Libertarian Strategy for Social Change (Hoppe Speech, 2017)

рамнодушни и луѓе со стремеж да отфрлаат одговорност и да зависат од авторитети, многу тешко се одвива развој на капитализам, но и обратно, во општества со голем број на поединци со силен претприемнички набој, иницијатива и одговорност, наметнувањето на социјалистички систем би наишло на голем број проблеми и негодувања. Аналогно на тоа, улогата на доминантната култура во процесите на општествена промена е од непроценливо значење.

## 153. Радикализам (Radicalism)

Радикалите за слобода, бескомпромисно ја заговараат целта на слободарството, односно заговараат слободно општество, со целосно оттргнување на државното мешање од секој аспект на човековиот, економскиот и општествениот живот. За разлика од слободарството како *процес*, радикалите недвосмислено го аспектираат истото како *крајна цел*. Не прават компромиси со постоечките политички системи и заговараат радикална промена на истите, како и потполно воспоставување и актуелизација на идеата на слободно општество. Исто така тие не се занимаваат со она што е *политички возможно*, туку го заговараат *политички невозможното* и создаваат услови за истото еден ден да стане возможно.

Леонард Е Рид. кој заговарајќи целосно укинување на економските државни контроли, познати како ценовни, контрола на плата и слични, во 1946 година ја даде фамозната изјава, дека *доколку постои копче кое доколку хипотетички се притисни и се укинат сите ценовни и контроли на плати, без размислување би го притиснал истото*[1016][1017]. Тука се воочува радикализмот кај еден дел од слободарите, кои ја претпочитаат и работат за слободата - *сега* и *тука*. Овој радикализам за слобода го застапувале аболиционистите и оние кои заговараа радикално укинување на ропството, исто така *сега* и *тука*[1018], не со ветување за подобрување на истото, туку за укинување. Укинување на односот господар-роб, според радикалите и аболиционистите е суштината на слободата, а не подобрување на позицијата на робот во постоечкиот однос *господар-роб*.[1019] Овој радикализам го делел и Хенри Давид Торо, кој истакнувал дека

[1016] Leonard E Read - I'd Push the Button (2018, fee.org)
[1017] Would You Press the Button? (2017, fee.org)
[1018] Murray N. Rothbard - Strategies for a Libertarian Victory (2010, mises.org)
[1019] Murray N. Rothbard - What Libertarians Should Learn From the Abolitionists (2014, mises.org)

најдобра е онаа влада која воопшто не владее.[1020] Спротивно, доколку абоиционистите би биле прагматичари би заговарале подобрување на положбата на робот под господарот, за еден ден, можеби да побараат и целосно уништување на односот.

Мареј Ротбард како истакнат слободарски активист, пишуваше повеќе за радикализмот, идеализмот, но и прагматизмот и градуализмот во либертаријанските движења, организации и слободарските гласноговорници. Тој стеше на позицијата и го охрабруваше радикалниот пристап во слободарството. Во рамките на либертаријански движења, како отстапување од цврстата слободарска (радикална) позиција, Ротбард ги истакнуваше *„левиот сектаризам“* и *„десниот опортунизам.“*[1021] *Сектаризмот* е олицетворен во оние слободари кои во целиот процес на остварување на целта ја заборавaaт самата цел, која е поистоветена со воспоставување на потполно слободно општество. *Опортунизмот* во либертаријанските кругови, од друга страна, се однесува на поединците кои во процесот ја заборавaaт крајната цел на слободарството, а во предност ги ставаат своите лични цели.[1022]

## 154. Градуализам (Gradualism)

Градуализмот кај слободарите е онаа струја, која заговара инкременталистички или бавни, *чекор по чекор*, промени. Чекорите се насочени кон зацврстување и унапредување на поединечната слобода, како врховна политичка вредност, заедно со сите нејзини последици во рамките на општеството.

Градуалистите, не се анти-државно и анти-системски настроени, туку се стремат во склоп на постоечките политички институции, во организациона и нормативна смисла, да ја промовираат и етаблираат вредноста на слободата. Од тука произлегува дека тие се реформисти, наспроти радикали за слобода. Секако, често се склони на компромиси, и одбиваат да се категоризираат како радикали, или утописти. Градуализмот во слободарството, истото го аспектира како континуиран, скоро па вечен процес на унапредување на положбата на личната слобода во општеството, преку нејзино актуелизирање во форма на јавни политики. Градуалистичката стратегија за промена кон

[1020] Henry David Thoreau - *Civil Disobedience* (1849, virginia.edu)

[1021]Во оваа поделба, Ротбард е инспириран од Лав Троцки, кој ги споменува левиот сектаризам и десниот опортунизам, како најголема закана за марксизмот и дијалектичкиот материјализам. Повеќе: Marxism vs. sectarianism (marxist.com)

[1022]Murray N. Rothbard - The Case for Radical Idealism (2022, mises.org)

слобода е на линија со *фабианизмот*[1023], како стратегија на промоција и актуелизирање на социјализмот во реалниот политички живот, преку различни про-социјалистички јавни политики.[1024]

Градуализмот како пристап во слободарството, повеќе соодветствува со сфаќањето на истотот како процес на воспоставување и унапредување на личната слобода, а помалку како исполнување на крајната цел на слободно општество. Аналогно, истиот цели кон подобрување на слободата, преку промовирање на различни про-слободарски јавни политики.

### 155. Лидерство и претприемништво (Leadership and entrepreneurship)

Претставува пристап на идеолошка и општествена промена со помош на посредна промоција на идеите, преку создавање на мрежи и заедници на слично и/или истомисленици. Овој пристап е долгорочен и спонтан пристап за промена кон (по)слободно општество, затоа што, како е напоменато е посреден, а непосредно е фокусиран на создавање, обучување и поврзување на лидери и претприемачи во областа на идеите, како и во останатите области. Логиката на овој пристап е дека овие слободарски лидери и/или претприемачи, во извесна иднина би биле на значајни позиции во бизнис, политичкиот или активистичкиот сектор и на тој начин, нивната позиција би била од големо значење за слободата и нејзините промотери.

Со помош на овој пристап, не само што се предаваат знаења во однос на слободарските идеи, туку и знаења и вештини од други области, кои би биле од значење за идните лидери и претприемачи. Аналогно на тоа, овој пристап овозможува професионален развој на конкретните поединци, развојот се одвива во слободарски дискурс и една од целите на тој развој е промовирање на слободата и промена кон слобода.

Централна позиција на овој пристап, зазема професионалниот развој[1025] на младите лидери и претприемачи, а со тоа и промоција на идеите.

---

[1023]Alexander Evanoff - The Libertarian Movement and Its Propaganda (1965, fee.org)

[1024]Како и марксизмот, и фабианизмот претставува вид на социјализам, но за разлика од првиот, кој е радикален и револуционерен, вториот е градуалистички поставен, целејќи кон социјалистичката идеотелија, но со адаптирање на прагматична или градуалистичка, ненасилна и институционална стратегија. Повеќе: Fabianism (britannica.com)

[1025]Alexander Evanoff - The Libertarian Movement and Its Propaganda (1965, fee.org)

Типичен пример за адаптација на оваа стратегија претставува организацијата *Студенти за слобода*, која има за цел преку образование, развој и охрабрување[1026] на лидери, да влијае кон постигнување идеолошка и општествена промена кон (по)слободно општество.[1027] Дополнително и организациската мрежа *Атлас нетворк* има значајна улога, како за создавањето на Студенти за слобода, но така и за овој конкретен пристап на проширување и актуелизација на слободарските идеи на глобално ниво.[1028]

## 156. Граѓанска непослушност (civil disobedience) и контра-економија (counter-economy)

Граѓанска непослушност претставува еден од пристапите кон промена, кој е вон-институционален и анти-системски настроен. Граѓанска непослушност[1029] претставува феномен, кој опфаќа пасивен и ненасилен отпор[1030], не-излегување на избори, избегнување и различни начини на не-плаќање на данок, односно не-прифаќање и не-почитување на правните прописи. Кога станува збор за граѓанска непослушност[1031] во смисла на слободарството и аспирацијата за промена, ова неприфаќање на политичко-институционалната реалност се однесува на оние правни акти кои ја загрозуваат поединечната слобода или друга слободарска поставка, додека оние акти кои се воспоставени со цел унапредување на слободата, (би требало да) се почитуваат. Непослушноста се однесува кон власта и кон институциите, со посебен фокус на институциите кои ја повредуваат слободата. На таков начин, оние кои ја практикуваат непослушноста, не изразуваат активен отпор, туку пасивен, преку непочитување и заобиколување на институционално предвидените прописи.

Еден од најголемите апологети на граѓанската непослушност, Хенри Девид Торо, во својата *За должноста на граѓанинот да биде непослушен*, ја истакнува должноста на секој поединец на непослушност кон секој државен пропис кој е неправеден[1032], или претстаува

---

[1026] Students for Liberty (studentsforliberty.org)

[1027] Така на пример, во Студенти за слобода, покрај оправдувањата за идите на лична слобода, волонтерите имаат шанса да стекнат и дополнително да развијат различни вештини, како организациски, комуникациски, ораторски, графички, социјални медиуми и слично. Секако, сите овие вештини служат, како за промовирање на слободата во етерот, но дополнително и за професионален развој на волонтерите.

[1028] Atlas Network (atlasnetwork.org)

[1029] Grant Babcock - Nonviolence and Modern Libertarianism (2014, libertarianism.org)

[1030] 198 Methoods of Nonviolent Action (aeinst ein.org)

[1031] Grant Babcock - How to Topple Tyrants: Gene Sharp and Tactical Nonviolence (2014, libertarianism.org)

[1032] Хенри Девид Торо - За должноста на граѓанинот да биде непослушен (2011, okno.mk)

израз на неправда. Дополнително, Торо, како анархист и гледајќи ја политичката власт како оригинерно *не-морална* општествена структура (пред се поради своевременото озаконување на ропството) промовира целосно избегнување, односно заобиколување на државните тела и прописи.

Контра-економија[1033], претставува исто така анти-системски пристап кон општествена промена, кој има за цел да ја заобиколи државно-контролираната финансиска инфраструктура, и со таа цел да избегне увид на државата во финансиите на субјектите, како и плаќање на данок. Овој пристап е популаризиран од Семјуел Едвард Конкин, основоположник на *агоризмот* како посебна идеа во рамките на поширокота слободарска идејна традиција.

Во 21-ви век, на пристапот на контра-економија може да се надоврзе и *крипто-анархизмот*, кој со помош на најновите достигнувања во поглед на дигиталната технологија, исто така има за цел да ги заобиколи владините увиди во финансиите на поединците, преку создавање на алтернативна инфраструктура, која е децентрализирана и (скоро) имуна на контрола од политичките власти.

## 157. Мим револуција (meme revolution)

Со развојот на дигиталните технологии и социјалните медиуми, се отвори огромен простор за масовна едукација и промоција на слободарството како идеа. Она што е карактеристично за истиот, е тоа што овозможува развој на различни образовни методологии, кои остапуваат од едукационизмот во класична смисла на зборот. Истите даваат се поголеми можности да се биде креативен во самите процеси на образование и промоција на слободата. Секако, сите субјекти на општествената промена, ги ползуваат дигиталните алатки, кои се масовно достапни на располагање. Некои од нив, функционираат исклучително онлајн, додека најсериозните покрај класичните пристапи, го имаат адаптирано и овој конкретен.

*Мимови* (*memes*) претставуваат слики, видеа, во комбинација со краток текст, кои најчесто се хумуристични и забавни во својата суштина и содржина, и се доста популарни како такви на социјалните медиуми. Истите, најверојатно започнале да се користат како

[1033] Мареј Ротбард ја критикува оваа стратегија на Конкин за слободарска победа, означувајќи ја како несериозна и дополнително потенцирајќи ја потребата од *политичко делување* (*political action*). Повеќе: Murray N. Rothbard - Konkin on Libertarian Strategy (2009, mises.org)

забава во комуникацијата на социјалните мрежи, но со текот на времето, нивното значење и потенцијал се забележани, а нивното користење е се поголемо, па дури и од *сериозни* или *високо-образовни* профили на социјалните медиуми. Најчесто како спој на слика или слики со определен текст, кој кај гледачите побудува определени емоции и стимулира определени мисли, мимовите имаат огромна моќ на пренесување на порака, која е едноставна, а огромниот плус доаѓа, од нивниот најчесто несериозен или хумуристичен карактер. Со оглед на тоа, тие се посебно популарни помеѓу младите, од каде и потекнува огромниот потенцијал за стимулирање на идеолошката и општествената промена со нивно ползување од страна на субјектите на промена.[1034]

Поради огромната достапност на информации во 21-виот век, големите литературни и научни дела, ја губат својата актуелност, а со тоа и своето значење. Нивното место, полека, но сигурно го заземаат кратки видео, пишувани или визуелни содржини, кој на многу едноставен начин ја пренесуваат пораката, односно масовно комуницираат со публиката. Во 20-тиот век, на Лудвиг вон Мисес, му требало отприлика илјада напишани страни за да го објасни и анализира човековото делување, а денес, голем број на мимови ја пренесуваат суштината на неговите гледиша и увиди, на наједноставен, а често и смешен начин. Од друга страна, на публиката, нема да и е потребно толку време и внимание за да ги одгатни суштинските поставки на човековото делување, туку истите се веќе одгатнати и изразени во форма на мимови, и како такви кружат по социјалните медиуми, достапни за широките маси кои ги користат.

Сепак, мимовите не се целосна и вистинска алтернатива на пишуваната литература, научната и истражувачката дејност, но како дополнителна алатка, тие се одлични во процесот на образование, промоција и масовна комуникација на идеите. Секој сериозен пристап за општествена промена во 21-ви век, несомнено треба да ги користи овие дигитални алакти, но не да се базира исклучиво на истите.

### 158. Популизам (Populism)

Со развојот на палеолибертаријанизмот, Мареј Ротбард и Ханс Херман Хопе, заговараат популистичко политичко делување и коалиција со *старата* или

[1034] Во прилог некои веб сајтови со либертаријански мимови: Liberty Memes (etsy.com), Memedroid (memedroid.com), Liberty Memes (patreon.com), Liberty Memes (pinterest.com).

*алтернативната десница*, со цел актуелизирање на промените кон слободно општество. Секако, со оглед на фактот дека либертаријанизмот во форма на политичка опција, не беше некоја значајна сила во американскиот политички живот, тие предлагаат популистичка стратегија, и врзување на остатоците од либертаријанското движење со оние на *старата десница*.[1035] Дополнително Ротбард наведува дека старата десница, во најголем дел соодветствува со неговите заложби[1036], а посебно во економскиот - *laissez-faire политики*, и надворешно-политичкиот дел - *изолационизам*.

Популизмот, како таков, не претставува засебна идеологија, туку определена стратегија за политичко делување и секако зголемување на бројот на приврзаници и гласови, со ползување на повеќе или помалку *агресивна* реторика[1037]. Со оглед на фактот, дека истиот не претставува посебна идеологија, се поставува прашањето дали истиот може да биде поставен врз слободарството како идеолошка традиција. Одговорот на ова прашање, е дека постои можност за популистичко слободарство, но потребно е огромно внимание во процесот на создавање на овој амалгам, првично поради фактот што популизмот најчесто кореспондира и најдобро се прилепува на ектремните леви или десни врховистички идеологии и политички партии.

Популизмот означува правење и фокусирање на суштинската разлика помеѓу *нас* и *вас*, во која, нас е претставена од нас кои сме сојузници и условно се наоѓаме на добрата страна во играта, додека вас, е претствено од нашите непријатели, односно виновниците за неповолната состојба, а во слободарскиот случај - повредата на човековата слобода. Според оваа аналогија, слободарството прави разлика помеѓу нас - *продуктивни граѓани*, и вас - *политички елити*[1038] и *крони капиталисти*.[1039]

Целта на популизмот, во смисла на слободарството, е поединците да станат свесни за политичарите, односно политичкиот систем, како нивен потенцијален непријател, а самата дистинкција да води кон избор на слободарска политичка опција и поттикнување на слободарска промена, во вид на политичко-институционална промена. Секако,

---

[1035] Hans-Hermann Hoppe - Libertarianism and the Alt-Right: In Search of a Libertarian Strategy for Social Change (Hoppe Speech, 2017)
[1036] Murray N. Rothbard - *The Betrayal of the American Right* (1979, mises.org)
[1037] Andy Craig - The Libertarian Movement and Libertarian Party (2021, libertarianism.org)
[1038] Goran Ilik & Nikola Lj. Ilievski - Populist Liberalism: A Synthesis of Classical Liberalism and Populism (2017, *Populism Publication*, Institute for Social Science - Belgrade)
[1039] Timothy P. Carney - Big Business, Big Government, and Libertarian Populism (2010, cato.org)

слободарската политичка опција, не е неопходно да е насловена како слободарска или либертаријанска.

Она што е карактеристично за популизмот во рамки на палео-либертаријанското движење и старата или алтернативната десница[1040], е тоа што Ротбард и Хопе[1041], границата помеѓу нас и вас ја градат не само врз основа на тоа дали поединците се дел или не од политичките елити. Тие одат чекор понатаму, и во втората група ги сместуваат и сите корисници на средства од државните буџети - односно даноците, или буџетарите. Од таму, тие ја поттикнуваат разликата помеѓу она што се или она што треба да бидат: *продуктивни граѓани или даночни обврзници* - кои ги полнат државните буџети и *непродуктивни граѓани или корисници (паразити) на буџетот*.

Овој пристап има за цел да ја искористи оваа делбена линија, и врз основа на истата, со помош на популистичка реторика, а во коалиција со политички претставници на *старата* или *алтернативната десница*, да оствари поголемо политичко влијание и политичка моќ во процесот на политичко делување кон посакуваната општествена промена.

---

[1040] Right-Libertarian Populism (populismstudies.org)

[1041] Стратегијата на Хопе за сојуз со старата или алтернативната десница, беше мета на многу обвинувања, кои доаѓаа од слободарските линии. Подршката на определени десничарски идеи и политики, поврзани со ставот кон имигрантите и имиграцијата или пак неговиот акцент на *белата раса*, како и противењето на мулти-културализмот на концепт, се окарактеризирани како *ксенофобични* и дефинитивно се разотидуваат со есенцијалнтие слободарски ставови кон прашањето. Повеќе: Bill Wirtz - Hey Hoppe, this is what the 'Stupids for Liberty' do (2017, wirtzbill.com)

## ГЛАВА 19:
## АКТИВНОСТИ ЗА ПРОМЕНА

Во сегашниот, повеќе или помалку демократски контекст, потребно е организирање за остварување мирољубива општествена промена. Организирањето претставува процес или севкупност од активности кои опфаќаат циклус кој се повторува. Дополнително, организирањето не е централизиран, туку исклучиво децентрализиран процес, затоа што постојат голем број на различни субјекти кои го практикуваат.

Аналогно на пристапите, објаснети претходно, циклусот на организирање за промена опфаќа пет главни генерички активности, и истиот започнува со *образование*, продолжува со *застапување*, *проширување*, *градење на човечки заедници*, *политичко делување*, како и повторување на циклусот. Повторувањето на циклусот не е врзано со редоследно настапување на секоја од овие активности, туку се однесува на циклусот на секоја активност одделно.

Секако сите овие активности се флуктуирачка категорија не може лесно да се издвојат една од друга, и во поголемиот број на случаи, се преплетуваат. Но со цел, нивно поедноставено претставување, се издвоени и групирани, во пет главни видови на генерички активности, кои дополнително во себе опфаќаат и други активности, кои може да припаѓаат на повеќе од еден генерички вид. Така на пример, некој конкретни активности, имаат за цел, како образование, но така и застапување и проширување на заедницата околу идеата, додека пак други спаѓаат само во една генеричка активност - како активноста на лобирање, која спаѓа во политичко делување.

Циклусот на организизирање за промена има за цел да изврши идеолошка промена, како и да го промени и мобилизира јавното мислење. Промената на јавното мислење дополнително би стимулирала и политичко делување кон поставување на посакуваната општествена.

Активностите на слободарска промена, се исклучиво мирољубиви, затоа што не е мирољубива идеа на насилни средства е неспојливо.

### 159. Образование за идеите

Подразбира проникнување во еидологијата на слободарството, односно моралните, економските и други оправдувања и толкувања за идеите за лична слобода, слободен пазар и слободно општество. Секако, образованието треба да ја објасни правичноста, корисноста и контурите на идното општество, кое е засновано на конкретните идеи. Образованието претставува основниот чекор во поттикнувањето на промена и опфаќа активности како што се превод на литература, истражување и пишување за овие идеи, но и предизвикување и унапредување на истите, со нови текстови, книги и различни образовни алатки.

Образовните перспективи можат да варираат од философски, економски, политички, правни, социолошки, културни, здравствени, па дури и духовни. Истите се фокусирани на личната слобода како таква, заедно со нејзините оправдувања, толкувања и манифестации во општеството. Целта на образовните активности е да се обезбеди знаење и дополнително да се поттикне создавање на ново знаење поврзано со клучните поставки од значење за слободарството, а со тоа и да ги збогати слободарските теории и идеологии. Образовните активности се насочени кон идеолошка промена на *краток* и општествена промена на *долг рок*. Истите на краток рок целат кон поврзување и идентификување со идеите, кои на среден рок треба да направат општествен притисок врз политичките елити за на долг рок да настапи општествената промена.

Конкретни образовни активности, најпрво се однесуваат на проникнување и сознание за тоа како функционира општеството, природата и местото на поединецот во општеството, промената кон посакуваната состојба, и сл. Образовни активности насочени кон остварување на слободарска општествена промена можат да бидат: различни конференции и конгреси, во чии рамки се разговара, се дискутира и се дебатира за идеите; различни школи, кои имаат за цел да ја пренесат слободарската перспектива за функционирање на општеството и посакуваноста на слободарската промена, на млади ентузијасти; различни истражувања кои се исто така поврзани со функционирањето на општеството и конкретно со идеалот на слободата, од различни академски аспекти; различни работилници, кои ги поттикнуваат учесниците активно да се ангажираат во создавањето на знаење или пренесување на искуства, како и голем број на други методолошки алатки кои го стимулираат образованието и знаењето за идеите, и градењето на идеолошка свест кај поединците.

Во 21-виот век, достапни и актуелни се нови алатки за практикување на едукативни активности, кои не го користат само пишаниот збор кој го надополнуваат со различни визуелни, аудио и комбинирани записи. Целта на истите е, во услови на голем број на информации, да ги издвојат оние најбитните кои се однесуваат на слободарството а со тоа да ги поедностават за пошироката јавност.

### 160. Застапување на идеите

Претставува активност во која субјектот-носител на промената, застанува позади овие идеи во реални контексти, а врз кои можат да се применат заклучоците од образовните процеси. Практично, застапувањето означува потенцирање и осудување на јавни политики кои ја загрозуваат слободата, принципот на само-поседување и слободната економија. Секако тоа означува и повик и застанување позади секоја јавна политика со која се зацврстува поединечната слобода, како на пример намалување на даноци, намалување на регулации и стандардизации, ограничување на кривични дела, опуштање, намалување и хуманизирање на кривични санкции, легализирање и декриминализирање на дроги и психотропни супстанции, професии како проституција и ред, миројубива надворешна политика, како и ред други про-слободарски јавни политики.

Секако, тука спаѓа и покажување на несогласување, *пркос* и *отпор*[1042] кон секоја јавна политика која води кон ограничување или загрозување на личната слобода. Застапувањето може да биде насочено како критика кон определена политика и посочување на алтернативна политика која, се претпоставува би вродила во поголема поединечна слобода и долгорочно, просперитетно општество, но исто така застапувањето може да се однесува и кон посебни случаи на повреди на слободите на некој загрозен или група загрозени поединци.

Од особено големо значење е пристапот кон поединечни повреди на слободите, нивна осуда, како и пронаоѓање на начин за обештетување, односно подобрување на позицијата на жртвата. Дополнително, преку примерот на конкретните повреди, се стигнува до апстрактниот императив за слободата, за секој поединец, универзално, неоттуѓиво и неделиво.

[1042] 198 Methoods of Nonviolent Action (aeinstein.org)

Конкретни активности на застапување може да бидат најразлични дописи, пресови за медиуми, протести и сл., преку кои се пренесува несомнена порака и недвосмислено застапување на идеите во општествениот контекст.

### 161. Проширување на идеите

Претставува активност која претпоставува активна промоција на идеите и задојување на нови поединци со истите, преку одржување на идеите *живи* во етерот. Едноставно, општествената промена во реалноста настапува кога мнозинството од поединците имаат усвоено сличен светоглед за конкретни прашања, и кога тие ќе ги притиснат политичките елити, на различни начини, кон посакуваните промени. Од тука произлегува потребата и задачата на субјектите за слобода, за проширување на идеите кон нови слушатели и секако здобивање со нови носители на истите.

Во активности кои се насочени кон проширување на идеите влегуваат градење на кампањи, герила маркетинг, зачестено присуство во медиумите, организирање школи и друг вид на образовни и активности на мобилизација, соработка, застапување во универзитети, организирање на мирољубиви протести, комуникација со сите кои имаат слух за идеата и сл., како и дебатирање со сите кои не се согласуваат со идеите, но даваат можност за разговор, несогласување и дијалог.

### 162. Градење на заедници или мобилизација околу идеите

Претставува можеби и најтешкиот чин во самото слободарско делување кон идеолошка и општествена промена. Тоа значува, не само стерилно и рационално проучување и согласност на слободарите околу идеите, туку и градење на емотивна врска помеѓу нив и нивно зближување, и секако создавање на атмосфера за нивно дополнително образование, застапување и проширување.

Градењето на заедници соодветствува на процесите на градење на непосредни лични односи, односно другарства и пријателства, помеѓу поединци кои се со слични ставови и светогледи во однос на важноста и неопходноста на личната слобода во општествената реалност. Од огромно значење е *отвореноста* на таквите заедници кон луѓе кои пред се би сакале да бидат дел од заедницата, а и нивниот светоглед, во определен дел се поклопува со оние кои ја сочинуваат заедницата.

Заедниците можат да бидат формални, претставени како движења, организации, и/или неформални, но нивното функционирање е суштествено во циклусот на организирање за поттикнување и остварување на промена. Градењето заедници е првиот чекор со кој се поттикнува поширока мобилизација на луѓето позади идеата и нејзините принципи.

Постојат повеќе полу-формални или неформални активности, кои го стимулираат процесот на градење на заедници или мобилизација околу идеите, како што се разни социјални настани, неформални работилници, тим-билдинзи, протести, фестивали, забавни активности, како и други спонтани кои произлегуваат од потребата и желбата за поврзување и дружење со слично или исто-мисленици.

## 163. Политичко делување за идеите

Претставува крајниот чин кој треба да ја поттикне или предизвика политичко-институционалната, а со тоа и општествената промена.

Политичкото делување, како активност, се поврзува со лобирање врз политичките власти, или организирано политичко делување - во склоп на политички партии и слични иницијативи, со цел доаѓање на власт или влијание врз власт.[1043] Политичкото делување, теоретски претставува последната активност кон промената, затоа што сите претходни активности, делумно служеле за поттикнување на политичко делување. Но секако, политичкото делување, го стимулира циклусот на активности, за дополнителни идеолошки и општествени промени.

Лобирањето врз политичките власти претставува активност со која се врши влијание, односно се изразува моќ врз властите, со цел актуелизирање на конкретна јавна политика, или пак сет од истите.

Цврста манифестација на политичкото делување, општо гледано, е формирање на слободарска (либертаријанска или либерална) партија, која, првенствено ќе ги претставува и застапува слободарските поставки, и секако ќе се обиде да дојде на власт, ќе учествува во власта, ќе изразува влијание врз истата, или пак во најмала рака, ќе ги претставува идеите и нивните претставници во формалните институции во општеството.

[1043] Murray N. Rothbard - Konkin on Libertarian Strategy (2009, mises.org)

Дополнително, политичкото делување не мора исклучиво да значи формирање на слободарска партија или пак лобирање врз политичките власти. Истото опфаќа и редифинирање или пренасочување на постоечките партии или определена партија во слободарска насока, и секако, адаптирање на слободарските поставки во нивните политички програми, а со тоа и во јавните политики.




**Слика 24:** Графички приказ на циклусот на промена

## ГЛАВА 20:
## ПОЛИТИЧКИ ПРОЦЕСИ НА ПРОМЕНА

Слободарството како идеолошка традиција, содржи мал куп на толкувања, теории и оправдувања кои одат во прилог на поединечната слобода, сфатена како отсуство на принуда во меѓучовечките (општествени) односи. Едно од толкувањето е слободарство како цел и слободарство како процес.

Идеотелија на слободарството, или слободарството како цел се поистоветува со слободно општество, која самата по себе е повеќе или помалку радикална. Кај американските либертаријанци, овој пристап на слободарството како цел, е доминантен. Карактеристично за истите е тоа што се радикални, фокусирани на крајната цел и скоро бескомпромисни во својата стратегија. Може да се издвојат најмалку три цели, односно визии за слободно општество, т.е. анархистичко, минархистичко или социјално-минархистичко. Тешко би се одвивала било која соработка или заедничко делување со движење или организација со која не се согласуваат околу крајната цел. Со тоа се поставени изолационистички кон другите движења или организации, кои потенцијално може да споделуваат заеднички слободарски цели.

Од друга страна, слободарството, освен како крајна цел, може да се аспектира, дотолку повеќе во европскиот контекст, како процес, односно голем број на мали цели кои ја унапредуваат положбата на човековата слобода во општеството. Инсистирањето на крајната цел и самиот радикализам во слободарството, може од друга страна рамнодушно да гледа на процесот, односно на големиот број на мали цели кои ја унапредуваат слободата и имаат посебно значење за поединците. Состојбата на слободата во секое (национално) општество е различна, и сите слободари имаат свои предизвици кои се однесуваат на слободата, кои најчесто се различни. Како подобрување на положбата на слободата може да се сметаат и организирање на фер и демократски избори во Кина, намалување на бирократијата во Европската унија, легализирање на канабисот во Франција, легализирање на геј бракови во Србија, легализирање на проституцијата во Турција, опуштање на меѓународните граници во Унгарија, намалување на даноците во Норвешка или озаконување на полигамија или полиандрија во Шведска. Баш поради различните контексти во кои луѓето живеат и различните предизвици со кои се соочуваат

нивните слободи, има потреба од севкупност на децентрализирани стратегии за унапредување на слободата. Но секако, заедничко за стратегиите, за истите да бидат слободарски, е нивната вредносна основа, која е поединечна слобода, сфатена како отсуство на принуда во човековите животи, делувања и општествените односи.

Аспектирањето на слободарството како процес, наместо како крајна цел е карактеристично за *отвореното слободарство*. Токму заради овој пристап, истото остава простор и е инклузивно за различни толкувања и оправдувања на слободата, а секако и за различни пристапи кон борбата за промена кон послободно општество, се додека таа борба е мирољубива. Доколку слободарството како цел, акцент става на слободно општество, истото како процес, акцентот го става на послободно општество. Дополнително, доколку слободарството како цел е радикално и бескомпромисно во својата природа, слободарството како процес е прагматично и е отворено за соработка со различни видови на движења и организации, со кое може да споделува определена цел, која иако не е крајна цел, но на некој начин придонесува кон истата.

Актуелизирањето на општествената промена, потребно е да се канализира низ политичко-правните институции, а истата е претставена од неколку генерички политички процеси. Целокупните јавни политики кон (по)слободно општество, може да се структуираат во две групи, и тоа *либерализација* и *приватизација*.

### 164. Либерализација

Либерализација претставува политичко-инситуционален процес на промена кон (по)слободно општество, кој опфаќа трансформирани и нови јавни политики, усмерени кон либерализирање на активниот дел на државата. Либерализацијата практично значи *помек* став на властите кон прашања кои ја засегнуваат човековата слобода.

Аналогно на тоа, во согласност со анализата на активниот дел на државата, односно нејзиниот став кон поединечните и општествените прашања, либерализацијата може да се гледа низ неколку призми.

Првата призма се однесува на намалена тенденција на државата, за употреба на принудата во човековите делувања и општествените односи, што означува намалено учество во воени конфликти, како и пречекорувања и злоупотреба на овластувањата на полицијата.

Втората призма се однесува на поголема отвореност и транспарентност. Отвореноста се однесува на режимот на границите, додека пак транспарентоста во државните трошења, како и податоците за функционирање на властите, кои се од значење за поединците.

Третата призма се однесува на намалување на забранувачката, односно прохибиционата дејност на властите, и тоа за *криминали без жртва*, односно нивно декриминализирање. Тука влегуваат човековите делувања и општествените односи кои се поврзани со производство, ставање во промет, како и овозможување на уживање на наркотични дроги и нивна декриминализација, декриминализација на проституција и посредување во вршењето на истата, како и отргнување на забрани на други човекови делувања, во кои потенцијалната жртва е самиот поединец кој делува.

Четвртата призма на либерализацијата се однесува на либерализирање на кривичната перспектива на државата. Тоа опфаќа намалување на бројот на дела кои се инкриминирани (кривични дела), намалување на бројот на затвореници, посебно оние кои се санкционирани поради дела без жртви, укинување или строго ограничување на смртната казна како санкција, и секако ублажување на кривично-правните санкции.

Петтата призма е онаа која се однесува на економијата и либерализација во економските односи. Тоа опфаќа намалување на даноците и давачките, поголема слобода на капитал, тргување, инвестирање, финансиска и монетарна слобода.

Шестата призма се однесува на постигнување на владеење на право во поголем обем, и тоа што се однесува во правата на сопственост, како и намалување на корупцијата во функционирањето на државата.

Седмото гледиште се однесува на демократијата, односно потребата од поголемо учество на граѓаните во процесите на донесување на политички одлуки. Либерализацијата низ ова призма подразбира зајакнување на механизмите, како и понуда на нови механизми, за изразување на ставот на граѓаните во однос на одлуките кои ги донесуваат јавните власти.

Осмото гледиште е она кое ја тангира децентрализираноста во рамките на една држава. Либерализацијата е на линија со децентрализацијата и опфаќа активности кои се насочени кон префрлање на надлежности од централна на локални власти, со цел истите да бидат поблиску кон поединците.

Деветтата призма се однесува на меѓународната поставеност на државата и опфаќа активности на либерализација кои се насочени кон оттргнување на пречки за слободно и непречено движење на поединци и капитал. Исто така оваа призма означува учество во меѓународни организации кои ја потенцираат улогата на поединецот и неговата слобода на делување, како централни фемонеми во политичкото организирање и општествено-институционално поставување.

### 165. Приватизација

Приватизацијата претставува политичко-инситуционален процес на промена кон (по)слободно општество, кој опфаќа различни јавни политики, усмерени кон приватизирање на пасивниот дел на државата. Приватизацијата опфаќа намалување на големите на државната и целокупната јавна власт во едно општество. Како и процесот на либерализацијата, и приватизацијата може да биде анализирана низ неколку призми.

Првата призма на приватизацијата е *човечката призма*, која се однесува на намалување на бројот на поединци кои непосредно или посредно се вклучени во вршењето на државните или јавните власти. Исто така, оваа призма се однесува и кон намалување на поединците кои финансиски зависат од државата и нејзината каса - односно оние кои се буџетари.

Втората призма е онаа на *финансиската призма*, која се однесува на активностите на намалување на држаните и јавните трошења, како и државните, односно јавните задолжувања.

Третата призма се однесува на *организационата поставеност* на држава, а процесот на приватизација наложува поедноставна и компактна поставеност, со јасни и концизни надлежности на државната власт.

Четвртата призма се однесува на *нормативната поставеност* на државата, како носител на законодвната и поширокатa нормативна власт. Приватизацијата се однесува на намалување на нормативниот делокруг на државата, и оставање на поголем простор на нормативна само-регулација на учесниците во односите, по пат на договор и поединечна согласност. Оваа призма на приватизацијата се заложува заменување на нормативната централизираност со приватна и договорна само-регулација. Дополнително, настојува да го намали бројот на законите за сметка на договорите помеѓу приватни субјекти.

Петтата призма се однесува на *услужната поставеност* на државата во општеството. Приватизацијата како процес кон (по)слободно општество, гледана низ оваа призма, претпоставува намалување на услужниот делокруг на државата, за сметка на приватниот сектор. Во фокусот на оваа призма е пренесување на државните надлежности, во поглед на услужната поставеност, врз приватни субјекти, подлежни на пазарните механизми и пошироки законитости.

## ГЛАВА 21:
## СУБЈЕКТИ НА ПРОМЕНА

Како актери, кои играат клучна улога во процесот на општествена промена, можат да се набројат: различни организации, универзитети и други школски институции, лоби групи, масовни медиуми, политички партии, политичка власт, бизнис групации, влијателни поединци, синдикати и други форми на здружувања. Сите можат да имаат определена улога во процесите за општествена промена. До слободарска промена би дошло, доколку дел од овие актери, односно значаен дел од нив, ги адаптираат слободарските идеи, и имаат за цел да ги воспостават истите преку промена на институциите во општеството.

### 166. Видови на организации за слободарска промена

Слободарските организации, според начинот на нивно делување и главната цел која ја имаат, може да се поделат во четири групи.[1044]

***а.) Популаризери (Popularizers)***

Се оние организации кои во своето делување не се ограничени на она што се смета за *политички возможно*. Тие се стремат да го променат она што е *возможно* со поместување на границите на јавното мислење, односно со поместување Овертоновиот прозорец. Тоа можат да го прават преку понуда на различни *производи* на јавноста како книги, радио програми, визуелни содржини, веб страни, конференции или со било каков вид на присутност во медиуми - текстови во списаниа, интервјуа, учество во вести и сл. Популаризерите се примарно насочени кон остварување на идеолошка промена а доминантен пристап помеѓу истите е *едукационизмот*. Главна цел на овој вид на организации е ***промена на јавното мислење***.

[1044] Оваа типологија на организации кои целат кон промена е преземен од тренингот *Think Tank Navigator*, во склоп на Atlas Network - Training Academy во организација на Atlas Network. Повеќе: Atlas Network (atlasnetwork.org)

***б.) Инфлуенсери (Influencers)***

Се слични со популаризерите, освен што нивна целна група се учесниците во донесувањето на политичките одлуки (повеќе отколку медиумите и клучните носители на јавното мислење). Инфлуенсерите се стремаат да *оперираат* во постоечкиот Овертонов прозорец. Тие се стремат кон тоа идеите кои се веќе прифатени од страна на јавното мислење, да ги протукаат пред политичките власти и да издејствуваат промени во јавните политики и пошироки политичко-институционални. Поминуваат големо време непосредно разговарајќи со носителите на одлуките, кои размислуваат во тие граници. Инфлуенерите се фокусирани на општествено-институционална промена. Главна цел на овој вид на организации е ***промена на јавните политики***.

***в.) Мобилизери (Mobilizers)***

Се организации кои се ориентирани на краток рок кон притискање на носителите на одлуки со цел постигнување на слободарски реформи. Нивната енергија е насочена кон мотивирање и поттикнување на граѓански активизам. Во најголем број случаи, мобилизерите не создаваат истражувања на политики. Адут на овие е организации е способноста да генерираат *грасрут (grassroot)* активности помеѓу членовите и симпатизерите. Постојат *организации на даночните обврзници* (taxpayer organizations) во многу земји кои здружуваат голем број на граѓани кои се загрижени за опресивните нивоа на оданочувања. Исто така, тука може да се напоменат и здруженијата кои се залагаат за легализирање на канабис. Мобилизерите се оние организации или најчесто движења, кои одговараат на разните политички активности кои ја загрозуваат слободата. Главна цел на овој вид на организации е ***ангажирање на јавноста***.

***г.) Градители (Builders)***

Се организации кои развиваат лидери во слободарските движења, односно запознавање на млади луѓе со идеите на класичниот либерализам, и помош на најдобрите од нив во нивните академски кариери. Градителите се оние организации и движења кои се поставени да посветат внимание на идеите на долг рок, да ги инспирираат проактивните поединци и претприемачи да инвестираат во конкретните идеи. Главна цел на овој вид на организации е ***подобрување на капацитетот на слободарските движења***.

| *Вид на организација* | *Цел на видот* |
|---|---|
| Популаризери (Popularizers) | промена на јавното мислење |
| Инфлуенсери (Influencers) | промена на јавните политики |
| Мобилизери (Mobilizers) | ангажирање на јавноста |
| Градители (Builders) | подобрување на капацитетот на слободарските движења |

**Табела 3:** Табеларен приказ на видови организации

### 167. Слободарски организации во светот

Постојат мал куп на слободарски организации во светот, кои посебно се појавуваат во последните 20 години. Истите се резултат на зголемувањето на популарноста на слободарските идеи, како и растечкото образование околу истите. Во склоп на текстот, ќе бидат наведени неколку организации, кои имаат големо значење во светот, во Европа и на Балканот. Инспирација за кратката листа и објаснување на организациите подолу, може да се пронајде во светскиот индекс за тинк тенкови и организации - *Global Go To Think Tank Index 2020*[1045], како и листата на партнери организации на *Атлас мрежата* и *Студенти за слобода*.

Во кратката анализа на слободарските организации, се наведува нивното седиште, година на формирање, цел/мисија/визија, како и идеологија, односно толкување на слободарството во рамки на организацијата, заедно со припадност на истата во една или повеќе групи на слободарски организации, наведени претходно.

#### *а.) Студенти за Слобода (Students for Liberty[1046])*

Претставува непрофитна организација формирана во 2008 година, седиштето е во Вашингтон, а денес претставува мрежа на студентски групи и поединци кои функционираат и живеат во целиот свет[1047], а слободата е централната вредност која ги поврзува. Студенти за слобода имаат строго децентрализирана поставеност, односно

[1045] 2020 Global Go To Think Tank Index Report (2021, James G. McGann - University of Pennsylvania)
[1046] Students for Liberty (studentsforliberty.org)
[1047] Во Македонија, организацијата има присуство од 2013 година, во рамки на студентската група Студенти за слобода - Македонија. Повеќе: Students for Liberty - Macedonia (facebook.com/sfl.macedonia)

студентските групи и поединци се слободни во своите толкувања и стратегии за промовирање на слободата во нивните заедници.

Основна мисија е образование, развој и зајакнување на младите слободарски лидери и нивните заедници.

Оваа организација може да се се смести во групата на ***градители*** и ***популаризери*** и го толкува ***слободарството како широк пристап***.

### *б.) Атлас Мрежа (Atlas Network[1048])*

Претставува светска мрежа на околу 500 слободарски организации и тинк теднови, формирана во 1981 година, од страна на Ентони Фишер, со седиште во Арлингтон, САД. Целта на мрежата е да навигира промени во однос на идеите, културата, политиката; да отстранува пречки за можности и да ги охрабри поединците да живеат живот по избор. Мрежата е основана врз верба дека сите поединци имаат право да трагаат по можности, да уживаат успех и да живеат живот во слобода без принуда и контрола.

Мисијата на Атлас е да го поттикне зголемувањето на светскиот просперитет, преку зајакнување на мрежа на независни и партнерски организации[1049] кои ја промовираат поединечната слобода и се посветени на поистоветување и оттргнување на секакви пречки за човечки процут.

Оваа организација може да се смести во групата на ***градители*** и го толкува ***слободарството како широк пристап***.

### *в.) Херитиџ Фондација (Heritage Foundation[1050])*

Е една од највлијателните слободарски организации, како во САД, но така и во светот. Формирана е во 1973 година, а нејзиното седиште е во Вашингтон, САД. Истата се наоѓа на 13-то место според *Global Go To Think Tank Index 2020*[1051], во категоријата на најдобри тинк-тенкови во светот[1052], 14-то место во категоријата на најдобри тинк-тенкови од областа на одбраната и националната безбедност, 5-то место во категоријата на

[1048] Atlas Network (atlasnetwork.org)
[1049] Либертаниа - Центар за современа политика е партнер на Атлас мрежата, од Македонија. Повеќе: Libertania - Center for Contemporary Politics (libertania.org)
[1050] Heritage Foundation (heritage.org)
[1051] 2020 Global Go To Think Tank Index Report (2021, James G. McGann - University of Pennsylvania)
[1052] Никола Љ. Илиевски - Либертаријански тинк-тенкови помеѓу најдобрите во светот (2021, libertania.org)

најдобри тинк-тенкови од областа на домашна економска политика, како и 17-то место во категоријата на најдобри тинк-тенкови од областа на образовни политики.[1053] Мисијата на фондацијата е да формулира и промовира јавни политики, кои се основани врз принципите на слободна економија, ограничена власт, лична слобода, традиционални Американски вредности и силна национална одбрана. За разлика од Студенти за слобода и Атлас нетворк, Херитиџ фондацијата е фокусирана на САД.

Оваа организација може да се смести во групата на ***инфлуенсери***, и го толкува слободарството како ***конзервативен либертаријанизам***.

***г.) Фрејзер Институт (Fraser Institute[1054])***

Претставува организација, основана во 1974 година, со седиште во Ванкувер, Канада, и исто така една од највлијателните слободарски организации во светот. Според *Global Go To Think Tank Index 2020*[1055] е позиционирана на 14-то место, во категоријата на најдобри тинк-тенкови во светот[1056], 71-во место во категоријата на најдобри тинк-тенкови од областа на одбраната и националната безбедност, како и 33-то место во категоријата на најдобри тинк-тенкови од областа на домашна економска политика.[1057] Мисијата на институтот е подобрување на квалитетот на животот на канаѓаните, нивните фамилии и идните генерации, преку изучување, мерење и широко комуницирање на ефектите на владините политики, претприемништвото и изборот, врз нивната благосостојба.

Оваа организација може да се смести во групата на ***инфлуенсери***, и го толкува слободарството како ***класичен либерализам***.

***д.) Монт Пелерин Друштво (Mont Pelerin Society[1058])***

Претставува меѓународна организација составена од експерти во општествени науки - економисти, историчари и философи, создадена непосредно по завршувањето на

---

[1053] Никола Љ. Илиевски - Либертаријански тинк-тенкови во останатите категории на индексот (2021, libertania.org)
[1054] Fraser Institute (fraserinstitute.org)
[1055] 2020 Global Go To Think Tank Index Report (2021, James G. McGann - University of Pennsylvania)
[1056] Никола Љ. Илиевски - Либертаријански тинк-тенкови помеѓу најдобрите во светот (2021, libertania.org)
[1057] Никола Љ. Илиевски - Либертаријански тинк-тенкови во останатите категории на индексот (2021, libertania.org)
[1058] Mont Pelerin Society (montpelerin.org)

Втората светска војна, во 1947 година. Денес, седиштето на друштвото се наоѓа во Лубок, Тексас, САД.

По војната, во која голем број од вредностите на Западната цивилизација беа поткопани, 36 академци беа поканети од страна на Фридрих Хаек, да се состанат во Монт Пелерин, Швајцарија, за да ги дискутираат состојбите и вербата во либерализмот преку различни размислувања и пракси.

Главната цел на друштвото е, со помош на размена на гледишта помеѓу умови инспирирани од заеднички идеали и широки концепции, да придонесе кон зачувувањето и унапредувањето на слободното општество.

Вредности врз кои се потпира друштвото се слобода на израз, слободен пазар и отворено општество. Помеѓу најистакнатите членови друштвото биле Фридрих Хаек, Милтон Фридман, Џејмс Бјукенен, Карл Попер, Лудвиг вон Мисес, Бруно Леони, Питер Бетки, Вилхелм Ропке, Џорџ Стиглер и други.

Оваа организација може да се смести во групата на ***популаризери***, и го толкува слободарството како ***класичен либерализам***.

***ѓ.) Като Институт (Cato Institute[1059])***

Претставува слободарска организација, формирана во 1977 година, со седиште во Вашингтон. Институтот е помеѓу најзначајните слободарски организации во САД, а позициониран а на 27 место на *Global Go To Think Tank Index 2020*[1060], во категоријата на најдобри тинк-тенкови во светот[1061], во категоријата на најдобри тинк-тенкови во светот[1062], 59-то место во категоријата на најдобри тинк-тенкови од областа на одбраната и националната безбедност, 8-мо место во категоријата на најдобри тинк-тенкови од областа на домашна економска политика, како и 13-то место во категоријата на најдобри тинк-тенкови од областа на образовни политики.[1063] Негова визија е да создаде слободни, отворени и граѓански општества, основани врз слободарски принципи. Дополнително, мисијата се поистоветува со создавање, дисеминација и унапредување на решенија,

[1059] Cato Institute (cato.org)
[1060] 2020 Global Go To Think Tank Index Report (2021, James G. McGann - University of Pennsylvania)
[1061] Никола Љ. Илиевски - Либертаријански тинк-тенкови помеѓу најдобрите во светот (2021, libertania.org)
[1062] Никола Љ. Илиевски - Либертаријански тинк-тенкови помеѓу најдобрите во светот (2021, libertania.org)
[1063] Никола Љ. Илиевски - Либертаријански тинк-тенкови во останатите категории на индексот (2021, libertania.org)

основани врз принципите на поединечна слобода, ограничена власт, слободни пазари и мир.

Оваа организација може да се смести во групата на ***инфлуенсери***, и го толкува слободарството како ***класичен либерализам*** и ***американски либертаријанизам***.

***е.) Мисес Институт (Mises Institute[1064])***

Претставува организација, основана во 1982 година, од страна на Левелин Роквел, со седиште во Аубурн, Алабама САД. Визијата на институтот е капиталистчка слободна економија, и поредок врз основа на права на приватна сопственост, кој ги отфрла државните активности на одданочувањето, монетарна девалвација и државен монопол врз услугите на заштита и безбедност. Мисијата е промоција на учења и истражување на Австриската економска школа, поединечната слобода, искрената (алтернативна) историја и меѓународниот мир, во традицијата на Лудвиг вон Мисес и Мареј Ротбард.

Оваа организација може да се смести во групата на ***популаризери***, и го толкува слободарството како ***анархо-капитализам***.

***ж.) Меркатус Центар (Mercatus Center[1065])***

Претставува универзитетски истражувачки центар, во склоп на Џорџ Мејсон Универзитетот (George Mason University[1066]), основан во 1980 година, во Арлингтон, Вирџинија, САД. Центарот се наоѓа на 134-то место на *Global Go To Think Tank Index 2020*[1067], во категоријата на најдобри тинк-тенкови во светот[1068], како и 134-то место во категоријата на најдобри тинк-тенкови од областа на домашна економска политика.[1069]. Мисијата на центарот е да генерира знаење и разбирање за институциите кои влијаат слободата да просперира и да пронајде одржливи решенија за да се надминат пречките кои ги спречуваат поединците да живеат слободни, просперитетни и мирни животи.

Оваа организација може да се смести во групата на ***популаризери*** и ***градители***, и го толкува слободарството како ***класичен либерализам***.

1064 Mises Institute (mises.org)
1065 Mercatus Center, George Mason University (mercatus.org)
1066 George Mason University (gmu.edu)
1067 2020 Global Go To Think Tank Index Report (2021, James G. McGann - University of Pennsylvania)
1068 Никола Љ. Илиевски - Либертаријански тинк-тенкови помеѓу најдобрите во светот (2021, libertania.org)
1069 Никола Љ. Илиевски - Либертаријански тинк-тенкови во останатите категории на индексот (2021, libertania.org)

***з.) Национална Унија на Даночни Обврзници (National Taxpayers Union[1070])***

Претставува организација на даночните обврзници, основана во 1969 година, со седиште во Вашингтон, САД. Мисијата на унијата се поистоветува со постигнување поволни услови, со користење на најефективниот тим на даночни обврзници во Капитол Хил и во државите. Унијата ги претставуѕва даночните обврзници и се бори против непотребни регулации, охрабрува инвестиции, иновации и слободна трговија, кои ќе гарантираат економски раст и промовираат слободна економија.

Оваа организација може да се смести во групата на ***мобилизери***, и го толкува слободарството како ***конзервативен либертаријанизам***.

***ѕ.) Други организации***

Покрај наведените организации, вредни да се напоменат се и: Korea Development Institute (KDI)[1071], од Јужна Кореа (на 16-то место во индексот); Asian Development Bank Institute (ADBI)[1072], од Јапонија (на 24-то место во индексот); American Enterprise Institute (AEI)[1073], од САД (на 39-то место во индексот); Libertad y Desarrollo (LyD)[1074], од Чиле (на 70-то место во индексот); Centre for Civil Society (CCS)[1075], од Индија (на 83-то место во индексот); Centro de Estudios Públicos (CEP)[1076], од Чиле (на 95-то место во индексот); Center for Free Enterprise (CFE)[1077], од Јужна Кореа (на 108-мо место во индексот); Centre for Independent Studies (CIS)[1078], од Австралија (на 118-то место во индексот); Free Market Foundation (FMF)[1079], од Јужна Африка (на 123-то место во индексот); Independent Institute[1080] од САД; Hoover Institution[1081], од САД ( на 136-то место во индексот); Acton

[1070] National Taxpayers Union (ntu.org)
[1071] Korea Development Institute (KDI) (kdi.re.kr)
[1072] Asian Development Bank Institute (ADBI) (adb.org)
[1073] American Enterprise Institute (aei.org)
[1074] Libertad y Desarrollo (LyD) (lyd.org)
[1075] Centre for Civil Society (CCS) (ccs.in)
[1076] Centro de Estudios Públicos (CEP) (cepchile.cl)
[1077] Center for Free Enterprise (CFE) (cfe.org)
[1078] Centre for Independent Studies (CIS) (cis.org.au)
[1079] Free Market Foundation (freemarketfoundation.com)
[1080] Independent Institute (independent.org)
[1081] Hoover Institution (hoover.org)

Institute for the Study of Religion and Liberty[1082], од САД (на 156-то место во индексот); Fundación Libertad[1083], од Аргентина (на 174 место во индексот), итн.

Сите овие организации, на посебен начин работаат на промовирање и актуелизирање на поединечната слобода, како во нивните, па така и пошироко во меѓународен контекст.

## 168. Слободарски организации во Европа

Иако најголемите слободарски организации се лоцирани во САД, и во Европа постојат, посебно во Велика Британија, која изобилува со традиција на класичен либерализам. Во прилог неколку европски слободарски организации.

### ***а.) Институт за Економски Прашања (Institute of Economic Affairs (IEA)[1084])***

Институтот претставува *фри-маркет тинк тенк*, со седиште во Лондон, основан во 1955 година, од Ентони Фишер. Институтот служел како пример за слободарска организација, која е емитер на слободарските идеи, во подоцнежната појава на сите големи американски слободарски организации. Центарот се наоѓа на 66-то место на *Global Go To Think Tank Index 2020*[1085], во категоријата на најдобри тинк-тенкови во светот[1086], 60-то место во категоријата најдобри тинк тенови во западна Европа, како и 43-то место во категоријата на најдобри тинк-тенкови од областа на домашна економска политика[1087]. Мисијата на институтот се поистоветува со подобрување на разбирањето на фундаменталните институции на слободно општество, преку анализа и изложување на улогата на пазарите во процесите на решавање на економски и општествени проблеми.

Оваа организација може да се смести во групата на ***популаризери*** и ***инфлуенсери***, и го толкува слободарството како ***класичен либерализам***.

[1082] Acton Institute (acton.org)
[1083] Fundación Libertad (libertad.org.ar)
[1084] Institute of Economic Affairs (IEA) (iea.org.uk)
[1085] 2020 Global Go To Think Tank Index Report (2021, James G. McGann - University of Pennsylvania)
[1086] Никола Љ. Илиевски - Либертаријански тинк-тенкови помеѓу најдобрите во светот (2021, libertania.org)
[1087] Никола Љ. Илиевски - Либертаријански тинк-тенкови во останатите категории на индексот (2021, libertania.org)

***б.) Адам Смит Институт (Adam Smith Institute (ASI)[1088])***

Институтот претставува непрофитен и независен тинк тенк, кој постои со цел промоција на *неолиберални* и *идеи на слободен пазар*, преку истражување, објавување, комуницирање и образовни програми. Основан е во 1977 година, со седиште во Лондон. Мисијата на институтот е ползување на слободните пазар за да се стави крај на сиромаштијата во Британија и низ светот.

Институтот се наоѓа на 129-то место на *Global Go To Think Tank Index 2020*[1089], во категоријата на најдобри тинк-тенкови во светот[1090], 15-то место во категоријата најдобри тинк тенови во западна Европа, 4-то место во категоријата на најдобри тинк-тенкови од областа на домашна економска политика, 31-во место во категоријата на најдобри тинк-тенкови во областа на образовни политики, како и 68-мо место во категоријата на најдобри тинк-тенкови во областа на животна средина.[1091]

Оваа организација може да се смести во групата на ***популаризери*** и ***инфлуенсери***, и го толкува слободарството како ***класичен либерализам*** и ***нео-либерализам***.

***в.) Фондација Фридрих Нојман (Friedrich Naumann Foundation for Freedom (FNFF)[1092])***

Претставува германска фондација и слободарска мрежа, основана во 1958 година, со седиште во Бон, Германија и со канцеларии во над 60 земји во светот. Фондацијата е основана врз принципите на либерализмот и нуди политичко образование во Германија и надвор од неа. Се наоѓа на 150-то место на *Global Go To Think Tank Index 2020*[1093], во категоријата на најдобри тинк-тенкови во светот[1094].

Оваа организација може да се смести во групата на ***популаризери*** и ***градители***, и го толкува слободарството како ***либерализам***.

---

1088 Adam Smith Institute (adamsmith.org)
1089 2020 Global Go To Think Tank Index Report (2021, James G. McGann - University of Pennsylvania)
1090 Никола Љ. Илиевски - Либертаријански тинк-тенкови помеѓу најдобрите во светот (2021, libertania.org)
1091 Никола Љ. Илиевски - Либертаријански тинк-тенкови во останатите категории на индексот (2021, libertania.org)
1092 Friedrich Naumann Foundation for Freedom (FNFF) (freiheit.org)
1093 2020 Global Go To Think Tank Index Report (2021, James G. McGann - University of Pennsylvania)
1094 Никола Љ. Илиевски - Либертаријански тинк-тенкови помеѓу најдобрите во светот (2021, libertania.org)

***г.) Европски Либерален Форум (European Liberal Forum (ELF)[1095])***

Претставува непрофитна основа на европската партија *Алијанса на Либерали и Демократи за Европа* (*Alliance of Liberals and Democrats for Europe (ALDE) Party*[1096]). Целта на форумот е создавање на либерални решенија на европските проблеми, преку истражувања, настани и тренинзи. Создаден е во 2007 година, со седиште во Брисел, Белгија. Активна е во сите земји-членки на Европската унија.

Оваа организација може да се смести во групата на ***инфлуенсери*** и ***градители***, и го толкува слободарството како ***либерализам***.

***д.) Институт Бруно Леони (Istituto Bruno Leoni (IBL)[1097])***

Институтот претставува италијанска слободарска организација, основана во 2003 година, со седиште во Торино и Милано. Целта на институтот е да придонесе кон италијанскиот политички дискурс, да овозможи соодветна процена на улогата на слободата и слободната економија, како темели за изградба на просперитетно и отворено општество. Идеите кои ги промовира институтот имаат за цел да создадат поголем простор за граѓанското општество и да ги охрабри поединците, пренасочувајќи повеќе ресурси кон бизнисот, ослободување на конкуренцијата и размените, за бенефит на општата благосостојба и зголемување на богатството на општеството и неговите членови. Се наоѓа на 132-то место на *Global Go To Think Tank Index 2020*[1098], во категоријата на најдобри тинк-тенкови во светот[1099], како и на 76-то место во категоријата најдобри тинк тенови во западна Европа.[1100]

Оваа организација може да се смести во групата на ***популаризери***, и го толкува слободарството како ***класичен либерализам***.

[1095] European Liberal Forum (ELF) (liberalforum.eu)
[1096] Alliance of Liberals and Democrats for Europe (ALDE) Party (aldeparty.eu)
[1097] Istituto Bruno Leoni (IBL) (brunoleoni.it)
[1098] 2020 Global Go To Think Tank Index Report (2021, James G. McGann - University of Pennsylvania)
[1099] Никола Љ. Илиевски - Либертаријански тинк-тенкови помеѓу најдобрите во светот (2021, libertania.org)
[1100] Никола Љ. Илиевски - Либертаријански тинк-тенкови во останатите категории на индексот (2021, libertania.org)

***ѓ.) Ејн Ренд Центар Европа (Ayn Rand Center Europe (ARCE)[1101])***

Центарот е основан во 2016 година, првично под името *Балкански Објективистички Центар (Balkan Objectivist Center)*, во Белград, Србија. Мисијата негова е унапредување на идеите на објективизмот на глобално ниво и градење на светска Џон Галт мрежа. Визијата е обликување на пoслободен свет преку светска мрежа на нови интелектуалци.

Оваа организација може да се смести во групата на ***популаризери*** и ***градители*** и го толкува слободарството како ***објективизам***.

***е.) Литвански Фри-маркет Институт (Lithuanian Free Market Institute (LFMI)[1102])***

Институтот е приватна, непрофитна и непартиска организација, основана во 1990 година, со седиште во Вилнус, Литванија за да ги промовира идеите на поединечна слобода и одговорност, слободен пазар и ограничено владино мешање. Целта на институтот е гаење на средина на слободен пазар, која ги охрабрува луѓето на Литванија да ги постигнуваат своите цели, на начин кој е конструктивен на општествените заеднички интереси, а не преку мешање на владата. Се наоѓа на 126-то место на *Global Go To Think Tank Index 2020*[1103], во категоријата на најдобри тинк-тенкови во светот[1104], на 6-то место во категоријата најдобри тинк тенови во централна и источна Европа, како и 82-ро место во категоријата на најдобри тинк тенкови во обласна на домашна економска политика.[1105]

Оваа организација може да се смести во групата на ***популаризери*** и ***инфлуенсери***, и го толкува слободарството како ***класичен либерализам***.

## 169. Слободарски организации на Балканот

И на Балканот постојат организации кои се слободарски по својот карактер, мисија и делување. Во прилог се неколку од нив.

---

[1101] Ayn Rand Center Europe (ARCE) (aynrandcentereurope.org)
[1102] Lithuanian Free Market Institute (LFMI) (llri.lt)
[1103] 2020 Global Go To Think Tank Index Report (2021, James G. McGann - University of Pennsylvania)
[1104] Никола Љ. Илиевски - Либертаријански тинк-тенкови помеѓу најдобрите во светот (2021, libertania.org)
[1105] Никола Љ. Илиевски - Либертаријански тинк-тенкови во останатите категории на индексот (2021, libertania.org)

***а.) Асоцијација за Либерално Мислење (Association for Liberal Thinking (ALT)[1106])***

Асоцијацијата е воспоставена во 1992 година, со седиште во Анкара, Турција. Целите на организацијата се: да ја воведе богатата интелектуална традиција на либерално-демократската цивилизација во турското општество; да се вклучи во активности кои промовираат разбирање и прифаќање на вредности и концепти како што се слобода, правда, толеранција, мир, човекови права, владеење на право; да охрабри академски истражувања на либерални теми, и да проднесе ефикасни либерални решенија на политичките и економските проблеми во Турција. Истата се наоѓа на 90-то место на *Global Go To Think Tank Index 2020*[1107], во категоријата на најдобри тинк-тенкови во светот[1108].

Оваа организација може да се смести во групата на ***популаризери***, и го толкува слободарството како ***либерализам***.

***б.) Центар за Либерални Стратегии (Centre for Liberal Strategies (CLS)[1109])***

Центарот е формиран во 1994 година, со седиште во Софија, Бугарија. Мисијата на центарот е да понуди длабоки и внимателни експертски анализи, поврзани со тековните прашања од политичкиот, економскиот и општествениот живот, како и нови пристапи, и да бара провокативни перспективи преку кои ќе постигне подобро разбирањеза процесите во земјата, регионот и светот. Истиот се наоѓа на 141-во место на *Global Go To Think Tank Index 2020*[1110], во категоријата на најдобри тинк-тенкови во светот[1111].

Оваа организација може да се смести во групата на ***популаризери***, и го толкува слободарството како ***либерализам***.

***в.) Либертаријански Клуб ЛИБЕК (Libek[1112])***

Клубот е основан во 2008 година со седиште во Белград, Србија. Истиот претставува образовен и истражувачки центар посветен на гаење на идеите и вредностите на поединечна слобода и одговорност. Визијата на клубот е одговорно општество и

[1106] Association for Liberal Thinking (ALT) (liberal.org.tr)
[1107] 2020 Global Go To Think Tank Index Report (2021, James G. McGann - University of Pennsylvania)
[1108] Никола Љ. Илиевски - Либертаријански тинк-тенкови помеѓу најдобрите во светот (2021, libertania.org)
[1109] Centre for Liberal Strategies (CLS) (cls-sofia.org)
[1110] 2020 Global Go To Think Tank Index Report (2021, James G. McGann - University of Pennsylvania)
[1111] Никола Љ. Илиевски - Либертаријански тинк-тенкови помеѓу најдобрите во светот (2021, libertania.org)
[1112] Libek (libec.rs)

слободни поединци во Србија. Мисијата на клувот е толкување и носење на економски проблеми поблиску до публиката преку економски анализи и студии. Клубот предлага ефикасни реформи за градење на слободно и економско просперитетно општество.

Оваа организација може да се смести во групата на ***популаризери*** и ***инфлуенсери***, и го толкува слободарството како ***класичен либерализам***.

***г.) ЛИПА (Lipa[1113])***

Липа е организација, основана во 2014 година во Загреб, Хрватска, која ги застапува хрватските даночни обврзници. Истата се темели на неколку принципи, како што се *помали даноци*, *намалување на јавниот долг, ефикасност, транспарентност* и *помала администрација*.

Оваа организација може да се смести во групата на ***мобилизери***, и го толкува слободарството како ***класичен (економски) либерализам***.

***д.) МУЛТИ (Multi[1114])***

Мулти е либертаријанска организација, основана во 2011 година, со седиште во Тузла, Босна и Херцеговина. Мисијата на истото е унапредување на економските и сите останати слободи на граѓаните на Босна и Херцеговина. Мисијата ја остварува преку образование, лобирање, истражување, издавање публикации и промоција на либералните мисли.

Оваа организација може да се смести во групата на ***популаризери*** и ***инфлуенсери***, и го толкува слободарството како ***класичен либерализам***.

***ѓ.) КЕФИМ (KEFIM[1115])***

Претставува организација, основана во 2011 година, со седиште во Атина, Грција. Мисијата на истата е да ги зголеми поединечните и економските слободи на Грците, преку промоција на либерални идеи и предлози за јавни политики. Визијата на организацијата е Грција како пример за економски и граѓански слободи, кои овозможуваат нејзините граѓани да ги остварат своите сништа. Нејзината работа се основа на 4 темели, и тоа:

[1113] Lipa (manjiporezi.hr)
[1114] Multi (multi.ba)
[1115] KEFIM (kefim.org)

подобрување на пристапот кон економско образование на грчките граѓани, заштита на граѓанските слободи, застапување на про-слободарски политики и градење на силно либерално движење.

Оваа организација може да се смести во групата на ***популаризери*** и ***инфлуенсери***, и го толкува слободарството како ***класичен либерализам***.

***е.) Институт за Јавна Политика и Добро Владеење (Institute for Public Policy and Good Governance (IPPM)[1116])***

Претставува тинк-тенк со седиште во Тирана, Албанија, формиран во 90-тите години на претходниот век. Мисијата на институтот е придонес во јавната реализација и вклучување во предизвиците на доброто владеење, преку развој и промоција на алтернативи, за поголем квалитет во јавниот и приватниот сектор на управување. Визијата на институтот е добро информирана публика за добро владеење во Албанија, и осигурување на нивно активно учество, како предуслов за успех во справувањето со предизвиците на доброто владеење.

Оваа организација може да се смести во групата на ***популаризери***, и го толкува слободарството како ***либерализам***.

***ж.) Либертаниа - Центар за Современа Политика[1117]***

Либертаниа претставува слободарска организација, формирана во 2015 година, со седиште во Битола, Македонија. Мисијата на организацијата е промоција и образование на идеите на поединечна слобода, слободни пазар и слободно општество, преку активно вклучување на млади луѓе и поттикнување на слободарска соработка. Визијата е поттикнување на развој на слободарски заедници, кои ќе служат како платформи за размена на идеите за поединечна слобода и слободно општество, како дел од светското слободарско движење. Целта на организацијата е општествена промена во насока на поголема слобода, преку мирољубиви методи, како што се образование и градење на слободарски заедници. Идеата на организацијата е онаа на слободно општество, втемелена

[1116] Institute for Public Policy and Good Governance (IPPM) (ippm.al)
[1117] Libertania - Center for Contemporary Politics (libertania.org)

врз мирна соработка, владеење на право, слободни пазар и органичена, одговорна, или алтернатива на држава.

Оваа организација може да се смести во групата на ***популаризери***, и го толкува ***слободарството како широк пристап***.

**170. Влијание на организациите**

Самата цел на субјектите е постигнување на промена во политичко-институционална форма. Финалното влијание, кое една организација може да го има е остварување на општествена промена, зацртана со мисијата или визијата на организацијата. Секако, со оглед на фактот дека општествената промена е долг и сложен процес, во која постојат голем број на фактори кои играат улога во самиот процес, потребно е дополнително да се објасни и категоризира влијанието кои организациите го изразуваат.

Првиот вид на влијание е она кое се практикува на процесите на *идеолошка промена*, односно промена во идеолошката (пот)свест на поединците, додека вториот вид на влијание е она кое се практикува врз процесите на *општествена промена*. Првото е ***идеолошкото влијание*** на субјектите за промена, кое е насочено кон поединците, додека второто е ***општественото влијание***, кое е насочено кон институциите и политичката поставеност во земјата. Се разбира дека овие два вида на влијание се неделиви, зависни и меѓусебно се стимулираат и потекнуваат, но со цел нивно подобро објаснување, се јавува потребата за нивна категоризација и издвојување.

Специфицирано преку показатели, организациите може да го квантификуваат влијанието кои го остваруваат кон релевантнтие актери во процесот на општествена промена, секако со цел да остварат поголема евиденција за активностите и да ги следат можностите и капацитети за општествена промена.

***а.) Идеолошко влијание на организациите***

Претставува влијанието кое се изразува врз поединците, чија промена и освестување на идеолошката (пот)свест е клучен предуслов за понатамошна промена во институциите на општеството. Секако, идеолошкото влијание претставува премногу општ и апстрактен процес, кој има неминовна потреба да се конкретизира. Конкретизирањето на

идеолошкото влијание може да биде изведено преку низа на показатели за истото, кои треба да бидат бројчано изразливи. Потребата од поставување на показатели и нивно изразување во бројка е  клучна во самиот процес на идеолошка промена, и тоа за мерење на влијанието.

Така на пример, како основен показател може да биде бројот на учесници на определена (идеолошка) школа, затоа што се претпоставува дека организацијата на тој начин врши влијание врз идеолошката (пот)свест на поединците. Друг показател може да биде бројот на лајкови и коментари на определена објава на социјалните медиуми, број на прегледи на определено едукативно видео на онлајн платформи, број на поединци кои доставиле трудови или текстови на определена идеолошка проблематика, број на учесници на собир или конференција, на која се зборува за идеата, број на објави од страна на медиуми на определено видео, текст или графички приказ со идеолошка содржина, број на поднесени апликации за учество на определена идеолошка школа, број на учесници на определен протест, број на поединци зафатени со определена кампања, број на докторирани студенти со слободарска тематика на нивната теза, итн. Бројката на луѓе кои се дел од еден настан, конзумери и изразувачи на слободарска информација и слично претставува најчест нсчин за мерење на идеолошката промена. Секако, бројката не ни ја дава деталната слика влијанието во процесите на промена, но овозможува некаков увид на бројот на луѓе кои се посредни или непосредни учесници на активизмот за промена.

***б.) Општествено влијание на организациите***

Општествено е она влијание кое се изразува врз поставеноста на институциите во општеството, односно јавните политики. Изразување на општественото влијание е или треба да биде крајната цел на организациите во чии мисии унапредувањето на слободата е предвидена. Општественото влијание, како такво, во најголем дел е насочено кон политичките елити, кои под притисок на организацијата, но, секако и на јавноста, имаат потреба да ги преточат барањата во поставеноста на инситуциите, како и во јавните политики. Од тука, може да се заклучи дека општественото влијание е влијание изразено кон политичарите, и истото може да се измери со релевантен успех на дејствување промена на институциите и промена во јавните политики.

Како и кај идеолошкото влијание, и општественото има потреба од конкретизирање на показатели, за да може да се мери релативниот успех.. Како пример за извршено влијание од овој карактер може да се напоменат: број на поднесени предлози за закони, број на поднесени граѓански иницијативи, број на политичари со кого е разговарана потребата од промена во јавните политики, број на партии формирани од страна на следбениците на организациите, број на издејствувана промена во јавните политики, број на поттикнати јавни политики, број на лидери од организациите избрани на јавна функција, итн.

Општественото влијание на организациите кои се слободарски се однесуваа кон поттикнување и/или изразување на влијание врз политичките процеси, кои може да се групираат во две големи групи на *либерализација* и *приватизација*. Како успшни примери за општествено влијание, но и за постигната општествена промена, може да се наведат неколку како: *организирање на фер и демократски избори, завршување на војна, намалување на бирократијата и бирократските процеси, легализирање на канабисот, унапредување на владеењето на право, легализирање на хомосексуални бракови, намалување на царини и регулации, легализирање на проституција, опуштање на гранични режими, намалување на даноци, декриминализирање и легализирање на droги и психотропни супстанции, зацврстување на правото на поседување на оружје, легализирање на полигамија и полиандрија, враќање кон златниот стандард, легализирање на крипто-валути, итн.*

## ГЛАВА 22:
## ПРИМЕРИ НА СЛОБОДАРСКА ПРОМЕНА

### 171. Ричард Кобден и движењето за слободна трговија во Велика Британија

Како што е наведено во претходниот дел од текстот, посветен на слободарството, Ричард Кобден беше британски политичар и активист, од несомнено значење, за движењето за слободна трговија, кое се појавува во Британија, во првата половина на 19-ти век, а секако за идеите на слобода.

Во Велика Британија, помеѓу 1815 и 1846 година се донесуваат контроверзните правни акти со кои се регулира трговијата со пченка, се со цел да се го ограничат увозот на пченка, да ги држат цените високо, и тоа за сметка на домашните произведувачи на пченка. Овие регулации биле во духот на меркантилизмот и ги ставале домашните произведувачи во повластена состојба, и сето тоа на сметка на крајните потрошувачи, затоа што тие плаќале поскапа цена за пченка.

***Ричард Кобден*** (Richard Cobden, 1804 – 1865) е еден од првите активист, кој ја увидел проблематичноста на меркантилизмот, економскиот национализам и се спротивставил на актите со кои своевремено се вршело регулација на пченките. Како израз на тоа спротивставување ја формирал *Лигата против законите за пченка* (Anti-Corn Law League[1118]), во 1839 година, со цел да ја посочи моралната неиздржаност и утилитарната деструктивност на овие закони. Битката на Кобден и Лигата, вродиле со *Кобден-Чевалиер договорот* (Cobden-Chevalier Treaty)[1119], од 1860, со кој се воспоставила (вратила) слободна трговија помеѓу Британија и Франција.[1120] Од тука, Кобден претставува еден од пионерите на слободарската промена. Но, се поставува прашањето, во што се состои тајната на неговиот успех?

Стивен Дејвис, пишува одличен есеј, кој е посветен на Ричард Кобден, неговото движење за слободна трговија, како и стратегиите кон слободарска промена (*Ideas and Strategies in Organizing the Free-Trade Movement in Britain*[1121]). Како што наведува Дејвис, една од повеќето причини за успехот на движењето за промена се личните квалитети на

[1118] Anti-Corn Law League (britannica.com)
[1119] Cobden-Chevalier Treaty (britannica.com)
[1120] Alexander C. R. Hammond - Richard Cobden: the unsung hero of free trade (2020, iea.org.uk)
[1121] Stephen Davies - Richard Cobden: Ideas and Strategies in Organizing the Free-Trade Movement in Britain (2015, oll.libertyfund.org)

Кобден[1122], кој бил исклучителен организатор и претприемач. Едноставно, Кобден бил водич или лидер, и го ставил целиот свој личен капацитет во процесот на заговарање, но и остварување на конкретната слободарска промена. Секако, овие квалитети биле дополнително подржани и со интелектуалната неоправданост на меркантилизмот, а и обратно, оправданоста, како морална, така и утилитарна, на слободата, слободната трговија и се помалото мешање на политиката во економијата, и пошироко во општеството.

Втор момент, од клучно значење во делувањето на Кобден и движењето беше концептот на *јавно мислење*[1123], кое што е одредено од разбирањето, односно ставот на (тогаш) образованиот дел од населението. Јавното мислење, како напоменато, е одредено од образованието, преку јавни дискусии, расправии, раговори, преку своевремено, појавата на она што денес се нарекува масовни медиуми. Кобден, своевремено истакнуваше дека јавното мислење е обликувано од елитите, и тоа преку официјалната пропаганда, но од друга страна, истото дополнително е последица и на делувањата во приватниот сектор, односно поединците. Своевидна *еурека* кај Кобден е самиот увид дека промената и модифицирањето на јавното мислење има пошироки *општествено-политички импликации*. Аналогно на тоа, политичките решениа, институции и јавни политики, во голема мера се врзани и одредени од она што се нарекува јавно мислење за конкретни прашања.

Тоа значи дека клучната стратегија на Кобден[1124], но и во случајот на денешните субјекти на слободарска промена, е да создадат, информираат, и мобилизираат *јавно мислење*, повеќе, отколку да аргументираат во законодавните домови, партиските состаноци, седниците на влади, или друга начини на непосредно убедување на политичките елити. Од тука е произлезена самата идеа за моделот на Овертонов прозорец, како концепт кој графички го прикажува доминантното јавно мислење, капацитетот, но и самата општествена промена.[1125]

---

[1122] Jim Powell - Richard Cobden's Triumphant Crusade for Free Trade and Peace (1995, fee.org)
[1123] Richard Cobden on how free trade would unite mankind in the bonds of peace (1850, oll.libertyfund.org)
[1124] John Chodes - Richard Cobden: Creator of the Free Market (1993, independent.org)
[1125] Stephen Davies - Richard Cobden: Ideas and Strategies in Organizing the Free-Trade Movement in Britain (2015, oll.libertyfund.org)

Во случајот на Кобден, една од најбитните активности е масовната кампања, која се темелела врз конкретните активности на образование и активизам[1126], вклучувајќи јавни состанувања, дискусии, разговори, различни предавања и ораторски настани, создавање на поврзани организации со локални клубоци, собирање на парични средства, од донации, членства, идентификувања на лидери, активисти, членство, различни памфлети, литература, различни настани, градење на мрежи, лични контакти, како и комуникација со политичари и голем број на други активности. Се се одвивало во насока на создавање на популарна култура во која слободата го зазема централносто место и се смета за *морален и политички императив*.[1127] На тој начин, промената во јавното мислење, се актуелизира и во промена на политиките на меркантилизам, манифестирани како еден вид на општествена слободарска промена.

## 172. Тачер, Реган и економскиот либерализам во ОК и САД

Доаѓањето на конзервативните, но сепак *фри маркет* опции на власт, се одвиваше кон крајот на минатиот век, во Велика Британија и во САД. Истите може да се анализраат како процеси на своевидна слободарска промена, која претходно е поттикната од делување на организации, чија мисија била нејзино исполнување.

***Маргарет Тачер*** (Margaret Hilda Thatcher, 1925 – 2013) лидер на Конзервативната партија на Велика Британија (*Conservatives*[1128]) доаѓа на власт и ја држи премиерската функција во Велика Британија во периодот помеѓу 1979 и 1990 година. Позната е како „челичната лејди“ (Iron Lady), баш поради нејзиниот детерминирачки карактер и доследност во јавните политики. Иако, дел од конзервативниот блог во Британија, Тачер има големо значење за слободарството, затоа што водела економија, блиска до идеите на класичните либерали, и јавни политики во вид на приватизација и дерегулација. Тачер, своевремено била инспирирана од нобеловецот Фридрих Хаек и неговите алтернативни решениа во однос на општествените проблеми, кои генерално опфаќаат намалување на улогата на државата, пред се во економијата, преку поттикнување на процеси на приватизација[1129] на државни или јавни компании.

---

[1126] John Chodes - Richard Cobden: Creator of the Free Market (1993, independent.org)
[1127] Stephen Davies - Richard Cobden: Ideas and Strategies in Organizing the Free-Trade Movement in Britain (2015, oll.libertyfund.org)
[1128] Conservatives (conservatives.com)
[1129] Kevin Lee - Thatcher’s Micro Policy: Privatization and Free Market Economics (futurelearn.com)

Од друга страна, ***Роналд Реган*** (Ronald Wilson Reagan, 1911 - 2004) е 40-тиот претседател на САД која служеше во периодот помеѓу 1981 и 1989 година. Реган беше кандидат на Републиканската партија (Republican Party[1130]), која исто така се поврзува со конзервативизам (и често со економски либерализам). Неговата политичка платформа или програма, наречена *Регономија* (*Reaganomics*) може да биде опишана со неговите зборови: „Само со намалување на големината на владата, може да ја зголемиме економијата"[1131] Регановата програма за економско закрепнување се состоеше од 4 главни цели, и тоа: намалување на големината на владиното трошење, намалување на даноците на приход од работа и капитал, намалување на регулациите и намалување на инфлацијата со контрола на растот на понудата на парична маса во оптек. [1132] Но, секако, владеењето на Реган не може да се земе како пример за целосна слободарска промена, затоа што тој ја започна тн. *војна против дрогата*[1133] и анти-мигрантските политики во САД[1134]. Сепак, беше единствениот претседател во САД, кој драстично ја промена насоката во американската политика, уважувајќи ја потребата за намалување на државата во економските потфати и односи на поединците.

Следствено, се поставува прашањето, што е она што поттикна избор на политички елити како Тачер и Реган, кои ја препознаа улогата на слободните пазари во економиите на своите земји, и дотолку повеќе, кои се актерите на промени, кои претходно делувале на идеолошка и промена на јавните мислења во овие две земји, со цел и изборна поддршка на овие економски либерални политичари.

Џон Блундел, во неговата *Waging the War of Ideas*, го опишува зачетокот на фри-маркет организациите, конкретно во Велика Британија, а подоцна и во САД, кои играа огромна улога во промената на јавното мислење, а последователно и промената во јавните политики, манифестирана во доаѓањето на власт на Тачер и Реган. Човекот, кој има огромна заслуга за поттикнувањето и поддршката во функционирањето на *Институтот за*

---

[1130] Републиканската партија често се именува како *Големата стара партија,* или *Grand Old Party*. Republican Party (gop.com)
[1131] William Niskanen - Reaganomics (econlib.org)
[1132] William Niskanen - Reaganomics (econlib.org)
[1133] Војната против дрогата (War on Drugs) беше воведена во 1986 со *The Anti-Drug Abuse Act*, правен акт со кој се зголемија казните против поседувачите на дрога, се воведе минимум казни за кривични дела поврзани со дрога, се зголемија финансиите на агенциите кои ги извршуваа поврзаните акти, итн. Повеќе: Reagan's National Drug Strategy (policing.umhistorylabs.lsa.umich.edu)
[1134] Alexander M. Stephens - Reagan's war on drugs also waged war on immigrants (2021, washingtonpost.com)

*Економски Прашања* (*Institute of Economic Affairs (IEA)*[1135]) во 1955, претставува ***Ентони Фишер***[1136] (Sir Antony George Anson Fisher, 1915 - 1988)[1137]. По завршувањето на Втората светска војна, Фишер ја чита Хаековата, *Пат кон ропство* и се сретнува со него во Лондонската школа за економија (*London School of Economics*[1138]). Споделувајќи ја загриженоста од ширењето на комунизмот, го прашува Хаек дали е потребно да стане политичар со цел да даде свој придонес во борбата против комунизмот, на кое Хаек му одговара:

> „Не… Насоката на движење на општеството ќе биде сменета само со промена во идеите… Прво мора да стигнеш до интелектуалците, учителите и писателите, со разумни аргументи… Нивното влијание ќе биде она кое што ќе преовладее, а политичарите ќе го следат“[1139]

Во меѓувреме Фишер влегува во бизнис со фарми со пилиња, и стекнува големо богатство. Инспириран од зборовите на Хаек, Фишер продолжува да делува според истите, и претставува еден од основачите и финансиските покровители на ИЕП (*IEA*), а подоцна во 1981 и во САД на *Atlas Economic Research Foundation*[1140] која подоцна е преименувана во Атлас Мрежа (*Atlas Network*[1141]). ИЕП заедно со останатите про-слободарски организации и тинк-тенкови, како Адам Смит Институт (*Adam Smith Institute (ASI)*[1142]), работаат на идеолошка промена, што подоцна резултира во општествена промена, со доаѓањето на Тачер. Додека Атлас, заедно со останатите организации како Като Институтот (*Cato Institute*[1143]), Фрејзер Институт (*Fraser Institute*[1144]), Херитиџ Фондација (*Heritage Foundation*[1145]) и други, делуваат, а последица е Реган со неговите економски *laissez-faire* политики.

Оливер Летвин, во *The Times*, од 26 мај 1994 година пишува: „Без Фишер, нема ИЕП; без ИЕП и нејзините клонови, нема Тачер, а најверојатно нема ни Реган; без Реган,

[1135] Institute of Economic Affairs (IEA) (iea.org.uk)
[1136] Gerald Frost - *Antony Fisher. Champion of Liberty* (2002, iea.org.uk)
[1137] John Blundell - *Waging the War of Ideas* (2015, iea.org.uk)
[1138] London School of Economics (LSE) (lse.ac.uk)
[1139] John Blundell - Waging the War of Ideas (2015, iea.org.uk)
[1140] Lee Fang - Sphere of Influence: How American Libertarians Are Remaking Latin American politics (2017, theintercept.com)
[1141] Atlas Network (atlasnetwork.org)
[1142] Adam Smith Institute (adamsmith.org)
[1143] Cato Institute (cato.org)
[1144] Fraser Institute (fraserinstitute.org)
[1145] Heritage Foundation (heritage.org)

нема *Star Wars*; без *Star Wars* нема економски колапс на Советскиот сојуз. Каков синџир на последици за еден фармер“[1146]

Секако, процесите на општествена промена се далку посложени процеси и огромен број на фактори играале и играат улога во истите. Но сепак, од големо влијание е идејното водење во целиот тој сет на случувања, како и мислењето на интелектуалната и пошироката јавност за прашања од значење на идеологијата. И во двата примери на Тачер и Реган, немаме целосна слободарска промена, како е замислена кај дејците класични либерали и либертаријанци, но кон прашања од клучно значење за економијата, се практикувале про-слободарски јавни политики.

### 173. Лех Валенса, Солидарност и полската транзиција

***Лех Валенса*** (*Lech Wałęsa*, 1945 - ) беше полски активист, политичар и лидер на движењето ***Солидарност*** (*Solidarność*), кое играше огромна улога во мирната полска транзицијата. Транзицијата го означува преминот на Полска од комунистичка, социјалистичка или авторитарна држава, во либерално-демократска и капиталистичка, и тоа во периодот од 1980-та до 1989-та година.

Солидарност беше синдикална организација, односно масовно движење, основано во 1980 година, како резултат на обединувањето на различни опозициски организации. Полскиот општествен контекст пред настапување на 80-тите години од минатиот век, е исполнет со протести, штрајкови, кои биле принудно загушувани и проследени со човечки жртви. Солидарност претставуваше пионер на ненасилниот отпор во земјата, која кон крајот од 80-тите и почетокот на 90-тите години, беше успешна во обидот да ги организира првите слободни и демократски избори во Полска[1147], а со тоа и да ја обележи транзицијата на Полска, од комунистичка, во држава со пазарна економија. Лех Валенса беше водичот на движењето, а подоцна и претседател на полската држава, во периодот од 1990-та до 1995-та година. Исто така Валенса, ја доби Нобеловата награда за мир, во 1983 година, и тоа поради успешното водење на масовна и ефикасна организација која се залагаше за слобода и демократија, во еден своевремено цврсто авторитарен општествено-политички контекст.

[1146] John Blundell - Waging the War of Ideas (2015, iea.org.uk)
[1147] Maciej Bartkowski - Poland’s Solidarity Movement (1980-1989) (2009, nonviolent-conflict.org)

Движењето Солидарност претставува школски пример за ефикасно организарање и постигнување на слободарска промена, од каде се провлекува и потребата за увид во причините за неговиот успех. Истото, со помош на ефикасна организација, во периодот на неговото постоење, успеа да организира и воспостави алтернативни институции, делувања и наративи, кои ќе ја трасираат полската промена кон постигнување на поголема слобода. Паралелата и алтернативата која движењето ја понуди на тогашната полска авторитарна држава, играше огромна улога во процесите на организирање на слободни и демократски избори, победа на истите, како и повеќе или помалку успешна транзиција на полската држава[1148] од *социјалистичка* во *капиталистичка*, или од *врховистички* во *слободарски* тип на држава. Иако, синдикалните движења, традиционално се поврзуваат со левицата, работничките права, поголема вклученост на државата во економијата, како и барања за социјална правда, сепак Солидарност беше полскиот предвесник на слободата, децентрализацијата, само-управувањето и слободниот пазар. Моќта на дивжењето може да се увиде во неговиот капацитет да мобилизира огромни маси, да организира активности и да води паралелни институции, со цел воспоставување на слобода и функционална либерална држава.

Во однос на бројните активности кои беа организирани од членовите на движењето, вредни да се издвојат се протестите, памфлетите, знамињата и симболите, симболичните погреби, католичките миси, цртежите на протестите, парадите, маршевите, штрајковите, штрајковите со глад на поединци, како и радио емисии, музика, филмови, сатира, хумор, издавање на повеќе од 400 забранети списанија и милиони копии диструбуирани, вклучувајќи и литература за ненасилен отпор, алтернативно образование, алтернативни учења од општествените науки, прославување забранети годишници, итн. [1149] Вредно да се напомене, секако е и големата подршка од католичката црква, како и традиционалната поврзаност на полскиот народ со истата.[1150]

Движењето Солидарност претставува школски пример за движење кое во голема мера успева масовно да организира и поттикне за слободарска промена, какво што досега ретко е видено во светски размери. Клучот на неговиот успех е во неговата масовност и недвосмислениот капацитетот за создавање на паралелни институции, кои ќе го водат

---

1148 Stephen W. Mays - A Synthetic Analysis of the Polish Solidarity Movement (2011, mds.marshall.edu)
1149 Maciej Bartkowski - Poland’s Solidarity Movement (1980-1989) (2009, nonviolent-conflict.org)
1150 Bartosz Buczynski - Role of the Catholic Church in Resisting Communist Rule in Poland (blogs.bu.edu)

процесот на транзиција, предвремено подготвувајќи се за истата. Може да се заклучи дека движењето функционираше во веќе поместен Овертонов прозорец кон нови по-слободарски идеи, но неговата е улога беше да ја донесе или издејствува општествената промена, кога идеолошката, повеќе или помалку, беше направена. Секако, потребно е да се напомени и дека условите во кои делувале, од денешен аспект, биле зрели за промена, затоа што падот и неодржливоста на социјализмот и планираната економија, како систем на владеење и уредување биле очигледни. Сепак, и во вакви, зрели услови, потребно е способно лидерство, со волја и капацитет да ги насочи тие промени, и да ги ползува на најефикасен начин, со колку што може помала употреба на насилство и штета, потпирајќи се на практичен авторитет на лидерот.

### 174. Вацлав Хавел, Кадифената револуција и чешката транзиција

***Вацлав Хавел*** (Václav Havel, 1936 – 2011) беше чешки државник, поет, дисидент, и една од најбитните фигури во чешката транзиција од авторитарна, комунистичка, во либерална и демократска држава. Беше на функцијата претседател на Чехословачка, во периодот од 1989 до најзиното распаѓање во 1992 година, а потоа беше претседател на Чешка, од 1993 до 2003 година.

Кадифената револуција претставуваше ненасилна револуција во Чехословачка, која започна на крајот од 1989 година, како резултат на авторитарната политика водена од комунистичките власти, и секако како израз на чешкиот и словачкиот народ за независност и слобода. Контекстот кој и претходи на револуцијата во земјата е исполнет со различни протести, на кои властите одговориле со употреба на насилство, како на пример инвазијата на СССР во 1968 година[1151]. Ненасилната револуција започна на 17 ноември 1989 година, 9 дена по падот на Берлинскиот ѕид и се смета дека опфати околу 1 милион луѓе излезени да протестираат. Датумот 17 ноември, 1989 година, ја одбележуваше 50-годишнитната од нацистичкото убивање на 9 студенти во Прага и испраќањето на околу 1200 други во концентрациони логори.[1152] Секако на крајот од 80-тите години се гледаше распадот на комунистичките системи, како од економски, така и од политички причини[1153], што беше дополнителен катализатор за масовност, како на кадифената револуција, така и на полската

[1151] Lester Kurtz - Czechoslovakia's Velvet Revolution (1989) (2008, nonviolent-conflict.org)
[1152] Velvet Revolution begins in Czechoslovakia (history.com)
[1153] Collapse of the Soviet Union (history.com)

верзија. По само 11 дена протестирање, на 28-ми ноември, комунистичкото лидерство на земјата се повлече, на 10-ти декември дојде на власт анти-комунистичка влада, а на 29-ти декември, Вацлав Хавел беше изгласан за претседател на Чехословачка.[1154] Мирниот распад на Чехословачка, беше одбележан како *кадифен развод*.

Носечките субјекти во револуцијата беа ***Граѓанскиот форум*** (*Občanské fórum*) и ***Член 77*** (Charta 77). Форумот претставуваше политичко движење, односно широка коалиција на опозиционерски, анти-авторитарно настроени и дисидентски сили, создадено за време на кадифената револуција во 1989 година. Член 77 претставуваше неформална граѓанска иницијатива, создадена уште во 1976 година, со цел да ги мониторира, своевремено, владините заложби за човекови права, како дел од Хелсиншката конференција.[1155]

Опозицијата на комунистичкиот режим, која му претходеше на кадифената револуција, беше примарно културна, а не политичка[1156], и првенствено изразена преку театар, музика[1157] и сл. Рок бендот *Plastic People of the Universe*, кои пишуваа протестни песни, беа уапсени во 1976 година, што предизвика бран на протести и незадоволства помеѓу младите. Активностите кои и претходеа на револуцијата изобилуваа со различности[1158] и главно се состоеа во демонстрации, маршови, штрајкови, публикување на дела со анти-комунистичка и анти-владина тематика, различни форми на критики на режимот, културни активности кои имплицитно носеа анти-комунистичка и анти-владина порака, мобилизации по селата и периферијата, подршка од Католичката црква, умешна употреба на медиумите, весниците итн.[1159]

Различните опозициски субјекти, кои покасно се обединија во Граѓанскиот форум и Член 77 долготрајно работеа на идеолошката промена во чехословачкото општество, преку различни активности, а резултат на тие активности беше кадифената револуција, односно масовната мобилизација против властите, изразена преку мирен протест, пред кој и најтоталитарната власт би попуштила. Секако, како и во случајот на Полска,

---

[1154] Velvet Revolution begins in Czechoslovakia (history.com)
[1155] Lester Kurtz - Czechoslovakia's Velvet Revolution (1989) (2008, nonviolent-conflict.org)
[1156] Filip Noubel - 33 years ago, the Velvet Revolution started in the streets of Prague (2022, globalvoices.org)
[1157] Lester Kurtz - Czechoslovakia's Velvet Revolution (1989) (2008, nonviolent-conflict.org)
[1158] Klara Hajkova - 1989 Velvet Revolution: a peaceful protest which can inspire! (2019, extravaganzafreetour.com)
[1159] Lester Kurtz - Czechoslovakia's Velvet Revolution (1989) (2008, nonviolent-conflict.org)

неефикасноста и неправедноста на комунистичките режими, дадоа огромен придонес кон нивната пропаст.

Во случаите на Полска и Чешка, видлива е логиката на Хаек, дека *политички невозможнотото* треба да биде одржувано во живот, се до моментот додека не стане *политички неопходно*. Работата на идеолошка промена, вродува со поширока општествена промена, каде што идеите се втемелуваат во општествените институции и јавните политики.

## 175. Март Лаар, Естонија и радикалните реформи

***Март Лаар*** (Mart Laar, 1960 - ) беше првиот премиер на независна Естонија, со само 32 години. На функцијата беше во 2 наврати, и тоа 1992 до 1994 и 1999 до 2002 година. Она што е интересно, не се само неговите години на кои му било доверено толку битна функција, туку и самиот капацитет да спроведе такви радикални реформи во земјата, кои ќе ја тресираат истата во една слободарска и пазарна насока.

Естонија денес претставува една од малиот број на држави во светот кои сериозно го имаат адаптирано пазарниот пристап во процесите на решавање на економските и пошироките општествени проблеми. Можеби тоа е чудно, земајќи го во предив фактот дека пред малку повеќе од 30 години, беше дел од Советскиот сојуз, една од најтоталитарните држави која постоела во политичката историја на светот. Својата независност за прв пат ја добила во 1918 година, но во 1940 година била окупирана од СССР (со договорот *Молотов - вон Рибентроп*[1160]), се до 1991, кога повторно стана независна и кога започна да ја гради традицијата на слободна земја.[1161]

Високо ниво на економска слобода, цврсто загарантирани човекови права и права на приватна сопственост, толерантни даночни обврзувања и владини трошења, како и високо ниво на инвестиции и финансиска слобода, се дел од карактеристиките на Естонија во 21-виот век.[1162] Но, тоа не било така непосредно по самото осамостојување, затоа што земјата се соочуваше со сериозни проблеми, како инфлација, недостаток на добра,

[1160] Договорот е нормативна манифестација на сојузништвото помеѓу двата вида на тоталитарни режими, олицетворени во политичката пракса, и тоа оној на нацистичка Германија и оној на советска Русија. Molotov-Ribbentrop Pact (history.com)
[1161] Mart Laar - The Estonian Economic Miracle (2007, heritage.org)
[1162] Amedeo Gasparini - Estonia: From State to Market: Thirty Years of Economic Success in Estonia (2021, freiheit.org)

руинирана инфраструктура и животна средина, хаос наследен од пет деценискoто комунистичко управување[1163], како и ред други проблеми, кои се надоврзуваат на набројаниве.

Секако, како дел од Советскиот сојуз, Естонија и другите балтички земји, Литванија и Летонија, се соочувале со сериозни предизвици, но желбата за независност и ослободување од режимот, можеби биле на највисоко ниво, во споредба со останатите пост-советски земји. Симбол на масовниот израз на стремежот за ослободување е *Балтичкиот пат* (*The Baltic Way*) од 1989 година, настан кој вклучувал околу 2 милиони луѓе од балтичките земји, стоејќи преку целиот пат Вилнус - Талин, со меѓусебно држање за рака, каде масовно повикале на слобода и независност на Балтикот.[1164] Истото означува, дека народот во Естонија, како и во останатите балтички држави, и тоа како бил желен за слобода и независност. Идеолошката промена, како предуслов за општествена, во случајот на Естонија била, речиси финализирана. Она што следи, се претпоставува дека е општествена промена, операционализирана во политичко делување, насочено кон создавање и/или моделирање на фундаментални општествено-политички институции.

Во извештајот кој Лаар, првиот премиер на независна Естонија, го испратил до Херитиџ фондацијата[1165] во 2007 година, наведува шест области од клучно значење за радикалните пазарни реформи во земјата. Од најголемо значење е *монетарната политика* и *макро економската стабилизација*, со цел да се стави под контрола инфлацијата, наследена од последните години на владеењето на СССР. Втора областа во процесот на реформирање беше *отвореноста*, која се однесува на отворени и слободни пазари, како и зајакнување на слободната конкуренција во бизнис секторот. Трета област беше *владеењето на правото* и имаше за цел да создаде цврст правен систем, кој ќе се почитува и ќе обезбеди правна сигурност за поединците и ефикасно функционирање на слободната економија. Четвртата реформа се однесуваше на *правата на сопственост*, и нивна дополнителна гаранција, како успешно водење на процеси на приватизација, денационализација и ваучеризација, исто така од пресудно значење за воспоставување на функционална пазарна економија. Во однос на оваа реформа е наведено дека истата беше

---

[1163] Mart Laar - The Estonian Economic Miracle (2007, heritage.org)
[1164] Helen Wright & Silver Tambur - The Baltic Way – the longest unbroken human chain in history (2021, estonianworld.com)
[1165] Mart Laar - The Estonian Economic Miracle (2007, heritage.org)

најмалку популарна, конкретно приватизацијата, затоа што многу работни места беа укинати, а невработеноста за момент зголемена. Петтата реформа се однесуваше на *рамните даноци*, чија цел беше да ги охрабри создавање на поволна економска средина за приватните субјекти и наградување на успехот на бизнисте, наместо негово казнување. Шестата реформа, која следува подоцна е воведување на таканаречено *електронско управување* (e-government), со кое се овозможува поефикасно и потранспарентно функционирање и комуникација со политичките власти во Естонија. Сите овие радикални реформи ја позиционираа Естонија како пазарна и слободна држава. Земајќи ја во предвид историјата на Естонија, исполнета со репресија, се поставува прашањето за тајната на успешната пазарна транзиција,

Клучот за пазарниот успех, во огромен дел се должи на капацитетот на тогашните политичките власти, на чело со премиерот Март Лаар, кој имал само 32 години кога ја вршел функцијата. Секако покрај капацитетот, потребна е решителност и подготвеност да се прават радикални и можеби своевремено непопуларни реформи, но кои на среден и долг рок даваат позитивни резултати. Политичкото делување на тогашните политички власти да го финализира процесот на општествена промена, пред се беше поттикнат од желбата на граѓаните на Естонија за независност и слобода, но и овозможен од (економскиот) колапс на Советскиот сојуз.

# ДЕЛ 4:

# И Д Е О Л О Ш К О  К А Р О  И

# П Р О З О Р Ц И  Н А  Ј А В Н О  М И С Л Е Њ Е

## ГЛАВА 23:
## ПОЛИТИЧКИ СПЕКТРИ

Во политичките науки и политичката философија помеѓу најопштите прашања се и прашањата поврзани со споредување на (политичките) идеи, нивна категоризација, градација и графичко претставување.

Политички спектар е графички, односно геометриски приказ на концептуален модел, кој опфаќа повеќе различни политички теории, идеологии и ставови, кои со помош на истиот се класифицирани, систематизирани, градирани и споредени, врз основа на претходно определени показатели.

Целта на политичкиот спектар е на наједноставен, графички начин да ги прикаже[1166] овие теории, идеологии и ставови и да ги класифицира во определени идентификациони групи, да ги систематизира по определени заеднички карактеристики, и меѓусебно да ги градира и спореди. Дополнително, политичкиот спектар претставува инструмент за поединечно освестување или потврдување на поистоветувањето со определена теорија, идеологија или став, и аналогно на тоа, со определен вид на држава.

Политичките спектри како концептуални модели се релевантни во процесите за следење на капацитетот за промена, затоа што со помош на истите може да се испита и врами идеолошката свест кај поединците, непосредно поврзана со капацитетот за промена.

### 176. Хоризонтална оска (лево-десно)

Најпознат политички спектар е оној кој ги дели теориите, идеологиите и ставовите на леви, центристички и десни. Тоа е таканаречениот *левица-десница* политички спектар[1167]. Овој спектар е во голема мера застапен во различни истражувања, застапувања и идентификувања. Неговото потекло датира од Француската револиција од 1789, кога членовите на Народното собрание биле поделени на две доминантни групи, и тоа првата составена од подржувачи на монархот, системот и постоечката констелација на моќ во општеството, а втората претставена од приврзаниците на револуцијата, прогресот и радикална промена на општественото *статус кво*.[1168]

---

[1166] Allen Gindler - The Theory of the Political Spectrum (2020, *Journal of Libertarian Studies, Vol.24, No.2*)
[1167] Crispin Sartwell - The Left-Right Political Spectrum Is Bogus (2014, theatlantic.com)
[1168] Madeleine Carlisle - The Surprising Origins of 'Left' and 'Right' in Politics (2019, time.com)

Првата група, или оние *конзервативните* (претставници на аристократијата), седеле десно од претседателот на собранието, додека пак оние *прогресивните* (претставници на третиот сталеж - народот), седеле лево од претседателот, со што јасно се издвоиле и ги изразиле своите фундаментално различни ставови и идеологии. Секако, помеѓу нив, во центарот постоела и трета политичка групација, но таа помала, и составена од оние *умерените*. Во француското собрание е лоцирано раѓањето на најпознатиот политички спектар, и од тука, па се до денес *левите* се поистоветуваат со *прогрес*, *радикализам, револуција, социјални слободи* додека пак десните со *традиција*, *реформа*, *градуализам, авторитет* и сл. Во денешницата, најчесто левицата се поистоветува со социјализам, интернационализам, економски етатизам и сл., додека пак десницата со капитализам, национализам, економски *laissez-faire*, традиционални авторитети и сл. Предмет на лево-десните поистоветувања најчесто се субјекти како: активисти, политички партии, конкретни влади, теоретичари или научници, различни организации, движења, поединци и др. Графички се прикажува на хоризонтална оска.

Но, од друга страна, политичкиот спектар лево-десно не е доследно релевантен[1169] во современите политички текови. Истиот може да се карактеризира како државо-центричен, затоа што не нуди место, или точно лоцирање на определени теории, идеологии и ставови, кои се скептични кон политичките власти и државните органи. Оската *лево-десно* е популаризирана од страна на левите политички провиниенции, во потрага по истакнување на нивната посебност и гаење на револт кон општествената стварност. Социјалистите, комунистите и левичарите, јасно и гласно се поистоветуваат со левата оска, додека пак десничарите, не толку радо.

Од тука произлегува прашањето дали постојат други политички спектари, односно оски, кои ги вклучуваат и овие државо-скептични перспективи врз теориите, идеологиите и ставовите на субјектите.

[1169] Nick Kastelein - The other right: what’s wrong with the Political Compass (2018, spectator.com.au)




**Слика 25**: Графички приказ на оска лево-десно[1170]

### 177. Вертикална оска (горе-долу)

Освен оската лево-десно, постои политички спектар кој е поставен горе-долу, и користи различни показатели за да ги систематизира, класифицира и спореди политичките теории, идеологии и ставови. Оваа оска, за разлика од лево-десно, е протажирана помеѓу слободарските кругови, баш поради фактот што истата е основана врз показателот на човекова слобода, како и улогата на државата во општеството. Горе на оската се лоцирани теории, идеологии и ставови кои се анархистички, или анти-етатистички, додека пак долу се лоцирани оние кои се тотални/тоталитарни и подразбираат семоќна тотална/тоталитарна држава. Според оваа оска, во фокусот на внимание е улогата на државата, за разлика од лево-десно оската, чиј фокус е насочен од вредносната рамка и различното оправдување на политичкото владеење. Субјекти носители на теориите, идеологиите и ставовите, кај оваа оска, како и кај претходната можат да бидат активисти, политички партии, конкретни влади, теоретичари или научници, различни организации, движења, поединци и др.

Субјекти со потенцијал да бидат лоцирани во долниот дел од оската, се оние чии политички теории, идеологии и ставови подразбираат поголема слобода за поединецот и доброволни општествени односи, слободен пазар и слободно општество, а истите можат да се идентификуваат како либерални, либертаријански, анти-државни, федерални и сл. Во

[1170] The Left VS Right Political Spectrum (miro.medium.com)

средниот дел на оската, се истакнуваат оние идентификувани како социјал-либерални, социјал-демократи и сл., додека во горниот дел се социјалистичките, националистичките, фашистичките, авторитарните, тоталитарните и сл. Графички се покажува на вертикална оска.

Но секако, и оваа оска, иако можеби порелевантна од лево-десно оската, има определени слабости, кои се поврзани со тоа што идеологиите, теориите и ставовите тешко се изразуваат низ еднострани дуалитети, затоа што истите се комплексни, а и доста флуидни. Затоа има потреба од надминување на едно-димензионалниот начин на изразување на политичките теории, идеологии и ставови, се со цел да се земат во предвид повеќе показатели, но во исто време, едноставноста на нивниот приказ треба да биде императив.




**Слика 26**: Графички приказ на оска горе-долу[1171]

[1171] Up & Down spectrum (bulbajer.files.wordpress.com)

## 178. Ноланов спектар (горе-долу, лево-десно)

Со цел поопширно опфаќање на различните показатели, од каде потекнуваат разликите и антагонизмите помеѓу политичките теории, идеологии и ставови, изготвен е спектар кој ги опфаќа двете оски, и хоризонталната лево-десно, но и вертикалната горе-долу. Еден од првите креатори на овој посложен политички спектар е ***Дејвид Нолан*** (David Nolan, 1943 – 2010). Во 1969 година, во негова чест, спектарот е именуван како *Ноланов спектар* (*Nolan Chart*[1172]). Нолановиот спектар се состои од две оски, хоризонтална и вертикална, и двете се темелат на поединечна слобода, но во различна смисла. Хоризонталната (лево-десно) оска се темели на економска слобода (*economic freedom*), додека пак вертикалната (горе-долу) на лична слобода (*personal freedom*).

На графичкиот приказ на Нолановиот спектар, се појавуваат пет правоаголници, а секој посочува на определено *идеолошко поле*. Најгоре на вертикалната и на средина на хоризонталната оска стои *либертаријанското поле* (правоаголник), кое се одликува со највисок степен на двата показатели, лична и економска слобода. Најдолу на вертикалната оска и на средина на хоризонталната стои *авторитарното поле*, кое се одликува со најнизок степен на двата показатели, лична и економска слобода. Лево на хоризонталната и на средина на верикалната стои *либералното поле*, кое е претставено од повисок степен на лични слободи, а понизок на економски. Десно на хоризонталната и на средина на вертикалната, стои *конзервативното поле*, кое е претставено од повисок степен на економски слободи, а понизок на лични.

Петтото идеолошко поле е претставено од *политичкиот центар*, и тоа е позиционирано на средина на двете оски, и се одликува со умерени лични и економски слободи.

Секако, потребно е да се има во предвид дека Нолановиот спектар е креиран за американската политичка сцена, во која да се биде либерал означува да се биде левичар, односно *велферист*. Друга забелешка, е тоа што овој спектар не ги аспектира теориите, идеологиите и ставовите на социјализам, комунизам и лев колективистички анархизам, кои се дефинитивно по-лево од американскиот либерализам.

---

1172 The Nolan Chart (bubbleenterprises.co.uk)




**Слика 27**: Графички приказ на Ноланов спектар[1173]

Покрај традиционалните политички спектари се појавуваат и други, помалку конвенционални, но кои осветлуваат дополнителни моменти, пропуштени кај традиционалните. Најпознат од тие концептуални модели на политички спектар претставува таканаречениот *политички триаголник*. Како и дводимензионалниот спектар горе-долу, така и овој спектар содржи повеќе показатели според кои се систематизираат, класифицираат и споредуваат политичките теории, идеологии и ставови. Дотолку повеќе, не постои само еден модел на политички триаголник, туку постојат повеќе, кои дополнително ќе бидат разгледани.

[1173] The Nolan Chart (quora.com)

## 179. Политички триаголник на слобода, традиција и револуција

Овој политички спектар на триаголник[1174], е базиран на три одредници, како што се *слобода*, *традиција* и *револуција*. Истиот опфаќа три базични теории и тоа *либерализам*, *традиционализам* и *радикализам*. Дополнително, од него се провлекуваат и седум идеологии, и тоа оние на *либертаријанизам*, *прогресивизам*, *анархизам*, *комунизам*, *реакционизам*, *конзервативизам* и *центризам*. Сочинет е од три основни политички оски, и тоа она оска помеѓу либерализмот и радикализмот, помеѓу радикализамот и реакционизмот и онаа помеѓу реакционизмот и либерализмот. На оската помеѓу либерализмот и радикализмот, поблиску до либерализмот се наоѓа прогресивизмот, а поблиску до радикализмот се наоѓа анархизмот. Дополнително, на оската помеѓу радикализмот и традиционализмот, поблиску до радикализмот се наоѓа комунизмот, а поблиску до традиционализмот се наоѓа реакционерството. Крајно, на оската помеѓу традиционализмот и либерализмот, поблиску до традиционализмот се наоѓа конзервативизмот, а поблиску до либерализмот е либертаријанизмот.

Слаба страна на овој политички триаголник е што основните показатели се поставени премногу општо, а со самото тоа и идеологиите кои се позиционирани врз нивна основа се до некој степен паушално одредени.

[1174] The political spectrum triangle (2021, metaphysics1981.medium.com)




**Слика 28**: Графички приказ на политички триаголник на слобода, традиција и револуција[1175]

## 180. Нелсианов политички триаголник

Нелсиановиот политички триаголник (*Nelsyan Political Triangle*[1176]) претставува политички спектар на идеологии кој е позициониран врз основа два показатели, и тоа *индивидуализам* (-колективизам) и *морал* (апсолутен-субјективен). Апсолутен морал се однесува на ист стандард за секој во секоја ситуација, додека пак субјективен морал означува идеи кои немаат вредност во определени ситуации. Неговиот графички приказ претставува правоаголен триаголник, во кој на вертикалната оска е поставен показателот на *индивидуализам* (*колективизам*) од горе надолу, додека пак на хоризонталната е поставен показателот на *морал*, апсолутен кон субјективен, од десно кон лево. На приказот се забележуваат 5 идеолошки полиња, започнувајќи од долу нагоре, со *тоталитаризам*, *социјализам*, *модеризам*, *минархизам* и *анархизам*. Анархизмот, како последно триаголно поле на врвот од вертикалната оска, се одликува со највисок степен на индивидуализам и апсолутен морал. Од друга страна, тоталитаризмот, е лоциран најдолу и се одликува со

[1175] IBID
[1176] Нелсиановиот политички триаголник (2022, libertania.org)

највисок степен на колективизам и субјективен морал. Во тоталитаризмот, од левата страна, со субјективен морал, се наведени идеите на комунизмот и фашизмот, додека па на десната страна, најдолу е лоцирана идеата на *теократија*, со апсолутен морал.

Овој политички триаголник е доста интересен, баш поради уникатните показатели, врз кои се базираните теориите, идеологиите и ставовите, во неговите рамки. Како слаба страна на овој спектар може да се наведе отсуството на државата во показателите, одредена од својата големина, улога, став и сл.




**Слика 29**: Графички приказ на Нелсиановиот политички триаголник[1177]

## 181. Политички триаголник на слобода, еднаквост и братство

Овој специфичен политички спектар во форма на триаголник се базира на три показатели[1178], и тоа на *слобода*, *еднаквост* и *братство*, како сет од вредности произлезени од Француската револуција. Дополнително, во рамките на триаголникот, слободата е дефинирана како можноста на поединецот да делува според својата волја, слободен од мешање на другите. Еднаквоста е одредена како третман на двајца или повеќе луѓе еднакво, во поглед на достоинство, права, статус и/или богатство. Додека братство

[1177] Nelsyan Political Triangle (imgur.com)
[1178] Political Triangle (deviantart.com)

претставува обединувачка сила која им овозможува на повеќе поединци да формираат мрежа на врски, во форма на труст, лојалност, братство, фамилија, религија, нација и морал, се со цел да служат на заедничко добро, на сметка на поединечното.

Графички прикажан, спектарот е триаголник, а во секоја точка е лоцирана една од вредностите. Помеѓу слободата и еднаквоста се лоцирани теориите, идеологиите и ставовите на *либертаријанизмот*, *либерализмот*, *прогресивизмот*, *демократскиот социјализам* и *социјализмот*. Помеѓу еднаквоста и братството се наоѓаат *социјализамот*, *комунизмот*, *тоталитаризмот*, *фашизмот* и *национализмот*. Додека помеѓу братството и слободата се позиционирани *национализмот*, *реакционерството*, *конзервативизмот*, *laissez-faire капитализмот* и *либертаријанизмот*. На средина се наоѓа *популизмот*, како идеа која може да користи примеси претходно наведените идеи.

За овој политички спектар може да се заклучи дека многу добро ги класифицира, систематизира и споредува идеите, врз основа на дадените показатели.




**Слика 30**: Графички приказ на Политички триаголник на слобода, еднаквост и братство[1179]

[1179] IBID

## 182. Шест триаголници

Претставува политички спектар, произлезен од политички квиз[1180], кој користи шест триаголници да таргетира шест области, во кои се врши класифицирањето, систематизирањето и споредбата, врз основа на три показатели во секоја област. Првиот триаголник е *економија*, вториот е *лична слобода*, третиот *култура*, четвртиот *еднаквост*, петтиот *влада* и шестиот *надворешна политика*. Триаголникот економија е основан врз три показатели, како *контрола*, *регулација* и *пазари*. Триаголникот на лична слобода е основан врз *слобода*, *безбедност* и *вистина*. Триаголникот *култура* е основан врз *традиција*, *прогрес* и *слобода*. Триаголникот еднаквост е основан врз *можност*, *резултат* и *товар*. Триаголникот влада е основа врз *демократија*, *авторитет* и *минархија*. И за крај, триаголникот надворешна политика е основан врз *империјализам*, *изолационизам* и *глобализам*.




**Слика 31**: Графички приказ на шесте триаголници[1181]

[1180] Six Triangles (sixtriangles.github.io)
[1181] IBID

## 183. Румелов политички триаголник

Овој политички спектар е концептуален модел на ***Рудолф Румел*** (Rudolph Joseph Rummel, 1932 – 2014). Румел беше политиколог, академски фокусиран на колективното насилство или војните во 20-тот век. Во својата *Understanding Conflict and War* (1976) го поставува својот политички триаголник[1182], како метод да ги класифицира, систематизира и спореди политичките системи. Спектарот го гради врз основа на три показатели, како што се *слобода*, *принуда* и *авторитет*, од каде се провлекуваат идеите на *либертаријанизмот*, *тоталитаризмот* и *авторитаризмот*. Графички поставен изгледа како исправен триаголник, во горната точка се наоѓа *слободата*, долу и лево во точката се наоѓа *принудата*, а долу и десно се наоѓа *авторитетот*. Внатрешноста на триаголникот е поделена на три дела, и тоа делот најгоре (до слободата) е претставен од либертаријанизмот, делот долу лево, претставен е од тоталитаризмот или комунизмот, а делот долу десно, од авторитаризмот или режими на династија. Околу точките на показателите, во форма на концентрични кругови се појавуваат три вида на општество, односно *општество на размена*, околу слободата; *тоталитарно* или *принудно општество*, околу принудата и *династичко* или *авторитативно општество*, околу авторитетот.

Она што е карактеристично за овој политички спектар, односно политички триаголник е тоа што истиот е наменет за лоцирање на државите, односно политичките системи, низ кои се операционализираат државите. Следствено, на врвот на триаголникот е анархија, односно бездржавие, додека на останатите точки се позиционирани концептуални модели на држави и тоа *тоталитарна држава* и *авторитативна држава* или *апсолутистичка монархија*. Во средината на оската *анархија-тотална држава* е лоцирана државата на благосостојба, и поблиску до тотална држава е лоцирана и *демократската социјалистичка држава*. Поблиску до анархија, до оската *анархија - авторитарна држава* е лоцирана минималната или класично-либералната држава, додека на средината на оваа оска е лоцирана *конзервативната држава*. *Фашистичката држава* е позиционирана на средина на оската *тотална-авторитарна држава*.

[1182] Rudolph Rummel - The State and Political System (1976, *Understanding Conflict and War, Vol. 2: The Conflict Helix*, hawaii.edu)

За овој спектар може да се заклучи дека е еден од подобрите спектри, кој ја исполнува целта на политичките спектари, а тоа е да ги класифицира, систематизира и спореди различните политички теории, идеологии и ставови, и во конкретниот случај, и концептуалните видови на држави, резултат на претходните поставки.




**Слика 32**: Графички приказ на Румелов политички триаголник[1183]

[1183] Rummel's Triangle (hawaii.edu)

## ГЛАВА 24:
## ИДЕОЛОШКИ СПЕКТАР

Идеолошко каро (*ideological carreau*), или каро на идеолошка (пот)свест претставува идеолошко-политички спектар, втемелен врз политички квиз, изграден со цел да ја претстави идеолошката (пот)свест на поединците, сумирана во јавното мислење (за определено прашање од доменот на идеите или идеологијата).




**Слика 33:** Графички приказ на идеолошко каро со концептуални видови на идеологии

Во рамките на овој текст, идеолошката (пот)свест е одредена, како разбирањето, мислењето и ставовите на испитаниците за ***улогата на државата во општеството***. Улогата на државата во едно општество секогаш се поврзува со нејзиниот *активен дел*, односно став кој го има кон поединците и нивните делувања во општеството, и нејзиниот *пасивен дел*, односно големината, претставена преку повеќе показатели. Во фокусот на овој спектар се функциите на држава, кои произлегуваат од нејзината улога, односно од нејзиното активно и пасивно предметно толкување.




**Слика 34:** Графички приказ на идеолошко каро со концептуални видови на држави




**Слика 35:** Графички приказ на идеолошко каро со концептуални видови на држави




**Слика 36:** Графички приказ на идеолошко каро со идеолошки тенденции

Карото претставува истражувачки метод за собирање и анализа на податоци за идеолошката (пот)свест на испитаниците, со посебен осврт на прашањето за улогата на државата во општеството.

Со постигнување на репрезентативен број на испитаници, карото може да се користи за создавање и одржување на база на податоци од испитаниците, од која дополнително се може да се изгради *Овертонов прозорец за улогата на државата во македонското општеството*. Изработениот прозорец претставува манифестација на *јавното мислење* за прашањето на улогата на државата, конкретно во македонското општеството.

## 184. Идеологии и концептуални видови на држави во карото

Во однос на државите или алтернативата на држава (анархија), во карото се појавуваат повеќе концептуални видови на држава, кои одговараат на определен вид на идеологија. Сите видови на држава и идеологии, се непосредно поврзани со *улогата на државата во општеството*.

Секако, потребно е да се напомени, дека овие видови на држави и идеологии се теоретски поставени. Поставеноста на државите зависи од нивната големина, нивниот став, или издвоените 8 функции, кои државата, потенцијално ги изразува врз поединците, нивните делувања и општествените односи кои ги воспоставуваат.

Некои од нив - екстремите, речиси никогаш не биле актуелизирани во општествената реалноста, додека пак останатите биле или се претставени во истата. Сепак, во рамките на овој текст, фокусот е ставен врз во перцепцијата на испитаниците за тоа *која треба да биде* улогата на државата во општеството.

***а.) Анархизам и бездржавие***

Анархизмот е идеологија која теоретски ја обработува и се заложува за идеата на бездржавно општество. Истиот е широка идеолошка традиција, но во рамките на овој квиз, сфатен е како анархо-капитализам, пазарен и/или индивидуалистички анархизам. Анархизмот е идеа која припаѓа во традицијата на слободарството. Како дејци со големо значење за овој вид на анархизам може да се издвојат: Гистав де Молинари, Лисандер Спунер, Пјер Жозеф Прудон, Мареј Ротбард, Дејвид Фридман, Ханс Херман Хопе и други.

Бездржавие е општество во кое не постои држава и останати јавни власти, а функциите кои истите ги исполнуваат, во алтернативното бездржавно општество би биле исполнети од различни приватни, профитни и непрофитни субјекти на пазарот. Секако, и во бездржавие има потреба за определен поредок, но истиот не би бил диктиран од еден политички центар, туку од голем број на приватни, профитни и непрофитни субјекти.

***б.) Волунтаризам и ултра-минимална држава***

Волунтаризмот претставува идеолошко толкување, во склоп на слободарската традиција, која ја нагласува нелигитимноста и моралната неоправданост на државата, но

потенцира на неминовниот исход од нејзиното постоење. Истиот претставува своевиден компромис помеѓу анархизамот и минархистичкиот либертаријанизам. Волунтаризмот е идеа која припаѓа во идеолошката традиција на слободарството. Тесно е поврзан со делото и теоретизирањата на Роберт Нозик и Џејмс Бјукенен, но и посредно поврзан со толкувањето на *радикалниот капитализам*, на Ејн Ренд, и нејзината перспектива за идеална држава.

Ултра-минималната држава претставува најмалиот концептуален вид на држава. Во својата најширока форма, истата може да се појави како држава ноќен-чувар, или држава со единствена улога - заштитата на човекот, неговиот живот, слобода и сопственост. Но исто така, оваа улога не е финално зададена, туку постои простор за дополнително намалување на истата, како на пример, приватна полиција, или приватни судови, во услови на постоење на ултра-минимална држава. И во случајот на објективизмот, кој проектира држава ноќен-чувар, но која функционира врз основа на доброволни даноци, истата може да се толкува како ултра-минимална.

***в.) Либертаријанизам и држава ноќен-чувар***

Либертаријанизмот претставува идеологија која ја нагласува моралноста и ефикасноста на слободниот пазар во процесите на задоволување на поединечните потреби и решавањето на општествените проблеми. Во минархистичка смисла, посочува на потребата од строго ограничен вид на држава (ноќен-чувар), како правно-политички минимум и гаранција за физичкиот интегритет и делувањата на поединците. Либертаријанизмот е идеа која припаѓа во идеолошката традиција на слободарството. Како еден од главните апологети на либертаријанизмот, во оваа смисла, може да се напомене Лудвиг вон Мисес, и неговите увиди за идеалната улога на државата во општеството.

Држава ноќен-чувар претставува најзастапениот вид кај слободарите. Таа е уставно ограничена, државната власт е поделена, а во своја надлежност ја има само заштитата на поединците, нивните животи, слободи и сопственост, односно држава со полиција, војска и судови. Останатите функции, се обезбедени од страна приватни, профитни и непрофитни субјекти, кои функционираат во пазарни услови.

***г.) Класичен либерализам и минимална држава***

Класичен либерализам претставува идеологија, која својот израз го добива во 19-ти и 20-ти век, и потенцира на слободата како основен принцип во политичкото организирање на општеството. Истиот проектира минимална улога на државата, поделба на моќта во рамките на државната власт, и капитализам, како последица на економската слобода на човекот. Левото толкување на класичниот либерализам, популарно е наречено *блидинг харт либертаријанизам*, а покрај заштитничката улога на државата, и дава минимални ингеренции во остварувањето на социјална правда. Помеѓу класичните либерали кои се залагале за ваков тип на држава се и Фридрих вон Аугуст Хаек и Милтон Фридман. Од друга страна, десното толкување на класичниот либерализам може да се нарече *конзервативен либертаријанизам*. Класичниот либерализам е идеа која припаѓа во идеолошката традиција на слободарството.

Минималната држава е уставно ограничена, државната власт е поделена, а во својата најтесна форма претставува држава-ноќен чувар, чија основна задача е заштита на поединците, нивните животи, слободи и сопственост, или држава со полиција, војска и судови. Но со проширена надлежност, остава простор и за малку поголема улога на држава во општеството. Левата манифестација на минималната држава, може да се нарече *социјална минимална држава*, додека десната како *козервативна минимална*. Левата покрај основната улога на ноќен чувар, има и дополнителни надлежности како што се вршење на минимални социјални трансфери, обезбедување на минимум образование, лекување, организирање на патна инфраструктура, додека пак десната во обезбедување на минимален морален код и ред, поттикнување на национално единство, и сл.

***д.) Модерен либерализам и либерална држава***

Либерализмот, како што е денес сфатен, претставува идеологија со фокус на човековата слобода и благосостојба. Истиот ја проектира либералната држава. Левата варијанта на либерализмот, може да се нарече *социјален либерализам*, а како нејзин главен пропонент може да се наведе Џон Ролс и неговата теорија на (социјална) правда. Десната варијанта, може да се нарече *национален либерализам*, со нагласени надлежности во одржувањето на национално единство. Либерализамот е идеа која припаѓа во идеолошката традиција на слободарството.

Либералната држава, или либералната демократија претставува концепт на држава, во која државната власт е уставно ограничена, поделена, а човековата слобода загарантирана. Овој концепт на држава, има своја манифестација во земјите од западна Европа, Канада, САД, Јапонија, Австралија итн. И покрај тоа што либералната држава е ограничена, има тенденција да ги остварува сите функции на државата, како што се духовно-идентитетска, безбедносно-правосудна, воспитувачко-етичка, економско-финансиска, социјално здравствена, образовно-културна и еколошка функција. Секако, овие функции кои државата ги изразува се ограничени со основните либерални постулати. Левиот вид е претставен од *социјалната либерална држава*, додека пак десниот, од *националната либерална држава*. Левиот вид има нагласени леви функции, како што се економско-финансиска, социјално-здравствена, образовно-културна и еколошка функција, додека пак десниот има нагласени духовно-идентитетска, безбедносно-правосудна и воспитувачко-етичка функција.

***ѓ.) Етатизам и модерна држава***

Етатизам претставува идеологија, која ја поставува модерната држава во центарот на општествените процеси. Левата манифестација на етатизмот се нарекува *велферизам*, додека пак десната, *национализам*.

Модерната држава претставува форма во која се појавува државата, кон крајот на 18-ти и 19-ти век. Истата има тенденција да воспостави централизирана контрола врз определена територија, и тоа на рационален и организиран начин, со помош на *бирократија* и останатите нејзини органи или тела. Концептот на модерна држава, ги изразува сите функции во однос на човековите делувања и општеството. Доколку левите функции (економско-финансиска, социјално здравствена, образовно-културна и еколошка функција) се поизразени, станува збор за *социјална* или *држава на благосостојба*. Од друга страна, доколку десните (духовно-идентитетска, безбедносно-правосудна и воспитувачко-етичка функција) се поизразени, станува збор за *национална* или *нација-држава*. Како школски пример за држава на благостостојба, своевремено може да биде наведена *Бизмаркова Германија*, а како нација-држава, *Наполеонова Франција*.

***е.) Авторитаризам и авторитарна држава (автократија)***

Авторитаризмот претставува идеолошка подлога со која се оправдува и обезбедува владеење со помош на насилство, и непосредно наметнување на ред од страна на политичките власти, под закана од употреба на сила. Може да се појави во две доминантни идеолошки форми, и тоа како лев авторитаризам - *социјализам* и десен - *фашизам*.

Автократијата претставува вид на држава во која најголемиот дел од политичката моќ е сконцентрирана во еден поединец (или мала група на луѓе), власта не е предмет на контрола и ограничување, а во поголем број на случаи има остварено значителна контрола над општествените процеси. Авторитарните држави, претставуваат правило низ човековата историја, а автократите биле најчести владетели. Модерните автократски држави, генерално може да се манифестираат како *лева авторитарна* или *социјалистичка држава* и *десна авторитарна* или *фашистичка држава*. Разликата помеѓу овие два вида на автократии најчесто се однесува на наративите за оправдување на владеењето на автократите. Кај левите, постојат левичарски, односно класни реторики, додека кај десните, десничарски или национална или козервативна реторика.

***ж.) Тоталитаризам и тоталитарна држава***

Тоталитаризмот вклучува *изми* како *нацизам*, *комунизам* и слично. Нивен заеднички содржател е оправдувањето на употреба на насилството во општеството, остварување на тоталитарната контрола, и сеопфатна регулација на општествните процеси.

Тоталитарната држава претставува концептуален вид на држава, која што доминатно се потпира врз употребата на насилство, односот стравот од употреба на насилство, се вклучува во силна контрола врз човековите животи и делувања, и има тенденција (скоро) целосно да го регулира општествениот живот, не оставајќи простор за приватна иницијатава. Во политичката реалност, овој вид на држава, ја добива својата манифестација, своевремено во Нацистичка Германија и Советска Русија. Денес, постои барем една тоталитарна држава, а истата може да се поистовети со Северна Кореја, во која политичките елити владеат арбитрерно, поседуваат огромна политичка моќ, наспротив моќта која ја поседуваат поединците. Концептуалните видови на лева и десна тоталитарна држава, се всушност многу слични, а она во кое што најмногу се разликуваат е реториката на политичките елити за оправдувањето на своето владеење. Истата може да биде цврсто

националистичка, расистичка и шовинистичка, а може и да користи комунистичка реторика, повикувајќи на сеопшта револуција и на диктатура на пролетаријатот.

### *з.) Тотална држава и тотализам*

Тотализмот може да се определи како најекстремна идеологија од спектарот, а во политичката реалност би можела да се поистовети со национал-болшевизмот, како и други потенцијални идеологии, кои комбинираат најекстремни поставки од левицата и десницата. Национал-болшевизмот, како што и самото име кажува, претставува амалгам на болшвизам и екстремен национализам и расизам. Од политичката реалност, може да се наведат неколку режими кои се стремеле да ја постигнат оваа тотална држава, а најблиску до неа стигнале советска Русија и нацистичка Германија.

Тоталната држава е долниот концепутален екстрем, во кој може да се појави државата, сфатена во најширока смисла. Тотална држава би била онаа држава, која што изразува најтирански став кон поединците кои живеат на нејзина територија, насилството и стравот од насилство се клучни и застапени скоро во сите аспекти од општествените односи, а нејзината надлежност ги опфаќа сите сфери на човеково делување или општествено живеење, па дури и оние најприватните. Постоењето на ваква држава во општествената реалност, би претставувало вистинска дистопија, односно владеење на терор, а поединците во такви услови би биле недвосмислено робови. Доколку тоталитарната држава изразува волја за контрола на скоро сите сфери од приватното живеење, тоталната, под претпоставка има тенденции да контролира како поединците мислат, чувствуваат и се изразуваат. Дополнително, тоталната власт ги обезбедува сите сервиси во општеството, а има длабоки ингеренции и во приватните животи на поединците. Извонреден пример за тотална држава дава Орвел во дистописката *1984*-та, Хаксли во својата *Прекрасен нов свет* и Ренд, во *Химна*.

### *ѕ.) Матернализам и држава-мајка*

*Матернализмот*, претставува идеолошка подлога за оправдување и анализа на концептуалниот вид на *држава-мајка*, а во себе ги вклучува следниве идеи и/или идеологии: блидинг харт либертаријанизам, социјален либерализам, велферизам, лев авторитаризам и лев тоталитаризам. Истиот концепт на држава се однесува на оние

држави кои со своите мешања, пред се во економијата, но и општеството во целина, играат улога на родител - *мајка*, односно се грижат за своите граѓани, преку најразличните социјални трансфери и прераспределби, преку организирање на образовниот и здравствениот систем, како и стимулирање и субвенционирање на културни дејности. Аналогно, овој вид на држава може симболички да се поистовети со улогата на *мајка*, затоа што неговата грижа е *поблага*. Екстремниот вид е претставен од левата тоталитарна држава, лоцирана најдолу на вертикална оска.

***и.) Патернализам и држава-татко***

Патернализмот, како идеолошка тенdeднција, во себе ги вклучува идеите или идеологиите на конзервативен либерализам, национален либерализам, национализам, десен авторитаризам и десен тоталитаризам. Оваа тенденција е промотор на *државата-татко*. Држава-татко, претставува концептуален вид на држава, кој ги опфаќа следните видови на држави: конзервативна минимална, национална либерална, национална, фашистичка и нацистичка држава. Држава-татко се однесува на оние држави кои со своите мешања во општеството во целина ја играат улогата на татко, односно ги поттикнуваат граѓаните да се идентификуваат со заедништвото, ја воспеваат улогата на заедницата (државата, нацијата и фамилијата), а од друга страна покажуваат помала *непосредна грижа за истите*, што не е случај со државата-мајка. Аналогно, овој вид на држава може симболички да се поистовети со улогата на *татко*, затоа што неговата грижа е *посурова*, од граѓаните (*децата*) се очекува некаква жртва за заедницата/фамилијата. И тука, екстремниот вид е претставен од десната тоталитарна држава, лоцирана најдолу на вертикална оска.

***ј.) Слободарски триаголник и слободарство***

Слободарскиот триаголник претставува концептуален модел кој е основан врз идеолошката тенденција на слободарството, и тоа сфатен во негова најширока смисла. Во себе ги опфаќа идеите или идеологиите на анархизам, либертаријанизам, класичен либерализам и модерен либерализам. За истиот е карактеристично дека во аксиолошкиот фокус е поединецот и неговата слобода, наспроти политичките власти. Во него се содржани концептуалните видови на држави: (бездржавие), ултра-минимална држава,

социјална и конзервативна минимална држава, како и социјална и национална либерална држава.

***к.) Врховистички триаголник и врховизам***

Врховистичкиот триаголник претставува концептуален модел кој е основан врз идеолошката тенденција на врховизмот, и тоа сфатен во негова најширока смисла. Во себе ги опфаќа идеите или идеологиите на национал-болшевизмот, тоталитаризмот, авторитаризмот и етатизмот. За истиот е карактеристично дека во аксиолошкиот фокус е државата, општественото добро (нацијата, класата, народот) и слични колективни вредност. Во него се содржани концептуалните видови на држави: тотална држава, лева и десна тоталитарна држава, лева и десна авторитарна држава, како и нацијата и државата на благосостојба.




**Слика 37:** Детален графички приказ на идеолошкото каро

| | ***Точка/Фигура*** | ***Идеологија*** | ***Држава*** |
|---|---|---|---|
| 1 | A | Анархизам | Анархија, бездржавие |
| 2 | ABN | Волунтаризам | Ултра-минимална држава |
| 3 | NBCM | Либертаријанизам | Држава ноќен-чувар |
| 4 | MCDK | Класичен либерализам | Минимална држава |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5 | MA2A3K | Блидинг харт либертаријанизам | Социјална-минимална држава |
| 6 | A2CDA3 | Конзервативен либертаријанизам | Конзервативна-минимална држава |
| 7 | KDRL | Современ либерализам | Либерална држава |
| 8 | KA3OL | Социјален либерализам | Социјална-либерална држава |
| 9 | A3DRO | Национален либерализам | Национална-либерална држава |
| 10 | LREJ | Етатизам | Модерна држава |
| 11 | LOT3J | Велферизам | Социјална држава |
| 12 | ORET3 | Национализам | Национална/нација држава |
| 13 | JEFI | Авторитаризам | Авторитарна држава |
| 14 | JT3T2I | Социјализам | Социјалистичка држава |
| 15 | T3EFT2 | Фашизам | Фашистичка држава |
| 16 | IFGH | Тоталитаризам | Тоталитарна држава |
| 17 | IT2T1H | Комунизам | Комунистичка држава |
| 18 | T2FGT1 | Нацизам | Нацистичка држава |
| 19 | HGT | Тотализам | Тотална држава |
| 20 | LAR | Слободарство | Слободарски триаголник |
| 21 | LRT | Врховизам | Врховистички триаголник |
| 22 | ATL | Матернализам | Држава мајка |
| 23 | ART | Патернализам | Држава татко |

**Табела 4:** Битни точки и полиња во идеолошко каро и нивното кореспондирање со идеологии видовите на држави




**Слика 38:** Детален графички приказ на идеолошкото каро

# ГЛАВА 25:
# ТВРДЕЊА НА ИДЕОЛОШКО КАРО

## 185. Методологија

Истражувањето на јавното мислење, односно процесот на развивање на Идеолошко каро и Овертонов прозорец за улогата на државата и идеолошките преференци на испитаниците, започнува со изработка на анкетни тврдења, кои испитаниците треба да ги оценат од 1 до 5, каде што:

- 1 е *воопшто не се согласувам со тврдењето*,
- 2 е *делумно не се согласувам со тврдењето*,
- 3 е *неутрален сум кон тврдењето*,
- 4 е *делумно се согласувам со тврдењето*,
- 5 е *апсолутно се согласувам со тврдењето*.

Сите тврдења се поврзани со ставови за различните улоги на државата во општеството, соодветствуваат со определени функции на државата, и аналогно на тоа имаат левичарски или десничарски карактер. Собраните податоци може да се искористат за изработка на повеќе посебни обласни *прозорци*, кои се сумираат во еден општ Овертонов прозорец на улогата на државата.

Од друга страна испитаниците, со завршувањето на оценувањето, секој поединечно, ќе добие посебна позиција во карото, односно спектарот, која би требало да е израз на неговата или нејзината генерална перцепција за улогата на државата во општеството, кој конкретен вид на држава го подржуваат и аналогно на тоа, која е нивната политичко-идеолошка провиниенција.

## 186. Личен прашалник

1. **Возраст:**
    - До 17 години,
    - 18-35 години,
    - 36-55 години,
    - Над 55 години.
2. **Пол:**

- Машки,
- Женски,
- Друго.

3. **Завршено образование:**
    - Средно образование,
    - Високо образование,
    - Магистерски студии,
    - Докторски студии,
    - Друго.
4. **Работа:**
    - Јавна администрација
    - Политичка управа,
    - Образование,
    - Бизнис сектор,
    - Правосудство,
    - Култура,
    - Медиуми,
    - Здравство,
    - Финансии,
    - Угостителство,
    - Студент,
    - Невработен,
    - Пензионер
    - Друго.
5. **Плата**:
    - Примам плата (пензија) од буџет на РСМ
    - Не примам плата од буџет на РСМ
6. **Етничка припадност**:
    - Македонска,
    - Албанска,
    - Турска,

- Ромска,
- Влашка,
- Друго.

7. **Место на живеење**:
    - Урбана средина,
    - Рурална средина.

Во однос на категориите, од особено значење за ова истражување се испитаниците со возраст 18-35 години, степенот на завршено образование, со фокус на високо образование, магистерски и докторски студии, како и категоријата на студенти. Дополнително битни за се и вработените во секторите на образование, култура и медиуми. Битните точки се провлекуваат од Хаековата (хипо)теза дека *интелектуалците имаат тенденција да влијаат и да го моделираат јавното мислење*, и на тој начин да поттикнат процеси за општествена промена.

**187. Анкетен прашалник**

Анкетниот прашалник, врз кој е основано идеолошкото каро, односно политичкиот квиз е составен од 28 тврдења, во непосредна или посредна врска со идеологиите низ призмата на улогата на државата. Испитаникот треба да ги оцени со 1 до 5. Оцената 1 се селектира, доколку испитаникот воопшто не се согласува со тврдењето, додека пак оцената 5, доколку испитаникот потполно се согласува со тврдењето. Во таа насока се и останатите оцени, како 2, 3 и 4.

Врз основа на природата на државното мешање во животите на граѓаните и нивните делувања, може да се издвојат две димензии на улогата на државата во општеството, и тоа *лева* и *десна*.

Државно мешање од десна димензија може да се прикажи преку неколку функции на државата, и тоа *Духовно-идентитетската*, *Безбедносно-правосудната* и *Воспитувачко-етичката функција*. Левата димензија е претставена од *Економско-финансиска*, *Социјално-здравствена*, *Образовно-културна* и *Еколошка функција*.

Тврдењата се групирани според функциите на државата. Погоре, во овој текст е даден и дополнителен осврт на мешањето на државата во човековите животи и општествените односи, претставени преку наведените основни функции кои таа ги извршува во општеството.

Сите 28 тврдења и нивните оцени, аспектираат определено мешање, кое графички може да се изрази на вертикалната оска горе-долу, а во однос на конкретното тврдење, тој изразен *етатизам*, може да има лева или десна димензија, дополнително изразена на хоризонталната оска лево-десно.

Доколку етатизмот е изразен во однос на *Духовно-идентитетската*, *Безбедносно-правосудната* и *Воспитувачко-етичката функција*, истиот има десен карактер, односно е лоциран долу и десно, а доколку истиот е изразен во однос на *Економско-финансиска*, *Социјално-здравствена*, *Образовно-културна* и *Еколошка функција*, лоциран е долу и лево.

Исто така, тврдењата може да се поделат во две групи, и тоа *про-слободарски* тврдења и *про-врховистички* тврдења. Согласувањето со про-слободарските тврдења и несогласувањето со про-врховистичките имаат тенденција да го лоцираат испитаникот горе на вертикалната оска, како и обратно. Од друга страна, про-левите оцени имаат нагласен етатизам во прашањата од левата група на функции, додека пак про-десните, во десната.

**188. Тврдења, оцени и координати на идеолошкото каро**

***а.) <u>Духовно-идентитетска функција</u>***

1. ДРЖАВАТА е израз на нашиот идентитет.
2. Рамнодушен сум кон ЗНАМЕТО и химната
3. Во секој момент, подготвен сум да го дадам ЖИВОТОТ за мојата татковина.
4. БЕЗДРЖАВИЕ - општество во кое не постои држава е возможно, и би било по-праведно и подобро!
5. Државата пред сè!

***б.) <u>Безбедносно-правосудна функција</u>***

6. Повеќе полиција, помалку ПРАВДА
7. Војската мора да биде ЗАДОЛЖИТЕЛНА!
8. Националната БЕЗБЕДНОСТ е секогаш пред правата на луѓето.
9. Доколку судовите би биле ПРИВАТНИ корупцијата би била помала.
10. ГРАНИЦИТЕ мора да се укинат!
11. Поддржувам СМРТНА КАЗНА.

***в.) <u>Воспитувачко-етичка функција</u>***

12. Порно филмовите треба ТОТАЛНО да се забранат.
13. Проституцијата треба да биде потполно легална професија.
14. Сите ДРОГИ треба да бидат декриминализирани.

***г.) <u>Економско-финансиска функција</u>***

15. Потребна е НАЦИОНАЛИЗАЦИЈА на приватниот бизнис за подобра економија.
16. ДРЖАВНИТЕ претпријатија мора да бидат носител на економијата во државата.
17. Слободниот ПАЗАР не е идеален, но нема подобра алтернатива.
18. Даноците се КРАЖБА, а политичарите банда.

***д.) <u>Социјално-здравствена функција</u>***

19. Секој има загарантирано право на ЛЕБ!
20. ЈАВНАТА ВЛАСТ најдобро го организира и раководи здравстениот систем.
21. Да добивам бруто плата и САМ да одлучам дали ќе плаќам придонеси.
22. СЛОБОДА пред еднаквост.

***ѓ.) <u>Образовно-културна функција</u>***

23. Државата треба да ги воспитува и образува ДЕЦАТА, уште од најмала возраст.
24. ЈАВНОТО образование е подобро од приватното.
25. Ни основното образование не смее да биде задолжително, а камоли средното.
26. Културните институции не треба да бидат на буџетски ТОВАР.

*е.)* ***Еколошка функција***

27. Потребни се најостри санкции за загадувачите на ЖИВОТНАТА СРЕДИНА.

28. Потребни се фри-маркет или ПАЗАРНИ решенија за еколошките проблеми.

**189. Пресметка на позиција во карото**

Позицијата на секој испитаник на карото е одредена од $x$ на хоризонталната и $y$ на вертикалната оска. Позицијата на $x$ е одредена од сумата на вредностите на секој поединечен одговор, кој се однесува на позицијата $x$, поделено со бројот на тврдењата, а во случајот 28. Исто така се определува и позицијата на $y$, сума од сите поединечни вредности, поделено со бројот на тврдењата.

$$X=\frac{x1+x2+x3+\ldots+x28}{28} \qquad Y=\frac{y1+y2+y3+\ldots+y28}{28}$$



**Слика 39:** Графички приказ на идеолошкото каро

**190. Про-слободарски и про-врховистички тврдења**

Сите тврдења од идеолошкото каро имаат про-слободарски или про-врховистички карактер. Про-слободарските тврдења се оние кои се изразени во слободарска насока,

додека пак про-врховистички се оние во врховистичка. Карото е составено од 14 про-слободарски и 14 про-врховистички тврдења.

На пример тврдењето „подржувам смрттна казна“ е про-врховистичко, затоа што смртната казна е карактеристична за врховистичките идеологии (етатизам, авторитаризам, тоталитаризам и тотализам), односно држави. Но, и обратно, тврдењето „да добивам бруто плата и сам да одлучам дали ќе плаќам придонеси“ е про-слободарско, затоа што јавна политика на дозволување на работниците сами да одлучат дали ќе плаќаат придонеси, има слободарски карактер (или идеите и идеологиите на модерен либерализам, класичен либерализам, либертаријанизам, волунтаризам и анархизам).

Од тука, како про-слободарски тврдења се издвојуваат: „Рамнодушен сум кон ЗНАМЕТО и химната“, „БЕЗДРЖАВИЕ - општество во кое не постои држава е возможно, и би било по-праведно и подобро!“, „Повеќе полиција, помалку ПРАВДА!“, „Доколку судовите би биле ПРИВАТНИ корупцијата би била помала“, „ГРАНИЦИТЕ мора да се укинат!“, „Проституцијата треба да биде потполно легална професија“, „Сите ДРОГИ треба да бидат декриминализирани“, „Слободниот ПАЗАР не е идеален, но нема подобра алтернатива“, „Даноците се КРАЖБА, а политичарите банда“, „Да добивам бруто плата и САМ да одлучам дали ќе плаќам придонеси“, „СЛОБОДА пред еднаквост“, „Ни основното образование не смее да биде задолжително, а камоли средното“, Културните институции не треба да бидат на буџетски ТОВАР“, и „Потребни се фри-маркет или ПАЗАРНИ решенија за еколошките проблеми“.

Додека пак, како про-врховистички тврдења се издвојуваат: „ДРЖАВАТА е израз на нашиот идентитет“, „Во секој момент, подготвен сум да го дадам ЖИВОТОТ за мојата татковина“, „Државата пред сè!“, „Војската мора да биде ЗАДОЛЖИТЕЛНА!“, „Националната БЕЗБЕДНОСТ е секогаш пред правата на луѓето“, „Поддржувам СМРТНА КАЗНА“, „Порно филмовите треба ТОТАЛНО да се забранат“, Потребна е НАЦИОНАЛИЗАЦИЈА на приватниот бизнис за подобра економија“, „ДРЖАВНИТЕ претпријатија мора да бидат носител на економијата во државата“, „Секој има загарантирано право на ЛЕБ!“, „ЈАВНАТА ВЛАСТ најдобро го организира и раководи здравствениот систем“, „Државата треба да ги воспитува и образува ДЕЦАТА, уште од најмала возраст“, „ЈАВНОТО образование е подобро од приватното“ и „Потребни се најостри санкции за загадувачите на ЖИВОТНАТА СРЕДИНА“.

**191. Про-леви и про-десни тврдења**

Сите тврдења од идеолошкото каро имаат про-лев или про-десен карактер. Про-леви тврдења се оние кои се изразени во левичарска насока, односно поблиску до идеолошката тенденција на *матернализам* и *држава-мајка*, додека пак про-десните се оние изразени во десничарска насока, или поблиску до идеолошката тенденција на *патернализмот* и *државата-татко*. Карото е составено од 14 про-леви и 14 про-десни тврдења. Про-левите тврдења се групирани во *економско - финансиската*, *социјално - здравствената*, *образовно-културната* и *еколошката функција* на државата во општеството. Про-десните тврдења се групирани во *духовно - идентитетската*, *безбедносно - правосудната* и *воспитаувачко - етичката функција* на државата во општеството.

На пример тврдењето „јавната власт најдобро го организира и раководи здравстениот систем“ е про-левичарско, затоа што за државите-мајки и матернализмот е карактеристична грижата за здравствената благосостојба на граѓаните. Од друга страна, тврдењето „државата е израз на нашиот идентитет“ е про-десничарско, поради фактот што силната идентификација со државата е израз на патернализам и државата-татко, како концептуален вид на држава.

Како про-левичарски тврдења се издвојуваат 14 тврдења: „потребна е НАЦИОНАЛИЗАЦИЈА на приватниот бизнис за подобра економија“, „ДРЖАВНИТЕ претпријатија мора да бидат носител на економијата во државата“, слободниот ПАЗАР не е идеален, но нема подобра алтернатива“, „даноците се КРАЖБА, а политичарите банда“, „секој има загарантирано право на ЛЕБ!“, „ЈАВНАТА ВЛАСТ најдобро го организира и раководи здравстениот систем“, „да добивам бруто плата и САМ да одлучам дали ќе плаќам придонеси“, „СЛОБОДА пред еднаквост“, „државата треба да ги воспитува и образува ДЕЦАТА, уште од најмала возраст“, „ЈАВНОТО образование е подобро од приватното“, „ни основното образование не смее да биде задолжително, а камоли средното“, „културните институции не треба да бидат на буџетски ТОВАР“, „потребни се најостри санкции за загадувачите на ЖИВОТНАТА СРЕДИНА“ и „потребни се фри-маркет или ПАЗАРНИ решенија за еколошките проблеми“.

Како про-десничарки тврдења се издвојуваат, исто така 14 тврдења: „ДРЖАВАТА е израз на нашиот идентитет“, „рамнодушен сум кон ЗНАМЕТО и химната“, „во секој момент, подготвен сум да го дадам ЖИВОТОТ за мојата татковина“, „БЕЗДРЖАВИЕ - општество во кое не постои држава е возможно, и би било по-праведно и подобро!“, „државата пред сè!“, „повеќе полиција, помалку ПРАВДА!“, „војската мора да биде ЗАДОЛЖИТЕЛНА!“, „националната БЕЗБЕДНОСТ е секогаш пред правата на луѓето“, „доколку судовите би биле ПРИВАТНИ корупцијата би била помала“, „ГРАНИЦИТЕ мора да се укинат!“, „Поддржувам СМРТНА КАЗНА“, „порно филмовите треба ТОТАЛНО да се забранат“, „проституцијата треба да биде потполно легална професија“ и „сите ДРОГИ треба да бидат декриминализирани“.

Секако, кога се зборува за *левата* и *десната димензија*, како на држава, така и на идеологијата, потребно е да се напомене, дека низ слободарската перспектива, истите не се толку релевантни, како што е димензијата на *горе-долу*. Оваа димензија, ја означува улогата на државата, првенствено изразена низ нејзината активна страна (или нејзиниот став кон поединците и неговите делувања) и низ нејзината пасивна страна (или нејзината големина, споредена со онаа на општеството).

## ГЛАВА 26:
## ПОЗИЦИОНИРАЊЕ НА ИДЕОЛОШКО КАРО

### 192. Горен екстрем - анархизам и бездржавие

Со цел да се добие позиција на горен екстрем, потребно е одговорите на тврдењата да бидат следниве: 1/1, 2/5, 3/1, 4/5, 5/1, 6/5, 7/1, 8/1, 9/5, 10/5, 11/1, 12/1, 13/5, 14/5, 15/ 1, 16/1, 17/5, 18/5, 19/1, 20/1, 21/5, 22/5, 23/1, 24/1, 25/5, 26/5, 27/1, 28/5.

$$\boldsymbol{X} = \frac{0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0}{28}$$

$$\boldsymbol{Y} = \frac{2+2+2+2+2+2+2+2+2+2+2+2+2+2+2+2+2+2+2+2+2+2+2+2+2+2+2+2}{28}$$

*X = 0, Y = 2*




**Слика 40:** Графички приказ на горен екстрем на идеолошкото каро

**193. Долен екстрем - тотализам и тотална држава**

Со цел да се добие позиција на долен екстрем, потребно е одговорите на тврдењата да бидат следниве: 1/5, 2/1, 3/5, 4/1, 5/5, 6/1, 7/5, 8/5, 9/1, 10/1, 11/5, 12/5, 13/1, 14/1, 15/5, 16/5, 17/1, 18/1, 19/5, 20/5, 21/1, 22/1, 23/5, 24/5, 25/1, 26/1, 27/5, 28/1.

$$\boldsymbol{X}=\frac{0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0}{28}$$

$$\boldsymbol{Y}=\frac{-2-2-2-2-2-2-2-2-2-2-2-2-2-2-2-2-2-2-2-2-2-2-2-2-2-2-2-2}{28}$$

*X = 0, Y = -2*




**Слика 41:** Графички приказ на долен екстрем на идеолошкото каро

### 194. Лев екстрем

Со цел да се добие позиција на лев екстрем, потребно е одговорите на тврдењата да бидат следниве: 1/1, 2/5, 3/1, 4/5, 5/1, 6/5, 7/1, 8/1, 9/5, 10/5, 11/1, 12/1, 13/5, 14/5, 15/5, 16/5, 17/1, 18/1, 19/5, 20/5, 21/1, 22/1, 23/5, 24/5, 25/1, 26/1, 27/5, 28/1.

$$\boldsymbol{X}=\frac{0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0-2-2-2-2-2-2-2-2-2-2-2-2-2-2}{28}$$

$$\boldsymbol{Y}=\frac{2+2+2+2+2+2+2+2+2+2+2+2+2+2-2-2-2-2-2-2-2-2-2-2-2-2-2-2}{28}$$

*X = -1, Y = 0*




**Слика 42:** Графички приказ на лев екстрем на идеолошкото каро

### 195. Десен екстрем

Со цел да се добие позиција на десен екстрем, потребно е одговорите на тврдењата да бидат следниве: 1/5, 2/1, 3/5, 4/1, 5/5, 6/1, 7/5, 8/5, 9/1, 10/1, 11/5, 12/5, 13/1, 14/1, 15/1, 16/1, 17/5, 18/5, 19/1, 20/1, 21/5, 22/5, 23/1, 24/1, 25/5, 26/5, 27/1, 28/5.

$$\boldsymbol{X}=\frac{2+2+2+2+2+2+2+2+2+2+2+2+2-2+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0}{28}$$

$$\boldsymbol{Y}=\frac{-2-2-2-2-2-2-2-2-2-2-2-2-2-2+2+2+2+2+2+2+2+2+2+2+2+2+2+2}{28}$$

*X = 1, Y = 0*



**Слика 43:** Графички приказ на десен екстрем на идеолошкото каро

**196. Централна позиција**

Со цел да се добие централна позиција, потребно е одговорите на тврдењата да бидат следниве: 1/3, 2/3, 3/3, 4/3, 5/3, 6/3, 7/3, 8/3, 9/3, 10/3, 11/3, 12/3, 13/3, 14/3, 15/3, 16/3, 17/3, 18/3, 19/3, 20/3, 21/3, 22/3, 23/3, 24/3, 25/3, 26/3, 27/3, 28/3.

$$X=\frac{1+1+1+1+1+1+1+1+1+1+1+1+1+1-1-1-1-1-1-1-1-1-1-1-1-1-1-1}{28}$$

$$Y=\frac{0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0+0}{28}$$

*X = 0, Y = 0*



**Слика 44:** Графички приказ на централна позиција на идеолошкото каро

**197. Позиција на анонимент испитаник**

Во прилог е позиционирање на анонимен испитаник, врз основа на неговите одговори на тврдењата: 1/3, 2/3, 3/2, 4/1, 5/3, 6/3, 7/4, 8/4, 9/1, 10/2, 11/1, 12/3, 13/3, 14/4, 15/4, 16/5, 17/1, 18/1, 19/5, 20/5, 21/2, 22/1, 23/5, 24/5, 25/1, 26/1, 27/3, 28/1.

$$\boldsymbol{X}=\frac{1+1+0.5++2+1+1++1.5+1.5++2+1.5+0+1+1+0.5}{28}$$

$$\boldsymbol{Y}=\frac{0+0+1-2+0+0-1-1-2-1+2+0+0+1-1-2-2-2-2-2-1-2-2-2-2-2+0-2}{28}$$

*X = -0.375, Y = -0.96*



**Слика 45:** Графички приказ на централна позиција на идеолошкото каро

## ГЛАВА 26:
## ПРОЗОРЦИ ЗА ЈАВНИ МИСЛЕЊА

### 198. Прозорец на можности

Изразот прозорец на можности означува краток и минлив период, за време на кој може да се преземат посакувани делувања.[1184] Со затворањето на прозорецот, се затвораат и можностите кој истиот ги носи, поради кои се нарекува прозорец на можности. Ваквата одреденост на прозорецот, е од економска и бизнис природа, и најчесто се однесува на делувања во бизнис секторот.

Прозорецот на можности, предмет на овој текст не е поврзан со бизнис можности, туку со можности за општествена промена. Истиот е нужно се надоврзува на јавното мислење врз определена тематика, прашања и слично. Главната (хипо)теза на *прозорецот на (политички) можности* се надоврзува на економската призма на перцепција на поимот, т.е. краток период, кој е поволен за преземање на акција, со цел остварување на општествена промена. Аналогно на тоа, општествената промена во дел е одредена од јавното мислење и доминантните идеи за тематиката во која настанува.

### 199. Овертонов прозорец на политички можности

Овертоновиот прозорец (на политички можности) претставува концептуален модел кој има улога во процесите на разбирање и претставување како идеите кои се популарни се менуваат со текот на времето и како истите изразуваат влијание врз политичките елити и јавните политики во демократско општество.[1185] Истото практично означува, како доминантните идеи во општеството, во определен временски рок, имаат недвосмислено влијание врз политичките елити, јавните политики, па и самиот политички систем во една земја. Името на моделот доаѓа од самиот негов творец ***Џозеф П. Овертон*** (Joseph P. Overton, 1960 – 2003)[1186], кој беше поранешен заменик претседател на *Мекинак центарот за јавни политики* (*Mackinac Center for Public Policy*[1187]) од Мичиген, САД.

[1184] What Is a Window of Opportunity? (investopedia.com)
[1185] A Brief Explanation of the Overton Window (mackinac.org)
[1186] Joseph P. Overton (mackinac.org)
[1187] Mackinac Center for Public Policy (mackinac.org)

Суштината на концептот е дека политичарите се ограничени кој сет на идеи ќе го подржат во процесот на нивно актуелизирање во форма на јавни политики. Општо гледано, политичарите, скоро секогаш подржуваат идеи кои се повеќе или помаллку популарни помеѓу јавното мислење и спроведуваат политики кои се прифатливи во општеството како легитимни. За овие идеи и од нив инспираните политики, може да се заклучи дека се наоѓаат внатре во рамките на Овертоновиот прозорец. Покрај популарните, постојат и други идеи и манифестации на јавни политики, кои се надвор од прозорецот, но со нивна актуелизација, политичарите ризикуваат да ја загубат популарноста, изборите, а со тоа и позицијата на власт.

Јавното мислење за определени идеи, дефинитивно го одредува изборот на политичарите за јавни политики, како и подлабоката конфигурација на општествено - политичките односи. Оваа детерминираност и меѓузависност помеѓу идеите и политиките е претставена со концептуалниот модел на Овертонов прозорец (на политички можности).

**200. Восприемање на идеи и јавни политики**

Секоја идеа и јавна политика, која произлегува од истата, актуелизирана, може и најчесто е предмет на јавното мислење. Јавно мислење, може да го одредиме како она мислење кое е застапено кај мнозинството на граѓани, или кај оние најактивните во општеството. Јавното мислење за определена идеа или политика, може да варира, од незамисливо, па се до популарно. Широкиот спектар на восприемање на јавните политики може да биде следниот:

1. Незамисливо,
2. Радикално,
3. Чувствително,
4. Прифатливо,
5. Популарно,
6. Политика.

Овертоновиот прозорец, графички претставен на политички спектар (и идеолошко каро), во себе опфаќа идеи и политики кои се прифатливи и популарни, додека пак оние кои се радикални и незамисливи се надвор од него. Прозорецот на политички можности се затвора кај чувствителните идеи и аналогно, помали се шансите за нивна актуелизација во јавни политики.

Секој обид на политичарите да воспостават јавни политики надвор од прозорецот, односно политики врз основа на идеи кои се радикални и незамисливи, претставува огромен ризик за губење на подршката од страна на гласачите, а со тоа и напуштање на политичката власт. Од друга страна, со адаптирањето на јавни политики врз основа на идеи кои се наоѓаат внатре во прозорецот, политичарите ја зацврстуваат својата положба на власт.

Прозорецот е концепт кој потекнува, а воедно е и популарен кај слободарите, кои го ползуваат со цел увид во тоа колку едно општество е зрело за (по)слободни јавни полики, како и тоа во која област треба да ја зајакнат својата дејност. Истото е со цел поттикнување на идеолошка промена, или поместување на прозорецот, а следствено и општествена промена, односно актуелизирање на по-слободарски јавни политики.

Но секако, дека свеста и знаењето на поединците за идеите, како и нивната потенцијална подршка за истите, не е секогаш од пресудно значење. Огромна улога игра и преовладувачкиот *менталитет* во едно општество. Ако истиот е колективистички, опортунистички, комформистички, или *злоупотребувачки*, нормално е дека и политичарите ќе изразуваат јавни политики кои го зајакнуваат присуството и мешањето на државата во општествениот и економскиот живот, но и обратно; доколку доминантен менталитет во општеството е претприемачкиот, оној на искреност, слободољубивост, одговорност, креативност и трудољубивост, слободарските политики имаат голема шанса да бидат втемелени во политичкиот систем, во вид на јавни политики.

Аналогно на тоа, шириокиот прозорец на јавно мислење (за улогата на државата во општеството и идеолошките преференци) може да се подели на:

- ***Овертонов прозорец*** на јавното мислење за улогата на државата и идеолошките преференци (ги опфаќа идеите кои се популарни во јавното мислење),
- ***Чувствителни прозорци*** (2) на јавното мислење за улогата на државата и идеолошките преференци (ги опфаќа идеите кои се чувствителни и до некој степен прифатливи во јавното мислење),
- ***Незамисливи прозорци*** (2) на јавното мислење за улогата на државата и идеолошките преференци (ги опфаќа идеите кои се незамисливи и радикални во јавното мислење).




**Слика 46:** Графички приказ на градирање на јавно мислење во однос на конкретни идеи




**Слика 47:** Графички приказ на прозорци на јавно мислење

**201. Спектар на јавните политики**

Прозорецот, со својот графички приказ, е наменет за примена врз конкретни јавни политики во определени области. Школски пример за јавна политики, со прикачен прозорец, се оние на *зелените политики* - јавните политики поврзани со (кривично) правниот статус на канабисот. Со цел изготвување на Овертонов и останати прозорци на зелени политики, потребно е да се прикажат варијациите на истите политики, започнувајќи со најрестриктивни, завршувајќи со најслободен режим, односно отсуство на казнени политики и регулации. Спектарот на зелени политики може да биде следниот:

1. Слободно производство, продажба и користење на сите дроги за возрасни.
2. “Тешките” дроги се легални, но со рецепт од лекар.
3. Некои дроги (канабисот) се легални, некои не се.
4. Легален канабис за одгледување и продавање со дозвола од власта.
5. Легален канабис за купување, но не и за продавање.
6. Легален канабис за медицински цели, но со рецепт од лекар.
7. Илегален канабис, но со блага казенена политика.
8. Илегален канабис, со цврста казнена политика.
9. Задолжително тестирање за користење на дрога на сите граѓани.
10. Сурови казни за користење на дрога.
11. Смртна казна за користење, поседување и продавање на дрога.

Овертоновиот прозорец, како концепт, и дотолку повеќе како механизам, покажува кои од овие политики се, или би биле популарни. Чувствителните прозорци би покажале кои се прифатливи и чувствителни, додека пак незамисливите прозорци, би покажале кои се радикални и незамисливи. Од изготввуање на прозорците, би произлегла потребата и конкретната област на потенцијално политичко деување во истата. Доколку во Овертоновиот прозорец влегуваат точките 5, 6 и 7, се очекува и политичките елити да го следат истиот, односно да изразуваат јавни политики како и точките.

Од тука потекнува големиот интерес на слободарите, како теоретичарите, така и активистите за овој концепт, затоа што преку истиот можат потенцијално да го следат и на определен начин, да го измерат своето влијание во општеството, но и капацитетот за промена во политиките. ***Првичната улога*** на слободарите е да го *поместуваат* истиот кон *горе*, односно кон послободарски политики, со тоа што ќе предизвикаат идеолошка промена и ќе го менуваат јавното мислење за истото да предизвика општествена промена. ***Второстепена улога*** е да промовираат јавни политики за идеи кои се веќе во Овертоновиот прозорец.




**Слика 48:** Графички приказ на прозорци на јавно мислење за *зелени политики*

## 202. Субјекти на прозорецот

Факторите кои играат улога во процесите на поместувањето на прозорецот може да бидат од човечка и од технолошка природа.

Најпрво, со поместувачи од технолошка природа се поистоветуваат сите техничко-технолошки и дитигални алатки кои придонесуваат за овозожување и зголемување на комуникација и интеракција помеѓу поединците, а со тоа и поголема транспарентност во меѓучовечките односи. Не е случајна изреката дека технологијата, како алатка, а најголемиот сојузник на слободата.[1188]

Дополнително се поставува прашањето кои се субјектите кои го навигираат поместувањето на прозорецот или поттикнуваат идеолошка промена. Субјектите претставуваат фактори од човечка природа.

Технологијата има мало значење сама по себе, без факторите кои се од човечка природа[1189], односно слободарите кои активно непосредно или посредно работаат на преместување на прозорецот во насока кон горе. Мареј Ротбард и Фридрих Хаек зборувале, пишувале и агитирале за *интелектуални центри*[1190] или *кадри* (*cadre*)[1191], кои најпрво ќе изучуваат потенцијално општество поставено врз овие принципи, ќе ги анализираат оправдувањата позади истото, ќе ги промовираат принципите, и секако ќе одржуваат заедница на исто или слично мисленици.[1192]

Во денешни услови, како фактори од човечка природа, или субјекти на идеолошка промена би биле образовните институции, активистички организации, аналитички центри, различни заедници, активни поединци, медиуми и сл, кои ги проучуваат, дискутираат, предивикуваат, промовираат и ги држат во етерот слободата и за неа врзаните поставки, во организирана или спонтана форма.

---

[1188] Како примери на оваа изрека може да се наведат револуцијата во дигиталните медиуми и зајакнување на слободата на изразување, можноста за комуникација помеѓу луѓето од различни делови на светот, без потреба од посредник или трето лице, откритието и можностите на дигиталните валути, со кои може да се заобиколат институциите кои имаат увид во финансиите на поединците, како и голем број на други примери. Повеќе: Vagisha Arora - How Can Technology Increase People's Freedom? (2021, planetcrust.com)

[1189] Milton Mueler - Toward a Libertarian Theory of Revolution (1978, libertarianism.org)

[1190] Murray N. Rothbard - Strategies for a Libertarian Victory (2010, mises.org)

[1191] Murray N. Rothbard - Strategies for a Libertarian Victory (2010, mises.org)

[1192] Friedrich A. Hayek - The Intellectuals and Socialism (1949, mises.org)

**203. Методологија за мерење на прозорците**

Едно од најбитните прашања во однос на концептот на Овертонов прозорец и аналогно прозорците на јавно мислење е тоа, дали е возможно истите емпириски да се постават, односно да се измери капацитетот на промени во едно општество. Поедноставено, истиот треба да даде одговор на прашањето, какви јавни политики, политички систем, а со тоа и каква улога на државата, би подржувала јавноста.

Овертоновиот прозорец претставува теоретски или концептуален модел за следење на доминантните идеи во едно општество, а со тоа и капацитетот за општествена промена. Но сепак, засега, не постојат методологии, кои научно го врамуваат тој капацитет за промена, преку показатели на истиот.

Испитување на јавното мислење, или барем мислењето на оние кои се најгласни и општествено најактивни, на некој начин би го изразил Овертоновиот прозорец, а следствено и чувствителните и незамисливите. Затоа, истиот е создаден за конкретни политики, односно испитување на јавното мислење на конкретни политики, за и резултатите да бидат конкретни.

Со цел негово методолошко и научно исцртување, едноставно би можело да се изработи анкетен прашалник, кој би требало да биде масовно одговорен од поединци засегнати од конкретните политики. Врз основа на одговотите, може да се исцрта прозорецот и да се видат кои идеи и/или политики се популарни и прифатливи, а кои чувствителни, радикални и незамисливи. Заклучоците за јавните политики, би следувале по испитување на популарноста на конкретните идеи.

Од друга страна, исто така може да се испитува и *медиумскиот дискурс* за конкретно прашање, односно каков е ставот на медиумите и гласноговорниците за прашањето, поради фактот што јавното мислење, во голема мера ги обликува, но исто така е обликувано од страна на медиумите.

## ГЛАВА 28:
## ОВЕРТОНОВ ПРОЗОРЕЦ ЗА УЛОГАТА НА ДРЖАВАТА ВО ОПШТЕСТВОТО

За да се пристапи кон изработка на *Прозорци на јавно мислење на улогата на државата во (македонското) општество*, потребно е да се соберат податоци од репрезентативен број на испитаници, со помош на нивна оцена на тврдењата на идеолошкото каро. Податоците од испитаниците се однесуваат на конкретната поединечна позиција во карото, која произлегува од просекот на секое поединечно оценување на прашалникот. Овертоновиот прозорец се развива со централна точка во позицијата, која произлегува од просекот на сите поединечни локации во карото.

Прозорците би претставувале рефлексија на јавното мислење, и тоа во однос на прашањето за улогата на државата, аспектирано низ идеолошка призма. Едноставно, истите треба да покаже каков концептуален вид на држава, поголемиот број од граѓаните, свесно или несвесно посакуваат, за каков се двоимат, а каков им е незамислив.

| ***Спектар на идеологии*** | ***Спектар на држави*** | ***Спектар на јавно мислење*** |
|---|---|---|
| Анархизам | Бездржавие | Незамисливо |
| Волунтаризам | Ултра-минимална држава | Радикално |
| Либертаријанизам | Државаноќен-чувар | Чувствително |
| Класичен либерализам | Минимална држава | Прифатливо |
| Современ либерализам | Либерална држава | Популарно |
| Етатизам | Модерна држава | Политика |
| Авторитаризам | Авторитарна држава | Популарно |
| Тоталитаризам | Тоталитарна држава | Прифатливо |
| Тотализам | Тотална држава | Чувствително |
| | | Радикално |
| | | Незамисливо |

**Табела 5:** Табеларен приказ на спектар на идеологии, држави и јавно мислење

**204. Позиционирање на прозорците за јавно мислење за улогата на државата и идеолошките преференци**

Големиот прозорец на јавни мислење, наједноставно може да се подели на 3, односно 5 делови, полиња, или прозорци, и тоа, она што е во центарот - *популарни идеи*, над и под нив - *чувствителни (и прифатливи) идеи* и екстремите - *незамисливи (и радикални) идеи*. Секое поле, односно поединечен прозорец, зазема 0.8 единици, вертикално на спектарот.

Аналогно на тоа, големиот или општиот прозорец, се дели на:

- ***Овертонов прозорец*** на јавното мислење за улогата на државата и идеолошките преференци (ги опфаќа идеите кои се популарни во јавното мислење),
- ***Чувствителни прозорци*** (2) на јавното мислење за улогата на државата и идеолошките преференци (ги опфаќа идеите кои се чувствителни и до некој степен прифатливи во јавното мислење),
- ***Незамисливи прозорци*** (2) на јавното мислење за улогата на државата и идеолошките преференци (ги опфаќа идеите кои се незамисливи и радикални во јавното мислење).

Пресметката и позиционирањето на *големиот прозорец* се врши по претходно постигнување на репрезентативен примерок на испитаници на идеолошкото каро. Централната точка во *прозорецот* (Z) е позиционирана во просекот од сите поединечни позиции на испитаниците, со посебен фокус врз положбата на *y* (вертикалната) оска. Хоризонталната позиција на испитаниците не игра улога во поставувањето на прозорецот, и затоа хоризонталната вредност на прозорецот е 0. Така, точката Z претставува просек од сите *y* точки на поединечните испитаници.

$$Z = \frac{Y1 + Y2 + Y3 + \ldots + Yn}{n}$$




**Слика 49:** Графички приказ на големиот прозорец на јавно мислење, составен од 5 поединечни прозорци




**Слика 50:** Графички приказ на идеолошко каро




**Слика 51:** Графички приказ на големиот прозорец на јавно мислење, прилагоден врз идеолошко каро (со централна позиција *Z* во точката со *У* вредност 0)




**Слика 52:** Пример 1 графички приказ на идеолошко каро со позиција *У* = -0,2 се изградени прозорците на јавно мислење, врз основа на таа позиција




**Слика 53:** Пример 2 графички приказ на идеолошко каро со позиција *У* = 0,2 и изградени прозорците на јавно мислење, врз основа на таа позиција




**Слика 54:** Пример 3 графички приказ на идеолошко каро со позиција *У* = 1,2 и изградени прозорците на јавно мислење, врз основа на таа позиција

Покрај крајните прозорци на јавно мислење, кој во овој случај се однесуваат на улогата на државата во општеството и идеолошките преференци, врз основа на личните податоци на испитаниците, како и оцените на определени тврдења, можат да се изработат и дополнителни анализи, заклучоци и коментари.

Во таа смисла, може да се испитаат просеците за секој пол, старосна група, работа, плата етничката припадност, како и за секое тврдење поединечно, за тврдењата од лева, десна, про-слободарска и про-врховистичка провиниенција. Истите може да бидат предмет на меѓусебна споредба, но и коментари и препораки.

# Д Е Л 5:

# А Н А Л И З А Н А
# И Д Е О Л О Ш К О К А Р О И П Р О З О Р Ц И Н А
# Ј А В Н О М И С Л Е Њ Е

**205. Вовед во анализа**

Идеолошко каро претставува онлајн политички или идеолошки квиз, изработен на 1-ви август 2023 година, а пуштено во медиумски етер на 19-ти август, 2023 година. Целта на карото е да ги увиди и графички да ги претстави идеолошките преференци на испитаниците, аспектирани низ улогата на државата во општеството.

Врз основа на одговорите на испитаниците, се врши анализа според нивната групираност во категории и категориски групи, оценувањата за секое тврдење посебно, просечна позиција на секоја функција, како и градење на прозорци на јавно мислење, врз основа на просечната позиција од сите испитаници.

Анализата на идеолошкото каро и прозорците на јавно мислење се одвива во 5 фази.

*Првата фаза* се однесува на анализа на секоја категорија одделно, во поглед на просечна локација на карото, како и застапеност на категиријата во вкупниот број на испитаници (изразено низ проценти). *Втората фаза* е онаа во која се анализира секое тврдење посебно, односно просечната позиција од сите одговори. Истата е изразена само на *y* оската, затоа што функците даваат лева или десна димензија во карото. *Трета фаза* е онаа во која се анализираат функциите, секоја посебно, преку лоцирање на просечната позиција од сите одговори. Исто така, и оваа позиција е изразена само на *y* оската, поради истата причина како и тврдењата. *Четвртата фаза* е онаа во која се споредуваат позициите од категориите, категориските групи, поединечните тврдења како и функциите. *Петтата фаза*, односно *последната фаза* е онаа во која се изработува просечна позиција на идеолошкото каро за сите испитаници, односно општо каро, заедно со прозорците на јавното мислење за улогата на државата и идеолошките преференци на испитаниците, со посебен осврт на Овертоновиот прозорец.

## ГЛАВА 29:
## АНАЛИЗА НА КАТЕГОРИИ ВО ИДЕОЛОШКОТО КАРО

Анкетниот прашалник изготвен со цел изработка и различни позиционирања во рамките на идеолошкото каро, се состои од ***7 категории***, во поглед на личните податоци на испитаниците, и тоа: возраст, пол, образование, работа, извор на плата, етничка заедница и место на живеење.

Секоја категорија, се состои од различен број на категориски групи, кои испитаниците ги избираат.

Во категоријата ***возраст***, испитаниците може да изберат една од ***4 категориски групи***, и тоа: возраст до 17 години, возраст од 18 до 35 години, возраст од 36 до 55 годни, возраст над 55 години.

Во категоријата ***пол***, испитаниците може да изберат една од ***3 категориски групи***, и тоа: машки пол, женски пол и друго.

Во категоријата ***завршено образование***, испитаниците може да изберат една од ***5 категориски групи***, и тоа: средно образование, високо образование, магистерски студии, докторски студии и друго.

Во категоријата ***работа***, испитаниците може да изберат една од ***14 категориски групи***, и тоа: јавна администрација, политичка управа, образование, бизнис сектор, правосудство, култура, медиуми, здравство, финансии, угостителство, студент, невработен, пензионер, друго.

Во категоријата ***плата***, испитаниците може да изберат една од ***2 категориски групи***, и тоа: примам плата од буџет на РСМ и не примам плата од буџет на РСМ.

Во категоријата ***етничка припадност***, испитаниците може да изберат една од ***6 категориски групи***, и тоа: македонска етничка заедница, албанска етничка заедница, турска етничка заедница, ромска етничка заедница, влашка етничка заедница и друга етничка заедница.

Во категоријата ***место на живеење***, испитаниците може да изберат една од ***2 категориски групи***, и тоа: урбана средина и рурална средина.

На анкетниот прашалник, одговориа вкупно 300 испитаници. Нивната структура е следнава.

**206. Категорија возраст**

Во идеолошкото каро, испитаниците може да изберат 4 категории на возраст, и тоа до 17 години, од 18 до 35 години, од 36 до 55 години и над 55 години. Од вкупен број на 300 испитаници, 0 се на возраст до 17 години, најголемиот дел се на возраст помеѓу 18 и 35 години (212 испитаници, или 70.66% од вкупниот број на испитаници), 61 испитаник (или 20.33% од вкупниот број на испитаници) се на возраст од 36 до 55 години и 27 испитаници (или 9 од вкупниот број на испитаници).

| **АНАЛИЗА НА КАТЕГОРИЈА ВОЗРАСТ ВО ИДЕОЛОШКОТО КАРО** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Категорија** | **Категориска група** | **Број на испитаници** | **Процент од вкупниот број** | **Локација на *x* оската** | **Локација на *y* оската** | **Идеолошко поле** | **Поле на држава** |
| **Возраст** | до 17 години | 0 | 0 | 0 | 0 | / | / |
| | од 18 до 35 години | 212 | 70.66666667 | 0.0181 | 0.1526 | Национален либерализам | Национална либерална држава |
| | од 36 до 55 годни | 61 | 20.33333333 | -0.0207 | 0.1984 | Социјален либерализам | Социјална либерална држава |
| | над 55 години | 27 | 9 | 0.0297 | -0.0727 | Национализам | Национална (нација) држава |

**Табела 6**: Анализа на категорија *возраст*




**Пита 1**: Процентуална застапеност во категорија *возраст*

***а.) Испитаници помеѓу 18 и 35 години***

Просекот од мнозинската категорија на испитаници (18-35 години) се наоѓа во точка со координати $X = 0.0181$, $Y = 0.1526$. Поширокото идеолошкото поле во кое се наоѓа оваа позиција е *модерен либерализам*, додека пак конкретното е *национален либерализам*. Поширокиот вид на држава, која одговара на оваа позиција е *модерна либерална држава*, додека пак конкретниот е *национална либерална држава*.




**Слика 55**: Графички приказ на горен триаголник на идеолошко каро за испитаници на возраст од 18-35 години ($X = 0.0181$, $Y = 0.1526$)

***б.) Испитаници помеѓу 36 и 55 години***

Просекот од категоријата на испитаници помеѓу 36 и 55 години се наоѓа во точка со координати $X = -0.0207$, $Y = 0.1984$. Поширокото идеолошкото поле во кое се наоѓа оваа позиција е *модерен либерализам*, додека пак конкретното е *социјален либерализам*. Поширокиот вид на држава, која одговара на оваа позиција е *модерна либерална држава*, додека пак конкретниот е *социјална либерална држава*.




**Слика 56**: Графички приказ на горен триаголник на идеолошко каро за испитаници на возраст 36-55 години (*X* = -0.0207, *Y* = 0.1984)

***в.) Испитаници над 55 години***

Просекот од категоријата на испитаници над 55 години се наоѓа во точка со координати *X =0.0297 Y* = -0.0727. Поширокото идеолошкото поле во кое се наоѓа оваа позиција е *етатизам*, додека пак конкретното е *национализам*. Поширокиот вид на држава е *модерна држава*, додека пак конкретниот е *национална (нација) држава*.




**Слика 57**: Графички приказ на долен триаголник на идеолошко каро за испитаници над 55 години (*X =0.0297 Y* = -0.0727)




**Графикон 1**: Приказ на y вредности на испитаниците, според категорија *возраст*

**207. Категорија пол**

Во идеолошкото каро, испитаниците може да изберат 2 категории на пол, и тоа машки, женски пол и друго. Од вкупен број на 300 испитаници, 175 се машки пол (или 58.3329% од вкупниот број на испитаници), 122 испитаници се женски пол (или 40.66% од вкупниот број на испитаници) и 3 испитаници избрале друго (или 1% од вкупниот број на испитаници).

| **АНАЛИЗА НА КАТЕГОРИЈА ПОЛ ВО ИДЕОЛОШКОТО КАРО** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Категорија** | **Категориска група** | **Број на испитаници** | **Процент од вкупниот број** | **Локација на *x* оската** | **Локација на *y* оската** | **Идеолошко поле** | **Поле на држава** |
| **Пол** | машки | 175 | 58.33333333 | 0.029 | 0.1385 | Национален либерализам | Национална либерална држава |
| | женски | 122 | 40.66666667 | -0.0122 | 0.1434 | Социјален либерализам | Социјална либерална држава |
| | друго | 3 | 1 | -0.0654 | 0.25 | Социјален либерализам | Социјална либерална држава |

**Табела 7**: Анализа на категорија *пол*




**Пита 2**: Процентуална застапеност во категорија *пол*

***а.) Машки пол***

Просекот од множинската категорија на испитаници (машки пол) се наоѓа во точка со координати *X* =0.029, *Y* = 0.1385. Поширокото идеолошкото поле во кое се наоѓа оваа позиција е *модерен либерализам*, додека пак конкретното е *национален либерализам*. Поширокиот вид на држава, која одговара на оваа позиција е *модерна либерална држава*, додека пак конкретниот е *национална либерална држава*.




**Слика 58**: Графички приказ на горен триаголник на идеолошко каро за испитаници од машки пол (*X* =0.029, *Y* = 0.1385)

***б.) Женски пол***

Просекот од испитаниците од женски пол се наоѓа во точка со координати *X* =-0.0122, *Y* = 0.1434. Поширокото идеолошкото поле во кое се наоѓа оваа позиција е *модерен либерализам*, додека пак конкретното е *социјален либерализам*. Поширокиот вид

на држава, која одговара на оваа позиција е *модерна либерална држава*, додека пак конкретниот е *социјална либерална држава*.




**Слика 59**: Графички приказ на горен триаголник на идеолошко каро за испитаници од женски пол (*X* =-0.0122, *Y* = 0.1434)

***в.) Друг пол***

Просекот од испитаниците кој избрале *друго*, се наоѓа во точка со координати *X* = *-0.0654*, *Y* = 0.25. Поширокото идеолошкото поле во кое се наоѓа оваа позиција е *модерен либерализам*, додека пак конкретното е *социјален либерализам*. Поширокиот вид на држава, која одговара на оваа позиција е *модерна либерална држава*, додека пак конкретниот е *социјална либерална држава*.




**Слика 60**: Графички приказ на горен триаголник на идеолошко каро за испитаници од друг пол (*X* = *-0.0654*, *Y* = 0.25)




**Графикон 2**: Приказ на y вредности на испитаниците, според категорија *пол*

**208. Категорија завршено образование**

Во идеолошкото каро, испитаниците може да изберат 5 категории на завршено образование, и тоа средно, високо, магистерски, докторски студии и друго. Од вкупен број на 300 испитаници, 64 завршиле средно образование ( 31.33% од вкупниот број на испитаници), 160 испитаници завршиле високо образование (или 53.33% од вкупниот број на испитаници), 64 испитаници, завршиле магистерски студии (или 21.33% од вкупниот број на испитаници), 9 испитаници завршиле докторски студии (или 3% од вкупниот број на испитаници) и 3 испитаници - друго (или 1% од вкупниот број на испитаници).

| **АНАЛИЗА НА КАТЕГОРИЈА ОБРАЗОВАНИЕ ВО ИДЕОЛОШКОТО КАРО** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Категорија** | **Категориска група** | **Број на испитаници** | **Процент од вкупниот број** | **Локација на *x* оската** | **Локација на *y* оската** | **Идеолошко поле** | **Поле на држава** |
| **Завршено образование** | средно образование | 64 | 21.33333333 | 0.0008 | 0.1411 | Национален либерализам | Национална либерална држава |
| | високо образование | 160 | 53.33333333 | 0.0168 | 0.0792 | Национален либерализам | Национална либерална држава |
| | магистерски студии | 64 | 21.33333333 | -0.0066 | 0.2946 | Социјален либерализам | Социјална либерална држава |
| | докторски студии | 9 | 3 | 0.0357 | 0.2222 | Национален либерализам | Национална либерална држава |
| | друго | 3 | 1 | 0.25 | -0.0238 | Национализам | Национална (нација) држава |

**Табела 8**: Анализа на категорија *образование*




**Пита 3**: Процентуална застапеност во категорија *образование*

***а.) Завршено средно образование***

Просекот од испитаниците кои завршиле средно образование се наоѓа во точка со координати $X$ = 0.0008, $Y$ = 0.1411. Поширокото идеолошкото поле во кое се наоѓа оваа позиција е *модерен либерализам*, додека пак конкретното е *национален либерализам*. Поширокиот вид на држава, која одговара на оваа позиција е *модерна либерална држава*, додека пак конкретниот е *наионална либерална држава*.




**Слика 61**: Графички приказ на горен триаголник на идеолошко каро за испитаници кои завршиле *средно образование* (*X* = 0.0008, *Y* = 0.1411)

***б.) Завршено високо образование***

Просекот од испитаниците кои завршиле високо образование се наоѓа во точка со координати *X* =0.0168, *Y* = 0.0792. Поширокото идеолошкото поле во кое се наоѓа оваа позиција е *модерен либерализам*, додека пак конкретното е *национален либерализам*. Поширокиот вид на држава, која одговара на оваа позиција е *модерна либерална држава*, додека пак конкретниот е *национална либерална држава*.




**Слика 62**: Графички приказ на горен триаголник на идеолошко каро за испитаници кои завршиле *високо образование* (*X* =0.0168, *Y* = 0.0792)

***в.) Завршени магистерски студии***

Просекот од испитаниците кои завршиле магистерски студии се наоѓа во точка со координати *X* = -0.0066, *Y* = 0.2946. Поширокото идеолошкото поле во кое се наоѓа оваа позиција е *модерен либерализам*, додека пак конкретното е *социјален либерализам*. Поширокиот вид на држава, која одговара на оваа позиција е *модерна либерална држава*, додека пак конкретниот е *социјална либерална држава*.




**Слика 63**: Графички приказ на горен триаголник на идеолошко каро за испитаници кои завршиле *магистерски студии* (*X* = -0.0066, *Y* = 0.2946)

***г.) Завршени докторски студии***

Просекот од испитаниците кои завршиле докторски студии се наоѓа во точка со координати *X* =0.0357, *Y* = 0.2222. Поширокото идеолошкото поле во кое се наоѓа оваа позиција е *модерен либерализам*, додека пак конкретното е *национален либерализам*. Поширокиот вид на држава, која одговара на оваа позиција е *модерна либерална држава*, додека пак конкретниот е *национална либерална држава*.




**Слика 64**: Графички приказ на горен триаголник на идеолошко каро за испитаници кои завршиле *докторски студии* (*X* =0.0357, *Y* = 0.2222)

***д.) Друго образование***

Просекот од испитаниците кои избрале друго се наоѓа во точка со координати *X* =0.25, *Y* = -0.0238. Поширокото идеолошкото поле во кое се наоѓа оваа позиција е *етатизам*, додека пак конкретното е *национализам*. Поширокиот вид на држава, која одговара на оваа позиција е *модерна држава*, додека пак конкретниот е *национална (нација) држава*.




**Слика 65**: Графички приказ на долен триаголник на идеолошко каро за испитаници кои завршиле *друго образование* (*X* =0.25, *Y* = -0.0238)




**Графикон 3**: Приказ на у вредности на испитаниците, според категорија *образование*

**209. Категорија работа**

Просекот од оваа функција, има вредност Y = -0.3016. Идеолошкото поле во кое се наоѓа оваа позиција е *етатизам*. Видот на држава, која одговара на оваа позиција е *модерна држава*.




**Слика 125:** Графички приказ на долен триаголник на идеолошко каро за *образовно - културна функција* (*Y = -0.3016*)

**228. Еколошка функција**

Просекот од оваа функција, има вредност Y = -0.24. Идеолошкото поле во кое се наоѓа оваа позиција е *етатизам*. Видот на држава, која одговара на оваа позиција е *модерна држава*.




**Слика 126:** Графички приказ на долен триаголник на идеолошко каро за *еколошка функција* (*Y = -0.24*)




**Графикон 15**: Приказ на у вредности во *сите функции*

## ГЛАВА 32:
## СПОРЕДБА НА КАТЕГОРИИ, ФУНКЦИИ И ТВРДЕЊА

### 229. Категориски групи со нај-слободарска позиција на идеолошкото каро

Во однос на категориите, кои дале нај-слободарски оценувања на тврдењата, односно се лоцирани, највисоко на идеолошкото каро, може да се издвојат следните.

Во категоријата на ***возраст***, *испитаниците помеѓу 36-55 години*, кои претставуваат 20.33% од сите испитаници или 61 испитаник, имаат нај-слободарска позиција, со вредност ***y*** 0.1984, што спаѓа во поширокото поле на *модерен либерализам* и следствено *модерна либерална држава*. Истата позиција е лево од центарот, со вредност ***x*** -0.0207, и го конкретизира идеолошкото поле во *социјален либерализам*, а државата во *социјална либерална држава*.

Во категоријата на ***пол***, оние кои избрале *друго*, но кои претставуваат само 1% од испитаниците или 3 испитаници, имаат нај-слободарска позиција, со вредност ***y*** 0.25, што спаѓа во поширокото поле на *модерен либерализам* и следствено *модерна либерална држава*. Истата позиција е незначително лево од центарот, со вредност ***x*** -0.0654, и го конкретизира идеолошкото поле во *социјален либерализам*, а државата во *социјална либерална држава*.

Во категоријата на ***образование***, оние со завршени *магистерски студии*, кои претставуваат 21.33% од испитаниците или 64 испитаници, имаат нај-слободарска позиција, со вредност ***y*** 0.2946, што спаѓа во поширокото поле на *модерен либерализам* и следствено *модерна либерална држава*. Истата позиција е лево од центарот, со вредност ***x*** -0.0066, и го конкретизира идеолошкото поле во *социјален либерализам*, а државата во *социјална либерална држава*.

Во категоријата на ***работа***, оние кои се *невработени*, кои претставуваат 4.66% од испитаниците или 14 испитаници, имаат нај-слободарска позиција, со вредност ***y*** 0.3826, што спаѓа во поширокото поле на *модерен либерализам* и следствено *модерна либерална држава*. Истата позиција е лево од центарот, со вредност ***x*** -0.0765, и го конкретизира идеолошкото поле во *социјален либерализам*, а државата во *социјална либерална држава.*

Во категоријата на ***плата***, оние кои *не примаат плата од буџетот на РСМ*, кои претставуваат 77.33% од испитаниците или 232 испитаници, имаат нај-слободарска

позиција, со вредност ***y*** 0.1633, што спаѓа во поширокото поле на *модерен либерализам* и следствено *модерна либерална држава*. Истата позиција е десно од центарот, со вредност ***x*** 0.0256, и го конкретизира идеолошкото поле во *национален либерализам*, а државата во *национална либерална држава.*

Во категоријата на ***етничка заедница***, оние кои се *од македонска*, кои претставуваат 87.33% од испитаниците или 262 испитаници, имаат нај-слободарска позиција, со вредност ***y*** 0.1702, што спаѓа во поширокото поле на *модерен либерализам* и следствено *модерна либерална држава*. Истата позиција е десно од центарот, со вредност ***x*** 0.0217, и го конкретизира идеолошкото поле во *национален либерализам*, а државата во *национална либерална држава.*

Во категоријата на ***место на живеење***, оние кои *живеат во урбана средина*, и претставуваат 92.33% од испитаниците или 277 испитаници, имаат нај-слободарска позиција, со вредност ***y*** 0.1494, што спаѓа во поширокото поле на *модерен либерализам* и следствено *модерна либерална држава*. Истата позиција е десно од центарот, со вредност ***x*** 0.0078, и го конкретизира идеолошкото поле во *национален либерализам*, а државата во *национална либерална држава.*

| **АНАЛИЗА НА КАТЕГОРИСКИ ГРУПИ СО НАЈ-СЛОБОДАРСКИ ПОЗИЦИИ ВО ИДЕОЛОШКОТО КАРО** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Категорија** | **Категориска група** | **Број на испитаници** | **Процент од вкупниот број** | **Локација на *x* оската** | **Локација на *y* оската** | **Идеолошко поле** | **Поле на држава** |
| **Возраст** | од 36 до 55 години | 61 | 20.33333333 | -0.0207 | 0.1984 | Социјален либерализам | Социјална либерална држава |
| **Пол** | друго | 3 | 1 | -0.0654 | 0.25 | Социјален либерализам | Социјална либерална држава |
| **Завршено образование** | магистерски студии | 64 | 21.33333333 | -0.0066 | 0.2946 | Социјален либерализам | Социјална либерална држава |
| **Работа** | невработен | 14 | 4.666666667 | -0.0765 | 0.3826 | Социјален либерализам | Социјална либерална држава |
| **Плата** | не од буџет на РСМ | 232 | 77.33333333 | 0.0256 | 0.1633 | Национален либерализам | Национална либерална држава |
| **Етничка заедница** | македонска | 262 | 87.33333333 | 0.0217 | 0.1702 | Национален либерализам | Национална либерална држава |
| **Место на** | урбана | 277 | 92.333333 | 0.0078 | 0.1494 | Национален | Национална либерална |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **живеење** | средина | | 33 | | | либерализам | држава |

**Табела 23:** Анализа на категориски групи со *нај-слободарски позиции*




**Графикон 16**: Приказ на y вредности на категориски групи со *нај-слободарски позиции*

**230. Категориски групи со нај-врховистичка позиција на идеолошкото каро**

Во однос на категориите, кои дале нај-врховистички оценувања на тврдењата, односно се лоцирани, најниско на идеолошкото каро, може да се издвојат следните.

Во категоријата на ***возраст***, *испитаниците над 55 години*, кои претставуваат 9% од сите испитаници или 27 испитаници, имаат нај-врховистичка позиција на истото, со вредност ***y*** -0.0727, што спаѓа во поширокото поле на *етатизам* и следствено *модерна држава*. Истата позиција е десно од центарот, со вредност ***x*** 0.0297, и го конкретизира идеолошкото поле во *национализам*, а државата во *национална (нација) држава*.

Во категоријата на ***пол***, оние кои *се од машки пол*, и кои претставуваат 68.33% од испитаниците или 175 испитаници, имаат нај-врховистичка позиција, со вредност ***y*** 0.1385,

што спаѓа во поширокото поле на *модерен либерализам* и следствено *модерна либерална држава*. Истата позиција е незначително десно од центарот, со вредност ***x*** 0.029, и го конкретизира идеолошкото поле во *национален либерализам*, а државата во *национална либерална држава*.

Во категоријата на ***образование***, оние кои одговориле со *друго*, кои претставуваат 1% од испитаниците или 3 испитаници, имаат нај-врховистичка позиција, со вредност ***y*** -0.0238, што спаѓа во поширокото поле на *етатизам* и следствено *модерна држава*. Истата позиција е десно од центарот, со вредност ***x*** 0.25, и го конкретизира идеолошкото поле во *национализам*, а државата во *национална (нација) држава*.

Во категоријата на ***работа***, оние кои се избрале *политичка управа*, кои претставуваат 1% од испитаниците или 3 испитаници, имаат нај-врховистичка позиција, со вредност ***y*** -0.619, што спаѓа во поширокото поле на *авторитаризам* и следствено *авторитарна држава*. Истата позиција е незначително лево од центарот, со вредност ***x*** -0.1785, и го конкретизира идеолошкото поле во *лев авторитаризам - социјализам*, а државата во *лева авторитарна - социјалистичка држава.*

Во категоријата на ***плата***, оние кои *примаат плата од буџетот на РСМ*, кои претставуваат 22.66% од испитаниците или 68 испитаници, имаат нај-врховистичка позиција, со вредност ***y*** 0.0677, што спаѓа во поширокото поле на *модерен либерализам* и следствено *модерна либерална држава*. Истата позиција е лево од центарот, со вредност ***x*** -0.0375, и го конкретизира идеолошкото поле во *социјален либерализам*, а државата во *социјална либерална држава.*

Во категоријата на ***етничка заедница***, оние кои се *од албанска*, кои претставуваат 4% од испитаниците или 12 испитаници, имаат нај-врховистичка позиција, со вредност ***y*** -0.1904, што спаѓа во поширокото поле на *етатизам* и следствено *модерна држава*. Истата позиција е лево од центарот, со вредност ***x*** -0.1488, и го конкретизира идеолошкото поле во *велферизам*, а државата во *социјална* или *држава на благосостојба.*

Во категоријата на ***место на живеење***, оние кои *живеат во рурална средина*, и претставуваат 7.66% од испитаниците или 23 испитаници, имаат нај-врховистичка позиција, со вредност ***y*** 0.0481, што спаѓа во поширокото поле на *модерен либерализам* и следствено *модерна либерална држава*. Истата позиција е десно од центарот, со вредност

***x*** 0.0535, и го конкретизира идеолошкото поле во *национален либерализам*, а државата во *национална либерална држава.*

| **АНАЛИЗА НА КАТЕГОРИСКИ ГРУПИ СО НАЈ-ВРХОВИСТИЧКИ ПОЗИЦИИ ВО ИДЕОЛОШКОТО КАРО** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Категорија** | **Категориска група** | **Број на испитаници** | **Процент од вкупниот број** | **Локација на *x* оската** | **Локација на *y* оската** | **Идеолошко поле** | **Поле на држава** |
| **Возраст** | над 55 години | 27 | 9 | 0.0297 | -0.0727 | Национализам | Национална (нација) држава |
| **Пол** | машки | 175 | 58.33333333 | 0.029 | 0.1385 | Национален либерализам | Национална либерална држава |
| **Завршено образование** | друго | 3 | 1 | 0.25 | -0.0238 | Национализам | Национална (нација) држава |
| **Работа** | политичка управа | 3 | 1 | -0.1785 | -0.619 | Лев авторитаризам (социјализам) | Лева авторитарна (социјалистичка) држава |
| **Плата** | од буџет на РСМ | 68 | 22.66666667 | -0.0375 | 0.0677 | Социјален либерализам | Социјална либерална држава |
| **Етничка заедница** | албанска | 12 | 4 | -0.1488 | -0.1904 | Велферизам | Социјална држава |
| **Место на живеење** | рурална средина | 23 | 7.666666667 | 0.0535 | 0.0481 | Национален либерализам | Национална либерална држава |

**Табела 24:** Анализа на категориски групи со *нај-врховистички позиции*




**Графикон 17**: Приказ на у вредности на категориски групи со *нај-врховистички позиции*

**231. Три тврдења со нај-слободарска позиција на идеолошкото каро**

Во однос на три тврдења со нај-слободарска позиција на идеолошкото каро, може да се издвојат следниве.

Прво е тврдењето *Јавната власт најдобро го организира и раководи здравствениот систем* (*социјално-здравствена функција*), со вредност ***y*** 1.05, што спаѓа во полето на *либертаријанизам* и следствено *држава ноќен-чувар*.

Второ е тврдењето *Потребни се фри-маркет или пазарни решенија за еколошките проблеми* (*еколошка функција*) со вредност ***y*** 1.03, што спаѓа во полето на *либертаријанизам* и следствено *држава ноќен-чувар*.

Трето е тврдењето *Даноците се кражба, а политичарите банда* (*економско-финансиска функција*), со вредност ***y*** 1.0266, што спаѓа во полето на *либертаријанизам* и следствено *држава ноќен-чувар*.

**АНАЛИЗА НА ТВРДЕЊА СО НАЈ-СЛОБОДАРСКА ПОЗИЦИЈА ВО ИДЕОЛОШКОТО КАРО**

| **Функција** | **Тврдење** | **Димензија (лева или десна)** | **Вид (Про-слободарско или про-врховистичко)** | **Локација на *y* оската** | **Идеолошко поле** | **Поле на држава** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Економско-финаниска функција** | Даноците се кражба, а политичари те банда | Десна димензија | Про-слободарско | 1.0266 | Либертаријанизам | Држава ноќен-чувар |
| **Социјално-здравствен а функција** | Јавната власт најдобро го организира и раководи здравстенио т систем | Лева димензија | Про-врховистичко | 1.05 | Либертаријанизам | Држава ноќен-чувар |
| **Еколошка функција** | Потребни се фри-маркет или пазарни решенија за еколошките проблеми | Лева димензија | Про-слободарско | 1.03 | Либертаријанизам | Држава ноќен-чувар |

**Табела 25:** Анализа на 3 тврдења со *нај-слободарски позиции*




**Графикон 18**: Приказ на y вредности на 3 тврдења со *нај-слободарски позиции*

**232. Три тврдења со нај-врховистичка позиција на идеолошкото каро**

Во однос на три тврдења со нај-врховистичка позиција на идеолошкото каро, може да се издвојат следниве.

Прво е тврдењето *Потребни се најостри санкции за загадувачите на животната средина* (*Еколошка функција*) со вредност ***y*** -1.51, што спаѓа во полето на *тотализам* и следствено *тотална држава*.

Второ е тврдењето *Секој има загарантирано право на леб* (*Социјално-здравствена функција*), со вредност ***y*** -1.3033, што спаѓа во полето на *тоталитаризам* и следствено *тоталитарна држава*.

Трето е тврдењето *Ни основното образование не смее да биде задолжително, а камоли средното* (*образовно-културна функција*) со вредност ***y*** -1.01, што спаѓа во полето на *тоталитаризам* и следствено *тоталитарна држава*.

| **АНАЛИЗА НА ТВРДЕЊА СО НАЈ-ВРХОВИСТИЧКА ПОЗИЦИЈА ВО ИДЕОЛОШКОТО КАРО** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Функција** | **Тврдење** | **Димензија (лева или десна)** | **Вид (Про-слободарско или про-врховистичко)** | **Локација на *y* оската** | **Идеолошко поле** | **Поле на држава** |
| **Еколошка функција** | Потребни се најостри санкции за загадувачите на животната средина | Лева димензија | Про-врховистичко | -1.51 | Тотализам | Тотална држава |
| **Социјално-здравствена функција** | Секој има загарантирано право на леб | Лева димензија | Про-врховистичко | -1.3033 | Тоталитаризам | Тоталитарна држава |
| **Образовно-културна функција** | Ни основното образование не смее да биде задолжително, а камоли средното | Лева димензија | Про-слободарско | -1.01 | Тоталитаризам | Тоталитарна држава |

**Табела 26:** Анализа на 3 тврдења со *нај-врховистички позиции*




**Графикон 19**: Приказ на y вредности на 3 тврдења со *нај-врховистички позиции*

**233. Три функции со нај-слободарска позиција на идеолошкото каро**

Во однос на три тврдења со нај-слободарска позиција на идеолошкото каро, може да се издвојат следниве.

Прва е *економско-финансиската функција*, со вредност ***y*** 0.6658, што спаѓа во полето на *класичен либерализам* и следствено *минимална држава*.

Втора е *социјално-здравствената функција*, со вредност ***y*** 0.3308, што спаѓа во полето на *модерен либерализам* и следствено *модерна либерална држава*.

Трета е *воспитувачко-етичката функција*, со вредност ***y*** 0.2677, што спаѓа во полето на *модерен либерализам* и следствено *модерна либерална држава*.

| **АНАЛИЗА НА ФУНКЦИИ СО НАЈ-СЛОБОДАРСКИ ПОЗИЦИИ ВО ИДЕОЛОШКОТО КАРО** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Функции** | **Димензија (лева или десна)** | **Локација на *y* оската** | **Идеолошко поле** | **Поле на држава** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Економско-финансиска функција | Лева димензија | 0.6658 | Класичен либерализам | Минимална држава |
| Социјално-здравствена функција | Лева димензија | 0.3308 | Модерен либерализам | Модерна либерална држава |
| Воспитувачко-етичка функција | Лева димензија | 0.2677 | Модерен либерализам | Модерна либерална држава |

**Табела 27:** Анализа на 3 функции со *нај-слободарски позиции*




**Графикон 20**: Приказ на y вредности на 3 функции со *нај-слободарски позиции*

**234. Три функции со нај-врховистичка позиција на идеолошкото каро**

Во однос на три тврдења со нај-врховистичка позиција на идеолошкото каро, може да се издвојат следниве.

Прва е *образовно-културната функција*, со вредност ***y*** -0.3016, што спаѓа во полето на *етатизам* и следствено *модерна држава*.

Втора е *еколошката функција*, со вредност ***y*** -0.24, што спаѓа во полето на *етатизам* и следствено *модерна држава*.

Трета е *духовно-идентитетската функција*, со вредност ***y*** 0.0353, што спаѓа во полето на *модерен либерализам* и следствено *модерна либерална држава*.

| **АНАЛИЗА НА ФУНКЦИИ СО НАЈ-ВРХОВИСТИЧКИ ПОЗИЦИИ ВО ИДЕОЛОШКОТО КАРО** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Функции** | **Димензија (лева или десна)** | **Локација на *y* оската** | **Идеолошко поле** | **Поле на држава** |
| Образовно-културна функција | Лева димензија | -0.3016 | Етатизам | Модерна држава |
| Еколошка функција | Лева димензија | -0.24 | Етатизам | Модерна држава |
| Духовно-идентитетска функција | Десна димензија | 0.0353 | Модерен либерализам | Модерна либерална држава |

**Табела 28:** Анализа на 3 функции со *нај-врховистички позиции*




**Графикон 21**: Приказ на y вредности на 3 функции со *нај-врховистички позиции*

## ГЛАВА 33:
## АНАЛИЗА НА ИДЕОЛОШКО КАРО И ПРОЗОРЦИ НА ЈАВНО МИСЛЕЊЕ ЗА УЛОГАТА НА ДРЖАВАТА

### 235. Идеолошко каро за сите испитаници

Вкупниот број на испитаници, кои ги оцениле тврдењата на идеолошкото каро, изнесува 300, во период од шест седмици, помеѓу 19-ти август и 30-ти септември 2023 година.

Позицијата, која е генерирана од страна на карото, како вкупен просек од $x$ и $y$ поединечни позиции, изнесува $X = 0.0113$ и $Y = 0.1416$. Поширокото идеолошкото поле во кое се наоѓа оваа позиција е *модерен либерализам*, додека пак конкретното е *национален либерализам*. Поширокиот вид на држава, која одговара на оваа позиција е *модерна либерална држава*, додека пак конкретниот е *национална либерална држава*.




**Слика 127**: Графички приказ на горен триаголник на идеолошко каро за сите испитаници




**Слика 128**: Графички приказ на целосно идеолошко каро за сите испитаници

## 236. Прозорци на јавно мислење

Концептуалниот и графичкиот приказ на прозорците за улогата на државата во македонското општество и идеолошките преференци во јавното мислење се составени од 5 прозорци, односно 3 делови, и тоа *незамисливо* и *радикално* (горе и долу кај екстремите) или 2 ***незамисливи прозорци***; *чувствително* и *прифатливо* (под екстремите) или 2 ***чувствителни прозорец***; и *популарно* и *политика* (на средина, во прозорецот) или ***Овертонов прозорец***.

Секој од петте видови на прозорци зафаќа 0.8 вредносни единици на *y* оската (незамисливите (екстремните) прозорци може да имаат поголема или помала зафатнина, со цел да соодветствуваат со единиците на идеолошкото каро), додека пак секоја идеологија/држава зафака 0.5 (со исклучок на екстремите - анархизам/бездржавие и тотализам/тотална држава, кои претставуваат точка на *y* оската).

Центарот на прозорецот претставува просекот или аритметичката средина од позиција на сите испитаници и исиот е лоциран на *y* оската, во точката ***Z = 0.1416 (Y = 0.1416)*** Аналогно на тоа, Овертоновиот прозорец се протега од точките ***-0,2584*** до ***0,5416*** на *y* оската. Во рамките на истиот, односно она што во очите на јавното мислење е најпопуларно е идеологијата на *модерен либерализам*, манифестирана низ двата вида на држава, и тоа *социјална либерална држава* и *национална либерална држава*.

## 237. Процент на идеологијата од и во прозорецот

Во рамките на анализата, потребно е да се пресметаат два вида на односи помеѓу идеологијата/државата и прозорецот на јавно мислење. Имено:

- процент на идеологијата од прозорецот,
- процент на идеологијата во прозорецот.

*Идеологијата од прозорецот*, го покажува уделот на идеологијата која го има во конкретниот прозорец, изразен процентуално и може да се означе со ***P***. *Идеологијата во прозорецот* го покажува уделот на прозорецот во конкретната идеологија и е означена со ***R***. Пресметувањето на двата односи се одвива според следниве формули:

***Процент на идеологијата од прозорецот (P) =***

$$\frac{\text{Единици на идеологијата во рамките на прозорецот}}{\text{Единици на прозорецот}} \text{ x } 100\%$$

$$\textit{\textbf{Процент на идеологијата во прозорецот (R)}} = \frac{\text{Единици на идеологијата во рамките на прозорецот}}{\text{Единици на идеологијата}} \times 100\%$$

***а.) Овертонов прозорец - идеи популарни во јавното мислење***

Прозорецот опфаќа дел од идеологијата на *етатизам*, манифестирана низ *модерна*, или *социјална* и *национална држава*, од точката -0,2584 до 0 на *y* оската. Најголем дел во прозорецот зафаќа идеологијата на модерен либерализам, манифестирана низ социјална и национална либерална држава, од точката 0 до точката 0.5 на *y* оската. Најмал дел во прозорецот и припаѓа на идеологијата на *класичен либерализам*, заедно со видовите на *социјална* и *конзервативна минимална држава*, од точката 0.5 до 0,5416, на *y* оската.

Структурата на Овертоновиот прозорец е составена од модерен либерализам и модерна либерална држава, со 62.5%; етатизам, заедно со модерна држава, со 32.3%; и класичен либерализам и минимална држава со 5.2%.

Изразено процентуално, идеологијата на *модерен либерализам* влегува со 100% во прозорецот, *етатизмот* со 51.68%, додека пак *класичниот либерализам* со 8.35%.

| **ОВЕРТОНОВ ПРОЗОРЕЦ (ЗА УЛОГАТА НА ДРЖАВАТА ВО ОПШТЕСТВОТО) (-0,2584 до 0,5416)** | | | |
|---|---|---|---|
| **Идеологија** | **Држава** | **Процент (%) од прозорецот P** | **Процент (%) во прозорецот R** |
| Модерен либерализам | Модерна либерална држава | 62.5 | 100 |
| Етатизам | Модерна држава | 32.3 | 51.68 |
| Класичен либерализам | Минимална држава | 5.2 | 8.32 |

**Табела 29**: Табеларен приказ на идеологии во/од Овертоновиот прозорец




**Слика 129**: Графички приказ на идеологии од Овертонов прозорец




**Пита 8**: Процентуален приказ на идеологии од Овертоновиот прозорец




**Графикон 22**: Процентуален приказ на идеологии во Овертоновиот прозорец

Останатите идеологии (анархизам, волунтаризам, либертаријанизам, авторитаризам, тоталитаризам и тотализам) и држави (бездржавно општество, ултра-минимална, држава-ноќен чувар, авторитарна, тоталитарна и тотална држава) се надвор од Овертоновиот прозорец, и во рамки на чувствителните и незамисливите прозорци.

***б.) Чувствителни прозорци - идеи прифатливи и чувствителни во јавното мислење***

Идеите кои се надвор од Овертоновиот прозорец, но се граничат со него, се оние идеи кои во очите на јавното мислење се прифатливи и чувствителни. Овие идеи се лоцирани над и под прозорците. Во чувствително и прифатливо, во слободарска насока, влегуваат идеите кои се протегаат од точката 0,5416, до точката 1,3416, а во врховистичка насока, од точката -0,2584 до точката -1,0584. Аналогно на тоа, во идеи кои се чувствителни и прифатливни, од слободарскиот триаголник, влегуваат идеологиите на класичен либерализам и либертаријанизам, додека пак во врховистичка насока идеите на етатизам, авторитаризам и тоталитаризам.

**б/1) Горен чувствителен прозорец**

Структурата на горниот чувствителен прозорец е составена од класичен либерализам, со 57.3% и либертаријанизам, со 42.7%.

Изразено процентуално, идеологијата на класичниот либерализам и соодветниот тип на минимална држава, влегува со 91.68% во горниот чувствителен прозорец, додека пак идеологијата на либертаријанизам и државата ноќен-чувар, со 68.32%.

| ГОРЕН ЧУВСТВИТЕЛЕН ПРОЗОРЕЦ (ЗА УЛОГАТА НА ДРЖАВАТА ВО ОПШТЕСТВОТО) (0,5416 до 1,3416) | | | |
|---|---|---|---|
| **Идеологија** | **Држава** | **Процент (%) од прозорецот P** | **Процент (%) во прозорецот R** |
| Класичен либерализам | Минимална држава | 57.3 | 91.68 |
| Либертаријанизам | Држава ноќен-чувар | 42.7 | 68.32 |

**Табела 30**: Табеларен приказ на идеологии во/од горен чувствителен прозорец




**Слика 130**: Графички приказ на идеологии од горен чувствителен прозорец




**Пита 9**: Процентуален приказ на идеологии од горен чувствителен прозорец




**Графикон 23**: Процентуален приказ на идеологии во горен чувствителен прозорец

**б/2) Долен чувствителен прозорец**

Структурата на долниот чувствителен прозорец е составена од етатизам, со 30.2%, авторитаризам, со 62,5% и тоталитаризам, со 7.3%.

Во однос на долниот чувствителен прозорец, идеологијата на етатизмот и видот на модерна држава е навлезена со 48.32%, идеологијата на авторитаризмот и авторитарната држава со 100% и тоталитаризмот и тоталитарната држава, со 11.68%.

| ДОЛЕН ЧУВСТВИТЕЛЕН ПРОЗОРЕЦ (ЗА УЛОГАТА НА ДРЖАВАТА ВО ОПШТЕСТВОТО) (-0.2584 до -1,0584) | | | |
|---|---|---|---|
| **Идеологија** | **Држава** | **Процент (%) од прозорецот P** | **Процент (%) во прозорецот R** |
| Етатизам | Модерна држава | 30.2 | 48.32 |
| Авторитаризам | Авторитарна држава | 62.5 | 100 |
| Тоталитаризам | Тоталитарна држава | 7.3 | 11.68 |

**Табела 31**: Табеларен приказ на идеологии во/од долен чувствителен прозорец




**Слика 131**: Графички приказ на идеологии од долен чувствителен прозорец




**Пита 10**: Процентуален приказ на идеологии од долен чувствителен прозорец




**Графикон 24**: Процентуален приказ на идеологии во долен чувствителен прозорец

***в.) Незамисливи прозорци - идеи незамисливи и радикални во јавното мислење***

Идеите кои се надвор од Овертоновиот, и од чувствителните прозорци, се оние идеи кои од јавноста се перцепирани како незамисливи и радикални, а со самото тоа имаат најмали шанси да бидат актуелизирани во јавни политики. Во незамисливи и радикални идеи, во слободарска насока, влегуваат идеите кои се наоѓаат помеѓу точките 1,3416 и 2,1416 (2,00) на *y* оската, додека во врховистичка насока, идеите кои се наоѓаат помеѓу точките -1,0584 до -1,8584 (-2), исто така на *y* оската.

Аналогно на тоа, во горниот незамислив прозорец, влегуваат идеологиите на *либертаријанизам*, *волунтаризам* и *анархизам*, заедно со *држава ноќен чувар*, *ултра-минимална држава* и *бездржавно општество*. Во долниот незамислив прозорец, влегуваат идеологиите на *тоталитаризам*, *национал-болшевизам* и *тотализам*, вклучѕувајќи и *тоталитарна*, *национал-болшевистичка* и *тотална држава*.

**в/1) Горен незамислив прозорец**

Структурата на горниот незазмислив прозорец, се состои *либертаријанизам* и *држава ноќен-чувар*, со 19.8%, *волунтаризам* и *ултра-минимална држава*, со 62.5%, како и точката на бездржавие (или 17.7% кои се надвор од идеолошкото каро). Идеологијата на *либертаријанизам* и *држава ноќен чувар*, влегува со 31.68% во горниот прозорец, а *волунтаризмот* со *ултра-минималната држава* и *анархизмот* со *бездржавието*, влегуваат 100% во истиот.

| ГОРЕН НЕЗАМИСЛИВ ПРОЗОРЕЦ (ЗА УЛОГАТА НА ДРЖАВАТА ВО ОПШТЕСТВОТО) (1,3416 до 2,1416 (2,00)) | | | |
|---|---|---|---|
| **Идеологија** | **Држава** | **Процент (%) од прозорецот P** | **Процент (%) во прозорецот R** |
| Либертаријанизам | Држава-ноќен чувар | 19.8 | 31.68 |
| Волунтаризам | Ултра-минимална држава | 62.5 | 100 |
| Анархизмот | Бездржавието | 17.7 | 100 |

**Табела 32**: Табеларен приказ на идеологии во/од горен незамислив прозорец




**Слика 132**: Графички приказ на идеологии од горен незамислив прозорец




**Пита 11**: Процентуален приказ на идеологии од горен незамислив прозорец




**Графикон 25**: Процентуален приказ на идеологии во горен чувствителен прозорец

**в/2) Долен незамислив прозорец**

Структурата на долниот незамислив прозорец, се состои од *тоталитаризам* и *тоталитарна држава*, со 46.89%, *национал-болшевизам* и *национал-болшевистичка држава* со 53,1% и точката на *тотализам* и *тотална држава* со 0,01 (која е позиционирана најдолу на идеолошкото каро, надвор и од незамисливиот прозорец). Идеологијата на *тоталитаризам* и *тоталитарна држава*, влегува со 88.32% во горниот прозорец, а *национал-болшевизам* и *тотализамот*, влегуваат 100% во истиот.

| **ДОЛЕН НЕЗАМИСЛИВ ПРОЗОРЕЦ (ЗА УЛОГАТА НА ДРЖАВАТА ВО ОПШТЕСТВОТО) (-1,0584 до -1.8584 (2))** | | | |
|---|---|---|---|
| **Идеологија** | **Држава** | **Процент (%) од прозорецот P** | **Процент (%) во прозорецот R** |
| Тоталитаризам | Тоталитарна држава | 46.89 | 88.32 |
| Национал-болшевизам | Национал-болшевистичка држава | 53.1 | 100 |
| Тотализам | Тотална држава | 0.01 | 100 |

**Табела 33**: Табеларен приказ на идеологии во/од долен незамислив прозорец




**Слика 133:** Графички приказ на идеологии од долен незамислив прозорец




**Пита 12**: Процентуален приказ на идеологии од долен незамислив прозорец




**Графикон 26**: Процентуален приказ на идеологии во долен чувствителен прозорец




**Слика 134**: Графички приказ на идеолошко каро и прозорци за улогата на државата во општеството и идеолошките преференци на испитаниците




**Слика 135**: Графички приказ на прозорци за улогата на државата во општеството




**Слика 136**: Графички приказ на прозорци за идеолошките преференци на испитаниците

## ГЛАВА 34:
## РЕЗИМЕ НА АНАЛИЗАТА

### 238. Заклучни белешки за идеолошкото каро и прозорците на јавно мислење

Врз основа на спроведеното истражување врз 300 испитаници, и градењето на прозорците на јавното мислење за улогата на државата во (македонското) општество и идеолошките преференци може да се заклучи следново:

Македонските граѓани, односно македонското јавно мислење, од сите идеи и идеологии на идеолошкиот спектар, во најголем обем се идентификуваат со идеата на либерализмот, и тоа онаа на модерниот либерализам, која опфаќа модерна (социјална или национална) либерална држава во која државната власт е или треба да биде уставно ограничена, поделена, а човековата слобода, до определен степен, загарантирана. Оваа држава, иако уставно ограничена со нормативна либерална поставеност, изразува надлежност во голем број на сфери од човековото живеење, а истата ги опфаќа сите функции на државата, како што се наведени.

Овој вид на држава е проектиран од страна на идеологијата на *модерен либерализам*, која претставува помеѓу најпопуларните идеологии во денешницата, што се одразува и во состојбата со јавното мислење во македонското општество. Модерниот либерализам, како специфична идеологија, е поставен во *слободарскиот триаголник*, но се наоѓа најдолу во истиот, што значи дека истиот е *нај-врховистички*, во однос на слободарските идеи.

Дополнително, во Овертоновиот прозорец на идеолошки преференци, влегуваат и идеологијата на *етатизам*, претставена преку *социјалната* и *националната модерна држава*, и мал дел, идеологијата на класичен либерализам, и соодветната минимална држава.

Про-слободарски идеи за кои македонските граѓани се чувствителни, се оние кои се поврзани со *класичниот либерализам* и *либертаријанизмот*, како и нивните манифестации во политичкиот живот - минималната и државата-ноќен чувар.

Од друга страна, про-врховистички идеи, кои исто така се чувствителни за македонските граѓани се оние кои произлегуваат или се тесно поврзани со идеологиите на *етатизам*, доминантно *авторитаризам* и во мал дел *тоталитаризам*.

Во однос на идеите кои се незамисливи, а со тоа и политиките кои воопшто не би предизвикале симпатии во јавното мислење, се оние на анархизам, волунтаризмот, тоталитарзмот, тотализмот и национал-болшевизмот, и аналогно државите во кои се манифестираат овие идеологии (бездржавие, ултра-минимална држава, тоталитарна држава, тотална држава и национал-болшевистичка држава).

**239. Фокус категориски групи во идеолошкото каро**

Од посебен интерес за идеолошкото каро и прозорците на јавното мислење се следниве категориски групи:

- Возраст од 18 и 35 години,
- Завршено високо образование, магистерски и докторски студии,
- Со плата која не е од буџетот на РСМ.

Нивната посебна просечна позиција на карото е претставена претходно во текстот, и тоа категоријата на испитаници на *возраст од 18 - 35 години* ($X$ = 0.0181 и $Y$ = 0.1526), категоријата на испитаници кои *не примаат плата (пензија) од буџетот на РСМ* ($X$ = 0.0256 и $Y$ = 0.1633). И двете категориски групи, имаат позиции кои се наоѓаат во исто пошироко, но и конкретно идеолошко поле и вид на држава, како помеѓу нив, но така и со *севкупното јавно мислење* (одредено од одговорите на сите испитаници).

Заедничката просечна позиција на испитаниците со *завршено високо образование, магистерски и докторски студии* или оние испитаници кои може да се наречат *интелектуалци* (во смисла на Фридрих Хаек) е одредена од координатите $X$ = 0.0111 и $Y$ = 0.14393. Споредено со позицијата на севкупниот број на испитаници ($X$ = 0.0113 и $Y$ = 0.1416), може да се костатира дека просечната позиција на *интелектуалците*, како и онаа на сите испитаници се наоѓаат во исто пошироко и конкретно идеолошко поле (модерен и социјален либерализам), и соодветствуваат со ист поширок и конкретен вид на држава (модерна либерална и социјална либерална држава).

Од тука произлегува дека (хипо)тезата на Хаек има потенцијал да биде точна, односно дека интелактуалците влијаат, а со тоа и го моделираат јавното мислење за определени (идеолошки) прашања.

**240. Фокус функција во идеолошкото каро**

Од посебен интерес за идеолошкото каро е *духовно-идентитетската функција*, затоа што истата претставува *фундамент* на односот *поединец - држава*. Како што е наведено, оваа функција има цел да поттикне чувство на идентитет или поистоветување, обединување и некаков заеднички успех и единственост или солидарност помеѓу поединци кои живеат на определена територија, зборуваат определен јазик, веруваат во ист Бог и/или одржуваат слична културна традиција. Државата е таа која ја исцртува таа делбена линија, која не одвојува од останатите, и му дава смисла на тоа што *ние сме*, останатите *не се*, а на тој начин го гради нашиот *колективен идентитет*.

Локацијата на *y* оската е 0.0353, што припаѓа на полето на модерен либерализам и модерна либерална држава. Очигледно е дека позицијата на оваа функција соодветствува со позицијата на целата популација, од каде што потенцијално се потврдени наводите дека истата е од клучно значење за државата и нејзината перцепција од страна на поединците кои се наоѓаат под нејзина надлежност.

**241. Фокус тврдење во идеолошкото каро**

Од посебен интерес за идеолошкото каро е тврдењето „Слободниот пазар не е идеален, но нема подобра алтернатива“. Ова тврдење е самото по себе силен показател на (пот)свеста на секој поединец и испитаник за основното прашање на пристапот кон општествено-политичко-економското уредување, и аналогно на тоа пристапот кон личните потреби и споделените проблеми во едно општество (слободарски и врховистички пристап, како што е наведено во делот 2 од овој труд, посветен на државата).

Локацијата на *y* оската е 0.46 единици, што припаѓа на полето на модерен либерализам и модерна либерална држава. Очигледно е дека позицијата на оваа тврдење соодветствува со позицијата на целата популација, од каде што потенцијално се потврдени наводите дека истото е од клучно значење за општествените пристапи и нивната перцепција од страна на поединците. За разлика од позицијата на целата популација, која иако се наоѓа во полето на *модерен либерализам*, а е поблиску до *етатизмот* како идеологија, позицијата на ова тврдење е поблиску до *класичниот либерализам*, што е показател за поголемата или помала подготвеност за општествена промена во про-слободарска насока.

**242. Препораки за идеолошка и општествена промена**

Во однос на идеолошка и општествена промена кон послободно општество, во македонскиот контекст може да се заклучи следново:

Потребата од *идеолошка промена* ги следи функциите кои имаат просечна позиција во долниот триаголник на карото, како што се *образовно-културна* и *еколошка функција*, затоа што јавното мислење е позиционирано во полето на етатизам, и доколку се цели кон општествена промена во овие области на државното управување, пред се е потребна идеолошка. Како што е претходно наведено во делот 4, посветен на идеолошка и ошштествена промена, општествената во голем дел е поттикната од идеолошката, односно од притисокот на јавното мислење врз политичарите и другите релевантни чинители во општеството.

Потребата од *општествена промена* ги следи функциите кои имаат просечна позиција, најгоре, во горниот триаголник од карото, а тоа е *економско - финансиската функција*, каде јавното мислење е позиционирано во идеолошкото поле на *класичен либерализам*, што подразбира дека македонските граѓани во голема мера подржуваат општествена промена кон поголема економска слобода и политики на слободен пазар. Во оваа конкретна функција, која исто така е од големо значење не само за улогата на државата во општеството, туку и за слободата на поединците (секако и општествената благосостојба, зависна од економската функционалност и ефикасност) голем дел од идеолошката промена во слободарска насока е направена, а она што треба да следи е општествената.

# З А К Л У Ч О К

## Клучни поставки за слободарство, либерализам и либертаријанизам

Клучните поставки на првиот дел насловен како *Слободарство, либерализам и либертаријанизам*, имаат за цел да понудат краток одговор на истражувачките прашања, поставени во воведот, имено:

- Што претставува слободарство?
- Што претставува слобода?
- Кои се најзначајните историски претставници на слободарството и кои се нивните поставки?
- Што претставува слободарство?
- Кои се основните теории (философии, школи, идеологии или ставови) врз кои се темели или се манифестира слободарството?
- Кои се основните оправдувања за слободарството?
- Што претставува слободарски спектар?

За почеток слобода може едноставно да се дефинира како *поединечен простор* во кој поединецот делува кон преживуваање, унапредување на својот живот и потрага по својата среќа. Просторот е легитимно ограничен со правото на живот, неповредливост на физички интегритет и неповредливост на сопственост, а нелегитимно ограничен со употреба на насилство, закана со насилство и/или свесно делување со измама.

### *а.) Историја на слободарство*

Мислењата, ставовите и теориите кои ја тангираат слободата пред 19-ти век, можеби се оскудни, споредбено со оние во 19-ти и 20-ти век. Тоа е затоа што тогаш се појавиле сериозни научни сознанија за човековото делување, општеството и неговото функционирање, а либерализмот добил научна форма. Сепак, скоро сите подоцнежни сознанија ги содржеле сознанијата за слободата од оние, пред 19-тиот век, или во најмала рака биле инспирирани од истите. Просветителството е период во кој се раѓа либерализмот како таков, а 18-ти век е само вовед и силен поттик за постигнувањето на зенитот кој либерализмот ќе го доживее во 19-ти и 20-ти век.

Како дејци, со највисока вредност за слободарската идеа, за крај може да се издвојат Џон Лок, Адам Смит, Шарл Монтескје, како и Вилхелм вон Хумболт, и нивните философски, економски и правно-политички увиди.

Либерални концепти и феномени кои нашле на размислувања и изрази во делата споменатите философи, школи и теории, а имаат и современо значење се оние поврзани со рационалната природа на човекот, природно или морално-правните оправдувања на слободата и принципот на само-поседување, заложбите за слобода на изразување и вероисповест, општествена еволуција со мирољубиви и продуктивни сретства, слободен пазар и слободна трговија, јасна поделба на политичката власт, владеење на правото, секуларизација и спонтан поредок, утилитарните оправдувања за слободните пазари, моќта на општествено балансирање преку доброволни размени и односи, право на отфрлање на тиранија итн, како и, можеби најбитното, право на потрага по сопствената среќа за секој поединец, овозможена со лична слобода.

| ***Слободарство пред 19-ти век*** | | | |
|---|---|---|---|
| ***Кинеска античка слободарска традиција*** | | | |
| Лао Цу | 6-ти век пне | Кина | анти-етатизам |
| Менсиус | 4-ти век пне | Кина | анти-етатизам |
| Сократ | 5-ти век пне | Грција | скептицизам |
| Аристотел | 4-ти век пне | Грција | морализам |
| Епикур | 3-ет век пне | Грција | утилитаризам, епикурејанизам |
| ***Средновековно природно право*** | | | |
| Тома Аквински | 1225 – 1274 | Италија | природно право |
| ***Шпанска ренесанса и економската школа од Саламанка*** | | | |
| Франциско де Виториа | 1483 – 1546 | Шпанија | меѓународно право, слободна трговија, квантитативната теорија на парите |
| Доминго де Сото | 1494 – 1560 | Шпанија | меѓународно право, слободна трговија, квантитативната теорија на парите |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ***Француска ренесанса*** | | | |
| Етјен де Ла Боети | 1530-1563 | Франција | доброволно ропство, анти-етатизам, морализам |
| ***Холандски хуманизам*** | | | |
| Хуго Гроциус | 1583 – 1645 | Холандија | меѓународно право, природни права, универзална етика |
| Барух Спиноза | 1632 – 1677 | Холандија | рационализам, слобода на религија, слобода на изразување |
| ***Англиска ренесанса*** | | | |
| Магна карта либертатум | 1215 | Англија | владеење на право, презумпција на невиност |
| Томас Хобс | 1588 - 1679 | Англија | методолошки индивидуализам, општествен договор |
| ***Англиско-ирско просветителство*** | | | |
| Џон Лок | 1632 - 1704 | Англија | природни права, само-поседување, општествен договор, либерализам |
| Като писма | 1720-1723 | Англија | промоција на слобода |
| Томас Пејн | 1737 - 1809 | Англија | револуционерен либерализам, аболиционизам |
| Едмунд Бурк | 1729 – 1797 | Ирска | конзервативен либерализам, традиционални општествени институции |
| Џереми Бентам | 1748 – 1832 | Англија | утилитаризам |
| Вилијам Годвин | 1756 – 1836 | Англија | анархизам, градуелна општествена промена |
| ***Француско просветителство*** | | | |
| Шарл Монтескје | 1689 - 1755 | Франција | поделба на власт, конститутивен либерализам, утилитаризам |
| Волтер | 1694 – 1778 | Франција | рационализам, толеранција, слобода на израз |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Жан Жак Русо | 1712 – 1778 | Франција | општа волја, позитивна слобода, општествен договор |
| Декларација за правата на човекот и граѓанинот | 1789 | Франција | слобода, сопственост, безбедност и отпор кон угнетување |
| ***Шкотско просветителство*** | | | |
| Дејвид Хјум | 1711 – 1776 | Шкотска | личен интерес, општествена хармонија, емпиризам |
| Адам Смит | 1723 - 1790 | Шкотска | класична економска теорија, хомо-економикус, општествена хармонија |
| ***Германско просветителство*** | | | |
| Имануел Кант | 1724–1804 | Германија | идеализам, морализам, морален императив, поединечна автономија |
| Вилхелм вон Хумболт | 1767 – 1835 | Германија | ненасилна општествена промена, либерализам, држава-ноќен чувар |
| ***Американско просветителство*** | | | |
| Декларацијата за независност | 1776 | Америка | природни права, живот, слобода и потрага по среќа |
| Федералистички списи | 1788 | Америка | Републиканизам, федерализам, либерализам |
| Анти-федералистички списи | 1787-1790 | Америка | Републиканизам, анти-федерализам, анти-етатизам |
| Повелба за правата | 1791 | Америка | Републиканизам, слобода, човекови права |

**Табела 34:** Табеларен приказ на дејци и документи од интерес на слободарство пред 19-ти век

Слободарството во 19-ти век, инспирирано од големите дејци на просветителството, се чини дека има нагорна тенденција, како во поглед на идејните перспективи, така и во поглед на нивното актуелизирање во јавни политики, првенствено во САД и западна Европа, но и во други земји во светот.

Како дејци, со највисока вредност за слободарската идеа, во 19-ти век може да се издвојат Фредерик Бастиат, Пјер Жозеф Прудон, Џон Стјуарт Мил и Лисандер Спунер.

Либерални концепти и феномени кои наишле на размислувања и изрази во делата споменатите философи, школи и теории, а имаат и современо значење се оние поврзани со рационалната природа на човекот, природно-правните оправдувања на слободата и принципот на само-поседување, заложбите за слобода на изразување, вероисповест, израз, општествена еволуција со мирољубиви сретства, слободна трговија, секуларизација и спонтан поредок, утилитарните оправдувања за слободните пазари, како и моќта на општествено балансирање и поредок преку децентрализирани и доброволни размени и односи.

| ***Слободарство во 19-ти век*** | | | |
|---|---|---|---|
| ***Француска либерална школа*** | | | |
| Жан Батист Сеј | 1767–1832 | Франција | Сеј-ови закони, слобода на израз, слобода на трговија, спонтан поредок |
| Фредерик Бастиат | 1801 – 1850 | Франција | либерализам, опортунитетен трошок, слобода на трговија, законски грабеж |
| Алексис де Токвил | 1805 – 1859 | Франција | либерализам |
| Густав де Молинари | 1819 – 1912 | Белгија | пазарен анархизам, приватизација, пазаризација |
| ***Француски анархизам*** | | | |
| Пјер Жозеф Прудон | 1809 – 1865 | Франција | мутуализам, федерализам, анархизам, социјализам, сопственост |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ***Британски либерализам*** | | | |
| Дејвид Рикардо | 1772 – 1823 | Англија | теорија на компаративни предности |
| Ричард Кобден | 1804 – 1865 | Англија | слободна трговија, слободарски активизам |
| Џон Брајт | 1811-1889 | Англија | слободарски активизам |
| Џон Стјуарт Мил | 1806 – 1873 | Англија | либерализам, принцип на повреда, тиранија на мнозинство, утилитаризам |
| Херберт Спенсер | 1820 – 1903 | Англија | општествен дарвинизам, минархизам |
| Лорд Актон | 1834 – 1902 | Англија | морализам, моќ и корупција |
| ***Индивидуалистички анархизам*** | | | |
| Макс Штирнер | 1806 – 1856 | Германија | егоизам, морализам |
| Џошуа Ворен | 1798 – 1874 | Америка | анархизам |
| Хенри Девид Торо | 1817 – 1862 | Америка | аболиционизам, граѓанска непослушност, морализам |
| Френсис Дешвуд Тенди | 1867–1913 | Америка | анархизам, волунтаризам, мутуализам |
| Уберон Херберт | 1838 – 1906 | Америка | волунтаризам, доброволна влада |
| Лисандер Спунер | 1808 – 1887 | Америка | анархизам, морализам |
| Бенџамин Такер | 1854 – 1939 | Америка | анархизам, утилитаризам |
| ***Маргиналистичка економска револуција и Австриска економска школа*** | | | |
| Вилијам Џевонс | 1835 – 1882 | Англија | маргинална корисност, субјективна вредност, методолошки индивидуализам |
| Леон Валрас | 1834 – 1910 | Франција | маргинална корисност, субјективна вредност, методолошки индивидуализам |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Карл Менгер | 1840 – 1921 | Австрија | маргинална корисност, субјективна вредност, методолошки индивидуализам |

**Табела 35:** Табеларен приказ на дејци од интерес на слободарство во 19-ти век

Слободарството, како широка идеолошка традиција, својот академски зенит го доживува во 20-тиот век, преку различните погледи, толкувања и оправдувања на принципите поврзани со концептот на лична слобода. Секако, треба да се наведат философски, економските, правните и социолошки перспективи врз слободата, пазарите, државата и другите феномени од недвосмислено значење за општеството.

Започнувајќи со социолошката анализа на Опенхајмер, преку философските увиди и декларации на Џеј Нок, *освојувачката теорија* дава сериозни увиди во природата и потеклото на државата, кои се разодуваат со меинстрим теориите на општествен договор и слично. Научната *ренесанса*, во една општествено-економска смисла, слободарството ја доживува со појавата на *Австриската економска школа* и *пресметковните дебати* на Мисес и Хаек со социјалистите. Во периодот после Втората светска војна доста гласни се анти-тоталитаристите - Попер, Арент и Берлин, како и дистопистите како Орвел. Во истиот период во Америка, слободарството станува повторно популарно, најчесто познато под името класичен либерализам, либертаријанизам, објективизам, анархо-капитализам и сл кој ги ревитализира и обновува идеите на стариот либерализам и анархизам. Најпознати дејци од овој период се Лео Рид, Мареј Ротбард, Ејн Ренд, Роберт Нозик, итн. Следствено, слободарството добива на академска потентност со Милтон Фридман, и позната Чикашка Школа и Џејмс Бјукенен, со неговата теорија на јавен избор, и двата нобеловци во областа на економските науки.

Секако, слободарството, не го опфаќа стриктно само класичниот либерализам и догматскиот либертаријанизам, туку истото е отворено и за леви толкувања и тенденции на слободата, а тука се *блидинг харт слободарите*, како и *следбениците на индивидуалистичкиот или пазарниот анархизам* во Америка. Исто така, ги опфаќа и оние најпопуларните философи и теоретичари на либерализмот, и тоа Фукујама и Ролс.

Дваесеттиот век, иако период во кој етатизмот и насилството кој истиот го носи доживуваат фатална кулминација, истиот претставува можеби најплодниот период за различните оправдувања и анализи на слободата и другите принципи кои произлегуваат

или непосредно се поврзани со неа. Иако сите овие оправдувања, често биле поставени и одржувани антагонистички помеѓу самите себе, сепак, широката идеолошка традиција на слободарството ја прават побогата, а со самото тоа подостапна и попривлечна.

На почетокот на 21-ви век, во подем е слободарството со широк пристап (*big tent approach libertarianism*) кое опфаќа различни оправдувања и толкувања за слободата, под покровителство на Студенти за слобода и современите слободари активисти.

| ***Слободарство во 20-ти и 21-ви век*** | | | |
|---|---|---|---|
| ***Освојувачка теорија за настанување на државата*** | | | |
| Франц Опенхајмер | 1864-1943 | Германија | економски-политички начини, освојување, покорување |
| Алберт Џеј Нок | 1870 – 1945 | Америка | Либертаријанизам, морализам, политичка-општествена моќ |
| ***Австриска економска школа*** | | | |
| Лудвиг вон Мисес | 1881 - 1973 | Австрија, Америка | праксеологија, либерализам, човеково делување, улога на цени |
| Фридрих вон Хаек | 1899 - 1992 | Австрија, Америка | локално знаење, либерализам, спонтан поредок, идеолошка промена |
| ***Анти-тоталитаризам и дистопизам*** | | | |
| Карл Попер | 1902 – 1994 | Австрија, Англија | отворено општество, толеранција, анти-тоталитаризам, анти-историцизам |
| Џорџ Орвел | 1903 – 1950 | Англија | дистопизам, анти-тоталитаризам |
| Хана Арент | 1906 – 1975 | Германија, Америка | анти-тоталитаризам |
| Исаја Берлин | 1909 – 1997 | Русија, Англија | позитивна-негативна слобода |
| ***Американски либертаријанизам*** | | | |
| Хенри Хазлит | 1894 – 1993 | Америка | класичен либерализам, *laissez-faire* економија |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Леонард Рид | 1898 – 1983 | Америка | либерализам, *јас-молив*, радикален либерализам |
| Изабел Патерсон | 1886 – 1961 | Америка | класичен либерализам |
| Ејн Ренд | 1905 – 1982 | Русија, Америка | објективизам, радикален капитализам, личен интерес, рационализам |
| Мареј Ротбард | 1926 – 1995 | Америка | анархо-капитализам, морализам, либерален идеализам, радикализам, палеолибертаријанизам |
| Роберт Нозик | 1938 – 2002 | Америка | философски анархизам, морализам |
| Дејвид Фридман | 1945 - | Америка | анархо-капитализам, утилитаризам, радикален капитализам, приватизација |
| Ханс Херман Хопе | 1949 - | Германија, Америка | анархо-капитализам, пропертарианизам, приватизација, приватно право |
| ***Чикашка монетарна школа*** | | | |
| Милтон Фридман | 1912 – 2006 | Америка | неолиберализам, монетарна школа, слободна трговија, утилитаризам |
| Томас Совел | 1930 - | Америка | неолиберализам, утилитаризам |
| ***Теорија на јавен избор*** | | | |
| Џејмс Бјукенен | 1919 – 2013 | Америка | философски анархизам, јавен избор, колективна акција, утилитаризам |
| ***Современ анархо-капитализам*** | | | |
| Лу Роквел | 1944 - | Америка | Анархо-капитализам, палеолибертаријанизам |
| Волтер Блок | 1941 - | Америка | анархо-капитализам |
| Џефри Такер | 1963 - | Америка | анархо-капитализам |
| Боб Марфи | 1976 - | Америка | анархо-капитализам |
| ***Крипто-анархизам*** | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Тимоти Меј | 1951 - 2018 | Америка | крипто-анархизам, алтернативно владеење, дигитална децентрализација |
| ***Академски анархизам*** | | | |
| Ренди Барнет | 1952 - | Америка | кривично-правен анархизам |
| Питер Бетки | 1960 - | Америка | аналитички анархизам, Австриската економска школа |
| Едвард Стрингам | 1975 - | Америка | приватно управување, хаеков анархизам |
| Дејвид Остерфелд | | Америка | анархизам |
| Фред Фолдвари | 1946 – 2021 | Америка | радикална демократија |
| Питер Лисон | 1979 - | Америка | само-управување, само-регулирање, уставна ефикасност |
| Том Бел | | Америка | полицентризам, полицентрично право, корективна демократија |
| Алберт Хиршман | 1915 – 2012 | Америка | право на излез |
| Бруно Фреј | 1941 - | Америка | власт без територијален монопол, |
| Ерик Поснер | 1965 - | Америка | двојна демократија, квадратно гласање, гласање со свој џеб |
| Глен Вејл | 1985 - | Америка | двојна демократија, квадратно гласање, гласање со свој џеб |
| ***Конзервативен либертаријанизам*** | | | |
| Џона Голдберг | 1969 - | Америка | либерален фашизам |
| ***Палеолибертаријанизам*** | | | |
| ***Лев либертаријанизам*** | | | |
| Карл Хес | 1923 – 1994 | Америка | анархизам |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Гери Чартиер | 1966 - | Америка | пазарен анти-капитализам |
| Роберт Лефевре | 1911 – 1986 | Америка | автархизам, само-владеење |
| Семјуел Едвард Конкин 3-ти | 1947 – 2004 | Америка | агоризам, контра-економија |
| ***Блидинг харт либертаријанизам*** | | | |
| ***Идеалистички либерализам*** | | | |
| Френсис Фукујама | 1952 - | Америка | либерализам, крај на историјата, историцизам, идеализам |
| ***Реалистички либерализам*** | | | |
| Роберт Каган | 1958 - | Америка | интервенционистички либерализам, враќање на историјата, демократска-автократска оска |
| ***Социјален (модерен) либерализам*** | | | |
| Џон Ролс | 1921 – 2002 | Америка | либерализам, прераспределувачка правда, морализам |
| ***Ордолиберализам*** | | | |
| ***Отворено слободарство*** | | | |
| Том Палмер | 1956 - | Америка | мир, љубов, слобода |
| Имон Батлер | 1953 - | Велика Британија | слободно општество |
| Мери Руарт | 1949 - | Америка | духовен либертаријанизам |

**Табела 36:** Табеларен приказ на дејци во 20-ти и 21-ви век

***б.) Слободарски спектар (libertarian spectrum)***

Слободарството претставува широка идејна традиција, која опфаќа мал куп на теории, философии, ставови, оправдувања и толкувања кои ја зацврстуваат слободата како основен општествено-политички принцип, заедно со феномените кои се надоврзуваат на истата, како што се индивидуализам, не-поттикнување насилство, само-поседување, слободан пазар и ненасилна моќ. Имајќи го во предвид тоа што истата опфаќа различни идеолошки традицаа, може да се направат еден или повеќе спектри кои ќе ги посочат и систематизираат различностите во истото.

Основната дистинкција која се појавува во слободарството, неговото толкување, па и во рамките на слободарските движење, е онаа на оправдување на самата идеа на слобода. Аналогно, како што и претходно е наведено, слободарите во принцип може да се поделат на *моралисти* и *утилитаристи*. Секако, овие тенденции во рамките на слободарството не се заемно исклучиви, и секој сериозен деец на слободата, ги вјармува и двете во процесите на нејзина промоција.

| ***Варијации на слободарство*** | | | |
|---|---|---|---|
| Либерализам | Класичен либерализам | Социјален либерализам | Ордолиберализам |
| Либертаријанизам | Палеолибертаријанизам | Блидинг харт либертаријанизам | Конзервативен либертаријанизам |
| Анархизам | Анархо-капитализам | Пазарен анархизам | Индивидуалистички анархизам |
| Капитализам | Радикален капитализам | Пазарен анти-капитализам | Мутуализам |
| Волунтаризам | Пропертаријанизам | Објективизам | Агоризам |
| Радикална демократија | Само-управување | Полицентризам | Власт без територија |
| Крипто-анархизам | Двојна демократија | Пазаризам | *Отворен* либертаријанизам |

**Табела 37:** Табеларен приказ на варијации на слободарство

Втората дистинција во рамките на слободарската традиција претставува различните осврти кон државата и потребата од нејзино постоење. Така, традицијата ги вклучува минархистичката и анархистичката позиција Втората, отфрла секаква потреба за постоење на држава, сметајќи ја за *неправедна* и *некорисна* општествена структура. Додека, минархистичката, ја посочува неопходноста од постоење на држава, како нужно општествено зло, но со посебен фокус врз потребата на ограничување на нејзината моќ и надлежности. Така, минархистичката позиција, опфаќа два концептуални видови на држава, и тоа држава ноќен-чувар и минимална држава. Секако постои меѓупозиција, која најчесто е составена од дејци што во своите промисли и истражувања ја адаптираат анахристичката позиција (философски анархизам), но не ја гарантираат можноста или одржливоста на анархистичко општество (Нозик, Бјукенен и слично).




**Слика 137:** Графички приказ на спектарот на изми за слобода и видови на држава на слободарскиот триаголник на идеолошкото каро

Третата дистинкција може да се надоврзи на поделбата на *радикално* и *градуелно слободарство*. Истата во себе вклучува повеќе различно вредносно и стратешко поставени струи на слободарството. Радикализмот е струја, првично во однос на стратегијата за општествена промена кој самата цел на идеата, и дополнително во себе опфаќа толкување на слободарството како нужно *анти-државна идеа* и идеа која потекнува од определен

морален сет на вредности (палеолибертаријанизам и конзервативен либертаријанизам). Од друга страна, градуализмот, е спротивна струја, која во себе вклучува постепен пристап во општествената промена, односно слободарство како процес, слободарство без цврста морална основа, или морален релативизам, отворено слободарство итн.

| ***Спектар на слободарство*** | |
|---|---|
| Морализам | Утилитаризам |
| Анархизам | Минархизам |
| Радикализам | Градуализам |
| Слободарство како цел | Слободарство како процес |
| Палеолибертаријанизам | Либертинизам |
| Конзервативен либертаријанизам | Морален релативизам |
| Догматски либертаријанизам | Отворено слободарство |
| Анти-државно слободарство | Реформско слободарство |

**Табела 38:** Табеларен приказ на слободарски спектри

***в.) Дихотомии на слободарството и врховизмот***

Слободарството и врховизмот, како две спротивставени тенденции во поглед на општествено-политичкото уредување на определена територија, наједноставно, но и најдецидно би се претставиле преку дихотомии на основните поими во истото.

Основен поширок философски пристап на слободарството е *индивидуализмот*, наспроти колективизмот. Индивидуализмот го зема поединецот како главен субјект во однос на уредувањето, за разлика од колективизмот, кој зема општествена група (нација, раса, класа и сл) или своја перцепција за *општо добро*. Во слободарството, централна вредност е слободата, додека во колективизмот, истата е маргинализирана, со легитимирање на принудата како релевантен метод во уредувањето. Слободата овозможува слободно делување, а како резултат на истото постојат доброволни односи, за разлика од принудните односи, кои го ограничуваат слободното делување. Во слободно општество, доминантниот дел од регулацијата ја врши слободниот пазар, преку своите механизми на

побарувачка и понуда, додека пак во не-слободно или врховистичко општество, истата ја врши, или се труди да ја врши државата, преку нијзиниот апарат - монопол на физичка принуда. Слободната иницијатива претставува *зачеток* на секоја економската активност во слободното општество, за разлика од планирање *од горе*, во едно врховистичко. Поширокиот општествен резултат на актуелизација на идеите на слободарството се нарекува *спонтан поредок*, кој се појавува како сума на различните поединечни делувања и доброволни општествени односи, додека пак на врховистичките е *наметнат ред*.

| ***Дихотомии на слободарството*** | |
|---|---|
| ***Слободарство*** | ***Врховизам*** |
| Индивидуализам | Колективизам |
| Слобода | Принуда |
| Слободно делување | Ограничено делување |
| Доброволни односи | Принудни односи |
| Слободен пазар | Држава |
| Слободна иницијатива | Централно планирање |
| Спонтан поредок | Наметнат ред |

**Табела 39:** Табеларен приказ на дихотомии на слободарство и врховизам

**Клучни поставки за држава, власт и критика**

Клучните поставки на овој дел насловен како *Држава, власт и критика*, имаат за цел да понудат краток одговор на истражувачките прашања, поставени на почетокот на текстот, имено:

- Што претставува држава?
- Кои се теориите за настанок на државата?
- Кои се основните показатели за емипириско претставување на државата?
- Кои се функциите на државата во општеството?
- Кои се активностите на државата?
- Кои се (слободарските) критики на државата?

- Кои се концептуални видови на држави?

***а.) Sui generis општествена организација***

Државата претставува организација, субјект, ентитет, заедница, апарат, механизам, групација на луѓе или инструмент, од каде произлегува дека истата може да биде предмет на анализа. Таа делува во рамките на општеството, што значи истата е општествена (групација, субјект, ентитет….) и аналогно на тоа може да се оддели од истото, како и претходно дефинирано. Во нејзиното функционирање (поставување на цели и нивно постигнување), универзално се повикува на својот *монопол на физичка принуда*, т.е. само државата, во рамките на (современото) општество може да користи сила, или најчесто користи закана со употреба на сила, загарантирана со нејзините институции на војска и полиција. Од економска гледна точка, монопол претставува екслузивен посед или контрола на понуда за определено добро или услуга. Заклучувачки, државата е единствениот *легитимен* монопол на физичка принуда во општеството.

Државата е *sui generis* општествен субјект, затоа што не предвидува поединечна *согласност* или *право на излез* на субјектите (физички и правни лица), туку е задолжителна за нив, како и тоа дека е единствената организација во рамките на општеството која има легитимитет да употреби сила или закана за сила, во процесите на нејзиното делување. Дополнително, има (скоро) екслузивно овластување да го организира општествениот живот, и тоа како гарант на *човековата слобода и имот*, регулатор на економските текови, организатор на функционирањете на здравствените, образовни и социјални текови, како и други ингеренции, кои се проследени со различни ефекти, од морален, економски, правен, социолошки, здравствен и културолошки аспект. Се финансира од даноци, или принудно одземање на дел од заработеното - сопственоста на нејзините субјекти, под закана од употреба на сила.

Секако, се додека употребува сила во нејзиното делување, она што ја прави различна од *криминална банда е нејзиниот легитимитет*, односно верба или премолчно и пасивното (или активното) прифаќање на нејзината природа и начинот на функционирање, од страна на поединците над кои ја врши својата власт. Историски, нејзиното потекло може да се лоцира во процесите на освојување на територии, остварување на власт над истите, одземање на дел од заработеното на поединците кои живеат на тие територии и

ограничување на нивните делувања. Постојат параметри преку кои што може да се издвои, анализира, мери, спореди, како во рамките на општествените текови, така и во однос на слични и идентитчни ентитети - држави, во меѓународната заедница.

| | ***Слободарски пристап*** | ***Врховистички пристап*** |
|---|---|---|
| *Структура* | Децентрализирана | Централизирана |
| *Философски пристап* | Индивидуализам | Колективизам |
| *Моќ* | Неизнудена | Изнудена (политичка) |
| *Правна основа* | Договор | Наредба |
| *Општествен резултат* | Поредок | Ред |
| *Субјект* | Поединци и здружувања | Држава |
| *Политичка последица* | Бездржавие | Тотална држава |
| *Централна вредност* | Поединено само-поседување | Општо добро |

**Табела 40:** Табеларен приказ на пристапите кон општествено уредување

***б.) Реална перспектива на државата***

За разлика од нормативната перспектива на државата, која во принцип одговара на нејзината нормативна поставеност и како треба да функционира во рамки на општеството, реалната перспектива ја аспектира како општествен субјект кој постои и делува во општеството, и аналогно има за цел да даде одговор на прашањето како може државата да се измери и каков е нејзиниот став кон поединците кои живеат под нејзина надлежност.

Реалната перспектива на државата нуди два аспекта за анализа на истата, и тоа пасивна и активна страна, кои се збир на повеќе показатели. Така, пасивната страна се однесува на *големината на државата* во општеството, а истата може да се прекажи преку сет на показатели кои нудат територијална, човечка, фискална, организациона, нормативна и услужна перспектива. Наспротив пасивната, активната страна се однесува на *ставот на државата* во општеството, и е прикажана преку показатели од принудна, перспектива на отвореност, прохибициона, кривична, економска, перспектива на владеење на право, на демократија, на локална власт и меѓународна перспектива. Со помош на овие показатели

може да се изведе заклучок колкава е големината на државата во општеството, што може да варира од минимална до тотална држава, како и кој е ставот на државата кон општеството, кој исто така може да варира од либерална до тиранска држава.

| ***Реална перспектива на држава*** | |
|---|---|
| ***Пасивна страна*** | ***Активна страна*** |
| Територијална перспектива | Принудна перспектива |
| Човечка перспектива | Перспектива на отвореност и транспарентност |
| Фискална перспектива | Прохибициона перспектива |
| Организациона перспектива | Кривична перспектива |
| Нормативна перспектива | Економска перспектива |
| Услужна перспектива | Перспектива на владеење на право |
| | Перспектива на демократија |
| | Перспектива на локална власт |
| | Меѓународна перспектива |

**Табела 41:** Табеларен приказ на реална перспектива на државата

Реалната перспектива на државата исто така нуди и функционален осврт на истата, и дава седум различни функции кои државата има (може да ги има) во рамките на општеството, како што се *духовно-идентитетска*, *безбедносно-правосудна*, *воспитувачко-етичка*, *економско-финансиска*, *социјално-здравствена*, *образовно-културна* и *еколошка функција*. Првите три функции имаат десна димензија, додека останатите четири имаат лева.

| ***Функции на модерна држава*** | |
|---|---|
| ***Држава-татко*** | ***Држава-мајка*** |
| Духовно-идентитетската | Економско-финансиска |

| | |
|---|---|
| Безбедносно-правосудната | Социјално-здравствена |
| Воспитувачко-етичката | Образовно-културна |
| | Еколошка |

**Табела 42:** Табеларен приказ на функции на држава и концепти на држава

Во однос на активностите кои ги презема во рамките на општеството, може да се издвојат и анализираат во неколку групи. Првична активност на државата е *практикување на власт* над определена територија и определено население. Второ, државата врши нормирање, извршување на нормираното и пресудување во конкретни случаи. Трето државата делува во форма на: оданочување, задолжување, трошење на финансии; печатење на валута, субвенционирање, продавање и купување; забранување, цензурирање, воспотување, прогонување и санкционирање; регистрирање, собирање и анализа на податоци; контролирање, ограничување на делувања, стандардизирање и дозволување; национализирање, експропријација и конфискација; образување, лекување, култивирање, и грижа за лица на маргините; организирање, администрирање, избирање, отпуштање и комуницирање. Активноста на држава е претставена од овие поединечни делувања во процесот на практикување на својата улога во општеството.

| ***Активности на модерна држава*** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ***Практикување на власт*** | | | | |
| Нормирање | | Извршување | | Пресудување |
| Оданочување | | Задолжување | | Трошење |
| Печатење валута | | Субвенционирање | Продавање | Купување |
| Забранување | Цензурирање | Воспитување | Прогон | Санкции |
| Регистрирање | Собирање на податоци | | Анализа на податоци | |
| Контрола | Ограничување | Стандардизирање | | Дозвола |
| Национализирање | | Експроријација | | Конфискација |
| Образување | Лекување | Култура | Социјална грижа | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Организирање | Администрира | Избирање | Отпуштање | Комуникација |

**Табела 43:** Табеларен приказ на активности на модерна држава

Кога станува збор за (слободарската) критика на држава, истата може да има барем два аспекти, и тоа морален и утилитарен. Моралната критика тргнува од поединецот и принципот на само-поседување, кој е потенцијално загрозен од постоење и делувањето на државата во општеството.

| ***Повреда на поединечна слобода*** | |
|---|---|
| *Непосредна повреда* | *Посредна повреда* |
| *Употреба на сила* | *Закана со употреба на сила* |
| Лишување од живот, смртна казна | Изнуда |
| Одземање, загрозување, оштетување на имот | Рекет |
| Затворање, нарушување на слобода на движење, собирање | Наметнување |
| Шпиунирање, контрола, нарушување на приватност | Измама |

**Табела 44:** Табеларен приказ повреди на поединечна слобода

Утилитарната критика го аспектира општеството како целина, а кај државата воочува недостаток на ефикасност за обезбедување на функциите односно услугите кои се во нејзина надлежност, базирана врз Австриската економска школа и *проблемот на знаењето* и *цените*.

| ***Мешање на државата во економијата*** | |
|---|---|
| ***Непосредно мешање*** | ***Посредно мешање*** |
| Оданочување и јавните финансии | Монетарна политика |
| Забрани за извршување на определени деловни активности | Субвенционирање |
| Активен субјект во деловните односи | Социјалните издатоци |

| | |
|---|---|
| Непосредна контрола на цени | Регулации и стандардизации |
| Експропријацијата, национализицијата, или конфискацијата | |

**Табела 45:** Табеларен приказ на мешање на државата во економијата

***в.) Концептуални видови на држава***

Врз основа на показателите од анализата, како и функциите на државата, изведени се два генерички типа на држави, и тоа држава-мајка и држава-татко. Државата-мајка има карактеристики кои се лево ориентирани, и често се поврзани со грижа, субвенции и други форми на мека моќ, изразени од политичките центри на моќ. За разлика од нив, државата-мајка, влече *десни* карактеристики и е често поврзана со моќта на државата да казнува, да забранува, да влезе во улога на морален судија, и слично.

Освен генеричките видови на држава, постојат осум видови на концептуални држави, и тоа: *ултра-минимална*, *држава ноќен чувар*, *социјална* и *конзервативна минимална*, *социјална либерална* и *национална либерална*, *социјална* и *нација-држава*, *лева и десна автократска* (*социјалистичка* и *фашистичка*), *лева и десна тоталитарна* (*комунистичка* и *нацистичка*), како и *тотална држава*. Од друга страна, постои и општествена состојба на бездржавие, во која не постои држава.

Видовите на држави, исто така може да се групираат и во два триаголници, односно *слободарски триаголник*, во кој спаѓаат *ултра-минимална*, *држава ноќен чувар*, *социјална* и *конзервативна минимална*, *социјална либерална* и *национална либерална држава*, и *врховистички триаголник*, со *социјална* и *нација-држава*, *лева и десна автократска* (*социјалистичка* и *фашистичка*), *лева и десна тоталитарна* (*комунистичка* и *нацистичка*) и *тотална држава*.




**Слика 138:** Графички приказ на концептуални видови на држава

**Клучни поставки за идеолошка и општествена промена**

Клучните поставки за делот насловен како *идеолошка и општествена промена*, имаат за цел да понудат краток одговор на истражувачките прашања, поставени во воведот, имено:

- Како идеите го менуваат општеството?
- Што претставува идеологија и дали слободарството е идеологија?

- Што претставува идеолошка, а што општествена промена?
- Што претставува идеолошка (пот)свест?
- Кои се стратегии за општествена промена?
- Кои се активности и субјекти за идеолошка и општествена промена?
- Кои се политичките процеси на општествена промена?

***а.) Актуелизирање на идеи во реалност***

Идеологијата, во најопшта смисла, претставува феномен кој може да се објасни како збир од верувања за светот и негово функционирање. Политичка идеологија претставува сет од идеи за функционирањето на општествените текови и процеси, заедно со критика на општественото статус-кво, и секако алтернатива на истото. Во најконкретната смисла на овој труд идеологијата се манифестира како збир од верувања и ставови за конкретната и посакуваната улога на државата во едно општество, и тоа низ нејзината активна и пасивна димензија. Генеричкиот поим на идеологија се состои од три поставки, и тоа *еидологија*, односно пасивната страна на идеологијата, онаа која ја објаснува општествено-политичката реалност., *идеелогија*, односно активната страна, онаа која го проектира начинот кон посакуваната промена, и *идеотелија*, или самата цел на идеологијата, манифестирана како алтернативното посакувано општество.

Слободарството може да се класифицира како идеолошка традиција, затоа што истата ги содржи основните поставки на идеологијата. Имено, еидологијата на слободарството претставуваат моралните и утилитарните оправдувања за слободата, идеелогијата е стратегијата за слободарска промена и идеотелијата е целта на по(слободно) општество.

| ***Идеологија*** | ***Значење*** | ***Слободарство*** |
|---|---|---|
| Еидологија | Критика на реалноста и оправдување за идеата | Морално и утилитарно оправдување за слободата |
| Идеелогија | Стратегија за постигнување на целта на идеологијата | Мироључбива општествена промена преку идеолошка промена |
| Идеотелија | Алтернативна реалност или | (По)слободно општество |

| | | |
|---|---|---|
| | цел на идеологијата | |

**Табела 46:** Табеларен приказ на поставки на идеологија и слободарството

Идеолошката (пот)свест, ги опфаќа разбирањата, гледиштата и ставовите за идеите, вредностите и основните принципи, според кој поединецот го аспектира општественото функционирање, основите институции во неговото функционирање, како и позицијата на поединецот, во однос на општеството. Во рамки на трудот, идеолошката свест или потсвест може да се манифестира во размислувања, гледишта и ставови на поединците, во однос на улогата на државата, низ призма на нејзината активна и пасивна димензија. Постојат два генерички типови на идеолошка (пот)свест, и тоа *врховистичка* и *слободарска*.

Врховистичката (пот)свест, може да се идентификува со следните идеологии, или изми, и тоа: *велферизам*, *национализам*, *лев авторитарианизам* (*социјализам*), *десен авторитарианизам* (*фашизам*), *лев тоталитаризам* (*комунизам*), *десен тоталитаризам* (нацизам), *национал-болшевизам* и *тотализам*.

Од друга трасна слободарската (пот)свест може да се идентификува со: *лев* или *социјален либерализам*, *десен* или *национален либерализам*, *блидинг харт либертаријанизам*, *конзервативен либерализам*, *либертаријанизам*, *волунтаризам* и *анархизам*.




**Слика 139:** Графички приказ на спектар од концептуални видови на идеологии со кои може да се идентификува идеолошката (пот)свест




**Слика 140:** Графички приказ на спектар од концептуални видови на држави со кои може да се идентификува идеолошката (пот)свест

Идеолошка промена се однесува на промената на идеолошката (пот)свест кај поединецот. Општествена промена се однесува на онаа промена во општеството, која е поврзана со функционирањето во рамките на истото, кое пак е делумно одредено од основните правно-политички институции и поставености во општеството. Низ призмата на политичките науки, општествената може да се поистовети со политичко-институционална промена Постојат мирољубива и насилна општествена промена. Мирољубивата отфрла секакви насилни средства за постигнување на промена, додека пак насилните промени, ползуваат и ненасилни средства за постигнување на истата. Идеолошката промена, е главен предуслов за настапување на мирољубива општествена промена.

Слободарската општествена промена е скоро екслузивно мирољубива промена насочена кон (по)слободно општество. Истата е иницирана од идеолошка промена, промена на јавното мислење и политичко-институционална промена. Постојат повеќе стратегии за промена во рамки на слободарството, и тоа *едукационизам*, *културалзиам*, *радикализам*, *градуализам*, *лидерство и претприемништво*, *граѓанска непослушност и контра-економија*, *дигитална (мим) револиција*, *популизам*, итн. Сите овие стратегии не се ексклузивни и впрегнуваат активности и од останатите стратегии. Аналогно на тоа, еден сериозен субјект за општествена промена, би требало да користи активности од сите стратегии. Дополнително, постојат голем број активности кои ги преземаат субјектите за општествена промена, и истите се групирани во неколку групи: *образование*, *застапување*, *проширување*, *градење на заедници* или *мобилизација*, како и *политичко делување за идеите*.

| ***Стратегии и активности за промена*** | |
|---|---|
| ***Стратегии*** | ***Активности*** |
| Едукационализам | Образование и проширување на идеите |
| Културализам | Градење на заедници или мобилизација за идеите |
| Радикализам | Образование, проширување, застапување и политичко делување за идеите |

| | |
|---|---|
| Градуализам | Образование, проширување, застапување и политичко делување за идеите |
| Лидерство и претприемништво | Образование, градење на заедници или мобилизација за идеите |
| Граѓанска непослушност и контра-економија | Градење на заедници или мобилизација за идеите |
| Дигитална (мим) револуција | Образование и проширување на идеите |
| Популизам | Градење на заедници или мобилизација и политичко делување за идеите |

**Табела 47:** Табеларен приказ на стратегии и соодветни активности за промена

Кога станува збор за субјектите за промена, истите може да се систематизираат во четири групи, и тоа *популаризери*, *инфлуенсери*, *мобилизери* и *градители*.

| ***Видови на субјекти за промена, цели и нивни темелни активности*** | | |
|---|---|---|
| ***Видови*** | ***Цели*** | ***Активности*** |
| Популаризери | Промена на јавно мислење | Образование и проширување на идеите |
| Инфлуенсери | Промена на јавни политики | Застапување и политичко делување за идеите |
| Мобилизери | Ангажирање на јавноста | Градење на заедници или мобилизација за идеите |
| Градители | Подобрување на капацитет на слободарски субјекти | Образование и градење на заедници или мобилизација за идеите |

**Табела 48:** Табеларен приказ на видови на субјекти, цели и нивни активности

Слободарската промена се манифесира во општеството преку одвивање на два политички процеса и тоа, *либерализација* и *приватизација*. Првата се однесува на либерализирање или омекнување на ставот на државата кон човековите делувања и општествените односи, додека приватизацијата го опфаќа намалувањето на надлежностите и севкупниот делокруг на државата.

| ***Политички процеси за општествена промена кон (по)слободно општество*** | |
|---|---|
| ***Либерализација*** | ***Приватизација*** |
| Намалена употреба на принуда | Намалување на бројот на буџетари |
| Поголема отвореност и транспарентност | Намалување на јавни трошења |
| Намалување на забрани | Адаптирање поедноставна организациона поставеност |
| Намалување на кривични дела и олабавување на кривични санкции | Намалување на нормативен делокруг |
| Либерализација на економските односи и зајакнување на слободна економија | Намалување на делокруг и услуги |
| Зајакнување на владеење на право | |
| Подобрување на демократски механизми | |
| Зголемување на децентрализација | |
| Адаптирање на мирољубива надворешна политика и поттикнување на слободна трговија | |

**Табела 49:** Табеларен приказ на политички процеси за општествена промена

Влијанието кое субјектите на промена го изразуваат е *идеолошко* и/или *општествено*.

| ***Влијание и конректни активности на организациите за промена*** | |
|---|---|
| ***Идеолошко влијание*** | ***Општествено влијание*** |
| Публикации, истражувања, јавни настапи, конференции, школи, едукативни активности, социјални активности | Граѓански иницијативи, протести, предлог закони, лобирачки активности, инволвирање во политички процеси |

**Табела 50:** Табеларен приказ на поставки на идеологија и слободарството

На глобално ниво, постојат голем број на конкретни субјекти кои работаат на идеолошка и општествена промена кон (по)слободно општество. Најзначајните се лоцирани во САД, Канада и Европа, но секако дека постојат и други субјекти со огромно значење за процесите на промена.

| ***Организација*** | ***Основање*** | ***Седиште*** | ***Географски фокус*** | ***Мисија*** | ***Вид на организација*** | ***Толкување на слободарство*** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Студенти за Слобода | 2008 | Вашингтон | Глобална | Образование, развој и зајакнување на слободарски лидери | Градители и популаризери | слободарството како широк пристап |
| Атлас Мрежа | 1981 | Арлингтон | Глобална | Поттикне зголемувањето на светскиот просперитет, преку зајакнување на мрежа на независни и партнерски организации | градители | слободарството како широк пристап |
| Херитиџ Фондација | 1973 | Вашингтон | САД | Формулира и промовира јавни политики основани врз принципите на слободна економија, ограничена власт, лична слобода, традиционални Американски вредности и силна национална одбрана | инфлуенсери | Конзервативен либертаријанизам |
| Фрејзер Институт | 1974 | Ванкувер | Канада | Подобрување на квалитетот на животот на канаѓаните, нивните фамилии и идните генерации преку изучување, мерење и комуницирање на ефектите на владините политики, претприемништвото и изборот, врз нивната | инфлуенсери | Класичен либерализам |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | благосостојба | | |
| Монт Пелерин Друштво | 1947 | Лубок | Глобално | Придонес кон зачувувањето и унапредувањето на слободното општество | популаризери | Класичен либерализам |
| Като Институт | 1977 | Вашингтон | САД | Создавање, дисеминација и унапредување на решенија, врз принципите на поединечна слобода, ограничена власт, слободни пазари и мир | инфлуенсери | Класичен либерализам, американски либертаријанизам |
| Мисес Институт | 1982 | Аубурн | САД | Промоција на учења и истражување на Австриската економска школа, поединечната слобода, искрената (алтернативна) историја и меѓународниот мир | популаризери | Анархо-капитализам |
| Меркатус Центар | 1980 | Арлингтон | САД | Генерира знаење и разбирање за институциите кои влијаат слободата да просперира и да пронајде одржливи решенија за да се надминат пречките кои ги спречуваат поединците да живеат слободни, просперитетни и мирни животи | популаризери и градители | Класичен либерализам |
| Национална Унија на Даночни Обврзници | 1969 | Вашингтон | САД | Постигнување поволни услови, со користење на најефективниот тим на даночни обврзници во Капитол Хил и во државите | мобилизери | Конзервативен либертаријанизам |

**Табела 51:** Табеларен приказ на организациите на глобално ниво

| *Организација* | *Основање* | *Седиште* | *Географски фокус* | *Мисија* | *Вид на организација* | *Толкување на слободарство* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Институт за Економски Прашања | 1955 | Лондон | Глобално | Подобрување на разбирањето на фундаменталните институции на слободно општество, преку анализа и изложување на улогата на пазарите во процесите на решавање на економски и општествени проблеми | популаризери и инфлуенсери | класичен либерализам |
| Адам Смит Институт | 1977 | Лондон | Глобално | Ползување на слободните пазар за да се стави крај на сиромаштијата во Британија и низ светот | популаризери и инфлуенсери | класичен либерализам и нео-либерализам |
| Фондација Фридрих Нојман | 1958 | Бон | Глобално | Основана врз принципите на либерализмот и нуди политичко образование во Германија и надвор од неа. | популаризери и градители | либерализам |
| Европски Либерален Форум | 2007 | Брисел | Европа | Создавање на либерални решенија на европските проблеми, преку истражувања, настани и тренинзи | инфлуенсери и градители | либерализам |
| Институт Бруно Леони | 2003 | Торино и Милано | Италија | Придонесе кон италијанскиот политички дискурс, да овозможи соодветна процена на улогата на слободата и | популаризери | класичен либерализам |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | слободната економија, како темели за изградба на просперитетно и отворено општество | | |
| Ејн Ренд Центар Европа | 2016 | Белград | Глобално | Унапредување на идеите на објективизмот на глобално ниво и градење на светска Џон Галт мрежа | популаризери и градители | објективизам |
| Литвански Фри-маркет Институт | 1990 | Вилнус | Литванија | Гаење на средина на слободен пазар, која ги охрабрува луѓето на Литванија да ги постигнуваат своите цели, на начин кој е конструктивен на општествените заеднички интереси, а не преку мешање на владата | популаризери и инфлуенсери | класичен либерализам |

**Табела 52:** Табеларен приказ на организациите во Европа

| ***Организација*** | ***Основање*** | ***Седиште*** | ***Географски фокус*** | ***Мисија*** | ***Вид на организација*** | ***Толкување на слободарство*** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Асоцијација за Либерално Мислење | 1992 | Анкара | Турција | Да ја воведе богатата интелектуална традиција на либерално-демократската цивилизација во турското општество; да се вклучи во активности кои промовираат разбирање и прифаќање на вредности и концепти како што се слобода, правда, толеранција, мир, човекови права, | популаризери | либерализам |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | владеење на право; да охрабри академски истражувања на либерални теми, и да проднесе ефикасни либерални решенија на политичките и економските проблеми во Турција | | |
| Центар за Либерални Стратегии | 1994 | Софија | Бугарија | Да понуди длабоки и внимателни експертски анализи, поврзани со тековните прашања од политичкиот, економскиот и општествениот живот, како и нови пристапи, и да бара провокативни перспективи преку кои ќе постигне подобро разбирањеза процесите во земјата, регионот и светот | популаризери | либерализам |
| Либертаријански Клуб ЛИБЕК | 2008 | Белград | Србија | Толкување и носење на економски проблеми поблиску до публиката преку економски анализи и студии | популаризери и инфлуенсери | класичен либерализам |
| ЛИПА | 2016 | Загреб | Хрватска | Се темели на неколку принципи, како што се помали даноци, намалување на јавниот долг, ефикасност, транспарентност и помала администрација. | мобилизери | класичен (економски) либерализам |
| МУЛТИ | 2011 | Тузла | Босна и Херцеговина | Унапредување на економските и сите останати слободи на | популаризери и инфлуенсери | класичен либерализам |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | граѓаните на Босна и Херцеговина | | |
| КЕФИМ | 2011 | Атина | Грција | Да ги зголеми поединечните и економските слободи на Грците, преку промоција на либерални идеи и предлози за јавни политики | популаризери и инфлуенсери | класичен либерализам |
| Институт за Јавна Политика и Добро Владеење | 90-тите години | Тирана | Албанија | Придонес во јавната реализација и вклучување во предизвиците на доброто владеење, преку развој и промоција на алтернативи, за поголем квалитет во јавниот и приватниот сектор на управување | популаризери | либерализам |
| Либертаниа - ЦСП | 2015 | Битола | Македонија | промоција и образование на идеите на поединечна слобода, слободни пазар и слободно општество, преку активно вклучување на млади луѓе и поттикнување на слободарска соработка | популаризери | слободарството како широк пристап |

**Табела 53:** Табеларен приказ на организациите на Балканот

Постојат одреден број на примери на мироЉубива слободарска промена, а меѓу најбитните може да се истакнат: *Ричард Кобден и движењето за слободна трговија во Велика Британија*; *Тачер, Реган и економскиот либерализам во ОК и САД*; *Лех Валенса, движењето Солидарност и полската транзиција*; *Вацлав Хавел, Кадифената револуција и чешката транзиција*; како и *Март Лаар, Естонија и радикалните реформи*.

| *Субјекти на промена* | *Географски регион* | *Временски период* | *Клучни поставки на промена* |
|---|---|---|---|
| Ричард Кобден и движењето за слободна трговија | Велика Британија | 1839 - 1860 | Промена на јавно мислење |
| Маргарет Тачер и Роналд Реган | Обединето Кралство и САД | 1979 - 1990 | Политичко делување за промена |
| Лех Валенса | Полска | 1980 - 1989 | Граѓанска мобилизација и ненасилен отпор за промена |
| Вацлав Хавел | Чешка | 1976 - 1989 | Граѓанска мобилизација и ненасилен отпор за промена |
| Март Лаар | Естонија | 1992 - 1994 | Политичко делување за промена |

**Табела:** Табеларен приказ на примери за слободарска општествена промена

**Клучни поставки за идеолошко каро и прозорци на јавни политики**

Клучните поставки за делот насловен како *идеолошко каро и прозорци на јавни политики*, имаат за цел да понудат краток одговор на истражувачките прашања, поставени во воведот, имено:

- Што претставува идеолошко каро?
- Кои идеологии и држави се дел од идеолошкото каро?
- Што претставва Овертонов прозорец на политички можности?
- Како може емпириски да се претстави моделот на прозорци на јавно мислење?
- Кои се тврдења од анектниот прашалник?
- Која е целта на моделот на Овертонов прозорец?
- Кои се примери за слободарска промена?

***а.) Политички спектар и идеолошко каро***

Политички спектар е графички, односно геометриски приказ на концептуален модел, кој опфаќа повеќе различни политички теории, идеологии и ставови, кои со помош на истиот се класифицирани, систематизирани, градирани и споредени, врз основа на претходно определени показатели.

Целта на политичкиот спектар е на наједноставен, односно на графички начин да ги прикаже овие теории, идеологии и ставови и да ги класифицира во определени идентификациони групи, да ги систематизира по определени заеднички карактеристики, и секако, меѓусебно да ги градира и спореди. Дополнително, политичкиот спектар претставува инструмент за поединечно освестување или потврдување на поистоветувањето со определена теорија, идеологија или став, и аналогно на тоа, со определен вид на држава.

Идеолошко каро (*ideological carreau*), или каро на идеолошка (пот)свест претставува идеолошко-политички спектар, втемелен врз политички квиз, изграден со цел да ја претстави идеолошката (пот)свест на поединците, сумирана во јавното мислење (за определено прашање од доменот на идеите или идеологијата).

Идеологии кои се наоѓаат во идеолошкото се следнива (од горе на долу): *анархизам*, *волунтаризам*, *либертаријанизам*, *класичен либерализам*, *современ либерализам*, *етатизам*, *авторитаризам*, *тоталитаризам, тотализам* и *национал-болшевизам*. Концептуални видови на држави кои произлегуваат од овие идеологии се: *бездржавие*, *ултра-минимална држава*, *држава ноќен-чувар*, *минимална држава*, *модерна либерална држава*, *модерна држава*, *авторитарна држава*, *тоталитарна држава, тотална држава* и *национал-болшевистичка држава*.

***б.) Прозорци на јавно мислење***

Прозорeците на јавни мислења (за улогата на државата во општеството и идеолошките преференци) може да се поделат во 3 групи, односно на 5 поединечни прозорци. *Овертонов прозорец* на јавното мислење за улогата на државата и идеолошките преференци, ги опфаќа идеите кои се *популарни* во јавното мислење, и е позициониран во центарот на широкиот прозорец на јавно мислење. Двата *чувствителни прозорци* на јавното мислење за улогата на државата и идеолошките преференци, ги опфаќаат идеите кои се чувствителни и до некој степен прифатливи во јавното мислење. Горниот е лоциран над Овертоновиот, додека долниот, под Овертоновиот прозорец. Двата *незамисливи прозорци* на јавното мислење за улогата на државата и идеолошките преференци, ги опфаќа идеите кои се незамисливи и радикални во јавното мислење, а се лоцирани на долниот и на долниот екстрем н широкиот прозорец.

Овертоновиот прозорец (на политички можности) претставува концептуален модел кој има улога во процесите на разбирање и претставување како идеите кои се популарни се менуваат со текот на времето и како истите изразуваат влијание врз политичките елити и јавните политики во демократско општество. Истото практично означува, како доминантните идеи во општеството, во определен временски рок, имаат недвосмислено влијание врз политичките елити, јавните политики, па и самиот политички систем во една земја. Целта на концептот е да покажи кој сет на идеи се популарни во јавното мислење, а со тоа да претпостави кој сет на јавни политики ќе бидат спроведени и кои пошироки општествено-политички институции би биле предизвикани.

***в.) Процес на емпиризација на идеолошко каро и прозорци на јавно мислење***

Овој процес, потенцијално започнува со изработка на 28 анектни тврдења, кои испитаниците треба да ги оценат со 1 до 5. Секоја оцена за тврдењата има своја вредност на $x$ и $y$ оската, која во зависност од тврдењето варира (2, 1.5, 1, 0.5, 0, -0.5, -1, -1.5, -2). Позицијата на секој испитаник, претставува просек од позицијата на секое поединечно тврдење оценето. Истата се пресметува по следниве формули:

$$\boldsymbol{X}=\frac{x1+x2+x3+\ldots+x28}{28} \qquad \boldsymbol{Y}=\frac{y1+y2+y3+\ldots+y28}{28}$$

Додека просечната позиција на поголем број на испитаници (300) која ја претставува централната точка во прозорците на јавни мислења, се добива од просекот на позицијата на секој испитаник поединечно.

$$\boldsymbol{X}=\frac{x1+x2+x3+\ldots+xn}{n} \qquad \boldsymbol{Y}=\frac{y1+y2+y3+\ldots+yn}{n}$$



**Слика 141:** Графички приказ на идеолошкото каро

| **Тврдења на идеолошко каро** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Број*** | ***Тврдење*** | ***Оцена и локација*** | ***Оцена и локација*** | ***Оцена и локација*** | ***Оцена и локација*** | ***Оцена и локација*** |
| ***Духовно-идентитетска функција*** | | | | | | |
| 1 | ДРЖАВАТА е израз на нашиот идентитет | 1(0, 2) | 2(0.5, 1) | 3(1, 0) | 4(1.5, -1) | 5(2, -2) |
| 2 | Рамнодушен сум кон ЗНАМЕТО и химната | 1(2, -2) | 2(1.5, -1) | 3(1, 0) | 4(0.5, 1) | 5(0, 2) |
| 3 | Во секој момент, подготвен сум да го дадам ЖИВОТОТ за мојата татковина | 1(0, 2) | 2(0.5, 1) | 3(1, 0) | 4(1.5, -1) | 5(2, -2) |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4 | БЕЗДРЖАВИЕ - општество во кое не постои држава е возможно, и би било по-праведно и подобро! | 1(2, -2) | 2(1.5, -1) | 3(1, 0) | 4(0.5, 1) | 5(0, 2) |
| 5 | Државата пред сè! | 1(0, 2) | 2(0.5, 1) | 3(1, 0) | 4(1.5, -1) | 5(2, -2) |
| ***Безбедносно-правосудна функција*** | | | | | | |
| 6 | Повеќе полиција, помалку ПРАВДА! | 1(2, -2) | 2(1.5, -1) | 3(1, 0) | 4(0.5, 1) | 5(0, 2) |
| 7 | Војската мора да биде ЗАДОЛЖИТЕЛНА! | 1(0, 2) | 2(0.5, 1) | 3(1, 0) | 4(1.5, -1) | 5(2, -2) |
| 8 | Националната БЕЗБЕДНОСТ е секогаш пред правата на луѓето | 1(0, 2) | 2(0.5, 1) | 3(1, 0) | 4(1.5, -1) | 5(2, -2) |
| 9 | Доколку судовите би биле ПРИВАТНИ корупцијата би била помала | 1(2, -2) | 2(1.5, -1) | 3(1, 0) | 4(0.5, 1) | 5(0, 2) |
| 10 | ГРАНИЦИТЕ мора да се укинат! | 1(2, -2) | 2(1.5, -1) | 3(1, 0) | 4(0.5, 1) | 5(0, 2) |
| 11 | Поддржувам СМРТНА КАЗНА | 1(0, 2) | 2(0.5, 1) | 3(1, 0) | 4(1.5, -1) | 5(2, -2) |
| ***Воспитувачко-етичка функција*** | | | | | | |
| 12 | Порно филмовите треба ТОТАЛНО да се забранат | 1(0, 2) | 2(0.5, 1) | 3(1, 0) | 4(1.5, -1) | 5(2, -2) |
| 13 | Проституцијата треба да биде потполно легална професија | 1(2, -2) | 2(1.5, -1) | 3(1, 0) | 4(0.5, 1) | 5(0, 2) |
| 14 | Сите ДРОГИ треба да бидат декриминализирани | 1(2, -2) | 2(1.5, -1) | 3(1, 0) | 4(0.5, 1) | 5(0, 2) |
| ***Економско-финансиска функција*** | | | | | | |
| 15 | Потребна е НАЦИОНАЛИЗАЦИЈА на приватниот бизнис за подобра економија | 1(0, 2) | 2(-0.5, 1) | 3(-1, 0) | 4(-1.5, -1) | 5(-2, -2) |
| 16 | ДРЖАВНИТЕ претпријатија мора да бидат носител на економијата во државата | 1(0, 2) | 2(-0.5, 1) | 3(-1, 0) | 4(-1.5, -1) | 5(-2, -2) |
| 17 | Слободниот ПАЗАР не е | 1(-2, -2) | 2(-1.5, -1) | 3(-1, 0) | 4(-0.5, 1) | 5(0, 2) |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | идеален, но нема подобра алтернатива | | | | | |
| 18 | Даноците се КРАЖБА, а политичарите банда | 1(-2, -2) | 2(-1.5, -1) | 3(-1, 0) | 4(-0.5, 1) | 5(0, 2) |
| ***Социјално-здравствена функција*** | | | | | | |
| 19 | Секој има загарантирано право на ЛЕБ! | 1(0, 2) | 2(-0.5, 1) | 3(-1, 0) | 4(-1.5, -1) | 5(-2, -2) |
